Темели на
**СРЕЌНИОТ**
дом

**ТЕМЕЛИ НА СРЕЌНИОТ ДОМ**

***Превела:***
Весна Станковска

***Лектура и форматирање:***
Мелита Томовска

***Корица:***
Лазар Томовски

***Издава:***
АИК „Знаци на времето“ – Скопје
ул. „Влае“ бр. 42

***За издавачот:***
Михајло Гурев

***Печати:***
Аркус дизајн

***Тираж:***
1000

Елена Вајт

# Темели на СРЕЌНИОТ дом



(Компилација од списите на Елена Вајт)

# Вовед

*Елена Вајт оставила многу полезни совети упатени за родителите. Таа навлегла во сите сфери на семејниот живот, давајќи определени упатства за надминување на многубројните проблеми кои денес ги загрижуваат совесните и често вознемирени родители. Неколку години пред својата смрт, таа изразила желба да издаде една книга за родителите, во која ќе ја опише должноста на мајката и нејзиното влијание врз своите деца. Со ова дело се направи напор да се исполни нејзината желба.*

*Книгата „Темели на среќниот дом“ едновремено е и прирачник за презафатените родители и модел и поставен идеал за она што еден дом може и треба да стане. Таа ги содржи одговорите на многу прашања, изразени со мудрите зборови на небесниот Татко.*

*Во текот на составувањето на ова дело употребени се одделни делови од списите на Елена Г. Вајт, кои таа ги напишала во период од седум полни деценении, а особено од бројните нејзини статии што се објавени во црковните списанија. Досегашните објавени дела, особено сведоштвата издадени како брошури, како и ракописите од наследството на Е. Г. Вајт, го збогатија ова дело. Во секое поглавје наведените извадоци што се преземени од различни извори, создадени во различни периоди, поврзани се во логичен ред и затоа се во согласност со овие факти, но одвреме–навреме може да се воочи неминовен прекин во текот и начинот на излагање, затоа што со таков вид уредување, составувачите се ограничени при изборот и составувањето на материјалот, како и при определувањето на темите.*

*Делото е уредено во согласност со упатствата кои Елена Вајт им ги дала на оние кои ги чувале нејзините списи за да „отпечатат компилации*“ од нејзиниот ракопис, за кои и самата кажала дека содржат „упатства кои Господ ми ги даде за својот народ“.*

---

* Избор од повеќе дела за еден конкретен предмет.

*Во досегашната историја на овој свет никогаш како денес не се почувствувала потребата за една ваква книга. Никогаш како денес родителите и децата не копнееле по вистинските одговори за она што ги мачи. Никогаш како денес домовите не биле во толкава голема опасност.*

*Секој од нас знае дека општествените текови се одраз на состојбите кои владеат во современиот дом. Покрај тоа, на сите ни е познато дека промените во домот ќе се рефлектираат и во општеството. Со таква цел е подготвено и делото* ***Темели на срећниот дом****.*

*Од Издавачите*

*Прв дел*

# ПРЕКРАСЕН ДОМ

# Атмосферата во домот

**Домот е центар на сите активности. –** Општеството е составено од семејства и тоа е такво какво што го прави главата на семејството. Бидејќи од срцето „излегува животот“, домот е срцето на општеството, на црквата и на народот. Од влијанието на домот зависи и доброто на општеството, напредокот на црквата и благосостојбата на народот.[1]

Посветлата или потемна иднина на општеството ќе зависи од однесувањето и моралот на младите кои се развиваат околу нас. Од воспитувањето кое го добиваат во младоста, од развојот на нивниот карактер во детството – добрите навики, самоконтролата и воздржувањето, ќе зависи и нивното влијание во општеството. Ако младите се непросветени и препуштени самите на себеси, тие стануваат своеволни, неумерени во апетитот и во страстите и нивното влијание во општеството ќе има иста природа. Нивните сегашни пријателства, навиките кои ги градат и начелата кои ги прифаќаат ќе бидат показатели за состојбата во општеството во годините што настапуваат.[2]

**Најубава претслика за небото. –** Домот мора да биде сето она што го означуваат овие зборови. Тој треба да биде малечко небо на Земјата, место во кое се негува љубовта, наместо намерно да се задушува. Нашата среќа зависи од негувањето на таа љубов, од разбирањето и вистинското љубезно однесување еден спрема друг.[3]

Најубавата претслика на небото е домот во кој владее Господовиот Дух. Ако ја исполнуваат Божјата волја, сопружниците меѓусебно ќе се почитуваат и ќе негуваат заемна љубов и доверба.[4] 16

**Важноста на семејната атмосфера. –** Духовната атмосфера што ја создаваат таткото и мајката, ја исполнува целата куќа и се чувствува насекаде во домот.[5]

Родителите во голема мера ја градат атмосферата во семејниот круг, па ако дојде до несогласување меѓу таткото и мајката, и децата ќе го примат истиот дух. Настојувајте атмосферата во вашиот дом да се исполни со нежност и љубезност. Ако сте се отуѓиле еден од друг и не сте христијани кои живеат според Библијата, вратете се кај Бога. Вашиот карактер, кој се обликува во времето на проба, ќе биде истиот карактер кој ќе остане и при Христовото доаѓање. Ако сакате да бидете свети на небото, морате најнапред да бидете свети на Земјата. Карактерните особини што ги развивате во текот на животот нема да се променат ниту со смртта ниту со воскресението. Вие ќе станете од гробот со истата природа што сега ја покажувате во својот дом и во општеството. Исус нема да го промени вашиот карактер при своето доаѓање. Делото на преобразба мораме да го доживееме уште денес. Нашиот секојдневен живот ја одредува нашата вечна судбина.[6]

**Градете чиста атмосфера. –** Во секој христијански дом треба да постојат правила; и родителите, со своите зборови и меѓусебен однос, на своите деца треба да им дадат скапоцен и жив пример на она што сакаат да станат тие. Постојано употребувајте пристојни зборови и применувајте вистинска христијанска учтивост. Учете ги децата и младите да се почитуваат себеси, да му бидат верни на Бога и на неговите начела. Учете ги да го почитуваат Божјиот закон и да му се покоруваат. Овие начела ќе управуваат со нивниот живот, а преку дружењето ќе се пренесат и на другите. Така тие ќе изградат атмосфера на чистота, чие влијание ќе ги охрабри послабите души на нивниот пат кон светоста и не-
17 бото. Секоја поука нека го издигнува и облагородува карактерот, а извештаите во небесните книги нека бидат такви што нема да се засрамите од нив во денот на судот.

Децата кои ги примаат овие упатства ќе бидат подготвени да го заземат своето место и да понесат одговорност за своите постапки. Со зборови и со пример постојано ќе им помагаат на другите да го прават она што е добро. Оние на кои не им е затапена моралната осетливост ќе ги ценат вистинските начела. Тие правилно ќе ги проценат своите природни дарби и најдобро ќе ги искористат своите телесни, умствени и морални сили. Таквите

души цврсто опстојуваат против искушението; нив ги опкружува ѕид кој не може лесно да се урне.[7]

Бог сака нашето семејство на Земјата да биде претстава за небесното семејство. Родителите и децата треба постојано да го имаат ова на ум и да се однесуваат еден кон друг како вистински членови на Божјето семејство. Само тогаш со својот живот ќе му покажат на светот што можат да станат семејствата кои го сакаат Бога и кои ги држат Неговите заповеди. На тој начин Христос ќе се прослави; Неговиот мир, Неговата милост и љубов ќе се разлеваат во семејната средина како скапоцен мирис.[8]

Сето тоа многу зависи од родителите. Тие мора да бидат цврсти и со љубезност да ги применуваат своите поуки, сериозно трудејќи се да создадат уреден и беспрекорен дом кој ќе ги привлече небесните ангели подготвени да донесат мир и свето влијание.[9]

**Домот нека биде весел и среќен. –** Не заборавајте дека весел и среќен дом за себе и за своите деца ќе изградите на тој начин што ќе ги негувате доблестите на Спасителот. Ако го примите Христа во својот дом, ќе можете да го разликувате доброто од злото. Тогаш ќе бидете во состојба да им помогнете на своите
деца да станат дрво на правдата кое ќе вроди плодови на Све- 18
тиот Дух.[10]

Неволјите може да надојдат, но тие се судбина на човештвото. Трпеливоста, благодарноста и љубовта нека ја зачуваат сончевата светлина во срцето, иако денот може да биде облачен и мрачен.[11]

Домот може да биде едноставен, но тој секогаш треба да биде место на кое ќе се слушаат радосни зборови и ќе се творат љубезни дела, каде што учтивоста и љубовта се постојани гости.[12]

Спроведувајте ги правилата во домот мудро и со љубов, а не со железна палка. Децата доброволно и покорно ќе одговорат на законот на љубовта. Пофалете ги своите деца секогаш кога можете. Настојувајте да им го направите животот што посреќен... Облагородете им ги основите на срцето покажувајќи им љубов и сочувство, подготвувајќи ги за семето на вистината. Имајте на ум дека Господ не ѝ дава на Земјата само облаци и дожд, туку и прекрасни сончеви зраци, кои му овозможуваат на семето да расте и

да цути. Имајте на ум дека на децата им се потребни не само опомени и укори туку и охрабрувања и пофалби, пријатна топлина од вашите љубезни зборови.[13]

Не дозволувајте да дојде до расправија во вашиот дом. „А премудроста што доаѓа озгора, е најнапред чиста, а потоа мирна, кротка, покорна, полна со милост и добри плодови, непристрасна и нелицемерна. Плодот, пак, на правдата во мир се сее од миротворците“ (Јаков 3,17.18). Нежноста и мирот се прекупотребни во нашите домови.[14]

**Негувајте ги врските со нежност. –** Од сите врски на Земјата семејната врска е најтесна, најнежна и најсвета. Таа е одредена да биде благослов на човештвото. Таа е благослов секаде каде што во брак се стапува разумно, со Божји страв и со трезвено прифа-
19 ќање на одговорностите.[15]

Секој дом треба да биде место на љубов, место на кое престојуваат Божјите ангели кои нежно влијаат на срцата на родителите и децата.[16]

Нашите домови мораат да станат Ветил, а нашите срца светилишта. Секогаш кога во душата се негува Божјата љубов, ќе владее мир, ќе има светлина и радост. Со љубов изнесете ја Божјата реч пред своето семејство и прашајте: „Што рекол Бог?“[17]

**Христовата присутност во домот. –** Домот кој е украсен со љубов, сочувство и нежност е место кое ангелите со радост го посетуваат и на кое се слави Бог. Влијанието на еден грижливо зачуван христијански дом во годините на детството и на младоста е најсигурна заштита од световната расипаност. Во домот во кој владее таква атмосфера, децата ќе научат да ги сакаат своите родители и својот небесен Татко.[18]

Потребно е уште од најраното детство да се подигне цврста ограда меѓу младите и расипаното влијание на световноста.[19]

Секое христијанско семејство треба да му ја претставува на светот силата и убавината на христијанското влијание... Родителите треба да бидат свесни за својата обврска да го зачуваат својот дом од секоја дамка на моралното зло.[20]

Божјата светост треба да го проникнува и исполнува домот... Родителите и децата треба да научат да соработуваат со Бога.

Своите навики и постапки треба да ги усогласат со Божјите планови.[21]

Семејните односи треба со своето влијание да посветуваат. Христијанските домови, кои се основани и водени во согласност со Божјиот план, претставуваат извонредна помош за обликување на христијанскиот карактер... Родителите и децата треба да 20
се соединат и од љубов да му служат на Оној кој единствено може да ја зачува човечката љубов чиста и благородна.[22]

Најважното дело кое треба да се изврши во секој христијан-
ски дом е настојувањето Христовиот Дух да се всели во него, се- 21
кој негов член да може да го земе својот крст и да го следи Христа.[23]

---

1. Ministry of Healing, p. 349
2. Pacific Health Journal, June, 1890
3. Testimonies for the Church, Vol. 3, p. 539
4. Signs of the Times, June 20, 1911
5. Manuscript 49, 1898
6. Letter 18b, 1891
7. Special Testimonies, Series B, No. 16, pp. 4, 5
8. Review and Herald, Nov. 17, 1896
9. Manuscript 14, 1905
10. Letter 29, 1902
11. Ministry of Healing, p. 393
12. Review and Herald, July 9, 1901
13. Councels to Teachers, Parents, and Students, p. 114
14. Manuscript 9, 1893
15. Ministry of Healing, pp. 356, 357
16. Letter 25, 1904
17. Letter 24a, 1896
18. Manuscript 126, 1903
19. Councels to Teachers, Parents, and Students, p. 119
20. Review and Herald, Oct. 9, 1900
21. Letter 9, 1904
22. Manuscript 16, 1899
23. Manuscript 17, 1891

*Втора глава*

# Основи на создавањето на домот

**Најпривлечно место на светот.** – Покрај големата обврска внимателно да се грижат за идната среќа и благосостојба на своите деца, родителите ја имаат и таа должност да го направат домот што попривлечен. Тоа е многу поважно од стекнувањето на имот и пари. Во домот не смее да недостасува топлина. Сочувајте ја во срцето на своите деца љубовта кон домот, за да можат на својот дом од детството секогаш да се сеќаваат како место во кое владее хармонија, мир и среќа, како претходница на небото. Кога ќе пораснат, за возврат, тие треба да се трудат да им бидат утеха и благослов на своите родители.[1]

За децата домот треба да биде најпривлечното место на светот, а присуството на мајката негова најголема привлечност. Децата имаат чувствителна и нежна природа полна со љубов. Лесно е нив да ги усреќиш, но и лесно може да ги обесхрабриш. Со нежни барања, со зборови и постапки проникнати со љубов, мајката може да ги привrзе за своето срце.[2]

**Чист, пријатен и уреден дом.** – За правилно управување со домот неопходни се чистотата, педантноста и уредноста. Меѓутоа, ако мајката сево ова го сфати како најважна должност во својот живот и целосно ѝ се посвети занемарувајќи го телесниот развој на своите деца, нивното морално и умствено напредување, таа прави жалосна грешка.[3]

Иако можеби сиромашни, на верниците треба да им се укаже
22 дека не мораат да бидат неуредни, лично или во својот дом. Во
ова треба да им се помогне на оние кои не се доволно свесни за значењето и важноста на чистотата. Тие треба да се поучат дека

оние кои го претставуваат возвишениот и свет Бог, мораат да ја чуваат својата душа чиста и оваа чистота да ја опфати нивната облека, како и сѐ друго во домот, со цел да им докажат на небесните ангели дека вистината ја извршила својата промена во животот, чистејќи ја душата и облагородувајќи го вкусот. Оние кои ја примиле вистината, а со своите зборови или однесување, со своето облекување, или, пак, во средината во која живеат не покажуваат дека доживеале промени, живеат за себе, а не за Христа. Тие не се наново родени во Исуса Христа, во светост и правда...

Чувајќи се од непотребно украсување и расфрлање, во никој случај не смееме да бидеме невнимателни и рамнодушни кон сопствениот надворешен изглед. Сето она што е во нас и во нашите домови треба да биде и привлечно и уредно. Младите треба да се учат дека е важно со својата појава да не предизвикаат критика туку да служат на чест на Бога и вистината.[4]

Занемарувањето на чистотата предизвикува различни заболувања. Болеста не доаѓа без причина. Силни епидемии на заразни болести погодиле села и градови, за кои се мислело дека се потполно здрави, и предизвикале изнемоштеност на организмот, па дури и смрт. Во многу случаи животната средина на овие жртви била загадена со бактерии кои семејството и соседите ги вдишувале. Зачудува распространетоста на незнаењето во поглед на последиците кои произлегуваат од незаинтересираноста и небрежноста за човечкото здравје.[5]

**За среќен дом потребен е ред. –** Нередот, немарноста и недос- 23
татокот од чистота и уредност го навредуваат Бога. Овие недостатоци се сериозно зло, кое се заканува да ја помати љубовта на сопругот кон сопругата, во случај кога тој сака ред, добро воспитани деца и уредна куќа. Една сопруга и мајка не може да го направи домот пријатен и среќен ако нема осет за ред, ако не го чува своето достоинство и не умее добро да управува со домот. Затоа сите кои го немаат ова, мораат веднаш да почнат да учат и да ги развиваат кај себе оние особини што најмногу им недостасуваат.[6]

**Будноста и трудољубивоста треба да се поврзат. –** Кога целосно ќе се посветиме на Господа, тогаш ќе ја согледаме важнос-

та едноставните и секојдневни должности во домот да ги извршуваме во согласност со Божјата волја. Мораме да бидеме будни, секогаш подготвени за доаѓањето на Синот човечки; но мораме да бидеме и трудољубиви, вредни во работата; овие две работи мораат да станат целина. Тоа ќе му даде рамнотежа на христијанскиот карактер, кој само така може хармонично да се развива. Да го отфрлиме сфаќањето дека сѐ останато мораме да запоставиме и да се оддадеме на размислување, проучување или молитва, или пак да се препуштиме на работата и постојано брзање, а да ја запоставиме личната побожност. Чекањето, стражарењето и работата треба да се поврзат во едно. „Не бидете мрзеливи во работата; бидете огнени во духот, служете му на Господа“ (Римјаните 12,11).[7]

**Средства кои ќе ја олеснат работата. –** Во многу домови сопругата нема време за читање, нема можност да биде добро информирана, нема време да му биде вистински другар на својот сопруг, ниту има време да го следи умствениот развој на своите деца. Таа нема доволно време да биде со својот драг Спасител, да се сретне со добриот и близок Пријател. Малку по малку, таа тоне во домашната работа и затоа нејзината сила, време и интереси
24 си се окупирани со она што е минливо. Кога веќе ќе биде предоцна, таа согледува дека станала речиси странец во сопствениот дом. Скапоцените предности со кои некогаш можела да ги поттикнува своите најблиски на подобар живот, не ги искористила, па тие засекогаш исчезнале.

Решете во вашиот дом да живеете на помудар начин. Својот дом да го направите пријатно место – тоа нека биде ваша најголема цел. Потрудете се да обезбедите средства кои ќе ви ја олеснат работата и ќе ви го сочуваат здравјето.[8]

**Мали должности – Божји дела. –** Секоја работа којашто мораме да ја извршиме, без разлика дали тоа е миење садови, поставување на масата, негување на болен, готвење или перење, има морална вредност... Некој мора да ги извршува секојдневните мали должности, а оние кои ги извршуваат треба да почувствуваат дека вршат неопходна и чесна работа која, колку и да изгледа скромно, претставува Божје дело слично на работата на ангелот

Гаврил кога бил пратен кај пророците. Секој човек во својата средина извршува одредена работа. Кога ги извршува едноставните животни должности, жената во својот дом може и треба да покаже верност, послушност и љубов исто така искрено, како и ангелите што ја покажуваат во својата средина. Секоја работа, која се извршува во согласност со Божјата волја, е достојна за почит.[9] *25*

---

1. Review and Herald, Feb. 2, 1886
2. Ministry of Healing, p. 388
3. Signs of the Times, Aug. 5, 1875
4. Review and Herald, June 10, 1902
5. Christian Temperance and Bible Hygiene, pp. 105, 106
6. Testimonies for the Church, Vol. 2, pp. 298, 299
7. Review and Herald, Sept. 15, 1891
8. Ministry of Healing, pp. 368, 369
9. Testimonies for the Church, Vol. 3, pp. 79, 80

# Едемскиот дом како пример

**Бог го создал првиот дом. –** Сам Бог го создал едемскиот дом на нашите прародители. Кога го уредил со сè што човекот може да посака, рекол: „Да создадеме човек според Нашиот образ, според Нашето подобие како што сме Ние...“ (1. Мојсеева 1,26).

Господ бил задоволен со ова последно и најблагородно од сите свои созданија, одредувајќи да биде совршен жител во совршен свет. Божја намера не била човекот да живее во самотија. Тој рекол: „Не е добро за човекот да биде сам; да му создадеме помошник, сличен на него“ (1. Мојсеева 2,18).[1]

На Адама лично Бог му дал животен сопатник. Му создал „помошник сличен на него“ – другар што му одговарал нему, суштество кое му прилегало и кое можело да биде соединето со него во љубовта и во сочувството. Ева била создадена од едно Адамово ребро, што покажува дека таа не можела да владее над него како глава, а и да не биде потчинета, газена под нозе, туку да стои крај него како рамноправна и да биде од него сакана и заштитувана. Како дел на човекот – коска од неговите коски и месо од неговото месо – таа требало да биде негово второ јас, а тоа покажува каква внатрешна врска и наклоност полна со љубов треба да постои во тој меѓусебен однос. „Зашто никој никогаш не го намразил телото свое, туку го храни и го стоплува“ (Ефешаните 5,29). „Поради тоа човекот ќе го остави татка си и мајката своја, и ќе се прилепи кон жената своја, та обајцата ќе бидат едно тело“ (Ефешаните 5,31).[2]

**Бог ја извршил првата венчавка. –** Првата венчавка ја извршил лично Бог. Затоа оваа установа потекнува од Творецот на 26
вселената. „Бракот на сите треба да е чесен" (Евреите 13,4). Тоа бил еден од првите дарови што му ги дал Бог на човекот, една од двете установи (бракот и саботата) која Адам, по паѓањето во грев, ја понел со себе и преку рајскиот праг. Ако во брачната врска се признаваат и се почитуваат божествените начела, тогаш бракот е благослов; тој ја чува чистотата и среќата на човечкиот род; ги задоволува човековите друштвени потреби и ја издигнува неговата телесна, интелектуална и морална природа.[3]

Оној кој на Адам му ја дал Ева да му биде сопруга, го направил своето прво чудо на една свадбена свеченост. Во свадбената просторија, во која роднините и пријателите заедно се радувале, Христос ја започнал својата јавна служба. Со тоа Тој ја потврдил брачната заедница, признавајќи ја како установа која лично ја воспоставил...

Христос го издигнал бракот на тој начин што го направил и симбол на заедницата меѓу него и неговите откупени деца. Тој е Младоженецот а Црквата е негова невеста, за која, како своја избраница, вели: „Цела си убава, мила моја, нема ни дамка на тебе" (Песна над песните 4,7).[4]

**Секоја потреба била задоволена. –** Адам бил опкружен со сето она што срцето можело да посака. Секоја негова потреба била задоволена. Во славниот Едем немало грев ниту пак знаци на распаѓање. Божјите ангели слободно и љубезно разговарале со светата двојка. Птиците радосно пееле во слава на својот Создател. Мирољубивите животни слободно се движеле во близина на Адам и Ева, подготвени да го послушаат нивниот глас. Адам бил благословен со совршена убавина и сила – тој бил најблагородното Божје создание.[5]

Никаква сенка на раздвојување не постоела меѓу човекот и неговиот Создател. Тие го познавале Бога како свој добар небесен Татко и нивното однесување било целосно усогласено
со Божјата волја. Во Адамовиот карактер се одразувал Божјиот 27
карактер. Сета природа ја откривала Божјата слава.[6]

**Работата и човековата среќа. –** Бог го сака она што е убаво. Тој ни дал несоборливи докази за тоа преку делата на своите раце. За нашите прародители насадил прекрасна градина во Едем. Најразновидни корисни и величествени дрвја гордо се издигнувале кон небото. Прекрасното цвеќе со раскошна убавина и разновидни бои го исполнувало воздухот со благопријатен мирис... Бог определил човекот да најде среќа во негувањето на делата што Тој ги создал, и своите потреби да ги задоволи користејќи ги плодовите од дрвјата во градината.[7]

Адам ја добил едемската градина за да ја чува и да ја негува. Создателот знаел дека без работа Адам не би можел да биде среќен. Убавината на градината го восхитувала, но тоа не било доволно. Нему му била потребна работа, зашто само така може да ги стави во движење сите органи на своето тело. Да се наоѓала среќата во безделничење, човекот, во својата состојба на света невиност, би бил оставен без работа. Меѓутоа, Оној кој го создал човекот знае што е потребно за неговата среќа. Штом го создал, Бог му определил што треба да работи. Ветувањето за идната слава и налогот човекот само со трудољубива работа да може да си обезбеди храна за себе, дошле од истиот престол.[8]

**Христијанскиот дом го претставува Бога. –** Татковците и
мајките кои го ставаат Бога на прво место во својот дом, кои
ги учат своите деца дека стравот Господов е почеток на мудроста, го прославуваат Бога пред ангелите и пред луѓето и
претставуваат пример на светот за едно добро воспитано и
28 сложно семејство, кое не се буни против Бога туку го сака и го
слуша. Христос не е странец во таквиот дом; тука Неговото име сите го познаваат, го почитуваат и го слават. Ангелите се радуваат во домот во кој владее Бог, во кој децата се учат да ја почитуваат верата, Библијата и својот Создател. Такво семејство може да се потпре на ветувањето: „Ќе ги прославам оние кои Мене ме прославуваат“ (1. Самоилова 2,30). Разговорот со Бога прави таткото од таквиот дом да оди на работа со понизен и кроток дух.[9]

Само постојаната Христова присутност може да ги направи мажите и жените среќни. Секоја вода во животот Христос може да ја претвори во небесно вино. Тогаш домот станува

како едемско катче на блаженството, а семејството впечатлива
претслика за семејството на небото.[10] 29

---

1. The Youth's Instructor, Aug. 10, 1899 30
2. Patriarchs and Prophets, p. 46
3. Ibid.
4. Ministry of Healing, p. 356
5. Signs of the Times, June 11, 1874
6. The Youth's Instructor, June 2, 1898
7. The Health Reformer, July, 1871
8. The Youth's Reformer, Feb. 27, 1092
9. Testimonies for the Church, Vol. 5, p. 424
10. Manuscript 43, 1900

*Втор дел*

# СВЕТЛИНА ЗА БЛИЖНИТЕ

# Далекусежното влијание на домот

31 **Христијанскиот дом како пример. –** Службата во домот се протега надвор од границите на семејниот круг. Христијанскиот дом треба да биде пример кој ќе ја одразува вредноста на вистинските животни начела. Таквиот пример силно ќе дејствува во прилог на доброто во светот... Кога младите ќе излезат од ваков дом, тие ќе ги пренесуваат поуките кои ги стекнале во него. Благородните животни начела се пренесуваат во други домови и на тој начин позитивното влијание се шири во целото општество.[1]

Домот, во кој членовите се учтиви и љубезни христијани, остварува далекусежно позитивно влијание. Другите семејства ќе ги забележат резултатите постигнати во таквиот дом, па со радост ќе го следат неговиот пример и така своите домови ќе ги заштитат од сатанските влијанија. Божјите ангели често ќе го посетуваат домот во кој се почитува Божјата волја. Со дејството на Божјата милост, ваквиот дом станува место на кое уморните и изнемоштени патници ќе најдат освежување. Со будно стражарење, човечкото „јас“ ќе биде покорено. Покрај тоа, се градат добри навики и се признава правото на другите. Верата преку љубовта ја чисти душата, го држи животното сидро и управува со целиот дом. Под благотворното влијание на таквиот дом се шират, се признаваат и исполнуваат начелата на заедништвото воспоставено со Божјата реч.[2]

**Влијанието на усогласениот дом. –** Не му е лесно на едно семејство да го претставува Исуса и да го држи Божјиот закон во
32 средина во која не постои вера во Бога. Повикани сме да бидеме

живи посланија, кои ги познаваат и читаат сите луѓе во нашата околина. Оваа положба се одликува со голема одговорност.[3]

Едно добро организирано и дисциплинирано семејство сведочи посилно за христијанството од сите изговорени проповеди. Таквото семејство покажува дека родителите успешно ги следеле Божјите упатства и дека нивните деца ќе му служат на Бога во црквата. Нивното влијание расте бидејќи, додека даваат, тие едновремено и примаат за да можат и понатаму да даваат. Таткото и мајката имаат добри помошници во своите деца, кои понатаму ги пренесуваат поуките што ги примиле во својот дом. И соседите, меѓу кои живеат, имаат корист, затоа што овој дом ги збогатил и за овој живот и за вечноста. Така целото семејство му служи на Господа и со својот побожен пример ги вдахнува другите да му бидат верни на Бога во својот однос кон Неговото стадо – Неговото прекрасно стадо![4]

Добро усогласеното и дисциплинирано семејство е најсилниот доказ за силата на христијанството што светот може да го види. Тоа зборува во полза на вистината подобро од сè друго, бидејќи претставува живо сведоштво за нејзината делотворна сила која дејствува во срцето на човекот.[5]

Најдобро мерило за вредностите на христијанството во животот на еден дом е карактерот кој произлегува од тоа христијанство. Делата зборуваат погласно и од најсовршеното исповедање на побожноста.[6]

Нашата задача во овој свет... е да ги развиеме добрите страни во животот на нашите деца и членовите на семејството, за да можеме да влијаеме на другите семејства. Така можеме да станеме воспитна сила, иако не располагаме со училишни клупи. Во Божјите очи, добро уреденото и организирано семејство е поскапоцено од чистото злато, дури и од офирското злато.[7]

**Нашите извонредни можности. –** Нашето време на оваа земја е многу кратко. Само еднаш можеме да минеме низ овој свет и *33*
затоа животот треба да го искористиме најдобро што можеме. Задачата што сме ја примиле не бара од нас богатство, престиж или големи способности. Таа од нас бара да покажеме дух на љубезност и самопожртвуваност, како и истрајност во спроведувањето на одлуките. Светилката, колку и да е мала, ако ја одржу-

ваме постојано да гори, може да запали многу други светилки. Нашето влијание може да биде ограничено, нашите способности мали, предностите малубројни а стекнатото знаење недоволно, но сепак на располагање ни стојат прекрасни можности кои можеме да ги оствариме со верно користење на приликите во нашиот дом. Ако го отвориме срцето и својот дом за божествените начела на животот, ќе станеме носители на животодавната сила. Од нашиот дом ќе потечат реки на исцелување, кои ќе донесат живот, убавина и изобилство таму каде што сега владеат сиромаштија и скудност.[8]

Побожните родители ќе зрачат од својот дом со спасоносно влијание кое на домовите на другите ќе дејствува како квасец во три мери брашно.[9]

Верно извршената работа во домот ги поттикнува и другите да го прават истото. Духот на верност кон Бога е сличен на квасецот и кога ќе се покаже во црквата, ќе влијае на другите и така ќе стане најдобра препорака во прилог на христијанството. Делото на верните Христови следбеници ќе допре дури до вечноста. Зошто тогаш се забележува недостаток на мисионски дух во нашите цркви? Тоа се случува бидејќи се занемарува духот на побожност во домот.[10]

**Влијанието на нехармонично семејство. –** Влијанието на едно нехармонично семејство е огромно и погубно за целото општество. Од него настанува вистинска поплава на зло што ги погаѓа семејствата, црквите и општеството во целост.[11]

Никој од нас не може да живее така, а да не влијае на светот околу себе. Ниту еден член од семејството не може да се затвори
34 во себе, а останатите членови на тоа семејство да не го почувствуваат неговиот дух и влијание. Дури и самиот израз на лицето може да изврши добро или лошо влијание. Неговиот дух, неговите зборови, неговите постапки, неговиот однос кон останатите – сето тоа има одредено влијание. Ако е себичен, својата душа ја опкружува со маларична атмосфера. Но, ако е исполнет со Христовата љубов, тој ќе биде учтив, љубезен, нежен и внимателен кон чувствата на другите. Со делата сторени од љубов, ќе им пренесе на своите ближни чувство на нежност, благодарност и среќа. Тогаш сите ќе сфатат дека таквиот човек живее за Исус и секојднев-

но крај Неговите нозе ги учи Неговите поуки, ја прима Неговата светлина и Неговиот мир. Таквиот ќе може да му каже на Господа: „И милоста твоја ме направи голем“ (Псалм 18,35).[12] 35

---

1. Ministry of Healing, p. 352
2. Letter 272, 1903
3. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 106
4. Review and Herald, June 6, 1899
5. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 304
6. Patriarchs and Prophets, p. 579
7. Manuscript 12, 1895
8. Ministry of Healing, p. 355
9. Signs of the Times, Sept. 17, 1894
10. Review and Herald, Feb. 19, 1895
11. Patriarchs and Prophets, p. 579
12. The Youth's Instructor, June 22, 1893

*Петта глава*

# Силно христијанско сведоштво

**Најдобрите проповедници потекнуваат од христијански домови. –** Проповедниците најдобро се подготвуваат за својата работа во христијански дом во кој се почитува Бог, во кој се сака Бог, во кој Бог се слави, во кој верноста станува втора човекова природа. Во таквиот дом не се дозволени невнимателност и немарност кон домашните обврски, а тивката заедница со Бога се смета значајна за верно извршување на секојдневните должности.[1]

Треба да бидеме свесни дека домашните должности, ако ги извршуваме со правилен дух, ќе нè оспособат да работиме истрајно и темелно за Христа. О што сè може да направи еден вистински христијанин во мисионската работа ако верно ги извршува секојдневните должности, радосно го носи крстот и совесно ја извршува секоја работа, колку е да е таа непријатна за неговите природни склоности.[2]

Нашата работа за Христа мора да започне уште во домот, во семејството... Нема поважно мисионско поле од ова...

Мнозина безобѕирно го запоставиле ова домашно поле и време е да ги употребиме божествените средства кои ќе ја изменат таа лоша состојба.[3]

Младината во својот дом треба да ја оствари највисоката должност – со љубов и вистинска грижа да служи на благослов на таткото и мајката, на браќата и сестрите. Тука тие можат да покажат самооткажување и пожртвуваност во работата и во грижата за другите... Какво ли само влијание може да има сестрата врз своите браќа! Ако живее беспрекорно, таа може да го обликува карак-

терот на своите браќа. Нејзините молитви, нејзината нежност и нејзината љубов можат многу да направат за домот.[4] 36

Оние кои го примиле Христа, треба во својот дом да покажат што направила Неговата милост за нив. „А на сите кои го примија им даде власт, да бидат синови Божји, на оние кои веруваат во Неговото име" (Јован 1,12). Христовиот авторитет, кој го проникнува искрениот верник, се чувствува во целиот дом. Тоа ќе придонесе за усовршување на карактерот на сите членови во домот.[5]

**Доказ кој не може да се побие. –** Едно добро средено христијанско домаќинство е силен доказ во прилог на вистинската христијанска вера – доказ што неверниците не можат да го побијат. Сите можат да видат дека делотворното влијание на таквото семејство позитивно се одразува врз децата и дека со нив е Аврамовиот Бог. Кога домовите на оние што трдат дека се христијани би имале вистински верски карактер, тие би вршеле силно и благотворно влијание на добро. Тие навистина би биле „светлина на светот" (Матеј 5,14).[6]

**Децата треба да ги пренесуваат библиските начела. –** Правилно воспитаните деца кои сакаат да бидат полезни, да помагаат на татка си и мајка си, ќе го пренесат своето познавање на вистинските библиски начела на сите оние со кои се дружат.[7]

Кога нашите домови би биле она што треба да бидат, на нашите деца не би им било дозволено да раснат во мрзеливост и рамнодушност кон Божјите барања во поглед на должноста да им помагаат на оние на кои им е потребна помош. Како Господово наследство, децата ќе бидат оспособени да работат таму каде што се наоѓаат. Од таквите домови ќе блескоти светлина која ќе ги осветли неупатените, водејќи ги кон изворот на секое знаење. Од нив ќе зрачи сила која ќе ги привлекува луѓето кон Бога и кон Неговата вистина.[8]

На оние родители, до кои не можеме со вистината да допреме на кој било друг начин, често можеме да им се приближиме пре- 37
ку нивните деца.[9]

**Радосното семејство – светлина за ближните. –** Нам ни се потребни повеќе радосни родители и повеќе ведри христијани. Премногу се затвораме во себе. Често пати своите деца ги лишуваме

од љубезниот и охрабрувачки збор, топлата насмевка, а така се однесуваме и кон нерасположените и обесхрабрените.

Родители, врз вас почива одговорноста да бидете извор и носители на светлина! Бидете како сончеви зраци во својот дом, осветлувајќи го патот по кој вашите деца треба да чекорат. Ако правите така, вашата светлина ќе ги осветли и оние надвор од вашиот дом.

Секој христијански дом треба да зрачи со света светлина. Љубовта треба да се открива во постапките. Таа треба да живее во секој меѓусебен однос на домашните – во грижливата љубезност и во нежната, несебична учтивост. Има домови каде што овие начела се применуваат – домови во кои се почитува Бог и каде што владее вистинска љубов. Од таквите домови секој ден се издигнуваат кон Бога утринска и вечерна молитва како благопријатен мирис на темјан, а неговата милост и неговите благослови се спуштаат врз молителите како утринска и вечерна роса.[11]

**Одраз на семејното единство. –** Најважна задача на христијаните е да остварат единство во домот. Таквото влијание треба да се прошири и на соседите кои живеат околу нив. Оние што ја примиле светлината, треба да ѝ дозволат да свети со јасни зраци. Нивните зборови, проникнати со Христовата љубов, треба да бидат животен мирис за живот.[12]

Колку поцврсто се поврзани членовите на семејството во својата работа и во својот дом, толку повозвишено и покорисно ќе биде и влијанието на таткото и мајката, и синовите и ќерките што ќе го вршат на ближните околу себе.[13]

38 **Потребни се добри луѓе. –** Среќата на семејството и на црквите зависи од влијанието во домот. Вечното добро зависи од совесното извршување на секојдневните должности во овој живот. На светот не му се толку потребни големи умови колку што му се потребни добри луѓе, кои ќе бидат благослов во својот дом.[14]

**Отстранете ги грешките коишто можат да ја затворат вратата. –** Кога религијата се остварува во домот, нејзиното влијание ќе се почувствува и во црквата и во соседството. Но некои, кои тврдат дека се христијани, разговараат со своите соседи за тешкотиите во својот дом. Тие зборуваат за своите маки со цел да

предизвикаат сожалување. Голема грешка правиме кога своите неволји им ги изнесуваме на другите, особено ако настанале како последица на неверување и недостаток во карактерот. Тие, кои така невнимателно продолжуваат да ги изнесуваат своите лични неволји пред другите, би требало да останат дома и да се молат, да му ја предадат својата грешна волја на Бога, да паднат врз Карпата и да се разбијат, да умрат за своето „јас“, за да може Исус од нив да направи посветени садови.[15]

Недостатокот од учтивост, моментите на раздразливост, грубите и непромислени зборови ќе го нарушат вашиот углед и ќе ја затворат вратата на човечкото срце, така што веќе никогаш нема да можете да допрете до него.[16]

**Силната светлина на христијанскиот дом. –** Напорите да го направиме домот она што би требало да биде – предзнак за небесниот дом – нè подготвува за работа на пошироко подрачје. Воспитувањето што сме го примиле преку нежното внимание во меѓусебните односи, ќе нè оспособи да допреме до срцата кои треба да ги поучиме за начелата на вистинската религија. На Црквата ѝ е потребна духовна сила со која ќе ги сочува сите, а особено помладите членови на Божјето семејство. Вистината која практич-
но се спроведува во домот, ќе се одрази во несебичната работа за 39
другите надвор од него. Оној што живее христијански живот во 40
својот дом, ќе шири блескотна светлина и на секое друго место.[17]

41

1. Manuscript 146, 1897
2. Signs of the Times, Sept. 1, 1898 42
3. Testimonies for the Church, Vol. 6, pp. 429, 430
4. Id., Vol. 3, pp. 80, 81
5. Manuscript 140, 1897
6. Patriarchs and Prophets, p. 144
7. Letter 28, 1890
8. Testimonies for the Church, Vol. 6, p. 430
9. Id., Vol. 4, p. 70
10. Review and Herald, Jan. 29, 1901
11. Patriarchs and Prophets, p. 144
12. Manuscript 11, 1901
13. Letter 189, 1903

14. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 522
15. Signs of the Times, Nov. 14, 1892
16. Testimonies for the Church, Vol. 5, p. 335
17. Signs of the Times, Sept. 1, 1898

*Трет дел*

# ИЗБОР НА ЖИВОТЕН СОПАТНИК

# Значајна одлука

43 **Среќен или несреќен брак. –** Ако оној што има намера да стапи во брак не сака да се покае по склопувањето на бракот, уште сега мора сериозно и трезвено да размислува за него. Неразумно скопениот брак е чекор кој најсигурно ќе го оневозможи идното корисно дејствување на младите луѓе. Животот во таков брак станува товар и проклетство. Никој не може така да ја упропасти среќата и полезноста на една жена и да го направи нејзиниот живот тешко бреме, како нејзиниот сопруг; и никој не може толку успешно да ги разруши надежите и стремежите на еден маж, да ја парализира неговата сила и да го упропасти неговото влијание и иднина, како неговата сопруга. Уште од мигот на венчавката зависи успехот или неуспехот во овој живот, како и надежта на многу мажи и жени за идниот живот.[1]

Би сакала младите да ја согледаат и почувствуваат опасноста која им се заканува поради основањето несреќни бракови.[2]

Бракот неминовно ќе влијае на вашиот сегашен и иден живот. Искрениот христијанин нема да ги исполнува своите планови во овој правец, ако не е сигурен дека Бог го одобрува таквиот чекор. Тој нема да тежнее сам да го оствари изборот, туку ќе сака Бог тоа да го направи. Ние не можеме себеси да си угодуваме бидејќи ни Христос не си угодувал себеси. Според тоа, не мислам да кажам дека треба да се венчате со личност која не ја сакате. Тоа би било грев. Меѓутоа, не смееме да дозволиме фантазијата и чувствата да нè одведат во пропаст. Бог бара преданост од цело срце, нашите најчисти чувства.[3]

44 **Не брзајте. –** Малкумина се оние кои правилно гледаат на бракот. Се чини оти мнозина мислат дека бракот е врв на блаженството; кога тие би познавале само четвртина од неволјите на ма-

жите и жените кои со брачен завет се врзани како со синџири кои не можат ниту се осмелуваат да ги раскинат, не би се чуделе на ова што го зборувам. Во најголем број случаи, бракот е болен јарем. Постојат илјадници кои се врзале, но не се еден за друг. Небесните книги се преполни со маки, злоба, нечесност и злоупотреба кои вешто се кријат под плаштот на бракот. Поради тоа, сакам да ги предупредам младите кои стасале за брак да не брзаат со изборот на својот брачен партнер. Патот до брачната заедница може да изгледа убав и полн со среќа; но зошто и вие да се разочарате, како илјадници други пред вас?[4]

Оние кои имаат намера да стапат во брак, треба добро да размислат за карактерот и влијанието на домот што го основаат. Кога таквите ќе станат родители, тие прифаќаат свети обврски. Од нив во голема мера ќе зависи доброто на нивните деца во овој свет, како и среќата во светот што доаѓа. Тие во голема мера им даваат телесен и морален печат на своите деца. Од карактерот на домот зависи и состојбата на општеството; влијанието на секое семејство ќе се покаже позитивно или негативно.[5]

**Судбоносен избор. –** Младите христијани треба да обратат големо внимание при склопувањето на пријателствата и изборот на пријатели. Она што сега ви изгледа како чисто злато, внимавате да не се претвори во обичен метал. Световните пријатели се склони да ја попречуваат вашата служба на Бога, а многу души 45
пропаднале поради несреќните врски, било работни или брачни, со оние кои никогаш не можат да се издигнат или облагородат.[6]

Испитајте го секое чувство и следете го развојот на карактерот на личноста со која мислите да ја делите својата животна судбина. Чекорот којшто сакате да го направите е еден од најважните во вашиот живот, и затоа не треба да брзате. Ако сакате, не сакајте слепо.

Внимателно испитајте дали вашиот брачен живот ќе биде среќен или нехармоничен и несреќен. Запрашајте се: Дали оваа врска ќе ми помогне да се приближам до небото? Дали ќе ја зголеми мојата љубов кон Бога? Дали ќе ме направи покорисен во овој живот? Ако на овие прашања можеш потврдно да одговориш, тогаш во Божји страв тргни напред.[7]

Повеќето мажи и жени така склопувале брак, како да им било важно да одговорат само на едно прашање: дали се сакаме? Меѓутоа, тие треба да сфатат дека во брачната заедница има поголеми одговорности од овие. Тие мораат да одмерат дали нивното потомство ќе располага со здравје и интелектуална и морална сила. За жал, мал е бројот на оние кои дозволиле да ги поведат благородни побуди и возвишени цели, коишто не можеле лесно да ги отфрлат – одговорноста кон општеството и позитивното или негативното влијание на своите семејства.[8]

Изборот на животниот партнер треба да биде таков што ќе им обезбеди телесна, интелектуална и духовна благосостојба и на родителите и на нивните деца – па така, и едните и другите ќе им бидат на благослов на своите ближни и ќе го прослават својот Создател.[9]

**Особини на идната сопруга. –** Момчето за животен сопатник
треба да бира девојка која е подготвена да го понесе својот дел од
46 животниот товар, девојка чиешто влијание ќе го облагороди и
издигне и со својата љубов ќе го направи среќен.

„Благоразумната жена е од Господа“ (Мудри изреки 19,14). „Срцето на нејзиниот маж се потпира на неа... му прави добро, а не зло, во сите дни од животот негов“ (Мудри изреки 31,11.12). „Мудро ја отвора својата уста, и побожна наука и е на јазикот. Внимава на однесувањето на своите чеда, и не јаде леб во мрзеливост. Нејзините синови се подигаат и ја благословуваат; и нејзиниот маж ја фали“, велејќи: „Многу жени добродетелни имало, но ти ги надминуваш сите. Кој нашол добра жена, ја нашол среќата и добил милост од Господа“ (Мудри изреки 31,26-29; 18,22).[10]

Еве нешто, за што треба да размислуваме: Дали онаа што ја земаш ќе ти донесе среќа во твојот дом? Дали разумно располага со парите или штом ќе се венчате, ќе го потроши не само она што ќе го заработи туку и целиот твој приход ќе го даде за да ги задоволи своите хирови, со желба убаво да изгледа? Дали нејзините мислења за ова се беспрекорни? Дали располага сега со нешто на што може да се потпре? Знам дека слепо заљубеното момче ваквите прашања ќе ги отфрли како неважни. Меѓутоа, нив треба сериозно да ги разгледаш, зашто тие сигурно ќе влијаат на твојот иден живот...

При изборот на сопруга проучувај го нејзиниот карактер. Дали таа ќе се одликува со трпение и совесност? Или ќе престане да се грижи за мајка ти и татко ти токму тогаш кога ќе им биде потребен силен син како поткрепа? Или, напротив, ќе настојува да те одвои од нивното друштво за да ги исполни своите планови и да си ги задоволи своите желби, напуштајќи ги таткото и мајката кои, наместо да добијат посветена ќерка, го губат и синот.[11] 47

**Особини на идниот сопруг. –** Пред да се согласи да се омажи, секоја девојка треба да се распраша дали е чесен оној со кого таа сака да го поврзе својот живот. Какво е неговото минато? Дали неговиот живот е беспрекорен? Дали љубовта што ја изразува има благороден и возвишен карактер, или е склоност заснована само на чувства? Има ли тој карактерни особини кои ќе ја усреќат? Може ли таа да најде вистински мир и радост во неговата наклоност? Дали ќе може да ја сочува својата личност или ќе мора своето расудување и совест да ги потчини на контролата на својот сопруг? Како Христов ученик... таа е купена скапо. Дали барањата на Спасителот за неа ќе бидат најважни? Дали телото и душата, мислите и намерите и понатаму ќе останат чисти и свети? Овие прашања се од животно значење за доброто на секоја жена која стапува во брак.[12]

Жената која копнее да има мирна и среќна заедница, поштедена од идни понижувања и таги, пред да се препушти на своите чувства, нека се распраша: дали мојот сакан има мајка? Каков е нејзиниот карактер? Дали тој ги признава своите обврски кон неа? Обрнува ли внимание на нејзините желби и мисли ли на нејзината среќа? Ако не ја цени и почитува својата мајка, дали ќе ја почитува, дали ќе ја сака и ќе биде внимателен и љубезен кон својата сопруга? Кога ќе поодминат првите денови од бракот, дали ќе продолжи да ме сака? Дали ќе биде трпелив кон моите слабости, или заради нив ќе ми замерува, ќе биде груб и непопустлив? Вистинската љубов ќе покрие многу слабости; љубовта нема да ги забележува.[13]

**Прифати ги само чистите особини. –** Младата жена нека прифати само таков животен другар кој се одликува со чисти, мажествени црти на карактерот, кој е грижлив, трудољубив и чесен, кој е богобојазлив и го љуби Бога.[14]

48 Избегнувај ги оние што не се побожни. Избегнувај го оној кој ја сака мрзеливоста; избегнувај го оној кој го исмејува она што е свето. Избегнувај го друштвото на оној кој се служи со непристоен јазик, или оној кој навикнал да се напие макар и една единствена чашка алкохол. Не прифаќај понуди од човек кој не е свесен за своите одговорности кон Бога. Чистата вистина, која ја посветува душата, ќе ти помогне да се ослободиш и од најсаканиот пријател кој не го сака ниту се бои од Бога, кој не ги познава начелата на Божјата правда. Ние секогаш можеме да ги поднесуваме слабостите и незнаењата на пријателот, но не и неговите пороци.[15]

**Грешката може полесно да се направи отколку да се поправи. –** Набрзина и себично склопените бракови обично имаат лош крај и често се претвораат во трагично промашување. Двете страни се сметаат за измамени, и сега, сѐ што претходно го направиле во заслепеност, посакуваат да го поништат. Полесно е, многу е полесно да се направи грешка отколку да се поправи откако веќе е направена.[16]

**Подобро е да се раскине неразумната веридба. –** Дури и ако сте се вериле недоволно познавајќи го карактерот на личноста со која сте сакале да се соедините, немојте да мислите дека веридбата претставува обврска да го прифатите брачниот завет и да се врзете за цел живот со оној кој не можете да го сакате ниту да го почитувате. Бидете внимателни и при самата веридба бидејќи е подобро, многу подобро, да се раскине веридбата пред венчавката отколку подоцна да се разделите, како што прават мнозина.[17]

Ти може да кажеш: „Но, јас го дадов својот збор и како сега да
го повлечам?“ Јас одговарам: Ако си дала ветување кое е спротив-
но на Библијата, тогаш по секоја цена повлечи го без одложување
и во понизност пред Бога покај се заради заслепеноста која те на-
49 вела така непромислено да се обврзеш. Многу е подобро, во Божји
страв, да го повлечеш таквото ветување отколку да го исполниш
и со тоа да го осрамотиш својот Создател.[18]

Секој чекор кон брачната заедница треба да биде обележан со
скромност, едноставност, искреност и сериозна намера да се жи-
вее според Божјата волја на Негова слава. Бракот влијае на живо-
тот во овој свет и на оној што ќе дојде. Искрениот христијанин не-
50 ма да прави никакви планови коишто Бог не може да ги одобри.[19]

1. Review and Herald, Feb. 2, 1886
2. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 622
3. Review and Herald, Sept. 25, 1888
4. Review and Herald, Feb. 2, 1886
5. Ministry of Healing, p. 357
6. Fundamentals of Christian Education, p. 500
7. Id., pp. 104, 105
8. Messages to Young People, p. 461
9. Ministry of Healing, pp. 357, 358
10. Id., p. 359
11. Letter 23, 1886
12. Testimonies for the Church, Vol. 5, p. 362
13. Fundamentals of Christian Education, p. 105
14. Ministry of Healing, p. 359
15. Letter 51, 1894
16. Letter 23, 1886
17. Fundamentals of Christian Education, p. 105
18. Testimonies for the Church, Vol. 5, p. 365
19. Ministry of Healing, p. 359

*Седма глава*

# Вистинска љубов или заслепеност

**Љубовта е скапоцен Исусов дар. –** Љубовта е скапоцен дар што го примаме од Исуса. Чистата и света наклоност не е чувство туку принцип. Оние, кои ги придвижува вистинска љубов, не се ниту неразумни ниту слепи.[1]

Денес има малку вистинска, искрена, посветена и чиста љубов. Овој скапоцен дар е многу редок. Денеска страста ја нарекуваат љубов.[2]

Вистинската љубов е возвишен и свет принцип, кој целосно се разликува од љубовта која е заснована на нагоните и која одеднаш умира штом ќе се најде пред сериозен тест.[3]

Љубовта е билка со небесно потекло која мора да се негува и храни. Преданите срца, искрените љубезни зборови ќе ги направат семејствата среќни и позитивно ќе влијаат на сите оние со кои доаѓаат во допир.[4]

**Вистинската љубов не е страст. –** Љубовта... не е неразумна, ниту слепа. Таа е чиста и света. Меѓутоа, страста на телесното срце е нешто сосем друго. Додека чистата љубов секогаш го прашува Бога за сите свои планови и секогаш е во совршена хармонија со Божјиот Дух, страста е тврдоглава, избувлива, неразумна, ги отфрла сите ограничувања и од својот избраник или избраничка прави идол. Божјата милост ќе се покаже во целокупното однесување на оној кој ја негува вистинската љубов. Скромност, едноставност, искреност, почитување и вера во Бога ќе го обележуваат секој чекор кој води кон основање на брак. Младите, кои се одликуваат со овие вредности, нема да бидат окупирани со својата заемна врска до тој степен да ја загубат желбата да присуству-
51

ваат на молитвените и други богослуженија. Нивната ревност за вистината нема да згасне поради занемарување на можностите и предностите коишто Бог милостиво им ги дал.[5]

Љубовта која нема подобар темел од телесните задоволства е тврдоглава, слепа и незауздана. Честа, вистината и секоја благородна и возвишена сила на разумот ќе им бидат потчинети на страстите. Човекот, кој е окован со синџирите на оваа заслепеност, не го слуша гласот на разумот и совеста; никаков доказ ниту молба не можат да го наведат да ја види лудоста на својот пат.[6]

Вистинската љубов не е силна, распалена и неконтролирана страст. Напротив, таа е по природа мирна и длабока. Таа не се задржува на надворешноста, туку ја привлекуваат внатрешните особини. Таа е полна со мудрост и расудување, и нејзината верност е вистинска и трајна.[7]

Љубовта, со која не господарат страстите и нагоните, добива духовно одбележје и се открива во зборовите и делата. Христијанинот се одликува со посветена нежност и љубов во која нема нетрпение и раздразливост; грубите и нагли постапки мораат да исчезнат под влијание на Христовата благодат.[8]

**Чувајте се од болната чувствителност како од лепра. –** Чувајте се од фантазирањето и од болната чувствителност како од лепра. Во современиот свет на многу момчиња и девојчиња им недостигаат вредности; затоа е потребна голема претпазливост... Оние кои го сочувале таквиот доблесен карактер, иако можеби им недостасуваат други потребни особини, се одликуваат со морална вредност.[9]

Има и такви кои извесно време се претставувале како побожни, но во сите свои намери покажале дека се без Бога и без посветена совест. Тие се горделиви и површни. Нивните разговори
се празни и безвредни. Нивните мисли се оптоварени со додво- 52
рување и женење, а во сето тоа се запоставува сè што е благородно и возвишено.[10]

Младите се опседнати со манијата на додворување и женење. Во нивниот живот преовладува болната чувствителност. Потребна е голема мудрост и тактичност за да ги сочуваме младите од овие лоши влијанија.[11]

Ќерките не се воспитувани во духот на самооткажување и самоконтрола. Родителите често им попуштале и на тој начин била поттикнувана нивната горделивост. Им било дозволено да прават што сакаат, сѐ додека не станале толку тврдоглави и своеволни што сега не знаете како да им помогнете за да ги сочувате од пропаст. Сатаната ја искористил нивната самоуверена слобода, недостаток од воздржување и женска скромност, и затоа станале приказна во устите на непрепородени луѓе. Исто така и на момчињата им се дозволува да го прават она што го сакаат. Сѐ уште не достигнале до годините на зрелост, а веќе пред себе имаат девојки на свои години, кои ги испраќаат до нивните домови и на кои им се додворуваат. Родителите толку се врзани за својата попустливост и неразумна љубов кон своите деца што немаат ниту сила ниту храброст да направат промени и да го зауздаат неконтролираното однесување на своите деца во овој расипан свет.[12]

**Совет до една вљубена девојка. –** Ти правиш жалосна грешка, која преовладува во ова време на морален пад, особено меѓу жените. Премногу си наклонета кон другиот пол. Го сакаш нивното друштво; твоето внимание им ласка, ги охрабруваш или дозволуваш блискост која не е секогаш во согласност со советот на апостолот, кој вели: „Клонете се од секое зло" (1. Солуњаните 5,21).

Престани да се занимаваш со романтични планови. Својата
53 побожност ја мешаш со романтичната болна чувствителност, која не ја издигнува личноста туку ја понижува. Не си засегната само ти, зашто твојот пример и влијание им нанесува штета и на другите... Твоето фантазирање и ѕидање кули во воздухот те онеспособиле за полезен живот. Живееш во светот на фантазијата. Така си станала вообразен маченик и христијанин.

Верското искуство на младите од нашето време често е измешано со оваа болна сентименталност. Сестро моја, Бог очекува од тебе да се промениш. Те молам, облагороди ги своите чувства! Посвети ги своите умствени и телесни сили во служба на својот Спасител, кој те откупил по висока цена. Посвети ги своите мисли и своите чувства, за да можат сите твои дела да бидат остварени со Бога.[13]

**Предупредување до еден млад студент. –** Ти стана студент; настојувај твоите мисли да се занимаваат со духовни предмети. Отстрани ја од својот живот секоја болна сентименталност. Биди сериозен во личното преиспитување и труди се секогаш да владееш со себе. Сега си во период кога го обликуваш својот карактер. Не го сметај за неважно и безначајно она што би те одвоило од твојот највозвишен и најсвет интерес, од твојата готовност да го извршиш делото коешто Бог ти го доделил.[14]

**Последици од неразумното додворување и бракот. –** Можеме да забележиме како на секој чекор се соочуваме со безбројни тешкотии. Беззаконието кое се појавува во животот и на младите и на постарите, непромисленото, непосветено додворување и брак неминовно оставаат свои последици – несогласувања, расправии, отуѓување, попуштање на страстите, обострано неверство на брачните партнери, неподготвеност да се отстранат своеволните невоздржани желби и рамнодушност кон вечните вредности... 54

Светите Божји зборови малку се ценат дури и од мнозина кои тврдат дека се христијани. Со своето своеволно и непостојано однесување покажуваат дека тежнеат кон други цели. Таквите не сакаат да ги ограничат своите себични стремежи.[15]

**Внимавајте на своите чувства. –** „Препашете ги бедрата на својот ум“, вели апостол Павле; надгледувајте ги своите мисли и не дозволувајте им да завладеат со вас. Мислите треба да се чуваат и внимателно да се надгледуваат. Мисли на она што е правилно, па и постапките ќе ти бидат добри. Внимавајте на своите чувства и не дозволувајте да се насочуваат и задржуваат на она што не е погодно. Исус ве откупил со својот живот и вие Нему му припаѓате; затоа барајте совет од Него за сè, особено како да ги активирате силите на вашиот ум и чувствата на вашето срце.[16] 55

---

1. Ministry of Healing, pp. 358, 359
2. Testimonies for the Church, Vol. 2, p. 381
3. Patriarchs and Prophets, p. 176
4. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 548

5. Review and Herald, Sept. 25, 1888
6. Signs of the Times, July 1, 1903
7. Testimonies for the Church, Vol. 2, p. 133
8. Id., Vol. 5, p. 335
9. Id., p. 123
10. Id., Vol. 4, p. 589
11. Id., Vol. 5, p. 60
12. Id., Vol. 2, p. 460
13. Id., pp. 248-251
14. Letter 23, 1893
15. Manuscript 14, 1888
16. The Youth's Instructor, April 21, 1886

# Чести постапки во додворувањето

**Погрешни сфаќања за додворувањето и бракот. –** Сфаќањата за додворувањето имаат свој темел во погрешниот пристап во поглед на бракот. Тие си дозволуваат да ги следат нагоните и слепата страст. Додворувањето се заснова на флертот. Двете страни често ги кршат правилата за скромност и воздржаност, и макар и да не го престапуваат Божјиот закон, виновни се за нивното невнимателно однесување. Тие не ја спознале возвишената, света и благородна смисла на брачната установа и затоа не ги развиваат најчистите чувства на своето срце и благородните црти на карактерот.

Не смеете да изговорите ниту еден збор, не треба да извршите ниту едно дело кое не би сакале да го видат и забележат светите ангели во небесните книги. Секогаш мислете на тоа да го прославите Бога. Во срцето треба да живеат само чисти, посветени чувства, достојни за Христовите следбеници, возвишени во својата природа, повеќе небесни отколку земни. Сѐ што е поинаку од ова, го понижува и обезвреднува додворувањето. Така ни бракот, ако не се заснова на возвишените начела на Библијата, не може да биде свет и чесен во очите на чистиот и свет Бог.[1]

Младите премногу им попуштаат на своите желби. Тие не треба лесно да се препуштат на влијанието на својот избраник. Додворувањето во ова време е основано на измама и лицемерство, а во него повеќе учествува непријателот на душите отколку Господ.
И тука е потребен здрав разум, но факт е дека тој е многу малку 56
присутен во овие постапки.[2]

**Доцна во ноќта. –** Навиката да се останува до доцна во ноќта станала обичај; но тоа не му е угодно на Бога, дури и кога и двајцата се христијани. Доцните часови му нанесуваат штета на здравјето, го онеспособуваат умот за должностите во наредниот ден, а сето тоа остава лош впечаток. Брате мој, се надевам дека доволно ќе се почитуваш себеси и ќе се чуваш од ваквото додворување. Ако сакаш да го прославиш Бога, ќе постапуваш внимателно и разумно. Тогаш нема да дозволиш болната чувствителност да те заслепи за да не можеш да ги видиш возвишените барања коишто Бог ги става пред тебе како христијанин.[3]

Сатанските ангели бдеат над оние кои голем дел од ноќта го посветуваат на додворувањето. На тој начин се кршат законите на здравјето и пристојноста. Кога очите на овие млади луѓе би им се отвориле, би го виделе ангелот кој ги забележува сите нивни зборови и постапки. Би било многу поправилно таквите часови на додворување да се сочуваат за подоцна, кога младите ќе стапат во брак. Поради тоа венчавката и бракот често претставуваат крај на вниманието коешто се покажувало за време на додворувањето.

Ова расипување на времето во долгите ноќни часови во ова време на пороци, многу често ги води во пропаст и двете страни. Кога момчето и девојката се понижуваат самите себе, сатаната се воздигнува, а Бог се срамоти. Во својата заслепеност тие го жртвуваат доброто име, а бракот на таквите личности Бог не може да им го одобри. Тие стапуваат во брак водени од своите страсти, и кога новиот заеднички живот ќе поодмине, тие почнуваат да сфаќаат што сториле.[4]

Сатаната добро знае со какви луѓе има работа, и затоа со сета
57 своја пеколна мудрост и моќ поставува различни стапици за да ги одведе во пропаст. Тој внимава на секој нивен чекор и им ги дава своите совети, кои често повеќе ги прифаќаат отколку советите на Божјата реч. Оваа вешто исткаена и опасна мрежа е мајсторски поставена за да ги фати младите и непретпазливи луѓе. Таа често се крие под превезот на светлината; но оние кои така станале нејзина жртва, по своја вина, доживуваат многу болки и страдања. Како последица од таквиот живот, насекаде околу нас гледаме пропаднати човечки суштества.[5]

**Поигрување со чувствата. –** Пред светиот Бог поигрувањето со чувствата на другите не е мал грев. Но сепак, има момчиња кои несериозно постапуваат со младите девојки и ги предизвикуваат нивните чувства, а потоа си заминуваат и заборавaат на сè што кажале, не размислувајќи за последиците. Нив сега ги привлекува ново лице, и тие ги повторуваат истите зборови и истото внимание ѝ го посветуваат на некоја друга.

Ваквото расположение ќе се открие дури во бракот. Брачниот живот не може секогаш да го зацврсти колебливиот ум, а непостојаниот човек да го направи постојан и верен на начелата. На таквите им здосадува семејното секојдневие, а несветите мисли ќе се покажат преку несвети постапки. Колку е тогаш важно младите да ги „препашат бедрата на својот ум“ и да внимаваат на своето однесување, за сатаната да не може да ги заведе од патот на праведноста.[6]

**Нечесни постапки. –** Младичот, кој се дружи со млада девојка
и го придобива нејзиното пријателство без да знаат за тоа нејзи-
ните родители, не постапува христијански ниту кон неа ниту кон
нејзините родители. Со тајните состаноци тој може да влијае на
нејзиниот ум, но со тоа покажува дека нема ни благородност ни
чесност во душата, што секое Божје дете треба да ги поседува. Та-
квите младичи се стремат да ги постигнат своите цели на нече- 58
сен и неискрен начин, што не е во согласност со библиските на-
чела, и со тоа докажуваат дека не им се верни на оние кои ги са-
каат и кои се трудат да бидат нивни верни заштитници. Вака скло-
пените бракови не се во согласност со Божјата волја. Младичот
кој е подготвен да ја одвои девојката од нејзините обврски, кој ќе
ги помати нејзините сознанија за јасните и категорични Божји
заповеди – да ги слуша и почитува своите родители – не е човек
што ќе им биде верен на брачните обврски...

„Не кради“ – така гласи заповедта, која самиот Бог ја напишал со својот прст на камените плочи, а сепак толку често се практикува и се оправдува кражбата на туѓите чувства! Неискреното додворување продолжува, се одржуваат тајни состаноци, сè додека чувствата на неискусната девојка, која не знае каде води тоа, не се одвојат од нејзините родители и се предадат на оној, кој со

своите постапки покажува дека не е достоен за нејзината љубов. Библијата го осудува секој облик на непочитување...

Таквиот подмолен начин на додворување и склопување на брак е причина за големи неволји, чијашто тежина му е позната само на Бога. На оваа карпа илјадници го доживеале својот душевен бродолом. Оние кои тврдат дека се христијани, чиј живот се одликува со чесност и за кои може да се рече дека се промислени во другите области од животот, тука прават ужасни грешки. Таквите покажуваат упорност на која разумот не може да влијае. Тие се толку преокупирани со човечките чувства и побуди што немаат желба да ја истражуваат Библијата и да живеат во блиска заедни-
59 ца со Бога. [7]

**Избегнете го првиот чекор којшто води во пропаст. – Кога ќе се** прекрши една заповед од Декалогот, веќе е направен првиот чекор кон пропаста. Кога еднаш ќе исчезнат вредностите на женската скромност, ни најголемата разузданост не личи на грев. За жал, денес во светот може да се видат страшните последици од грешното влијание на жените! Примамливоста на „туѓите жени” одвеле илјадници во затворски ќелии, мнозина да посегнат по својот живот, а мнозина на други да им го одземаат животот. Колку се вистинити пророчките зборови: „Нејзините нозе водат кон смртта, а чекорите нејзини кон мртвите“ (Мудри изреки 5,5).

Факли на опомени се поставени и од едната и од другата страна на животната патека за да ги спречат луѓето да зачекорат на опасно, забрането место; но, и покрај тоа, мнозина го бираат патот кон пропаста, спротивставувајќи се на здравиот разум, не обрнувајќи внимание на Божјиот закон и пркосејќи на Неговата осуда.

Оние кои сакаат да го сочуваат своето здравје, бистриот ум и здравиот морал, мораат да бегаат „од младешките копнежи.“ Оние што ќе вложат сериозни и решителни напори да го спречат злото кое смело ја крева својата горделива глава во нашата средина, ќе бидат изложени на омраза и клевети од сите оние коишто прават зло, меѓутоа, Бог ќе ги награди.[8]

**Што ќе посееш, тоа и ќе пожнееш. –** Не доведувај ја во опасност својата душа сеејќи кукол. Не биди лекомислен во изборот на своите другари.[9]

Драги млади пријатели, малку време поминато во сеење на ка-
кол, ќе даде жетва која ќе го загорчи целиот ваш живот; само еден
миг на небрежност, попуштање на искушението, може целиот
ваш живот да го насочи во погрешен правец. Само еднаш сте
млади; искористете го тоа. Кога веќе еднаш нешто си направил,
не можеш да се вратиш и да ја поправиш сторената грешка. Оној
кој одбива да има заедница со Бога, кој свесно стои на патот на 60
искушението, сигурно ќе падне. Бог го испитува животот на се-
кој млад човек. Мнозина се обиделе да го оправдаат своето невни-
мание и недостојно поведение, повикувајќи се на лошиот при- 61
мер што му го дале неговите искусни претходници. Но тоа не
смее никого да спречи да го прави она што е добро. На денот на
конечната пресметка нема да можете да ги искористите оправду-
вањата што денес ги употребувате.[10]

---

1. Manuscript 4a, 1885
2. Fundamentals of Christian Education, p. 105
3. Testimonies for the Church, Vol. 3, pp. 44, 45
4. Review and herald, Sept. 25, 1888
5. Fundamentals of Christian Education, pp. 103, 104
6. Review and Heral, Nov. 4, 1884
7. Fundamentals of Christian Education, pp. 101-103
8. Signs of the Times, July 1, 1903
9. Messages to Young People, p. 164
10. Testimonies for the Church, Vol. 4, pp. 622, 623

# Забранета венчавка

**Венчавка на христијани со неверници. –** Во христијанскиот свет постои рамнодушност кон учењето на Божјата реч околу стапувањето во брак на христијани со неверници која навистина запрепастува и вознемирува. Мнозина кои велат дека го сакаат Бога и дека се бојат од Него, повеќе сакаат да се управуваат според сопственото мислење отколку да бараат совет од безграничната Мудрост. Во прашањата кои се од животно значење за среќата и благосостојбата на двете страни, како во овој така и во идниот свет, се отфрла разумот, расудувањето и Божјиот страв и се дозволува да завладеат слепите нагони и тврдоглавата решеност.

Мажите и жените, кои обично се разумни и совесни, ги затвораат своите уши пред советите и стануваат глуви за повиците и молбите на пријателите, роднините и Божјите слуги. Изразувањето на загриженост или предупредување се смета за невкусно мешање, а верниот пријател, кој се осмелува да го изрази својот приговор, се смета за непријател.

Всушност, сатаната го посакува токму тоа. Тој ја плете својата мрежа околу душата сè додека не ја маѓепса и заслепи. Разумот дозволува уздите на самоконтрола да паднат на вратот на страста, непосветените склоности земаат замав додека најпосле, премногу доцна, жртвата не ја отрезни бедниот живот и ропството во коешто се нашла. Ова не е слика која ја нацртала фантазијата, туку приказ на реалноста. Божјиот благослов не се дава на браковите кои Тој изречно ги забранил.[1]

**Божјите заповеди се јасни. – Г**оспод му заповедал на стариот Израел да не склопува бракови со околните идолопоклонички
62 народи. „И не сеородувај со нив: ќерката своја не ја давај на синот негов, и ќерката негова не земај ја за синот твој“ (5. Мојсеева

7,3). Дадено е и образложение. Бесконечната мудрост, предвидувајќи ги последиците од таквите бракови, вели: „Зашто тие ќе ги одвратат синовите твои од Мене, за да им служат на други богови; тогаш ќе се разгори врз вас гневот на Господ и Тој ќе ве истреби... зашто ти си свет народ на Господ, твојот Бог; тебе те избра Господ, твојот Бог, за да бидеш негов сопствен народ меѓу сите народи што се на земјата“ (5. Мојсеева 7,4.6).

Во Новиот завет постојат слични забрани во поглед на бракот на христијани со неверници. Во своето Прво послание до Коринќаните апостол Павле вели: „Жената е врзана со законот сè додека ѝ е жив мажот; а кога ќе умре мажот нејзин, таа е слободна да се премажи за кого сака, но **само во Господа“** (1. Коринќаните 7,39). Во своето Второ послание тој пишува: „Не впрегнувајте се заедно со безверниците; зашто какво заедништво постои меѓу правдата и беззаконието? Што заедничко има меѓу светлината и темнината? Какво согласие може да има меѓу Христос и Велијар? Или, што има заедничко меѓу верник и безверник? Каква спогодба има храмот Божји со идолите? Вие сте храм на живиот Бог, како што рекол Бог: ’Ќе се вселам во нив и ќе одам меѓу нив; ќе им бидам Бог, а тие ќе бидат мој народ.’ ’Затоа излезете од нивната средина и одделете се!’ вели Господ, и ’Не допирајте се до нечисто, и Јас ќе ве примам! И Јас ќе ви бидам Татко, а вие ќе ми бидете синови и ќерки’, вели Господ Седржителот“ (2. Коринќаните 6,14.18).[2]

Божјето проклетство почива над многу предвремени и несоодветни брачни заедници, кои денес се склопуваат во светот. Библијата не го оставила неразрешено или нејасно ова прашање, и
затоа многу момчиња и девојки не можат да ја оправдаат својата 63
меѓусебна врска. Библиските барања не се половични закони; тие бараат совршено чисти мисли, зборови и дела. Можеме да му заблагодариме на Бога што Неговата реч е светлина за нашите нозе и никој не мора да згреши на патеката на своите должности. Младите треба да се навикнат да ги читаат нејзините страници и да ги прифатат нејзините совети, бидејќи секогаш се прават жални грешки кога се отстапува од нејзините правила.[3]

**Бог не ги одобрува браковите меѓу верниците и неверниците. –** Божјиот народ никогаш не треба да стапне на забранет те-

рен. Бог забранува склучување на брак меѓу верни и неверни. Меѓутоа, необратеното срце често ги следи своите желби и така се склучуват бракови кои Бог не може да ги одобри. Затоа многу мажи и жени во овој свет остануваат без надеж и без Бога. Нивните благородни стремежи се мртви. Поради сплет на околности, тие се наоѓаат во сатанската мрежа. Оние со кои управуваат страстите и нагоните ќе пожнеат горчлива жетва во овој живот, а на својот пат може да ја изгубат и самата душа.[4]

Оние кои ја признаваат вистината, ја погазуваат Божјата волја кога се врзуваат во брак со неверници; тие ја губат Неговата наклоност и преземаат чекор поради кој еден ден горко ќе се каат. Неверната страна може да има извонреден морален карактер; но фактот дека не ги слуша Божјите барања и го одбива големото спасение е доволна причина да не се стапи во таков брак. Карактерот на неверниот може да биде сличен на карактерот на она момче на кое Исус му ги упатил зборовите: „Уште една работа ти недостасува“ (Марко 10,21); а тоа едно му било многу потребно.[5]

**Соломоновиот пример. –** Има луѓе што живеат во сиромаш-
64 тија и одвоеност од другите, чиј живот Бог би можел да го прифати и да направи да биде плодотворен на земјата и за небесна слава, но сатаната упорно работи за да ги осуети Неговите намери и да ги повлече во пропаст со склопување на бракови со оние чиј карактер не може да се одржи на патот на животот. Малкумина се оние кои од ова можат да излезат како победници.[6]

Сатаната добро ги знае резултатите на послушноста, така што во првите години од владеењето на Соломон – славните години на мудрост, великодушност и чесен живот – сатаната настојувал со своето влијание подмолно да ја поткопа неговата верност кон начелата за да го одвои од Бога. Од извештајот ни е познато дека непријателот успеал во овие свои напори: „Соломон се спријатели со фараонот, египетскиот цар: се ожени со фараоновата ќерка, и ја доведе во Давидовиот Град додека не ја сврши градбата на својот дворец, на Господовиот Храм“ (1. Царевите 3,1).

Склучувајќи сојуз со незнабожечкиот народ и потврдувајќи го со венчавката со идолопоклоничката принцеза, Соломон непромислено ги отфрлил мудрите закони коишто Бог ги дал за да ја сочува чистотата на својот народ. Надежта дека оваа Египќан-

ка ќе се обрати, претставувала блед изговор за гревот. Со преста-пот на јасната Божја заповед да не се поврзува со другите народи, царот ја соединил својата сила со телесноста на овој свет.

Во својата бескрајна милост, Бог извесен период преминувал преку овие страшни грешки. Соломоновата жена се обратила; а царот, со мудри постапки, можел да ги спречи злите сили кои биле поттикнати од неговата непромисленост. Меѓутоа, Соломон почнал да го губи од вид Изворот на својата сила и слава. Склоноста го надвладеала разумот. Колку повеќе растела неговата самодоверба, тој сè повеќе настојувал Господовите намери да ги спроведе на свој начин...

Многу христијани мислат како Соломон дека можат да склу- 65
чат заедница со неверниците верувајќи дека ќе можат да извршат полезно влијание на нив. Но многу често, надитрени и победени, ја оставаат својата света вера, ги жртвуваат начелата и се одвојуваат од Бога. Еден погрешен чекор води кон друг, сè додека еден ден не се најдат во ситуација во која не можат да се надеваат на ослободување од оковите со кои се врзани.[7]

**„Тој е побожен“. –** Понекогаш се вели дека неверната страна е наклонета кон религијата и тоа е сè што треба да се очекува од неа, освен едно – тој не е христијанин. Иако здравиот разум на верната страна може да укаже на непогодност за брачна врска со неверен човек, сепак во девет од десет случаи победуваат склоностите. Духовното опаѓање почнува од оној час кога пред олтарот ќе се склучи заветот. Од тој момент почнува сè повеќе и повеќе да слабее ревноста за верата и исчезнува еден поттик по друг, сè додека и двајцата не застанат под црното сатанско знаме. Уште со свадбената свеченост духот на светот ликува над совеста, верата и вистината. Во новиот дом не се почитува часот на молитва. Младоженецот и невестата се избрале еден со друг, а го напуштиле Исуса.[8]

**Се менува верната страна. –** Во прво време неверната страна често не покажува никаков знак на спротивставување. Но штом стане збор за библиските вистини, неверникот вели: „Ти ме зеде знаејќи кој сум јас. Затоа не сакам да ме вознемируваш. Од денес сакам да знаеш дека не смее да има никакви разговори за твојата вера!“ Кога верната страна би се обидела да ја брани вистина-

та, другата страна тоа би го сметала за неучтивост, бидејќи воопшто не е заинтересирана за христијанското искуство.
66

Верната страна смета дека во првите денови од бракот мора донекаде да му попушта на партнерот што го избрала. Тие заедно ги посетуваат световните пријатели и забави. Внатрешните чувства на верниот се бунтуваат против таквите постапки, но љубовта кон вистината сè повеќе и повеќе слабее, за на крајот верата да се претопи во сомнеж и неверство. Никој не се надевал дека толку цврста христијанка, совесна и посветена на Христа, одеднаш почнува да се сомнева и да се колеба. О, каква промена настанала поради ваквиот неразумно склучен брак![9]

Значи, опасно е да се стапи во брачна врска со неверни. Сатаната многу добро знае дека таквиот брак на многу младичи и девојки претставува крај за нивното верско искуство и полезност. Тие се изгубени за Христа. Можат да се обидуваат извесно време да живеат христијански живот, но силното влијание на спротивната страна ги уништува сите нивни напори. Некогаш тие се радувале на можноста да зборуваат за својата вера и надеж, но сега немаат желба да зборуваат за тоа, бидејќи се свесни дека оној со кого ја поврзале својата судбина, воопшто не се грижи за тоа. На крајот верата во драгоцената вистина умира во нивното срце, а сатаната лукаво ја плете својата мрежа на неверство околу нив.[10]

**Жртвување на небесните радости. –** „Дали двајцата ќе одат заедно ако не се сретнат?" (Амос 3,3) „Ако двајца од вас на земјата се сложат во она што им е мило, што и да молат, ќе им го даде Таткото мој кој е на небесата" (Матеј 18,19). Каква е таа чудна ситуација! Додека едниот од оние кои се толку тесно врзани, се моли на Бога, другиот е толку рамнодушен и незаинтересиран; додека едниот го бара патот до вечниот живот, другиот се наоѓа на
67 широкиот пат кој води во смрт.

Стотици го жртвувале Христа и небото кога склучиле брак со необратени личности. Можно ли е љубовта и заедницата со Христа да има толку мала вредност за нив што повеќе сакаат да ѝ дадат предност на заедницата со кутрите смртни суштества? Толку ли малку го ценат небото што доброволно ги ставаат на коц-

ка неговите вечни радости заради оној кој не го сака добриот Спасител?[11]

Да се здружиш со неверник значи да застанеш на територија на сатаната. Ти го жалостиш Божјиот Дух и ја одбиваш Неговата заштита. Зар можеш да си дозволиш да се ставиш во таква застрашувачка подредена положба додека ја водиш битката за вечниот живот?[12]

Запрашај се: „Нема ли неверниот сопруг да ги одврати моите мисли од Исуса? Тој повеќе ги сака задоволствата отколку Бога; дали и мене ќе ме наведе да уживам во она во што тој ужива?“ Патеката до вечниот живот е стрмна и нерамна. Не си додавај дополнителен товар, кој ќе го забави твојот напредок.[13]

**Дом од кој сенките никогаш не се креваат. –** Срцето копнее за човечката љубов, но таа љубов не е ниту доволно силна, ниту доволно чиста, ниту доволно вредна за да го заземе местото на Исусовата љубов. Само во својот Спасител сопругата може да најде мудрост, способност и сила да ги понесе животните грижи, одговорности и обврски. Тој ќе биде нејзина Поткрепа и нејзин Водач. Жената треба да му се довери на Христа пред да се довери на кој било земен пријател, и нека не остварува никаква врска која би ја попречувала врската со Бога. Оние кои сакаат да најдат вистинска среќа, мораат да добијат благослов од небото за сѐ што имаат и за сѐ што прават. Поради непослушноста кон Бога многу срца и домови се исполнети со безнадежност и очај. Сестро моја, ако не сакаш да имаш дом од кој сенките никогаш не се креваат, не се соединувај со оној кој е Божји непријател.[14]
68

**Христијанско гледиште. –** Што треба да прави секој христијанин кога ќе дојде во ситуација да се испроба цврстината на неговите верски начела? Тој треба непоколебливо и решително да каже: „Јас сум совесен христијанин. Верувам дека саботата е библиски ден за одмор. Мојата и твојата вера, моите и твоите начела, не можат да се согласат. Ние заедно не можеме да бидеме среќни бидејќи, ако тежнеам подобро да ја запознаам Божјата волја, тогаш сѐ повеќе и повеќе ќе бидам сличен на Христа, а сѐ помалку на светот. Ако не гледаш ништо убаво во Христа, ако вистината не те привлекува, ти ќе го сакаш светот којшто јас не можам да го сакам, и додека јас ќе го сакам она што е Божјо, ти нема да го

сакаш. За духовното се расудува духовно. Лишен од духовното расудување, не ќе можеш да сфатиш што очекува Бог од мене, ниту да ги согледаш моите обврски кон Учителот кому му служам. Најпосле ќе заклучиш дека те занемарувам поради моите верски должности. Нема да бидеш среќен; ќе станеш љубоморен затоа што моите чувства му ги подарувам на Бога и на тој начин ќе останам осамена во својата вера. Ако, пак, ги смениш своите ставови и ако твоето срце одговори на Божјите барања и ако научиш да го сакаш мојот Спасител, тогаш нашата заедница може да се обнови!“

Така верната страна принесува жртва за Христа која е одобрена од нејзината совест и која покажува дека таа пред сè го цени вечниот живот и не се изложува на опасноста да го изгуби. Верната страна смета дека е подобро да остане сама во животот отколку своите интереси да ги поврзе со интересите на онаа страна која повеќе го сака светот отколку Исуса и која би ја одвоила од Исусовиот крст.[15]

**Сигурна брачна заедница. –** Само во Христа може безбедно да се основа брачна заедница. Човечката љубов мора да произлегува од Божјата љубов. Само таму каде што Христос владее може
69 да постои длабока, вистинска и несебична љубов.[16]

**Случај кога неверната страна се преобратува по венчавката. –** Оној што стапил во брачна заедница пред да се преобрати, по преобратувањето должен е да му биде верен на својот сопружник, колку и да се разликуваат во своите верски убедувања. Но Божјите барања треба да се почитуваат повеќе од сите земни односи, па дури и тогаш кога тоа би предизвикало неволји и прогонства. Со дух на љубов и кротост, верната страна може да го
70 придобие неверниот сопружник.[17]

---

1. Testimonies for the Church, Vol. 5, pp. 365, 366
2. Id., pp. 363, 364
3. Fundamentals of Christian Education, pp. 102, 103
4. Id., pp. 500, 501
5. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 505
6. Id., Vol. 5, p. 124

7. Fundamentals of Christian Education, pp. 498-500
8. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 505
9. Id., pp. 505, 506
10. Id., pp. 504, 505
11. Id., p. 507
12. Id., Vol. 5, p. 364
13. Id., p. 363
14. Id., pp. 362, 363
15. Id., Vol. 4, pp. 506, 507
16. Ministry of Healing, p. 358
17. Patriarchs and Prophets, p. 175

*Десетта глава*

# Кога советот е потребен

**Барајте совет од Библијата. –** Заснован од Бога, бракот е света заедница во која човекот никогаш не смее да стапи со себичен дух. Оние кои мислат да го направат тој чекор, мораат најсвечено и со молитва да го разгледаат неговото значење и да побараат божествен совет за да дознаат дали нивниот чекор е во согласност со Божјата волја. Упатството кое во овој поглед го дава Божјата реч, мора внимателно да се разгледа. Небото со одобрување гледа на бракот кој е склопен со искрена желба да се усогласи со упатствата од Светото писмо.[1]

Ако постои некоја постапка којашто треба смирено и непристрасно да ја разгледаш, тогаш тоа несомнено е бракот. Ако некогаш Библијата била потребна како советник, тогаш тоа е токму пред да се преземе чекорот што ќе поврзе двајца луѓе за цел живот. Меѓутоа, преовладува мислењето дека во сето ова чувствата мораат да управуваат и во најголем број случаи болната чувствителност го презема кормилото и води во сигурна пропаст. Во поглед на ова, младите покажуваат помалку разумност отколку за кое било друго прашање, па затоа ги одбиваат сите докази. Прашањето за бракот толку силно ги маѓепсува што тие не му се покоруваат дури ни на Бога. Нивните сетила се окупирани и тие тајно пристапуваат кон исполнување на своите планови плашејќи се некој да не им ги наруши.[2]

Мнозина пловат во опасна насока. Ним им е потребен капетан. Меѓутоа, тие не сакаат да ја прифатат толку потребната помош и сметаат дека сами можат да управуваат со својот брод, не-
71 свесни дека во секој момент можат да удрат во подводна карпа и да доживеат бродолом на својата вера и среќа... Ако внимателно не почнат да ја проучуваат Речта (Библијата), ќе направат големи

грешки, со кои ќе ја затемнат сопствената среќа и среќата на другите, како во овој така и во идниот живот.[3]

**Со молитва до правилна одлука. –** Ако мажите и жените имале навика да се молат два пати на ден, пред да почнат да размислуваат за бракот, сега треба да се молат четири пати на ден, ако планираат да преземат таков чекор. Бракот е нешто што сериозно влијае и го засега вашиот живот на земјата, но и на идниот што ќе дојде.

Начинот на кој се склопуваат браковите во наше време, претставува еден од знаците на последните денови. Момчето и девојката толку се упорни и толку тврдоглави што тоа прашање го решаваат целосно без Бога. Религијата се трга на страна, како таа да нема ништо што да каже за ова важно и возвишено прашање.[4]

**Заљубеноста не слуша совет. –** Две лица се запознаваат; двајцата се вљубени еден во друг и не мислат повеќе на ништо друго. Умот е заслепен, за расудувањето нема повеќе место. Тие не се покоруваат на никакви совети, на никаква контрола, туку настојуваат да го прават она што им се допаѓа, без оглед на последиците. Слепата заљубеност е слична на епидемија, на заразна болест, која ништо не може да ја сопре.

Можеби околу нив има и такви кои сфаќаат дека бракот склопен под вакви околности ќе им донесе доживотна несреќа. Но, советите и опомените не се прифаќаат. Таквата врска можеби би ја ослабила или уништила полезноста на поединецот, кого Бог би можел да го благослови во својата служба; но сите докажувања и 72
уверувања се безуспешни. Сè што може да им биде кажано од страна на оние кои имаат животно искуство, не помага; невозможно е да се промени одлуката, која е плод на нивните желби. Тие ја губат желбата за молитвени состаноци и за сè што е поврзано со верата. Толку се заљубени еден во друг што ги запоставуваат животните должности, како да се нешто безначајно.[5]

**На младите им е потребна мудроста на староста и искуството. –** Кога толку несреќи произлегуваат од бракот, зошто младите не би биле помудри? Зошто тие и понатаму мислат дека не им е потребен совет од постарите и поискусните? Мажите и жените покажуваат голема претпазливост кога станува збор за деловни-

те односи. Пред да прифатат некоја важна работа, тие за неа добро се подготвуваат. За неа посветуваат време, пари и темелно размислување, само да не бидат оштетени во својот потфат.

Колку поголема претпазливост е потребна при склопување на брак – врска која ќе влијае на идните генерации и на идниот живот? Наместо тоа, во бракот често се влегува како на шега и лекоумно, под налет на нагоните и страстите, слепо и без доволно размислување. Единствено објаснување за ваквата постапка е дека сатаната ужива во бедата и пропаста на луѓето околу кои ја плете оваа мрежа. Тој се радува кога ќе види како овие неразумни личности ја губат радоста за овој свет и за својот дом во светот што ќе дојде.[6]

**Ценете го зрелото родителско расудување. –** Зар децата ќе ги слушаат само своите желби и склоности, без да водат сметка за судот и мислењето на своите родители? Некои млади воопшто не водат сметка за желбите и ставовите на своите родители и не
73 го земаат предвид нивното зрело расудување. Себичноста ја затворила вратата на нивното срце за љубовта кон родителите. Младите треба да обрнат внимание на ова прашање. Петтата заповед е единствена заповед за која е врзано ветување; но таа многу често се гази и целосно се запоставува поради желбата за избраникот. Многу момчиња и девојки грешат презирајќи ја мајчината љубов и татковата грижа.

Една од најголемите грешки на младите и неискусните е што не сакаат некој друг да ги допира нивните чувства, да се меша во нивната љубов. Овој проблем, повеќе од кој било друг, треба сестрано да се проучува. Неопходно е да го ползуваме искуството на другите и грижливо и мирно да го испитаме овој проблем од двете страни. Повеќето луѓе не водат сметка за оваа појава. Млади пријатели, барајте совет од Бога и од своите богобојазливи родители. Молете се за светлина во врска со ова прашање.[7]

**Доверете се на побожните родители. –** Ако сте благословени со побожни родители, барајте совет од нив. Откријте им ги своите надежи и планови, прифатете ги поуките кои ги добиле со животното искуство.[8]

Кога децата би биле повеќе поврзани со своите родители, ко-
га би имале поголема доверба во нив и би им ги откривале свои-
те радости и таги, тие би избегнале многу неволји во иднина.
Кога не знаат како да постапат, нека го споделат проблемот со
своите родители и нека бараат совет од нив. Кој, ако не побож-
ните родители, може подобро да ги предупреди на опасноста?
Кој може подобро од родителите да ја сфати нивната лична при-
рода? Децата кои се христијани, пред секој друг земски благо-
слов ќе ја ценат љубовта и одобрувањето од своите побожни ро- 74
дители. Родителите можат да ги разберат своите деца, да се мо-
лат за нив и со нив Бог да ги води и штити. Особено нивна долж-
ност е да ги упатат кон Пријателот и Советникот, кој никогаш
нема да ги изневери.[9]

**Родителите треба да ги насочуваат чувствата на младите. –** Татковците и мајките треба да знаат дека се должни така да ги насочуваат чувствата на своите деца што тие ќе им ја подарат својата љубов само на оние кои можат да им бидат достојни другари. Треба да бидат свесни дека нивна должност е преку поучување и со личен пример, со помош на Божјата милост, да го обликуваат карактерот на своите синови и ќерки уште од нивното најрано детство да биде чист и благороден, наклонет кон она што е добро и вистинито. Сличните души меѓусебно се привлекуваат; сличните се ценат едни со други. Затоа настојувајте во душата на младите да всадите љубов кон вистината, кон добротата и чистотата, и тие ќе се стремат да бидат во друштво на оние што имаат исти карактерни особини.[10]

**Примерот на младиот Исак. –** Родителите постојано треба да ја имаат пред очи својата одговорност за идната среќа на своите деца. Исаковото прифаќање на татковата одлука била нормална последица на воспитувањето што го оспособило за послушен живот.[11]

Исак бил високо ценет од Бога и избран за наследник на ветувањето што требало да биде благослов за целото човештво; но тој, иако тогаш веќе имал четириесет години, ја прифатил одлуката на својот татко кога овој го определил искусниот и побожен слуга да му одбере жена. Резултатот на ваквата женидба, како што

е прикажан во Светите записи, е слика на една чиста и вистинска семејна среќа: „Тогаш Исак ја одведе Ревека во шаторот на својата мајка Сара и таа му стана жена, и му омиле. И Исак се уте-
75 ши за својата мајка Сара“ (1. Мојсеева 24,67).[12]

**Мудрите родители ќе бидат внимателни. –** „Зар родителите – прашувате вие – ќе избираат брачен партнер без да го земат предвид мислењето или чувствата на синот или ќерката?“ Ви поставувам прашање: треба ли синот или ќерката да го изберат животниот партнер без претходно да се советуваат со родителите, кога со тој чекор им нанесуваат болка на своите родители, доколку тие имаат вистинска љубов кон своите деца? Треба ли тогаш детето, не обрнувајќи внимание на советот и молбите од своите родители, упорно да си остане на своето? Јас решително одговарам: Не, па дури и да не склучи брак. Петтата заповед ја забранува таквата постапка. Таа гласи: „Почитувај ги таткото свој и мајката своја, за да ти биде добро и за да поживееш подолго на земјата, што ти ја дава Господ, твојот Бог“ (2. Мојсеева 20,12). Оваа заповед е заповед со ветување, кое Господ сигурно ќе го исполни кон оние што ќе ја послушаат. Мудрите родители никогаш нема да изберат брачен другар за своите деца без да ги почитуваат нив-
76 ните желби.[13]

77

---

78
1. Letter 17, 1896
2. Fundamentals of Christian Education, p. 103
3. Id., p. 100
4. Messages to Young People, p. 460
5. Review and Herald, Sept. 25, 1888
6. Review and Herald, Feb. 2, 1886
7. Fundamentals of Christian Education, p. 104
8. Ministry of Healing, p. 359
9. Fundamentals of Christian Education, pp. 105, 106
10. Patriarchs and Prophets, p. 176
11. Id., pp. 175, 176
12. Id., p. 175
13. Testimonies for the Church, Vol. 5, p. 108

*Четврти дел*

# ШТО ГО УСЛОВУВА УСПЕХОТ ИЛИ НЕУСПЕХОТ

*Единаесетта глава*

# Избрзани, незрели бракови

79 **Опасност од прерано стапување во брак. –** Не треба да се охрабрува прераното склопување на браковите. Во заедница како што е бракот, која е толку важна и со толку далекусежни последици, не треба да се влезе нагло, без доволна подготовка и доволно развиени телесни и умствени способности.[1]

Момчињата и девојките стапуваат во брачна врска, иако нивната љубов и расудување не се зрели, иако им недостигаат благородни и возвишени чувства; тие брачниот завет го склучуваат целосно водени од своите младешки страсти...

Најчести последици на прерано формираните бракови се несреќен живот или нечесни разделби. Пребрзите бракови, склопени без согласност од родителите, ретко биле среќни. Младешките чувства треба да се контролираат до времето кога зрелоста и искуството ќе им овозможи чесно и сигурно да се развијат. Тие што не се воздржуваат, се наоѓаат во опасност подоцна да бидат несреќни.

Кој не наполнил дваесет години, не може да процени дали некоја личност, исто така млада како него, може да биде неговиот животен сопатник. Кога таквите ќе почнат позрело да расудуваат, тогаш ќе согледаат дека се врзале за цел живот, но можеби не се способни да се усреќат еден со друг. И тогаш, наместо да го направат она што е најдобро во нивниот случај, почнуваат меѓусебно да се обвинуваат; темнината се шири сè додека не станат рамнодушни и невнимателни еден кон друг. Зборот „дом“ за нив
80 не содржи ништо свето. Целата атмосфера е затруена со нељубезни зборови и горки префрлања.[2]

Прерано склучените бракови се една од главните причини за бројните зла коишто владеат денеска во светот. Пребрзите бра-

кови не придонесуваат ниту за телесното здравје ниту за умствениот развиток. За ова не се размислува доволно. Многу млади постапуваат според нагоните. Овој чекор, кој може сериозно да влијае на добро или зло, да биде доживотен благослов или проклетство, често се прави нагло и под влијание на чувствата. Мнозина одбиваат да ги послушаат христијанските совети и упатства.[3]

Сатаната постојано се труди неискусната младина брзо да ја втурне во брачна врска. Не можеме да се гордееме со браковите коишто денес се склопуваат.[4]

Последиците од нагло склопените бракови, дури и меѓу Божјиот народ, водат до поделби, разводи и големи неволји во црквата.[5]

Каква спротивност меѓу однесувањето на Исак и она кон што се стремат младите во денешно време, па дури и оние што тврдат дека се христијани! За жал, многу често младите сметаат дека прашањето на кого ќе му ги подарат своите најдлабоки чувства треба да ги решаваат тие – сами – дека тоа е област во која на никој начин не треба да се мешаат ниту Бог ниту родителите. Многу порано, пред да постигнат соодветна зрелост, мислат дека се способни да го извршат својот избор без помош на родителите. Меѓутоа, само неколку години поминати во брак обично се доволни да ја увидат својата заблуда, но тогаш е премногу доцна да се отстранат злокобните последици. Истиот недостиг од самосовладување и мудрост, со кои е условен пребрзиот избор, и сега само го зголемува злото, додека бракот не стане чемерен јарем. Мнозина така доживеале бродолом и ја уништиле својата среќа и за овој и за идниот живот.[6]

**Оневозможена работата за Бога. –** Има момчиња кои радосно ја прифатиле вистината и некое време исправно му служеле 81
на Господа, но сатаната околу нив исткајал мрежа од неразумни врски и несреќни бракови. Тој видел дека тоа може да биде најуспешниот начин да ги заведе од патот на светоста.[7]

Покажано ми е дека денешната младина не е свесна за големата опасност што ѝ се заканува. Многу млади луѓе Бог би ги примил како соработници во разните области на своето дело, но кај нив се појавува сатаната и ги заплеткува во својата мрежа, така што тие се отуѓуваат од Бога и остануваат без сила за работа во Неговото дело. Сатаната е лукав и упорен работник. Тој точно

знае како да ги улови невнимателните и загрижува фактот што малкумина можат да се извлечат од неговата мрежа. Тие не гледаат никаква опасност и не се пазат од неговите лукавства. Тој ги поттикнува своите чувства да ги подарат на друга личност, без претходно да побараат мудрост од Бога или од оние што Тој им ги праќал да ги опоменат, да ги укорат и посоветуваат. Мислат дека се доволни сами на себе и не трпат совети од никого.[8]

**Совет до едно момче. –** Твоите момчешки мисли за љубовта кон девојките не оставаат никому да има убаво мислење за тебе. Кога дозволуваш твојот ум и мислите да талкаат по тие патеки, себеси се онеспособуваш за учење. Со таквите постапки ќе стекнеш лошо друштво, ќе го расипеш и својот пат и патот на другите. Токму така ми беше претставен твојот случај, и ако и понатаму упорно продолжиш да го следиш својот пат, секој што ќе се обиде да те посоветува, насочи или ограничи, ќе наиде на најрешителен отпор од твоја страна бидејќи твоето срце не е во хармонија со вистината и правдата.[9]

**Нееднаквост во годините. –** Момчето и девојката можат да бидат сиромашни, но ако се здрави располагаат со големо бо-
82 гатство. Не би требало да постои голема разлика во годините. Непочитувањето на ова начело може сериозно да го загрози здравјето на помладиот. Често и децата во таквиот брак се лишени од телесната и умствена сила. Постариот родител не е во состојба да им ја пружи соодветната грижа и да создаде пријателство кое го посакува нивниот млад живот, а со смртта на таткото или мајката можат да бидат лишени од љубовта и негата
83 токму тогаш кога тоа им е најпотребно.[10]

---

1. Ministry of Healing, p. 358
2. Messages to Young People, p. 452
3. Id., p. 453
4. Testimonies for the Church, Vol. 2, p. 252
5. Review and Herald, Sept. 25, 1888
6. Patriarchs and Prophets, p. 175
7. Testimonies for the Church, Vol. 5, pp. 114, 115
8. Id., pp. 105, 106
9. Manuscript 15a, 1896
10. Ministry of Healing, p. 358

*Дванаесетта глава*

# Прилагодливост

**Прилагодени еден кон друг. –** Во многу семејства ја нема онаа христијанска учтивост, онаа вистинска услужливост и меѓусебно почитување што би ги подготвило младите членови на семејството за брак и за создавање среќно сопствено семејство. Наместо трпение, љубезност, нежна учтивост и христијанска симпатија и љубов, се слушаат остри зборови, доаѓа до судир на мисленјата и се негува духот на критика и диктаторство.[1]

Често се случува младите пред венчавката да немаат доволно прилики да ги запознаат навиките и склоностите на другиот, а што се однесува до нивниот секојдневен живот, тие се странци уште пред самиот олтар. Мнозина многу доцна согледуваат дека не се еден за друг, а несреќата која трае цел живот е последица на нивната врска. Вообичаено страдаат сопругата и децата поради рамнодушност, неспособност или поради пороците на оној што се нарекува сопруг и татко.[2]

Светот денес е полн со беда и грев поради тоа што многу бракови се лошо склопени. Во многу случаи се доволни само неколку месеци за мажот и жената да увидат дека нивните карактери никогаш нема да се сложат. Како резултат на тоа, во домот владе несогласување таму каде што треба да царува само небесна љубов и хармонија.

Расправијата за нешто безначајно создава дух на огорченост. Отвореното несогласување и глодање внесува во домот неискажлива несреќа и ги раздвојува оние кои би требало да бидат соединети со врската на љубовта. На тој начин, со неразумните бракови илјадници се жртвувале себеси – и душата и телото и тргнале надолу по патот што води во пропаст.[3] 84

**Разлики во поделениот дом. –** Среќата и напредокот во брачниот живот зависат од единството на двете страни. Како може телесниот ум да се усогласи со умот кој станал Христов? Еден сее во тело, размислувајќи и постапувајќи според побудите на своето срце; друг сее во Духот, трудејќи се да ја совлада себичноста, да ги победи склоностите и да живее во послушност на Учителот, чиј слуга сака да биде. На тој начин постојано ќе се појавуваат длабоки разлики во вкусовите, склоностите и целите. Ако верникот не може со цврсто држење на своите начела да го придобие својот неверен пријател, тој, како што најчесто е случај, ќе се обесхрабри и ќе ги жртвува своите верски начела за љубовта на другиот којшто не е поврзан со небото.[4]

**Неразбирањето ги разорува браковите. –** Многу семејства знаат само за несреќа; но, и покрај тоа, многу момчиња и девојки одат само по тој пат, затоа што сатаната ги води таму и ги уверува дека мораат да се земат за да бидат среќни, иако не се способни да владеат со себеси и да се грижат за семејството. Оние кои немаат желба да се прилагодат кон карактерот и склоностите на другиот, за да ги избегнат непријатните несогласувања и расправии, не треба да го прават тој чекор. Меѓутоа, ова е една од најпривлечните стапици во последните денови, поради кои илјадници доживеале пропаст во овој и во идниот живот.[5]

**Последици од слепата љубов. –** Оние кои ги зафатила оваа заразна болест – слепа љубов – ја жртвуваат секоја своја способност. Изгледа како да им недостига здраво расудување, а нивните постапки предизвикуваат неодобрување од сите оние кои се
85 во нивна близина... Кај мнозина, кризата од оваа болест го достигнува својот врв во незрелиот брак. И кога ќе помине првиот занес и волшебната сила на додворувањето, едната или двете страни се будат и ја согледуваат својата вистинска состојба. Тогаш сфаќаат дека не биле еден за друг, иако се врзани за цел живот. Поврзани меѓусебно со најсвечени ветувања, тие со изнемоштено срце гледаат на несреќниот живот што мора да го водат. Тогаш треба да го направат најдоброто што можат во околностите во кои се наоѓаат, но мнозина не го сакаат тоа. Тие или ќе го презрат своето брачно ветување или јаремот, кој самоволно го става-

ле на својот врат, ќе го направат толку тежок што поединци кукавички ќе му стават крај на својот живот.[6]

Поради тоа, животна задача на мажот и жената е да пронајдат начин како можат да го избегнат сето она што создава раздор и да го сочуваат недопрен венчаниот завет.[7]

**Искуството на другите е една опомена. –** Братот А. има природа со која сатаната успешно си поигрува. Неговиот брак треба да им послужи на младите како добар пример. При изборот на својот брачен партнер, неговата сопруга ги следела чувствата и нагоните, а не разумот и здравото расудување. Дали нивниот брак бил плод на вистинска љубов? Не, никако. Нивниот брак бил плод на нагони – слепи и несвети страсти. Ниту еден од нив не бил подготвен да преземе одговорност во заедничкиот живот. Кога новото заедништво избледило, кога се запознале меѓусебно, дали нивната љубов станала посилна, нивните чувства подлабоки? Дали нивниот живот се претопил во прекрасна хармонија? Напротив, сѐ било обратно. Најлошите црти од нивниот карактер почнале да се истакнуваат и наместо нивниот заеднички живот да биде живот исполнет со среќа, тој станувал сѐ потежок.[8]

Во минатото примив многу писма од различни лица кои склучиле несреќни бракови, а тие страшни истории што ми беа доверени се такви што ми предизвикуваа болка во срцето. Не е лес- *86*
но човек да одлучи каков совет да им даде на тие несреќници или
како да им се олесни нивното тешко бреме; но нивното жално
искуство треба да биде опомена за другите.[9] *87*

1. Review and Herald, Feb. 2, 1886
2. Patriarchs and Prophets, p. 189
3. Messages to Young People, p. 453
4. Testimonies for the Church, Vol. 4, pp. 507, 508
5. Id., Vol. 5, pp. 122, 123
6. Id., pp. 110, 111
7. Id., p. 122
8. Id., pp. 121, 122
9. Id., p. 366

*Тринаесетта глава*

# Воспитувањето во семејството

**Подготовката за брак е значаен дел од воспитувањето. –** По ниедна цена не треба да се склопува брак ако двете страни не ги познаваат практичните домашни должности. Сопругата треба да негува култура на умот и однесувањето, за да може секогаш да биде подготвена правилно да ги воспитува децата кои можеби ќе ги има.[1]

Многу млади жени, кои се сметаат за добро воспитани, кои успешно го стекнале своето образование во некое училиште, за жал, не се упатени во практичните животни должности. Ним им недостасува неопходното знаење за правилно водење на семејството, што е од суштинско значење за нејзината среќа. Тие зборуваат за возвишената женска дејност и за нејзините права, а самите се далеку од овој идеал.

Секоја Евина ќерка го има тоа право да стекне темелно познавање на домашните должности, да биде упатена во секоја домашна работа. Секоја млада жена треба да биде така воспитана што, доколку биде повикана да го заземе местото на сопруга и мајка, на тоа подрачје ќе може да управува како кралица. Таа треба да биде целосно оспособена да работи и да ги поучува своите деца, да управува со своите домашни, или ако е потребно, и самата да
88 произведе работи потребни за домаќинството. Нејзина должност е да го познава составот на човечкото тело и начелата за хигиена, прашањата за исхраната и облекувањето, работата и рекреацијата, како и сето останато што е тесно поврзано со благосостојбата на нејзиното домаќинство. Нејзино право е да ги запознае најдобрите методи на лекување за да може да им помогне на

своите деца кога се болни, а не своето драгоцено богатство да го препушти на непознати медицински сестри и доктори.

Сфаќањето дека непознавањето на корисната работа е одлика на еден отмен маж или жена е спротивно на Божјата замисла при создавањето на човекот. Неработењето е грев, а непознавањето на секојдневните должности е резултат на неразумност која во подоцнежниот живот многу негативно ќе се одрази.[2]

Младите жени мислат дека не е отмено да се готви и да се извршуваат другите домашни работи; и затоа многу девојки кои се мажат и кои треба да се грижат за семејството малку знаат за должностите што ја очекуваат една сопруга и мајка.[3]

Во животот на младите треба да постои закон да не стапуваат во брак ако не знаат како да се грижат за децата во семејството. Тие мора да знаат како треба да се грижат за тој дом (човечкото тело) што Бог им го дал. Додека не ги запознаат добро Божјите закони кои управуваат со нивниот организам, тие нема да ја разберат својата должност кон Бога и кон себе.[4]

**Во училишната програма треба да се вметне и предметот домаќинство. –** Воспитувањето, кое момчињата и девојчињата кои одат во училиште треба да го примат во текот на училишниот живот, заслужува посебно внимание. Од големо значење за изградување на карактерот е учениците во нашите училишта да се научат да ја прифатат работата што им е одредена, отфрлајќи ја секоја склоност кон мрзеливост. Тие треба да се навикнат да ги извршуваат должностите од секојдневниот живот. Треба да научат своите должности во домот да ги извршуваат темелно и добро, со што помалку врева и неред. Сето тоа треба да биде направено пристојно и уредно. Кујната и сите останати делови на
куќата треба да се одржуваат чисти и пријатни. Книгите треба 89
да се оставаат на страна додека не дојдат на ред и не треба да се запишат повеќе предмети отколку што може да се совладаат за да не се запоставаат должностите во домот. Умот не смее да биде преокупиран само со проучување на книги, а притоа да се запоставаат должностите во домот од кои зависи удобноста на семејството.

Во извршувањето на овие должности треба да се победат навиките на несмасност, површност и неуредност бидејќи, ако не

се искоренат, овие навики ќе се видат во сите фази од животот и ќе ја попречат секоја полезна служба.[5]

**Неопходно е да се знае како да се води домаќинството. –** За полезноста или среќата на еден ученик не придонесува проучувањето на многу предмети кои го преокупираат неговото време, но за секое момче или девојче многу е значајно темелно да ги познава секојдневните должности. Ако е потребно, девојката може да го запостави учењето на францускиот јазик или математика, па дури и клавир, но неопходно е да знае да направи добар леб, да скрои облека која добро ќе стои и умешно да ги извршува многубројните должности во домаќинството.

За здравјето и среќата на целото семејство ништо не е поважно од вештините и мудроста на готвачката. Со лошо подготвената храна таа може да ги попречи, па дури и да ги упропасти работните способности на возрасните, како и развојот на децата. Подготвувајќи храна прилагодена за потребите на организмот, која е во исто време и привлечна и вкусна, домаќинката може да постигне толку полезност колку што во друг случај би нанела штета. Според тоа, среќата во животот е поврзана со верното извршување на секојдневните должности.[6]

**Обратете внимание на начелата на хигиената. –** Во начелата
*90* на хигиена спаѓаат исхраната, работата, негувањето на децата, лекувањето на болните и многу други нешта на кои треба да им се посвети многу повеќе внимание отколку што тоа вообичаено се прави.[7]

Кога поучува за хигиената, ревносниот учител ќе ја искористи секоја прилика за да укаже на тоа колку е важно да се негува совршена чистота како во личните навики така и во одржувањето на околината... Поучете ги своите ученици дека чистата спална соба, беспрекорно чистата кујна и здравата и со вкус поставена трпеза, многу повеќе ќе придонесат за среќата на семејството и ќе стекнат почит од секој разумен посетител отколку најскапоцениот мебел во дневната соба. Дека „душата е многу поскапа од храната, и телото од облеката“ (Лука 12,23), и денеска е исто толку важна поука како и пред 1800 години (напишано во 1903, заб. на прев.), кога ја изговорил божествениот Учител.[8]

**Младата жена треба да биде вредна. –** Ти имаш необични ка-
рактерни црти кои треба сериозно да ги дисциплинираш и по-
стојано да ги контролираш пред да станеш сигурна дека си под-
готвена да влезеш во брак. Затоа, отстрани ја од своето срце се-
која помисла за брак сè додека не ги победиш недостатоците на
твојот карактер бидејќи, во спротивно, нема да бидеш среќна со-
пруга. Ти си занемарила да научиш како темелно се извршуваат
домашните обврски. Не си сфатила колку е потребно да стекнеш
добри работни навики. Еднаш обликуваната работна навика ни-
когаш нема да биде изгубена. Така ќе бидеш подготвена да се со-
очиш со секоја ситуациија во животот и ќе бидеш способна да ја
исполниш својата улога. Ќе научиш да ја сакаш трудољубивоста.
Ако ја засакаш полезната работа, твојот ум ќе биде окупиран со
тоа што го работиш и на тој начин нема да имаш време да се пре- 91
пуштиш на фантазијата.

Трудољубивоста ќе му даде на твојот немирен и незадоволен ум сила, ефикасност во работата и привлечна, скромна достоинственост што кај другите ќе предизвика почитување.[9]

**Вредноста од практичното воспитување на девојките. –** Мнозина кои сметаат дека е неопходно нивниот син да се школува и така да се подготви за живот, сосема поинаку размислуваат кога станува збор за нивите ќерки; не мислат многу за тоа дали е подготвена да биде независна и самостојна. Тие обично на училиште малку учат за тоа како практично да го заработат секојдневниот леб. Бидејќи во домот не е упатена во тајните на кујната и домашниот живот, таа расте целосно бескорисна, на товар на своите родители...

Девојката што научила да се грижи за себе, способна е да се грижи и за другите. Таа никогаш нема да биде на товар на семејството или општеството. Ако среќата не ја послужи, таа ќе го пронајде своето место во животот, каде што ќе може чесно да го заработи својот леб и да им помогне на оние кои зависат од неа. Девојките треба да се оспособат за некоја професија, за да можат, доколку е потребно, да заработат за својот живот. Покрај другите чесни професии, секоја девојка треба најпрво да научи да ги води домашните работи, да биде готвачка, домаќинка, кројачка. Таа треба да го знае сето она што една домаќинка треба да

го знае, без оглед на тоа дали нејзиното семејство е богато или сиромашно. И тогаш, ако се најде во неволја, таа е подготвена за секоја непредвидена ситуација и ќе најде начин да не зависи од околностите.[10]

Познавањето на домашните обврски за секоја жена е од непроценлива вредност. Има многу семејства чија среќа е упропастена поради неспособноста на онаа што е сопруга и мајка.

Не е толку важно нашите ќерки да учат сликање, рачни изра-
92 ботки, музика, па дури и математички операции или убаво изразување, колку што е важно да научат да кројат, да ги шијат и да ги поправат своите облеки, или да подготват добра и вкусна храна. Кога едно девојче ќе наполни девет или десет години, треба да му се доверат дел од домашните работи, во зависност од тоа колку може да постигне, а треба да се смета одговорно и за начинот на кој ќе ги извршува тие обврски. Еден мудар татко, на прашањето што ќе направи со своите ќерки, одговорил: „Имам намера да ги пуштам да учат занает кај нивната способна и вешта мајка, од која ќе ја научат вештината на правилно користење на времето за да можат да бидат добри сопруги и мајки, глава на семејството и полезни членови во општеството“.[11]

**Сопругот треба да биде штедлив и вреден. –** Во древните времиња бил обичај младоженецот, пред да се потврди свршувачката, да му исплати на таткото на невестата одредена сума во пари или соодветна вредност да надомести на некој друг начин, во сообразност со своите околности. Тоа било сметано како некој вид заштита на брачната врска. Татковците сметале дека е несигурно среќата на своите ќерки да им ја доверат на луѓе кои не се погрижиле за сè што е потребно за одржување на семејството. Ако не биле доволно вешти и способни да ги водат своите работи стекнувајќи земја или богатство во добиток, постоел страв дека нема да можат да обезбедат еден пристоен живот. Но за оние кои немале ништо со што би можеле да платат одреден износ за жената, било предвидено нешто друго. Тие можеле, наместо да платат, да работат извесно време кај таткото на девојката, а времетраењето на таа работа била одредувана според вредноста на бараниот мираз. Ако момчето се покажало во службата верно и во секој поглед достојно, тогаш ја добивало ќерката на господа-

рот за жена и обично нејзе ѝ било дадено во мираз и сè она што го заработило нејзиното момче кај татко ѝ...

Тој стар обичај, иако често злоупотребуван, како и во случајот
на Лавана, имал и свои добри страни. Кога идниот младоженец 93
морал прво да служи за да ја добие невестата, со тоа била спречена предвремената женидба, а во исто време се давала можност да се испита и длабината на неговата љубов и способноста за самостојно издржување на семејството. Во наше време се раѓаат многу зла токму поради тоа што се постапува спротивно.[12]

Ниту еден човек не може да се оправда ако не е способен да заработи. За мнозина може да се каже: тој е љубезен, пријатен, дарежлив, добар човек, христијанин, но не е способен да ги води своите деловни работи. Што се однесува до трошење на средствата, тој е вистинско дете. Неговите родители не го научиле да ги цени парите заработени со труд и да се стреми самиот да ги
спечали.[13] 94

---

1. Pacific Health Journal, May, 1890
2. Fundamentals of Christian Education, p. 75
3. Ministry of Healing, p. 302
4. Manuscript 19, 1887
5. Testimonies for the Church, Vol. 6, pp. 169, 170
6. Education, p. 216
7. Id., p. 197
8. Id., p. 200
9. Testimonies for the Church, Vol. 3, p. 336
10. Health Reformer, Dec., 1877
11. Fundamentals of Christian Education, p. 74
12. Patriarchs and Prophets, pp. 188, 189
13. Letter 123, 1900

*Четиринаесетта глава*

# Неопходно е вистинско обратување

**Верата – темел на семејната среќа. –** Верата во семејството е посебна сила. Однесувањето на мажот кон жената и на жената кон мажот може да биде такво што ќе направи животот во домот да биде подготовка за влез во небесното семејство.[1]

Срцата кои се исполнети со Христова љубов не можат никогаш да се раздвојат. Религијата е љубов, а христијанскиот дом е место во кое владее љубовта и се изразува со зборови и постапки проникнати со вистинска љубезност и нежна учтивост.[2]

Во домот верата е неопходна. Единствено таа може да спречи големи зла кои толку често го загорчуваат животот во бракот. Само таму каде што Христос владее може да има длабока, права и несебична љубов. Тогаш душата ќе биде врзана со душа и двата живота ќе се слеат во едно. Божјите ангели ќе бидат гости во таквиот дом и нивното свето присуство ќе ја направи брачната соба света. Понижувачката сетилност ќе биде остранета. Мислите ќе се издигнат кон Бога; нивните срца ќе му бидат посветени Нему.[3]

Во секое семејство во кое Христос престојува ќе дојде до израз нежната грижа и љубовта еден кон друг; но не таква љубов која се искажува само со повремени гушкања, туку љубов која е длабока и трајна.[4]

**Христијанството – единствено влијание. –** Христијанството треба да има решавачко влијание на брачните односи, но многу често се случува побудите што доведуваат до склучување на таква заедница да не се во сообразност со христијанските начела. Сатаната постојано се труди да ја зголеми и да ја зацврсти својата
95

моќ над Божјиот народ. Тој тоа го постигнува на тој начин што наведува поединци да стапуваат во брачни односи со неговите приврзаници; а за да го постигне тоа, тој со сите сили настојува во нивното срце да разбуди сетилни страсти. Меѓутоа, Господ во својата Реч му дал јасно упатство на својот народ да не се поврзува со оние во чиешто срце не живее неговата љубов.[5]

**Совет за младенците. –** Бракот, заедница за цел живот, е симбол за заедницата меѓу Христа и Неговата црква. Духот што го покажувал Исус кон својата црква, е духот кој мажот и жената треба да го покажат во своите меѓусебни односи. Ако го љубат Бога повеќе од сè, тие ќе се сакаат еден со друг во Господа, ќе постапуваат секогаш учтиво еден кон друг и ќе бидат единствени во сè. Со заемното самооткажување и пожртвуваност, тие ќе бидат благослов еден за друг...

Двајцата треба да бидете обратени. Никој од вас нема вистинска претстава за тоа што значи да се биде послушен на Бога. Размислувајте за зборовите: „Оној што не е со Мене, против Мене е; и кој не собира со Мене, растура" (Матеј 12,30). Искрено се надевам дека и двајцата ќе станете вистински Божји деца, слуги на Оној кој ви доверил одредени одговорности. Тогаш вашите срца ќе се исполнат со мир, доверба и вера. Двајцата можете да станете среќни, доследни христијани. Негувајте ја вештината на остроумно забележување, за да знаете како да го изберете доброто а да го отфрлите злото. Проучувајте ја Божјата реч. Господ Исус сака да се спасите. Бог на чудесен начин те сочувал, брате мој, за твојот живот да биде од голема полза. Збогати го животот со сите можни добри дела.

Ако искрено не тежнеете да станете Божји деца, вие нема да знаете како да си помагате еден на друг. Бидете секогаш нежни и внимателни еден кон друг, откажувајќи се од сопствените желби и планови за да го усреќите другиот. Од ден на ден напредувајте во запознавањето на самите себе. Од ден на ден можете да учите како да се борите против слабите страни на својот карактер. Господ Исус ќе биде ваша светлина, ваша сила, ваш венец на радоста бидејќи својата волја сте ја покориле на Неговата... 96

Во вашето срце треба да живее Божјата милост која покорува. Не тежнејте за удобен и неактивен живот. Секој оној што е повр-

зан со Господовото дело, мора постојано да се чува од себичноста. Држете ја својата ламба исчистена и запалена. Тогаш нема да бидете непромислени во своите зборови и постапки. И двајцата ќе бидете среќни ако се трудите да си угодите еден на друг. Прозорците на својата душа затворете ги за земното, а отворете ги за небесното.

Ако го признаат Христа за свој личен Спасител, мажите и жените ќе достигнат возвишен идеал. Бдејте и молете се, покорете се на Бога. Сознанието дека се борите за вечен живот, ќе ве зајакне и ќе ве утеши. Со своите мисли, зборови и постапки треба да бидете светлина на овој свет. Покорете се на Господа, затоа што ви доверил свети должности, кои без таквата дисциплина не можете правилно да ги извршите. Со вера во Исуса, вие не само што ќе ги спасите своите души туку со збор и со пример ќе настојувате да ги спасите и другите. Земете го Христа за свој пример. Издигнете го како Оној кој може да ви даде сила да победите. Целосно уништете го коренот на себичноста. Прославете го Бога и благодарете му што сте Негови деца. Прославете го својот Спаситель и Тој ќе ви даде место во своето царство.[6]
97

98
1. Letter 57, 1902
2. Testimonies for the church, Vol. 5, p. 335
3. Id., p. 362
4. Review and Herald, Feb. 2, 1886
5. Patriarchs and Prophets, p. 563
6. Letter 57, 1902

*Петти дел*

# ПО ВЕНЧАВКАТА

*Петнаесетта глава*

# Свечени ветувања

99 **Божјата намера за мажот и жената. –** Бог од мажот ја создал жената за да му биде другар и помошник, да биде едно со него, да го бодри, храбри и да му биде на благослов, а тој да ѝ биде нејзина заштита и поткрепа. Сите оние кои со света намера стапуваат во брачната врска – мажот да стекне чиста љубов од срцето на жената, а жената да го омекнува и усовршува карактерот на својот маж – ја исполнуваат Божјата намера.

Христос не дошол да ја укине оваа установа, туку да ѝ ја врати првобитната светост и возвишеност. Тој дошол да го обнови Божјиот морален лик во човекот, а своето дело го започнал со посветување на една брачна врска.[1]

Оној, кој ја дал Ева да му биде како помошник на Адама, го направил своето прво чудо на една свадбена свеченост. Во свадбената просторија, во која роднините и пријателите се радувале, Христос ја започнал својата јавна служба. Со тоа ја потврдил светоста на бракот и го признал како институција што лично Тој ја воспоставил. Тој одредил мажите и жените да се поврзуваат со света врска во брачна заедница, да основаат семејства чиишто членови, овенчани со чест, ќе бидат признати како членови на небесното семејство.[2]

**Исус сака среќни бракови. –** Божествената љубов, која зрачи од Христа, никогаш не ја уништува, туку ја опфаќа човековата љубов. Таа ја чисти и посветува човековата љубов, ја подига и облагородува. Човечката љубов никогаш не може да го донесе својот скапоцен род сè додека не се соедини со божествената природа и така поттикната да расте кон Небото. Исус сака да види среќни
100 бракови, среќни семејни огништа.[3]

И бракот, како и секој друг добар Божји дар, кој е даден за одржување на човештвото, е изопачен со гревот; целта на евангелието е да ја обнови неговата чистота и убавина...

Христовата благодат, и единствено таа, може оваа заедница да ја направи она што Бог сакал да биде – средство за благослов и издигнување на човештвото. На тој начин земните семејства, со своето единство, мир и љубов, можат да го претстават небесното семејство.

Состојбата во човечкото општество претставува жалосен остаток на небесниот идеал за оваа света врска. Меѓутоа, и на оние што вкусиле горчина и разочарување таму каде што се надевале на заедница и радост, Христовото евангелие им нуди утеха.[4]

**Радосен момент. –** Светото писмо вели дека Исус и Неговите ученици биле повикани на свадбена свеченост (во Кана). Христос не им одобрил на своите следбеници, кога ќе бидат повикани на свадбена свеченост, да речат: Ние не треба да бидеме учесници на тој радосен момент. Со учествувањето на оваа свадбена свеченост, Христос нè учи дека треба да се радуваме со оние коишто радосно се придржуваат кон Неговите прописи. Тој никогаш не нè одвраќал од присуството на скромните човечки свечености кои се одржувале во согласност со небесните закони. Кога Исус можел да го почести таквиот собир со своето присуство, правилно е и Неговите следбеници да бидат присутни. Бидејќи присуствувал на оваа свеченост, Христос присуствувал и на многу други, кои ги осветил со своето присуство и со упатствата што им ги дал.[5]

**Расфрлање, претерување и незауздана веселба не одговараат на свадбената свеченост. –** Денес свадбените свечености се претворија во расфрлање, претерано трошење и во попуштање на себеси. Ако двете страни ги усогласат своите верувања и постапки и бидат доследни во сè, а церемонијата се врши без рас- **101**
фрлање и претерување, тогаш оваа свеченост може да му биде угодна на Бога.[6]

Немаме причина тоа да го претвориме во скапа свеченост или расфрлање дури и тогаш ако двете страни се совршено усогласени.[7]

Отсекогаш ми изгледаше неумесно кога гледав свадбена свеченост здружена со недолична веселба и радост и претерување. Не! Тоа е обред што Бог го воспоставил, на кој треба да гледаме со најголема сериозност. Семејната заедница обликувана на Земјата, треба да биде пример за она што навистина треба да биде – семејство на небото. Божјата слава секогаш треба да биде на прво место.[8]

**Венчавка во домот на Вајтови. –** Во вторникот, околу 11 часот, нашата голема трпезарија беше подготвена за свадбената свеченост. Братот Б. ја изврши церемонијата на венчавање и сѐ убаво се заврши. На крајот на венчавката мене ме повикаа да се заблагодарам на Бога. Господ ми даде особена слобода. Божјиот Дух го омекна и покори моето срце. Во оваа ситуација немаше невкусни шеги и непромислени зборови; сѐ на оваа венчавка беше свечено и свето. Сѐ беше со возвишен карактер и оставаше длабок впечаток. Господ ја благослови оваа венчавка и денес тие двајца ги соединија своите интереси за да работат во мисионско поле, да ги бараат и спасуваат изгубените. Бог ќе ги благослови во нивната работа ако одат понизно со Него, целосно потпирајќи се на Неговите ветувања.[9]

**Два живота стопени во еден. –** (*Текстот содржи зборови од сестра Вајт што ги изговорила на една венчавка во Санаториум во Калифорнија, 1905 година*) – Ова е значаен момент во живо-
102 тот на двајца млади, кои стојат пред вас со намера да ги соединат своите интереси, своите чувства, својата љубов и својот труд во работата на спасување на душите. Во брачната заедница се прави еден многу важен чекор – два живота се стопуваат во еден... Божја волја е мажот и жената да се поврзат во Неговото дело и да го извршуваат сесрдно и во светост. Тие можат тоа да го остварат.

Божјите благослови во домот во кој постои ова единство е слично на сончевиот сјај, затоа што Господова волја е мажот и жената со света врска да бидат поврзани со Исуса Христа и Тој да ги надгледува, а Неговиот дух да ги води...

Бог сака домот да биде најсреќното место на Земјата, вистински симбол на небесниот дом. Прифаќајќи ги одговорностите во домот, поврзувајќи ги своите интереси со Исуса Христа, потпи-

рајќи се на Неговата рака и Неговите ветувања, мажот и жената можат да ја делат среќата во оваа заедница што ја одобруваат Божјите ангели.

Бракот не ја намалува туку ја зајакнува полезноста на мажот и жената. Со својот брачен живот тие можат да служат за придобивање на ближните за Христа. Знам што зборувам, зашто јас и мојот сопруг триесет и шест години бевме едно и одевме секаде каде што Бог нè праќаше. Во поглед на ова, сигурни сме дека Бог ја одобрува брачната заедница. Затоа тоа е свечена церемонија...

И сега, ја земам раката на овој наш брат... ја земам и твојата рака, сестро, како негова сопруга, и ве повикувам заеднички да работите во Божјето дело. Ве повикувам: прифатете го Бога за свој советник. Стопете се, стопете се во едно.[10]

**Совет за младенците. –** Драг брате и драга сестро! Вие сте се соединиле со доживотен завет. Со тоа започнало воспитувањето 103
во вашиот брачен живот. Првата година од брачниот живот едновремено е и година на нови искуства, година во која сопругот и сопругата заемно почнуваат да ги запознаваат различните црти од својот карактер, како што детето ги учи своите лекции на училиште. Затоа, во оваа прва година од вашиот брачен живот не смеете да дозволите ниту едно поглавје да ја замрачи вашата идна среќа.

Брате мој, животот, времето, силата и среќата на твојата жена се поврзани со твоите. Твоето влијание на неа може да биде мил мирис за живот или смрт. Затоа внимавај да не го упропастиш нејзиниот живот.

Сестро моја, отсега треба да ги учиш своите први практични лекции за одговорностите во брачниот живот. Гледај верно да ги проучуваш овие лекции од ден на ден... Секогаш чувај се од себичноста.

Во вашата брачна врска управувајте со своите чувства така за другиот да биде што посреќен. Секој од вас нека направи сè што може за среќата на другиот. Тоа е Божјата волја за вас. Но, иако е неопходно да станете едно, ниту еден од вас не смее да ја изгуби својата личност. Само Бог е сопственик на вашата личност. Само Него треба да го прашате што е добро а што не е; или: како можам да ја исполнам целта на мојот живот?[11]

**Завет пред небесните сведоци. –** Бог определил меѓу сопружниците да владее совршена љубов и хармонија. Пред очите на вселената младоженецот и невестата нека ветат дека еден со друг ќе се сакаат како што одредил Бог... Сопругата треба да го цени и почитува својот сопруг, а сопругот треба да ја сака и нежно да ја чува својата сопруга.[12]

На почетокот на својот брачен живот, мажот и жената треба
104 себеси одново да се посветат на Бога.[13]

Биди непоколебливо верен на својот брачен завет отфрлајќи
со мисла, збор или постапка да го нарушиш својот извештај ка-
105 ко човек кој живее во Господов страв и ги држи Неговите запо-
веди.[14]

---

1. Manuscript 16, 1899
2. Ministry of healing, p. 356
3. Bible Echo, Sept. 4, 1899
4. Review and Herald, Dec. 10, 1908
5. Manuscript 16, 1899
6. Review and Herald, Sept. 25, 1888
7. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 515
8. Manuscript 170, 1905
9. Manuscript 23, 1894
10. Manuscript 170, 1905
11. Testimonies for the Church, Vol. 7, p. 45
12. Bible Echo, Sept. 4, 1899
13. Manuscript 70, 1903
14. Letter 231, 1903

# Срекна, успешна заедница

**Права заедница се изградува во текот на целиот живот. –** За да може човекот правилно да го сфати бракот, потребен е цел живот. Оние кои стапуваат во брак, влегуваат во училиште кое цел живот нема да го завршат.[1]

Колку внимателно и мудро да стапиле во брак, малку брачни партнери се целосно соединети веднаш по венчавката. Вистинска поврзаност на двајцата во брачната заедница настанува дури во годините што доаѓаат.[2]

Кога младата брачна двојка ќе се соочи со товарите и грижите на животот, романтичната љубов со која мечтата толку често го обвива бракот, брзо исчезнува. Сопругот и сопругата го откриваат карактерот еден на друг онака како што тоа не било возможно во текот на нивното претходно дружење. Тоа е најкритичниот дел од нивниот живот. Среќата и полезноста на целиот нивен иден живот зависи од правиот пат по кој тргнуваат. Често еден кај друг си откриваат неочекувани слабости и недостатоци; но срцата, коишто љубовта ги соединила, исто така ќе ги забележат и добрите, досега непознати страни. Сите нека се трудат да ги откријат добрите, а не лошите страни. Често нашиот став и атмосферата која нè опкружува ќе одлучат што ќе открие во нас нашиот животен партнер.[3]

**Љубовта мора да искуша и тестира. –** Љубовта може да изгледа како кристал и прекрасна во својата чистота, а сепак да биде плитка сè додека не се искуша и стави на проверка. Во секоја една работа направете Христос да ви биде првиот, последниот и најдрагоцениот. Тој секогаш нека ви биде пред очите на патот на

искушението, и вашата љубов кон Него од ден на ден ќе станува
106 сè подлабока и посилна. И колку повеќе вашата љубов кон Христа расте, толку повеќе и вашата љубов еден кон друг ќе станува сè подлабока и посилна.[4]

Иако може да се појават тешкотии, неволји и обесхрабрувања, ниту сопругот ниту сопругата нека не ѝ дадат место на помислата дека нивната врска била една грешка или разочарување. Донесете одлука еден за друг да бидете најдоброто што можете. Партнерот нека ви биде секогаш на прво место, како на почетокот. Трудете се да се храбрите еден со друг за да може успешно да ги водите вашите животни борби. Учете се како да ја зголемите среќата еден на друг. Негувајте ја меѓусебната љубов и попустливост. Тогаш бракот, наместо да биде крај на љубовта, ќе стане нејзин почеток. Топлината на вистинското пријателство, љубовта која го врзува срцето за срце, е претслика на небесната радост.[5]

Сите треба да го негуваат трпението, вежбајќи се да бидат трпеливи во секоја ситуација. Кога сте љубезни и трпеливи, вистинската љубов ќе ја задржи топлината во вашето срце и во себе ќе ги развиете особините кои Небото ги одобрува.[6]

**Непријателот ќе се труди да внесе раздор. –** Штом се појават несогласувања, сатаната веднаш е готов да ја искористи таа можност. Поттикнувајќи ги непријатните наследни карактерни црти кај сопругот или сопругата, тој ќе се обиде да внесе раздор меѓу оние кои со свечен завет пред Бога ги соединиле своите интереси. Со брачниот завет тие ветиле дека ќе бидат едно, при што сопругата му ветила на сопругот љубов и послушност, а мажот на сопругата љубов и охрабрување. Ако го слушаат Божјиот закон, демонот на расправија нема да има пристап до семејството, а нема да дојде ни до разлики во интересите, ниту пак до меѓусебно отуѓување.[7]

**Совет упатен на брачна двојка со силна волја. –** Ниту жената
107 ниту мажот не смеат да тежнеат кон владеење. Господ дал принципи според кои треба да се раководат. Сопругот треба да ја сака својата сопруга исто како што Христос ја сака Црквата. А сопругата треба да го почитува и сака својот сопруг. Двајцата треба да

го негуваат духот на љубезност, решени никогаш меѓусебно да не се ожалостат ниту да се повредат...

Не обидувајте се да го натерате својот брачен партнер да постапува според вашите желби. Не можете да го правите тоа, а да ја сочувате меѓусебната љубов. Покажувањето на самоволие ќе го наруши мирот и среќата во домот. Не дозволувајте во вашиот брак да дојде до расправија. Ако го сторите тоа, и двајцата ќе бидете несреќни. Бидете љубезни во зборовите и нежни во постапките, откажувајќи се од своите желби. Бдејте над своите зборови бидејќи тие силно влијаат на добро или на зло. Не дозволувајте во вашиот глас да се почувствува острина. Внесете ја во својот соединет живот привлечноста на Христовата личност.[8]

**Изразете ја љубовта со зборови и постапки.** – Има многу луѓе кои изразувањето на љубов го сметаат за слабост и покажуваат претерана резервираност, став кој ги одбива другите. Таквиот дух оневозможува искажување на симпатија. Кога желбата за друштвеност и великодушност се потиснува, таа се суши и срцето станува осамено и ладно. Треба да се чувате од оваа заблуда. Љубовта не може долго да опстане ако не се изразува. Не дозволувајте срцето кое е поврзано со вас да умре од недостаток на љубезност и сочувство...

Секој нека се труди да даде љубов, а не да бара. Негувајте го она што е најблагородно во вас и бидете брзи да ги забележите добрите особини кај другиот. Свеста за тоа дека сме ценети, е доволен внатрешен поттик и извор на задоволство. Сочувството и почитувањето ги поттикнуваат стремежите за постигнување на совршенство, а самата љубов се зајакнува кога се бодри да исполнува поблагородни цели.[9]

Причината што во нашиот свет постојат толку мажи и жени со тврдо срце, се наоѓа во тоа што вистинската чувствителност 108
се смета за слабост; луѓето се трудат да ја задушат во себе. Подобриот дел од природата на таквите луѓе е расипан и закржлавен уште во детството. Ако зраците на божествената светлина не можат да ја стопат ладнокрвноста и себичноста на тврдото срце, секој таков човек засекогаш ја погребува својата среќа. Ако сакаме да имаме нежно срце, како што било Исусовото додека бил на Земјата, и посветени чувства, какви што имаат ангелите кон греш-

ните смртници, ние мораме да ги негуваме чувствата уште од своето детство. Тогаш ќе бидеме очистени, облагородени и раководени според небесните начела.[10]

Ние во нашите семејства внесуваме премногу грижи и товар, а премалку ги негуваме природната едноставност, мирот и среќата. Треба што помалку да се грижиме за она што ќе каже светот, а да бидеме многу повнимателни кон членовите на семејниот круг.

Во домот треба што помалку да се истакнува однесувањето според световната учтивост, а да се покаже што поголема нежност и љубов, ведрина и христијанска учтивост. Мнозина треба да научат како да го направат домот попривлечен, да стане место на радост. Благодарните срца и љубезните погледи вредат повеќе од имотот и луксузот, а задоволството во едноставните работи ќе го направи домот среќен ако во него владее љубов.[11]

**Вредноста на малите вниманија. –** Бог нè испитува и нè искушува во малите постапки во животот. Многу ситници откриваат какво е нашето срце. Севкупноста на животната среќа ја сочинуваат малечките вниманија, бројните мали примери на едноставна услужливост и љубезност во животот; и обратно, запоставувањето на љубезните, охрабрувачки и сочувствителни зборови и мали вниманија ја зголемуваат животната несреќа. На крајот ќе се покаже дека извештајот што небото го чува за нас, во голем дел се состои од секој забележан чин на самооткажу-
109 вање во полза на доброто и среќата на нашите ближни. Во исто време, мора да се знае дека грижата само за себеси, без да мислиме за доброто и среќата на другите, не останува незабележано од нашиот небесен Татко.[12]

**Сопруг кој не ги изразил своите чувства. –** Домот во кој владее љубовта, во кој таа се изразува со зборови, погледи и дела е место на кое ангелите сакаат да престојуваат и да го осветлуваат со зраците на славата. Во него едноставните домашни должности се привлечни за сите. Во такви услови ниту една животна должност нема да биде непријатна за твојата сопруга. Таа ќе ги извршува со радосно срце, а и самата ќе биде зрак на светлина за сите кои живеат околу неа; а во своето срце ќе му пее на Господа.

Таа сега чувствува дека не ѝ припаѓаат чувствата на твоето срце. Ти си ѝ дал повод да дојде до тој заклучок. Ти ги извршуваш потребните должности кои како глава на семејството треба да ги извршуваш, но нешто ти недостасува. Постои сериозен недостаток на драгоценото влијание на љубовта кој се огледува во љубезните постапки. Љубовта треба да се види во погледот и во однесувањето, а да се чувствува во тонот на гласот.[13]

**Разочарана сопруга која мисли само на себе. –** Моралниот карактер на оние кои се соединуваат во брак, со меѓусебното дружење, или се издигнува или се изопачува. Набргу по венчавката, ниската, лажлива, себична и незауздана природа го започнува своето дело на уништување. Ако момчето направи мудар избор, покрај себе ќе има личност која ќе биде способна да го носи својот дел на животниот товар, која ќе го облагороди и усреќи со својата љубов. Но, ако сопругата има непостојан карактер, ако има високо мислење за себе, ако има претерани барања, ако е склона да префрлува, ако го обвинува мажот за побудите и чувствата кои се производ само на нејзината сопствена расипана 110
природа; ако нема способност за расудување и не е во состојба да ја препознае неговата љубов ниту да ја цени, туку зборува за запоставување и недостаток на љубов затоа што тој не ја исполнува секоја нејзина желба, таа сигурно ќе ја предизвика токму онаа состојба против која зборува и ќе направи сите овие обвинувања да станат реалност.[14]

**Особини на една дружељубива сопруга и мајка. –** Наместо да потоне во секојдневието на домашните работи, сопругата и мајка нека одвои време за читање, да биде добро информирана за да му биде пријател на својот сопруг и да оди во чекор со развојот на умот на своите деца. Мудро нека ги употребува можностите што ѝ се нудат за да ги воспитува своите мили и да ги подготви за еден повозвишен живот. Нека одвои време за својот сакан Спасител да го направи секојдневен Другар и Пријател. Нека најде време да ја проучува Неговата Реч и со своите деца да појде во природа каде што ќе ги поучува за Бога преку убавината на Неговите дела.

Жената треба секогаш да биде ведра и расположена. Наместо секој момент да го поминува во бескрајно шиење, вечерните часови, кога семејството се собира по дневните обврски, нека ги претвори во пријатни дружељубиви состаноци. Тоа многу мажи ќе ги задржи да останат во домот, а не да појдат во некој клуб или локал. Многу момчиња ќе бидат сочувани од улицата или локалите на аголот, а и многу девојки ќе бидат заштитени од лекомислено и заводливо друштво. Тогаш влијанието на домот, сообразно на Божјата замисла, ќе стане доживотен благослов за родителите и децата.[15]

Брачниот живот не е романса; во него се јавуваат вистински тешкотии и сè останато што го сочинува семејниот живот. Сопругата не смее да се смета себеси за кукла која постојано нешто негодува, туку жена која треба да го подаде своето рамо за вис-
111 тински а не измислени товари, жена чиј живот е полн со разбирање, свесна дека треба да мисли и за другите, а не само за себе... Реалниот живот има свои сенки и таги. Секој мора да доживее неволји. Сатаната постојано работи за да ја разниша верата и уништи храброста и надежта во човекот.[16]

**Совет до една несреќна брачна двојка. –** Вашиот брачен живот е многу сличен на пустина – со многу малку зелени места на кои со благодарност би можеле да се сеќавате. А не би требало да биде така.

Како што огнот не може да се одржува ако не му додадеме гориво, така ни љубовта не може да постои ако не се изрази со видливи постапки. Ти брате Ц. сметаш дека е под твоето достоинство преку љубезни постапки да покажеш нежност и да побараш згодна прилика со љубезни зборови и дела да ѝ ги изразиш своите чувства кон сопругата. Ти си превртлив во своите чувства и на тебе околностите многу силно влијаат... Кога си одиш од работа, остави ги своите работни грижи, тешкотии и неволји. Врати се кај своето семејство со насмевка на лицето, со сочувство, нежност и љубов. Тоа ќе биде подобро отколку да трошиш на лекови и лекари за својата сопруга. Таквата постапка ќе биде здравје за телото и душата. Вашиот живот бил многу несреќен. И двајцата сте учествувале во тоа. На Бога не му е мила вашата несреќа;

вие самите сте ја навлекле врз себе поради недостиг на самосовладување.

Им дозволуваш на чувствата да господарат со тебе. Ти, брате Ц., мислиш дека е под твоја чест да покажеш љубов, да зборуваш љубезно и сочувствително. Ти сметаш дека сите нежни зборови се непотребни и дека се израз на попустливост и слабост. 112
Нивното место го заземаат остри зборови, зборови на неслога, расправии и осуда...

Ти носиш во себе дух на назадоволство. Се задржуваш само на своите тешкотии, замислени потреби и сиромаштија која е далеку од тебе, а ја гледаш како да е пред твојата врата. Се чувствуваш огорчено, збунето, измачено; ти се чини како твојот мозок да гори, а духот ти е потиштен. Не негуваш љубов кон Бога, ниту благодарност за сите благослови со кои постојано те опсипува твојот милостив небесен Татко. Гледаш само на непријатните работи во животот. Некој вид на световно лудило те обвил во густа темнина. Сатаната ликува бидејќи знае дека ќе живееш во беда, иако на дофат ти се мирот и среќата.[17]

**Меѓусебната љубов и трпение – наградени. –** Без заемно трпение и љубов нема сила на Земјата која тебе и твојот сопруг би можела да ве задржи во врската на христијанското единство. Вашата врска во бракот треба да биде тесна и нежна, света и возвишена. Таа во вашиот живот треба да зрачи со духовна сила, за да си бидете еден на друг сè она што го бара Божјата реч. Кога ќе го постигнете степенот кој Господ сака да го достигнете, ќе го имате небото на Земјата, а Бога во својот живот.[18]

Имајте на ум, мили мои брате и сестро, дека Бог е љубов и дека преку Неговата милост можете да успеете да се усреќите еден со друг, како и што си ветивте кога го дадовте брачниот завет.[19]

Ако го прифатат Христа за свој помошник, мажите и жените можат да го постигнат идеалот којшто Бог им го поставил. Она што не може да го направи човечката мудрост, ќе го направи Неговата милост за оние кои Му се предаваат со целосна доверба. Неговото провидение може да ги поврзе срцата со небесни врски. Љубовта нема да биде само разменување на нежни и ласка- 113
ви зборови. На небесниот разбој исто така се ткае со основата и со потката, но многу поцврсто отколку што може да се исткае на

земниот разбој. Производот не е некоја проѕирна ткаенина, туку
114 ткаенина која ќе ги издржи сите проверки и искушенија. Срцето
ќе биде врзано за срце со златни врски на љубовта кои никогаш
нема да се раскинат.[20]

---


1. Testimonies for the Church, Vol. 7, p. 45
2. Ministry of Healing, pp. 359, 360
3. Id., p. 360
4. Testimonies for the Church, Vol. 7, p. 46
5. Ministry of Healing, p. 360
6. Review and Herald, Feb. 2, 1886
7. Letter 18a, 1891
8. Testimonies for the Church, Vol. 7, p. 47
9. Ministry of Healing, pp. 360, 361
10. Testimonies for the Church, Vol. 3, p. 539
11. Id., Vol. 4, pp.621, 622
12. Id., Vol. 2, pp. 133, 134
13. Id., pp. 417, 418
14. Letter 10, 1889
15. Ministry of healing, p. 294
16. Letter 34, 1890
17. Testimonies for the Church, Vol. 1, pp. 695-697
18. Letter 18a, 1891
19. Testimonies for the Church, Vol. 7, p. 49
20. Ministry of Healing, p. 362

# Заеднички обврски

**Секој има свои одговорности. –** Две души, кои ги поврзале своите судбини и интереси за цел живот, имаат свои определени особини и лични одговорности. Секој има своја работа, а жената не треба да се цени според обемот на работа што може да го заврши, како што го правиме тоа со животните. Жената треба да го краси семејниот круг како сопруга и пријател на разумниот маж. На секој чекор таа треба да се праша: „Дали тоа е образецот на вистинска женственост?" и: „Како своето влијание во домот да го направам да биде слично на Христовото?" Сопругот треба да ѝ стави до знаење на својата сопруга дека ја цени нејзината работа.[1]

Жената треба да го почитува својот сопруг. Сопругот е должен да ја сака и храбри својата сопруга. Како што нивниот брачен завет ги соединува во едно, така и нивната вера во Христа треба да ги соедини во Него. Може ли нешто да биде поугодно за Бога од тоа да види како оние што влегле во брачна врска настојуваат да учат од Исуса и да бидат сè повеќе и повеќе проникнати со Светиот Дух.[2]

Сега треба да извршувате должности какви што не сте имале пред да стапите во брак. „Облечете се... во милосрдност, доброта, смиреност, кротост и долготрпеливост." „И живејте во љубов, како што и Христос ве возљуби" (Колошаните 3,12). Внимателно проучете го следново упатство: „Жени, покорувајте им се на мажите свои како на Господа, зашто мажот е глава на жената како што е и Христос глава на Црквата... Па, како што Црквата му се пкорува на Христа, така и жените да им се покоруваат на своите мажи во сè. Мажи, сакајте ги жените свои, како што Христос ја засака Црквата и се предаде себеси за неа" (Ефешаните 5,22-25).[3] 115

**Божје упатство за Ева. –** На Ева ѝ се предочени неволјите и болките што од сега мора да бидат нејзина судбина. „А на жената ѝ рече: Ќе ти ги умножам и преумножам маките кога си бремена; со болка ќе раѓаш деца, и ќе бидеш под власт на мажот свој, и тој ќе ти биде господар!“ (1. Мојсеева 3,16). При создавањето Бог Ева ја изедначил со Адама. Да му останале послушни на Бога – во сообразност со неговиот голем закон на љубовта – тие би живееле во вечна меѓусебна хармонија. Но гревот донел раздор и нивното единство можело да се одржи само со меѓусебно потчинување еден на друг. Ева прва згрешила, а на искушението му подлегнала затоа што, наспроти божественото упатство, се одделила од својот маж. Подоцна, на нејзино инсистирање, згрешил и Адам, и затоа таа сега морала да му биде потчинета на својот маж. Кога паднатите луѓе би се придржувале кон начелата содржани во Божјиот закон, оваа пресуда, иакоуследила како последица на гревот, би се покажала како благодат за нив. Меѓутоа, човекот премногу често го злоупотребувал предимството што му е дадено над жената, загорчувајќи ја уште повеќе нејзината судбина и создавајќи од нејзиниот живот вистински товар.

Додека биле во Едем, Ева била совршено среќна покрај својот маж, но, како и модерните Еви на денешното време, кои не можат да се задоволат со она што им е дадено, се занесувала со надежта дека ќе проникне во некоја сфера повисока од онаа во којашто ја упатил Бог. Обидувајќи се да се издигне над положбата која првобитно ѝ била определена, паднала на ниво многу пониско од она на кое се наоѓала. Слично ќе поминат сите оние кои должностите на својот живот не ги прифаќаат доброволно и во сообразност со Божјите планови.[4]

**Жени бидете покорни; мажи сакајте. –** Често се поставува прашањето: „Зар жените не треба да имаат своја волја?“ Библијата јасно ни кажува дека мажот е глава на семејството. „Жени, поко-
116 рувајте им се на мажите свои“ (Ефешаните 5,22). Кога овој налог вака би завршил, би можеле да кажеме дека положбата на жената не е на завидно ниво; во многу случаи тоа е многу тешка и мачна позиција и би било подобро кога би имало помалку бракови. Мнозина мажи застануваат на следниве зборови: „Жени, поко-

рувајте им се...“, но ние ќе го прочитаме налогот до крај, а тој гласи: „како на Господа“.

Бог очекува жените постојано да го имаат пред себе Божјиот страв и Неговата слава. Жената може да му биде целосно покорна само на Господа Исуса Христа, кој ја откупил како свое Дете по бескрајна цена, по цена на својот живот. Бог ѝ дал совест, која не може да ја прекрши а да не добие казна. Нејзината личност не смее да се претопи во личноста на нејзиниот сопруг, бидејќи Христос ја откупил. Погрешно е кога жената мисли дека со слепа преданост треба да прави сѐ што мажот ќе ѝ каже, ако знае дека, кога така постапува, ќе му нанесе штета на своето тело и дух, кои се откупени од сатанското ропство. Постои Еден кој е поголем од нејзиниот маж – тоа е нејзиниот Откупител, а таа треба да биде покорна на својот маж така како што одредил Бог – „како на Господа“.

Кога мажите бараат целосна покорност од своите жени, тврдејќи дека жените немаат глас ниту право во домот и дека мораат да покажат целосна покорност, тие ги ставаат своите жени во позиција спротивна на Библијата. Вака толкувајќи го Светото писмо, тие стануваат против неговите правила за брачната заедница. Ваквото толкување е израз на чисто самоволие, на кое немаат право. Меѓутоа, во Писмото стои: „Мажи, сакајте ги жените свои и не огорчувајте ги!“ (Колошаните 3,19). Зошто мажот би се лутел на својата сопруга? Ако мажот ги забележува грешките кај неа, како и недостатоците, горчината нема да го отстрани злото.[5] 117

**Жените да бидат покорни на мажите само кога мажите се покорни на Христа. –** Многу мажи, во својот однос кон сопругите, не го претставуваат правилно Господа Исуса и Неговиот однос кон црквата, бидејќи не се држат до Господовиот пат. Тие велат дека нивните жени мораат во сѐ да им се покоруваат. Меѓутоа, Божја намера не била сопругот да владее како глава на семејството, ако и самиот не му се покорува на Христа. Тој мора да биде под водство на Христа за да може да го претставува Христовиот однос кон црквата. Ако е груб, остар, самобендисан, суров, себичен и арогантен, нека не кажува никогаш дека мажот е глава на жената и дека таа во сѐ мора да му се покорува; зашто тој не е Господ ниту е сопруг во вистинска смисла на зборот...

Мажите треба да го проучуваат споменатиот пример и да настојуваат да го сфатат симболот даден во Ефешаните, за односот на Христа кон црквата. Мажот во своето семејство треба да биде сличен на Спасителот. Дали тој секогаш ќе ја чува својата благородна, од Бога дадена мажественост и ќе тежнее да ги издигне сопругата и своите деца? Ќе создава ли околу себе чиста и пријатна атмосфера? Зар нема истрајно да ја негува Исусовата љубов, која за него мора да биде постојано начело во домот, ако бара да се почитува неговиот авторитет?

Секој сопруг и татко нека се труди да ги разбере Христовите зборови, но не еднострано, занимавајќи се само со покорноста на жената кон мажот, туку, во светлината на крстот од Голгота, треба да го пронајде своето место во семејниот круг. „Мажи, сакајте ги жените свои, како што Христос ја засака Црквата и се предаде себе за неа, за да ја освети, очистувајќи ја со водна бања преку словото“. Исус се предал себеси да умре на крстот за да мо-
118 же да нè очисти и под влијание на Светиот Дух да нè сочува од секој грев и нечистота.[6]

**Заемно трпение. –** Мораме да го имаме Божјиот Дух, инаку никогаш нема да имаме хармонија во домот. Ако го има Христовиот дух, сопругата ќе внимава на своите зборови, ќе управува со својот дух, ќе биде покорна, а сепак нема да смета дека е робинка туку пријател на својот сопруг. Ако сопругот е Божји слуга, тој нема да господари над својата жена, нема да биде себичен и строг. Ако сме притиснати со грижи, не можеме да негуваме дух на семејна љубов, бидејќи домот, кога во него престојува Господовиот Дух, е претслика на небото... Ако едниот згреши, другиот ќе покаже трпение слично на Христовото и нема само рамнодушно да се повлече.[7]

Ниту мажот ниту жената не треба да се обидуваат да владеат еден над друг. Не обидувајте се да го натерате вашиот брачен другар да се покорува на вашите желби. Не можете да го правите тоа а да ја сочувате меѓусебната љубов. Бидете љубезни, трпеливи и попустливи, полни со обѕир и учтиви. Преку Божјата милост ќе успеете да се усреќите еден со друг, како што сте си ветиле кога сте го дале својот брачен завет.[8]

**Попуштајте си еден на друг. –** Мажите и жените во бракот често постапуваат како недисциплинирани, своеглави деца. Мажот си го бара своето, а жената своето, и никој нема намера да попушти. Ваквата состојба може да доведе до голема несреќа. И мажот и жената мора да бидат готови да си попуштаат еден на друг. Ако и двајцата упорно настојуваат да го прават она што го сакаат, нема да бидат среќни.[9]

Сè додека сопружниците не го прифатат Христовиот начин на
живот, Неговата кротост и понизност, кај нив ќе се открие напа-
ден, неразумен дух, кој често се гледа и кај децата. Силната и не-
дисциплинирана волја секогаш е подготвена да владее. Таквите
треба да ги проучуваат Павловите зборови: „Кога бев дете, збору- 119
вав како дете, како дете мислев, како дете размислував; а кога ста-
нав маж, го оставив детското“ (1. Коринќаните 13,11).[10]

**Совладување на семејните тешкотии. –** Не е лесно да се совладаат семејните тешкотии, дури и тогаш кога сопружниците се обидуваат праведно да ги поделат своите различни должности, ако не го покорат своето срце на Бога. Како мажот и жената можат да ги поделат интересите во својот семеен живот, а и понатаму да се сакаат и почитуваат еден со друг? Тие треба да имаат заеднички интерес за сè што се однесува на домот, а сопругата, ако е христијанка, ќе ги усогласи своите стремежи и цели со оние на својот сопруг како другар, зашто сопругот треба да биде глава во домот.[11]

**Совет до едно нехармонично семејство. –** Твојот дух не е добар. Кога ќе заземеш став, не ги проценуваш доволно работите и не мислиш за последиците додека упорно настојуваш да го задржиш своето гледиште, кое своеволно го внесуваш во твоите молитви и разговори, иако знаеш дека твојата жена не го дели твоето мислење. Наместо да ги цениш чувствата на својата жена и љубезно да ги избегнуваш оние работи за кои знаеш дека не се согласувате, како што тоа би го направил секој благороден човек, ти настојуваш да се занимаваш со спорни прашања и упорно се трудиш да ги истакнеш без да ги земеш предвид ставовите на некој друг околу тебе. Ти сметаш дека другите немаат право да имаат гледиште поинакво од твоето. Таквите плодови не растат на христијанско дрво.[12]

Брате мој, сестро моја, отворете ја вратата на своето срце и примете го Исуса. Повикајте го во храмот на својата душа. Помогнете си еден на друг додека ги совладувате тешкотиите кои се појавуваат во семејниот живот на сите луѓе. Во острата борба мо-
120 рате да го победите својот непријател – сатаната, и ако очекувате Бог да ви помогне во таа борба, морате да се соедините и да донесете одлука да победите, да ги запечатите своите усни да не изговорат ниту еден погрешен збор, па ако треба, паднете на своите колена и извикајте: „Господе, закани му се на непријателот на мојата душа!“[13]

**Христос создава единство. –** Ако се исполнува Божјата волја, сопружниците ќе се почитуваат еден со друг и ќе ги негуваат љубовта и довербата. Сѐ што може да го помати мирот и единството во семејството, треба решително да се отстрани, а да се издигнат љубезноста и љубовта. Оној што ќе покаже дух на нежност, трпение и љубов, ќе почувствува дека му се враќа со истиот дух. Таму каде што владее Божјиот Дух нема да се зборува за неусогласеност на брачната заедница. Ако Христос – надежта на славата – се всели во нас, во домот ќе владее единство и љубов. Христос, кој живее во срцето на сопругата, целосно ќе се согласува со Христос кој живее во срцето на сопругот. Тие заедно ќе
121 се борат за живеалиштата коишто Христос ги подготвува за оние кои го љубат.[14]

---

1. Manuscript 17, 1891
2. Manuscript 36, 1899
3. Testimonies for the Church, Vol. 7, p. 46
4. Patriarchs and Prophets, pp. 58, 59
5. Letter 18, 1891
6. Manuscript 17, 1891
7. Letter 18, 1891
8. Ministry of Healing, p. 361
9. Manuscript 31, 1911
10. Letter 55, 1902
11. Manuscript 31, 1911
12. Testimonies for the Church, Vol. 2, p. 418
13. Letter 105, 1893
14. Signs of the Times, Nov. 14, 1892

# Брачни должности и предности

**Исус не бара од нас самечки живот. –** Оние кои сметаат дека бракот е света Божја установа, кои ги чуваат Неговите свети начела, ќе се раководат според разумот.[1]

Исус не наметнал самотнички живот на ниту една група на луѓе. Тој не дошол да ја уништи светата брачна заедница, туку да ја издигне и да ѝ ја врати првобитната светост. Тој со одобрување гледа на семејната заедница во која владее светата и несебична љубов.[2]

**Бракот е законски и свет. –** Јадењето и пиењето, женењето и мажењето сами по себе не се грев. Во Ноево, како и во наше време, основањето на брачна заедница било во согласност со Законот, ако се постапувало во согласност со неговите прописи и без грешно претерување. Меѓутоа, во Ноево време луѓето се мажеле и се женеле, не грижејќи се за Божјиот совет и Неговото водство...

Фактот дека сите односи во животот имаат минлива природа, треба да го менува сето она што го правиме и зборуваме. Браковите во Ноево време биле грешни пред Бога поради неконтролирана и претерана љубов кон она што само по себе би било во согласност со законот ако правилно се употребувало. И денес има многу такви кои ја губат својата душа, затоа што сите свои мисли ги насочуваат кон бракот и брачните односи.[3]

Брачната заедница е света, но во нашиот изопачен век таа го крие секој вид на ниског. Злоупотребена, денес прераснала во злосторство кое претставува едно од знаците на последното време, како што биле и браковите пред потопот... Кога ќе се сфати 122
светата природа на бракот, како и она што се бара од еден брак,

уште сега тој ќе биде одобрен од небото, а како резултат на тоа ќе настапи заедничка среќа и Бог ќе се прослави.[4]

**Предноста на брачната заедница. –** Оние кои себеси се нарекуваат христијани... должни се искрено да ја ценат секоја предност* на брачната врска, додека светото начело треба да биде основа на секоја постапка.[5]

Во многу случаи, родителите... ги злоупотребиле своите брачни предности и со своето попуштање ги зајакнале своите животински страсти.[6]

**Да се избегне крајноста. –** Обврзани сме да ја избегнеме секоја крајност и кога претеруваме во она што е дозволено со законот, ние правиме тежок грев.[7]

Многу родители не го стекнуваат неопходото знаење кое би требало да го имаат во брачниот живот. Тие не се будни и затоа сатаната ја користи таа предност да владее со нивниот ум како и со нивниот живот. Не согледуваат дека Бог бара во брачниот живот да се чуваат од секое претерување. Малкумина се оние кои сметаат дека верска должност е да владеат со своите страсти. Тие влегле во брак поврзувајќи се со објектот на својот избор, и затоа сметаат дека попуштањето на најниските страсти може да се одобри во бракот. Дури и сопружниците кои тврдат дека се побожни, се препуштаат на своите страсти и не мислат дека Бог ги смета одговорни за растурање на животната сила, која го слабее
123 нивното здравје и го поткопува целиот организам.[8]

**Самоткажување и умереност. –** О, кога на сите би можела да им објаснам дека нивна должност кон Бога е да го сочуваат својот дух и своето тело во најдобра состојба за да можат да му понудат совршена служба на својот Создател! Сопругата христијанка нека се воздржува со своите зборови и постапки да не ги распалува животинските страсти на својот сопруг. Мнозина немаат сила за да ја расипуваат на таков начин. Уште од својата младост тие го ослабувале својот ум и го поткопувале својот организам со задоволување на животинските страсти. Слоганот на нивниот брачен живот треба да биде – самооткажување и умереност.[9]

* Во една пригода Елена Вајт зборувала за „тајните и предностите на семејниот однос“ (2 T, p. 90).

Ние имаме свечена обврска пред Бога да го сочуваме својот дух чист а телото здраво, за да бидеме на благодат на човештвото, а на Бога да му послужиме за совршена служба. Апостолот ни ги упатил следните зборови на опомена: „И гревот да не царува во вашето смртно тело, за да не им се покорувате на телесните наслади“ (Римјаните 6,12), потоа ни пишува: „Секој натпреварувач се воздржува од сè“ (1. Коринќаните 9,25). Тој ги повикува сите кои се нарекуваат христијани да го дадат своето тело „како жртва жива, света и благоугодна на Бога“ (Римјаните 12,1). Тој вели: „Туку го совладувам и го поробувам телото, та проповедајќи им на другите, да не бидам и самиот отфрлен“ (1. Коринќаните 9,27).[10]

Не е чиста онаа љубов која поттикнува еден маж да ја претвори својата сопруга во орудие кое ќе служи за ја задоволи својата страст. Тоа се животински страсти, кои пиштат да бидат задоволени.

Колку малку мажи ја покажуваат својата љубов на начин што го опишал апостолот: „Како што Христос ја засака Црквата и се предаде себе за неа, за да ја освети, очистувајќи ја... да биде света и непорочна“ (Ефешаните 5,25-27). Таквата љубов во брачната заедница Бог ја смета за света. Љубовта е чист и свет принцип, додека страста не дозволува да биде зауздана ниту да се покори на разумот. Таа е слепа за последиците; не сака да мисли ни за при- 124
чините ни за последиците.[11]

**Зошто сатаната настојува да ја ослаби самоконтролата? –** Сатаната се обидува да го снижи мерилото за чистота и да ја ослаби самоконтролата кај оние кои влегуваат во брак, бидејќи знае дека со јакнење на ниските страсти ќе предизвика слабеење на моралната сила и нема да биде потребно да се грижи за нивното духовно растење. Тој исто така знае дека нема подобар начин да го вреже својот злобен лик кај нивните потомци и дека така ќе му биде многу полесно да го обликува нивниот карактер отколку карактерот на нивните родители.[12]

**Последици од претерувањето. –** Сопружници, вие еден ден ќе сфатите што е страста и какви се последиците од нејзиното задоволување. Ниските страсти можат да се најдат во бракот како и надвор од него.[13]

Какви се последиците од попуштањето на ниските страсти?... Спалната соба, во која треба да престојуваат Божјите ангели, се онечистува со несвети постапки. Бидејќи владеат срамните страсти, телото се расипува и срамните постапки водат до срамни болести. Она што ни го дал Бог како благослов, претворено е во проклетство.[14]

Сексуалните претерувања целосно ќе ја уништат љубовта кон богослужението, ќе го лишат мозокот од супстанциите потребни за одржување на организмот и целосно ќе ја истрошат животната сила. Ниту една жена не би требало да му помага на својот сопруг во тоа дело на самоуништување. Таа нема да го прави тоа ако е просветлена и ако вистински го сака.

Колку повеќе човекот им попушта на животинските страсти,
125 тие стануваат сè посилни, а нагонот да се задоволат станува сè поголем. Побожните мажи и жени треба да се разбудат и да ја согледаат својата должност. Многу таканаречени христијани страдаат од нервна и умствена парализа поради својата неумереност.[15]

**Внимателни сопрузи. –** Сопрузите треба да бидат грижливи, внимателни, постојани, верни и милосрдни. Тие треба да покажат љубов и сочувство. Ако живеат според Христовите зборови, нивната љубов нема да биде телесна, земна, сетилна, која води кон уништување на нивното тело, а на сопругите им навлекува слабост и болест. Тие нема да се препуштат на задоволувањето на ниските страсти, ниту ќе им зборуваат на своите сопруги дека во сè треба да му се покоруваат на мажот. Кога сопругот има благороден карактер, чисто срце и просветлен разум – со што треба да се одликува секој христијанин – тоа ќе се одрази на брачните односи. Ако го има Христовиот ум, тој нема да го уништува телото, туку ќе биде полн со нежна љубов и со желба да го постигне највисокиот идеал во Христа.[16]

**Кога ќе се јават сомнежите. –** Ниту еден маж не може вистински да ја сака својата сопруга ако таа покорно му се потчини, готова да му стане негов роб за да ги задоволи неговите изопачени страсти. Со својата безволна покорност таа ја губи вредноста што ја имала претходно во неговите очи. Тој гледа како таа во сè се симнува од своето возвишено место и наскоро почнува да ја об-

винува дека исто така покорно ќе се препушти на понижување и кај некој друг човек. Тогаш почнува да се сомнева во нејзината постојаност и чистота, му станува здодевна и затоа почнува да бара нови објекти кои ќе ја разбудат и зајакнат неговата пеколна страст. Божјиот закон се презира. Овие луѓе се полоши од животните; тоа се демони во човечки облик. Ним не им се познати начелата на вистинската и посветена љубов која издигнува и облагородува. 126

Жената исто така станува љубоморна на својот сопруг и мисли дека тој, ако му се пружи прилика, на друга ќе ѝ ја подари својата наклоност. Таа гледа дека тој не се управува ниту според совеста ниту според стравот Божји; ниските страсти ги урнале сите свети огради. Сè она што во сопругот било слично на Бога, сега служи на ниските, животински страсти.[17]

**Проблеми од неразумните барања. –** Прашањето кое овде се поставува гласи: треба ли жената слепо да се покорува на барањата на својот сопруг кога ќе види дека со него владеат само ниските страсти и кога разумот ѝ вели дека, со тоа што го прави, си штети на своето тело кое Бог ѝ го доверил да го држи во светост и чест и да го сочува како жива жртва за Бога?

Не е чиста ниту света онаа љубов која жената ја тера да ги задоволува животинските склоности на својот сопруг на штета на своето здравје и животот. Ако има вистинска љубов и мудрост, ќе настојува неговиот ум да го одврати од задоволувањето на страстите и да го насочи кон повисоки духовни теми со тоа што ќе му открие интересни духовни предмети. Можеби ќе биде потребно смирено и со љубов, дури и по цена да го предизвика неговото незадоволство, да му укаже на тоа дека таа не може да го понижува своето тело со попуштање во сексуалното претерување. Таа треба на нежен и љубезен начин да го потсети на тоа дека Бог го има првото и највозвишено право на целото нејзино битие и дека таа не може да го презре ова право бидејќи ќе биде повикана на одговорност во големиот Господов ден...

Ако таа ги издигне своите чувства и ако го сочува своето женско достоинство во светост и чест, жената може со своите разумни постапки многу да направи за посветувањето на својот маж

и на тој начин да ја исполни својата возвишена мисија. Постапувајќи така, таа може да изврши двојно дело: може да го спаси и сопругот и себеси. Во врска со ова прашање, толку чувствително
127 и тешко за решавање, потребно е многу трпение и мудрост, како и морална храброст и духовна сила. Силата и милоста можат да се најдат во молитва. Искрената љубов треба да биде начело кое владее со срцето. Само љубовта кон Бога и љубовта кон сопругот можат да бидат темел за секоја вистинска постапка...

Ако жената на својот маж му го потчини телото и умот, и ако во сѐ рамнодушно му се препушта на неговата волја, жртвувајќи ја својата совест, своето достоинство, па дури и својата личност, таа со тоа ја пропушта можноста да го изврши она силно влијание кое ќе го издигне и облагороди нејзиниот сопруг. Таа може да ја омекне неговата груба природа. Со своето посветувачко влијание таа ќе го направи поблагороден и почист, ќе го поттикне сериозно да се труди да завладее со своите страсти и да стане духовен; така и двајцата ќе имаат удел во Божјата природа, ако побегнат од телесните желби на овој свет. Моќта на влијанието може да биде големо и тоа може да го поттикне умот да се занимава со возвишени и благородни теми, а не со ниски сетилни попуштања по кои тежнее необратеното срце. Ако жената смета дека треба да го снижи својот идеал за да му угоди на мажот кај кого животинските страсти станале основа за неговата љубов и начело на неговото дејствување, таа го навлекува на себе Божјето негодување бидејќи со тоа се откажува од својата должност да врши посветувачко влијание на својот сопруг. Ако смета дека без ниту еден збор на приговор мора да се покори на неговите ниски страсти, тоа значи дека не ја сфаќа својата должност кон него и кон Бога.[18]

**Нашето тело Божја откупена сопственост. –** Ниските страсти имаат свое седиште во телото и дејствуваат преку него. Изразите „тело“, или „телесен“, или „телесни страсти“, се однесуваат на ниската, расипана природа. Телото само по себе не може да дејствува спротивно на Божјата волја. Заповедано ни е да го распнеме телото со неговите страсти и желби. Како да го сториме тоа?
128 Дали да му нанесеме болка на телото? Не, но треба да ја уништиме желбата за гревот. Мораме да ја отфрлиме секоја расипана ми-

сла и разумот да го предадеме „да му се покорува на Христа“. Сите телесни склоности мора да се потчинат на повисоките сили на душата. Божјата љубов мора да има целосна власт над нас. Христос мора да седи сам на престолот на нашето срце. Своето тело мораме да го сметаме за Негова откупена сопственост. Деловите на телото мора да станат орудија на правдата.[19] *129*

*130*

1. Solemn Appeal, p. 139
2. Manuscript 126, 1903
3. Review and Herald, Sept. 25, 1888
4. Testimonies for the Church, Vol. 2, p. 252
5. Id., p. 380
6. Id., p. 391
7. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 505
8. Id., Vol. 2, p. 472
9. Id., pp. 477, 478
10. Id., p. 381
11. Id., p. 473
12. Christian Temperance and Bible Hygiene, p. 130
13. Testimonies for the Church, Vol. 2, p. 473
14. Manuscript 1, 1888
15. Testimonies for the Church, Vol. 2, p. 477
16. Manuscript 17, 1891
17. Testimonies for the Church, Vol. 2, pp. 474, 475
18. Id., pp. 475-477

*Шести дел*

# НОВ ДОМ

*Деветнаеста глава*

# Каде да пронајдеме место за својот дом?

131 **Начела коишто треба да нè раководат во изборот на место за дом. –** Кога бираме место за нашиот дом, Бог пред сè сака да ги имаме на ум моралните и верски влијанија кои ќе нè опкружуваат нас и нашето семејство.[1]

Треба да одбереме таква средина која најповолно ќе влијае на нашиот духовен напредок и во која ќе ни биде достапна секоја помош што ни стои на располагање, бидејќи сатаната ќе поставува многу пречки за нашето напредување кон небото да го направи што потешко. Можеби ќе се најдеме и во мачна положба и не ќе бидеме во можност да ја одбереме околината во која би сакале да живееме, но во секој случај, не смееме своеволно да се изложиме на влијание кое е неповолно за изградба на христијански карактер. Ако должноста нè принуди да дојдеме во неповолна средина, треба двојно повеќе да бдееме и да се молиме за Христовата милост да нè сочува од расипаност.[2]

Евангелието нè учи... да ги цениме нештата според нивната вистинска вредност и да вложиме напори за она што е од највисока вредност – она што е трајно. Оваа поука им е неопходна на оние врз кои почива одговорноста да изберат место за свој дом. Тие не смеат да дозволат да бидат одвратени од највозвишената цел...

Оваа цел нека ве води додека барате место кое ќе биде ваш дом. Чувајте се од желбите за богатство, од влијанието на модата или обичаите на општеството. Мислете за она што најмногу ќе придонесе за едноставноста, чистотата, здравјето и вистинските вредности...

Наместо да живеете таму каде можат да се видат само делата на човечките раце, каде она што се гледа и слуша често оживува и буди зли мисли, каде постојаната врева и метеж предизвикуваат умор и немир, одете таму каде што ќе уживате во Божјите де- 132
ла. Побарајте мир за душата во убавината, тишината и спокојот на природата. Вашето око нека се задржи на зелените полјани, шумите и ридовите. Загледајте се во синото небо, ослободено од градскиот чад и прав, и дишете го тој чист и оживувачки воздух.[3]

**Првиот дом како пример. –** Едем како дом на нашите прародители требало да биде мустра за сите други домови на нивните потомци кога ќе се рашират населувајќи ја земјата. Тој дом, украсен со раката на Творецот, не бил некоја раскошна палата. Луѓето во својата гордост уживаат во величествени и скапоцени градби и се восхитуваат со делата на своите раце. Меѓутоа, првиот човек Бог го настанил во градина. Тоа бил негов дом, негов стан. Синото небо му било покрив во вид на купола, а земјата, прекриена со нежно цвеќе и со наметка од живо зеленило, претставувала под; заштита над главата сочинувале лисните гранки на прекрасните дрвја, а ѕидовите на неговото живеалиште биле прекриени со највеличествен украс – со делата на рацете на големиот Уметник. Сè што ја опкружувало светата брачна двојка претставувало наука за сите времиња – дека вистинската среќа не лежи во задоволувањето на гордоста, во изобилството и раскошот, туку во одржувањето на заедница со Бога преку неговите совршено создадени дела. Кога луѓето помалку внимание би им обрнувале на вештачките творби, а повеќе би негувале едноставност, многу повеќе би одговарале на онаа цел што ја имал Бог кога го создал човекот. Гордоста и славољубието никогаш не можат да се задоволат, но оние луѓе кои навистина се мудри, ќе најдат вистинско и возвишено задоволство на изворите на радоста што Бог ги направил достапни за сите.[4]

**Бог го одбрал земниот дом за својот Син. –** Исус дошол на оваа Земја за да го изврши најголемото дело меѓу луѓето. Тој дошол како Божји пратеник, да ни покаже како да живееме за да постигнеме најдобри резултати во животот. Кои услови Бесконечниот Татко ги одбрал за својот Син? Скромен дом меѓу галилејските ридови; семејство кое се издржувало со чесна и тру- 133

дољубива работа; едноставен живот; секојдневна борба со тешкотиите и сиромаштијата; самопожртвуваност, штедливост и трпелива радосна служба; катадневно проучување до скутот на мајка си, со отворени страници на Светото писмо; тишината на сончевиот изгрев или залез по зелените ливади; светото влијание на природата; проучување за создавањето и провидението; и заедницата на душата со Бога – тоа биле условите, можностите и околностите на Исусовото детство.[5]

**Домовите во Ветената земја. –** Воспитувањето кое започнало во пустината се продолжило во Ветената земја под околности поповолни за создавање на добри навики. Народот овде не живеел во густо населени градови, туку секое семејство имало свој имот, кој на сите им обезбедувал благослов што им носел добро здравје и еден природен и нерасипан живот.[6]

**Влијанието на средината врз развојот на Јовановиот карактер. –** Христовиот гласник, Јован Крстител, првото воспитување го добил од своите родители. Најголем дел од својот живот го поминал во пустина... Самиот одлучил да се откаже од уживањето и раскошот на градскиот живот и да го замени со строг живот во пустината. Таа околина помогнала да создаде навики на едноставност и самооткажување. Непопречен од вревата на овој свет, тој можел да ги проучува поуките што ги дава природата, откровението и провидението... Уште од детството му била предочувана неговата мисија и тој ја прифатил таа света одговорност. За него самотијата во пустината била згодно прибежиште од општеството во кое владееле сомнежи, неверство и нечистота. Јован немал доверба во својата сопствена сила, и добро знаел дека не може сам да се спротивстави на искушението и да го избегне по-
134 стојаниот допир со гревот, кој би направил да го изгуби чувството за сопствената грешност.[7]

**Други великани пораснати во едноставни домови. –** Така било и кај повеќето најдобри и најблагородни луѓе на сите времиња. Читајте ја историјата за Аврам, Јаков и Јосиф, за Мојсеј, Давид и Елисеј. Проучувајте го животот на луѓето во подоцнежните времиња, кои стоеле на најдоверливи и одговорни места.

Колку од нив пораснале во едноставни домови. Малкумина од нив знаеле за раскош. Младоста не им поминувала во забави. Мнозина морале да се борат со сиромаштија и скудност. Рано научиле да работат, а таквиот активен живот на отворено направил да станат силни и вредни. Принудени да се потпрат само на сопствените сили, научиле да се борат со тешкотиите и да ги совладуваат пречките, па така стекнале храброст и истрајност. Тие ги прифатиле поуките за самостојност и владеење со себеси. Заштитени од лошото друштво, уживале во природната разонода и добрите пријатели. Биле едноставни во својот вкус и умерени во своите навики. Се раководеле според начелата и израснале во чистота, сила и вистина. А кога биле повикани да го остварат своето животно дело, во него ја внеле сета сила на телото и умот, и живоста на духот, способни да планираат и да ги исполнуваат плановите и истрајни во спротивставување на злото. Тоа ги направило моќни борци за доброто во овој свет.[8] 135

---

1. Patriarchs and Prophets, p. 169
2. Messages to Young People, p. 419
3. Ministry of Healing, pp. 363, 366, 367
4. Patriarchs and Prophets, pp. 49, 50
5. Ministry of Healing, pp. 365, 366
6. Id., p. 280
7. Testimonies for the Church, vol. 8, p. 221
8. Ministry of Healing, p. 366

*Дваесетта глава*

# Семејството и градот

**Опасностите на градскиот живот. –** Животот во градовите е лажен и неприроден. Постојаното тежнеење да се дојде до пари, виорот од возбуди и желбата за уживање, жедта за расфрлање, раскош и претерување – сè се тоа сили кои кај поголемиот дел од човештвото го одвраќаат умот од вистинската животна цел. Тие ја отвораат вратата за илјадници зла. На младите влијаат речиси со неодолива сила. Едно од најподмолните и најопасни искушенија што ги напаѓаат децата и младината во градовите е љубовта кон задоволствата. Тука се многубројните празници, игрите и коњските трки кои привлекуваат илјадници од нив, а вителот од возбуди и желби за уживање ги одвлекуваат од сериозните животни должности. Парите, кои би требало да се употребат за подобри цели, се расфрлаат за забава.[1]

**Мисли на здравјето. –** Условите за живеење во градовите често претставуваат голема опасност за здравјето. Изложеноста на чести заболувања, валканиот и нездрав воздух, неисправната вода, нечистата храна, пренаселените мрачни и нездрави живеалишта, се само некои од бројните зла во градовите.

Не е според Божјиот план луѓето да се трупаат по градовите, збиени во повеќекатни згради и во изнајмени простории. Во почетокот Бог ги настанил нашите први родители среде прекрасни глетки и звуци во кои сака и денес да уживаме. Колку повеќе се приближуваме до овој првобитен Божји план, толку подобро ќе
136 го сочуваме здравјето на телото, умот и душата.[2]

**Изворот на беззаконие. –** Градовите се преполни со искушенија. Работите треба така да ги планираме што наша цел ќе биде

да ги чуваме нашите млади што е можно подалеку од градското зло.[3]

Мораме грижливо да бдееме над децата и младината и да ги држиме понастрана од жариштата на беззаконие кои постојат во нашите градови.[4]

**Врева и метеж. –** Не е по Божја волја Неговиот народ да се населува во градовите, во кои владее непрестајна врева и метеж. Неговите деца треба да се сочуваат од тоа бидејќи забрзаноста, трката и вревата се штетни за целиот организам.[5]

**Тешкотиите на живеењето во град. –** Условите за живеење во градот стануваат сè потешки и потешки. Пред нас се сериозни тешкотии и затоа многу семејства ќе мора да ги напуштат градовите.[6]

**Опустошувањето кое нè очекува. –** Близу е времето кога големите градови ќе бидат збришани и на таа опасност сите мора да бидат предупредени.[7]

О, кога Божјиот народ би бил свесен дека настапува време кога ќе исчезнат илјадници градови, во кои денес скоро целосно владее идолопоклонството![8]

**Поради световните интереси и љубовта кон добивката. –** Кога бараат место за живеење, тие повеќе внимаваат на земните погодности и можности да заработат отколку на моралните и општествените влијанија на кои ќе бидат изложени и кои ќе го опкружуваат нивното семејство. Но поради тоа децата им се изложени на искушенија и често склучуваат познанства што мошне неповолно влијаат врз развитокот на побожноста и врз изградувањето на исправен карактер... 137

Родители, вие, кои ги осудувате Хананејците поради тоа што своите деца ги жртвувале на Молох, што правите вие? Вие ја принесувате најскапоцената жртва на својот бог мамон. А кога вашите деца ќе пораснат без љубов и со нељубезен карактер, кога ќе покажат непобожност и склоност кон неверство, вие ја обвинувате својата вера, затоа што не можела да ги спаси. Вие го жнеете тоа што сте го посеале – последица од својата себична љубов кон светот и запоставувањето на силите на Божјата милост. Вие

го селевте своето семејство во места полни со искушенија, а Божјиот ковчег, вашата слава и заштита, го оставивте на страна; Господ не направи никакво чудо за да ги избави вашите деца од искушенијата.[9]

**Градовите не нудат напредок. –** Ниту едно семејство што живее во град не напредувало телесно, ниту се развило умствено или духовно. Верата, надежта, љубовта и среќата можат да се најдат многу повеќе во оддалечените места опкружени со полиња, ритчиња и дрвја. Тгнете ги своите деца од пренаселените градови од видикот и вревата на градскиот сообраќај, па нивниот ум ќе стане многу поздрав. Ќе видите дека таму нивното срце полесно ја прима вистината на Божјата реч.[10]

**Совет за оние кои го напуштаат селото. –** Многу родители се селат од своите селски домови во градот, сметајќи дека ќе живеат полесно или попријатно. Меѓутоа, со оваа промена тие ги изложуваат своите деца на бројни и големи искушенија. За момчињата нема вработување и затоа тие брзо го прифаќаат уличното воспитување и постепено тонат сè подлабоко во расипаност, додека не го изгубат секој интерес за она што е добро, чисто и свето. Колку би било подобро родителите со своето семејство да
138 останеле на село, каде што околностите за стекнување на телесни и умствени сили се многу подобри. Учете ги младите трудољубиво да ја обработуваат земјата и оставете ги да спијат со слаткиот сон на заморот.

Поради немарноста на родителите, младите во нашите градови ги расипуваат своите патишта и ја валкаат својата душа пред Бога. Тоа секогаш е последица на мрзеливоста. Поправните домови, затворите и бесилките раскажуваат тажни приказни за занемарените должности на родителите.[11]

Подобро е да го жртвувате сè она што ви го нуди овој свет отколку да ги изложите на опасност драгоцените души доверени на ваша грижа. На нив ќе навалат искушенија и треба да ги поучите како да се одбранат. Исто така, ваша должност е да го отстраните секое влијание, да ја искорените секоја навика и да ја прекинете секоја врска која би ве спречувала слободно, искрено и со цело срце, заедно со своето семејство да се предадете на Бога.

Наместо во пренаселениот град, побарајте некое повлечено место во кое вашите деца ќе бидат што позаштитени од искушенијата и тука учете ги и воспитувајте ги да бидат полезни. Пророкот Езекил вака ги набројува причините кои го вовлекле Содом во грев и уништување: „Еве, ова беше беззаконие на сестрата твоја Содом: во гордост, во изобилството на леб и безгрижен мир беше таа и ќерките нејзини, а не му помагаа на сиромашниот и беспомошниот“. Сите оние кои сакаат да ја избегнат судбината на Содом треба да се тргнат од патот кој ги навлекол Божјите судови врз тој грешен град (Езекил 16,49).[12]

Кога се настанил во Содом, Лот бил цврсто решен да се држи на отстојание од безбожните луѓе и истото тоа да му го нареди и на „својот дом по себе“. Но забележливо отстапил од тоа. Заводничките влијанија со кои бил опкружен дејствувале негативно врз неговата вера, а врските на неговите деца со жителите на Содом длабоко ги поврзале неговите интереси со нивните. Последиците на тоа се очигледни. И денеска мнозина прават иста
грешка.[13] 139

Сериозно размислете и за свој дом одберете место што подалеку од Содом и Гомора. Не одете во големите градови. Ако сте во можност, вашиот дом нека биде сместен на тивко место надвор од градот, дури и ако тоа стане причина никогаш да не стекнете имот. Населете се во средина каде ќе се чувствува најповолно влијание.[14]

Господ ми наложи да го опоменам нашиот народ да не се натрупува по градовите и за своето семејство да си најде дом во мирните места. Речено ми е да им кажам на татковците и мајките: настојувајте своите деца да ги задржите на својот имот.[15]

**Време е да ги напуштиме градовите. –** Мојата вест гласи: Изведете ги своите семејства од градовите![16]

Настапи времето семејствата да почнат да ги напуштаат градовите, како што Бог ќе им го отвори патот. Децата треба да се однесат на село. Родителите треба да најдат соодветно место според своите можности. Иако домот може да биде мал, покрај него треба да имате и малку земја за обработување.[17]

Пред да се излее преполната чаша на Божјиот гнев врз жителите на светот, Господ ги повикува сите вистински Израелци да

се подготват за тој настан. Тој на родителите им упатува гласна опомена: Соберете ги вашите деца во своите домови; одвојте ги од оние кои не ги почитуваат Божјите заповеди, кои го проповедаат и практикуваат злото. Излезете од големите градови колку што можете побрзо.[18]

**Бог ќе му помогне на својот народ. –** Родителите можат да изградат мали куќи на село, каде што ќе имаат своја земја за обработување, каде што ќе имаат овоштарник и градина во која ќе одгледуваат зеленчук и други плодови кои ќе го заменат месото кое е толку штетно за крвта во нашите вени. На такви места децата
140 нема да ги опкружува расипничкото влијание на градскиот живот. Бог ќе му помогне на својот народ да најде такви домови над-
141 вор од градовите.[19]

---

1. Ministry of Healing, p. 364
2. Id., p. 365
3. Country Living, p. 30
4. Id., p. 12
5. Id., p. 30
6. Ministry of Healing, p. 364
7. Evangelism, p. 29
8. Review and Herald, Sept. 10, 1903
9. Testimonies for the Church, Vol. 5, p. 320
10. Country Living, p. 13
11. Review and Herald, Sept. 13, 1881
12. Testimonies for the Church, Vol. 5, pp. 232, 233
13. Patriarchs and Prophets, p. 168
14. Manuscript 57, 1897
15. Country Living, pp. 12, 13
16. Id., p. 30
17. Id., p. 24
18. Testimonies for the Church, Vol. 6, p. 195
19. Medical Ministry, p. 310

# Предностите на животот надвор од градот

**Парче земја и удобен дом. –** Според можностите, родителите треба да изградат дом за своите деца на село или во провинција.[1] Татковците и мајките, кои имаат малку своја земја и удобен дом, се слични на цареви и царици.[2]

Ако сте повикани да ги напуштите градовите и да се преселите на село, не сметајте дека тоа ќе ве лиши од животните предности. Богати благослови ги чекаат оние кои ќе го прифатат овој повик.[3]

**Економска сигурност. –** Господ одново и одново му давал упатства на својот народ да ги изведат своите семејства од градовите и да се населат некаде на село, каде што можат сами да произведуваат сè што е потребно за живот, зашто во иднина купувањето и продавањето ќе стане сериозен проблем. Сега е време да обрнеме сериозно внимание на упатството кое постојано ни се повторува: излезете од градовите и појдете во селските средини, во кои куќите не се збиени една до друга и каде што нема да имате никакви неволји.[4]

**Совет за еден градски жител. –** Би било добро за вас да ги напуштите тешките грижи и да најдете прибежиште надвор од градот, каде што моралот на младите не е изложен на толку штетно влијание. Точно е дека ни во најмалечкото место нема да бидете целосно ослободени од неволјите и од тешките грижи, но таму би избегнале многу зла и би ја затвориле вратата за поплавата од искушенија кои се закануваат да завладеат со умот на вашите деца. Ним им е потребна работа и разнообразност. Монотонијата 142

во нивниот дом ги прави незадоволни и неспокојни и ги тера да се дружат со расипаните градски пријатели, дозволувајќи улицата да ги воспитува.

Животот надвор од градот за нив би бил многу благотворен; активниот живот во природа ќе го развие здравјето на умот и телото. Тие треба да имаат градина што ќе ја обработуваат, во која ќе можат да најдат и забава и полезна работа. Одгледувањето на цвеќиња и растенија ќе ги подобри склоностите и размислувањето, додека запознавањето на прекрасните и корисни Божји дела ќе го издигне и облагороди умот, насочувајќи го кон Создателот и Господарот на сè што постои.[5]

**Богат благослов за луѓето на село. –** Земјата во своите пазуви крие благослов за оние кои имаат храброст, волја и истрајност да ги собираат нејзините богатства... Многу земјоделци не ги примиле соодветните благослови од својата земја бидејќи сметале дека работата во земјоделието е понижувачка; таквите не препознаваат дека тука има благослов и за нив и нивните семејства.[6]

**Работа која го оживува умот и го облагородува карактерот. –** Обработувајќи ја земјата, внимателниот работник ќе согледа дека пред него се отвораат ризници за кои воопшто и не сонувал. Никој не може успешно да се занимава со земјоделство или со овоштарство ако не ги почитува законите на таа работа. Мора да се проучуваат посебните потреби на секоја билка. Различните видови бараат различно земјиште и соодветна нега, а покорувањето на законите кои управуваат со секој од нив е услов за успех. Вниманието што го бара пресадувањето, да не се скине или погрешно постави макар и една жилка од коренот, грижата за младите растенија, кроењето и полевањето, заштитувањето од
143 мразот ноќе и од сонцето дење, борбата против плевелот, болестите и штетните инсекти, севкупното негување и уредување, не само што ги нуди значајните совети за развивање на карактерот туку покажува и дека со самата работа се постигнува развој. Учејќи се на грижливост, трпение, темелност, послушност на законот, ние се здобиваме со најважното воспитување. Постојаниот допир со тајните на животот и убавината на природата, како и нежноста потребна за грижата околу овие прекрасни дела на

Божјето создавање, придонесуваат за оживување на умот, облагородување и издигнување на карактерот, а научените поуки му помагаат на работникот поуспешно да постапува со луѓето.[7]

**Бог ќе дава упатства. –** Оној кој ги учел Адам и Ева во Едем како да работат во градината, и денес ќе ги поучува луѓето. Оној кој ора со плуг и сади и сее семе, ќе ја добие потребната мудрост. Земјата ги чува своите скриени богатства, а Бог сака илјадници и десетици илјади од оние кои се насобрале во градовите со намера да заработат некоја мала сума, да излезат и да обработуваат земја... Оние кои ќе ги преселат своите семејства надвор од градовите, ќе ги населат таму каде што има помалку искушенија. Децата чиишто родители го љубат Бога и се бојат од Него, во секој поглед имаат голема предност што можат да учат од Големиот Учител, кој е Извор на секоја мудрост. Тие ќе имаат подобри можности да се подготват за небесното царство.[8]

**Божјиот план за израелската земја. –** Со својата непослушност кон Бога, Адам и Ева го загубиле Едем; поради гревот цела
земја е ставена под проклетство. Но, ако Божјиот народ ги следи 144
Неговите упатства, нивната земја повторно ќе биде плодна и убава. Сам Бог им дал упатства како да ја обработуваат земјата; требало да соработуваат со Него при обновувањето на нејзината првобитна плодност. На тој начин сета земја, под Божја управа, би станала примерен расадник на духовните вистини. Послушноста кон Неговите природни закони би придонела земјата ширум да ги отвори своите граници, а послушноста кон Неговите морални закони би помогнала срцата на луѓето да ги одразуваат особините на Неговиот карактер.[9]

**Духовните поуки од секојдневниот живот. –** Бог нè опкружил со величествени слики од природата за да го привлече и разбуди нашиот ум. Тој сака да ја поврземе величественоста на природата со Неговиот карактер. Ако грижливо ја проучуваме книгата на природата, во неа ќе пронајдеме богат извор кој ни ја открива Божјата љубов и неговата бескрајна сила.[10]

Христос своите поуки не ги поврзал само со денот за одмор, туку и со другите работни денови во седмицата... Со орањето, и

копањето, со сеењето и жетвата како илустрации, Тој ни ја прикажува својата милост во нашето срце. Негова желба е во секоја корисна дејност и во секој животен позив да наоѓаме поуки за божествената вистина. Тогаш нашите секојдневни активности нема да го окупираат нашето внимание во толкава мера за да го заборавиме Бога; напротив, тие непрекинато ќе нè потсетуваат на нашиот Творец и Откупител. Мислата за Бога ќе се провлекува како златна нишка низ сите наши секојдневни грижи и работи, и за нас природата повторно ќе биде проникната со неговата слава. Постојано ќе учиме нови поуки за небесната вистина и сè повеќе ќе се доближуваме до степенот на неговата чистота.[11]

**Слични закони управуваат со природата и човештвото. –** Големиот Учител ги доведувал своите слушатели во допир со природата за да можат да го слушаат гласот кој им зборува преку сè што е создадено; и кога срцето ќе се разнежнело а умот подготвен да прими, Тој им помагал да ја разберат духовната поука од
*145* сцените на кои запирал нивниот поглед... Во неговите поуки има по нешто што го привлекува секој ум, што го допира секое срце. Така секојдневната работа, наместо да биде само бесконечен круг на маки, без повозвишени мисли, преку постојаното потсетување на она што е духовно и невидливо можела радосно и со елан да се извршува.

Така треба и ние да поучуваме. Децата нека научат во природата да гледаат одраз на Божјата љубов и мудрост; мислата за Него нека се поврзе со секоја птица, цвет и дрво; видливото нека им биде толкувач на невидливото, а сите настани во животот средство за пренесување на божествените поуки.

Додека така учат да ги извлекуваат поуките од создаденото и од сите искуства во животот, објаснете им дека истите закони кои управуваат со природата и со настаните во животот, треба да управуваат и со нас; дека тие се дадени за наше добро; и дека само во послушноста кон нив можеме да најдеме вистинска среќа и да постигнеме успех.[12]

**Давајте практични поуки од земјоделството. –** Од речиси безбројните поуки што ги стекнуваме во различните процеси на растење, некои од највредните ни се дадени во параболата на

Спасителот за семето кое расте. Таа нуди поуки и за старите и за младите...

Никнувањето на семето претставува почеток на духовниот живот, а развојот на билката е слика за развојот на карактерот... Кога родителите и учителите настојуваат да ги поучат децата со овие поуки, мора да им дадат и практично знаење. Децата сами нека го подготват земјиштето и нека го посеат семето. И додека тие работат, родителот или учителот може да објасни дека срцето е како градина во која се сее добро или лошо семе и, како што градината мора да се приготви за природното семе, така и срцето мора да се подготви за семето на вистината... Никој не очекува необработената земја веднаш да му донесе род. Треба да се вложи големо внимание и труд за да се подготви земјиштето, да се 146
посее семето и да се одгледа растението. Така мора да биде и кај духовното сеење.[13]

**Лошите навики се слични на плевел. –** Најдобро е домот, по можност, да биде надвор од градот, каде што на децата ќе им стои на располагање земја за да ја обработуваат. Секое дете нека добие свое парче земја. И додека ги поучувате како да ја подготват и обработуваат градината, како да се приготви почвата за сеење на семето, дека е многу важно да се искорне секој плевел, укажете им на тоа колку е важно да ги отстрануваат во животот лошите и штетни постапки. Учете ги дека лошите навики мораат да се искоренат од животот како што плевелот мора да се искорне од градината. Ќе треба време за да ги прифатат овие поуки, но сето тоа ќе биде богато наградено.[14]

**Околината на домот е доказ за нашата вера. –** Родителите се должни пред Бога својата животна околина да ја усогласат со вистината што ја исповедаат. Само тогаш своите деца можат правилно да ги поучуваат и тие ќе научат земниот дом да го поврзуваат со небесниот. Колку што е можно повеќе, земното семејство мора да биде модел за семејството на небото. Тогаш искушението да се попушти на она што е ниско и недостојно, ќе изуби многу од својата сила. Децата треба да се поучуваат дека на оваа земја тука се само на еден пробен период, а дека треба да се воспитуваат да се подготват за становите коишто Христос ги подготвува

за оние кои го љубат и ги држат Неговите заповеди. Тоа е највозвишената должност што родителите мора да ја исполнат.[15]

**Родители, најдете дом во некое село. –** Сè додека Господ ми дава сила да му зборувам на Неговиот народ, нема да престанам да ги повикувам родителите да ги напуштат градовите и да најдат дом надвор од градот, каде што ќе можат да обработуваат земја и да учат од книгата на природата поуки за чистотата и ед-
147 ноставноста. Делата во природата се Господови неми проповедници, кои треба да нè учат за духовните вистини. Тие ни зборуваат за Божјата љубов и ја откриваат мудроста на Големиот Уметник.

Го сакам убавото цвеќе. Тоа нè потсетува на Едем и ни асоцира на блажената земја во која наскоро ќе влеземе ако останеме верни. Господ ги насочува моите мисли кон цвеќето и дрвјата, кои
148 го зајакнуваат нашето здравје.[16]

---

1. Country Living, p. 12
2. Fundamentals of Christian Education, p. 327
3. Country Living, p. 14
4. Id., pp. 9, 10
5. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 136
6. Fundamentals of Christian Education, pp. 326, 327
7. Education, pp. 111, 112
8. Fundamentals of Christian Education, p. 326
9. Christ’s Object Lessons, p. 289
10. Messages to Young People, pp. 365, 366
11. Christ’s Object Lessons, pp. 26, 27
12. Education, pp. 102, 103
13. Id., pp. 104, 105, 111
14. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 124
15. Christian Temperance and Bible Hygiene, p. 144
16. Letter 47, 1903.

# Изградба и опремување на домот

**Обезбедете вентилација, сончева светлина и канализација.** – При ѕидање на објекти, без разлика дали се јавни или приватни за живеење, треба да се предвиди добра вентилација и многу светлина. Црквите и училишните простории често во овој поглед имаат недостатоци. Недостатокот од соодветна вентилација често станува причина за поспаност и тромавост која го упропастува влијанието на многу проповеди и трудот на учителот прави да биде напорен и безуспешен.

Колку што е можно, сите згради за живеење треба да се градат на повисоко и суво земјиште... За ова често недоволно се мисли. Постојаната болежливост, сериозните болести и честата смртност се последица од влажната и маларична земја.

Во зградите за живеење многу е важно да се обезбеди добра вентилација и многу сончева светлина. Покрај изобилна светлина, треба да се овозможи воздухот слободно да струи во секоја просторија. Спалната соба треба да се изгради така што ќе биде добро проветрена и воздухот постојано ќе струи во неа. Ниту една соба не може да биде е добра за спиење, ако секојдневно не биде изложена на сончева светлина и не струи чист воздух во неа. Во повеќето земји спалните соби треба да имаат уреди за затоплување за да можат во студено и влажно време да се загреат и да се исушат.

За гостинската соба треба да се грижите подеднакво како што се грижите и за просториите коишто постојано ги користите. Како и во другите спални соби, и таа треба да има воздух и сонце, како и уред за греење, за да се суши влагата која секогаш се соби-

149 ра во простории коишто долго не се употребувани. Кој и да спие во соба којашто не е изложена на сонце или во кревет што не е доволно проветрен, го изложува на опасност своето здравје, а често и животот...

Оние кои се грижат за постарите домашни, треба да имаат на ум дека ним им се потребни топли и удобни соби. Силата исчезнува со годините и се намалува способноста за отпорност на болести; затоа на постарите им е потребна пообилна сончева светлина и свеж и чист воздух.[1]

**Одбегнувајте ги низините. –** Ако сакаме во нашите домови да владеат здравјето и среќата, мораме да ги ѕидаме таму каде што нема нездрави испарувања или магла која се појавува во низините, за да можеме да ги искористиме сите благослови што ни ги дава небото. Отфрлете ги тешките завеси, отворете ги прозорците и капаците и не дозволувајте никаква лозница, колку и да е убава, да ги засенува прозорците, а ниту дрвја да стојат близу до домот и да го засенуваат од сончевите зраци. Сончевата светлина може да ги избледи завесите и теписите, а на рамките на сликите да им го одземе сјајот, но на вашите деца ќе им подари здрави и румени образи.[2]

**Дворот околу куќата. –** Дворот, кој е украсен на места со засадени дрвја и грмушки малку оддалечени од куќата, делува пријатно за семејството; а ако добро се негуваат, тие нема да му штетат на здравјето. Меѓутоа, ако дрвјата и грмушките се во непосредна близина на куќата, тие ја засенуваат и тоа не е добро за здравјето бидејќи го спречува слободното струење на воздухот и ги задржува сончевите зраци. Поради тоа се собира влага во куќата, особено во влажните периоди од годината.[3]

**Природната убавина влијае на домот. –** Бог ја сака убавината.
150 Тој ги облекол земјата и небото во убавина и со татковска радост ги набљудува своите деца опкружени со она што го создал. Тој сака нашите домови да бидат опкружени со убава природа.

Речиси сите жители на селото можат, без оглед на имотната состојба, околу своите домови да имаат малку тревна површина, неколку дрва што даваат сенка, украсни грмушки или миризли-

во цвеќе. За среќата на еден дом тоа вреди повеќе од секое вештачко украсување. Тоа во семејниот живот ќе внесе благородно влијание кое ќе ја зајакне љубовта кон природата, а членовите на домот меѓусебно ќе ги поврзе и ќе ги приближи кон Бога.[4]

**Мебелот треба да биде едноставен. –** Нашите неприродни навики нè лишуваат од многу благослови и радости и нè попречуваат да живееме полезен живот. Убавиот и скапоцен мебел не е само расфрлање на пари, туку и нешто што е илјада пати поскапо. Тој во домот внесува тежок товар на грижи, труд и неволји...

Наместете го својот дом со едноставен мебел, со предмети со кои лесно се ракува, кои лесно се чистат и кои без големи трошоци можат да се заменат. Можете, според личниот вкус, да направите и наједноставниот дом да стане пријатен и привлечен, ако во него владеат љубовта и задоволството.[5]

Среќата не се наоѓа во празниот сјај. Колку е поедноставен редот во добро уредното домаќинство, толку домот ќе биде посреќен.[6]

**Чувајте се од натпреварувачкиот дух. –** Животот на многу луѓе често е исполнет со разочарувања и умор бидејќи, во желба да ги задоволат помодарските обичаи, си ставиле товар од непотребни работи. Нивните мисли постојано се оптоварени со грижа како да ги задоволат потребите што ги наметнале суетата и 151
надменоста...

Трошоците, грижите и трудот се расфрлаат на она што иако не е штетно, не е ниту потребно, а многу би помогнале за напредок на Божјето дело кога би биле употребени за некоја подостојна цел. Луѓето копнеат по луксузен живот и ги жртвуваат здравјето, силата и средствата само за да го постигнат. Тажно е што меѓу луѓето од иста општествена положба се појавува натпреварувачки дух, кој го поттикнува расфрлањето во облекување и набавка на скапа опрема за домаќинство. Слаткиот збор „дом“ го загубил своето вистинско значење и тој повеќе значи „нешто со четири ѕида, исполнето со скапоцен мебел и украси“, додека неговите станари се во постојана напнатост предизвикана од желбата да ги задоволат барањата на обичаите во различните области на животот.[7]

Голем е бројот на оние кои не се среќни во својот дом бидејќи се трудат првенствено да го сочуваат надворешниот изглед. Тие постојано работат и трошат многу пари. Со своето расфрлање сакаат да стекнат пофалба од своите пријатели – на кои, всушност, воопшто и не им е грижа за нив ниту за нивниот напредок. Еден предмет по друг се купува како неопходен за домот, сѐ додека не се натрупаат скапи предмети кои му угодуваат на окото и ја задоволуваат возгордеаноста и честољубието, но воопшто не ја зголемуваат удобноста на семејството. Меѓутоа, сите овие работи ги пренапрегнале силите, го исцрпиле трпението и го потрошиле скапоценото време кое можело да се посвети за служба на Бога.

Драгоцената Божја милост е потценета и се нашла во втор план, зад она што навистина не е важно; мнозина, додека натрупуваат материјални добра за уживање, ја губат можноста да бидат среќни. Најпосле согледуваат дека материјалните нешта не им го обезбедиле задоволството што тие го очекувале. Бесконеч-
152 ната трка по работа, неуморната грижа за разубавување на својот дом, за да можат пријателите и гостите да се восхитуваат, никогаш не можат да го надоместат времето и средствата кои се потрошени во тој правец. Тоа е само ставање еден претежок јарем на вратот.[8]

**Две различни посети. –** Во некои семејства премногу се направило. Чистотата и редот се значајни за удобноста, но во овие доблести не треба да се претерува, зашто можат животот на домашните да го претворат во тешка мака и горчина. Во домаќинствата на некои луѓе кои ги цениме постои вкочанета точност во распоредот на мебелот и на останатата покуќнина, со што човек не може да се согласи исто како што не може да се согласи и со нередот. Поради бездушниот ред на кој се покорува целата куќа, невозможно е да се најде вистински одмор, кој човек очекува да го има во еден дом.

Не е пријатно кога за време на кратката посета на саканите пријатели ќе забележите како метлата и крпата за прав се во постојано движење, а времето кое сте сакале да го поминете во пријатен разговор со своите пријатели, домаќините го посветуваат на темелното чистење, истражувајќи по ќошовите со-

криени зрнца на прав или остаток од пајажина. Иако тоа можеби го прават од почит кон вашето присуство во куќата, тоа ве доведува до мачно осведочување дека на вашите пријатели им е поважна нивната претстава за совршена уредност и чистота отколку дружењето со вас.

Чиста спротивност на ваквите домови беше домот што го посетивме минатото лето (1876). Неколкуте часови од нашата посета во тој дом не поминаа во неполезна работа или извршување на нешто што би можело да се направи во некое друго време, туку времето го поминавме разговарајќи пријатно и полезно, што значеше одмор за умот и телото. Куќата беше модел на удобност, иако во ништо не се претеруваше. Сите соби беа добро осветлени и проветрени... што беше повредно од најскапите украси. Са-
лоните со својот изглед не го заморуваа окото, затоа што разно- 153
видниот мебел беше вкусно поставен.

Повеќето столици беа за лулање или за одмор и со различен изглед, прилагодени според потребите на членовите на семејството. Тука имаше ниски и високи тапацирани столици; потоа широки и удобни потпирачи, а кај некои и помали; имаше и удобни софи; сѐ како да зборуваше: одморете се на мене. Имаше и маси на кои беа ставени книги и списанија. Сѐ беше уредно и привлечно, но без онаа строга уредност која како да опоменува дека никој ништо не смее да допре или да мрдне од место.

Сопствениците на оваа удобна куќа биле во состојба своето живеалиште скапо да го наместат и украсат, но тие мудро се определиле за удобност, а не за расфрлање. Во таа куќа ништо не беше толку добро да не смее да се употребува, а завесите и капаците не ги чуваа теписите и мебелот од сончевата светлина. Светлината и чистиот воздух даден од Бога, заедно со мирисот на цвеќето од градината, имаа слободен пристап. Членовите на семејството беа исто како и нивниот дом – радосни и пријатни, правејќи сѐ за да се чувствуваме пријатно, и не нѐ опсипуваа со толку внимание кое кај нас би создало чувство дека сме им на товар. Чувствувавме дека ова место е место за одмор. Тоа беше дом во вистинска смисла на зборот.[9]

**Како да го украсите домот? –** Строгата и крајна прецизност, којашто ја споменавме како непријатна страна на многу домови,

не е во согласност со големиот план на природата. Бог не одредил полското цвеќе да расте во леи со обележани граници, туку
154 го расеал како бисери на зелен тепих, за да ја красат земјата со своите разновидни облици и бои. Дрвјата во шумите не изникнале во редови. Окото и умот наоѓаат одмор додека погледот минува по прекрасните предели на природата, посматрајќи ги шумите, ридовите и долините, рамнините и реките, и уживајќи во бескрајната разновидност на облици и бои, во убавината на дрвјата, грмушките и цвеќињата, во огромната градина на природата. Во неа децата, младите и старите можат подеднакво да најдат одмор и задоволство.[10]

Овој закон на разнообразност може да се примени и во домот. И тука треба да постои усогласеност во боите и распоредот на мебелот; но, за добар вкус не е потребно секое парче мебел во собата да биде со ист изглед, материјал и украс. Напротив, за окото многу е попријатно да гледа хармонија во разновидноста.

Дали некоја куќа е поскромна или поимотна, нејзиниот мебел поскап или не, меѓу ѕидовите на тој дом нема да има среќа ако духот на нејзините домашни не е во согласност со божествената волја. Во домот мора да владее радост и задоволство.

Најдобриот дел во домот, најосветлените и најдобрите соби, како и најсоодветниот мебел треба да го користат секојдневно оние кои живеат таму. Тоа ќе го направи домот привлечен не само за домашните што живеат во него туку и за вистинските пријатели што нè сакаат и на кои можеме да им бидеме на благослов како и тие нам.[11]

**Имајте ги на ум удобноста и пријатноста на децата. –** За да бидат децата задоволни и среќни во своите домови не е потребно
155 богата средина и скап мебел, туку потребно е родителите да им укажат нежна љубов и грижливо внимание.[12]

Четирите ѕида, скапоцениот мебел, дебелите теписи, елегантните огледала и убавите слики на ѕидовите не го прават „домот“, ако во него има недостаток од љубов и сочувство. Тој свет збор „дом“ не припаѓа на блескавите куќи во кои радоста на семејниот живот е непозната...

Всушност, удобноста и благосостојбата на децата е последното нешто за кое се размислува во ваквиот дом. Мајката не се грижи за нив бидејќи најголемиот дел од времето го троши на надворешниот изглед, на задоволување на барањата на современото општество. Детските умови не се воспитани; тие стекнуваат лоши навики и стануваат немирни и незадоволни, бидејки во својот дом не наоѓаат никаква радост ни задоволство, туку само непријатни забрани. Така тие неподготвени влегуваат во големиот свет ненасочени од влијанието на домот и од нежниот совет на семејното огниште.[13]

Не зборувајте му на детето како што сум слушнала да зборуваат многу мајки: „Нема место за тебе во салонот. Не седнувај на софата; зар не гледаш дека е прекриена со сатенска прекривка. Не треба да седиш на таа софа“. А кога детето ќе отиде во друга соба, повторно следат ограничувања: „Овде не смее глас да се слушне!“ Кога ќе појдат во кујна, готвачката им вели: „Тука ми пречите. Излегувајте од тука! Правите врева и ми досадувате!“ Каде да оди детето за да го добие потребното воспитување? На улица ли?[14]

**Љубовта и љубезноста се поскапоцени и од луксузот. –** Во нашите семејства внесуваме премногу грижи и товар, а премалку природна едноставност, мир и среќа. Помалку грижете се за тоа што ќе каже светот, а повеќе внимание посветете им на членовите на семејниот круг. Меѓу членовите на домот треба да има 156
помалку световно извештачено однесување, а повеќе нежност и љубов, ведрина и христијанска учтивост. Голем е бројот на оние кои мораат да научат како да го направат домот привлечно место, место исполнето со радост и уживање. Благодарните срца и љубезните погледи вредат повеќе од богатството и луксузот, а наоѓањето задоволство во едноставните работи ќе го направи домот среќен ако во него има љубов.

Исус, нашиот Откупител, одел по Земјата со достоинство на еден цар. Но и покрај тоа, бил кроток и смирен во срцето. Тој бил светлина и благослов на секој дом бидејќи со себе носел ведрина, надеж и охрабрување. О, кога нашето срце би било задоволно со помалку желби и со помал стремеж да стекнува нешта до кои тешко се доаѓа, а со кои сакаме да го разубавиме нашиот дом, и

би копнеело да негува кроток и тивок дух кој Бог го цени повеќе од скапоцените камења! Тогаш доблестите – едноставност, кротост и вистинска љубов – и од наједноставниот дом би направиле рај. Подобро е радосно да се поднесе секоја штета отколку да
157 се запостави мирот и задоволството.[15]

---

158
1. Ministry of Healing, pp. 274, 275
2. Id., p. 275
3. Christian Temperance and Bible Hygiene, p. 107
4. Ministry of Healing, p. 370
5. Id., pp. 367, 370
6. Signs of the Times, Aug. 23, 1877
7. Signs of the Times, Aug. 23, 1877
8. Signs of the Times, Oct. 2, 1884
9. Signs of the Times, Aug. 23, 1877
10. Signs of the Times, Aug. 23, 1877
11. Signs of the Times, Oct. 2, 1884
12. Signs of the Times, Oct. 2, 1884
13. Signs of the Times, Oct. 2, 1884
14. Manuscript 43a, 1894
15. Testimonies for the Church, Vol. 4, pp. 621, 622

*Седми део*

# ГОСПОДОВО НАСЛЕДСТВО

# Децата како благослов

159 **Бог планирал за семејствата. –** Оној кој ја дал Ева на Адам како помошник... одредил мажите и жените да се поврзуваат со света врска во брачна заедница, да основаат семејства чиишто членови, овенчани со чест, ќе бидат признати како членови на небесното семејство.[1]

Децата се наследство од Господа и ние сме одговорни пред Него за тоа како управуваме со неговиот имот... И родителите со љубов, вера и молитва нека работат за членовите на својот дом, за да можат со радост да застанат пред Бога, и да кажат: „Еве, јас и децата кои Господ ми ги даде“ (Исаија 8,18).[2]

Куќата без деца е пуста. Срцата на домаќините се во опасност да станат себични, да ја потхрануваат љубовта кон личната удобност и да ги задоволуваат само своите лични желби. Тие покажуваат сочувство само кон себеси, но малку им го даваат на другите.[3]

**Совет до една брачна двојка без деца. –** Себичноста која се појавува на различни начини, во зависност од околностите и начинот на кој живее поединецот, мора да умре. Кога би имале деца, би биле принудени да заборавите на себе и би се грижеле за нив, би ги поучувале и би им биле пример, и тоа за вас би била голема предност... Кога семејството го сочинуваат само двајца, како во вашиот случај, и кога нема деца кои би го барале вашето трпение, истрајност и вистинска љубов, морате да бидете постојано будни со вас да не загосподари себичноста, да не станете центар на внимание барајќи грижа и помош, за кои вие сами не се
160 чувствувате должни да ги укажувате на другите.[4]

Мнозина се телесно, умствено и морално болни бидејќи своето внимание го насочиле исклучиво на себе. Таквите би се извлекле од мртвилото преку здравата виталност на младите, свежите мисли и неуморната енергија на децата.[5]

**Грижата за децата развива благородни особини. –** Искрено се интересирам за сите деца, зашто и јас самата страдав во раната младост. Преземав грижа за многу деца и отсекогаш чувствував дека дружењето со детската простодушност за мене беше голем благослов...

Сочувството, долготрпението и љубовта, кои се бараат во работата со децата, ќе биде благослов за секое семејство. Тоа би ги омекнало и потчинило строгите карактерни црти во животот на оние кои треба да бидат поведри и посмирени. Присуството на едно дете ја засладува и облагородува атмосферата во домот. Детето воспитано во Господов страв, е вистински благослов.[6]

Љубовта и грижата за децата кои зависат од нас, ја отстрануваат грубоста од нашата природа, нè прават нежни и сочувствителни и ги развива најблагородните црти во нашиот карактер.[7]

**Влијанието на едно дете врз Енох. –** По раѓањето на неговиот прв син, Енох стекнал едно повисоко искуство, стапил во едно поинтимно сродство со Бога. Поцелосно ги сфатил своите обврски и должности што ги имал кон Бога како негово дете. Кога видел колкава е љубовта на детето кон таткото, како тоа едноставно се доверува на неговата грижа и заштита, кога ја почувствувал длабоката и искрена нежност на сопственото срце кон својот првороден син, дури тогаш стекнал драгоцено и вистинско сознание за чудесната Божја љубов покажана во тоа што го дал својот Син за спасение на луѓето, и за довербата што треба да ја имаат Божјите деца во својот небесен Татко.[8] 161

**Драгоцен аманет. –** Децата се доверени на родителите како скапоцен аманет, кој еден ден Бог ќе го бара од нивните раце. Во нивното воспитување треба да вложиме повеќе време, поголема грижа и повеќе молитви. Ним им се потребни многу повеќе такви вистински упатства...

Запомнете дека вашите синови и ќерки се помлади членови на Божјето семејство. Вам ви доверил да се грижите за нив, да ги воспитате и да ги подготвите за Небото. Вие треба да дадете смет-
162 ка пред Бога за начинот на кој го исполнувате овој свет аманет.[9]

---

1. Ministry of Healing, p. 356
2. Christ's Object Lessons, pp. 195, 196
3. Testimonies for the Church, Vol. 2, p. 647
4. Id., pp. 230, 231
5. Id., p. 647
6. Letter 329, 1094
7. Testimonies for the Church, Vol. 5, pp. 323, 324
8. Patriarchs and Prophets, p. 84
9. Review and Herald, June 13, 1882

# Големината на семејството

**Голема неправда кон мајките, децата и општеството. –** Има родители кои не мислат многу дали е праведно да подигнат големо семејство и своите домови ги наполнат со беспомошни мали суштества, кои целосно се зависни од родителската грижа и воспитување... Ова е голема неправда не само кон мајката туку и кон нејзините деца и општеството...

Родителите треба секогаш да ја имаат на ум идната благосостојба на своите деца. Тие не треба да се оптоваруваат со толку обврски и секој час да го минуваат во напорна работа за да го обезбедат она што е потребно за живот.[1]

Пред да го зголемат своето семејство, родителите треба сериозно да размислат за тоа дали, раѓајќи деца, ќе го прослават или осрамотат Бога. Тие треба да настојуваат да го прослават Бога од самиот почеток на својот брак и во текот на секоја година од постоењето на својата заедница.[2]

**Важноста на мајчиното здравје. –** Со оглед на одговорноста која почива врз родителите, треба добро да се размисли дали е најпаметно да се донесат деца на свет. Дали мајката има доволно сила да се грижи за своите деца? Може ли таткото да обезбеди услови за правилно обликување и воспитување на децата? Колку малку се мисли за иднината на детето! Единствена мисла е задоволување на страстите, додека на жената и мајката ѝ се наметнува товар кој ја поткопува нејзината сила и ја парализира нејзината духовна моќ! Со ослабено здравје и разочаран дух, се нашла опкружена со мало стадо на кое не може да му го пружи она што му е потребно, па бидејќи им недостасуваат потребните упатства, тие растат нанесувајќи му срам на Бога и пренесувајќи ја на другите својата зла природа. На тој начин се создава војска со која сатаната прави што сака.[3] **163**

**Да се разгледаат сите факти. –** Бог сака родителите да расудуваат како разумни суштества и да живеат така што на секое свое дете ќе му го обезбедат потребното воспитување, а мајката да има доволно сила и време да ги впрегне своите ментални способности за да ги подготви своите малечки за друштво на ангелите. Таа треба храбро и благородно да го извршува својот дел од должностите и да работи со љубов и Божји страв, за да можат нејзините деца да бидат благослов за семејството и општеството.

Сопругот и татко треба сето ова да го земе предвид, за да не се случи неговата сопруга и мајка на неговите деца да се преоптовари и да падне со духот. Тој треба да се погрижи мајката на неговите деца да не се доведе во состојба да не може да направи сè што е потребно за нејзините многубројни малечки, зашто во тој случај тие би пораснале без правилно воспитување.[4]

Родителите не треба да брзаат да го зголемуваат своето семејство, ако не се сигурни дека можат добро да се грижат за воспитувањето на своите деца. Голема неправда се врши кон мајката ако секоја година држи мало дете в раце. Тоа ја намалува, а често ја руши и радоста на нејзиниот семеен живот и ја зголемува несреќата во домот. Со тоа на децата им се скратува негата, образованието и среќата кои родителите се должни да им ги обезбедат.[5]

**Совет за родители со големо семејство. –** Прашањето на кое мораш да одговориш гласи: „Дали на свет носам деца со намера да го зајакнам влијанието и да ги зголемам редовите на силите на
164 темнината или ќе ги одгледам за Христа?“

Ако не управувате добро со своите деца и не го изградувате нивниот карактер во согласност со Божјата волја, тогаш ќе биде подобро, и за вас како родители и за општеството, да имате што помалку деца кои ќе страдаат поради тоа што неправилно сте ги воспитале. Грев е да се зголемува семејството ако децата уште од мали не ги воспитува мудра и разумна мајка, совесна и разбрана, која во Господов страв управува со својот дом, изградувајќи го и обликувајќи го нивниот карактер во согласност со начелата на правдата. Бог ви дал разум и Тој бара да се служите со него.[6]

Татковци и мајки, кога знаете дека немате доволно сознанија за правилно да ги воспитате своите деца за Учителот, зошто не учите од сопственото искуство? Зошто и понатаму раѓате деца и

со тоа ги зајакнувате сатанските редови? Дали Бог е задоволен со ова? Кога гледате дека големото семејство сериозно ќе ја оптовари вашата сила, кога гледате дека мајката е опкружена со многу деца и дека нема време помеѓу раѓањата да ја изврши потребната работа која секоја мајка треба да ја изврши, зошто не мислите на последиците? Секое дете постепено ја исцрпува мајчината сила и ако татковците и мајките во ова не го употребуваат својот разум, како можат да очекуваат да им пружат правилно воспитување на децата? Господ ги повикува родителите да го разгледаат овој предмет во светлината на вечните вредности.[7]

**Материјални услови. –** Родителите треба сериозно и одговорно да проценат какви услови за живеење можат да им обезбедат на своите деца. Тие немаат право да донесат деца на свет кои би биле товар на другите. Дали имаат работа со која ќе можат да го издржуваат семејството, за децата да не паднат на товар на другите? Ако немаат таква работа, тие вршат злосторство раѓајќи деца кои ќе страдаат поради недостаток на грижа, храна и облека.[8] **165**

Оние на кои работата не им оди од рака и кои не умеат да се снајдат во животот, обично ги полнат своите домови со деца; додека луѓето кои умеат да заработат, обично имаат само толку деца колку што можат да ги издржуваат. Оние кои не се способни да се грижат за себе, не треба да имаат деца.[9]

**Создавање тешкотии за црквата. –** Мнозина, кои и самите едвај преживуваат, стапуваат во брак и формираат семејство, иако знаат дека не се во состојба да го издржуваат. Уште полошо е што не знаат да управуваат со домот. Нивниот однос кон семејството е проникнат со невнимателни и лоши навики. Тие тешко владеат со себеси и затоа се избувливи, нетрпеливи и раздразливи. Кога таквите ќе ја прифатат веста на вистината, сметаат дека имаат апсолутно право да очекуваат помош од своите побогати браќа, и ако нивните очекувања не се исполнат, тие се жалат на црквата и ги обвинуваат браќата дека не живеат во согласност со својата вера. Меѓутоа, кој во овој случај треба да ја сноси одговорноста? Зар Божјето дело треба да запре и средствата да се потрошат во различни места за да се помогне на овие големи сиромашни семејства? Не. Товарот мора да го понесат родителите. Кога так-

вите ќе ја прифатат саботата, тие обично не сакаат да живеат онака како што живееле претходно.[10]

**Ограничување на мисионската служба. –** Кога се праќаат евангелисти во други земји, треба да се изберат луѓе кои знаат да управуваат со средствата, кои немаат големи семејства, кои се
166 свесни за краткото време и големата работа која стои пред нив, луѓе кои нема да ги наполнат своите домови со деца, туку ќе се трудат да бидат слободни од сè што ги одвраќа нивните мисли од големата задача. Ако неговата сопруга е посветена и слободна да ја извршува оваа мисија, таа може, заедно со својот сопруг, да постигне исто колку и тој. Бог ја благословил жената со дарови кои треба да ги употреби за Негова слава и да води кај Бога многу синови и ќерки. За жал, многу жени, кои можат да бидат успешни работници, остануваат во домот да се грижат за своите деца.

Нам ни се потребни проповедници кои се евангелисти во вистинска смисла на зборот, кои ги оставаат на страна себичните интереси а Божјето дело го ставаат на прво место, кои ја имаат само Божјата слава на ум, готови да одат каде што Тој ги праќа и со сите свои сили настојуваат да го сеат семето на вистината. За Божјето дело потребни се мажи чиишто сопруги го сакаат Бога и се бојат од Него и кои можат да им помогнат во нивната работа. Многу од нив имаат семејства и одат на работа, но не се целосно посветени на делото. Нивните мисли се на друга страна. Жената и децата го одвлекуваат нивното внимание од работата и често ги држат далеку од полето во кое би влегле кога не би морале да
167 останат во близина на својот дом.[11]

---

1. Review and Herald, June 24, 1890
2. Testimonies for the Church, Vol. 2, p. 380
3. Review and Herald, Oct. 25, 1892
4. Review and Herald, June 24, 1890
5. Solemn Appeal, pp. 110, 111
6. Testimonies for the Church, Vol. 5, pp. 323, 324
7. Letter 107, 1898
8. Testimonies for the church, Vol. 2, p. 380
9. Solemn Appeal, p. 103
10. Testimonies for the Church, Vol. 1, p. 273
11. Review and Herald, Dec. 8, 1885

# Грижа за сирачињата

**Сирачиња. –** Многу татковци кои умреле како верни, потпирајќи се на вечното Божје ветување, ги оставиле своите сакани деца со цврста доверба дека Господ ќе се погрижи за нив. А како се грижи Господ за тие сирачиња? Тој не прави чудо праќајќи им мана од небото; Тој не испраќа гаврани да им донесат храна; но Тој дејствува чудесно на човечките срца, отстранувајќи ја себичноста од душата и отворајќи ги изворите на добродетелство. Бог ја испитува љубовта на оние кои тврдат дека се Негови следбеници, доверувајќи ги на нивната нежна грижа оние кои се во неволја и сирачињата.

Оние кои го љубат Бога нека ги отворат своите срца и своите домови за да ги примат овие деца...

Широко е подрачјето на кое можат да бидат полезни сите оние кои сакаат да работат за Учителот, грижејќи се за овие деца и млади кои останале без будното родителско водство и воспитното влијание на христијанскиот дом. Многу од тие деца наследиле лоши особини на карактерот и ако ги препуштиме да растат во незнаење, ќе ги одвлече друштвото кон порок и криминал. Овие деца, кои не ветуваат многу, треба да бидат сместени во средина која ќе биде погодна за правилна изградба на карактерот, за да можат да станат Божји деца.[1]

**Одговорност на црквата. –** Децата без татко и мајка се предадени во рацете на црквата, а на своите следбеници Христос им вели: „Земете ги овие незгрижени деца, подигнете ги за мене и ќе примите плата. Видов дека се пројавува голема себичност при вакви случаи. Доколку некои не видат **лична** полза од тоа што во 168
своето семејство ќе ги прифатат оние на кои им е потребен дом, тие наоѓаат изговор велејќи: Не! Изгледа дека нив не ги засега да-

ли овие деца ќе бидат спасени или изгубени. Таквите сметаат дека тоа не е нивна работа. Слично на Каин, и тие велат: „Зар сум јас чувар на својот брат?“ Тие не сакаат да имаат непријатности ниту пак да се жртвуваат за сирачињата и затоа рамнодушно ги препуштаат на светот, кој понекогаш е поподготвен да ги прими отколку оние таканаречени христијани. Во големиот Божји ден небото од нив ќе бара отчет за душите кои можеле да ги спасат. Меѓутоа, таквите сакале да се ослободат од обврските и не сакале да направат добро дело, бидејќи тоа не им обезбедувало лична полза. Покажано ми е дека таквите, кои одбиваат да прават добро, ќе ги слушнат Христовите зборови: „Доколку не сте го направиле тоа за еден од овие најмали браќа, ни за Мене не сте го направиле“ (Матеј 25,45). (Ве молиме да прочитате и Исаија 58,5-11).[2]

**Повик до брачните двојки без деца. –** Оние што немаат свои деца треба да се научат да ги сакаат и да се грижат за децата на другите. Тие можеби нема да бидат повикани да го проповедаат евангелието на други места, но можат да бидат повикани да работат во местото каде што живеат. Наместо толку внимание да им посветуваат на своите миленичиња (животни) и тие неми суштества да ги опсипуваат со својата љубов, нека го насочат својот дар кон човечките суштества кои треба да го придобијат небото и да го избегнат пеколот. Нека посветат внимание на малите деца, чиј карактер можат да го изградат и обликуваат според божествениот Пример. Излејте ја својата љубов на малите бездомници кои живеат околу вас. Наместо своето срце да го затворите за членовите на човечкото семејство, видете колку од овие мали бездомници можете да ги одгледате и воспитате во Господовата наука.
169 Има многу работа за секој кој сака да работи. Ако се посвети на оваа христијанска работа, црквата може да напредува и духовно да се збогати. Работата за спасување на бездомниците и сирачињата е задача на секој поединец.[3]

Оние кои немаат деца и на кои Бог им доверил средства, треба да го рашират своето срце за децата на кои им е потребна љубов, грижа, сочувство како и материјална помош; таквите ќе бидат многу посреќни отколку што се денес. Сè додека има млади на кои им недостасува татковската грижа и мајчината нежна љу-

бов, кои се под влијание на расипаноста на последните денови, некој мора да им ги замени таткото и мајката. Научете да ги сакате и да сочувствувате со нив. Оние кои велат дека имаат Татко на небото, кои веруваат дека Тој ќе се грижи за нив и на крај ќе ги земе во домот што го подготвил за нив, треба да почувствуваат дека на нив почива свечената обврска да им бидат пријатели на оние кои немаат пријатели и родители на сирачињата, да им помагаат на вдовиците и служејќи му на човештвото да бидат од полза на овој свет.[4]

**Сопругата на проповедникот и посвојувањето на деца. –** Се поставува прашањето дали сопругата на проповедникот треба да посвои мали деца. Јас одговарам: Ако таа нема наклоност ниту способност да учествува во евангелската работа надвор од својот дом, а чувствува дека тоа е нејзина должност, треба да земе сирачиња и да се грижи за нив, зашто на тој начин може да го изврши тоа добро дело. Но, пред сè, нека одбере да посвои сирачиња чиишто родители ја празнувале саботата. Бог ќе ги благослови мажите и жените кои доброволно ќе го отворат својот дом за овие бездомници. Меѓутоа, ако сопругата на проповедникот е способна да учествува во работата за воспитување на другите, таа треба да ги посвети своите сили на Бога како христијански работник. Таа тре- 170
ба да биде верен помошник на својот сопруг соработувајќи со него во неговата работа, развивајќи се интелектуално и помагајќи му во неговите напори да ја проповеда радосната вест. На понизните и посветени жени, удостоени со Христовата милост, отворен им е патот да ги посетуваат оние на кои им е потребна помош и да им носат светлина на обесхрабрените души. Тие можат да ги подигнат сите кои потклекнале, молејќи се со нив и насочувајќи ги кон Христа. Таквите жени не треба да го посветуваат своето време ниту својата сила на едно мало беспомошно смртно суштество, кое бара постојана грижа и внимание, бидејќи на тој начин доброволно си ги врзуваат своите раце.[5]

**Отворете ги своите домови за сирачињата и за луѓето што немаат пријатели. –** Колку што е во ваша моќ, отворете го домот за оние што го немаат. Секој нека биде готов да го изврши својот дел во развојот на ова дело. Господ му рекол на Петар: „Паси ги

моите јагниња!“ Оваа заповед се однесува и на нас и, кога ги отвораме нашите домови за сирачињата, ние придонесуваме за нејзино исполнување. Не дозволувајте Исус да се разочара во вас.

Земете ги тие деца и понудете ги на Бога како благоугодна жртва. Молете го да ги благослови и тогаш воспитувајте ги и изградувајте ги според Христовиот налог. Ќе ја прифатат ли нашите верници оваа света должност?[6]

**Тест за Божјиот народ. –** Пред повеќе години ми беше покажано дека Божјиот народ ќе биде испитан во ова: отворање на домовите за бездомниците; и дека мнозина ќе станат бездомници поради тоа што поверувале во вистината. Спротивставувањето и прогонствата ќе ги лиши верниците од нивните огништа, а оние кои имаат свој дом, должни се ширум да ја отворат вратата за оние што го немаат. Неодамна ми беше покажано дека Бог, во овој поглед, на посебен начин ќе ги испита оние кои веруваат во Него. Христос заради нас осиромашил, за ние со Неговата сиро-
171 маштија да се збогатиме. Тој принел жртва за да им обезбеди дом
на странците и дојденците во овој свет, кои се стремат кон едно
172 подобро место – небото.[7]

---

1. Testimonies for the Church, Vol. 6, pp. 281, 282
2. Id., Vol. 2, p. 33
3. Manuscript 38, 1895
4. Testimonies for the Church, Vol.2, p. 329
5. Id., Vol. 6, p. 285
6. Id., p. 284
7. Id., Vol. 2, pp. 27, 28

# Наследство од родителите за децата

**Закон за наследство. –** Физичката или душевната состојба на родителите се пренесува на потомството. За ова недоволно се размислува. Секогаш кога навиките на родителите се спротивни на телесните закони, штетата што себеси си ја нанесуваат се пренесува на нивното потомство...

Со телесната, умствена и духовна култура сите можат да станат Христови соработници. Меѓутоа, многу зависи од родителите. Од нив зависи дали ќе донесат на свет деца кои ќе бидат за благослов или за проклетство.[1]

Колку поблагородни се целите, толку се повозвишени душевните и духовните способности; колку се поразвиени телесните способности на родителите, толку повеќе нивните деца ќе бидат поподготвени за живот. Негувајќи го во себе она што е најдобро, родителите шират влијание кое ќе го обликува општеството и идните генерации.[2]

**Многу родители живеат во незнаење. –** Оние на кои им е доверена грижата за Божјата сопственост – душата и телото на децата – создадени според Неговиот лик, треба да подигнат ограда против сетилното попуштање во овој век, кое на илјадници им го упропастува телесното и моралното здравје. Кога би се открила вистинската причина за многу злосторства во ова време, би се констатирало дека за тоа е виновно незнаењето на татковците и мајките кои се рамнодушни кон ова прашање. Здравјето, па и самиот живот, се жртвуваат поради ова жално незнаење. Родители, ако на своите деца не им го пружите воспитувањето кое Бог

ве задолжува да го дадете со совет и пример, вие ќе треба да да-
173 дете одговор пред Бога за сите последици. Тие нема да се задржат само на вашите деца, туку ќе се пренесуваат и на идните поколенија. Како што трнот оставен да расте во полето ќе донесе свој род, така и гревовите кои потекнуваат од вашата негрижа ќе ги упропастат сите што ќе дојдат под нивно влијание. [3]

**Последици од неумереноста. –** Раскошниот живот и пиењето вино ја расипуваат крвта, ги распалуваат страстите и предизвикуваат најразлични заболувања. Но, тука не е крај на злото. Тие болести родителите ги пренесуваат на своите деца како сигурно наследство. Како по правило, секој неумерен човек што одгледува деца, ги пренесува на нив своите склоности и лоши навики; а преку неговата воспалена и расипана крв, болестите преминуваат на неговите потомци. Разузданоста, разните болести и малоумноста се пренесуваат како трагично наследство од татко на син, од колено на колено. Тоа во светот внесува страдања и маки и не е ништо друго туку повторување на човековиот пад...

Сепак, мажите и жените на сегашната генерација воопшто не ги загрижува мислата дека, со својата ненаситност и неумереност во јадењето и пиењето, во наследство на идните генерации им оставаат болест, ослабен ум и расипан морал.[4]

**Потребно е разбирање и трпение. –** Татковците и мајките можат да го препознаат својот карактер во карактерот на своите деца. Тие често можат да читаат понижувачки поуки кога ги гледаат сопствените недостатоци, кои се повториле кај нивните синови и ќерки. Настојувајќи кај своите деца да ги задушат и поправат наследените склоности кон злото, родителите треба да покажат
174 двојно повеќе трпение, истрајност и љубов.[5]

Кога во животот на детето ќе се забележат лошите особини кои ги наследило од своите родители, треба ли родителите да се кренат против ова повторување на своите сопствени недостатоци? Не! Родителите треба внимателно да се контролираат себеси и да се чуваат од секоја непристојност и грубост зашто, во спротивно, овие недостатоци ќе ги препознаат кај своите деца.[6]

Во своите постапки кон тврдоглавите малечки покажете ја Христовата кротост и нежност. Секогаш имајте на ум дека таа ра-

сипаност ја примиле како наследство од својот татко или од својата мајка. Затоа, имајте сочувство кон децата кои ги наследиле вашите црти на карактерот.[7]

Родителите треба да имаат неограничена доверба во Христовата сила дека може да ги преобрази склоностите кон зло што самите им ги пренеле на своите деца.[8]

Татковци и мајки, имајте трпение! Често вашата небрежност од минатото ќе ви ја отежнува работата. Но, Бог ќе ви даде сила ако верувате во Него. Постапувајте мудро и нежно со своите деца.[9] 175

---

1. Manuscript 3, 1897 176
2. Ministry of Healing, p. 371
3. Manuscript 58, 1899
4. Testimonies for the Church, Vol. 4, pp. 30, 31
5. Review and Herald, Aug. 30, 1881
6. Signs of the Times, Sept. 25, 1901
7. Manuscript 142, 1898
8. Manuscript 79, 1901
9. Manuscript 80, 1901

*Осми дел*

# СРЕЌНО СЕМЕЈСТВО

# Свет круг

177 **Светоста на семејниот круг. –** Околу секое семејство постои свет круг кој треба да се сочува. Никој нема право да го повреди овој свет круг. Сопругот и сопругата треба да бидат сѐ еден на друг. Жената не треба да има тајни за кои нејзиниот маж не знае а таа ги споделува со другите; мажот, исто така, не треба да има тајни коишто ги крие од својата жена а им ги открива на други. Срцето на неговата жена мора да биде гроб во кој се закопани сите маани на нејзиниот маж, а срцето на мажот – гроб што ги крие сите слабости на неговата жена. Никогаш едната страна не треба да прави шеги со чувствата на другата страна. Никогаш, ниту на шега ниту на кој било друг начин, мажот или жената не треба пред другите да се пожалат од својот брачен другар бидејќи таквата неразумна и навидум невина шега, кога често се повторува, може да заврши со непријатности или отуѓување. Ми беше покажано дека околу секое семејство мора да постои света ограда.[1]

Семејниот круг мора да се смета за свето место, претслика на небото, огледало во кое се одразува нашиот лик. Можеме да имаме пријатели и познаници, но тие не треба да се мешаат во нашиот семеен живот. Во семејството мора да владее чувство на цврсто заедништво што ќе обезбеди атмосфера на мир, спокојство и доверба.[2]

**Јазикот, ушите и очите мораат да бидат осветени. –** Членовите на семејниот круг треба да се молат Бог да го освети нивниот јазик, нивните уши и нивните очи, како и секој дел од нивното
178 тело. Кога ќе се соочат со злото, тоа не мора да ги надвладее. Христос овозможил нашиот карактер да биде мирис за добро...

Колкумина само го срамотат Христа и погрешно го претставуваат Неговиот карактер во семејниот круг! Колку има такви на кои им недостасува трпение, истрајност, проштавање и вистинска љубов! Мнозина нешто сакаат или не сакаат и сметаат дека имаат право да го искажат своето лошо расположение наместо да ја откриваат Христовата волја, неговите дела и неговиот карактер. Исусовиот живот е исполнет со добрина и љубов. Дали растеме во Неговата божествена природа?[3]

**Единство, љубов и мир. –** Татковците и мајките свечено нека му ветат на Бога, како оние кои велат дека го слушаат и сакаат, дека со Негова милост, никогаш нема да дозволат меѓу нив да се појави несогласување, туку дека со својот живот и карактер ќе покажат ист таков дух каков што сакаат да имаат и нивните деца.[4]

Родителите мора да бидат претпазливи и да не дозволат духот на несогласување да се вовлече во нивниот дом, зашто тоа е едно од средствата со кои се служи сатаната за да стави свој печат врз карактерот. Ако родителите тежнеат кон единство во домот и дозволат начелата кои управувале со Христовиот живот да се врежат во нивното срце, несогласувањето ќе исчезне и ќе завладеат единството и љубовта. Тогаш родителите и децата ќе имаат учество во дарот на Светиот Дух.[5]

Сопружниците треба да знаат дека носат доволно товари и затоа не треба со несогласување да го упропастуваат својот живот. Оние кои дозволуваат да се појават мали несогласувања, го повикуваат сатаната во својот дом. Децата лесно го освојуваат духот на несогласување околу безначајните нешта. Лошите духови го извршуваат својот дел, за да ги наведат родителите и децата да му бидат непослушни на Бога.[6]

Иако во брачниот живот може да се појават тешкотии, сопружниците треба да ја сочуваат Божјата љубов во своите срца.
Во мајката на своите деца таткото треба да гледа суштество кое 179
ја заслужува сета љубезност, нежност и сочувство.[7]

**Тајната на семејното единство. –** Одвојувањето од Христа е причина за поделби и раздор во семејството и црквата. Колку се поблизу до Христа, толку поблизу ќе бидат и еден до друг. Тајна-

та на вистинското единство во црквата и во семејството не се постигнува ниту со дипломатија, ниту со господарење, ниту со вложување на натчовечки напори за отстранување на тешкотиите – иако треба и тоа често да се прави – туку во заедница со Христа.

Замислете еден голем круг, од чии рабови одат прави кон средината. Колку тие прави се приближуваат до центарот, толку повеќе се доближуваат и една до друга.

Така е и во христијанскиот живот. Колку повеќе се приближуваме до Христа, толку ќе бидеме поблиски и еден до друг. Бог се прославува кога Неговиот народ се соединува во заедничка работа.[8]

**Да си помогнеме еден на друг. –** Семејството е света општествена заедница во која секој член е подготвен да го исполни својот дел помагајќи им на другите. Работата во домаќинството треба да тече без застој, како што се движат различните делови на добро штелувана машина.[9]

Секој член на семејството треба да сфати дека на него почива одговорноста да ги извршува своите должности и на тој начин да придонесува за удобноста, редот и нормалниот живот на семејството. Никој не смее да работи против другиот. Сите треба да се соединат во благородните напори да се храбрат еден со друг, да покажат нежност, истрајност и трпение, да зборуваат со спокоен тон, со тивок глас, избегнувајќи ја вознемиреноста; секој треба да направи колку што може повеќе за да ги олесни то-
180 варите на мајката...

Секој член на семејството треба добро да го разбере својот дел од работата кој треба да го извршува во заедница со другите. Сите, од шестгодишно дете па нагоре, треба да знаат дека од нив се очекува да го носат својот дел од животниот товар. [10]

**Една добра одлука. –** Во домот, и на секое друго место, морам да напредувам во милоста, која ќе им даде морална сила на сите мои постапки. Во домот морам да внимавам на својот дух, на своето однесување и на своите зборови. Морам да посветам доволно време за да стекнам лична култура, за да се вежбам и воспитувам во духот на добрите начела. Треба да бидам пример за

другите. Морам дење и ноќе да размислувам за Божјата реч и да ја внесам во мојот секојдневен живот. Мечот на Духот, Божјата реч, е единствениот меч кој можам без опасност да го употребувам.[11] 181

---

1. Manuscript 1, 1855
2. Letter 17, 1895
3. Manuscript 17, 1891
4. Manuscript 38, 1895
5. Manuscript 53, 1912
6. Letter 133, 1904
7. Letter 198, 1901
8. Letter 49, 1904
9. Manuscript 129, 1903
10. Testimonies for the Church, Vol. 2, pp. 699, 670
11. Manuscript 13, 1891

# Првото училиште за децата

**Божјиот првобитен план за воспитување. –** Семејството било во центарот на системот на воспитување, кој бил воспоставен во Едем. Адам бил „син Божји" (Лука 3,38) и како деца на Севишниот, тие поуките ги примале од својот Татко. Нивно училиште било семејно училиште во вистинска смисла на зборот.

Во божествениот план на воспитување, прилагоден на состојбата на човекот по падот, Христос стои како претставник на Отецот, како алка која го поврзува Човекот со Бога; Тој е големиот Учител на човештвото. Тој определил мажите и жените да бидат Негови претставници. Семејството било училиште, а родителите биле учители.

Во времето на патријарсите воспитувањето претежно се добивало во семејството. Во така основаните училишта, Бог обезбедил најдобри услови за развој на карактерот. Луѓето кои Тој ги водел, сè уште живееле онака како што Тој одредил на почетокот. Оние кои се оддалечиле од Бога, си граделе градови за себе, во нив се собирале, уживале во сјајот, раскошот и пороците, коишто и денешните градови ги прават надмени и проклетство за светот. Но, оние кои цврсто се држеле за Божјите начела, живееле во полињата и на ридовите. Тие обработувале земја и одгледувале крупен и ситен добиток, и во тој слободен и независен живот, кој им давал можности за работа, проучување и размислување, учеле од Бога и ги поучувале своите деца за Неговите дела и патишта. Таквиот метод на воспитување Бог сакал да го воспостави во Израел.[1]

Во секојдневниот живот семејството било и училиште и црква, а родителите биле учители како на световно така и на верско подрачје.[2]

**Семејниот круг е училиште. –** Во својата мудрост Господ одредил семејството да биде најважната воспитна установа. Воспитувањето на детето треба да започне во домот. Тоа е Неговото прво училиште. Тука тоа од родителите ќе добие поуки кои ќе го водат целиот живот – поуки за почитување, послушност, уважување и самосовладување. Влијанието на семејното воспитување е сила која одлучува меѓу доброто и злото. Тие во секој поглед делуваат тивко и постепено, но ако се позитивни, претставуваат далекосежна сила која води кон вистината и правдата. Ако детето во домот не се воспита правилно, сатаната ќе го воспита преку своите орудија. Затоа, колку е важно училиштето во домот![3]

Гледајте на семејниот круг како на училиште во кое ги подготвувате своите деца за извршување на должностите во домот, во општеството и во црквата.[4]

**Домашното воспитување е од првостепена важност. –** Тажен е фактот, кој речиси сите го признаваат и го осудуваат, дека домашното воспитување и насочување на младите денеска е целосно запоставено.[5]

Нема поважно поле на работа од она во кое треба да работат основачите и чуварите на домот. Ниту една работашто им е доверена на луѓето, не остава поголеми или подолготрајни последици од работата на татковците и мајките.

Иднината на општеството денес ја одредуваат младите и децата, а какви ќе станат тие, зависи од домот. Недостатокот на правилно домашно воспитување може во голема мера да се земе ка- 183
ко причина за болестите, сиромаштијата и злосторствата од кои страда човештвото.

Кога животот во домот би бил чист и чесен, а децата подготвени да ги прифатат одговорностите и опасностите во животот, до какви само промени би дошло во светот![6]

**Сè останато е на второ место. –** Секое дете што дошло на свет е сопственост на Исуса Христа и треба да се воспита со збор и со пример да го сака и да му биде послушно на Бога. Меѓутоа, пого-

лем број од родителите го запоставиле делото што им го доверил Бог и пропуштиле да ги воспитаат и да ги подготват децата, почнувајќи од првите денови на развојот на детскиот ум, да го познаваат и сакаат Исуса Христа. Со најголемо внимание родителите треба да го следат и воочат почетокот на отворањето на детскиот ум; сè друго во домот треба да се стави на второ место, освен утврдените должности што Бог им ги доверил – да ги воспитуваат и советуваат своите деца во Господовата наука.[7]

Родителите не треба да дозволат со нив да управуваат деловните грижи, световните обичаи и норми или модата и заради тоа да ги запоставаат своите деца во раното детство и да не им го дадат соодветното воспитување во текот на нивниот развој.[8]

Една од најсилните причини што денеска во светот постојат толку многу зла е тоа што родителите се презафатени со она што е помалку значајно, а го запоставиле најважното – како да се прилагодат на задачата и трпеливо и љубезно да ги поучуваат своите деца на Господовиот пат. Кога би можеле да ја отстраниме завесата, би виделе како многу, многу деца тргнале на погрешен пат и ги изгубиле добрите особини само поради оваа небрежност. Родители, зар можете да дозволите тоа да се случи во вашиот живот? Ниту една друга работа не би смеела да ви биде толку важна што ќе ве спречи на своите деца да им го посветите сето потреб-
184 но време и да им помогнете да сфатат што значи целосно да го слушаат и да веруваат во Господа...

И каква ќе биде наградата за напорите што ги вложувате? Вашите деца ќе стојат покрај вас желни да го прифатат вашиот совет и да го соработуваат со вас. И тогаш ќе констатирате дека својата работа можете лесно да ја извршите.[9]

**Божјите наставници во семејното училиште. –** Родителите, исто како и Аврам, треба себеси да се сметаат за Божји служители кои ќе ги воспитуваат своите деца да го следат Господовиот пат. Тие треба грижливо да го истражуваат Светото писмо за да го осознаат Господовиот пат и да можат тоа да го пренесат на своите домашни. Пророкот Михеј напишал: „И што бара од тебе Господ; да работиш праведно, да сакаш милосрдни дела и понизно да врвиш пред твојот Бог“ (Михеј 6,8). За да можат да бидат вистински учители, родителите треба да станат ученици кои

постојано ќе примаат светлина од Божјата реч и таа драгоцена светлина, со пример и збор, ќе ја применат при воспитувањето на своите деца.[10]

Според светлината што Бог ми ја даде, знам дека и таткото и мајката во својот дом треба да бидат проповедник, доктор, болничар и учител, приврзувајќи ги своите деца кон себе и кон Бога, учејќи ги како да ја избегнуваат секоја навика која војува против Божјето дело во телото и како да се грижат за секој дел на живиот организам.[11]

Мајката мора воспитувањето на своите деца да го стави на прво место. Додека на таткото почиваат други тешки и важни должности, мајката со своето постојано дружење со децата, особено додека се мали, секогаш треба да биде нивен близок учител и пријател. Таа треба да вложи голем труд за да ја развие кај своите деца смислата за чистота и уредност и да им помогне да обликуваат кај себе правилни навики и вкусови; да бидат трудољубиви, со самодоверба и подготвени да им помагаат на другите; да *185* живеат, дејствуваат и работат длабоко свесни дека секогаш се наоѓаат во Божје присуство.[12]

Постарите сестри можат да имаат силно влијание врз помладите членови на семејството. Помалечките, поттикнати од примерот на постарите, побргу би ги прифатиле начелата откриени со жив пример отколку со често повторување на правилата. Најстарата ќерка треба да биде свесна за својата христијанска должност да ѝ помага на мајка си во носењето на нејзините тешки товари.[13]

Родителите треба голем дел од своето време да го поминат во домот. Со поуки и со личен пример нека ги учат своите деца да го сакаат Бога и да живеат во Господов страв. Учете ги да бидат разумни, друштвени, сочувствителни; да негуваат навика на трудољубивост, штедливост и самооткажување. Покажувајќи им на децата љубов во својот дом, сочувство и охрабрување, родителите можат да им пружат сигурна заштита од многу световни искушенија.[14]

**Подготовка за црковното училиште. –** Нашите момчиња и девојчиња треба во училиштето во домот да се подготват за училиштето во црквата. Како учители во домот, родителите треба постојано да размислуваат и сите сили на своето битие да ги по-

светат на Бога, зашто така ќе ја исполнат својата возвишена и света задача. Грижливото и доследно поучување во домот е најдобрата подготовка на децата за училиштето во животот.[15]

**Божјите упатства на прво место. –** Имаме библиски начела според кои треба да се управуваат сите, и родителите и децата, возвишени и свети мерила од кои нема отстапување. Божјите упатства мораат да бидат на прво место. Таткото и мајката во семејството нека ја отворат Божјата реч пред Оној кој ги испитува
186 срцата и искрено да се запрашаат: „Што кажува Господ?“[16]

Учете ги своите деца да ја сакаат вистината, затоа што е вистина и затоа што треба да бидат осветени со вистината и оспособени да се соочат со големиот испит, на кој набрзо ќе се види дали се подготвени да влезат во возвишеното дело и да станат членови на царското семејство, деца на небесниот Цар.[17]

**Подготвени за последните настани. –** Сатаната ја собира својата војска. Дали сме лично подготвени за страшната борба што ни претстои? Дали ги подготвуваме своите деца за големата криза? Дали се подготвуваме себеси и своите домашни да ја сфатат положбата на нашиот духовен непријател и начинот на неговото војување? Дали нашите деца изградуваат навики да донесуваат одлуки да останат цврсти и непоколебливи во секое начело и должност? Се молам Бог на сите нас да ни помогне да ги разбереме знаците на времето и така да се подготвиме себеси и своите деца што за време на судирот Бог може да биде наша заштита
187 и одбрана.[18]

1. Education, pp. 33, 34
2. Id., p. 41
3. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 107
4. Signs of the Times, Sept. 10, 1894
5. Review and Herald, Aug. 30, 1881
6. Ministry of Healing, p. 351
7. Manuscript 126, 1896
8. Signs of the Times, Sept. 17, 1894
9. Manuscript 53, 1912
10. Christian Temperance and Bible Hygiene, p. 145

11. Manuscript 100, 1902
12. Pacific Health Journal, January 1890
13. Testimonies for the Church, Vol. 3, p. 337
14. Fundamentals of Christian Education, p. 65
15. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 150
16. Review and Herald, Sept. 15, 1891
17. Signs of the Times, Sept. 10, 1894
18. Review and Herald, April 23. 1889

# Работа која не може да се пренесе на друг

**Одговорности кои само родителите можат да ги исполнат. –** Родители, вие носите одговорности кои никој друг не може да ги носи наместо вас. Сѐ додека сте живи, вие сте одговорни пред Бога да го следите Неговиот пат... Родителите кои ја прифатиле Божјата реч за свој водач, кои се свесни колку многу изградбата на карактерот на нивните деца зависи од нив, ќе се потрудат да дадат пример кој нивните деца ќе можат во целост да го следат.[1]

Татковците и мајките се одговорни за здравјето, личната конституција и развојот на карактерот на своите деца. На никој друг не треба да му биде доверена оваа работа. Кога ќе станете родители, должни сте да соработувате со Бога, воспитувајќи ги во согласност со здравите начела.[2]

Колку е жално што многу родители ја запоставиле одговорноста што Бог им ја дал и грижата за децата ја префрлаат на туѓинци! Тие сакаат да им ја препуштат на други работата околу своите деца и да се ослободат себеси од сите такви товари.[3]

Мнозина, кои сега ја оплакуваат расипаноста на своите деца, треба првенствено да се обвинуваат самите себе. Таквите нека ја отворат својата Библија и нека видат што очекува Бог од нив како родители и чувари на своите деца. Нека ги прифатат своите долго запоставувани должности. Тие треба да се понизат и да се покаат пред Бога што ги запоставиле Неговите упатства за воспитување на своите деца. Таквите родители треба да го оставаат својот досегашен пат и решително и внимателно да ја следат Библијата како свој водач и советник.[4]

**Црквата не може сама да ја преземе оваа должност. –** О, кога нашите млади и децата би му го предале своето срце на Христа! Колку голема војска би можела да се создаде, која би ги водела другите кон правдата! Но родителите не смеат оваа работа да ја препуштат само на Црквата.[5]

**Не е одговорен само проповедникот. –** Префрлате огромна одговорност на проповедникот и сметате дека тој е одговорен за душите на вашите деца, а не ја согледувате сопствената должност како родители и воспитувачи... Со својот пример и со вашата непостојаност во начелата вие ги расипувате вашите синови и ќерки. И сега, покрај ваквиот недостаток на домашно воспитување, вие очекувате проповедникот да ги исправа вашите секојдневни пропусти и да постигне чудесен успех во изградбата на доблести и побожност во срцата и животот на децата. Кога проповедникот сторил сѐ што може за црквата, со верно и срдечно советување, трпеливо проучување и со сесрдна молитва да ги опомене и спаси душите, а не успеал во тоа, татковците и мајките често го обвинуваат што нивните деца не се обратени, иако можеби причина за тоа е небрежноста на самите родители. Товарот почива на родителите; ќе сакаат ли да ја прифатат работата што Бог им ја доверил и верно да ја извршат? Дали ќе сакаат да напредуваат трудејќи се понизно, трпеливо и истрајно самите да ја достигнат возвишената цел и по тој пат да ги поведат и своите деца?[6]

Зар малку родители своите одговорности им ги препуштаат на другите? Зар се малку оние кои мислат дека проповедникот треба да го преземе овој товар и да настојува нивните деца да се обратат и да го примат Божјиот печат на своите чела?[7]

**Ниту саботната школа. –** Предност на секој родител е да им
помогне на своите деца да го стекнат она знаење кое подоцна ќе
го понесат со себе во животот. Меѓутоа, од различни причини,
многу родители не сакаат нивните деца да примаат верски поу- 189
ки. Тие оставаат саботната школа да им го пренесе знаењето за
нивната одговорност пред Бога, кое самите родители се должни
да им го дадат. Таквите родители треба да разберат дека Бог од
нив очекува да ги воспитуваат, дисциплинираат и поучуваат

своите деца укажувајќи им дека тие сега го обликуваат карактерот и за сегашниот и за идниот живот.[8]

Не очекувајте од учителите во саботната школа да ја извршуваат вашата работа во поучувањето на децата за патот по кој треба да одат. Саботната школа е голем благослов; Таа може да ви помогне во работата, но никогаш не може вас да ве замени. Бог на сите родители им ја доверил одговорноста да ги доведат своите деца кај Исуса, учејќи ги како да се молат и да веруваат во Божјата реч.

Во воспитувањето на своите деца, не ги оставајте на страна големите вистини на Библијата верувајќи дека саботната школа и проповедникот ќе ја завршат работата што вие сте ја запоставиле. Библијата е света и возвишена, но тоа не значи дека таа не треба секојдневно да се отвора и грижливо да се проучува. Вистините на Божјата реч мора да го проникнат секој момент на животот. Ако овие вистини се ценат, тие ќе го просветлат секојдневниот живот, потврдувајќи ја вредноста на послушноста и откри-
*190* вајќи ги начелата за обликување на еден вистински карактер.[9]

---

1. Letter 356, 1907
2. Manuscript 126, 1897
3. Review and Herald, Oct. 25, 1892
4. Manuscript 57, 1897
5. Signs of the Times, Aug. 13, 1896
6. Testimonies for the Church, Vol. 5, pp. 494, 495
7. Review and Herald, May 21, 1895
8. Review and Herald, June 6, 1899
9. Manuscript 5, 1896

# Семејна поврзаност

**Родителите треба добро да се запознаат со своите деца. –** Некои родители немаат разбирање за своите деца ниту вистински ги познаваат. Често меѓу родителите и децата постои голема дистанца. Кога родителите би се труделе подобро да ги сфатат чувствата на своите деца и да проникнат подлабоко за да доловат што се крие во нивното срце, тие би можеле благотворно да делуваат на нив.[1]

Таткото и мајката треба да работат со заемно разбирање и согласност. Тие се должни да станат пријатели на своите деца.[2]

Родителите треба да го пронајдат најдобриот и најуспешниот начин за да ја придобијат љубовта и довербата на своите деца, за да можат да ги водат на правиот пат. Тие со зраците на љубовта треба да ги осветлат сите членови на домот.[3]

**Охрабрување и пофалба. –** Децата сакаат друштво и ретко сакаат да бидат сами. Тие копнеат за сочувство и нежност. Сметаат дека она што го сакаат тие, го сака и мама, и природно е да доаѓат кај неа со своите малечки радости и таги. Мајката не смее да го ранува нивното нежно срце покажувајќи рамнодушност кон работите за кои таа смета дека се безначајни, но на децата многу им значат. Нејзиното сочувство и одобрение се драгоцени за децата. Само еден поглед на одобрување, збор на охрабрување или пофалба, ќе биде како топол сончев зрак за нивното срце, што често ќе им го исполни денот со среќа.[4]

**Родителите и детската доверба. –** Родителите треба да ги охрабрат своите деца да им се доверуваат само на **нив**, слободно да ги споделуваат своите маки, секојдневните непријатности и тешкотии.[5] 191

Љубезно поучувајте ги децата и приврзете ги за своето срце. Ова е критично време за нив. Вашите деца ќе бидат изложени на влијанија кои можат да ги одвојат од вас, но вие треба да им се спротивставите. Научете ги да ви се доверуваат. Нека ви ги шепнат на уво своите искушенија, неволји и радости.[6]

Децата би биле поштедени од многу зла, кога би биле поблиски со своите родители. Родителите треба да ги охрабрат своите деца да бидат отворени и искрени кон нив, да им ги доверуваат своите тешкотии, да им ги изнесуват своите гледишта и проблеми и да побараат совет кога ќе се најдат во некоја недоумица. Кој подобро ќе ја процени ситуацијата и ќе им укаже на опасноста ако не побожните родители? Кој може така да го разбере специфичниот темперамент на своето дете ако не родителот? Мајката, која уште од најрана возраст го следи душевниот развој на детето и најдобро ги познава неговите природни склоности, е најподготвена да го советува своето дете. Кој може подобро од мајката, со таткова помош, да каже кои карактерни црти треба да се поправат или отстранат?[7]

**„Немам време!“ –** „Немам време“, вели таткото. „Немам време да ги воспитувам моите деца, немам време да им правам друштво и да ги развеселам!“ – Тогаш не си смеел да ја прифатиш родителската должност! Кога не им подаруваш време на децата, кое со право им припаѓа, ти ги лишуваш од воспитувањето кое треба да го примат. Ако имаш деца, треба да ја извршиш работата во заедница со мајката, изградувајќи го нивниот карактер.[8]

Многу мајки извикнуваат: „Немам време да бидам со моите деца“. Тогаш, поради Христа, потроши помалку време на своите
192 фустани. И ако сакаш, троши помалку време на својот надворешен изглед. Не примај и не оди на гости. Немој да подготвуваш многу различни јадења. Меѓутоа, никогаш, ама баш никогаш немој да ги запоставиш своите деца! Што бара каколот со пченицата? Не дозволувај ништо да се појави меѓу вас и најдобрите интереси на твоите деца.[9]

Оптоварени со многу грижи, мајките понекогаш сметаат дека немаат време трпеливо да ги поучуваат своите малечки и да им подарат љубов и разбирање. Тогаш мајките треба да запомнат: ако децата кај своите родители и во својот дом не го најдат

она што ја задоволува нивната потреба за пријателство и разбирање, тие ќе го побараат тоа на некое друго место, кое може да биде опасно и за нивната душа и за карактерот.[10]

**Со своите деца во работа и во игра. –** Подарете им на своите деца малку од вашето слободно време: соработувајте со нив во нивната работа и разонода и на тој начин стекнете ја нивната доверба. Станете им добри пријатели на своите деца.[11]

Родителите нека ги посветат своите вечерни часови на семејството. Оставете ги своите грижи и проблеми заедно со секојдневните обврски.[12]

**Совет за родителите кои покажуваат резервираност и склоност кон диктаторство. –** Постои опасност и родителите и учителите премногу да им наредуваат и да ја наметнуваат својата волја, а да не се трудат со своите деца или ученици да воспостават пријателство. Тие често се држат премногу резервирано, а својот авторитет го наметнуваат мошне студено и нељубезно и затоа не можат да ги придобијат срцата на своите деца и ученици. Но, кога би ги собрале децата околу себе и би им покажале дека ги сакаат, кога би се интересирале за она што го сакаат децата, па дури и за нивните игри, кога меѓу децата би биле понекогаш и самите како деца, тие би ги направиле своите деца многу среќни и би ја придобиле нивната љубов и доверба. На тој начин децата побргу би научиле да го почитуваат и прифаќаат автори- 193
тетот на своите родители и учители.[13]

**Лошото друштво како соперник на семејството. –** Сатаната и неговата војска вложуваат најголеми напори за да завладеат со детскиот ум, и затоа со децата треба да се постапува искрено, со христијанска нежност и љубов. На овој начин ќе имате силно влијание на нив и тие ќе почувствуваат дека можат да имаат неограничена доверба во вас. Потрудете се вашите деца да ја доживеат топлината и убавината на заедничкиот живот во домот. Ако го постигнете тоа, тие нема толку да бидат жедни за друштвото на своите врсници надвор од домот.. Поради злото кое денес владее во светот и поради ограничувањата кои мора да се стават пред децата, родителите треба да вложат двојно повеќе напори за да ги приврзат за своето срце и да ги осведочат дека навистина сакаат да ги направат среќни.[14]

**Родителите треба да се запознаат со своите деца. –** Не смееме да дозволиме меѓу родителите и децата да се постави ограда на студенило и воздржаност. Родителите треба да ги запознаат своите деца настојувајќи да го разберат нивните склоности и расположенија, да проникнат во нивните чувства и да дознаат што носат во срцето.

Родители, вашите деца нека видат дека ги сакате и дека сте готови да направите сè за да бидат среќни. Ако така правите, тогаш ограничувањата што мора да ги поставите многу поповолно ќе влијаат на нивниот млад ум. Управувајте со своите деца нежно и со сочувство, свесни дека „нивните ангели на небесата секогаш го гледаат лицето на Мојот Отец небесен“ (Матеј 18,10)... Ако сакате ангелите да го направат за вашите деца она што им го доверил Бог, соработувајте со нив, исполнувајќи го својот дел.

Одгледани среде мудрото и љубезно влијание на вистинскиот
дом, децата нема да имаат никаква желба да заминат во потрага
194 по задоволство и друштво надвор од домот. Злото нема да ги при-
влекува. Духот што преовладува во домот ќе го обликува нивни-
от карактер; тие ќе изградат навики и начела кои ќе бидат силна
одбрана против искушенијата што ќе дојдат кога ќе го напуштат
195 безбедниот дом и ќе го побараат своето место во животот.[15]

---

1. Testimonies for the Church, Vol. 1, p. 396
2. Manuscript 45, 1912
3. Review and Herald, Aug. 30, 1881
4. Ministry of Healing, p. 388
5. Testimonies for the Church, Vol. 1, p. 391
6. Id., p. 387
7. Id., p. 392
8. Fundamentals of Christian Education, pp. 65, 66
9. Signs of the Times, April 3, 1901
10. Ministry of Healing, p. 389
11. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 124
12. Christian Temperance and Bible Hygiene, p. 65
13. Testimonies for the Church, Vol. 3, pp. 134, 135
14. Id., Vol. 1, pp. 387, 388
15. Ministry of Healing, p. 394

# Сигурност во љубовта

**Моќта на љубовта. –** Делата на љубовта имаат чудесна моќ, затоа што се божествени. Кога би ја сфатиле поуката дека „кроткиот одговор гневот го ублажува“, дека „љубовта долго трпи, полна е со добрина“, дека „љубовта покрива многу гревови“ – каква исцелителна сила би добил нашиот живот!“ (Мудри изреки 15,1; 1. Коринќаните 13,4; 1. Петрово 4,8). Колку само животот би бил преобразен, а земјата би станала претслика на Небото, кое уште сега би можело да се види и да се почувствува!

Овие скапоцени поуки можат да се изнесуваат толку едноставно што ќе можат да ги разберат дури и малите деца. Детското срце е нежно и на него може лесно да се влијае; и кога ние, кои сме постари, ќе станеме како „мали деца“ (Матеј 18,3), кога ќе се поучиме од едноставноста, благоста и нежната љубов на Спасителот, тогаш нема да ни биде тешко да се приближиме до срцата на малечките и да ги поучуваме за исцелителната служба на љубовта.[1]

Во очите на овој свет парите се моќ, но од христијанска гледна точка љубовта е моќ. Интелектуалната и духовната сила потекнуваат од ова начело. Чистата љубов има моќ да прави добро и ништо друго освен добро. Таа го спречува несогласувањето и сите зла кои произлегуваат од тоа и ни носи најголема среќа. Богатството често расипува и уништува, грубата сила ранува, но вистината и добрината се обележје на чистата љубов.[2]

**Љубовта е билка којашто треба да се негува. –** Домот треба да биде центар на најчистите и највозвишени чувства. Мирот, согласувањето, љубовта и среќата треба секој ден истрајно да се негуваат, додека овие вредности не ги освојат срцата на членовите на семејството. Билката на љубовта треба грижливо да се негува, инаку ќе овене. Ако сакаме да живее во нашето срце, секое 196
добро начело треба да се негува. Она што сатаната го сади во ср-

цето, мора да се искорне: завист, љубомора, сомнеж, клеветење, нетрпеливост, предрасуди, себичност, алчност и разгаленост. Ако дозволиме ова зло да остане во душата, тоа ќе донесе род којшто ќе расипе мнозина. Колкумина се оние кои ги негуваат овие отровни билки, кои ги уништуваат скапоцените плодови на љубовта и ја валкаат душата![3]

**Сетете се на своето детство. –** Не постапувајте со своите деца секогаш строго; не заборавајте да се сетите на своето детство и дека тие се само деца. Не очекувајте да бидат совршени и не барајте од нив одеднаш да се однесуваат како возрасни. Ако така постапувате, ќе го затворите пристапот кој би можеле да го имате и ќе ги натерате да ја отворат вратата за штетните влијанија, така што другите можат да го затрујат нивниот млад ум пред вие да забележите во каква опасност се наоѓаат...[4]

Родителите не би требало да заборават на своето детство, колку многу копнееле за љубов и нежност и колку се чувствувале несреќни кога биле остро критикувани и грубо укорени. Тие треба повторно да се чувствуваат млади, а својот ум да го прилагодат на сфаќањата на своите деца.[5]

Децата имаат потреба од нежни и охрабрителни зборови. Колку лесно мајките можат да изговорат зборови полни со нежност и љубов, кои како сончеви зраци ќе ги осветлат срцата на малечките и ќе направат да заборават на своите тешкотии!

Родители, пружете им љубов на своите деца: љубов во најраното детство и љубов во младоста. Не муртете им се, туку на ва-
197 шето лице секогаш нека блеска ведрина.[6]

**Чувајте ги децата во сончева атмосфера. –** Кога ќе западнат во проблеми, малечките треба внимателно да ги смирувате. Во времето додека децата се мали, па до полнолетството, обично не им се посветува доволно внимание. Затоа на децата им се потребни мајки кои ќе ги насочуваат така што ќе се чувствуваат како дел од семејството. Мајката треба да разговара со своите деца за нивните потешкотии и надежи. Родителите треба да имаат на ум дека за своите деца мораат да се грижат повеќе отколку за гостите. Чувајте ги во сончева атмосфера, под будното мајчино око.[7]

Помогнете им на своите деца да бидат победници... Опкружете ги со атмосфера на љубов. Само така најлесно ќе ја покорите нивната нескротлива природа.[8]

**На децата повеќе им е потребна љубовта отколку храната. –** Многу мајки ги занемаруваат своите деца за да можат да добијат време за украсување на облеката или за да сошијат непотребни украси на облеките на своите деца. Меѓутоа, кога децата се уморни и кога навистина им е потребна нега, родителите ги запоставуваат или им даваат нешто да јадат. Таа храна не само што е непотребна туку е и штетна. Наместо тоа, на децата им е потребна мајчината смирувачка прегратка. Секоја мајка треба на своите деца да им ги пружи тие мали нежности кои и на малите и на постарите деца им се потребни. На овој начин мајката ќе го приврзе детското срце кон себе и неговата среќа ќе биде и нејзина. Таа е за нив она што Бог е за нас.[9]

**Оправданите детски желби треба да се задоволат. –** Настојувај секогаш да им покажуваш на своите деца дека ги сакаш, дека се залагаш за нивните интереси, дека навистина ти е важна нивната среќа и дека секогаш го правиш само она што е за нивно добро. Исполни ги нивните мали желби, но сторете го тоа 198
разумно.[10]

Во воспитувањето на децата никогаш немојте да постапувате според моменталните чувства. Авторитетот и љубовта треба да се соединат. Негувајте го и развивајте го она што е убаво и добро, и поттикнувајте ја во нив желбата за повозвишеното добро додека им го откривате Христа. Кога им го забранувате она што е штетно за нив, правете го тоа на начин да разберат дека ги сакате и сакате да бидат среќни. Колку се понемирни, толку поголем труд морате да вложите за да им ја покажете својата љубов. Кога детето ќе согледа дека сакате да го направите среќно, љубовта ќе ја урне секоја ограда. Според ова начело Спасителот постапувал со човекот и истото мора да се внесе и во животот на црквата.[11]

**Љубовта треба да се изразува. –** Во многу семејства постои голем недостаток од изразување на меѓусебна љубов. Иако не е потребна претерана чувствителност, сепак неопходно е љубовта и нежноста да се искажуваат на убав, чист и достоинствен начин. За жал, многумина негуваат тврдо срце, а со зборовите и постапките ја откриваат сатанската страна на својот карактер. Меѓу мажот и жената, родителите и децата, браќата и сестрите, секогаш треба да се негува нежна љубов. Не изговарајте ниту еден остар

и груб збор и не покажувајте дури ни дека ви недостасува љубов еден кон друг. Должност на секој член на семејството е да биде пријатен и да зборува љубезно.[12]

Негувајте ги нежноста, приврзаноста и љубовта, кои треба да се покажат преку малите љубезни дела, во говорот и во грижливото внимание.[13]

Најдобриот начин децата да бидат воспитани да ги почитуваат таткото и мајката е можноста да видат како таткото љубезно постапува со мајката, а мајката му укажува љубов и почит на тат-
199 кото. Набљудувајќи ја љубовта меѓу родителите, децата се поттикнати да ја слушаат петтата заповед и да го прифатат советот: „Деца, бидете им послушни на родителите свои, во името на Господ, зашто тоа е праведно“ (Ефешаните 6,1).[14]

**Родителите треба да ја одразуваат Христовата љубов. –** Кога мајката стекнала доверба кај своите деца и ги научила да ја сакаат и да ја слушаат, таа им ја дала првата поука за христијанскиот живот. Тие треба да го сакаат својот Спасител, да имаат доверба во Него и да го слушаат, како што ги сакаат, имаат доверба и ги слушаат своите родители. Љубовта што ја покажуваат родителите кон детето грижејќи се за него и воспитувајќи го, може само до-
200 некаде да ја открие Исусовата љубов кон Неговиот верен народ.[15]

1. Education, p. 114
2. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 138
3. Signs of the Times,
4. Testimonies for the Church, Vol. 1, pp. 387, 388
5. Review and Herald, July 9, 1901
6. Manuscript 129, 1898
7. Manuscript 127, 1898
8. Manuscript 114, 1903
9. Manuscript 43, 1900
10. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 140
11. Manuscript 4, 1893
12. Signs of the Times, Nov. 14, 1892
13. The Youth’s Instructor, April 21, 1886
14. Review and Herald, Nov. 15, 1892
15. Signs of the Times, April 4, 1911

# Негувајте ја градината на срцето

**Родителите како градинари. –** Господ на родителите им доверил свечено и свето дело. Тие треба внимателно да ја обработуваат почвата на детското срце. На тој начин стануваат Божји соработници. Бог очекува од нив внимателно да ја чуваат и обработуваат градината на срцето на своите деца, да сеат добро семе и да го искоренат лошиот кукол. Од таа градина треба да се отстрани секоја лоша црта на карактерот, секоја грешка во нивната природа, зашто ако тоа остане, ќе ја уништи убавината на карактерот.[1]

Родители, вашиот дом е првото поле во кое сте повикани да работите. Скапоцените билки во градината на вашиот дом имаат потреба од вашата најголема грижа. Должни сте да бдеете над душите како оние што ќе дадат сметка за тоа. Размислете добро за својата работа, за нејзината природа, начинот на извршување и за резултатите од неа.[2]

Пред сопствената врата имате парче земја кое треба да го обработувате, а Бог ќе ве смета за одговорни за делото што ви го предал.[3]

**Обработување на градината. –** Во светот преовладува мислењето дека на децата треба да им се дозволи да ги следат природните желби на својот ум. И ако децата во почетокот се многу недисциплинирани, родителите велат дека тие постепено ќе се подобрат и дека, кога ќе имаат шеснаесет или осумнаесет години, ќе станат поразумни, ќе ги остават лошите навики и на крајот ќе станат полезни мажи и жени. Каква заблуда! На овој начин, тие му дозволуваат на непријателот со години да сее плевел во детските
срца. Така се развиваат лошите навики, кои во голем број случаи, 201
и покрај сите напори, подоцна е невозможно да се отстранат...

Некои родители им дозволиле на своите деца да стекнат лоши навики од коишто не можат да се ослободат во текот на целиот живот. Тоа е грев на родителите. Нивните деца можат да се сметаат за христијани, но ако не го доживеат делото на Божјата благодат во срцето и без темелна реформа во животот, нивните навики секогаш ќе се забележуваат и ќе откриваат карактер каков што родителите им дозволиле да изградат.[4]

На младите не треба да им се дозволи да научат да прават добро или зло без да прават разлика, мислејќи дека некаде во иднина доброто ќе преовлада, а злото ќе го изгуби своето влијание. Напротив, злото ќе се развива побргу од доброто. Можно е по многу години злото што го прифатиле да биде искоренето, но кој смее да ризикува? Времето е кратко. Многу е посигурно да сееме чисто и добро семе во срцата на нашите деца отколку подоцна да го корнеме плевелот. Впечатоците кои се создадени во разумот на младите тешко може да се избришат. Колку е тогаш важно тие впечатоци да бидат исправни и способноста на младите да се насочи во добар правец.[5]

**Сеење на семето и корнење на плевелот. –** Во првите години од животот на детето, почвата на срцето треба грижливо да се подготви за дождовите на Божјата милост. Потоа треба внимателно да се сее и грижливо да се негува семето на вистината. А Бог, кој го наградува секој труд направен во Негово име, ќе го оживее посеаното семе и најпрво ќе се јави стебленце, потоа клас и најпосле класот ќе се исполни со пченични зрна.

Многу често поради страшната незаинтересираност на родителите, сатаната го сее своето семе во детските срца, по што доаѓа жетвата – срам и очај. На светот денес му недостасува вистинската добрина бидејќи родителите пропуштиле да ги приврзат
202 своите деца за себе уште во домот. Тие не ги задржале од дружењето со невнимателните и безобѕирни другари. Затоа децата отишле во светот да го сеат семето на смртта.[6]

Давањето упатства и искорнувањето на непотребниот и отровен плевел е од најголема важност. Ако плевелот се остави да расте, тој ќе ги задуши драгоцените никулци на моралните принципи и божествената вистина.[7]

Ако полето остане необработено, набрзо ќе се појави штетниот плевел, кој тешко може да се искорени. Затоа земјата мора да се обработи и плевелот да се искорне пред да се посее доброто семе. Но, пред да изникне доброто семе, тоа мора внимателно да се посее. Ако мајките го занемаруваат сеењето на скапоценото семе, а очекуваат да пожнеат драгоцено зрно, тие ќе се разочараат бидејќи ќе пожнеат чичка и трње. Сатаната будно внимава, подготвен да посее семе, кое ќе никне и ќе донесе обилен род сличен на неговиот сатански карактер.[8]

Нашите деца мораат да бидат опкружени со постојана будност. Штом ќе се родат, сатаната, со своите најразлични стапици, почнува да дејствува на темпераментот и волјата на децата. Нивната сигурност зависи од мудроста и неуморната грижа на родителите. Со љубов и во Божји страв родителите треба да се борат да ја заземат градината на срцето, сеејќи го доброто семе на вистинскиот Дух, на добрите навики, љубовта и стравот Божји.[9]

**Откријте ја природната убавина. –** Родителите и учителите треба најсериозно да ја бараат мудроста којашто Исус е готов веднаш да им ја даде, бидејќи тие се занимаваат со човечкиот ум во најинтересниот и најчувствителен период од неговиот развој. Нивна цел треба да биде да ги негуваат склоностите на младите, за да можат во секој период од својот живот да ја задржат при- 203
родната убавина соодветна за таа доба, развивајќи се постепено
како што се развиваат билките и цвеќињата во градината.[10] 204

1. Manuscript 138, 1898
2. Signs of the Times, July 1, 1886
3. Review and Herald, Sept. 15, 1891
4. Testimonies for the Church, Vol. 1, p. 403
5. Christian Temperance and Bible Hygiene, pp. 138, 139
6. Manuscript 49, 1901
7. Review and Herald, April 14, 1885
8. Manuscript 43, 1900
9. Manuscript 7, 1899
10. Testimonies for the Church, Vol. 6, pp. 204, 205

*Триесет и трета глава*

# Ветување за божествено водство

**Колку е прекрасно сознанието за божествениот Пријател. –** Нашиот милостив Спасител гледа на вас со љубов и сочувство, готов да ги слушне нашите молитви и да ни ја даде помошта што ни е потребна. Тој ги знае грижите на секое мајчино срце и во секоја тешкотија Тој е нејзиниот најдобар пријател. Неговите вечни раце се подготвени да ја поддржат побожната и верна мајка. Додека бил на Земјата, Исус имал мајка која се борела со сиромаштијата, со многу грижи и тешкотии и Тој сочувствува со секоја мајка во нејзината макотрпна работа. Тој Спасител, кој тргнал на долг пат за да го ослободи загриженото срце на мајката чија ќерка била опседната со нечист дух, ќе ги слушне молитвите на секоја мајка и ќе ги благослови нејзините деца.

Оној, кој на вдовицата ѝ го вратил синот единец што го носеле да го погребат, и денес со големо сочувство ѝ пристапува на секоја ожалостена мајка. Тој, кој ронел солзи на Лазаровиот гроб и на Марта и Марија им го вратил нивниот погребан брат, кој ѝ простил на Марија Магдалена, кој се сетил на својата мајка додека во агонија висел на крстот, кој им се јавил на ожалостените жени и ги пратил да ја објават радосната вести за воскреснатиот Спасител – Тој и денес е најдобар Пријател на жената, подготвен да ѝ помогне во сите животни околности.[1]

Ниту една друга работа не може да се спореди со работата на мајката христијанка. Таа ја прифаќа својата работа свесна што значи да ги одгледа своите деца во Господовата наука. Колку често таа ќе почувствува дека тежината на нејзиниот товар е пого-
205 лем од нејзината сила, и колку е тогаш драгоцена предноста во

молитва сè да му предаде на сочувствителниот Спасител! Таа може да го остави својот товар пред Неговите нозе и во Негово присуство да најде сила што ќе ја одржи и ќе ѝ даде радост, надеж, храброст и мудрост во најтешките моменти. За мајката притиснатата со грижи, колку е мило сознанието дека има таков пријател во сите нејзини тешкотии! Кога мајките почесто би доаѓале кај Христа и би имале поголема доверба во Него, нивните товари би биле полесни и тие би нашле мир за својата душа.[2]

**Бог ги слуша вашите молитви. –** Вие нема да можете да ги одгледате своите деца без божествена помош, бидејќи ослабената Адамова природа секогаш тежнее да загосподари. Срцето мора да биде подготвено да ги прифати начелата на вистината, за да можат да се вкоренат во душата и да се отелотворат во животот.[3]

Рорителите треба да знаат дека, ако се држат до Божјите упатства при воспитувањето на децата, ќе примаат помош одозгора. Тие ќе имаат голема полза од тоа зашто и самите учат додека ги поучуваат другите. Нивните деца ќе постигнат победа преку сознанието што го стекнале држејќи се до Божијот пат. Тие се оспособени да ги победуваат природните и наследените склоности кон злото.[4]

Родители, дали неуморно работите за доброто на своите деца? Небесниот Бог ја гледа вашата загриженост, вашите искрени настојувања, вашето постојано бдеење. Тој ги слуша вашите молитви. Со трпение и нежност воспитувајте ги децата за Господа. Целото небо е заинтересирано за вашата работа... Бог ќе се соедини со вас крунисувајќи ги вашите напори со успех.[5]

Кога ќе се трудите јасно да ја изнесете вистината за спасението и кога ќе им укажете на децата на Христа како личен Спасител, ангелите ќе бидат покрај вас, Господ ќе им даде на родителите милост своите малечки да ги заинтересираат за возвишената 206
историја за Детето од Витлеем, кое навистина е надеж на светот.[6]

**Барајте и ќе добиете. –** Во својата толку важна работа родителите мора да ја бараат божествената помош и ќе ја добијат. Дури и ако карактерот, навиките и начинот на живот на родителите биле од поинаква природа, ако поуките што ги примиле во детството и младоста ги довеле до несакан развој на карактерот, тие

не треба да очајуваат. Божјата сила која преобразува може да ги промени наследените и стекнатите склоности, зашто Христовата религија има моќ да го издигне човекот. „Наново роден" значи преобратен, повторно роден во Исуса Христа.[7]

Да ги поучуваме своите деца во науката на Словото. Ако го повикате да ви помогне, Господ ќе ви одговори. Тој ќе рече, „Еве ме, што сакаш да направам? Небото е така поврзано со земјата, што секоја душа може да се оспособи за извршување на својата задача. Господ ги сака децата. Тој сака да ги воспитате да бидат свесни за својата возвишена положба.[8]

**Светиот Дух ќе ве води. –** Мајката треба да чувствува потреба за водство од Светиот Дух, за да може самата да стекне искуство и да се покори на Божјата волја и неговиот пат. И тогаш, со Христовата милост, таа може да стане мудар, нежен и сакан учител.[9]

Христос сторил сè за секој оној родител што сака да работи под водство на Светиот Дух, да добие сила и милост да биде учител во својот дом. Ваквото воспитување и дисциплина во домот ќе вршат влијание кое ќе го изградува и обликува карактерот.[10]

**Божествената сила ќе се соедини со човечките напори. –** Без
207 човечките напори божествениот напор нема да има значење. Бог ќе дејствува со својата сила дури кога родителите со доверба и чувство на зависност од Него ќе ја осознаат светата одговорност која почива на нив и ќе настојуваат правилно да ги воспитаат своите деца. Бог ќе соработува со оние родители кои внимателно и со молитва ќе настојуваат да ги воспитаат своите деца, изградувајќи го така и своето и нивното спасение. Тој ќе направи да сакаат и да го прават она што Му е угодно.[11]

Само човечките напори нема да помогнат вашите деца да го усовршат карактерот за небото; но, со божествена помош ќе може да се изврши големо и свето дело.[12]

Кога како родители ќе ги прифатите своите должности потпирајќи се на Божјата сила, решени никогаш да не попуштите во своите напори ниту да ја напуштите својата должност од децата да го создадете она што Бог го очекува од нив, Бог ќе гледа на вас со одобрување. Тој знае дека правите најдобро што можете и за-

тоа ќе ја зголеми вашата сила. Сам Бог ќе го изврши оној дел од работата кој мајката или таткото не можат; Тој ќе соработува со мудрите, трпеливи и правилно насочени напори на богобојазливата мајка. Родители, Бог нема да го изврши оној дел од работата којшто вам ви го доверил да го извршите во својот дом. Не препуштајте се на рамнодушноста и не бидете мрзеливи слуги, ако сакате да ги спасите своите деца од опасностите со кои се опкружени во светот.[13]

**Држете се за Исуса кога ќе дојдат неволји. –** Родители, собирајте ги зраците на боженствената светлина која го осветлува вашиот пат. Живејте во светлина, зашто Христос е светлината. Како што ќе ја прифатите работата да ги спасите своите деца и да се одржите на патот на светлината, на вас ќе наидат големи неволји. Но, не губете ја својата поткрепа; држете се за Христа. Тој вели: „Или нека се фати за мојата сила за да направи мир со Мене; ќе направи мир со Мене“ (Исија 27,5). Ќе се појават тешкотии. Ќе *208*
се соочите со препреки. Гледајте постојано во Исуса. Кога ќе наиде тешкотија, прашајте: „Господе, што сакаш да направам?“[14]

Колку потешка ќе станува борбата, толку поголема ќе биде потребата (родителите) да добијат помош од својот небесен Татко и толку позначајна ќе биде извојуваната победа.[15]

**Работете со вера. –** Како верни повереници на разнообразната Божја благодат, родителите треба да ја извршуваат својата работа трпеливо, со љубов и со вера. Од нив се очекува да бидат верни. Сè што прават треба да го прават со вера. Постојано мора упатуваат молитви кон Бога да им ја даде својата благодат на нивните деца. Тие никогаш не смеат да покажат умор, нетрпение или раздразливост во својата работа. Мора цврсто да се поврзат со своите деца и со Бога. Ако работат трпеливо и со љубов, сериозно настојувајќи да им помогнат на своите деца да го постигнат највисокото ниво на чистота и скромност, тие ќе успеат.[16] *209*

---

1. Signs of the Times, Sept. 9, 1886 *210*
2. Signs of the Times, Sept. 13, 1877
3. Review and Herald, Oct. 25, 1892

4. Review and Herald, June 6, 1899
5. Review and Herald, Jan. 29, 1901
6. Desire of Ages, p. 517
7. Review and Herald, April 13, 1897
8. Manuscript 31, 1909
9. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 128
10. Manuscript 36, 1899
11. Signs of the Times, Sept. 25, 1901
12. Review and Herald, Oct. 25, 1892
13. Review and Herald, July 10, 1888
14. Manuscript 67, 1901
15. Review and Herald, Aug. 30, 1881
16. Manuscript 138, 1898

*Деве̄тӣи дел*

# ТАТКОТО – ГЛАВА НА СЕМЕЈСТВОТО

# Положбата и одговорностите на таткото

211 **Толкување на зборот „сопруг“. –** Домот е Божја установа. Бог определил семејниот круг: таткото, мајката и децата да постојат на овој свет како едно здружение.[1]

Задачата домот да биде среќно место не зависи само од мајката. Татковците имаат значаен удел во тоа. Сопругот е глава* на домот, кој со својата силна, сериозна и посветена љубов ги поврзува членовите на семејството, мајката и децата, во најсилна заедница.[2]

Поимот „глава на домот“ е прво објаснување на зборот сопруг... видов дека има малку татковци кои се свесни за своите одговорности.[3]

**Глава на семејната заедница. –** Сопругот и татко е глава на семејството. Сопругата од него очекува љубов и сочувство, а исто така и помош околу воспитувањето на децата; и тоа е правилно. Децата се негови исто колку што се и нејзини, и тој подеднакво е заинтересиран за нивното добро. Децата очекуваат од таткото поддршка и водство; а таткото мора да има исправно сфаќање за животот, за влијанијата и општеството кое го опкружува неговото семејство; но пред сѐ, со него треба да управува љубовта и стравопочитта кон Бога, како и учењето од Божјата реч, за да може да ги води нозете на своите деца по правиот пат...

Таткото е должен да го исполни својот дел за да го направи својот дом среќен. Какви и да се неговите грижи и деловни не-

---

* Во изворниот текст „house-band“, како ознака за улогата што ја има мажот (husband) во семејството како обединител, оној што поврзува.

прилики, не смее да дозволи тоа да фрли сенка врз неговото семејство; тој треба да влезе во својот дом со пријатна насмевка и 212
љубезни зборови.[4]

**Законодавец и свештеник. –** Сите членови на семејството се соединуваат со таткото. Тој е законодавец, кој со своето мажествено држење ги претставува најсериозните и суштински доблести: енергија, почит, чесност, трпение, храброст, трудољубивост и полезност. Во одредена смисла, таткото е свештеник на семејството кој на Божјиот олтар ги принесува утринските и вечерните жртви. Сопругата и децата треба да се соединат во овие приноси и да земат учество во пофалните песни. Наутро и навечер, таткото, како свештеник на домот, треба да ги признае пред Бога гревовите што ги направиле тој и неговите деца во текот на денот. Треба да ги признае оние гревови за кои знае, како и оние кои се тајни, кои ги гледа само Божјето око. На семејството ќе се излеат благослови ако таткото верно го применува ова правило на постапување кога е присутен, или мајката, ако тој е отсутен.[5]

Таткото е претставник на божествениот Законодавец во своето семејство. Тој е Божји соработник кој ги исполнува Неговите милостиви намери и во животот на децата ги изградува светите начела, помагајќи им да изградат чист и свет карактер и збогатувајќи ги со она што ќе им помогне да ги почитуваат не само своите земни родители туку и својот небесен Татко.[6]

Таткото не смее да ја изневери укажата света довеба. Тој во никој случај не смее да се откаже од својот родителски авторитет.[7]

**Одејќи со Бога. –** Преку жива вера таткото... ќе ги поврзе своите деца со Божјиот престол. Не надевајќи се на сопствената сила, тој со својата немоќна душа се потпира на Исуса држејќи се за 213
силата на Севишниот. Браќа, молете се кај семејниот олтар наутро и навечер; молете се сесрдно во тајност и, додека ги извршувате своите секојдневни работи, издигнувајте ја својата душа во молитва кон Бога. Така Енох одел со Бога. Тивката, но ревносна молитва на душата се издигнува како пријатен мирис на темјан кон престолот на милоста и Бог ја прифаќа исто како да е принесена во светилиштето. На сите кои така го бараат, Христос е под-

готвен да им помогне во време на потреба. Тие ќе бидат силни во денот на неволја.[8]

**Се очекува зрело искуство. –** Таткото не смее да биде како дете со кое управуваат само моменталните чувства. Тој е врзан за своето семејство со свети врски.[9]

Неговото влијание во домот ќе биде онакво какво што е неговото познавање на единствениот вистински Бог и за Исуса Христа, кого Тој го пратил. „Кога бев дете", вели Павле „зборував како дете, мислев како дете, расудував како дете. А кога станав маж, го отстранив детинското" (1. Коринќаните 13,11). Таткото не треба да стои на чело на семејството како недораснато, недисциплинирано момче, туку како човек со мажествен карактер и потчинети страсти. Тој мора да стекне воспитување и вистинско сознание за моралот. Неговото однесување во домот треба да биде усогласено и покорено на чистите начела на Божјата реч. Тогаш тој ќе ја достигне полната мера на својот раст во Исуса Христа.[10]

**Покорете ја својата волја на Бога. –** На човекот кој е сопруг и татко, јас би му рекла: Внимавај твојата душа да биде опкружена со чиста и света атмосфера... Ти треба секој ден да учиш од Христа. Никогаш, ама баш никогаш не смееш во својот дом да покажеш дух на тиранин. Мажот кој прави така соработува со сатанските сили. Покори ја својата волја на Божјата волја. Направи сè
214 што е во твоја моќ за животот на твојата сопруга да биде удобен и среќен. Божјата реч нека биде твој советник. Примени ги нејзините учења во својот дом и тогаш ќе живееш според нив и во црквата, како и на местото на кое работиш. Небесните начела ќе ги облагородат сите твои деловни постапки. Божјите ангели ќе соработуваат со тебе и ќе ти помогнат да го откриваш Христа на светот.[11]

**Соодветна молитва за избувлив сопруг. –** Не дозволувај деловните грижи да го засенат семејниот живот. Доколку се случи нешто што не си очекувал, а ти не покажуваш трпение, воздржаност, љубезност и љубов, откриваш дека за свој пријател не си го избрал Оној кој толку те возљубил што го дал својот живот за тебе, за да можеш да бидеш едно со Него.

Во секојдневниот живот ќе дојде до изненадувања, разочарувања и искушенија. Што кажува Божата реч? „Спротивставете се на ѓаволот“ цврсто потпирајќи се на Бога, „и ќе побегне од вас. Приближете се кон Бога и Тој ќе се приближи кон вас“ (Јаков 4,7.8). Понатаму: „Или нека се фати за Мојата сила за да направи мир со Мене; и ќе направи мир со Мене“ (Исаија 27,5). Гледај на Исуса во секое време и на секое место, упатувајќи тивка молитва од искрено срце да те научи како да ја исполниш Неговата волја. Кога непријателот ќе навали како река, Господовиот дух ќе се крене против него. И кога ќе бидеш на граница да попуштиш, да го загубиш трпението и самосовладувањето, да станеш груб и да обвинуваш, да наоѓаш грешки, подготвен да осудиш – тоа е мигот кога треба да упатиш молитва кон небото: „Помогни ми, о Боже, да се спротивставам на ова искушение; извади ја од моето срце сета горчина, гнев и клевета. Дај ми ја својата кротост, својата понизност, својата долготрпеливост и својата љубов. Не дозволувај да го осрамотам мојот Спасител, погрешно да ги толкувам збо- 215
ровите и намерите на мојата сопруга, на моите деца и на моите браќа и сестри во верата. Помогни ми да бидам љубезен, сочувствителен, со нежно срце, да простувам. Помогни ми да бидам вистинска глава на мојот дом и пред другите да го претставам Христовиот карактер“.[12]

**Авторитет и понизност. –** Сопругот не ја докажува својата мажественост ако постојано ја нагласува својата положба како глава на семејството. Тој нема да го зголеми почитувањето на домашните, ако со извадоци од Светото писмо го истакнува својот авторитет. Тој нема да биде ништо помажествен ако од сопругата, мајката на своите деца, бара да ги исполнува неговите планови како да се непогрешливи. Господ одредил сопругот да биде глава на жената – нејзин заштитник; тој е обединител на семејството, врската која ги поврзува членовите на семејството, како што Христос е глава на црквата и Спасител на нејзиното тело. Секој сопруг, кој тврди дека го сака Бога, внимателно нека ги проучува Божјите барања во однос на својата положба во домот. Христос го применувал својот авторитет мудро, љубезно и благо. Така треба да постапува и сопругот, за да биде сличен на големиот Поглавар на црквата.[13] 216

1. Manuscript 36, 1899
2. Signs of the Times, Sept. 13, 1877
3. Testimonies for the Church, Vol. 1, p. 547
4. Ministry of Healing, pp. 390, 392
5. Testimonies for the Church, Vol. 2, p. 701
6. Signs of the Times, Sept. 10, 1894
7. Letter 9, 1904
8. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 616
9. Testimonies for the Church, Vol. 1, p. 547
10. Manuscript 36, 1899
11. Letter 272, 1903
12. Letter 105, 1893
13. Letter 18b, 1891

# Заедно носете ги товарите

**Должностите на таткото не можат да се пренесат на друг. –** Таткото не може на мајката да ги пренесе своите должности кон децата. Ако мајката верно ја исполнува својата должност, таа веќе носи доволно голем товар. Само во заедница еден со друг, таткото и мајката можат да ја извршат работата што Бог ја ставил во нивни раце.[1]

Таткото не треба да бара оправдувања за неисполнување на својот дел од работата во воспитувањето на своите деца за овој живот и за бесмртноста. Тој мора да понесе дел од одговорноста. И таткото и мајката имаат свои обврски. Родителите мора да покажат почит еден кон друг и меѓусебна љубов, ако сакаат да ги развијат овие доблести кај своите деца.[2]

Со своите ведри погледи и љубезни зборови таткото треба да ја охрабрува и поддржува мајката во нејзината работа.[3]

Настојувај да ѝ помогнеш на својата сопруга во борбата што таа ја води. Внимавај на своите зборови, биди внимателен во однесувањето, љубезен, нежен – и ќе бидеш награден за тоа.[4]

**Љубезното однесување го олеснува товарот на мајката. –** Каква и да е неговата професија и проблемите што го следат, таткото во својот дом треба да внесе насмеано лице и пријатен глас, со кој цел ден ги поздравувал посетителите и странците. Неговата сопруга треба да знае дека може да се потпре на големата љубов на својот сопруг – дека неговите раце ќе ја поткрепуваат и поддржуваат во нејзината напорна работа и грижи, дека неговото влијание ќе ги олесни нејзините товари – и тие ќе изгубат половина од својата тежина. Зар децата не се исто толку негови колку и нејзини?[5]

Сопругата може да се натовари со многу други должности за кои смета дека се позначајни отколку да му помогне на својот сопруг во носењето на неговиот дел од одговорноста, а тоа може да се појави и во животот на сопругот. Од голема важност е нежната служба за другиот. Сопругот може да покаже склоност да излегува и да се враќа дома како да е потстанар, а не глава на семејството.[6]

Должностите во домот се свети и значајни, но нив често ги следи здодевната монотонија. Многубројните грижи и непријатности можат да влеат напнатост ако нема промена и весело опуштање кое сопругот и татко често... може да избере да го стори – или ако смета дека тоа е потребно или неопходно. Животот на мајката, дури и во едноставната животна средина, претставува постојана жртва и станува уште потешка ако сопругот нема разбирање за тешкотиите на нејзината положба и не ѝ помогне во работата.[7]

**Обѕир кон изнемоштената жена. –** Сопругот треба да покаже големо интересирање за своето семејство. Тој треба да биде особено нежен кон чувствата на својата изнемоштена сопруга. На овој начин ќе ја затвори вратата за многу болести. Љубезните, весели и охрабрителни зборови ќе дејствуваат поуспешно и од најдобрите лекови. Тоа ќе го охрабри изнемоштеното и обесхрабрено срце, а среќата и ведрината внесена во семејството преку љубезните постапки и охрабрувачки зборови, ќе биде десеткратна плата за вложениот труд.

Сопругот мора да запомни дека главниот дел од товарот во поглед на воспитувањето на децата го сноси мајката, таа најмногу придонесува за изградба на нивниот ум. Ова треба кај него да предизвика најнежни чувства и желба да го олесни нејзиното бреме. Тој треба да ја поттикне да се потпре на неговата голема љубов и нејзините мисли да ги насочи кон небото, таму каде што уморниот наоѓа сила, мир и целосен одмор. Тој не би требало да
218 дојде дома со намуртено лице, туку со својата појава треба да внесе сончева светлина во семејството и да ја охрабри својата сопруга да гледа горе и да верува во Бога. Заедно можат да се потпрат на Божјите ветувања и да ги внесат Неговите богати благослови во семејството.[8]

**„Јас ќе одам полека...“ –** Многу сопрузи и татковци можат да научат полезна поука од грижливоста на верниот пастир. Кога

Исав му предложил на својот брат побрзо да појдат на тежок пат, Јаков одговорил: „Мојот господар знае дека децата се кревки. Освен тоа, треба да се грижам за овците и кравите што дојат: ако ги терам пребргу само еден ден, сите ќе изумрат. Мојот господар нека оди пред својот слуга, а јас ќе одам полека, според врвежот на добитокот пред мене и според чекорот на децата...“ (1. Мојсеева 33,13.14).

Таткото и сопруг нека „оди полека“ по тешкиот животен пат, колку што може да поднесе неговиот сопатник. Среде трката за богатство и моќ, таткото нека ги подзабави своите чекори, за да го утеши и охрабри оној кој е повикан да чекори покрај него...

Сопругот треба да ѝ помогне на својата сопруга со своето сочувство и непресушна љубов. Ако сака да ја сочува свежа и радосна, да му биде како сонце во домот, нека ѝ помогне во носењето на нејзините товари. Неговата љубезност и учтивост полна со љубов за неа ќе биде скапоцено охрабрување, а среќата со која тој ја опсипува ќе му го исполни срцето со радост и мир...

Ако на мајката не ѝ се пружи помош и не ја добива потребната нежност, грижа и утеха, ако се дозволи да ја исцрпи својата сила од прекумерна работа, грижи и потиштеност, нејзините деца ќе бидат лишени од животна сила, умствена способност и ведрина на духот, кои би требало да ги наследат. Колку подобро би било да се разубави и развесели мајчиниот живот, да се заштити од
сиромаштија, заморна работа и тешки грижи и да им се овозмо- 219
жи на децата да наследат здрав организам, за да можат да се про-
биваат во животот со сопствени сили.[9] 220

---

1. Fundamentals of Christian Education, p. 69
2. Signs of the Times, July 22, 1889
3. Signs of the Times, Sept. 13, 1877
4. Testimonies for the Church, Vol. 2, p. 84
5. Christian Temperance and Bible Hygiene, p. 70
6. Manuscript 80, 1898
7. Signs of the Times, Dec. 6, 1877
8. Testimonies for the Church, Vol. 1, pp. 306, 307
9. Ministry of Healing, p. 374

# Пријател на своите деца

**Поминувајте повеќе време со децата. –** Често таткото пропушта златни прилики да ги привлече и приврзе своите деца кон себе. Кога ќе се врати од работа дома, тој треба со задоволство да помине извесно време со своите деца.[1]

Татковците треба да се ослободат од своето лажно достоинство, да се откажат од некои безначајни задоволства за да имаат време да се дружат со децата учествувајќи во нивните мали неволји, врзувајќи ги за своите срца со силната врска на љубовта, создавајќи такво влијание на нивните млади умови, што ќе го сметаат свет татковиот совет.[2]

**Заинтересирајте се за синовите. –** Таткото треба да оствари тесна заедница со своите синови, да им биде од полза со своето поголемо искуство и да разговара со нив толку едноставно и нежно што ќе ги прилепи за своето срце. Тој нека им покаже дека постојано му се на срце нивните најдобри интереси и нивната среќа.[3]

Оној кој во семејството има синови мора да знае дека, независно од својата професија, никогаш не смее да ги запостави душите кои се доверени на негова грижа. Тој ги донел на свет овие деца и одговорен е пред Бога да направи сѐ што е во негова моќ за да ги сочува од лошо друштво и од световните пријатели. Тој не смее своите немирни деца целосно да ги препушти на мајчината грижа. Тоа за неа е премногу тежок товар. Тој мора така да ги подреди работите, за сѐ да служи во најдобар интерес за мајката и за децата. Понекогаш за мајката може да биде премногу тешко да
221 пројавува самоконтрола и мудро да ги воспитува своите деца. Во таков случај, таткото треба да го преземе поголемиот дел од тој

товар. Тој мора да настојува по секоја цена да ги спаси своите деца.[4]

**Учете ги децата да бидат полезни. –** Како глава на семејството, таткото треба да знае како да ги воспитува своите деца да бидат полезни и вредни. Ова е негова најзначајна задача. Во текот на првите години од животот на детето, обликувањето на природата на детето на прво место ѝ е доверено на мајката. Но таа треба да знае дека во таа работа ѝ помага нејзиниот сопруг. Ако се занимава со работа која речиси целосно му оневозможува да биде полезен за семејството, тој треба да побара друго вработување кое ќе му овозможи извесно време да помине со своите деца. Ако ги запостави, тој е неверен на задачата што Бог му ја доверил.

Таткото треба да влијае на своите деца посилно од стапиците на овој свет. Тој треба да ги проучува нивните склоности и да го познава карактерот на секој член во својот мал круг, за да може да ги разбере нивните потреби и опасности и на тој начин да знае како да го задуши злото а да го потикне доброто.[5]

Без оглед каква и колку важна работа извршува, тоа не може да биде изговор таткото да ја запостави должноста да ги воспитува и подготови своите деца да чекорат по Господовиот пат.[6]

**Запознајте се со различната природа. –** Таткото не смее да биде толку окупиран со работата, физичка или умствена, та да нема време да го проучи карактерот и потребите на своите деца. Тој треба да помогне да се изнајдат начини како да ги ангажира своите деца со полезна работа која одговара на нивните различни склоности.[7] 222

Татковци, поминете со своите деца што повеќе време. Настојувајте да ги запознаете нивните склоности и дарби, за да знаете како да ги воспитате во согласност со Божјата реч. Од вашите усни никогаш нека не излезе збор на обесхрабрување. Не внесувајте темнина во домот. Бидете пријатни, љубезни и нежни кон своите деца, но немојте неразумно да попуштате. Пуштете ги да се соочат со малите разочарувања низ кои секој мора да помине. Не охрабрувајте ги да доаѓаат со неважни обвинувања со кои ги клеветат другите. Учете ги да се поднесуваат еден со друг, да имаат трпение и да ја сочуваат меѓусебната доверба и почитување.[8]

**Придружете им се во работата и разонодата. –** Татковци... поврзете ја љубовта со авторитетот, љубезноста и сочувството со цврста контрола. Дајте им на своите деца малку од своето слободно време; запознајте се со нив; дружете се со нив во нивните работи и игри и стекнете ја нивната доверба. Негувајте пријателство со нив, особено со своите синови. Тогаш вашето добро влијание над нив ќе биде силно.[9]

**Дајте им поуки од природата. –** Таткото треба да настојува да го олесни товарот на мајката... Покажете им го на децата прекрасното цвеќе, високите дрвја со своите зелени листови, во кои ќе можат да ја препознаат Божјата љубов. Таткото треба да ги поучува дека Бог, кој го создал сето тоа, го сака она што е убаво и добро. Христос им посочил на учениците да ги посматраат лилјаните во полето и птиците во воздухот, кажувајќи им дека Бог се грижи за нив и дека исто така ќе се грижи и за луѓето, кои се многу повредни од цвеќињата и птиците. Кажете им на децата дека можеме да потрошиме многу време во надворешно украсување,
223 но дека нашиот изглед, никогаш не може да биде толку убав и привлечен како едноставното цвеќе во полето. На тој начин нивните мисли ќе ги оттргнете од она што е вештачко и ќе ги насочите кон она што е природно. Така децата ќе научат дека Бог ги создал сите прекрасни нешта и дека Тој сака да му ги предадат најдобрите и најсвети чувства на своето срце.[10]

Таткото може да ги однесе децата во градина и да им го покаже отворањето на пупките и раскошните бои на расцутените цвеќиња. На овој начин тој може да им ги пренесе најважните поуки за Создателот отворајќи ја пред нив големата книга на природата, во која секое дрво, цвет и тревка ја одразуваат Божјата љубов. Тој во детското срце може така да ја втисне вистината дека Бог, кој толку многу се грижи за дрвјата и цвеќињата, многу повеќе ќе се грижи за луѓето кои ги создал според својот лик. Може уште од мали нозе да им помогне да разберат дека Бог сака децата да бидат убави без вештачко украсување, и таа убавина да биде убавината на карактерот, љубезен и пријатен, што ќе го ис-
224 полни нивното срце со радост и среќа.[11]

1. Signs of the Times, Dec. 6, 1877
2. Signs of the Times, Dec. 6, 1877
3. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 128
4. Manuscript 79, 1901
5. Review and Herald, Aug. 30, 1881
6. Signs of the Times, Sept. 10, 1894
7. Counsels to Teachers, Parents, and Students, pp. 127, 128
8. Manuscript 60, 1903
9. Ministry of Healing, pp. 391, 392
10. Christian Temperance and Bible Hygiene, p. 70
11. Signs of the Times, Dec. 6, 1877

# Непожелни црти кај сопругот

**Сопруг кој очекува жената да носи двоен товар. –** Во многу семејства има деца на различна возраст, а на некои од нив им е потребно не само вниманието и мудрите постапки на мајката туку и построг, но со љубов кажан татковски збор. Малку татковци го согледуваат ова. Тие ја заборавaат својата должност и така ставаат двоен товар врз мајката, а во исто време мислат дека можат да ги критикуваат и осудуваат нејзините постапки според сопствената проценка. Оптоварена со длабоко чувство за одговорност, како и поради критиките на својот сопруг, кутрата сопруга и мајка често се чувствува виновна за она што го направила несвесно или во незнаење, но и тогаш кога направила најдобро што може според околностите. Наместо да ги цени и одобрува нејзините неуморни напори и да го израдува нејзиното срце, таа живее под облакот на тагата и осудата бидејќи нејзиниот сопруг, запоставувајќи ги своите должности, очекува од неа да ги исполни нејзините и неговите должности, без оглед на тешките околности.[1]

Многу сопрузи не ја ценат доволно, ниту ги сфаќаат грижите и тешкотиите што ги поднесуваат нивните сопруги, обично цел ден врзани со непрестајно извршување на домашните работи. Тие секогаш се враќаат дома со намуртено лице, не внесувајќи сонце во семејниот круг. Ако ручекот не е подготвен навреме, уморната сопруга, која едновремено е и домаќинка, дадилка, готвачка и домашна помошничка, наместо поздрав прима префр-
225 лања. Строгиот сопруг би можел да се смилува и од грижливата

и уморна мајка да го земе расплаканото дете, за да може ручекот што побргу да биде подготвен. Меѓутоа, ако детето е немирно и нерасположено во татковите раце, тој ретко ќе смета дека му е должност да постапува како дадилка и да се обиде да го смири. Тој не застанува за да размисли колку многу часови мајката морала да го трпи раздразливото дете, туку само нетрпеливо ќе повика: „Еве ти го мајко, **твоето** дете“. Зар тоа дете не е и **негово**? Не е ли и тој обврзан трпеливо да го носи делот од товарот при одгледувањето на своите деца?[2]

**Совет до сопруг кој заповеда и владее. –** Твојот живот би бил многу посреќен кога не би мислел дека ти е дадена секаква власт затоа што си маж и татко. Твоите постапки покажуваат дека не ја разбираш правилно својата положба како глава на семејството. Ти си нервозен и избувлив господар на кого често му недостасува правилно размислување, така што, како и гледаш на своите постапки во таквите ситуации, тие не изгледаат доследни во очите на твојата сопруга и деца. Кога еднаш ќе заземеш некој став, ретко си подготвен да го измениш. Решен си до крај да ги спроведеш своите намери, иако често го правиш она што не чини, и тоа би требало самиот да го увидиш. Тебе ти е потребна многу, многу поголема љубов во срцето и трпение, а помалку решеност да ја спроведеш својата волја со зборови и постапки. Патот по кој сега одиш покажува дека ти повеќе служиш како стега и неволја отколку како глава на семејството...

Настојувајќи другите да ги принудиш во секоја ситница да ги исполнуваат твоите идеи, ти често нанесуваш поголема штета отколку кога би се откажал од своите ставови. Ова е точно дури и тогаш кога твоите идеи се сами по себе добри, но на многу начини погрешни, присилни и создаваат напнатост поради твојата недоследна организација. Затоа ги спроведуваш на суров и 226
неразумен начин.[3]

Ти имаш погрешно гледиште за управувањето со своето семејство. Се служиш со некоја независна и своеволна сила, која не му дава слобода на никој околу тебе. Како што рацете на работникот ја придвижуваат машината, така и ти сметаш дека, како глава на семејството, имаш право на ист начин да управуваш со секој негов член.

Ти го наметнуваш и го присвојуваш авторитетот. Небото не го одобрува тоа и таквото однесување ги растажува сочувствителните ангели. Со своето семејство владееш како само ти да си способен за тоа. Те навредува кога сопругата се осмелува да се спротивстави на твоето мислење или на твоите одлуки.[4]

**Раздразлив и кавгаџиски настроен маж. –** Сопрузи, дајте им можност на своите сопруги да го изградат својот духовен живот... Многумина го поттикнуваат духот на незадоволство сѐ додека не станат како возрасни деца. Тие не се ослободуваат од тој дел на своето детство. Ги негуваат овие чувства додека целиот живот не го загорчат со своите мрзоволни забелешки. И не само својот сопствен живот, туку и животот на другите. Тие го носат во себе Исмаиловиот дух, чија рака се кревала на секого и сечија против него.[5]

**Себичен и нерасположен сопруг. –** Братот Б. има таков темперамент што не внесува сончева светлина во својот дом. Тука треба да започне неговата лична работа. Тој повеќе наликува на темен облак отколку на светол зрак. Толку е себичен што нема добри зборови за своите домашни, особено кон оние на кои им е потребна неговата љубов и почит. Тој е нерасположен, сака да владее и да заповеда; неговите зборови често сечат и оставаат рани кои
227 не се ни обидува да ги залечи на тој начин што ќе го ублажи својот дух, ќе ги признае своите грешки и лоши постапки...

Братот Б. мора да омекне; тој треба да стане љубезен и учтив. Треба да биде многу нежен и благ кон својата сопруга која му е рамна во сѐ; тој не би смеел да изговори ниту еден збор кој би фрлил сенка на нејзиното срце. Тој треба да започне реформа во домот: треба да ја негува љубовта и да ги победи грубите, сурови, бесчувствителни и неблагородни црти на својата природа.[6]

Нерасположениот, себичен и арогантен сопруг и татко не само што самиот не е среќен туку нерасположението го пренесува на сите домашни. Тој ќе ги ожнее последиците кога ќе ја види својата сопруга овената и болежлива, а своите деца упропастени од неговиот лош темперамент.[7]

**Себичен и нетрпелив сопруг. –** Ти премногу очекуваш од својата сопруга и од децата. Премногу критикуваш. Кога самиот би негувал весела и ведра природа и би им зборувал љубезно и

нежно, би внел радост и ведрина во својот дом наместо огорченост, тага и несреќа. Цврсто го застапуваш своето мислење, заземаш крајни гледишта и не дозволуваш мислењето на твојата сопруга да најде место во твоето семејство. Самиот не си негувал почит кон својата сопруга, ниту децата си ги учел да го почитуваат нејзиното мислење. Не си дозволил сопругата да биде еднаква со тебе, туку уздите на управување и контрола си ги зел во свои раце и цврсто ги држиш. Твојата природа не е исполнета со љубов и сочувство. Ако сакаш да бидеш победник и ако сакаш Бог да го благослови твоето семејство, треба да ги негуваш овие црти на карактерот.[8] 228

**До сопругот кој не ја почитува христијанската учтивост. –** Љубезноста, нежноста и сочувството ги сметаш за слабост и мисиш дека е под твоја чест да зборуваш нежно, благо и љубезно со својата сопруга. Тука правиш голема грешка и не знаеш во што се состои вистинската машкост и достоинство. Склоноста да не постапуваш љубезно, ги открива слабостите и недостатоците во твојот карактер. Она што ти го сметаш за слабост, Бог го смета за вистинска христијанска љубезност, која треба да ја покажува секој христијанин. Тоа бил духот што се манифестирал во Христовиот живот.[9]

**Сопрузите треба да ја заслужат љубовта и наклоноста. –** Ако сопругот е суров, полн со барања и подготвен да ги критикува постапките на својата сопруга, тој не може да очекува таа да го почитува и да му биде наклонета, зашто бракот за неа станал товар. Таа нема да го сака својот сопруг бидејќи тој не се обидува да стане таков за таа да може да го засака. Сопрузите треба да бидат грижливи, внимателни, постојани, верни и сочувствителни еден кон друг. Тие треба да покажат љубов и сочувство... Кога сопругот има благороден карактер, чисто срце и возвишен ум, што треба да биде особина на секој христијанин, тоа ќе се види и во брачниот живот... Тој ќе се труди сопругата да биде здрава и храбра. Ќе настојува да упатува зборови на утеха и да создава атмосфера на мир во семејниот круг.[10] 229

---

230 1. Signs of the Times, Dec. 6, 1877
2. Signs of the Times, Dec. 6, 1877
3. Letter 19a, 1891
4. Testimonies for the Church, Vol. 2, p. 253
5. Letter 107, 1898
6. Testimonies for the Church, Vol. 4, pp. 36, 37
7. Ministry of Healing, pp. 374, 375
8. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 255
9. Id., p. 256
10. Manuscript 17, 1891

*Десетти дел*

# МАЈКАТА – КРАЛИЦА НА ДОМОТ

# Положбата на мајката и нејзините одговорности

231 **Рамна на својот сопруг. –** Жената треба да го заземе местото кое Бог ѝ го одредил на почетокот, да биде изедначена со сопругот. На светот му се потребни мајки кои се мајки не само по име туку во вистинска смисла на зборот. Со право можеме да кажеме дека должностите на жената се посвети од должностите на мажот. Жената треба да ја сфати светоста на својата работа и во сила и Божји страв да ја исполнува својата задача. Таа треба да ги научи своите деца да бидат полезни во овој свет и да ги подготви за домот во подобриот свет.[1]

Сопругата и мајка не смее да ги жртвува своите сили и да дозволи нејзините способности да замрат, потпирајќи се целосно на својот сопруг. Нејзината личност не треба да се изгуби во личноста на сопругот. Таа мора да знае дека е еднаква со својот сопруг – да стои покрај него, верна во своите должности, како и тој во неговите. Нејзината задача да ги воспитува децата е во секој поглед благородна и возвишена, како и секоја положба на која тој би бил поставен, дури и да е тоа положба на водач на народот.[2]

**Кралица во домот. –** Царот на престолот нема повозвишена работа од онаа на мајката. Мајката е кралица во својот дом. Во нејзина власт е изградбата на карактерот на нејзините деца, за да можат да бидат оспособени за повозвишениот, бесмртен живот. Ниту ангелот не би можел да посака повозвишена задача, зашто со извршување на оваа работа таа Му служи на Бога. Нека го сфати возвишениот карактер на својата задача и тоа ќе ја вдахне со
232 храброст. Нека биде свесна за вредноста на нејзината работа и

нека се облече во сето Божје оружје, за да може да се спротивстави на искушението да ги прифати световните мерила. Нејзината работа има вредност и за овој и за идниот во вечноста.[3]

Мајката е кралица на домот, а децата се нејзини поданици. Таа треба мудро да управува со својот дом, со достоинството на една мајка. Нејзиното влијание во домот треба да биде најсилно, нејзиниот збор – закон. Ако е христијанка која ја води Бог, таа ќе ја има почитта од своите деца.[4]

Децата треба да се учат да ја почитуваат својата мајка, не како роб кој треба им служи, туку како кралица која ќе ги води и ќе управува поучувајќи ги овде малку, онде малку, начело по начело, правило по правило.[5]

**Споредување на вредностите. –** Мајката ретко кога ја цени својата работа и често ја смета за непријатна домашна обврска. Од ден во ден, од недела во недела таа ги извршува истите работи, без видливи резултати. На крајот на денот, не е во состојба да каже колку ситни работи завршила. Кога својата работа ќе ја спореди со постигнувањето на сопругот, таа смета дека не сторила ништо што вреди да се спомне.

Таткото често доаѓа дома со одредена гордост и гласно набројува сѐ што постигнал во текот на денот. Неговите забелешки покажуваат дека очекува од мајката да го служи, бидејќи таа не направила ништо освен што се грижела за децата, подготвувала јадење и ја средувала куќата. Таа не била трговец кој купува или продава; таа не била земјоделец кој обработува земја; таа не била механичар – значи не направила ништо од што би се уморила. Сопругот ја критикува, ѝ приговара и ѝ наредува како тој да е господар на создавањето. Сето тоа уште повеќе ја обесхрабрува сопругата и мајка, зашто во текот на денот таа многу се изморила 233
од својата работа, а не може да се види што направила.

Кога би се кренала завесата и таткото и мајката би можеле да ја видат дневната работа онака како што ја гледа Бог и како Неговите сезнаечки очи ја споредуваат работата и на едниот и на другиот, би се зачудиле на небесното откровение. Тогаш таткото би гледал на својата работа во поскромна светлина, додека мајката би добила ново охрабрување и сила својата работа да ја продолжи мудро, истрајно и трпеливо. Дури сега таа ја знае својата

вредност. И додека таткото се занимавал со она што мора да пропадне и да исчезне, мајката се занимавала со развојот на умот и на карактерот, работејќи не само за овој туку и за идниот живот.[6]

**Бог ѝ доделил работа. –** Каква среќа би било тоа кога секоја мајка би можела да ја разбере големината на своите должности и одговорности и колку голема ќе биде наградата за нејзината верност![7]

Мајката која радосно ги извршува должностите кои се наоѓаат пред неа, ќе види дека нејзиниот живот е скапоцен, зашто Бог ѝ ја доделил работата која треба да ја заврши. Во оваа работа таа не треба да дозволи нејзиниот мозок да закржлави, а размислувањето да ѝ ослабне.[8]

Бог на мајката ѝ го доверил делото да ги одгледа своите деца во Божји страв. Пред нивниот нежен ум треба постојано да се воздигнува Божјата љубов. Кога ги укорува, таа треба да им каже дека тоа го прави според Божјиот совет и дека Тој не го одобрува лажењето, говорењето невистини и лошите постапки. Така детските умови ќе можат толку да се поврзат со Бога што сè што ќе прават или ќе кажат ќе биде на Негова слава. Во подоцнежните години тие нема да бидат како трска на ветер, која се лелее меѓу
234 склоностите и должностите.[9]

Да се водат децата кон Исуса, тоа не е сè што се очекува... Овие деца треба да се воспитаат и да се подготват да станат Христови ученици, за „нашите синови да бидат како билки, што растат од својата младост; а нашите ќерки како крајаголни столбови, убави како храмовите столбови“ (Псалм 144,12). Оваа работа на изградување, облагородување и усовршување ѝ припаѓа на мајката. Карактерот на детето мора да се изгради. На плочата на детското срце мајката мора да ги вреже поуките кои вечно ќе траат; таа сигурно ќе се соочи со Божјето негодување ако ја запостави оваа света работа или ако дозволи нешто да се вмеша во неа... Мајката христијанка примила задача од Господа, која нема да ја занемари ако е тесно поврзана со Бога и проникната со Неговиот Дух.[10]

**Нејзината величествена и благородна задача. –** На секоја мајка ѝ се пружени предности од непроценлива вредност, бескрајно скапоцени интереси. На секојдневните должности, кои жените ги сметаат за заморна задача, треба да се гледа како на вели-

чествена и благородна работа. Предноста на мајката е со своето влијание да биде на благослов на светот; кога прави така, таа ќе внесе радост во своето срце. Таа треба да ги води чекорите на своите деца по вистинските патеки, кои водат низ сонце и сенки кон славните небесни височини. Само тогаш кога во својот живот настојува да го следи Христовото учење, мајката може да се надева дека карактерот на своите деца ќе го обликува според Божјиот пример.

И покрај бројните работи кои мајката мора да ги изврши, нејзина најсвета работа е работата со нејзините деца. Меѓутоа, колку често оваа работа се потиснува на страна само за да се задоволи нечија себична желба! На родителите им се доверени сегашните и вечни интереси на нивните деца. Тие треба да ги држат 235
уздите во свои раце и да управуваат со својот дом на слава на Бога. Божјиот закон треба да биде нивно начело, а љубовта мерило во сè.[12]

**Нема поголема ниту посвета работа. –** Ако оженетите мажи се посветат на делото, оставајќи ги своите сопруги во домот да се грижат за децата, тогаш работата што ја извршува сопругата и мајка е подеднакво возвишена и важна како и работата што ја врши сопругот и таткото. Иако тој работи во евангелско поле, и таа е евангелист во домот, а нејзините грижи, маки и товари често го надминуваат товарот на таткото. Нејзиното дело е свето и важно. Сопругот, кој се занимава со јавна евангелска работа, можеби ќе добие чест од луѓето, додека работникот во домот можеби никогаш нема да прими земно признание за својот труд. Но, ако мајката се бори за интересите на своето семејство, ако се труди карактерите на нејзините членови да ги изгради според боженствениот Пример, ангелот записничар ќе го запише нејзиното име како име на еден од најголемите евангелисти на светот. Бог не гледа онака како што гледа човекот со својот ограничен вид.[13]

Мајката е Божји соработник во обратувањето и спасувањето на своето семејство. Таа треба практично да ја покаже библиската религија и да прикаже како треба влијанието на религијата да нè контролира во секојдневната работа и во задоволствата, учејќи ги своите деца дека можат да се спасат само со милоста, преку верата, која е Божји дар. Ова постојано поучување за тоа кој е Хрис-

тос – за Неговата љубов, за Неговата добрина и милост откриена во големиот план на спасението, ќе остави свет впечаток на срцето.[14]

Обучувањето на децата претставува мошне значаен дел од Божјиот план за откривањето на силата на христијанството. Врз родителите почива свечена одговорност така да ги воспитуваат своите деца што, кога ќе појдат во светот, да им прават добро а
236 не зло на оние со кои се дружат.[15]

**Соработник на проповедникот. –** Проповедникот има своја работа, а мајката своја. Таа има задача да ги доведе кај Христа своите деца за Тој да ги благослови. Таа самата треба да ги прими Христовите зборови и да ги пренесе на своите деца. Таа е должна од нивната рана младост да ги поучи на самосовладувањето и самооткажувањето, за навиките на умереност и чистота. Мајката може така да ги воспита своите деца, што тие ќе доаѓаат со отворено и кротко срце да ги слушаат зборовите на Божјиот слуга. На Господа му се потребни мајки кои во сите области од домашниот живот ќе ги усовршуваат даровите што Бог им ги дал и ќе ги подготват своите деца за небесното семејство.

На Господа му се служи исто толку, ако не и повеќе, со верното извршување на домашните работи како и со проповедањето на Неговата реч надвор од домот. Како што учителите се воспитувачи на децата во училиштето, така и родителите треба да знаат дека се воспитувачи на децата во домот.[16]

Полезниот христијански живот на мајката не треба да се ограничува само на нејзината домашна работа. Благотворното влијание кое го врши таа во семејниот круг, може и треба да се почувствува и во соседството и во Божјата црква. Домот не е затвор за посветената сопруга и мајка.[17]

**Таа има животна задача. –** Жената треба да биде свесна за светоста на својата работа и во Божји страв и со Негова сила да го преземе извршувањето на својата задача. Нека ги научи децата да бидат полезни како во овој свет така и во подобриот што ќе дојде. Ние ги поздравуваме христијанските мајки. Ние ве преколнуваме како мајки да ја сфатите својата одговорност и да не живеете за да си угодувате на самите себе, туку да го прослави-

те Бога. Христос не си угодувал себеси, туку го прифатил ликот на слуга.[18] 237

Светот е преполн со влијанија коишто можат да го расипат човекот. Модата и обичаите вршат силно влијаније врз младите. Ако мајката е немарна во својата должност да поучува, да води и да зауздува, децата природно ќе го прифатат злото и ќе се оддалечат од доброто. Секоја мајка често нека му се обраќа на Спасителот со молитва: „Научи нè какво е правилото за воспитување на детето и како да постапиме со него?“ Мајката не треба да го заборави упатството што го дал Бог во својата Реч, па ќе прими мудрост кога ќе ѝ затреба.[19]

**Обликува Божествен лик. –** Има Бог на небото од чиј престол зрачи светлина и слава што ја осветлува верната мајка, која настојува да ги воспита своите деца да се спротивстават на влијанието на злото. Ниту едно друго дело не може да се спореди со важноста на работата што мајката ја извршува. Таа нема како уметникот да наслика прекрасен лик на платно, ниту како скулптор да го извaja од мермер. Таа нема како писателот да ги претвори благородните мисли во силни зборови, ниту како музичарот убавите чувства да ги изрази со мелодија, туку нејзина задача е, со Божја помош, во човечката душа да го развие божествениот лик.

Мајката, која ја сфаќа и цени оваа нејзина задача, ќе биде свесна дека пред себе има непроценлива предност. Таа искрено ќе настојува со својот карактер и со својот начин на воспитување да им го пренесе на децата нејзиниот највисок идеал. Сериозно, трпеливо и храбро таа ќе настојува да ги усоврши своите способности, за да може при воспитувањето на своите деца правилно да ја искористи силата на умот. На секој чекор таа сериозно ќе се прашува: „Што кажува Бог?“ и внимателно ќе ја проучува Неговата реч. Својот поглед ќе го задржи на Христа за да може во секојдневниот живот, кој минува во должности и грижи, да биде верен одраз на единствениот вистински Живот.[20]

**Верната мајка е запишана во книгата на бесмртната слава. –** 238
Самооткажувањето и крстот се нашиот дел. Дали ќе ги прифатиме? Никој од нас не треба да очекува дека, кога ќе дојдат по-

следните големи неволји, ќе развие дух на самооткажување и љубов кон небесниот дом само затоа што тогаш му е потребен. Не, туку тој дух треба да го покажеме во нашето секојдневно искуство и преку совет и пример да го влеваме во срцето и мислите на нашите деца. Мајките во Израел можеби не се борци, но тие можат да воспитаат борци кои ќе го земат сето Божје оружје и кои храбро ќе се борат во Господовите битки.[21]

Мајки, судбината на вашите деца во голема мера се наоѓа во ваши раце. Ако ја занемарите вашата должност, ќе ги поставите во редовите на непријателот и ќе направите да станат негово орудие за уништување на душите. Меѓутоа, со побожен пример и верно поучување вие можете да ги донесете кај Христа и да направите да станат орудија во Неговите раце за спасение на многу души.[22]

Ако работи верно со Христа, нејзината работа (на христијанската мајка) ќе биде овековечена. Поклониците на модата никогаш нема да ја видат ниту да ја сфатат бесмртната убавина на работата на христијанските мајки; тие ќе ги исмејуваат нејзините старомодни мислења и нејзината едноставна, неукрасена облека. Но, Величеството на небото ќе го запише името на овие верни мајки во книгата на бесмртната слава.[23]

**Моментите се драгоцени. –** Целиот иден живот на Мојсеј, големото дело што го извршил како водач на Израелскиот народ, докажуваат колкава важност има задачата на една христијанска мајка. Нема задача што би можела да се спореди со оваа.... Воспитувањето и образованието на своите синови и ќерки од нивното најрано детство родителите треба да ги насочуваат така за децата да им станат христијани. Тие се доверени на наша грижа не затоа да станат наследници на земен престол, туку како Божји и Христови цареви да владеат низ бесконечните времиња на вечноста.

239 Секоја мајка треба да чувствува дека нејзините мигови се од непроценлива вредност. Нејзиното дело ќе биде испитано на денот на големиот суд. Тогаш ќе се види дека грешките и престапите на мнозина произлегле од незнаењето и од немарноста на оние чијашто должност била стапките на своите деца да ги насочат кон вистинскиот пат. Тогаш ќе се види дека мнозина, кои

биле генеі во вистината и светоста и кои за светот биле голем благослов, за начелата што биле двигател на нивното влијание и успех треба да им заблагодарат на молитвите на побожната христијанска мајка.[24] *240*

---


1. Christian Temperance and Bible Hygiene, p. 77
2. Pacific Health Journal, June, 1890
3. Signs of the Times, March 16, 1891
4. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 111
5. Letter 272, 1903
6. Signs of the Times, Sept. 13, 1877
7. Signs of the Times, Oct. 11, 1910
8. Pacific Health Journal, June, 1890
9. Good Health, Jan, 1880
10. Good Health, Jan, 1880
11. Patriarchs and Prophets, p. 572
12. Signs of the Times, March 16, 1891
13. Testimonies for the Church. Vol. 5, p. 594
14. Review and Herald, Sept. 15, 1891
15. Manuscript 49, 1901
16. Manuscript 32, 1899
17. Pacific Health Journal, June, 1890
18. Testimonies for the Church, Vol. 3, p. 565
19. Patriarchs and Prophets, pp. 572, 573
20. Ministry of Healing, pp. 377, 378
21. Testimonies for the Church, Vol. 5, p. 135
22. Signs of the Times, March 11, 1886
23. Signs of the Times, Sept. 13, 1877
24. Patriarchs and Prophets, p. 244

# Влијанието на мајката

**Влијанието на мајката допира до вечноста. –** Подрачјето на дејствувањето на една мајка може да биде скромно, но нејзиното влијание, соединето со татковото, ќе остане и во вечноста. По Божјата, мајчината сила за добро е најсилна на оваа Земја.[1]

Влијанието на маката е бесконечно и ако е секогаш насочено кон доброто, карактерот на нејзините деца ќе сведочи за нејзината морална вредност. Мајчината насмевка и нејзиното охрабрување, можат да бидат огромна движечка сила. Преку еден со љубов искажан збор, преку една насмевка на одобрување, таа може да внесе сончева светлина во срцето на своето дете...

Кога нејзиното влијание оди во прилог на вистината и на христијанските вредности, кога се раководи според божествената мудрост, каква ли само сила за Христа ќе биде нејзиниот живот! Нејзиното влијание ќе се почуствува до вечноста. Колку чудесна мисла е тоа! Мајчините погледи, зборови и постапки донесуваат плодови за вечноста, така што спасението или пропаста на мнозина зависи од нејзиното влијание![2]

Мајката не е доволно свесна дека нејзиното влијание, преку промислено воспитување на децата, поминува со таква сила низ минливоста на овој живот што допира до идниот бескраен живот. Изградбата на детскиот карактер според небесниот Пример бара посветена, искрена и истрајна работа, но тој напор ќе се исплати, зашто Бог ќе го награди секој добро вложен труд за спасение на душата.[3]

**Каква мајка – такви деца. –** Врската меѓу мајката и нејзиното дете е најнежната врска на земјата. На детето посилно влијае животот и примерот на мајката отколку на таткото, бидејќи ги поврзува посилна и понежна врска.[4]

241

Мислите и чувствата на мајката имаат силно влијание на наследството што таа им го предава на децата. Ако му дозволува на своето срце да се занимава само со своите чувства, ако е себична, ако е кавгаџика и премногу бара, тоа ќе се види во природата на нејзиното дете. Така мнозина во наследство примиле речиси непобедливи склоности кон злото. Непријателот на душите го знае ова далеку подобро од многу родители. Тој со своето искушение ќе ја нападне мајката, знаејќи дека преку неа, ако не му се спротивстави, може да влијае на нејзиното дете. Бог е единствената надеж на мајката. Таа може да дојде кај Него за да прими сила и милост; и нема да дојде напразно.[5]

Мајката христијанка секогаш мора да биде будна за да ги воочи опасностите што ги демнат нејзините деца. Таа треба да ја чува својата душа во чиста и света атмосфера, да ги усогласи своите склоности и начела според Божјата реч и верно да ја извршува својата должност, трудејќи да се издигне над малите искушенија на кои секогаш ќе биде изложена.[6]

**Доброто влијание на трпеливата мајка. –** Многу пати во текот на денот се слушаат извици: „мамо, мамо!“; прво едното, па другото возбудено дете. На тој извик мајката е подготвена да побрза и да ги исполни нивните барања. Едно се наоѓа во неволја и му треба мудриот совет од мајката, за да се ослободи од неволјата. Другото е толку задоволно со нешто што направило и сака и мајка му тоа да го види, надевајќи се дека таа ќе се израдува на истото. Само еден збор на одобрување ќе внесе светлина која со часови ќе зрачи во неговото срце. Мајката може своите мили дечиња да ги осветли со драгоцени зраци на светлина и радост. Своите сакани може така да ги врзе за своето срце, што нејзината присутност ќе им биде најсончевото место на светот. 242

Меѓутоа, трпението на мајката често се исцрпува од многубројните мали тешкотии кои се едвај вредни за внимание. Палавите раце и нозе ѝ создаваат многу работа и проблеми на мајката. Таа мора цврсто да ги држи уздите на самосовладување, зашто, во спротивно, од нејзините усни ќе потечат нетрпеливи зборови. Понекогаш се заборава, но тивката молитва кон нејзиниот милостив Спасител ги смирува нејзините нерви и може со тивко достоинство да ги држи уздите на самосовладување. Неј-

зиниот глас е спокоен, но тоа барало напор за да ги задржи острите зборови и да ги контролира гневните чувства кои, ако ги искажела, би го уништиле нејзиното влијание и би требало многу време за да го врати.

Децата брзо сфаќаат и ги разликуваат трпеливите и благи тонови од нетрпеливиот раздразлив однос, кој ја згаснува љубовта и приврзаноста на детското срце. Вистинската мајка христијанка нема никогаш да ги избрка децата од себе поради раздразливост и недостаток на сочувствителна љубов.[7]

**Да се обликува умот и карактерот. –** Мајката носи особена одговорност. Хранејќи го своето дете со својата крв и изградувајќи го неговото тело, таа на него ги пренесува и умствените и духовните влијанија од кои зависи обликувањето на умот и карактерот. Јохаведа, еврејска мајка со силна вера, не се уплашила од „царевата заповед“; таа го родила Мојсеј кој го ослободил Израел. Ана – жена на молитвата, самопожртвуваноста и небесната вдахновеност, го родила Самоила, кого Бог уште од дете го поучувал, и кој подоцна станал неподмитлив судија, основач на светите израелски училишта. Елисавета, роднина и со ист дух како и Марија од
243 Назарет, станала мајка на претечата на нашиот Спасител.[8]

**Што им должи светот на мајките. –** Божјиот ден ќе открие колку овој свет им должи на побожните мајки кои му дале доследни бранители на вистината и реформите – луѓе кои биле храбри и смели, кои стоеле непоколебливо среде неволјите и искушенијата; луѓе кои ги избрале возвишените и свети интереси на вистината и Божјата слава наместо световната чест, па дури и сопствениот живот.[9]

Мајки, бидете свесни за фактот дека вашето влијание и вашиот пример влијае на карактерот и на судбината на вашите деца. Со оглед на вашата одговорност, развивајте стабилен ум и чист карактер кој ќе го одразува само она што е вистинито, добро и
244 убаво.[10]

1. Good Health, March, 1880
2. Signs of the Times, March 16, 1891
3. Good Health, July, 1880
4. Testimonies for the Church, Vol. 2, p. 536
5. Signs of the Times, Sept. 13, 1910
6. Letter 69, 1896
7. Signs of the Times, Sept. 13, 1910
8. Ministry of Healing, p. 372
9. Signs of the Times, Oct. 11, 1910
10. Signs of the Times, Sept. 9, 1886

*Четириесетта глава*

# Погрешни сфаќања за работата на мајката

**Мајката може да помисли дека нејзината работа е безначајна. –** Мајката често мисли дека нејзината работа не е важна. Тоа е работа која многу ретко се цени. На другите малку им се познати нејзините грижи и товари. Нејзините денови се преполни со извршување на мали должности, кои бараат трпеливи напори, самосовладување, тактичност, мудрост и самопожртвувана љубов. И покрај сето тоа, сепак не може да се пофали дека постигнала нешто големо. Таа толку добро работела во домот што сѐ течело како подмачкано. Често пати уморна и збунета, таа сепак настојувала љубезно да им се обраќа на своите деца, да ги усреќи и нивните мали нозе да ги води по правиот пат. Таа мисли дека не направила ништо посебно. Но, тоа не е така. Небесните ангели ја набљудуваат загрижената мајка и од ден на ден ги бележат нејзините товари. Нејзиното име можеби не станало познато во светот, но тоа е запишано во Книгата на животот на Јагнето.[1]

Вистинската сопруга и мајка... ќе ги извршува своите должности достоинствено и радосно, не сметајќи го за понижување со своите раце да го работи сето она што е потребно за домот да биде уреден.[2]

**Дали тоа е поневажна служба. –** Колку е значајна работата на мајката! Сепак, некои мајки тежнеат кон евангелската работа! Само кога би можеле да појдат во туѓа земја, би сметале дека прават нешто полезно. Меѓутоа, прифаќањето на секојдневните домашни должности и нивното верно извршување ним им изгледа како
245 исцрпувачка и неблагодарна задача.[3]

Мајките, кои копнеат за евангелска работа, ја имаат во својот домашен круг... Зар душите на нејзините деца не се исто толку вредни како и душите на многубожците? Со колкава грижа и нежност таа треба да го следи развојот на нивниот ум и сите нивни мисли да ги поврзе со Бога! Кој може да го оствари тоа подобро од побожната мајка исполнета со љубов?[4]

Има и такви кои мислат дека не ја исполнуваат Божјата волја ако не се директно вклучени во проповедањето на евангелието; но, тоа не е така. За секого има работа што треба да ја изврши за Господа; убаво е да го направиш домот пријатно и привлечно место. И најскромните таленти, ако примателот му го предал своето срце на Бога, ќе направат семејниот живот да биде таков каков што сака Бог. Јасна светлина ќе заблеска кога му служиме на Бога со целото срце. Мажите и жените можат исто така да Му служат на Бога како и проповедникот од проповедалницата, кога го почитуваат она што го слушнале и кога своите деца ги воспитуваат да живеат според Божјата волја и да се трудат да не Го ожалостат.[5]

Жените кои доброволно сакаат да работат сè што ќе им дојде до рака, кога во ведар дух им помагаат на мажите да ги носат своите товари и ги поучуваат своите деца за Бога, тие се проповедници во највозвишената смисла на зборот.[6]

**Верските активности не смеат да ја заменат грижата за семејството.** Ако ја занемариш својата должност како сопруга и мајка, и своите раце ги подадеш кон Господа за да ти даде друга работа, биди сигурна дека Тој нема себеси да си противречи; Тој ти укажува на должноста која треба да ја извршиш во домот. Ако мислиш дека ти е доверена некоја повозвишена и посвета работа од оваа, ти се лажеш себеси. Со верноста во својот дом, работејќи за душите кои ти се најблиски, ти всушност се вежбаш да работиш за Христа на едно пошироко поле. Меѓутоа, биди сигур- 246
на дека оние кои ги занемаруваат должностите во својот дом, не се подготвени да работат за душите надвор од домот.[7]

Господ не бара од тебе да го запоставиш својот дом, сопругот и децата. Тој никогаш не прави така и никогаш нема така да постапува... Ниту за момент немој да помислиш дека Бог ти доверил работа која ќе те одвои од твоето драгоцено малечко стадо.

Не дозволувај децата да се дружат со недолично друштво и на тој начин да ги затворат своите срца и кон тебе како мајка. Ако оставиш светлината да свети во погрешен правец, тогаш на своите деца им отежнуваш да станат она што Бог посакува да станат и на крајот да го придобијат небото. Бог се грижи за нив, а исто така мораш и ти штом тврдиш дека си Негово дете.[8]

Првите години од нивниот живот е период кога мајката треба напорно да работи, да бдее, да се моли и да ја поттикнува секоја добра наклоност кај детето. Таа работа мора да оди без застој. Можеби ќе те повикаат на родителски состаноци, на часови на заедничко шиење, за да можеш таму да ја извршуваш евангелската работа; но ако нема верен и разумен воспитувач кој ќе остане со твоите деца, твојата должност е да кажеш дека Господ ти доверил друго дело, кое никако не смееш да го занемариш. Ти не смееш да претераш во ниту една работа која ќе те онеспособи да ги воспитуваш твоите малечки да станат она што Бог очекува да бидат. Како Христов соработник, ти треба да ги доведеш кај Христа добро подготвени и воспитани.[9]

За многу недостатоци во воспитувањето на детскиот карактер виновна е мајката. Мајката не треба да прифати обврски во црквата кои ќе ја натераат да ги занемари своите деца. Најважната работа на мајката се состои во тоа да не дозволи да напра-
247 ви суштински пропусти во воспитувањето на своите деца...

Нема подобар начин на кој мајката може да помогне на Црквата како тогаш кога им го посветува своето време на оние кои зависат од нејзините упатства и обука.[10]

**Не треба да барате пошироко подрачје за работа. –** Некои мајки копнеат да работат евангелска работа, но ги занемаруваат наједноставните семејни должности шти им стојат на дофат. Тие ги запоставуваат децата, во домот нема ведрина ниту среќа, често се слушаат навреди и приговори, а младите растат со чувство дека домот е најнепривлечно место на светот. Поради тоа, нетрпеливо го чекаат моментот кога ќе си заминат од него и не се притеснуваат да тргнат во широкиот свет; нив не ги задржува влијанието на домот и нежните совети на домашното огниште.

Родителите, чија основна задача е да ги приврзат овие млади срца кон себе и правилно да ги насочуваат, ги упропастуваат мож-

ностите што Бог им ги дал, остануваат слепи за најважните должности во својот живот и напразно се стремат да работат во некое пошироко евангелско поле.[11] 248

---

1. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 144
2. Signs of the Times, Sept. 9, 1886
3. Review and Herald, July 9, 1901
4. Manuscript 43, 1900
5. Manuscript 32, 1899
6. Testimonies for the Church, Vol. 2, p. 466
7. Review and Herald, Sept. 15, 1891
8. Letter 28, 1890
9. Manuscript 32, 1899
10. Manuscript 75, 1901

# Несовршени примери

**Вообразена маченичка. –** Многу домови се несреќни поради непотребното незадоволство на домаќинката, која со негодување се одвраќа од едноставните домашни должности во својот скромен семеен живот. Таа ги доживува своите грижи и должности во домот како тажна судбина; па дури и она што би можела, кога би била со поведра природа, да го преобрати во пријатна, интересна и полезна работа, за неа е обично мачење. Со презир гледа на својот живот како на ропство и себеси се смета за маченичка.

Вистина, тркалата на семејната машина не одат секогаш мазно; има многу работи кои го искушуваат трпението и ја преоптоваруваат силата. Иако мајките не се виновни за околностите со кои не можат да владеат, бесмислено е да се одрекува дека околностите имаат големо влијание на нивниот живот и работа. Меѓутоа, мајките трпат прекор кога дозволуваат околностите да завладеат и да ги поткопаат нивните начела, кога ќе се уморат и ќе станат неверни на својата возвишена задача и ќе ги запостават добро познатите должности.

Жената која е сопруга и мајка, која достоинствено ги совладува тешкотиите во кои другите пропаѓаат поради недостаток на трпение и истрајност, не само што станува подготвена да ги изврши своите должности туку нејзиното искуство во совладувањето на искушението и на препреките ја оспособува со зборови и со пример да биде вистинска помош на другите. Многу жени, кои добро се снаоѓаат во поволните околности, изгледа дека доживуваат преобразување на карактерот во неволјите и искушенијата; тие се обесхрабруваат паралелно со своите неволји. Бог
249 никогаш не сакал да станеме играчка на разните околности.[1]

**Негување на грешното незадоволство. –** Многу сопрузи и деца кои во својот дом не наоѓаат ништо што ги привлекува, кои секогаш се дочекани со префрлање и навреди, бараат удобност и разонода надвор од домот, во гостилница или на некое друго недолично место. Сопругата и мајка, окупирана со домашните работи, често заборава на малите љубезности, кои би го направиле домот попривлечен за таткото и децата, дури и тогаш кога избегнува да зборува за своите маки и тешкотии во нивно присуство. Додека е зафатена со подготвување на храна и облека, сопругот и синовите како странци влегуваат и излегуваат од домот.

Домаќинката може да ги извршува своите надворешни должности со голема точност, но таа може и постојано да се жали на домашното „ропство“ на кое е осудена и да ги преувеличува своите одговорности и тешкотии, споредувајќи ја својата судбина со она за кое смета дека претставува подобар живот за една жена... Во беспомошниот копнеж за поинаков живот, таа негува грешно незадоволство, а својот дом го прави непријатно место и за себе и за сопругот и за децата. [2]

**Окупирана со световни работи. –** За родителите и децата сатаната подготвил безбројни привлечни работи. Тој знае дека постигнал голем успех ако со својата измамлива сила може да влијае на мајката. Патиштата на овој свет се полни со измами, стапици и беда, но се прикажуваат како привлечни; ако децата и младите не се внимателно подготвени и воспитани, сигурно ќе заталкаат од правиот пат. Бидејќи не ги познаваат и немаат цврсти начела, ќе им биде тешко да се спротивстават на искушенијата.[3]

**Носење на непотребен товар. –** Многу мајки го поминуваат своето време, не правејќи ништо полезно. Тие своето внимание 250
го посветуваат на она што е минливо, а не застануваат да мислат за она што има вечна вредност. Колку од нив ги занемаруваат своите деца и тие стануваат груби, невоспитани и необразовани![4]

Кога родителите, особено мајките, правилно размислуваат за важната и одговорна задача што им ја доверил Бог, тие нема толку да се занимаваат со работи кои се однесуваат на нивните соседи, а со кои немаат ништо заедничко. Тие нема да одат од куќа до куќа и да водат празни разговори во кои ќе се занимаваат со

слабостите, грешките и недоследностите на своите соседи. Тие ќе чувствуваат толку тежок товар за своите деца што нема да имаат време да се занимаваат со озборувањата на своите соседи.[5]

Ако жената бара од Бога сила и утеха и со страхопочит кон Него настојува да ги изврши своите секојдневни должности, таа ќе стекне доверба и почит од својот сопруг и ќе гледа како децата растат и стануваат чесни мажи и жени, со морална сила да го прават она што е добро. Меѓутоа, мајките кои ги занемаруваат своите сегашни можности и дозволуваат нивните должности и товари да ги преземат други, ќе утврдат дека нивната одговорност не се изменила и дека со горчина ќе го жнеат она што го сееле со небрежност и безгрижност. Нема случајности во овој живот; жет-
251 вата ќе го открие карактерот на посеаното семе.[6]

---

1. Signs of the Times, Nov. 29, 1877
2. Signs of the Times, Nov. 29, 1877
3. Review and Herald, June 27, 1899
4. Signs of the Times, July 22, 1889
5. Testimonies for the Church, Vol. 2, p. 466
6. Signs of the Times, April 4, 1911

# Здравјето на мајката и нејзиниот личен изглед

**Здравјето на мајката треба да се чува. –** Силата на мајката треба внимателно да се чува. Наместо својата драгоцена сила да ја троши на исцрпувачка работа, на неа треба да ѝ се олеснат грижите и товарите. Често сопругот не ги познава физичките закони од чие познавање зависи благосостојбата на неговото семејство. Преокупиран со борбата за издржување на семејството или со стремеж за збогатување, притиснат со грижи и тешкотии, тој дозволува на неговата сопруга да паднат товари кои во најтешките моменти ја надминуваат нејзината сила, ја исцрпуваат и ѝ навлекуваат болест.[1]

Во нејзин интерес е, како и во интерес на нејзиното семејство, да се сочува од сите непотребни оптоварувања и да го искористи секое можно средство кое ќе ѝ помогне да го сочува животот, здравјето и силите што Бог ѝ ги дал. За да може да ја извршува својата тешка но важна задача, ќе биде ѝ потребна сила за сите нејзини способности. Еден дел од своето време треба да го помине во природа, во движење што ќе ја освежи својата работа во домот да ја извршува расположено и темелно, за да биде светлина и благослов во домот.[2]

**Мајките како застапнички на здравствената реформа. –** Бог јасно ја изнел својата волја за сите мајки. Тој сака тие, со зборови и со пример, да бидат застапници на здравствената реформа. Мајките треба цврсто да стојат на начелата и во никој случај да не ги прекршат физичките закони коишто Бог ги всадил во нивното битие. Стоејќи зад здравите начела, цврсти во чесноста, мајките ќе имаат морална сила и милост од Небото и нивната 252

светлина ќе блеска во овој свет – како преку нивните постапки така и преку карактерот на нивните деца.[3]

**Умереност во исхраната. –** Мајката мора да се одликува со совршена самоконтрола; за да ја стекне, таа мора да се чува од секое физичко и умствено нарушување. Нејзиниот живот мора да биде сообразен со Божјите закони и со законите на здравјето. Бидејќи храната влијае на умот и на расположението, таа мора да биде многу внимателна и да го јаде она што е хранливо, а не го надразнува нервниот систем, за да може да биде смирена и урамнотежена.

Тогаш ќе ѝ биде полесно да постапува трпеливо додека се справува со различните склоности на своите деца и цврсто, но со љубов, да ги држи уздите на управување.[4]

**Како сончева светлина во сите ситуации. –** Мајката може и треба да направи многу за да владее со своите нерви и мисли во моментите на потиштеност. Дури и тогаш кога е болна, таа може, само ако се вежба во тоа, да биде пријатна и расположена и подготвена да поднесе поголема врева отколку што сметала дека може. Таа не треба да дозволи децата да ја почувствуваат нејзината слабост, да го затемни нивниот млад и чувствителен дух со својата потиштеност и со тоа да направи тие да го сметаат својот дом за гроб, а мајчината соба – најнепријатното место на светот. Умот и нервите можат да се зајакнат со употреба на волјата. Во многу случаи, моќта на волјата ќе се покаже како моќно средство за смирување на нервите. Не дозволувајте вашите деца да ве видат со намуртено и тажно лице.[5]

**Чувајте го угледот на сопругот и децата. –** Кога сестрите сакаат да тргнат на работа, не треба да носат облека која би правела
253 да изгледаат како страшила за птици. На сопругот и децата ќе им биде многу помило да ја видат привлечно и соодветно облечена, во облека која убаво ѝ стои, која обично ја носи кога ќе им дојдат гости или странци. Некои сопруги и мајки мислат дека не е важно како изгледаат додека работат, кога ги гледаат само нивните сопрузи и нивните деца, а се облекуваат многу накитено за погледите на оние кои се надвор од домот. Зар не треба почитувањето и љубовта на мажот и децата да се ценат многу повеќе от-

колку мислењето на гостите и пријателите? За секоја сопруга и мајка, среќата на мажот и децата треба да биде далеку посвета од среќата на сите останати.[6]

Облекувајте се пристојно. Тоа ќе ја зголеми почитта на вашите деца кон вас. Настојувајте и тие да бидат исто така пристојно облечени. Не дозволувајте вашите деца да стекнат навика на немарност и неуредност.[7]

**Не бидете робови на туѓото мислење. –** Мајките многу често покажуваат болна чувствителност кон она што го мислат другите за нивните навики, за облеката и за нивното однесување; во голема мера тие му робуваат на туѓото мислење. Зар не е жално што разумните созданија дозволуваат поголемо внимание да обрнуваат на тоа што ќе помислат нивните ближни за нив, наместо да се сосредоточат на своите обврски кон Бога. Често ја жртвуваме вистината само за да се прилагодиме на општоприфатените обичаи и да ги избегнеме исмејувањата на другите...

Мајката не треба да им робува на туѓите мислења, зашто треба да исполни многу поважна задача – да ги воспита своите деца не само за овој туку и за идниот живот. Во начинот на облекување мајките не треба да се расфрлаат со непотребно украсување.[8]

**Дајте им поука за уредноста и чистотата. –** Ако мајките себеси си дозволуваат во домот да носат неуредна и нечиста облека, тие ги учат своите деца да го следат нејзиниот пример и да станат немарни кон својот изглед. Многу мајки сметаат дека во домот можат да носат сè, дури и ако е тоа валкано или изгужвано. Меѓутоа, тие набргу го губат влијанието врз своето семејство, бидејќи децата ја споредуваат облеката на мајка си со облеката на оние кои се облекуваат пристојно и нивното почитување кон неа слабее. *254*

Мајки, бидете што попривлечни, но не со претерано украсени фустани, туку облечени во чиста и уредна облека. Така на своите деца постојано ќе им давате поуки за уредност, чистота и префинетост. Љубовта и почитувањето од нејзините деца треба да биде нешто највредно за секоја мајка. Сè на неа треба да сведочи за уредноста и чистотата и да остане длабоко врежано во срцата на нејзините деца. Дури и малите деца имаат свест за хармонија

и за полезноста на работите. Како во нивното срце ќе го врежеме тежнеењето кон чистотата и светоста ако нивните очи секојдневно ја гледаат неуредната облека на мајка си и безредие во собите? Како во своите станови да ги повикаме небесните гости, чиишто домови се целосно чисти и свети?[9]

Редот и чистотата се закон на небото. За да дојдеме и ние во хармонија со небесниот ред, наша должност е да бидеме чисти
255 и уредни.[10]

---

1. Ministry of healing, p. 373
2. Pacific Health Journal, May, 1890
3. Good Health, Feb, 1880
4. Pacific Health Journal, May, 1890
5. Testimonies for the Church, Vol. 1, p. 387
6. Id., pp. 464, 4645
7. Letter 47a, 1902
8. Review and Herald, March 31, 1891
9. Christian Temperance and Bible Hygiene, pp. 143, 144
10. Testimonies for the Church, Vol. 4, pp. 142, 143

# Влијанието пред раѓањето

**Жените треба да се подготват да станат мајки. –** На жените им е потребно големо трпение и сериозна подготовка пред да станат мајки. Бог одредил тие да се подготват за оваа задача. Преку поврзаноста со Христа нејзиното дело добива вечна вредност. Тоа е нешто што тешко може да се сфати. Улогата на жената е света. Христос е потребен во секој дом, затоа што службата на мајчината љубов може да го претвори домот во Ветил. Сопругот и сопругата мораат да соработуваат. Каков свет би имале кога сите мајки би дошле пред Божјиот олтар и своето потомство би го посветиле на Бога пред и по раѓањето на децата![1]

**Важноста на влијанието пред раѓањето. –** Многу родители сметаат дека последиците од влијанијата пред раѓањето не се толку важни. Меѓутоа, Небото не гледа така. Веста испратена преку Божјиот ангел и два пати свечено повторена, покажува дека го заслужува нашето најголемо влијание.

Во зборовите упатени до еврејската мајка, сопругата на Маное, Бог им се обраќа на сите мајки во сите времиња: „Нека се чува тој од сè она, за кое ѝ говорев на жената“ (Судии 13,13). Здравјето на детето зависи од навиките на мајката. Нејзиниот апетит и страстите мораат да се ставаат под контрола на начелата. Ако сака да се исполни Божјата намера со неа и со нејзиното дете, таа мора од некои работи да се откаже, но против некои да се бори.[2]

Светот е полн со стапици за младите. Мнозина ги привлекува животот на себично и сетилно задоволство. Тие не можат да ги забележат скриените опасности и страшниот крај на патот кој 256
сега им изгледа како пат кон среќата. Задоволувајќи ги својот апе-

тит и страстите, тие ја трошат својата животна сила и на тој начин милиони се загубени и за овој свет и за оној што ќе дојде. Родителите треба да знаат дека нивните деца ќе наидат на вакви искушенија. Уште пред да се роди детето, мора да се почне со подготовка која ќе го оспособи за успешна борба против злото.

Ако мајката пред раѓањето на своето дете си угодува себеси, ако е себична, нетрпелива и многу бара, овие особини ќе се покажат и во природата на нејзиното дете. На тој начин многу деца по раѓањето наследиле речиси несовладливи склоности кон злото.[3]

Но, ако мајката цврсто ги држи исправните начела, ако е умерена и има самоконтрола, ако е љубезна, нежна и несебична, таа на своето дете може да му ги пренесе истите прекрасни црти на карактерот.[4]

**Основна нега пред раѓањето. –** Широко е распространета заблудата дека во животот жената не треба ништо да смени пред да го роди детето. Во овој важен период мајката треба да работи полесни работи. Во нејзиниот организам се случуваат големи промени. Неопходно е поголемо количество крв, а со тоа и поразнообразна храна, која ќе се претвори во квалитетна крв. Ако нема доволно таква храна, таа не може да ја сочува телесната виталност и на потомството ќе му недостасува животна сила.* И нејзината облека бара внимание. Идната мајка мора да се грижи нејзиното тело да биде заштитено од студ. Таа не смее да ја троши животната сила поради недостаток на топла облека. Ако на
257 мајката ѝ е скусена разновидната и здрава храна, тоа ќе се одрази на количеството и квалитетот на крвта. Нејзината циркулација ќе биде слаба и тоа ќе му недостасува и на нејзиното дете. Нејзиното дете нема да биде во состојба да ја прими храната која треба да ја претвори во добра крв за исхрана на организмот. Напредокот на мајката и на детето многу зависат од добрата топла облека и од здравата храна.[5]

Треба да се вложи голема грижа за мајката да биде опкружена со среќа и задоволство. Сопругот има посебна обврска да направи сè што е во негова моќ за да го олесни товарот на сопругата и

* Види: *Совети за животот и исхраната*, делот Исхрана за време на бременост.

мајка. Колку што може, тој е должен да го понесе товарот на нејзините животни околности. Тој треба да биде пријатен, љубезен, учтив, нежен и многу внимателен кон сите нејзини потреби. За жал, за некои жени во текот на бременоста не се води ни половина од вниманието што се покажува кон добитокот.[6]

**Апетитот не е сигурно мерило. –** Мислењето дека идната мајка поради својата состојба може со целосна слобода да ужива во својот апетит е грешка основана на обичај, но не и на здравиот разум. Апетитот на жената во тоа време може да биде променлив и во напливи и тешко може да му се угоди; а обичаите дозволуваат да добие сè што ќе замисли, не прашувајќи го разумот дали таквата храна ќе може да ги обезбеди неопходните хранливи материи што ќе му дадат сила на нејзиното тело и ќе го овозможат развојот на детето. Храната мора да биде добра, но не смее да надразнува... Ако некогаш било потребно храната да биде што поедноставна, но затоа поквалитетна, тогаш тоа е токму во овој важен период.

Жените кои ги познаваат начелата и кои добро се упатени, нема да отстапат од едноставната храна која во ова време им е попотребна повеќе од кога било претходно. Тие знаат дека уште еден живот зависи од нив и затоа многу ќе внимаваат да не се поведуваат по своите навики особено во исхраната. Тие не смеат да ја- **258**
дат слаба и надразлива храна само затоа што е вкусна. Во тоа време ќе се појават многу советници кои ќе им предложат да го прават она што разумот никогаш не би го дозволил. Болни деца се раѓаат затоа што родителите му угодуваат на апетитот...

Ако во желудникот се внесува големо количество храна, која органите за варење не можат да ја сварат ниту организмот може да се ослободи од нејзините штетни состојки, мајката прави неправда не само кон себеси туку поставува и темел за болести на идното дете. Ако јаде како сака и што сака, без да мисли на последиците, таа ќе ја сноси казната и тоа не сама. Поради нејзината неразумност мора да страда и нејзиното невино дете.[7]

**Самосовладување и умереност. –** Телесните потреби на бремената жена во никој случај не смеат да се занемарат. Од неа зависат два живота и нејзините желби треба нежно да се исполнуваат, а неј-

зините потреби несебично да се задоволуваат. Меѓутоа, во тоа време, како никогаш порано, таа мора да ја избегнува храната и сето останато што би ја ослабело нејзината телесна или умствена сила. По наредба на самиот Бог, таа ја има најсвечената обврска да владее со себеси.[8]

Основата на вистинскиот карактер на идниот човек се поставува уште пред раѓањето на детето преку строга умереност во навиките на мајката... Оваа лекција не смее лекомислено да се сфати.[9]

**Да се сочува доброто и весело расположение. –** Секоја жена која е на пат да стане мајка, независно од својата средина, треба да сочува среќно, весело и задоволно расположение, свесна дека сите нејзини напори во тој поглед ќе бидат двојно повеќе наградени со телесно здравје како и со морален карактер на нејзиното
259 потомство. И тоа не е сè. Таа може да се навикне весело да размислува и така да внесе радост во срцето; нејзиниот среќен дух ќе се пренесе на семејството и на сите со кои се дружи. Така, во голема мера ќе се подобри нејзиното телесно здравје. Тоа ќе им даде сила на животните извори, крвотокот нема бавно да работи, што би се случило кога би се препуштила на незадоволството и нерасположението. Нејзиното душевно и морално здравје ќе биде оживеано со нејзиното расположение. Силата на волјата може да се спротивстави на сите лоши впечатоци и ќе се покаже како најдобро средство за смирување на нервите. Посебно внимание треба да се обрати на децата на кои им се скратени животните сили, а кои требало да ги наследат од своите родители. Строго внимавајќи на законите на нивното битие, состојбата може значително да се подобри.[10]

**Сочувајте ги мирот и довербата. –** Жената која очекува да стане мајка, треба да ја сочува својата душа во Божјата љубов. Во нејзиниот ум треба да владее мир; таа треба да престојува во Исусовата љубов, постапувајќи според Христовите зборови. Таа мора
260 да има на ум дека мајката соработува со Бога.[11]

1. Manuscript 43, 1900
2. Ministry of Healing, p. 372
3. Id., p. 371
4. Id., pp. 372, 373
5. Testimonies for the Church, Vol.
6. Id., p. 383
7. Id., pp. 382, 383
8. Ministry of Healing, p. 373
9. Good Health, Feb, 1880
10. Solemn Appeal, pp. 123, 124
11. Signs of the Times, April 9, 1896

*Четириесет и четврта глава*

# Негата на малите деца

**Правилен став на мајките-доилки. –** Најдобра храна за бебето е храната што ја дава природата. Затоа не смеете детето непотребно да го лишите од оваа храна. Мајката, која поради удобноста или општествените обврски се обидува да се ослободи од нежната должност – доење на детето, нема срце.[1]

Временскиот период во кој детето ја прима храната од мајката е многу важно. На многу мајки, додека ги дојат своите деца, им се дозволува претерано да работат и да ја загреат својата крв кога готват. Доенчето тогаш е сериозно загрозено не само од нездравата храна од мајчините гради туку и неговата крв е затруена од несоодветната исхрана на мајката, која целото свое тело го довела во трескавична состојба, со што ја расипала и храната за детето. На детето исто така влијае и состојбата на мајчиниот дух. Ако мајката е несреќна, лесно раздразлива, возбудена, давајќи простор на изливот на страсти, храната што детето ја прима од неа ќе биде штетна, предизвикувајќи чести грчеви, проливи, а во некои случаи и силни возбуди и напади.

На карактерот на детето помалку или повеќе влијае природата на храната што ја прима од мајката. Колку тогаш е важно, додека мајката го дои своето дете, да го сочува доброто расположение имајќи целосна контрола над својот дух. Ако прави така, храната нема да биде штетна за детето, а благиот, мирен начин на кој мајката се однесува кон своето дете ќе влијае на обликување на неговиот ум. Ако е нервозно и лесно раздразливо, мајчиниот вни-
261 мателен и спокоен однос ќе делува смирувачки, така што здрав-
јето на детето може многу да се подобри.[2]

Колку животот на детето е помирен и поедноставен, толку подобар ќе биде и неговиот телесен и умствен развој. Мајката мора да се труди секогаш да биде смирена, тивка и присебна.[3]

**Храната не го заменува вниманието. –** Бебињата се злоупотребуваат со неправилни постапки. Ако се раздразливи, обично им се дава храна за да се смират; меѓутоа во повеќето случаи причината за нивната раздразливост лежи токму во тоа што им се дава преголемо количество храна, а таквите навики на мајката се погрешни и штетни. Давањето на поголемо количество храна отколку што е потребно ја зголемува раздразливоста бидејќи детскиот желудник е веќе преоптоварен.

Децата уште од колевка се учат да му попуштаат на апетитот и на сфаќањето дека живеат за да јадат. Мајката прави многу за обликување на карактерот на своите деца уште во нивното детство. Таа може да ги научи да го контролираат својот апетит или обратно – да му попуштаат и да станат ненаситни. Мајката обично планира да изврши одредени работи во текот на денот; кога децата ќе почнат да ѝ здодеваат, наместо да им ги отстрани нивните мали таги, таа им дава нешто да јадат што ги смирува извесен период, но подоцна состојбата станува полоша. Детскиот желудник е преоптоварен со храна, иако воопшто не чувствувал потреба за неа. Сè што било потребно мајката да направи, се состоело во тоа да им посвети малку време и да обрне внимание на нив. Но таа своето време го сметала за премногу скапоцено за да им се посвети и да ги разоноди своите деца. Можеби за неа умешното уредување на станот, за посетителите да ја пофалат, како и помодарското подготвување на храната, се поважни од среќата и здравјето на нејзините деца.[4] *262*

**Здрава, вкусна и едноставна храна. –** Храната треба да биде толку едноставна, што нејзиното подготвување нема да ѝ одзема многу време на мајката. Вистина, потребно е масата да биде снабдена со здрава храна, која ќе биде и хранлива и вкусна. Не мислете дека она што небрежно сте го приготвиле можете да го ставите на својата маса како храна и да сметате дека тоа е добро за вашите деца. Помалку време посветете во подготовка на нездрави јадења, со кои се угодува на расипаниот вкус, а повеќе за воспитувањето и образованието на децата.[5]

**Подготовка на облека за детето. –** При подготвувањето на детската облека имајте ги предвид удобноста, полезноста и здравјето, повеќе отколку модата и желбата да предизвикате одушевување. Мајката не треба да троши време на везење или украсување на малата облека, оптоварувајќи се со непотребна работа на ште-

та на своето здравје и здравјето на своето дете. Нека не биде преокупирана со шиење на фустанчиња, кои ги заморуваат очите и ги напрегаат нервите, во време кога одморот и опуштеноста ѝ се толку потребни. Таа мора да биде свесна за обврската да ја чува својата сила за да може да ги задоволи барањата што ќе бидат поставени пред неа.[6]

**Обезбедете топлина и свеж воздух. –** На бебињата им е потребна топлина, но често се прави грешка кога се држат во претерано топли соби, лишени од свежиот воздух...

Бебињата треба да се чуваат од секакво влијание кое би можело да доведе до заслабување или труење на организмот. Најголема грижа треба да се покаже во напорот сѐ да биде уредно и чис-
263 то. Иако е потребно да ги заштитат од ненадејни и преголеми промени на температурата, погрижете се во секое време, дење и ноќе, кога спијат или се будни, да дишат свеж и чист воздух.[7]

**Негување на болни деца. –** Во многу случаи заболувањата на децата се предизвикани од погрешни постапки. Причините за неволјите може да бидат: нередовна исхрана, несоодветна облека во студените ноќи, недостаток на интензивни вежби за да може крвта правилно да циркулира или недостаток од обилен воздух за нејзино прочистување. Родителите треба ја пронајдат причината за болеста и што поскоро да ги отстранат штетните услови.

Сите родители можат многу да научат за негата, спречувањето, па дури и лекувањето на болеста. Особено мајката мора да знае што да преземе во случај некој да разболи во нејзиното семејство. Таа треба да знае како да го негува своето болно дете. Нејзината љубов и проникливост треба да ја оспособи да му укаже
264 таква помош, каква што не можат да ја дадат туѓите раце.[8]

---

1. Ministry of Healing, p. 383
2. Counsels on Diet and Foods, p. 228
3. Ministry of Healing, p. 381
4. Solemn Appeal, pp. 125, 126
5. Christian Temperance and Bible Hygiene, p. 141
6. Ministry of Healing, pp. 381, 382
7. Id., p. 381
8. Id., p. 385

# Воспитувањето на децата е првата мајчина грижа

**Можности за добро воспитано дете. –** Бог ги гледа сите можности во тој мал црв. Тој гледа дека правилно воспитаното дете ќе стане сила за доброто на овој свет. Тој грижливо набљудува дали родителите ќе го исполнат Неговиот план или со својата неразумна љубезност ќе ја уништат неговата цел, препуштајќи го детето на пропаста за овој и идниот живот. Да се преобрази ова немоќно и навидум безначајно суштество во благослов за светот и во слава на Бога е големо и извонредно дело. Родителите не смеат да дозволат ништо да се испречи помеѓу нив и обврските што ги имаат кон своите деца.[1]

**Работата за Бога и за татковината. –** Оние кои ги држат Божјите заповеди гледаат на своите деца со неискажани чувства на надеж и страв, прашувајќи се која улога ќе ја одиграат децата во големата борба што им претстои. Загрижената мајка се прашува: „Кое гледиште ќе го прифатат децата? Што можам да направам за да ги подготвам чесно да го извршат својот дел и да станат учесници во вечната слава?“ Мајки, на вас почиваат големи одговорности! Иако не се наоѓате во државното собрание... вие можете да извршите големо дело за Бога и за татковината. Можете да ги воспитате своите деца. Можете да им помогнете да развијат карактер кој нема да биде колеблив ниту ќе му попушта на злото, туку ќе влијае на другите да прават добро. Со своите сесрдни молитви проникнати со вера, можете да ја придвижите раката што го движи целиот свет.[2] 265

Такви упатства треба да даваат уште во раното детство и младоста. Децата треба да се научат да бидат полезни. Тие треба да

научат дека ги извршуваат оние обврски кои се неопходни за домашниот живот. А родителите овие должности треба да ги направат што попријатни, со љубезни упатства и одобрување.[3]

**Многумина го запоставуваат домашното воспитување. –** И покрај претераните фалби за напредокот кој е постигнат на полето на воспитните методи, за жал, воспитувањето на децата во ова наше време е нецелосно. Причина е запоставувањето на домашното воспитување. Родителите, особено мајките, не ја разбираат својата одговорност. Тие немаат ниту трпение да ги воспитуваат ниту мудрост да ги надгледуваат децата кои им се доверени на чување.[4]

Голема е вистината дека мајките денес веќе не се предани на својата должност – верни на своите мајчински обврски. Бог од нас не бара нешто што не би можеле да го постигнеме со Негова сила, туку она што би било за наше добро и за доброто на нашите деца.[5]

**Мајки, барајте ја божествената помош. –** Кога мајките би ја согледале важноста на својата задача, тие често насамо би се молеле препорачувајќи ги своите деца на Исус, барајќи ги Неговите благослови за нив и молејќи се за мудрост правилно да ги извршат своите свети должности. Мајката нека ја искористи секоја можност да го изгради и обликува карактерот и навиките на своите деца. Нека го набљудува развојот на карактерот со големо внимание, отстранувајќи ги оние црти кои премногу се истакнуваат, а поддржувајќи ги оние кои недоволно се развиле. Својот живот нека го направи чист и благороден пример за своите сакани деца.

Мајката треба да ја врши својата задача храбро и решително, потпирајќи се постојано на божествената помош во сите свои
266 напори. Таа не смее да биде задоволна сè додека во своите деца не види постепено и сигурно издигнување на карактерот, додека не стекнат повисоки животни цели од телесните уживања на овој свет.[6]

Не е возможно да се оцени моќта на влијанието на мајката која се моли. Таа е со Бога на сите свои патишта. Своите деца ги води пред Престолот на милоста и ги препорачува на Исус молејќи Го

да ги благослови. Влијанието на овие молитви, за овие деца е „извор на животот“. Овие молитви, упатени со вера, се поткрепа и сила на христијанската мајка. Да занемариме да се молиме со нашите деца значи да испуштиме еден од најголемите благослови што ни стојат на располагање, загуба на едно од најголемите помагала среде потешкотиите, товарите и грижите во нашиот живот.[7]

Не можеме доволно да ја процениме моќта на молитвите што ги упатува мајката. Онаа која клечи покрај својот син и крај ќерка си во текот на сите периоди на промени во детството, за време на опасностите кои им се закануваат додека се млади, нема до судниот ден да знае какво влијание извршиле нејзините молитви врз животот на нејзините деца. Ако таа со вера е поврзана со Божјиот Син, нејзината нежна рака може синот да го сочува од искушенијата и ќерката да ја спречи од попуштање на гревот. Кога страста сака да загосподари, силата на љубовта, мајчиното умерено, сериозно и решително влијание може да ја задржи душата на страна на доброто.[8]

**Кога посетителите ни пречат. –** Најдете време да разговарате
и да се молите со своите малечки. Не дозволувајте ништо да го
прекине тоа време на заедница со Бога и со вашите деца. На своите посетители можете да им кажете: „Бог ми доверил да извршам
посебна задача и немам време за празни разговори.“ Треба да зна- *267*
ете дека за овој живот и за вечноста ви е доверена задача. Децата се вашата прва должност.[9]

Вашите деца треба да бидат поважни од вашите посетители и пред сè останато... Задачата што ја имате за своето дете во неговите први години, не остава место за никаква небрежност. Нема период во неговиот живот кога може да го заборавите ова правило.[10]

Не ги праќајте децата надвор од домот за да можете да се занимавате со своите посетители, туку научете ги да бидат тивки и да се однесуваат со почит во нивна присутност.[11]

**Мајките како пример на добрина и благородност. –** Мајки, бидете свесни за вредноста на вашите скапоцени моменти. Имајте на ум дека вашите деца растат и по некое време ќе бидат надвор од досегот на вашето воспитување и поучување. Вие треба да

им бидете пример за сè што е добро, чисто и благородно. Поистоветете ги вашите интереси со нивните.[12]

Ако можеби пропуштиш нешто друго, во ова биди темелна и успешна. Ако твоите деца излезат од домот воспитани во чистота и благородност и ако го заземат макар и најмалото и најскромно место во Божјиот план за доброто на овој свет, за твојот живот никогаш нема да се каже дека е промашен и никогаш поради него не ќе мора да се каеш.[13]

Малите деца се огледало на мајката, која во него може да го види одразот на своите навики и однесување. Колку внимателен мора да биде изборот на нејзините зборови и однесувањето во присуство на овие мали ученици! Сите оние особини на карактерот кои сака да ги види во нив, таа мора да ги развива во себе.[14]

**Стремете се кон повисока цел. –** Мајката не смее да се раководи според сфаќањата на овој свет ниту да се мачи да го постигне неговото мерило. Таа мора сама да одлучи која е главната цел и смисла на животот и тогаш со сите сили да настојува да ја постигне таа цел. Поради недостаток на време може да запостави
268 многу работи околу домот без тоа да предизвика некои посериозни последици, но таа не може неказнето да го занемари правилното воспитување на своите деца. Нивниот лош карактер ќе ја објави нејзината неверност. Лошите црти на карактерот, кои таа дозволила да останат неотстранети – грубото, невоспитано однесување, непочитувањето и непослушноста, навиките на безделништво и невнимание, сето тоа ќе ѝ донесе срам и ќе ѝ го загорчи животот. Мајки, судбината на вашите деца во голема мера е во ваши раце. Ако не ги исполните своите должности, може да ги ставите во редовите на сатаната и да ги направите негови орудија за пропаст и на други души. Но вашето верно настојување да ги воспитате во побожен пример, ќе ги донесе кај Христа, а за возврат тие ќе влијаат на другите и така со вашиот труд многу души ќе се спасат.[15]

**Негувајте го доброто, а отстранувајте го злото. –** Родителите се Божји соработници во изградување на своите деца во Божјата љубов и страв. Ништо не може толку да го натажи Бога како небрежното воспитување на децата... Родители, вие сте должни

да внимавате како се изразуваат вашите деца и како се однесуваат, за непријателот да не ја преземе власта врз нив. Сатаната постојано мисли како тоа да го оствари, за да им се спротивстави на Божјите намери. Настојувајте љубезно, заинтересирано и нежно да работите со своите деца изградувајќи го во нив сето она што е добро, а отстранувајќи ја секоја лоша особина што се развива во карактерот на вашите малечки.[16]

**Радост поради внимателно извршена работа. –** Децата се наследство од Господа и ние сме одговорни пред Бога за тоа како
управуваме со неговиот имот. Воспитувањето и обучувањето на
децата да станат христијани е највозвишената служба што роди-
телите можат да ја извршат за Бога. Тоа е дело што бара стрплив
труд, вреден и истраен напор во текот на целиот живот. Занема-
рувајќи ја таа работа, ние ќе се најдеме пред Бога како неверни 269
слуги...

Со љубов, вера и молитва родителите нека работат за членовите на својот дом сè додека не бидат во состојба радосно да стапат пред Бога, велејќи: „Еве, јас и децата што Господ ми ги даде“
(Исаија 8,18).[17] 270

---


1. Signs of the Times, Sept. 25, 1901
2. Review and Herald, April 23, 1889
3. Manuscript 12, 1898
4. Signs of the Times, March 11, 1886
5. Signs of the Times, Feb. 9, 1882
6. Signs of the Times, May 25, 1882
7. Good Health, July, 1880
8. Signs of the Times, March 16, 1891
9. Signs of the Times, July 22, 1889
10. Counsels to Parents, Teachers, and Students, p. 129
11. Signs of the Times, Aug. 23, 1899
12. Review and Herald, Sept. 15, 1891
13. Testiomonies for the Church, Vol. 5, p. 44
14. Signs of the Times, Sept. 9, 1886
15. Signs of the Times, Feb. 9, 1882
16. Manuscript 49, 1901
17. Christ’s Object Lessons, pp. 195, 196

*Четириесет и шеста глава*

# Маќеа

**Совет за маќеата. –** Твојата венчавка за човек кој има деца ќе се покаже како благослов за тебе... Ти се наоѓаше во опасност да станеш себична. Имаш прекрасни особини на карактерот, кои треба да се поттикнат и искористат... Твојот нов брак ќе ти овозможи да стекнеш искуство кое ќе те научи како да постапуваш со детските умови. Преку грижата околу децата се развива привrзаноста, љубовта и нежноста. Одговорностите, кои треба да ги исполниш кон твоето семејство, ќе се покажат како голем благослов за тебе. Овие деца за тебе ќе бидат скапоцен учебник. Ако правилно го читаш, тој учебник ќе ти донесе големи благослови. Новите мисли во тебе ќе ја разбудат грижата кон децата и ќе поттикнат нежност, љубов и сочувство. Иако тие деца не се дел од твоето тело, со свршувачката за нивниот татко тие станале твои и треба да ги сакаш, да ги негуваш, учиш и да се грижиш за нив. Твојата поврзаност со нив ќе развие мисли и планови кои за тебе ќе бидат од вистинска полза... Преку искуството што ќе го стекнеш во својот дом, ќе се ослободиш од саможивоста, која можела да го упропасти твоето дело, и ќе ги измени веќе поставените планови кои требало да се ублажат и покорат...

Тебе ти е потребно да развиеш поголема нежност и сочувство. Тоа ќе ти помогне да се приближиш до оние на кои им се потребни благи, сочувствителни и љубезни зборови. Твоите деца ќе ги разбудат кај тебе овие црти на карактерот и ќе ти помогнат да развиеш широчина на умот и правилно расудување. Преку дружењето со нив, проникнато со љубов, ти ќе научиш да бидеш понежна и сочувствителна во својата служба за човештвото што
271 страда.[1]

**Укор упатен до маќеа на која ѝ недостига љубов. –** Ти го засака својот сопруг и се омажи за него. Знаеше дека со венчавката ќе го прифатиш заветот да станеш мајка на неговите деца. Но во тој поглед, видов еден недостаток кај тебе. За жал, ти не ги сакаш децата на твојот сопруг и ако не дојде до целосна промена кај тебе и комплетна реформа во твојот начин на постапување, овие драгоцени бисери ќе пропаднат. Ти недостасува љубов, искажување сочувство и такт при воспитувањето...

Ти го загорчуваш животот на тие мили деца, особено на девојчето. Каде е љубовта, нежноста и трпеливото однесување? Во твоето непрепородено срце живее повеќе омразата отколку љубовта. Од твоите усни почесто се слуша укор отколку пофалба и охрабрување. Твојот суров став, твоите груби постапки и бесчуствителна природа паѓаат врз чувствителното девојче како град на нежна билка, која се наведнува под секој налет на ветерот, додека нејзиниот живот не биде сотрен, а таа не остане да лежи скршена.

Твоите постапки го сушат изворот на љубовта, надежта и радоста кај твоите деца. Во очите на девојчето се гледа постојана тага. Наместо кај тебе да разбуди длабоко сочувство и нежност, таа предизвикува нетрпение и одбивност. Ако сакаш, овој тажен изглед можеш да направиш да стане жив и ведар...

Децата го читаат изразот на лицето на мајка си и можат да проценат дали одразува љубов или одбивност. Ти не знаеш што правиш. Зар тоа мало тажно лице, со тешка воздишка која излегува од згрченото срце, во својот копнеж за љубов, не предизвикува сожалување?[3]

**Плодови од непотребна строгост. –** Неодамна ми беше покажан случајот на сестра Ј. Нејзините заблуди и грешки јасно ѝ беа 272
изнесени. Меѓутоа, во последното видение што ми беше дадено, видов дека злото сè уште постои, дека со децата на својот сопруг постапува студено и без сочувство. Опомените и укорите таа не ги упатува само за сериозните престапи, туку и за ситници, кои не се вредни ни да се спомнат. Не е добро постојано да се бараат грешки и Христовиот Дух не може да престојува во срцето во кое постои таа особина. Таа е склона без ниту еден збор на пофалба да премине преку тоа што е добро кај нејзините деца, но секогаш

е готова да ги кара ако забележи некоја нивна грешка. Ова целосно ги обесхрабрува децата и ги наведува да градат во себе немарност и небрежност. Тоа го поттикнува злото во срцето и го прави нервозно и избувливо. Кај децата што се постојано укорувани, се појавува дух на „многу ми е гајле“ и лошите црти на карактерот често се изразуваат без оглед на последиците...

Сестрата Ј. треба да негува љубов и сочувство. Таа треба да покаже нежни чувства кон децата кои останале без мајка, но за кои сега таа треба да се грижи. Тоа ќе биде благослов за овие деца коишто Бог ги сака и ќе ѝ биде возвратено со наклоност и љубов.[3]

**Кога е потребна двојна грижа. –** Децата кои ја изгубиле личноста во чиишто гради горела мајчина љубов, доживеале загуба која никогаш не може да се надомести. Но, кога некој ќе одлучи да го заземе местото на мајката на тоа малечко, сирото стадо, врз него почива двојна грижа и одговорост да биде проникнат со што е можно поголема љубов и уште повнимателно да укорува и советува отколку што тоа би го правела нивната сопствена мајка. На тој начин ќе ја надополни загубата што ја претрпело ова мало
273 стадо.[4]

1. Letter 329, 1904
2. Testimonies for the Church, Vol. 2, pp. 56-58
3. Id., Vol 3, pp. 531, 532
4. Id., Vol. 2, p. 58

# Христос ги охрабрува мајките

**Исус ги благословил децата. –** Во Христово време мајките ги носеле своите деца кај Него за да ги положи своите раце на нив и да ги благослови. Со ваквата постапка мајките покажале дека веруваат во Исуса и дека во своето срце чувствуваат голема грижа за сегашното и идното добро на своите малечки, доверени на нивна грижа. Но учениците не можеле да ја препознаат потребата мајките да го прекинат Исуса во работата само за да ги види децата; кога Исус забележал дека учениците ги одвраќаат, ги укорил и му наредил на мноштвото да ги пуштат овие верни мајки со своите мали деца. Тој рекол: „Оставете ги децата и не пречете им да доаѓаат кај Мене, зашто на такви е царството небесно“ (Матеј 19,14).

Додека мајките чекореле по долгиот прашлив пат и се приближувале до Спасителот, Тој ја видел секоја скриена солза и растреперена усна што изговорила тивка молитва за своите деца. Тој слушнал како учениците ги укоруваат и веднаш им се спротивставил. Неговото големо срце исполнето со љубов било отворено да ги прими децата. Едно по едно, ги земал во своите раце и ги благословувал, додека едно мало дете цврсто заспало потпрено на неговите гради. Исус ги охрабрил мајките во врска со нивните обврски кон децата. О, какво олеснување им донело тоа на нивното срце! Подоцна, кога ќе се сетеле на тој важен настан, со каква само радост размислувале за Исусовата добрина и милост! Неговите љубезни зборови го симнале тешкиот товар од нивните срца и ги вдахнале со нова надеж и храброст. Исчезнало секое 274
чувство на умор.

Тоа е охрабрителна поука за мајките од сите времиња. Кога ќе направат најдобро што можат за доброто на своите деца, тие можат да ги донесат кај Исуса. Во Исусовите очи се скапоцени и бебињата во мајчиното крило. Кога мајчиното срце копнее за помош, која самата не може да му ја даде, за милост, која не може да му ја подари, и кога себеси и децата ќе ги стави во Христовите милостиви раце, Тој ќе ги прими и ќе ги благослови; Тој ќе им даде мир, надеж и среќа и на мајката и на децата. Ова е драгоцена предност што Исус им ја подарил на сите мајки.[1]

**Исус и денес ги повикува мајките. –** Христос – Величеството на небото – кажува: „Оставете ги децата и не пречете им да доаѓаат кај Мене, зашто на такви е царството небесно“. Исус не ги праќа децата кај рабините; Тој не ги праќа кај фарисеите, зашто знае дека тие ќе ги научат да го отфрлат својот најдобар Пријател. Но мајките направиле добро што своите деца ги донеле кај Исуса... Мајките и денес треба да ги водат своите деца кај Христа. Проповедниците на евангелието нека ги земат малите деца во раце и нека ги благословат во Исусово име. Малите деца треба да ги слушнат зборовите на најнежна љубов, затоа што и Исус ги зел јагнињата во Свои раце и ги благословил.[2]

Мајките нека дојдат кај Исуса со своите тешкотии. Тие ќе најдат милост што ќе биде доволна да им помогне во подигнувањето на нивните деца. Вратата е отворена за секоја мајка што сака да го положи својот товар пред нозете на Спасителот... Тој... сè уште ги повикува мајките да ги доведат своите малечки да ги благослови. Дури и новороденчето во прегратките на својата мајка може да престојува во засолништето на Севишниот преку верата на
275 мајката што се моли. Јован Крстителот бил исполнет со Свети Дух уште од своето раѓање. Ако сакаме да живееме во заедница со Бога, ние исто така можеме да очекуваме нашите малечки уште од нивните најрани денови да ги обликува божествениот Дух.[3]

**Срцата на младите – погодно тло. –** Тој (Христос) се поистоветил со понизните, со сиромашните и ожалостените. Тој ги земал малите деца во своите прегратки и се спуштал на ниво на младите. Неговото големо срце исполнето со љубов можело да ги разбере нивните борби и потреби, а исто така и да се радува на

нивната среќа. Неговиот дух исцрпен од вревата и метежот на преполниот град и од постојаните средби со лукавите и лицемерни луѓе, нашол вистински одмор и мир во друштвото на невините деца. Кон Неговото присуство никогаш не чувствувале одбивност. Небесното Величество прифатило да одговара на нивните прашања и своите значајни поуки ги поедноставувал за да можат децата да ги сфатат. Во нивниот млад ум, кој копнеел по знаење, го сеел семето на вистината кое ќе никне и ќе донесе богата жетва во нивните зрели години.[4]

Исус знаел дека овие деца ќе ги послушаат Неговите совети и дека ќе го прифатат како свој Спасител, наспроти оние кои располагале со мудроста на овој свет, но имале тврдо срце и не сакале да Го следат и да најдат место во Божјето царство. Со тоа што дошле кај Христа и ги примиле Неговите совети и благослови, овие деца никогаш нема да го заборават Неговиот лик ниту Неговите благи зборови запечатени во нивниот приемчив ум. Од оваа Христова постапка треба да научиме дека срцата на младите се најпогодна почва за учење на Христовата наука, за насочување кон побожноста и доблестите и трајно чување на применитe впечатоци.[5]

„Оставете ги децата и не пречете им да доаѓаат кај Мене, зашто на такви е царството небесно". Овие драгоцени зборови треба да ги цени не само секоја мајка туку и секој татко. Овие зборови се
охрабрување за родителите да ги донесат своите деца кај Христа 276
и во Негово име да бараат Отецот да го излее својот благослов на целото нивно семејство. Да им посветиме внимание не само на мирните деца туку и на немирните, непослушни деца, на кои им
е потребно грижливо воспитување и нежно водство.[6] 277

1. Good Health, Jan, 1880 278
2. Review and Herald, March 24, 1896
3. Desire of Ages, p. 512
4. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 141
5. Id., p. 142
6. Signs of the Times, Aug. 13, 1896

*Единаесетти дел*

# ДЕЦАТА – МЛАДИ СОРАБОТНИЦИ

# Како Небото ги цени децата

279 **Децата се откупени со Христовата крв. –** Христос ја открил возвишената вредност на вашите деца, затоа што го дал Својот живот за нив. Постапувајте со нив како со оние кои се откупени со Неговата крв. Трпеливо и истрајно воспитувајте ги за Него. Одгледувајте ги со љубов и трпение. Ако правите така, тие ќе ви станат венец на радост и ќе светат како светлина во светот.[1]

И најмалото дете, кое го сака Бога и се бои од Него, е поголемо во Божјите очи и од најспособниот и најучен човек што го занемарува големото спасение. Со посветувањето на своето срце и својот живот на Бога, младите стапуваат во врска со Изворот на секоја мудрост и совршенство.[2]

**„На таквите е царството небесно" –** Душата на детето кое верува во Христа е толку скапоцена во Неговите очи колку и ангелите околу Неговиот престол. Децата треба да се донесат кај Христа и да се одгледуваат за Христа. Водете ги по патот на послушноста, а не по патот на попуштање на желбите или претерувањето.[3]

Кога само би ги прифатиле возвишените поуки со кои Исус ги поучувал своите ученици, земајќи го за пример малото дете, би исчезнало многу од тоа што денес претставува несовладлива тешкотија! Кога учениците му пристапиле на Христа и го прашале: „'Кој е најголем во царството небесно?' Исус повика едно дете, го постави меѓу нив и им рече: 'Вистина ви велам, ако не се промените и не бидете како деца, нема да влезете во царството
280 небесно: кој ќе биде понизен како ова дете, тој е најголем во царството небесно'" (Матеј 18,1-4).[4]

**Божјата сопственост доверена на родителите. –** Децата добиваат живот од своите родители. Сепак, вашите деца имаат живот благодарение на Божјата создателска сила, затоа што Бог е дарител на животот. Да имаме на ум дека со децата не можеме да постапуваме како со своја сопственост. Децата се Господово наследство и планот за откупување го опфаќа нивното како и нашето спасение. Тие им се доверени на родителите со цел да ги одгледаат и воспитаат во Господовата наука, и на тој начин да ги подготват да ја извршат својата задача за ова време и за вечноста.[5]

Мајки, нежно постапувајте со своите деца. Христос некогаш бил дете. Почитувајте ги децата заради Христа. Гледајте на нив како на свето наследство на кое не треба да му се попушта, угодува и обожава, туку учете ги да живеат чист и благороден живот. Тие се Божја своина; Тој ги сака и ве повикува да соработувате со Него во обликувањето на нивниот совршен карактер.[6]

Ако сакате во мир да го сретнете Бога, сега хранете го Неговото стадо со духовна храна; затоа што секое дете има можност да добие вечен живот. Децата и младите се особено Божје богатство.[7]

Младите мораат да ја сфатат вистината дека даровите што им се доверени не им припаѓаат на нив. Силата, времето и разумот се само позајмени богатства. Тие му припаѓаат на Господа и секое младо суштество треба да одлучи да ги употреби за највозвишени цели. Младите се лозници од кои Бог очекува род; тие се повереници, кои треба да ги умножат своите таленти; тие се и светлина, која треба да ја осветли темнината на овој свет.

На секој младич и девојка и на секое дете им е одредена работа која треба да ја извршат за Бог да се прослави и човештвото
да се облагороди.[8] 281

**Патот за небото е прилагоден според детските способности. –** Видов дека Исус ги познава нашите слабости бидејќи во сè бил искушан како и ние, но не згрешил. Затоа за нас подготвил пат кој одговара на нашата сила и способност и, како Јаков, полека одел со децата колку што можеле да издржат, за да нè крепи со своето присуство и да ни биде постојан водач. Тој не ги презира, не ги занемарува и не ги остава децата зад своето стадо. Тој не ни заповедал да одиме напред, а нив да ги оставиме. Тој не се брзал толку за ние со своите деца да заостанеме. О, не! Тој ја из-

рамнил патеката на животот дури и за децата. Тој бара родителите во Негово име да ги поведат по тесниот пат. Бог ни го посочил патот кој наполно одговара на силата и способностите на
282 нашите деца.[9]

---

1. Signs of the Times, April 3, 1901
2. Messages to Young People, p. 329
3. Review and Herald, March 30, 1897
4. Manuscript 13, 1891
5. Signs of the Times, Sept. 10, 1894
6. Signs of the Times, Aug. 23, 1899
7. Letter 105, 1893
8. Education, pp. 57, 58
9. Testimonies for the Church, Vol. 1, pp. 388, 389

# Помошници на мајката

**Децата како рамноправни членови на семејната заедница. –** Како децата така и родителите имаат важни должности во домот. Децата треба да се воспитуваат така што ќе се чувствуваат неразделен дел од семејната заедмица. Тука за нив се води грижа – да се нахранети и облечени, сакани и згрижени, и затоа на сиве овие укажани милосрдни дела треба да одговорат на тој начин што ќе го понесат својот дел од товарот во домот и ќе внесат среќа во семејството на кое му припаѓаат.[1]

Неопходно е секоја мајка да ги учи своите деца да работат и да им открие дека тие се членови на семејната заедница и дека треба да го исполнат својот дел од должностите во домот. Секој член на семејството треба да ги понесе овие одговорности толку верно како што верниците на црквата ги носат одговорностите во Црквата.

Децата треба да им помагаат на своите родители извршувајќи ситни задолженија. Родители, задолжете ги да извршат некоја работа и потоа кажете им дека можат да си играат.[2]

Децата имаат активен ум и затоа треба да се ангажираат според своите сили да ги преземат товарите на секојдневниот живот... Никогаш не треба да ги оставите сами да си ги бираат своите должности. Родителите треба совесно да го прават тоа.[3]

**Родителите и децата имаат обврски. –** Родителите се должни да ги хранат, облекуваат и воспитуваат своите деца, а децата се должни да им помагаат на своите родители со радосна решителност и верност. Ако децата сметаат дека не се обврзани да придонесуваат за да го олеснат бремето и товарите на родителите, можат ли да очекуваат родителите да ги исполнуваат своите обврски кон нив? Кога децата ќе престанат да ги исполнуваат свои- 283

те задолженија за да бидат од полза за родителите и да им ги олеснат нивните товари извршувајќи тешка и непријатна работа, тие ја губат можноста да стекнат најдобро воспитување, кое ќе ги подготви за нивната служба понатаму во животот.[4]

Бог сака децата на сите верници да бидат воспитани уште од најрана возраст да ги носат товарите што ги имаат нивните родители додека се грижат за нив. Ним им е одделен дел во домот – детски соби, па право и привилегија е за нив да седат на семејната трпеза. Бог очекува од родителите да ги хранат и облекуваат своите деца, и според тоа, должностите на родителите и на децата се обострани. Децата треба да ги слушаат и почитуваат своите родители.[5]

Родителите не треба да им бидат робови на своите деца и да жртвуваат сè, додека децата растат безгрижно и рамнодушно, препуштајќи сите товари да ги носат нивните родители.[6]

**Безделничењето е резултат на погрешна љубов. –** Децата треба уште од мали нозе да се учат да бидат полезни – да ги исполнуваат своите обврски и да им помагаат на другите. Многу девојки на таа возраст, без грижа на совеста гледаат како мајките готват, перат и пеглаат, додека тие седат во соба и си читаат романи, плетат украси или везат. Срцата на таквите ќерки се бесчувствителни како камен.

Која е причината за тоа? Кој треба да биде обвинет за ова? Кутрите изневерени родители. Тие неправилно ја разбираат грижата за добрата иднина на своите деца и, поради погрешната приврзаност кон нив, им дозволиле да седат без работа или да го вршат она што има мала вредност и не бара користење на умот или мускулите. Тогаш мајките ги оправдуваат своите неработливи ќерки дека биле слаби. Што ги направило слаби? Во многу слу-
284 чаи, грешката е во родителите. Соодветна практична работа во домот ќе биде полезна и за телото и за умот. Меѓутоа, децата се лишени од правилно воспитување поради неправилните родителски ставови, додека еден ден работата не им стане одбивна.[7]

Ако вашите деца не се свикнати да работат, тие бргу ќе се заморат и ќе почнат да се жалат на болки во слабините, во рамената и на умор во рацете и нозете. Тогаш вие, од сочувство, ќе се најдете во опасност сами ја извршувате работата само за децата

воопшто да не страдаат. Работата што ќе им ја дадете на децата на почетокот нека биде полесна, па секојдневно зголемувајте ја по малку сѐ додека не свикнат да работат без да се заморат.[8]

**Опасностите од неработењето. –** Покажано ми е дека многу гревови се резултат на мрзеливоста. Кога умот и рацете се вработени, немаат време да обратат внимание на секое искушение на непријателот, но мрзеливите раце и невработениот ум склони се да паднат под власта на сатаната. Ако умот не е правилно ангажиран, тој се занимава со она што не е добро. Родителите треба да ги учат своите деца дека безделничењето е грев.[9]

Не постои ништо што толку сигурно ги води децата кон грев и зло од тоа кога децата се ослободени од должностите и препуштени на мрзливоста и празниот бесцелен живот. Не треба да ги оставаме да не прават ништо или да го работат само она што ним им се допаѓа. Умот на детето е активен, па ако не се занимава со она што е добро и полезно, тие неминовно ќе се свртат кон она што е лошо. Децата навистина имаат право на разонода, но тие пред сѐ треба да научат да работат и да одделат време како за физичка работа така и за читање и учење. Настојувајте да им најдете работа којашто ќе биде сообразна на нивната возраст, а исто така снабдете ги и со полезни и интересни книги.[10]

**Полезната работа – најсигурна заштита. –** Една од најсигурните заштитни средства за младите е полезната работа. Ако кај 285
младите е развиена трудољубивоста и часовите им се зафатени со нешто полезно, тие нема да имаат време да се занимаваат со својата судбина или да мечтаат за нешто нереално. Опасноста да создадат порочни навики или лоши другари ќе биде помала.[11]

Ако родителите се толку многу зафатени со други обврски, па не можат да ги ангажираат своите деца со нешто полезно, сатаната ќе им најде работа.[12]

**Децата треба да се научат да ги преземат одговорностите. –** Родителите треба да бидат свесни дека најважната поука што треба да ја усвојат нивните деца е да научат да го понесат својот дел од одговорностите во домот... Родителите треба да ги научат своите деца правилно да гледаат на животот, да сфатат дека треба да бидат полезни во овој свет. Своите први упатства за носење на

животните товари момчињата и девојчињата треба да ги примат под будното око на својата разумна мајка.[13]

Воспитувањето на детето околу доброто и злото започнува уште од неговите најрани години... Како што растат поголемите деца, тие треба да помагаат и да се грижат за малите братчиња и сестричиња. Мајката не треба да се исцрпува и да го работи она што нејзините деца сами би можеле и би требало да го прават.[14]

**Споделувањето на одговорностите носи задоволство. –** Родители, помогнете им на своите деца да ја творат Божјата волја со верно извршување на должностите што ги имаат како членови на семејството. Тоа ќе им помогне да го стекнат најдрагоценото искуство. Ќе ги научи да не ги насочуваат мислите само кон себеси, да не се оддаваат на задоволствата или на забавите. Трпеливо воспитувајте ги да го прифатат и да го исполнат совесно својот дел од семејните должности, да вложат заеднички напори во носењето на товарот со таткото и мајката, браќата и сестрите.
286 Така тие ќе бидат задоволни кога ќе видат дека навистина се полезни.[15]

Децата треба да бидат воспитани да помагаат во домот. Тие по природа се активни и склони веднаш да се занимаваат со нешто. Таа активност ќе им помогне да примат успешно воспитување и да бидат изведени на добар пат. Децата треба да бидат поучувани уште од мали секојдневно да ги извршуваат своите лесни одговорности. Секое дете треба да исполнува некоја практична задача, за која е одговорно пред своите родители или старатели. Така тие уште во младоста ќе се научат да го носат јаремот на должностите и извршувањето на тие мали задачи ќе им стане задоволство што ќе ги исполни со среќа поради добро извршената работа. Тие ќе се навикнат да работат, да носат одговорности и да уживаат во работата, ќе разберат дека животот пред сè подразбира работа, а не само забави...

Работата е многу корисна за децата. Тие се посреќни ако бидат подолго време зафатени со нешто корисно; по добро извршената работа, тие со длабоко одушевување ќе учествуваат во своите детски задоволства. Работата ги јакне како мускулите така и умот. Мајките од своите деца можат да создадат драгоцени мали помошници. Додека ги учат да бидат корисни, самите мајки

можат да го збогатат своето познавање на човечката природа и да се научат како да постапуваат со овие млади суштества. Така, преку контактите со своите деца, тие ќе ја задржат топлината и младешкиот дух во своето срце. Како што нивните деца гледаат во нив со љубов и доверба, така и тие треба да гледаат кон Спасителот за помош и водство. Децата, ако се правилно воспитани, со текот на времето ќе научат да ја сакаат работата со која ќе го олеснат товарот на своите родители, роднини и пријатели.[16]

**Работата обезбедува умствена рамнотежа. –** Исполнувањето на зададените должности го закрепнува помнењето и создава умствена рамнотежа, стабилност на карактерот и вештина во работата. Денот, кој е исполнет со секојдневни обврски, бара размислување, проценување и изготвување на план за работа. Како *287* што стануваат поголеми, толку повеќе може да се очекува од нив. Но, тоа што го работат не треба да ги исцрпува, ниту да трае толку долго што ќе ги замори и обесхрабри. Работата што им се наложува, треба да биде разумно одбрана имајќи го предвид нивниот физички развој и правилното негување на умот и карактерот.[17]

**Работата ги поврзува со небесните работници. –** На децата нивната работа би им била многу попријатна и почесна кога родителите би ги учеле дека нивните малечки секојдневни должности всушност се пат што им го одредил Бог, училиште во кое треба да се обучат за верно и успешно да ја вршат службата. Секоја должност што ја вршиме од срце, како да му е извршена лично на Бога, е единствена должност што го облекува со убавина и најскромното занимање и работниците на земјата ги повзрува со светите суштества кои на небото ја извршуваат Божјата волја.[18]

На небото постојано се работи. Таму нема место за безделници. „Мојот Отец досега работи, и Јас работам“, рекол Христос (Јован 5,7). Ние не можеме ни да замислиме дека ќе живееме во безделничење и ќе почиваме во блажено неработење кога ќе дојде триумфалниот крај и ќе влеземе во становите подготвени за нас.[19]

**Работата ги зајакнува семејните врски. –** Начелото на соработка има непроценлива вредност во домашното воспитување на младите... Поголемите деца треба да бидат помошници на ро-

дителите, да се запознаени со нивните планови и да ги споделат родителските одговорности и товари. Татковците и мајките нека одвојат време да ги поучуваат своите деца и да им покажат колку ја ценат нивната помош, колку ја сакаат нивната доверба и се радуваат на нивното друштво. Тогаш децата ќе чувствуваат задоволство и нема да се двоумат да им возвратат. Со тоа не само што ќе биде олеснет товарот на родителите туку и децата ќе примат
288 практично воспитување од непроценлива вредност, а и ќе зацврснат семејните врски и ќе се продлабочат здравите темели на карактерот.[20]

**Работата прави да раснеме со умствена, морална и духовна сила. –** Децата и младите треба со уживање да се трудат да го олеснат товарот што го носат таткото и мајката. Тие треба да покажат несебичен интерес кон сè што се однесува на домот. Кога со радост ќе го преземат својот дел од товарот, тие се подготвуваат за идните одговорни должности и за корисна служба. Тие треба од година во година да напредуваат, постепено но сигурно заменувајќи го своето детско неискуство со искуство на зрели мажи и жени. Со верно исполнување на секојдневните должности во домот, момчињата и девојчињата ги поставуваат основите на менталното, душевното, моралното и духовното совршенство.[21]

**Работата дава здравје за телото и спокојство на душата. –** Бог со одобрување гледа на децата кои со радост го исполнуваат својот дел од домашните должности, делејќи ги одговорностите со родителите. Тие ќе бидат наградени со здраво тело и мир во душата. Ќе се радуваат кога ќе ги видат своите родители како учествуваат во општествениот живот и во корисната разонода, продолжувајќи си го така својот живот. Децата, кои се воспитани да ги исполнуваат практичните должности во животот, ќе излезат од домот како корисни членови на општеството, со образование кое е далеку поисклучително од она што се стекнува во училишната просторија на рана возраст кога ниту умот ниту телото не се доволно силни да го издржат таквиот напор.[22]

Во некои случаи би било подобро децата да имаат помалку училишни обврски, а поголема можност за извршување на домашните должности. Пред сè, тие треба да се поучат да бидат

услужливи и да помагаат. Многу работи кои можат да се научат од книгите, не се толку неопходни како поуките за практичната 289
трудољубивост и дисциплина.[23]

**Осигурување на мирен сон. –** Мајките треба да ги земат своите ќерки во кујната и трпеливо да ги учат како треба да ги исполнуваат сите идни семејни должности. Ваквата работа ќе го зајакне нивното здравје и ќе ги зацврсти мускулите и нивните мисли на крајот од денот ќе бидат поразумни и повозвишени. Може и да се изморат, но колку е сладок одморот по добро извршената работа! Сонот ќе биде посладок, ќе им се обнови и окрепи измореното тело и ќе ги подготви за новите обврски за следниот ден. Не дозволувајте вашите деца да мислат дека е сеедно дали работат или не. Учете ги дека нивната помош ви е неопходна, дека нивното време е скапоцено за нас и дека вие зависите од нивната работа.[24]

Грев е да се дозволи на децата да раснат во безделништво. Нека ги користат своите раце и мускулите, дури ако тоа ги изморува. Ако не се преуморени од работа, како може уморот да им наштети повеќе отколку вам? Има голема разлика меѓу уморот и исцрпеноста. Децата имаат потреба од почеста промена на работата и од време за одмор отколку возрасните. Дури и кога се многу мали, тие можат да научат да работат и ќе бидат посреќни од помислата дека се од полза. По полезната работа сонот ќе им биде посладок и ќе бидат пободри и освежени за работата што ги очекува следниот ден.[25]

**Не велете: „Деца ми пречат“. –** Некои мајки велат: „Кога се обидуваат да ми помогнат, децата ми пречат“. Така правеа и моите деца, но мислите ли дека јас им укажував на тоа? Пофалете ги напорите на своите деца. Поучувајте ги чекор по чекор, правило по правило. Тоа е подобро отколку да читаат романи, да одат на гости или да ги следат помодните обичаи на светот.[26] 290

**Да гледаме на Примерот. –** Во одреден период, небесното Величеството, Царот на славата, бил само едно бебе во Витлеем, бебе во мајчините раце. Во детството бил послушно дете, сообразувајќи се со желбите на родителите и исполнувајќи ги сите должности соодветни на Неговите способности како дете. Сето ова

треба да го прават децата и така треба да се воспитаат и да се поучат за да можат да го следат Христовиот пример. Исус постапувал така и служел на благослов во неговиот дом, бидејќи бил покорен на своите родители и на тој начин го извршувал мисионското дело во своето семејство. Напишано е: „А Детето растеше и крепнеше со духот, исполнувајќи се со мудрост; и благодатта Божја беше врз Него“ (Лука 2,40). „Исус, пак, напредуваше во мудроста и возраста и во милост кај Бога и кај луѓето“ (Лука 2,52).[27]

Непроценлива е предноста на учителите и родителите што можат да соработуваат во поучувањето на децата како да го следат Христовиот пример и да ја впијат радоста на Неговиот живот. Првите години од животот на Спасителот биле плодни години. Тој бил помошник на мајка си во домот. Исполнувајќи ги домашните должности и работејќи во дрводелската работилница, верно ја извршувал својата задача, онака како што ја остварувал и при својата јавна служба.[28]

Со својот земен живот Христос дал пример што треба да го следи секое овоземно семејство; Тој се покорувал на своите родители и помагал во домот. Го изучил дрводелскиот занает и работел со сопствени раце во малата работилница во Назарет... Работејќи уште како дете а подоцна и како момче, се развивал и умствено и телесно. Својата физичка сила Тој не ја употребувал непотребно, туку ја користел на тој начин што го чувал своето здравје и, благодарение на тоа, бил во состојба најдобро да ја извр-
291 шува секоја работа.[29]

---

292 1. Ministry of Healing, p. 394
2. Review and Herald, June 23, 1903
3. Manuscript 57, 1897
4. The Youth’s Inspector, July 20, 1893
5. Manuscript 128, 1901
6. Manuscript 126, 1897
7. Testimonies for the Church, Vol. 1, p. 686
8. Id., p. 687
9. Id., p. 395
10. Christian Temperance and Bible Hygiene, pp. 134, 135

11. Review and Herald, Sept. 13, 1881
12. Signs of the Times, April 3, 1901
13. Letter 106, 1901
14. Manuscript 126, 1903
15. Manuscript 27, 1896
16. Health Reformer, Dec. 1877
17. Health Reformer, Dec. 1877
18. Patriarchs and Prophets, p. 574
19. Manuscript 126, 1897
20. Education, p. 285
21. Messages to Young People, pp. 211, 212
22. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 148
23. Manuscript 126, 1903
24. Testimonies for the Church, Vol. 1., p. 395
25. Christian Temperance and Bible Hygiene, p. 135
26. Manuscript 31, 1901
27. Signs of the Times, Sept. 17, 1894
28. Review and Herald, May 6, 1909
29. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 147

*Педесеттата глава*

# Почит кон родителите

**Детскиот долг кон родителите. –** Децата треба да разберат дека тие се должници пред своите родители, кои бдееле над нив уште во раното детство и особено кога биле болни. Треба да имаат на ум дека родителите многу се грижеле за нив. Совесните и побожни родители направиле сѐ што можеле за нивните деца да тргнат по добар пат. Колку ги болело кога ги виделе недостатоците во животот на своите деца! Кога децата кои им задавале болка на своите родители би можеле да ги видат последиците од своето однесување, сигурно би попуштиле. Кога би можеле да ги видат солзите на својата мајка и да ги слушнат молитвите упатени до Бога за нив, кога би ги слушнале нејзините тивки воздишки, нивните срца би омекнале, тие брзо би ја признале својата вина и би побарале прошка.[1]

Кога ќе пораснат, децата ќе ги почитуваат родителите кои верно работеле и кои не им дозволувале да негуваат несоодветни чувства или да им попуштаат на лошите навики.[2]

**Заповед која ги обврзува сите. –** „Почитувај ги твојот татко и твојата мајка, за да ти се продолжат дните на земјата, која ти ја дава Господ, твојот Бог“ (2. Мојсеева 20,12). Ова е прва заповед со ветување. Таа ги обврзува децата и младите, возрасните и старите. Нема период во животот во кој децата би биле ослободени од обврската да ги почитуваат своите родители. Оваа свечена обврска се однесува на секој син и ќерка, и е еден од условите да им биде продолжен животот на земјата што Господ ќе им го даде на верните. Оваа тема не е неважна, таа има животна важност. Ве-
293 тувањето зависи од послушноста. Ако послушаш, ќе живееш долго на земјата што ти ја дава твојот Господ Бог. Ако не послушаш, нема да го продолжиш својот живот на таа земја.[3]

Родителите имаат право на љубов и почит повеќе од кој и да е друг. Сам Бог, кој ги задолжил за душите доверени на нивна грижа, определил родителите во првите години на детскиот живот пред децата да бидат негови претставници. Затоа, секој што го отфрла законитиот авторитет на родителите, го отфрла Божјиот авторитет. Петтата заповед бара од децата не само на родителите да им укажуваат љубов и нежност туку и да им ги олеснат секојдневните грижи, да го пазат нивниот углед и во староста да им пружат потпора и утеха.[4]

Бог не може да ги усреќи оние кои се спротивставуваат на јасната заповед истакната во Неговата реч, која ја одредува должноста на децата кон родителите... Ако тие не ги почитуваат и не ги ценат своите земни родители, нема да го почитуваат ниту да го сакаат својот Создател.[5]

Кога децата имаат неверни родители, чии заповеди се спротивни на Христовите, тогаш колку и да е тоа болно, тие мораат да го послушаат Бога, а последиците да му ги препуштат Нему.[6]

**Многумина ја кршат петтата заповед. –** Во овие последни денови детската непослушност и непочитување дошле толку до израз што Бог посебно укажал на тоа; тоа е знак дека крајот е близу. Тоа покажува дека сатаната има речиси целосна превласт над умовите на младите. Многумина денес повеќе немаат почит кон постарите.[7]

Многу деца кои велат дека ја познаваат вистината, иако се должни да ги почитуваат и сакаат своите родители, тие не проја- *294*
вуваат ниту малку љубов кон мајката и таткото, запоставуваат да им укажат почит со тоа што ќе ги исполнуваат родителските желби и ќе се трудат да им ги олеснат грижите. Многумина кои тврдат дека се христијани не знаат што значи да се има почит и поради тоа на нив нема да се однесуваат зборовите: „Да ти се продолжат дните на земјата, која ти ја дава Господ, твојот Бог“.[8]

Во ова бунтовно време, децата кои не примиле вистинско воспитување и кои се недисциплинирани имаат малку осет за своите обврски кон родителите. Често се случува, колку повеќе прават за децата, толку повеќе тие се неблагодарни спрема родителите и толку малку ги почитуваат. Децата кои биле галени од родителите и во сè им било угодувано, секогаш го очекуваат тоа и

се разочаруваат и обесхрабруваат ако желбите не им се исполнуваат. Истото расположение ќе се забележи и во нивниот подоцнежен живот. Тие ќе чувствуваат беспомошност, ќе се потпираат на помошта од другите, ќе очекуваат другите да им угодуваат и попуштаат. И кога ќе пораснат, ако наидат на спротивставување, ќе сметаат дека се запоставувани; и така со мака ќе минуваат во светот, речиси неспособни да се носат самите со себеси, често жалејќи се и јадосувајќи се затоа што не им оди ништо како што сакаат.[9]

**На небото нема место за неблагодарните деца. –** Видов како сатаната ги заслепил умовите на младите за да не можат да ја сфатат вистината на Божјата реч. Станале толку нечувствителни што не се грижат за советите на светиот апостол:

„Деца, слушајте ги своите родители во Господа, зашто тоа е
295 право. 'Почитувај ги својот татко и мајка – тоа е првата заповед со ветување – за да ти биде добро и за да живееш долго на земјата!'" (Ефешаните 6,1) „Деца, слушајте ги вашите родители во сè, зашто тоа Му е угодно на Господа!" (Колошаните 3,20). Децата кои не ги почитуваат и не ги слушаат своите родители и не се грижат за нивните совети и упатства, нема да имаат удел на новата Земја. Исчистената нова Земја нема да биде место за бунтовните, непослушните и неблагодарни синови и ќерки. Ако таквите не се научат на послушност и покорност на оваа Земја, тоа никогаш подоцна нема да го научат; мирот на откупените нема да биде нарушен со присуството на непослушни, непокорни и своеволни деца. Ниту еден престапник не може да го наследи Божјето царство.[10]

**Љубовта треба да се покаже. –** Видов деца кои како да се лишени од чувствата спрема своите родители, кои не изразуваат љубов која им припаѓа на родителите и која би ја ценеле; но на оние кон кои имаат најголема наклоност, покажуваат изобилно љубов и нежност. Дали е тоа по Божја волја? Не, не. Внесете ги во семејниот круг сите блескави зраци на љубов и нежност. Вашите родители ќе ги ценат овие мали знаци на внимание кои им ги укажувате. Вашиот труд да им го олесните товарот и да го контролирате секој лош и неблагодарен збор, покажува дека не сте не-

разумно дете, дека ја цените грижата и љубовта со која ве опкружиле во годините на вашата беспомошност.[11]

Деца, потребно е мајката да ве сака, инаку би биле многу несреќни. Не е ли тогаш добро децата да ги сакаат своите родители и со ведра насмевка, пријатни зборови и радосна, срдечна соработка да ја покажат оваа љубов, помагајќи им на таткото и мајката?[12]

**Сè правете како за Исуса. –** Ако навистина сте обратени, ако
сте Исусови деца, ќе ги почитувате своите родители; вие ќе биде- 296
те подготвени да го правите не само она што тие ви го кажуваат туку и самите ќе барате можност да им помогнете. Ако го правите тоа, вие работите за Исуса. Сите овие грижливи и промислени дела, Исус ги смета како да му се направени Нему. Тогаш тоа ќе биде најважната мисионерска работа; оние кои се верни во овие
мали секојдневни должности, стекнуваат драгоцено искуство.[13] 297

---

1. Testimonies for the Church, Vol. 1, pp. 395, 396
2. Signs of the Times, July 13, 1888
3. Testimonies for the Church, Vol. 2, pp. 80, 81
4. Patriarchs and Prophets, p. 308
5. Testimonies for the Church, Vol. 3, p. 232
6. Review and Herald, Nov. 15, 1892
7. Testimonies for the Church, Vol. 1, pp. 217, 218
8. Messages to Young People, p. 331
9. Testimonies for the Church, Vol. 1, pp. 392, 393
10. Id., Vol. 1, pp. 497, 498
11. The Youth's Instructor, April 21, 1886
12. Manuscript 129, 1898
13. The Youth's Instructor, Jan. 30, 1884

*Педесет и прва глава*

# Совети за децата

**Бог во детството. –** Децата и младите треба рано да почнат да го бараат Бога затоа што првите навики и впечатоци ќе влијаат силно на животот и на карактерот. Поради тоа, младите коишто сакаат да бидат слични на Самоил, на Јован, а особено на Христа, мораат да бидат верни во најмалите нешта, оддалечувајќи се од пријателите кои смислуваат зло, кои мислат дека нивниот живот во светот треба да биде исполнет со уживање и со себично попуштање. На малите домашни должности се гледа како на нешто неважно; ако се запоставаат малите должности, ќе бидат запоставени и големите. Вие сакате да бидете вистински мажи и жени со чист, здрав и благороден карактер. Започнете го тоа во домот, прифатете ги малите должности и извршете ги темелно и совесно. Кога Господ ќе види дека сте верни во малку, Тој ќе ви довери поголеми одговорности. Внимавајте како градите и каков материјал вградувате во својата животна зграда. Карактерот, кој сега го обликувате, ќе остане и за вечноста.

Исус нека завладее со вашиот ум, со вашето срце и вашите чувства. Работете како што работел Христос, совесно извршувајќи ги домашните работи, малите дела на самооткажување и љубезност, внимателно користејќи го секој момент, вардејќи се од малите гревови и благодарејќи од срце за малите благослови за да можете да го добиете сведоштвото кое му е дадено на Јован и на Самоил, а особено на Христа: „И Исус напредуваше во премудроста и во растот и во милоста кај Бога и кај луѓето“ (Лука 2,52).[1]

298 **„Дај ми го своето срце“. –** Господ им вели на младите: „Сине мој, дај ми го своето срце“. Спасителот на светот сака децата и младите да му го предадат своето срце. Голем број деца ќе се најдат верни на Бога затоа што живеат во светлина како што Хрис-

тос е во светлина. Тие го сакаат Господа Исуса и се радуваат што можат да ја извршуваат Неговата волја. Не се лутат кога ги караат родителите; тие го веселат срцето на таткото и мајката со својата љубезност, трпение и подготвеност да направат сѐ што можат, помагајќи им да го носат бремето на секојдневниот живот. Во текот на детството и младоста ќе останат верни Господови ученици.[2]

**Секој мора да направи личен избор. – Б**дејте, и молете се и настојувајте да стекнете лично искуство во она што е Божје. Вашите родители можат да ве поучуваат и можат да настојуваат вашите нозе да ги упатат на сигурни патишта, но не можат да ви го променат срцето. Вие морате да му го предадете своето срце на Исуса и да одите во скапоцената светлина на вистината која ви ја дал Тој. Верно прифатете ги своите должности во домот и со Божја милост ќе достигнете полн раст на Христовата висина, што Тој и го очекува од вас. Фактот дека вашите родители ја почитуваат саботата и ја прифаќаат вистината нема да ви обезбеди спасение. Кога и Ное, Јов и Даниел би биле на Земјата, „вели Господ Бог, не би ги спасиле ни синовите ни ќерките; со својата праведност ќе можеа да ги спасат само своите души“ (Езекил 14,14.16).

Во детството и во младоста можете да стекнете искуство во службата за Бога. Правете го она за кое знаете дека е добро. Бидете им послушни на своите родители. Слушајте ги нивните совети зашто, ако го сакаат Бога и имаат Господов страв, врз нив ќе почива одговорноста за воспитувањето, поучувањето и подготовката на вашите души за вечниот живот. Со благодарност прифатете ја помошта која ви ја даваат и израдувајте им ги срцата со доброволна покорност на нивното мудро расудување. На тој на- *299*
чин ќе ги почитувате своите родители, ќе го прославите Бога и ќе станете благослов за сите со кои се дружите.[3]

Деца, војувајте добра војна! Запомнете дека секоја победа ви дава предност над непријателот.[4]

**Децата треба да се молат за помош. –** Децата треба да се молат за милост за да се спротивстават на искушенијата кои ќе дојдат на нив – искушенија да одат по свој пат и да ги остваруваат своите себични задоволства. Кога ќе се молат на Христа да им помогне во нивната животна служба да бидат верни, љубезни, по-

слушни и готови да ги носат своите одговорности во семејниот круг, Тој ќе ја слушне нивната едноставна молитва.[5]

Исус би сакал децата и младите да дојдат кај Него со истата доверба како што доаѓаат кај своите родители. Како што детето кога е гладно ја моли мајката или таткото за леб, така и Господ сака од Него да го побарате она што ви е потребно...

Исус ги познава детските потреби и Нему му е мило да ги слушне нивните молитви. Децата нека го отфрлат светот и сето она што ги одвојува нивните мисли од Бога; помогнете им да почувствуваат дека се сами со Бога, дека Неговиот поглед проникнува до длабочината на срцето и го чита копнежот на душата и дека можат да разговараат со Бога...

И тогаш, деца, барајте од Бога да го направи она што вие не можете да го направите за себе. Кажете му сè на Исуса, откријте му ги тајните на своето срце; Неговиот поглед ги испитува најскриените длабочини на душата и ги чита вашите мисли како отворена книга. Ако сте го барале она што е потребно за доброто на ва-
300 шата душа, верувајте дека ќе го примите и ќе го добиете.[6]

**Извршувајте ги домашните должности со радост. –** Децата и младите треба да бидат мисионери во домот, правејќи го она што некој мора да го направи и што мора да се изврши... Со верно извршување на должностите кои ви изгледаат неважни, можете да покажете вистински мисионерски дух. Ако сте подготвени да ги извршите должностите кои се наоѓаат пред вас, и ја одмените преоптоварената мајка, со тоа ќе докажете дека можат да ви се доверат поголеми одговорности. Можеби сметате дека миењето садови не е најпријатна работа, сепак, не би се откажале од предноста да јадете од јадења што ви се принесуваат во нив. Мислите ли дека за вашата мајка тоа ќе биде попријатна работа отколку за вас? Дали ќе се однесувате како дама, а работата која не ви е пријатна ќе ја оставите на својата мајка оптоварена со грижи? Треба да ги исчистите просториите, да ги истресете прекривките, да ги средите собите; ако ги запоставувате таквите работи, дали е добро да се стремите кон поголеми одговорности? Дали сте размислувале колку пати мајка ви морала да ги изврши сите овие домашни должности додека вие сте биле ослободени затоа што сте оделе на училиште или сте се забавувале?[7]

Многу деца ги извршуваат своите домашни должности како непријатни работи, додека на нивните лица јасно се оцртува нерасположение. За секоја работа приговараат и негодуваат и ништо не прават доброволно и од срце. Тоа не е Христов дух; тоа е сатански дух и ако го негувате, ќе станете слични на него. Вие ќе бидете несреќни и сите околу вас ќе ги направите несреќни. Не жалете се што имате многу работа а толку малку време за разонода, туку бидете сериозни и внимателни. Кога ќе го употребите времето за извршување на некоја корисна работа, ќе ја затворите вратата за сатанските искушенија. Вие мора да бидете слични на Исуса, а Тој не живеел угодувајќи си себеси. Оваа вистина нека стане ваше верско начело и молете се Исус да ви помогне. На- 301
сочувајќи ја силата на својот ум во овој правец, ќе се подготвите да станете носители на товарот во Божјето дело, како што сте го правеле тоа во семејниот круг. Ќе извршите позитивно влијание на другите и можеби ќе ги придобиете за Христовата служба.[8]

**Овозможете ѝ на мајката промена и одмор. –** На мајката, која сака да побара помош од своите деца, тешко ѝ е кога ќе види дека тие немаат желба за работа и дека наоѓаат секаков можен изговор само за да се ослободат од непријатната должност. Деца и млади, Христос ве набљудува; дали Тој ќе види дека воопшто не се грижите за довербата што ви ја укажал? Ако сакате да бидете полезни, ќе имате можност за тоа. Вашата прва должност е да ѝ помогнете на својата мајка, која направила толку многу за вас. Помогнете ѝ во носењето на товарот и подарете ѝ пријатни денови за одмор; во својот живот таа имала многу малку слободни денови и пријатни промени. Некогаш со право сте го присвојувале секое задоволство и разонода, но дошло време да внесете сончева светлина во домот. Прифатете ја својата должност и фатете се за работа. Со својата приврзаност овозможете ѝ на мајката одмор и задоволство.[9]

**Божја награда. –** Денеска се потребни решителни и храбри луѓе слични на Даниел. На современиот свет му се потребни чисто срце и цврста, непоколеблива и храбра рака. Бог одредил човекот постојано да напредува и секој ден да станува сè посовршен. Тој ќе ни помогне ако самите вложиме труд да си помогне-

ме себеси. Од нашиот напредок во овој свет зависи и нашата лична среќа како на оваа земја така и во светот што ќе дојде...

Драги млади, Бог ве повикува да ја извршите работата која мо-
302 жете да ја завршите со Неговата милост. „Подајте ги телата ваши во жртва жива, света и благоугодна на Бога, како ваша духовна богослужба" (Римјаните 12,1). Станете умерени во зрелоста што ви ја подарил Бог. Бидете како Даниел, чисти во склоностите, апетитот и навиките. Бог ќе ве награди со смирен дух, бистар ум, здраво размислување и зрела проникливост. Ако се доследни на цврстите и непоколебливи начела, телото, умот и душата на младите ќе бидат здрави.[10]

**Почнете уште денес да го поправате минатото. –** Младите денес одлучуваат за својата вечна судбина и ве повикувам да обрнете внимание на заповедта на која Бог ѝ додал и ветување: „За да ти се продолжат деновите на земјата, што ти ја дава твојот Господ Бог". Деца, дали копнеете за вечен живот? Ако е така, тогаш почитувајте ги и ценете ги своите родители. Не растажувајте ги и не ранувајте го нивното срце и не дозволувајте да поминуваат бессони ноќи во страв и грижа за вас. Ако сте згрешиле затоа што сте им ги скратиле љубовта и послушноста, почнете да го поправате минатото. Немојте да тргнете по некој друг пат, зашто тоа за
303 вас би значело загуба на вечниот живот.[11]

---

304 1. The Youth's Instructor, Nov. 3, 1886
2. Messages to Young People, p. 333
3. The Youth's Instructor, Aug. 17, 1893
4. Manuscript 19, 1887
5. Review and Herald, Nov. 17, 1896
6. The Youth's Instructor, July 7, 1892
7. The Youth's Instructor, March 2, 1893
8. The Youth's Instructor, Jan. 30, 1884
9. The Youth's Instructor, March 2, 1893
10. The Youth's Instructor, July 9, 1903
11. The Youth's Instructor, June 22, 1893

*Дванаесетти дел*

# НАЧЕЛА НА СЕМЕЈНИОТ ЖИВОТ

# Управување со домот

305 **Начелото според кое треба да работат родителите. –** Многумина во светот го сакаат она што само по себе е добро, но нивните мисли се преокупирани со тоа и не го бараат поголемото и повозвишено добро во животот кое Христос сака да им го даде. Меѓутоа, ние не смееме грубо да ги лишиме од она што им е пријатно. Откријте им ја убавината и скапоценоста на вистината. Учете ги да гледаат во Христа и во Неговата добрина; тогаш ќе го остават сето она што ги спречува да Го сакаат. Тоа е начело кое родителите мораат да го почитуваат во воспитувањето на своите деца. Со Христовата милост и начинот на постапување со децата можете да го обликувате нивниот карактер за вечен живот.[1]

Животната цел на татковците и мајките треба да им биде нивните деца да добијат што посовршен карактер, колку што дозволува човечкиот напор соединет со божествената помош. Со тоа што донеле деца на свет, тие ја прифатиле оваа важна и одговорна работа.[2]

**Начела потребни за управување со домот. –** Во секој христијански дом треба да постојат правила; со своите зборови и меѓусебниот однос, родителите треба да бидат жив пример за децата во она што тие треба да бидат... учете ги децата и младите да се почитуваат себеси, да му бидат верни на Бога, верни на начелата; учете ги да го почитуваат и слушаат Божјиот закон. Тогаш овие начела ќе управуваат со нивниот живот и ќе се пренесат во нив-
306 ните постапки со другите.[3]

**Следете ги библиските начела. –** Не запоставувајте ги начелата кои се основа за управување со семејството. Господ одредил семејствата на Земјата да бидат претслика на небесното семејство.

Кога со земното семејство се управува во согласност со начелата, истото посветување со Духот ќе биде внесено и во црквата.[4]

Самите родители треба да бидат обратени и од искуство да знаат што значи да се покориш на Божјата волја како мало дете, водејќи ги сите свои мисли во покорност на волјата на Исуса Христа, а сето тоа точно ќе го покаже управувањето за кое Бог рекол дека треба да постои во семејството.[5]

Сам Бог ги воспоставил семејните односи. Неговата реч е единствениот сигурен водич во постапувањето со децата. Човечката мудрост не открила повеќе од она што Бог го знае, ниту создала подобар план за постапување со децата од оној што ни го дал нашиот Господ. Кој може подобро да ги сфати сите детски потреби од Создателот? Кој може подобро да се застапува за нивното добро од Оној кој ги откупил со својата крв? Кога Божјата реч би се проучувала повнимателно и би се извршувала подоследно, би имало помалку душевни страдања поради расипаното однесување на лошите деца.[6]

**Почитувајте ги детските права. –** Не заборавајте дека децата имаат права кои мораат да се почитуваат.[7]

Децата имаат барања кои нивните родители мораат да ги признаат и да ги почитуваат. Тие имаат право да добијат образование и воспитание кое ќе ги оспособи да бидат корисни, почитувани и сакани членови на современото човечко општество, а во исто време да ги направи и морално подготвени за идното општество на чистите и свети суштества. Младите треба да се поучуват дека нивното сегашно и идно добро во голема мера зависи од навиките што ги стекнуваат во детството и младоста. Тие уште од најрани денови треба да се навикнат на покорност, самооткажување и почитување на среќата на другите. Треба да на- 307
учат како да ја контролираат својата избувливост, да се воздржат од непристојно однесување, да покажат непоколеблива љубезност, учтивост и владеење со себеси.[8]

**Упатено до заслепениот родител. –** Постојано те следи слепа чувствителност и евтино покажување на љубовта. Лесно е да прегрнеш; но воздржи се од вакви постапки ако не се поткрепени со вредноста на совршената послушност.

Твоето попуштање и твоето непочитување на Божјите барања се вистинска грубост. Ти самиот ја поддржуваш и ја оправдуваш непослушноста, велејќи: „Мојот син ме сака“. Таквата љубов е евтина и лажна. Тоа воопшто и не е љубов. Љубовта, вистинската љубов, која треба да се негува во семејството, има своја вредност кога е потврдена со послушност...

Ако ги сакаш душите на своите деца, стави ги во ред. Многу бакнежи и изрази на љубов заслепуваат, а твоите деца го знаат тоа. Не обрнувај толкаво внимание на овие надворешни знаци на нежност и подлабоко проникни во нив, па ќе можеш да покажеш што е вистинска детска љубов. Отфрли ги овие знаци на нежност како израз на итрина и измама, ако не се потврдени со послушност и со почитување на твоите налози.[9]

**Чувајте се од слепата љубов и претераната строгост. –** Додека од една страна не смееме да ѝ попуштаме на слепата љубов, од друга страна не треба да покажеме претерана строгост. Децата не можеме сосила да ги доведеме кај Господа. Нив можеме да ги водиме, а не да ги принудуваме. „Моите овци го слушаат Мојот глас, и Јас ги познавам нив и тие одат по Мене“, вели Христос. Тој не рекол: Моите овци го слушаат Мојот глас и Јас ги туркам по патот на послушноста. Во водењето на децата треба да се покаже
308 љубов. Со грубост или со неразумни барања, родителите никогаш не смеат да им нанесат болка на своите деца. Грубоста ги турка душите во сатанската мрежа.[10]

Усогласеното влијание на авторитетот и љубовта ќе ви овозможи цврсто, но и нежно да ги држите уздите на семејното управување. Кога ја имаме предвид Божјата слава и она што нашите деца Му го должат, ќе се зачуваме од опуштеност и попуштање во злото.[11]

**Грубоста не донесува послушност. –** Никој нека не мисли... дека грубоста и строгоста ќе обезбедат послушност. Познавам успешно семејство во кое редот не се одржува со груби зборови и погледи. Познавам и други семејства во кои постојано со заповеднички тон се издаваат наредби и често се делат остри укори и строги казни. Во првиот случај, децата ги следеа родителите и ретко со груб тон се обраќаа еден кон друг. Во другиот случај, децата исто

така го следеа примерот на родителите, па од утро до вечер можеа да се слушнат остри зборови, осудување и расправии.[12]

Не употребувајте зборови кои заплашуваат, кои создаваат страв и ја отстрануваат љубовта од срцето. Мудар, нежен и побожен татко нема во домот да внесува ропски страв, туку топла љубов. Ако пиеме од водата на животот, ќе станеме извор на слатка, а не на горчлива вода.[13]

Острите зборови ја расипуваат природата и ги рануваат детските срца, а во некои случаи овие рани тешко зараснуваат. Децата се чувствителни и на најмалата неправда и поради неа стануваат обесхрабрени; тие нема да обрнуваат внимание на гласната и гневна заповед, ниту ќе се грижат поради заканите дека ќе бидат казнети.[14]

Во опасност сме престрого да ги оценуваме ситниците. Престрогото оценување и грубите правила водат кон непочитување 309
на сите прописи; и малку по малку, така воспитаните деца ќе покажат исто такво непочитување и кон Христовите закони.[15]

**Кажи го смирено она што мислиш дека е добро.** – Децата имаат чувствителна, нежна природа. Нив лесно може да ги задоволиш, но и лесно може да ги направиш несреќни. Со нежни совети, проследени со љубезни зборови и постапки, мајките можат да ги врзат своите деца за своите срца. Голема грешка е да им се поставуваат строги барања на децата. Редот во секое семејство може да се изгради со постојаност и ненаметлива контрола. Кажи го смирено она што мислиш дека е добро, разумно постапувај и тоа што си го рекол примени го без отстапки.

Љубовта што ја покажувате во дружењето со своите деца има голема вредност. Немојте да ги оттурнете со недостиг од сочувство кон нивните детски игри, радости и таги. Никогаш не дозволувајте си да бидете намуртени или да излезе груб збор од вашата уста. Бог ги запишува сите овие зборови во своите книги.[16]

**Само опоменување не е доволно.** – Драги браќа, вие како црква жалосно сте ја запоставиле својата должност кон децата и младите. Кога им поставувате ограничувања и правила, морате да бидете подготвени во својот карактер да ја покажете Христовата, а не сатанската страна. На децата им е потребна постојана грижа

и нежна љубов. Врзете ги за своето срце и во нивните очи постојано издигнувајте ја Божјата љубов и Неговиот страв. Татковците и мајките не владеат со себеси и затоа не се подготвени да ги водат другите. Ограничувањата и опомените не се сѐ што можете да направите за своите деца. Уште ви е потребно да научите како да постапувате правилно, да пројавувате милост и да одите понизно пред Бога.[17]

**Совет за мајката на своеволно дете. –** Твоето дете не ти припаѓа тебе; со него не можеш да постапуваш како што сакаш
310 бидејќи тоа е Господова своина. Постојано грижи се за него; покажи му дека припаѓа на Бога. Ако така го воспитуваш, тоа ќе стане благослов за својата околина. Тебе ти е потребно остроумно размислување за да можеш да ја отстраниш неговата склоност да владее над вас двајца, да постапува како што сака и да прави што сака.[18]

**Урамнотежено и умерено управување. –** Видов дека многу семејства се упропастени од престрогиот начин на управување, иако сѐ можело да се усогласи со договор и разбирање.[19]

Несигурноста во управувањето со семејството нанесува голема штета, затоа што е речиси подеднакво неполезно како и безвластието. Често се поставува прашањето: Зошто децата на побожните родители се толку често тврдоглави, инаетчии и гневни? Причината за тоа е семејното воспитание. Многу често родителите не се единствени во управувањето со своето семејство.[20]

Непостојаното управување – кое за одредено време ги држи цврсто уздите, а потоа го дозволува она што претходно го осудувало – тоа е пропаст за детето.[21]

**Ист закон и за родителите и за децата. –** Бог е нашиот Законодавец и Цар и родителите треба да ја признаат Неговата власт. Оваа власт не дозволува никакво угнетување ниту детска непослушност. Господ е полн со љубов, милост и вистина. Неговиот закон е свет, праведен и добар, родителите и децата мораат да го почитуваат. Правилата кои треба да управуваат со животот на родителите и децата извираат од срцето на бесконечната љубов и Божјите обилни благослови ќе почиваат врз оние родители кои го применуваат Неговиот закон во својот дом и врз децата кои

се послушни на тој закон. Треба да се чувствува заедничкото 311
влијание на милоста и правдата. „Милоста и вистината ќе се срет-
нат, а правдата и мирот ќе се целиваат“ (Псалм 85,10). Семејства-
та кои имаат вакво управување ќе одат по Господовиот пат, тво-
рејќи правда и суд.[22] 312

---

1. Manuscript 4, 1893
2. Fundamentals of Christian Education, p. 67
3. Letter 74, 1896
4. Manuscript 80, 1898
5. Review and Herald, Mar. 13, 1894
6. Signs of the Times, Nov. 24, 1881
7. Letter 47a, 1902
8. Fundamentals of Christian Education, p. 67
9. Letter 52, 1886
10. Review and Herald, Jan. 29, 1901
11. Manuscript 24, 1887
12. Signs of the Times, Mar. 11, 1886
13. Letter 8a, 1896
14. Testimonies for the Church, Vol. 3, p. 532
15. Manuscript 7, 1899
16. Testimonies for the Church, Vol. 3, p. 532
17. Id., Vol. 4, p. 621
18. Letter 69, 1896
19. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 127
20. Signs of the Times, Feb. 9, 1882
21. Letter 69, 1896
22. Manuscript 133, 1898

*Педесет и трета глава*

# Обединети напори

**Поделба на одговорностите. –** Обединети и со молитва, таткото и мајката кои се молат заедно треба да носат тешки одлуки поради одговорноста во водењето на своите деца по правиот пат.[1]

Родителите треба да работат во совршено единство. Поделби не смее да има. Меѓутоа, многу родители не се усогласени, а тоа ги расипува децата... Понекогаш се случува или мајката или таткото да се или премногу попустливи или премногу строги. Оваа неусогласеност не дава добри резултати во обликувањето на карактерот на нивните деца. Во спроведувањето на реформите не треба да се прибегнува кон употреба на груба сила, но во исто време не смее да се попушти. Мајката не смее да ги заслепи очите на таткото за детските грешки, ниту да ги поттикнува да го прават она што го забранил таткото. Мајката не смее да посее никакво семе на сомнеж во разумното татково управување. Со своите постапки таа не смее да ја осудува татковата работа.[2]

Ако таткото и мајката не се сложни и со своето однесување едниот го руши авторитетот и го намалува влијанието на другиот, семејството ќе биде обесхрабрено, а на родителите нема да им биде укажано почитување ниту доверба, која е толку значајна за добро управување со семејството... Децата брзо го воочуваат сето она што фрла сенка врз правилата и прописите во домот, особе-
313 но оние прописи кои ги ограничуваат нивните постапки.[3]

Таткото и мајката мораат да бидат единствени во воспитувањето на своите деца; секој треба да го носи својот дел од одговорноста, двајцата признавајќи дека свечено се обврзале пред Бога дека своите деца ќе ги воспитуваат, колку што е можно, на начин кој ќе им обезбеди добро физичко здравје и правилно развиен карактер.[4]

**Лоши поуки. –** Некои заслепени мајки во животот на своите деца го трпат она што не би требало да го трпат ниту еден момент. Понекогаш ги кријат грешките на децата од таткото. Тие дозволуваат децата да носат облека или да прават нешто друго, под услов таткото за тоа ништо да не дознае бидејќи тој би реагирал на тоа.

На овој начин децата се учат да лажат. Ако таткото ги открие овие грешки, мајката бара изговори и не ја кажува целата вистина. Мајката не е искрена. Таа заборава дека и таткото се грижи за своите деца исто колку неа, и не би требало да му останат непознати нивните грешки и склоности кои би требало да се искоренат додека се сè уште мали. Настаните се премолчуваат. Децата знаат за несогласувањата на своите родители и тоа остава последици кај нив. Децата почнуваат да лажат, да кријат, изнесувајќи факти кои се спротивни на сознанијата на нивните мајки и татковци. Тие се навикнуваат да претеруваат и буквално да лажат, а притоа совеста да не ги вознемирува многу.

Ова зло започнало оној ден кога мајката почнала да ја крие вистинската состојба пред таткото, кој има еднаков удел во обликувањето на карактерот на своите деца. Со таткото требало отворено да се разговара и тој да биде известен за сè. Спротивниот став, криењето на детските грешки, ги охрабрува во нивната склоност да мамат, да бидат лицемерни и нечесни.[5] 314

Видов дека родителите-христијани секогаш треба да се држат до одреден принцип – да бидат сложни во водењето на своите деца. Некои родители грешат во тоа, зашто не се единствени. Понекогаш за тоа е виновен таткото, но почесто е виновна мајката. Заслепената мајка ги гали своите деца и им дозволува да прават што сакаат. Таткото поради работата често е отсутен од дома и од друштвото на своите деца. Затоа влијанието и примерот на мајката е од пресудно значење за градењето на детскиот карактер.[6]

**Родителското несогласување ги збунува децата. –** Семејната заедница мора да биде добро организирана. Таткото и мајката мораат заедно да ги проучуваат своите одговорности и свесно да прифатат одредена задача. Не смее да има несогласување. Татко-

то и мајката никогаш не треба да ги критикуваат плановите и ставовите еден на друг во присуство на своите деца.

Ако мајката нема искуство во познавањето на Бога, таа треба да размисли дали нејзината постапка кон децата ќе ги зголеми татковите тешкотии додека работи на нивното спасение. Дали се држам за Господовиот пат? Тоа мора да биде најважното прашање.[7]

Ако родителите во нешто не се согласуваат, нека се повлечат од своите деца додека не се усогласат.[8]

Често родителите не се согласуваат во водењето на своето семејство. Таткото, кој е многу малку со своите деца и ништо не знае за нивните склоности и за нивниот темперамент, е груб и строг. Тој не управува со својата природа, туку ги казнува во лутина. Детето го знае тоа и наместо да се покори, казната го испол-
*315* нува со гнев. Мајката пропушта да го казни детето за прекршокот, а подоцна за истиот прекршок строго го казнува. Децата никогаш не знаат што ги чека и доаѓаат во искушение да дознаат до каде можат да одат во своите постапки а да не бидат казнети. Така е посеано семето на злото кое расте и донесува род.[9]

Ако родителите се единствени во овој дел на воспитувањето, детето ќе знае што се очекува од него. Меѓутоа, ако таткото, со збор или со поглед, покажува дека не ги одобрува мајчините воспитни постапки, ако смета дека таа е премногу строга и се обидува да ја замени нејзината строгост со нежност и попуштање, ќе го упропасти детето. Детето набрзо ќе сфати дека може да прави сѐ што му се допаѓа. Родителите кои го прават овој грев во односот спрема своите деца, ќе бидат виновни за пропаѓањето на нивните души. [10]

Ангелите со најголемо внимание го набљудуваат секое семејство за да видат како родителите, старателите и пријателите постапуваат со децата. Во семејството, во кое нема слога меѓу родителите, тие се сведоци на лошо управување. Бојата на таткoвиот и мајчиниот глас, нивните погледи, нивните зборови – сето тоа покажува дека тие не се сплотени во водењето на своите деца. Таткото ја укорува мајката и ги наведува децата да не ја почитуваат мајчината нежност и љубов. Мајката мисли дека е должна да покаже повеќе љубов спрема децата, да им удоволува и попушта,

затоа што смета дека таткото е груб и нетрпелив, а дека таа мора да го осуети влијанието на неговата строгост.[11]

**Молитва и трезвено размислување. –** Љубовта не може долго да трае, дури ни во семејниот круг ако домаќините не се покорат на Божјата волја. Сите способности и чувства мораат да се усогласат со особините на Исус Христос. Ако таткото и мајката во Божји 316
страв ги соединат своите желби за да го воспостават авторитетот во домот, ќе почувствуваат дека им се потребни многу молитви и трезвено размислување. И кога ќе го бараат Бога, нивните очи ќе се отворат за да ги видат небесните весници кои им дошле на помош како одговор на молитвата искажана со вера. Тие ќе ги совладаат слабите страни на својот карактер и ќе тргнат кон совршенство.[12]

**Срцата поврзани со златните нишки на љубовта. –** Татко и мајко, поврзете ги своите срца со најтесна, најсреќна заедница. Не живејте секој за себе, туку зближете се еден со друг; тогаш ќе бидете подготвени со златните нишки на љубовта да ги врзете за себе срцата на своите деца.[13]

Продолжете да сеете во сегашноста и за вечноста. Целото небо ги набљудува напорите на родителите христијани.[14] 317

---

1. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 127
2. Review and Herald, March 30, 1897
3. Review and Herald, March 13, 1894
4. Pacific Health Journal, April, 1890
5. Testimonies for the Church, Vol. 1, pp. 156, 157
6. Id., p. 156
7. Manuscript 79, 1901
8. Review and Herald, March 30, 1897
9. Signs of the Times, March 11, 1886
10. Review and Herald, June 27, 1899
11. Review and Herald, March 13, 1894
12. Manuscript 36, 1899
13. Review and Herald, Sept. 15, 1891
14. Review and Herald, Sept. 15, 1891

*Педесет и четврта глава*

# Религијата во семејството

**Дефиниција за семејната религија. –** Религијата во семејството се состои во подигање на децата во Господовата наука и богобојазливост. Секој член на семејството треба да биде воспитан со Христовите поуки, секоја душа треба будно да внимава сатаната да не го излаже и оттргне од Христа. Ова е целта која треба да ја постигне секое семејство и во тоа не смеат да потклекнат ниту да се обесхрабрат. Кога родителите се грижливи и внимателни во давањето упатства и настојуваат своите деца да ги воспитаат во Божја слава, тие соработуваат со Бога, а Бог соработува со нив во спасување на душите на децата за кои умрел Христос.[1]

Верското воспитување подразбира многу повеќе отколку обичното образование. Тоа значи да се молите со своите деца, учејќи ги како да се приближат кон Христа и да му ги кажат сите свои потреби. Тоа значи дека во својот живот морате да покажете дека Исус ви е сѐ, дека Неговата љубов ве прави трпеливи, љубезни, кротки, а сепак решителни во тоа да им заповедате на своите деца, како што правел Аврам.[2]

Вашето однесување во домот се бележи во небесните книги. Оној кој сака да биде свето суштество на небото, мора да стане свето суштество во своето семејство. Ако татковците и мајките се вистински христијани во своето семејство, тие ќе бидат корисни верници во црквата и ќе бидат во состојба да ги водат работите во црквата и во општеството онака како што ги водат во своето семејство. Родители, не дозволувајте вашата вера да биде
318 празно исповедање, туку жива реалност.[3]

**Религијата треба да биде дел од домашното воспитание. –** Религијата во домот е многу запоставена. Мажите и жените покажу-

ваат голем интерес за странските мисии. Тие се жртвуваат за нив и така се обидуваат да ја смират својата совест, мислејќи дека со жртвувањето за Божјето дело ќе се искупат за својата незаинтересираност да бидат вистински пример во својот дом. Но, домот е нивното мисионерско поле на работа и Бог не прима никаков изговор за негово запоставување.[4]

Кога религијата се практикува, таа ќе донесе голем благослов. Религијата ќе ги води родителите во домот да го извршат токму она дело што Бог го одредил. Децата ќе бидат воспитани во Господовата наука и да имаат стравопочит кон Него.[5]

Причината што современите момчиња и девојки не покажуваат поголема склоност кон религијата се наоѓа во нивното нецелосно воспитување. Ако дозволиме попуштање на телесните желби или не ја казнуваме непослушноста на нашите заповеди, тогаш не покажуваме вистинска љубов кон децата. Дрвото се витка додека е младо.[6]

Ако очекуваме религијата да влијае на општеството, таа прво мора да изврши влијание во семејството. Кога децата би биле воспитувани во домот да го сакаат Бога и да имаат Божји страв, излегувајќи во светот, тие би биле подготвени да ги воспитуваат своите семејства за Бога. На тој начин принципите на вистината ќе се всадат во општеството и ќе имаат големо влијание на светот. Религијата не треба да се одвојува од домашното воспитување.[7]

**Религијата во домот ѝ претходи на религијата во црквата. –** Темелот на напредокот на црквата се поставува во домот. Влијанијата кои се покажуваат во семејниот живот се пренесуваат и на црковниот живот; поради тоа најпрво во домот треба да се почне со извршување на црковните должности.[8] *319*

Каква вера развиваме во домот, таква ќе имаме и во црквата. Направете го домот тврдина. Посветете го своето семејство на Бога и тогаш зборувајте и постапувајте во домот како христијани. Бидете љубезни, трпеливи и кротки, свесни дека сте учители. Секоја мајка е учител, но таа треба да биде и ученик во Христовото училиште за да знае како да поучува и да им помогне на децата да обликуваат вистински карактер.[9]

Таму каде што се чувствува недостаток од религија во домот, исповедањето на верата нема вредност... Многумина се лажат ми-

слејќи дека карактерот ќе се преобрази при Христовото доаѓање, но кога Тој ќе дојде, срцето нема да се обрати. Тука мораме да ги исправиме недостатоците на својот карактер и додека трае времето на проба, мораме да ги совладаме со Христова милост. Тука е местото на кое се оспособуваме за небесното семејство.[10]

Неопходно е во домот да негуваме вистинска побожност и нашите зборови да бидат исправни, инаку нашето сведоштво во црквата нема да има никаква вредност. Вашата религија ќе биде напразна ако во домот не покажете благост, љубезност и учтивост. Кога во домот би имало повеќе искрена побожност, во црквата би имало поголема сила.[11]

**Верското воспитание е неопходно. –** Најболно нешто е децата да се препуштат да растат без познавање за Бога.[12]

Родителите прават најстрашна грешка кога го запоставуваат верското воспитание на своите деца, сметајќи дека во иднина ќе им биде добро и дека, кога ќе пораснат, сами ќе се стремат кон верско искуство. Зар не гледате дека сатаната ќе ја посее нивата на срцето со какол ако вие не го посеете скапоцениот семе на вис-
320 тината, љубовта и небесните вредности?[13]

Често на децата им се дозволува да раснат без верско воспитание, поради тоа што родителите мислат дека тие се премногу млади за да можат да ги прифатат христијанските обврски...[14]

Додека се сè уште во семејството, на децата без двоумење треба да им се помогне да го изградат својот однос кон верата.[14]

Родителите пред своите деца се поставени наместо Бога за да им откријат што смеат а што не смеат да прават. Тоа треба да го направат решително и со целосно совладување. Секој напор од нивна страна, направен љубезно и трпеливо, ќе го обликува карактерот на нивните деца со особини на постојаност и решителност... Татковците и мајките се должни во вистинско време да го решат ова прашање, така што детето нема да ја погазува саботата, да ги запоставува богослуженијата и семејната молитва, како што нема ни да помисли да краде. Родителските раце се должни да кренат ограда.[15]

Мудрото Христово воспитание треба да започне уште од најраните години. Децата треба да се упатуваат на вечните вредности додека срцата им се способни да примаат впечатоци; родите-

лите треба да знаат дека живеат, зборуваат и дејствуваат пред очите на живиот Бог.[16]

Родители, во кој правец одите? Дали постапувате во согласност со мислата дека вашите деца треба да бидат ослободени од секакви верски насочувања? Дали ги оставате без совети и опомени во годините на детството и младоста? Дали им дозволувате да го прават тоа што го сакаат? Ако е така, тогаш ја запоставувате одговорноста што ви ја доверил Бог.[17]

**Приспособете ги упатствата според возраста на детето. –** Ро-
дителите треба да почнат да зборуваат за Исус за да можат деца-
та да се напојуваат со скапоцената вистина за бебето од Витлеем
штом ќе можат да го сфатат тоа. Во детскиот ум развијте скло-
ност кон едноставната побожност, која одговара на нивните го-
дини и способности. Во молитва донесете ги своите деца кај Ису- 321
са, затоа што Тој им дал способност да ја сфатат верата исто она-
ка како што им овозможил да ги составуваат првите зборови.[18]

Додека се многу млади, децата се многу чувствителни кон божествените влијанија. За таквите деца Господ води особена грижа; воспитани во Господовата наука, тие се помош а не пречка на своите родители.[19]

**Заеднички негувајте ја верата во домот. –** Таткото и мајката се одговорни за одржување на верата во домот.[20]

Мајката не треба да се оптоварува со големи грижи и поради тоа да не ѝ остане време за духовните потреби на нејзиното семејство. Родителите треба да бараат помош од Бога за својата работа. На колена пред Него, тие најдобро ќе ги сфатат своите големи одговорности и тука своите деца можат да ги предадат на Оној кој никогаш не греши во советите и упатствата...

Таткото во семејството не смее да ја препушти сета грижа на мајката околу духовното воспитување. На татковците и мајките им е доверена голема работа, секој од нив треба да го исполни својот дел во подготовката на децата за испитот на големиот суд.[21]

Родители, воведете ги децата во својот верски живот. Прегрнете ги со рацете на својата вера и посветете ги на Христа. Не дозволувајте ништо да ве одврати од вашата обврска правилно да ги воспитате. Не дозволувајте никаква земна работа да ве наведе да

ги заборавите. Никогаш не дозволувајте вашиот христијански живот да ги одвои од вас. Пријдете заедно со нив пред Господа; запознајте ги со божествената вистина. Помогнете им да се дружат со оние кои го сакаат Бога. Доведете ги меѓу Божјиот народ
322 како деца на кои сакате да им помогнете да го изградат карактерот за вечноста.[22]

Религијата во домот – што сѐ таа може да постигне? Таа ќе го изврши делото кое Бог сака да го изврши во секое семејство. Децата ќе бидат воспитани во Господовата наука и богобојазливост. Нивното воспитување ќе им помогне да станат членови на Господовото семејство. [23]

**Децата и родителскиот пример. –** Сѐ остава трага во умот на младите. Тие внимателно го набљудуваат изгледот на лицето, го наслушнуваат гласот и буквално го имитираат однесувањето на возрасните. Раздразливите и лоши татковци и мајки им даваат поуки на своите деца кои подоцна, кога би можеле, со задоволство би ги поништиле. Во животот на своите родители децата мораат да ја видат доследноста, која е во согласност со нивната вера. Со доследен живот и самосовладување, родителите можат да го обликуваат карактерот на своите деца.[24]

**Бог го цени побожното семејство. –** Татковците и мајките во чиј дом Бог е на прво место, кои ги учат своите деца дека стравот Господов е почеток на мудроста, го прославуваат Бога пред ангелите и пред луѓето, прикажувајќи му го на светот добро изграденото, дисциплинирано семејство, семејство кое го сака и го слуша Бога наместо да се бунтува против Него. Христос не е странец во нивните домови; Неговото име им е блиско, почитувано и прославувано. Ангелите се радуваат во домот во кој владее Бог и во кој децата се учат да ја почитуваат верата, Библијата и својот Создател. Таквите семејства можат да се потпрат на ветувањето:
323 „Ќе ги почитувам оние кои Мене ме почитуваат“.[25]

**Како Христос влегува во домот**. – Кога е во срцето, Христос влегува во семејството. Таткото и мајката чувствуваат потреба да живеат со послушност кон Светиот Дух, така што небесните ангели, кои им служат на наследниците на спасението, би им послужиле и ним како учители во домот учејќи ги и одгледувајќи ги

за делото на поучување на своите деца. Така, во домот е лесно да имаш мала црква која го почитува и прославува Откупителот.[26]

**Направете ја побожноста привлечна. –** Направете го христијанскиот живот привлечен. Зборувате за Земјата која ќе стане дом на Христовите следбеници. Кога ќе го направите тоа, Бог ќе ги води вашите деца во секоја вистина, исполнувајќи ги со желба да се подготват за становите кои Христос отишол да ги подготви за оние кои Го сакаат.[27]

Родителите не смеат да ги учат своите деца на формална побожност; тие мораат вечните начела да ги направат привлечни за нив.[28]

Со својата ведрина, со својата христијанска љубезност и со својата нежна сочувствителност, родителите треба да ја направат привлечна Христовата вера; тие мораат да бидат решителни во барањата децата да покажат почитување и послушност. Во детскиот ум мораат да се втемелат исправни начела.[29]

Ние треба да ги поттикнеме младите да живеат правилен живот. За ова не е доволно злато и сребро. Да им ја откриеме Христовата љубов, милост и добрина, скапоценоста на Неговите зборови и радоста на победникот. Трудејќи се да ја извршите оваа работа, вие ќе остварите дело кое ќе трае вечно.[30]

**Зошто некои родители немаат успех. –** Иако тврдат дека се религиозни, некои родители пред своите деца не го истакнуваат фактот дека на Бога треба да Му се служи и да се слуша и дека удобноста, задоволството и склоностите немаат никакво влија- 324
ние на Неговите барања. „Почеток на мудроста е стравот Господов“ (Мудри изреки 1,7). Оваа вистина мора да се вткае во самиот живот и карактер. Правилното сфаќање за Бога, кое се стекнува со познавање на Исуса Христа, кој умрел за ние да бидеме спасени, треба да биде втиснато во нивниот ум.[31]

Можеби вие, родители, мислите дека немате време сето тоа да го постигнете. Меѓутоа, морате да најдете време да ја извршите својата работа во семејството, инаку сатаната ќе се потруди да ја пополни празнината. Од својот живот отстранете сè што би можело да го спречи извршувањето на таа работа, а своите деца воспитувајте ги онака како што сака Тој. Запоставете го сето она што

е минливо, живејте скромно, ограничете ги своите барања, но заради Христа немојте да го запоставите верското воспитување на своите деца, но и на вас самите.[32]

**Секој член на семејството треба да биде посветен на Бога. –** Упатствата што ги дал Мојсеј во врска со Пасха се полни со значење и можат да се применат на родителите и децата во ова наше време...

Таткото требало да постапува како свештеник во домот, а ако него го нема, најстариот жив син би требало да го изврши свечениот чин на прскање на надвратникот со крв. Тоа е симболично дело кое треба да се изврши во секое семејство. Родителите треба да ги соберат своите деца во домот и да им го претстават Христа како нивна Пасха. Таткото треба да го посвети секој член во својот дом на Бога и така да го изврши делото прикажано со пасхалната свеченост. Опасно е кога ова свечена должност се препушта во туѓи раце.[33]

Родителите-христијани нека одлучат да останат верни на Бо-
325 га и нека ги соберат своите деца во домот, а надвратниците да ги
попрскаат со крв која го прикажува Христа како Оној кој единствено може да ги заштити и спаси, така што ангелот-одмаздник ќе мине покрај скапоцениот домашен круг. Светот треба да види дека во нашиот дом дејствуваат повозвишени влијанија. Родителите треба да одржуваат жива врска со Бога, стоејќи секогаш на Христовата страна, покажувајќи ја Неговата милост како го-
326 лемо добро кое родителите можат да го остварат.[34]

---

1. Manuscript 24b, 1894
2. Letter 8a, 1896
3. Manuscript 53, Undated
4. Signs of the Times, Aug. 23, 1899
5. Review and Herald, March 13, 1894
6. Testimonies for the Church, Vol. 2, p. 701
7. Signs of the Times, April 8, 1886
8. Signs of the Times, Sept. 1, 1898
9. Manuscript 70, Undated
10. Signs of the Times, Nov. 14, 1892
11. Messages to Young People, p. 327

12. Signs of the Times, April 23, 1894
13. Signs of the Times, Aug. 6, 1912
14. Review and Herald, April 13, 1897
15. Manuscript 119, 1899
16. Review and Herald, March 13, 1894
17. Review and Herald, March 13, 1894
18. Signs of the Times, Aug. 27, 1912
19. Signs of the Times, April 23, 1912
20. Manuscript 47, 1908
21. Letter 90, 1911
22. Signs of the Times, April 23, 1912
23. Manuscript 7, 1899
24. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 621
25. Id., Vol. 5, p. 424
26. Manuscript 102, 1901
27. Review and Herald, Jan. 29, 1091
28. Signs of the Times, Aug. 27, 1912
29. Review and Herald, June 27, 1899
30. Manuscript 93, 1909
31. Review and Herald, June 24, 1890
32. Manuscript 12, 1898
33. Review and Herald, May 21, 1895
34. Review and Herald, Feb. 19, 1895

*Педесет и петта глава*

# Морални начела

**Сатаната настојува да го изопачи бракот. –** Сатаната отсекогаш настојувал (уште во времето пред потопот) да ја изопачи установата на бракот, да ги ослаби нејзините обврски и да ја намали нејзината светост, зашто немал посигурен начин кај луѓето да го избрише Божјиот лик и да ја отвори вратата на бедата и порокот.[1]

На сатаната му е добро познат материјалот на кој ќе наиде во човечкото срце. Тој знае – затоа што со демонска ревност илјадници години ги проучувал слабите точки на човековиот карактер и најлесно напаѓа таму каде што се најкршливи; во минатото настојувал да ги сруши и најцврстите луѓе, кнезовите во Израел, со истото искушение кое било толку успешно кај Велфегор. Покрај патот по кој поминале вековите можеме да наидеме на остатоци на карактери, кои се насукале на карпата на сетилното попуштање.[2]

**Несреќа во Израел. –** Развратот бил зло кое на Израел му го донел Божјиот суд. Настојувањето на жените да ги фатат душите во стапица не изгаснало кај Велфегор. Ова зло се повторило повеќепати и покрај казната која ги снашла грешниците во Израел. Сатаната неуморно работел да го уништи Израел.[3]

Развратното однесување на Евреите го извршило она што не можеле да го направат сите војни и магиите на Валаам. Тие се одвоиле од својот Бог. Исчезнала нивната заштита и сигурност. Така сега изгледало дека Бог станал нивни непријател. Бог бил гне-
327 вен на целиот народ, затоа што многу кнезови и луѓе од народот биле виновни за неморалот и тоа станало национален грев.[4]

**Историјата се повторува. –** Пред самиот крај на историјата на оваа Земја сатаната ќе работи со сите свои сили, на истиот начин

и со истите искушенија со кои го искушувал стариот Израел, непосредно пред неговото влегување во Ветената земја. Тој ќе им постави стапици на оние кои тврдат дека ги држат Божјите заповеди и кои речиси се на граница на небесниот Ханаан. Тој ќе се послужи со сета своја сила за да ги фати душите и да го нападне Божјиот избран народ на неговите најслаби точки. Оние кои не ги покориле своите страсти на разумот, оние кои дозволиле со своите мисли да се препуштат на телесните страсти, сатаната наумил да ги уништи со своите искушенија – да ги извалка со разврат нивните души. Нему не му се важни ниските и помалку вредни цели, но затоа тој настојува да собере некои луѓе преку кои ќе ги мами другите да си земат слобода да го прават она што го осудува Божјиот закон. Луѓето кои заземаат одговорни положби, кои зборуваат за барањата на Божјиот закон, чиишто усни се полни со докази за одбрана на Божјиот закон, против кои сатаната извршил таков напад – кон таквите тој ги насочува своите пеколни сили и своите орудија. Тој ги руши напаѓајќи ги најслабите точки на нивниот карактер, знаејќи дека оној кој ќе погреши во едно, ќе биде виновен за сè и така стекнува целосна власт врз човекот. Во овој случај пропаѓаат умот, душата, телото и совеста. Колку е голема победата на сатаната ако таквиот човек бил весник на правдата и имал голема светлина или Господ го употребил како посебен работник во делото на вистината! Колку се радува тој на тоа! Како е осрамотен Бог![5] 328

**Неморалот преовладува во светот. –** Покажана ми е страшна слика на состојбата во светот. Неморалот преовладува насекаде. Развратот е грев на нашето време. Порокот никогаш толку дрско не ја кревал својата безобѕирна глава. Луѓето како да отапеле, а оние кои ги почитуваат вредностите и вистинската добрина речиси се обесхрабрени од слободата, силата и моќта на пороците. Порочноста која владее со светот не зафаќа само еден круг луѓе. За жал, многу мажи и жени кои ја исповедаат Христовата вера се виновни за овој грев. Па дури и некои кои тврдат дека го чекаат Неговото доаѓање не се поподготвени од самиот сатана. Тие не се очистуваат од секоја нечистотија. Тие толку долго ѝ служеле на својата страст што е сосем нормално што нивните мисли се нечисти, а фантазијата расипана. Нивните мисли не можат да се за-

нимаваат со она што е чисто и свето, како што е невозможно да се сврти текот на Нијагара и нејзината вода да тече нагоре... Секој христијанин мора да научи како да владее со своите страсти и како да го прифати влијанието на начелата. Ако не го направи тоа, не е достоен за името христијанин.[6]

Лажниот љубовен сентиментализам зел замав во светот. На оженетите луѓе им ласка вниманието на мажени жени и на немажени девојки; жените како да се маѓепсани; го губат разумот, духовното размислување и здравото расудување. Тие го прават токму она што Божјата реч го осудува, она што го осудуваат сведоштвата на Божјиот Дух. Пред нив се јасни опомените и укорите, но сепак одат по истиот пат по кој оделе другите пред нив. Тоа е како игра која занесува. Сатаната ги води во пропаст, ги наведува да го загрозат Божјето дело, повторно да го распнат и да го сра-
329 мотат Божјиот Син.[7]

Незнаењето, телесното уживање и грешните навики кои ја расипуваат душата, телото и духот го полнат светот со морална чума; смртоносна морална маларија уништува илјадници и десетици илјади. Што да направиме за да ја спасиме својата младина? Ние малку можеме да направиме, но Бог е жив и владее и Тој може многу да направи.[8]

**Божјиот народ наспроти светот. –** Слободата, која се зема во ова време во кое преовладува злото, не смее да биде мерило за Христовите следбеници. Кај христијаните кои се подготвуваат за бесмртност не смее да има помодарско искажување на фамилијарност. Ако страста, расипаноста, прељубата, злосторството и убиството се вообичаени меѓу оние кои не ги познаваат и кои одбиваат со нив да раководат начелата на Божјата реч, тогаш колку е важно оние кои тврдат дека се Христови следбеници да се тесно поврзани со Бога и ангелите, да го покажат подобриот и поблагороден пат! Колку е важно со нивната непорочност и своите доблести да стојат во целосна спротивност на оние со кои владеат животински страсти.[9]

**Натрупување на опасностите. –** Во ова време во кое преовладува злото има многумина кои се толку заслепени од гревот што живеат развратно затоа што тоа им одговара на телесните и ра-

сипани склоности на срцето. Наместо да погледнат во огледалото на Божјиот закон и своето срце и карактер да ги усогласат со Божјото мерило, тие им дозволуваат на сатанските орудија да подигнат во срцето нивни мерила. Изопачените луѓе мислат дека е лесно да се искриват Писмата и така да го оправдаат своето беззаконие отколку да се ослободат од својата расипаност, од гревот и да имаат чисто срце и чист живот.

Има повеќе такви луѓе отколку што мислиме и колку повеќе се приближуваме кон крајот на времето, нивниот број ќе се зголемува.[10] 330

Кога сатанската зла сила владее со човекот, Бог се заборава, а се велича човекот кој е исполнет со расипани намери. Овие заведени души се препуштаат на тајниот разврат како доблест. Тоа е еден вид занесеност. Кривоверието и развратот секогаш ги следи силата на занесеност. Умот е толку измамен што не е во состојба разумно да размислува, а тоа постојано го оддалечува од чистотата. Духовниот вид се поматува, а луѓето, со дотогаш неизвалкан морал, стојат збунети од заводничкото мудрување на орудијата на сатаната кои тврдат дека се весници на светлината. Токму измамата им дава сила на овие орудија. Кога би пристапиле смело, дрско и отворено, тие би биле одбиени без ни малку двоумење; но тие се обидуваат најпрво да придобијат симпатии и да стекнат доверба како да се посветени и пожртвувани Божји луѓе. И тогаш, како негови одбрани пратеници, тие го започнуваат своето лукаво дело одвлекувајќи ги душите од патот на чесноста, во обид да го поништат Божјиот закон.[11]

**Мажите и жените мораат да го зачуваат својот углед. –** Умот на еден човек или на една жена не преминува за еден миг од чистота и светост во порочност, расипаност и злодело. Потребно е време човечката природа да се преобрази во божествена или оние кои се создадени според Божјиот лик да добијат груби и сатански црти. Со гледање ние се преобразуваме. Иако е создаден според обличјето на својот Создател, човекот може така да го извежба својот ум што гревот, од кој претходно се гнасел, да му стане пријатен. Кога човекот ќе престане да стражари и да се моли, тој престанува да ја чува тврдината, срцето, и се оддава на гревот и престапот. Така умот се изопачува и е невозможно да го тргнеме

од духот на расипаноста, затоа што е воспитан да ги заробува моралните и интелектуални сили и да ги потчинува на одвратните
331 страсти. Затоа постојано мораме да се бориме со телесниот ум и затоа ни е потребно благородното влијание на Божјата милост која ќе го издигне нашиот ум и ќе го навикне да размислува за она што е чисто и свето.[12]

Никој не е сигурен, ниту младиот ниту стариот, ако не чувствува потреба да бара совет од Господа за секоја постапка. Само оние кои имаат тесна заедница со Бога ќе научат да ги ценат луѓето како што Тој ги цени, почитувајќи ги чистите, добрите, понизните и кротките. Срцето треба да се чува како што го чувал Јосиф. Искушенијата, кои нè мамат да ја оставиме чистотата, ќе ги дочекаме со одлуката: „Како јас да направам толку големо зло и да згрешам пред Бога?" И најсилното искушение не е изговор за гревот. Без оглед на тоа колку е силен притисокот, гревот е резултат на сопствен избор. Изворот на тешкотиите е непрепороденото срце.[13]

Имајќи ги предвид опасностите во денешно време, нема ли ние, како народ кој ги држи Божјите заповеди, да ги отфрлиме од себе секој грев, секое беззаконие и секоја расипаност? Зар нема жените, кои велат дека ја држат вистината, строго да внимаваат на себе за да не дадат ни најмал повод за недозволена блискост? Со својата воздржаност и соодветно однесување тие можат да ја затворат секоја врата на искушението.[14]

**Жените мораат високо да го подигнат знамето на чесноста. –** Пишувам со болка во срцето за тоа дека жените во ова време, мажени и немажени, често не ја покажуваат неопходната воздржаност. Постапуваат како кокетки. Тие го свртуваат вниманието и на оженетите и на неоженетите мажи, па оние кои немаат морални сили, ќе паднат во стапица. Кога се дозволени, ваквите постапки ги затапуваат моралните чувства и го заслепуваат умот
332 така што злосторството не личи на грев. Се појавуваат мисли кои не би се појавиле ако жената се однесува скромно и сериозно. Можеби таа немала лоши намери или побуди, но им дала повод на луѓето склони кон такво искушение и на кои им е потребна помош која може да ја добијат од оние со кои се во блиско друштво. Многу зла можеле да се избегнат ако жените биле внимателни,

воздржани, ако не си зеле преголема слобода ниту го прифаќале непосредното внимание, туку го зачувале возвишениот морал и достоинство.[15]

Долго се подготвував да им зборувам на моите сестри и да им го кажам она што Бог одвреме-навреме ми го покажа, дека меѓу нив има големи недостатоци. Тие не се внимателни и не се чуваат доволно од секој облик на злото. Тие не внимаваат на своето однесување, а тоа не е обележје на жените кои се посветени на побожноста. Нивните зборови не се такви какви што би требало да бидат зборовите на жените кои ја примиле Божјата милост. Премногу се блиски со своите браќа. Тие се задржуваат меѓу нив, сакаат да се во нивна близина и да бидат во нивно друштво. Нивното внимание им е многу пријатно.

Во светлината на она што ми го откри Господ, нашите сестри мораат да заземат сосем спротивен став. Мораат да бидат многу повнимателни, помалку отворени, а исполнети со „срам и чесност“. И браќата и сестрите се препуштаат на премногу весели разговори кога се заедно во друштво. Жените кои се посветуваат на побожноста се оддаваат на несериозности, шеги и смеа. Тоа е непристојно и го ожалостува Божјиот Дух. Ваквото однесување го открива недостатокот од вистинска христијанска благородност. Тоа не ја зајакнува душата во Бога, туку ја исполнува со темнина; тоа ги брка чистите и благородни небесни ангели и ги понижува сите кои му попуштаат на тоа зло.[16] 333

Жените често се искушувачи. На ваков или онаков начин тие го привлекуваат вниманието на мажите, оженетите или неоженетите, и ги наведуваат да го прекршат Божјиот закон, да ги упропастат своите способности, а своите души да ги изложат на опасност... Кога жените би го облагородиле својот живот и би станале Христови соработници, тогаш со нивното влијание би се избегнале многу опасности. Меѓутоа, поради нивната негрижа кон одговорностите во домот и кон барањата што Бог ги става пред нив, нивното влијание често е насочено во погрешен правец. Нивните сили се ослабени, а и нивната работа не донесува божествен печат.[17]

Има толку наметливи девојки и слободни жени кои се способни да го свртат вниманието на себе; сакаат да бидат во друштво на млади луѓе, да привлечат внимание, да им се додворуваат оже-

нети или неоженети мажи кои сигурно ќе паднат во сатанската мрежа доколку непоколебливо не гледаат во Христа.[18]

Како Христов пратеник ве преколнувам сите вас, кои тврдите дека ја исповедате сегашната вистина, брзо да го забележите секое приближување кон неморалноста и да го напуштите друштвото на оние кои изнесуваат нечисти мисли. Грозете се од тие осквернувачки гревови со најголема одвратност. Бегајте од оние кои, дури и само со разговор, би го поттикнувале умот да се занимава со тие гревови, затоа што „устата зборува од вишокот во срцето“...

Не треба ниту еден момент да се задржите на нечистата и прељубничка мисла, затоа што и тоа ја онечистува душата како што нечистата вода ја валка цевката низ која поминува.[19]

Жената која дозволува во нејзино присуство да се искаже еден нечист збор или навестување не е онаква личност каква што сака Бог. Онаа жена која дозволува недозволива близина или нечис-
334 ти предлози, не ја чува својата женственост дадена од Бога.[20]

**Заштитен со света ограда. –** Нашите сестри треба да ја негуваат вистинската кроткост; не треба да бидат слободни, зборливи и дрски, туку скромни и кротки, умерени во зборувањето. Нека ја негуваат учтивоста. На Бога ќе му бидат угодни ако бидат љубезни, нежни, милостиви, подготвени да простуваат и понизни. Ваквото однесување нема да предизвика непотребно внимание од луѓето во црквата или надвор од неа. Сите тие ќе чувствуваат дека околу овие побожни жени се наоѓа света ограда на чистотата, која ги штити од секоја неоправдана слобода.

Некои жени, кои ја истакнуваат својата побожност, покажуваат невнимателна и груба слобода во однесувањето, која ги води во лошотија и грев. Но оние побожни жени, на кои умот и срцето им се исполнети со возвишени размислувања, кои ја зајакнуваат чистотата на животот и ја подигаат душата до заедница со Бога, нема да бидат лесно заведени од патот на кроткоста и доблестите. Таквите жени ќе бидат заштитени од сатанското мудрување; ќе бидат подготвени да се спротивстават на неговите лукави стапици. [21]

Ве повикувам како Христови следбеници, кои имаат возвишена чест, да го чувате скапоценото, непроценливо богатство на скромност. Тоа ќе ве зачува да бидете добродетелни.[22]

**Владејте со мислите. –** Владејте со своите мисли. Тоа нема да биде лесна задача; не можете да ја извршите ако не вложите темелен и сериозен напор. Бог го бара тоа од вас; тоа е должност на секое битие кое мора да даде одговор за себе. За своите мисли сте одговорни пред Бога. Ако се препуштите на празни мечтаења, дозволувајќи му на разумот да се занимава со нечисти теми, вие во одредена мера сте исто толку виновни пред Бога како да сте ги спровеле своите мисли во дело. Тоа значи дека недостатокот од можност го спречил делото. Денонокното мечтаење и ѕидање- **335**
то кули во воздух е лоша и особено опасна навика. А кога навиката еднаш ќе се вкорени, речиси е невозможно да се искорени и да се насочат мислите кон она што е чисто, свето и возвишено.[23]

**Чувајте се од ласкањето. –** Ме боли кога гледам дека луѓето се слават, кога им ласкаат и кога ги галат. Бог ми го откри фактот дека некои од нив кои примаат такво внимание не се достојни со своите усни да го изговорат Неговото име; сепак ограничените луѓе ги креваат до небо, затоа што гледаат само на надворешниот изглед. Сестри мои, не галете ги слабите, грешни и неправедни луѓе, ниту им ласкајте без разлика дали се млади или стари, оженети или неоженети. Вие не ги знаете нивните слабости и не знаете дека токму ова претерано внимание и пофалби можат да ја предизвикаат нивната пропаст. Вознемирена сум поради кратковидоста и недостатокот на мудрост кои многумина ги покажуваат во овој поглед.

Луѓето кои работат за Бога и кои го имаат Христа во своите срца, нема да го намалат мерилото за моралот, туку ќе се трудат да го подигнат. Нема да наоѓаат задоволство во ласкањето на жените, ниту во тоа тие да ги мазат. Мажите, и оженетите и неоженетите, треба да кажат: „Рацете покрај себе! Не сакам да дадам ниту најмал повод лошо да се зборува за мене. Моето добро име е богатство кое е многу повредно од златото и среброто. Дозволете ми да го зачувам неизвалкано. Ако, сепак, луѓето го напаѓаат моето име, тоа нема да биде затоа што сум им дал повод, туку од истата причина поради која го осудувале Христа: затоа што ја мразеле непорочноста и светоста на Неговиот карактер, затоа што таа им била нивна постојана опомена“.[24]

**Недолично однесување. –** И најтивкиот предлог, без оглед на тоа од кој извор потекнува, кој те повикува да му попуштиш на
336 гревот или да дозволиш и најмала неоправдана слобода, треба да го одбиеш како најлоша навреда на својата благородна женственост. Бакнежот во образ треба да те наведе со гадење да го отфрлиш сатанскиот пратеник. Ако тоа потекнува од некој на високо место, кој работи со свети работи, гревот е десетпати потежок и побожната жена или девојка треба да избега со ужас – не само од гревот кој бил извршен туку и од лицемериeто и подмолноста на оној кого луѓето го ценат и почитуваат како Божји слуга.[25]

Ако проповедникот на Евангелието не владее со своите страсти, ако не го следи примерот на апостолите и така ја срамоти својата професија и вера, ако само го спомне попуштањето на гревот, нашите сестри кои се побожни не смеат ниту во еден момент да се залажуваат дека, и во најмала мера, гревот или злосторството, ја губат својата грешност затоа што во тоа згрешил нивниот проповедник. Ако луѓето на одговорните места имаат близок однос кон гревот, тоа во ничиј ум не смее да ја намали вината и тежината на гревот. Гревот и понатаму останува грев, одвратен каков што бил и претходно; умот на чистиот и возвишениот треба да се одврати и да избега од оној, кој се оддава на гревот, како да бега од змија чие каснување е смртоносно. Ако сестрите се благородни и украсени со чистотата на срцето, тие ќе го одбијат секој недоличен пристап, дури и од својот проповедник, и тоа толку решително што тој никогаш не би се повторил.[26]

**Верноста на брачниот завет. –** Колку внимателен треба да биде мажот и таткото за да ја одржи верноста на својот брачен завет! Колку внимателност мора да покаже во својата карактер за да не ги охрабрува мислите на младите девојки, дури и на мажените жени, кои не се во согласност со возвишеното свето мери-
337 ло – Божјите заповеди! Христос покажал дека овие заповеди се исклучително сеопфатни и дека се однесуваат дури и на мислите, побудите и намерите на срцето. Ете каде грешат мнозина. Мислите на нивното срце немаат чист и свет карактер каков што бара Бог; и колку и да е висок нивниот повик и колку и да се способни, Бог ќе го открие нивниот грев и ќе смета дека се многу повиновни и оти го заслужуваат Неговиот гнев многу повеќе од

оние кои имаат помалку таленти, помала светлина и помало влијание.[27]

Речено ми е да им кажам на женетите мажи: „Им должите љубов и почитување на своите сопруги, мајките на своите деца. Подарете им го своето внимание, а вашите мисли нека бидат зафатени со планови кои ќе ги направат среќни.[28]

Покажани ми се семејства во кои мажот и таткото не го зачувал она што му доликува на еден Христов следбеник – онаа воздржана, благородна и на Бога слична природа. Неговите постапки кон сопругата, на која ѝ ветил пред Бога и пред ангелите дека ќе ја сака, почитува и цени сѐ додека и двајцата бидат живи, не биле љубезни, нежни ниту учтиви. Девојката која била вработена во неговиот дом била толку слободна што му ја чешлала косата и била необично внимателна кон него, а нему тоа му годело, неразумно му годело. На својата сопруга не ѝ укажувал љубов и внимание како претходно. Бидете сигурни дека сатаната е на дело. Почитувајте ги своите работници, постапувајте кон нив многу внимателно и љубезно, но не одете понатаму. Држењето нека ви биде такво што нема да предизвика нивното однесување да стане блиско.[29]

**Неповредливост на семејниот живот. –** О, колку животи се загорчени поради тоа што се урнати ѕидовите што го чувале приватниот живот на секое семејство, кои се подигнати за да ја заштитат неговата чистота и светост! Некоја жена се доверила на трета личност, на некоја толку блиска пријателка која ги запознава нејзините приватни семејни тајни. Ова е сатански план со **338**
цел да го оддалечи срцето на мажот и на жената. О, само ова да престане! Колку помалку би имало неволи! Затворете ги во своето срце слабостите на другиот. Своите тешкотии изнесете ги само на Бога. Тој може да ви даде вистински совет и сигурна утеха, коишто ќе бидат чисти и искрени и во кои ќе нема горчина.[30]

Ако жената ги кажува своите семејни неволји или се жали од својот маж на некој друг маж, таа го прекршува брачниот завет; таа го срамоти својот сопруг и ја руши оградата подигната да ја зачува светоста на брачната врска; таа широко ја отвора вратата и го повикува сатаната да влезе со своите подмолни искушенија. Тоа е, всушност, она што го сака сатаната. Ако некоја жена дојде

кај братот во Христа со приказна за своите јадови, разочарувања и неволи, тој секогаш мора да ја советува дека, ако веќе мора некому да ги довери своите тешкотии, да избере сестри за свои доверенички и тогаш нема да има ниту најмала можност за злонамерни претпоставки поради кои Божјето дело би можело да претрпи срам.[31]

**Зачувани од падот. –** Им зборувам на верниците на нашата црква. Ако се приближите кон Исуса со желба уредниот живот и светите разговори да ги украсите со вистината која ја проповедате, ќе бидете зачувани од тргнувањето по забранети патеки. Кога само би стражареле и постојано би стражареле во молитва, кога би правеле сè како да сте во непосредно Божје присуство, тогаш би биле зачувани од падот во искушение и би можеле да се надевате дека ќе останете чисти, без мана и неизвалкани до крај. Ако до крајот цврсто го одржите почетокот на својата вера, вашите патишта ќе бидат зацврстени во Господа; и она што го започнала милоста во вас, славата ќе го круниса во царството на нашиот Бог. А плодовите на Духот се: љубов, радост, мир, трпе-
339 ние, добрина, милост, вера, кротост, воздржување; за тоа нема закон. А оние кои се Христови, го распнале телото со страстите и
340 желбите.[32]

---

1. Patriarchs and Prophets, p. 338.
2. Id., p. 457
3. Review and Herald, May 17, 1887
4. Review and Herald, May 17, 1887
5. Review and Herald, May 17, 1887
6. Testimonies for the Church, Vol. 2, pp. 346, 347
7. Manuscript 19a, 1890
8. Manuscript 8, 1894
9. Testimonies for the Church, Vol. 2, p. 459
10. Id., Vol. 5, p. 141
11. Id., pp. 142, 143
12. Id., Vol. 2, pp. 478, 479
13. Testimonies for the Church, Vol. 5, pp. 601, 602
14. Manuscript 19a, 1890
15. Manuscript 4a, 1885
16. Testimonies for the Church, Vol. 2, p. 455

17. Id., Vol. 5, pp. 596, 597
18. Medical Ministry, p. 145
19. Testimonies for the Church, Vol. 5, pp. 146, 147
20. Manuscript 4a, 1885
21. Testimonies for the Church, Vol. 2, p. 456
22. Id., p. 458
23. Id., p 561
24. Id., Vol. 5, p. 595
25. Id., Vol. 2, pp. 458, 459
26. Id., p. 457
27. Id., Vol. 5, pp. 594, 595
28. Letter 231, 1903
29. Testimonies for the Church, Vol. 2, p. 461
30. Id., p. 462
31. Id., p. 306
32. Id., Vol. 5, p. 148

*Педесет и шеста глава*

# Развод

**Бракот е доживотен договор. –** Во умот на младите бракот е обвиен со романтика и затоа тешко може да се ослободи од ова обележје кое му ја дава фантазијата и да влијае на умот да ги осознава важните одговорности кои го опфаќаат брачниот завет. Овој завет ја спојува судбината на две личности со врска која не би смеело да ја раскине ништо освен раката на смртта.[1]

Секоја одлука за стапување во брак треба внимателно да се разгледа, зашто тоа е чекор кој се прави за цел живот. И мажот и жената мораат внимателно да размислат дали во животната променливост ќе можат да останат верни еден на друг до крај.[2]

**Исус ги исправа погрешните сфаќања за бракот. –** Кај Евреите било дозволено мажот да ја напушти својата жена поради најневажни причини и тогаш жената имала право повторно да се омажи. Таквиот обичај предизвикал големи несреќи и грев. Во проповедта на Гората, Исус јасно кажал дека брачната врска не може да се раскине, освен во случај на прекршување на брачниот завет. Тој вели: „Секој кој ја остава својата жена освен за прељуба, ја наведува да врши прељуба; и кој ќе се ожени со така напуштена, врши прељуба“ (Матеј 19,9).

Кога фарисеите го прашале подоцна за законитоста на разводот, Исус ги потсетил своите слушатели за институцијата брак воспоставена уште во времето на создавањето. „Заради вашето закоравено срце Мојсеј ви дозволи да ги оставате своите жени,“ рекол Тој, „но во почетокот не беше така“ (Матеј 19,8) Ги потсе-
341 тил на блажените денови во Едем кога Бог кажал дека „сè беше многу добро“. Тогаш биле воспоставени бракот и саботата, двете установи кои се создадени за слава на Бога и за благослов на

човештвото. Кога Создателот со брачен завет ги соединил рацете на светата двојка зборувајќи дека „мажот ќе ги остави својот татко и својата мајка и ќе се прилепи кон својата жена и тие двајца ќе бидат едно“ (1. Мојсеева 2,24), го прогласил законот за бракот за сите Адамови деца до крајот на времето. Тоа што самиот вечен Татко го прогласил за добро, за највозвишен благослов и развој на човекот, било изразено во Неговиот закон.[3]

Исус дошол на нашиот свет за да ги исправи грешките и да го обнови Божјиот морален лик во човекот. Погрешните мислења за бракот нашле место во умовите на израелските учители. Тие ја укинале светата установа – бракот. Човекот станал со толку тврдо срце што можел да се одвои од својата жена за каква било ситница или ако така одлучел, можел да ја одвои од децата и да ја избрка од домот. Ова се сметало за голем срам, а често било проследено со најголеми страдања на отфрлената жена.

Христос дошол да го отстрани ова зло и затоа своето прво чудо го направил на свадба. Со тоа му објавил на светот дека чистиот и неизвалкан брак е света установа.[4]

**Совет за оној што размислува за развод. –** Твоето сфаќање за брачниот однос не е правилно. Брачниот завет не може да го раскине ниту да го поништи ништо освен обесчестување на брачната постела. Ние живееме во опасно време кога не можеме да бидеме сигурни во ништо, освен во цврстата и непоколеблива вера во Исуса Христа. Нема такво срце кое сатаната со своите измами не може да го оддалечи од Бога, освен ако тоа не стражари во молитва. ***342***

Ако твојот ум беше смирен, твоето здравје ќе беше многу подобро; твојот ум станал збунет и неурамнотежен и затоа твоето мислење за разводот е погрешно. Со своето размислување не можеш да ги оправдаш своите сфаќања. Луѓето немаат право сами да си создаваат закон, да го избегнуваат Божјиот закон и да им удоволуваат на своите склоности. Тие мораат да се потпрат на Божјето возвишено морално начело на правдата...

Бог спомнал само една причина поради која една жена може да го напушти својот сопруг или сопругот својата жена – тоа е прељубата. Во молитва внимателно размислете за оваа причина.[5]

**Совет за разведена брачна двојка. –** Брате мој и сестро моја, одредено време не живеете заедно. Не требало да тргнете по овој пат и не би дошло до ова ако и двајцата сте негувале трпение, љубезност и попустливост, кои секогаш треба да постојат меѓу сопружниците. Никој од вас не треба да ја наметнува својата волја и да ги спроведува своите лични идеи и планови, не грижејќи се за последиците. Никој од вас не треба да прави што сака. Дозволете благотворното влијание на Божјиот Дух да влијае на вашите срца и да ве оспособи да ги воспитувате вашите деца... Молете му се на својот небесен Татко да ве зачува од искушението да зборувате грубо еден на друг, или да бидете нетрпеливи и безобѕирни. Тоа се однесува и на мажот и на жената. И двајцата имате несовршен карактер. Вашето меѓусебно однесување не било разумно затоа што не сте го прифатиле Божјето водство.

Ве преколнувам, покорете му се на Бога! Кога сте во искушение провокативно да прозборите, воздржете се и не кажувајте ништо. Бидејќи не сте го совладале овој недостаток во својот ка-
343 рактер, во тоа ќе бидете искушувани. Меѓутоа, мораме да ја победиме секоја лоша навика. Целосно предајте се на Бога. Паднете на Карпата, Исус Христос, и скршете се. Како сопружници владејте со себеси. Дојдете кај Христа и барајте помош од Него. Тој е готов да ве пресретне со своето божествено сочувство и изобилна милост...

Покајте се пред Бога за своето претходно однесување. Погрижете се да постигнете разбирање и соедините се одново како маж и жена. Отстранете го несогласувањето и непријатните искуства од минатото. Бидете храбри во Господа, затворете ја вратата на душата која е отворена кон земјата, а отворете ја кон небото. Ако својата молитва за светлина ја упатите кон небото, Господ Исус, кој е светлина и живот, мир и радост ќе ја слушне вашата молба. Тој, Сонцето на правдата, ќе го просветли вашиот ум и ќе го осветли храмот на душата. Ако со добредојде го прифатите сјајот на светлината на Неговата присутност во вашиот дом, вие нема да изговорите зборови кои ќе предизвикаат тага.[6]

**За жената која е злоупотребувана. –** Го примив твоето писмо и како одговор на него би рекла: Не ти советувам да се вратиш

кај Д... додека не забележиш темелни промени кај него. Господ не е задоволен со идеите кои ги имал во минатото за она што ѝ прилега на жената... Ако тој и понатаму се држи за своите претходни гледишта, иднината за тебе нема да биде подобра од минатото. Тој не знае како се постапува со жена и сопруга.

Многу сум тажна поради ова. Го жалам и Д... но не можам да те советувам да се вратиш кај него против твојата желба и мислење. Ова ти го велам искрено, како што му зборував и нему; би било опасно за тебе повторно да се ставиш под негово управување. Се надевав дека тој ќе се смени...

На Господа му е познато сѐ што си доживеала... Биди храбра во Господа; Тој нема да те остави, ниту да те заборави. Во моето 344
срце има најнежно сочувство кон тебе.[7]

**До еден оставен сопруг – „Носи го својот крст“. –** Не гледам што уште може да се направи во овој случај; сметам дека единствено што можеш да направиш е тоа да престанеш да мислиш на својата жена. Ако таа по никоја цена не сака да живее со тебе, ниту ти ниту таа не би биле среќни кога би го пробале тоа. Бидејќи таа јасно и решително ти го покажала својот став, тебе не ти преостанува ништо друго освен да го земеш својот крст и да ја покажеш својата храброст.[8]

**Иако разведена – сѐ уште во брак пред Бога. –** Според земните закони, жената правно може да биде разведена од својот маж, а сепак да не биде разведена пред Бога во согласност со возвишениот Закон. Само еден грев, а тоа е прељубата, може мажот или жената да ги ослободи пред Бога од брачниот завет. Иако земните закони можат да го одобрат разводот, тие, во светлина на Библијата и во согласност со Божјите закони, и понатаму се сопружници.

Видов дека сестрата... сѐ уште нема право да се омажи за друг човек. Меѓутоа, ако таа или која и да е друга жена добие законско право на развод, затоа што нејзиниот маж е виновен за прељуба, таа е слободна да се омажи за оној што ќе го избере.[9]

**Одвојување од неверниот партнер. –** Ако жената не верува и ако се спротивставува, мажот, според светиот Божји закон, не мо-

же да ја отфрли само поради тоа. Во согласност со Божјиот закон, тој мора да остане со неа додека самата не одлучи да си замине. Тој може да страда поради нејзиното противење и често да биде изложен на угнетување; но, тој ќе најде утеха, сила и поткрепа во
345 Бога, кој дава милост во секоја пригода. Тој мора да биде човек со чисти мисли, решителни и цврсти начела и Бог ќе му даде мудрост да знае по кој пат треба да тргне. Нагонот нема да владее со неговиот разум, затоа што цврсто ќе ги држи уздите и така ќе ја контролира својата страст.[10]

**Совет за жената – смени ја природата. –** Добив писмо од твојот сопруг. Можам да кажам дека постои само една законска причина мажот да се одвои од жената и жената од мажот, а тоа е прељубата.

Ако вашите склоности не се усогласени, зар не треба за слава на Бога да ги промените?

Мажот и жената треба да го негуваат меѓусебното почитување и љубов еден кон друг. Тие мораат да бдеат над духот, зборовите и постапките, за ништо од она што би го рекле или би го направиле да не предизвика ниту да повреди. Треба да се грижат еден за друг и да направат сè што можат за да ја зајакнат заемната љубов.

И на едниот и на другиот ви велам: Барајте го Господа. Извршувајте ги своите должности еден кон друг со љубов и добрина. Мажот треба да ја негува кај себе навиката да биде трудољубив и да прави најмногу што може за да го обезбеди своето семејство. Тоа ќе направи жената да го почитува...

Сестро моја, на Бога не можеш да му угодиш ако и понатаму останеш таква каква што си. Прости му на својот сопруг. Тој е твој сопруг и сама ќе ги примиш благословите ако се трудиш да бидеш верна и полна со љубов кон него. Законот на љубезноста нека владее на твоите усни. Ти можеш и мораш да го смениш својот став.[11]

И двајцата морате да размислувате како да се усогласите и да не се разидувате... Благите постапки ќе создадат неочекувани про-
346 мени во вашиот живот.[12]

**Прељубодејството, разводот и припадноста во црквата. –** Во случајот на сестрата А. Г. на која ѝ е направено зло, ние како од-

говор на прашањето... би рекле дека тоа во повеќето случаи е појава кај оние кај кои гревот надвладеал, како што тоа е случај со нејзиниот сопруг, дека не се доволно свесни за своите подмолности. Меѓутоа, некои кои доаѓаат при себе, се враќаат во црквата, но не пред да ја заслужат довербата на Божјиот народ со безусловно признавање и период на искрено каење. Оваа појава укажува на тешкотиите кои не се гледаат во други случаи, а ние би го додале само следново:

1. Во случај на прекршување на седмата заповед, ако престапникот не покажува искрено каење, ако оштетената страна може да добие развод, слободна е да го направи тоа доколку со тоа не ја влошува својата состојба и состојбата на своите деца, ако ги има.

2. Ако тие со разводот на бракот се доведат во потешка состојба себеси и своите деца, во Светото писмо не постои ниту еден стих кој ја смета невината страна виновна затоа што останува во брачната заедница.

3. Времето, трудот, молитвата, трпението, верата и побожниот живот можат да доведат до реформи. Да се живее во заедница со некој кој го погазил брачниот завет, кој е посрамотен со неморална љубов, а за тоа не е свесен, е како душата да ви јаде црв; но сепак разводот е доживотна, болна рана. Бог нека биде милостив кон невината страна! Пред да се влезе во брак мора добро да се размисли.

4. Зошто? О, зошто мажите и жените кои би можеле да бидат почитувани и добри, кои на крајот би можеле да дојдат на небото, толку евтино се продаваат на ѓаволот, ги повредуваат своите најсакани пријатели, ги срамотат своите семејства, нанесуваат
срам на Божјето дело и на крајот одат во пропаст? Боже, биди ми- 347
лостив! Зошто оние кои ги надвладеало злото не покажат покајание кое одговара на големината на нивниот грев и не појдат кај Христа за милост и ако е можно, за исцелување на раните кои ги
нанеле?[*13] 348

---

* Тоа е една од неколкуте изјави што заедно ги издале Јаков и Елена Вајт. Бидејќи и двајцата ја потпишале, јасно е дека изнесените гледишта имаат полна поддршка од сестра Вајт. – Издавачите.

1. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 507
2. Letter 17, 1896
3. Thoughts From the Mount of Blessing, pp. 99, 100
4. Manuscript 16, 1899
5. Letter 8, 1888
6. Letter 47, 1902
7. Letter 148, 1907
8. Letter 40, 1888
9. Letter 4a, 1863
10. Letter 8, 1888
11. Letter 168, 1901
12. Letter 157, 1903
13. Review and Herald, March 24, 1868

*Педесетаесет и седма глава*

# Однос кон неверниот брачен другар

**Дали жената христијанка треба да го остави неверниот маж?** – Многу мајки ми пишаа раскажувајќи ми за своите семејни неволи и барајќи мој совет. Еден од овие случаи ќе им послужи како пример на другите. Сопругот и татко не верува и поради тоа на мајката ѝ е многу тешко да ги одгледува своите деца. Сопругот е световен човек, кој се служи со непристојни зборови и пцости кога зборува со сопругата, учејќи ги децата да не ја почитуваат. Кога таа се обидува да се моли со нив, тој влегува во собата, создава врева и почнува да го пцуе Бога, изговарајќи секакви зборови против Библијата. Таа е толку обесхрабрена поради тоа што животот ѝ станал товар. Што може да направи таа? Каква е ползата нивните деца да останат во домот? Таа имала силна желба да направи нешто во Господовото лозје и затоа мислела дека е подобро да го напушти своето семејство отколку да остане, затоа што сопругот и татко постојано ги учи децата да не ја почитуваат и да не ја слушаат.

Во ваков случај мојот совет би гласел: Мајки, колкави и да се тешкотиите што ги трпите поради сиромаштија, поради раните на душата што ви ги нанесува грубиот и лош сопруг и татко, не напуштајте ги своите деца; не препуштајте ги на влијанието на безбожниот татко. Вашата задача се состои во тоа да се спротивставите на делото на таткото, кој очевидно е под сатанска управа.[1] ***349***

**Биди пример за самосовладување.** – Знам дека имаш неволи, но знај дека постои и дух кој одбива наместо да привлекува. Твојот маж треба секој ден да гледа жив пример на трпение и са-

мосовладување. Настојувај да му угодиш во сè, но да не погазиш ниту едно начело на вистината...

Христос очекува да се посветиме на Неговата служба со целото свое битие – срцето, душата, умот и силата. Ако Му го предадеш она што го очекува од тебе, ти ќе Го застапуваш со својот карактер. Дозволи твојот сопруг да го види дејствувањето на Светиот Дух во тебе. Биди внимателна, обѕирна, трпелива и блага. Не наметнувај му ја вистината. Како жена изврши ги сите свои должности и ќе видиш дали неговото срце ќе биде допрено. Твојата љубов кон него не смее да се олади. Настојувај да му угодиш во сè. Твојата вера нека не те одвојува од него. Совесно слушај го Господа, а на мажот угодувај му секогаш кога можеш...

Секој нека види дека го сакаш Исуса и дека Му веруваш. Дај доказ и на сопругот и на своите пријатели, и на верните и на неверните, дека сакаш да ја запознаат убавината на вистината. Внимавај да не покажеш мачна и претерана грижа која често го расипува и најдоброто дело...

Не дозволувај ниту еден збор на прекор или осуда да дојде до ушите на твојот маж. Понекогаш ќе поминуваш низ животни маки, но не зборувај за овие тешкотии. Молчењето е злато. Непромислениот говор само ќе ја зголеми твојата несреќа. Биди весела и радосна. Исполни го својот дом со сонце, а отстранувај ги сенките. Сјајните зраци на сонцето на правдата нека го осветлат храмот на твојата душа. Тогаш благопријатноста на христијанскиот живот ќе го исполни твојот дом и меѓу вас нема да има
350 несогласување.[2]

**Совет за оптоварената сопруга. –** Ти сега имаш двојна одговорност затоа што твојот маж му свртел грб на Исуса...

Знам дека чувствуваш голема тага затоа што стоиш сама во исполнувањето на Божјата реч. Можеби твојот доследен живот на вера и послушност ќе му ја врати вистината на твојот сопруг? Донеси ги милите деца кај Исуса. Кажувај им за вистината со едноставни зборови. Пеј им убави соодветни песни кои ја откриваат Христовата љубов. Донеси ги своите деца кај Исуса, зашто Тој ги сака малите деца.

Биди весела. Не заборавај дека имаш Утешител, Светиот Дух, кој ти го пратил Исус. Ти никогаш не си сама. Ако го послушаш

гласот кој сега ти зборува и ако без двоумење одговориш на тропањето на вратата на твоето срце и речеш: „Влези, Господе Исусе, да вечерам со Тебе и Ти со мене", небесниот гостин ќе влезе. И кога Тој, божествениот Весник, ќе остане во тебе, ќе имаш мир и одмор за душата.[3]

**Држење на христијанските принципи. –** Домот во кој не му се служи на Бога е сличен на брод среде бурно море без капетан или кормило. Бурата беснее, а сите на бродот се наоѓаат во опасност да пропаднат. Сметај дека твојот живот и животот на твоите деца е драгоцен поради Христа, зашто еден ден ќе мора да се сретнеш со нив и со својот сопруг пред Божјиот престол. Твоите христијански принципи не смеат да слабеат, туку треба да стануваат посилни и понеколебливи. Без оглед на тоа колку твојот сопруг ти се спротивставува или те лути, мораш да покажеш доследна, верна христијанска цврстина. Ако има месната срце, без оглед на тоа што ќе каже, тој сепак со срцето и разумот ќе мора да те почитува.[4] 351

**Божјите барања на прво место.[*] –** Мене потоа ми е покажана неговата снаа. Таа е мила на Бога, но ја држат во ропска потчинетост, во атмосфера на страв и трепет, очај и сомнеж, и затоа е многу нервозна.

Оваа сестра не смее да мисли дека својата волја мора да ја покори на безбожниот млад човек кој има помалку години од неа. Таа треба да знае дека со нејзината венчавка не се укинува слободата на нејзината личност. Во однос на неа Бог има барања кои се повозвишени од кои било други земни барања. Христос ја откупил со својата сопствена крв. Таа не си припаѓа себеси. Таа пропушта целосно да му се довери на Бога и своите осведочувања и совеста ги покорува на еден горделив и груб човек, кој е поттикнат од сатаната и кога сака, преку него, може да ја заплашува оваа немоќна и плашлива душа. Таа толкупати била вознемирувана што нејзиниот нервен систем е уништен и таа станала вистинска урнатина. Дали е по Божја волја оваа сестра да биде во таква состојба, да не може да му служи Нему? Не. Нејзината венчавка би-

---

* Од поглавјето „Опомени и укори" во кое се наоѓаат сведоштвата упатени до група верници во црквата. Потоа следи пораката упатена до извесен брат Т. – Издавачите

ла ѓаволска измама. Но, нека направи најдобро што може, нежно нека постапува со својот сопруг и нека го направи среќен колку што може, но да не ја погази својата совест; ако тој и понатаму остане бунтовник, овој свет ќе му биде сето небо кое некогаш ќе го има. Меѓутоа, не е по Божја волја ако се лиши од одењето на богослужба за да му угоди на лошиот маж во кој живее духот на змевот.[5]

„И третиот рече: се оженив и затоа не можам да дојдам" (Лука 14,20). Гревот на тој човек не бил во женидбата, туку во тоа што се оженил со личност која го одвоила неговиот ум од повозвишените и многу поважни животни интереси. Човекот никогаш не би смеел да ѝ дозволи на сопругата да ги одвои неговите
352 мисли од Христа или да го наведе да ги одбие милостивите повици на Евангелието.[6]

**Подобро е да спасиш нешто отколку сè да изгубиш. –** Брате К., доста си обесхрабрен; мораш да бидеш сериозен, цврст и решителен во намерата да ги исполниш своите должности во семејството и ако е можно, да ги земеш со себе. Не штеди ги напорите да ги придобиеш да те следат на твојот пат кон небото. Меѓутоа, ако мајката и децата одлучат да не те следат, туку настојуваат да те одвојат од твоите должности и верски предности, мораш да продолжиш дури и сам. Мораш да живееш во Господовиот страв. Мора да пронајдеш можност уште повеќе да присуствуваш на богослуженијата и да добиеш што повеќе духовна сила, зашто таа ќе ти биде потребна во идните денови. Лотовиот имот го голтнал оган. Ако мораш да доживееш загуба, не обесхрабрувај се; и ако можеш да спасиш само дел од своето семејство, тоа ќе
353 биде подобро отколку да го изгубиш цело.[7]

---

1. Letter 28, 1890
2. Letter 145, 1900
3. Letter 124, 1897
4. Letter 76, 1896
5. Testimonies for the Church, Vol. 2, pp. 99, 100
6. Manuscript 24, 1891
7. Testimonies for the Church, Vol. 4, pp. 112, 113

# Проповедничко семејство

**Семејниот живот на проповедникот како пример. –** Бог сака учителот на Библијата, преку примерот на својот семеен живот, да ја покаже силата на вистината што ја изнесува. Каков е самиот човек, тоа има посилно влијание отколку она што го зборува. Побожноста во секојдневниот живот му дава сила на јавното сведочење. Трпениeто, доследноста и љубовта ќе влијаат на срцата многу повеќе отколку проповедите.[1]

Ако правилно е извршено, воспитувањето на неговите деца ќе биде сликовит пример за поуките кои проповедникот ги изнесува на проповедалната. Меѓутоа, ако со погрешно воспитување на своите деца проповедникот ја покаже својата неспособност да води и управува, тој мора да научи дека Бог од него очекува правилно да ги насочи децата кои ни се дадени пред да почне да ја извршува својата должност како пастир на Божјето стадо.[2]

**Децата на прво место. –** Проповедникот од сите страни е окупиран со должности, но неговите деца треба да го заземат првото место. Тој не смее да дозволи должностите толку да го преокупираат што ќе ги запостави поуките кои им се потребни на неговите деца. Тој може да ги смета своите должности во домот за помалку важни, но тие се темел за доброто на поединците и општеството. Среќата на мажите и жените, како и успехот на црквата во голема мера зависат од влијанието во домот...

Проповедникот со ништо не може да се оправда ако го занемари семејниот круг. Духовната благосостојба на неговото семејство се наоѓа на прво место. Во денот на конечната пресметка Бог ќе го праша што направил за да ги придобие за Христа

оние за кои презел одговорност кога ги донел на свет. Долгот што
354 го има кон Бога – да се грижи за своите деца, не може да ги избришат големите добри дела направени на другите.[3]

**Силата на проповедничкото влијание. –** Во некои случаи проповедничките деца се најзапоставени на светот бидејќи таткото е ретко со нив и тие се препуштени сами да си најдат занимација и разонода.[4]

Меѓутоа, колку и да е големо злото предизвикано со неверната служба на родителите во кое било семејство, тоа е уште десет пати поголемо ако се забележува во семејството што е одредено да му биде учител на народот. Ако тие родители не го совладуваат злото во својот дом, со својот лош пример заведуваат и многу други семејства. Нивната кривица е дотолку поголема, колку што заземаат поодговорна положба.[5]

**Сопругата и децата – суд за побожноста на проповедникот. –** Религијата на проповедалницата не може толку да го открие нашиот вистински карактер како религијата во семејството. Сопругата на проповедникот, неговите деца и оние кои се блиски со неговото семејство можат најдобро да ја оценат неговата побожност. Добриот човек ќе биде благослов за својот дом. На жената, децата и на другите ќе им биде подобро благодарение на неговата религија.

Браќа, воведете го Христа во семејството, донесете го на проповедалницата, понесете Го секаде каде што одите. Тогаш нема да биде потребно да ги повикувате другите да ја ценат проповедничката служба, затоа што секогаш ќе ја имате небесната помош која ќе им докаже на сите дека сте Христови слуги.[6]

**Сопругата на проповедникот – помош или пречка. –** Кога човек ги прифаќа должностите на еден проповедник, тој зема за право да зборува наместо Бога, да прима зборови од Божјата уста и да им ги пренесува на народот. Колку е тогаш потребно да биде
355 близок со Големиот Пастир; колку понизно треба да оди пред Бога, станувајќи мал во своите очи, а возвишувајќи го Христа! Колку е важно карактерот на неговата сопруга да биде во согласност со библиските примери, а неговите деца искрено послушни!

Сопругата на проповедникот на Евангелието може да биде или најголем помошник и голем благослов за својот сопруг или пречка во неговата работа. Многу зависи од сопругата дали проповедникот од ден на ден ќе биде сè покорисен или ќе се удави во морето на секојдневието.[7]

Видов дека проповедничките сопруги треба да им помагаат на своите мажи во нивната работа и да внимаваат на своето влијание затоа што од нив се очекува повеќе од другите. Треба да служат за пример во облекувањето. Со своето држење и разговор треба да бидат пример, мирис за живот, а не за смрт. Видов дека треба да се благи и понизни, но сепак достоинствени, да не водат разговори за она што не ги насочува мислите кон Небото. Нивната најголема грижа би требало да биде: „Како можам да ја спасам мојата душа и да придонесам за спасение на другите?“ Видов дека Бог не ја прима работата што се извршува со половина срце. Тој сака да му го посветиме целото  свое срце и сите копнежи, или ништо. Нивното влијание зборува решително и недвосмислено во прилог на вистината или против неа. Тие собираат или растураат со Исуса. Непосветената сопруга е најголемото проклетство кое може да го снајде еден проповедник.[8]

Сатаната постојано се труди да ги обесхрабри и заведе проповедниците кои ги избрал Бог да ја проповедаат вистината. Непосветените брачни другари и семејното влијание му нудат најголема можност за работа. Ако успее да завладее со нивниот ум, преку нив полесно ќе допре до сопругот, кој е во служба на Божјата реч за спасение на душите... Користејќи го влијанието на себичните и мрзеливи сопруги, сатаната имал доста работа во над- 356
гледувањето на проповедничката служба.[9]

**Проповедниците и управувањето со семејството. –** Во домот те чека должност која не можеш да ја избегнеш ако сакаш да му останеш верен на Бога и да ја оправдаш довербата што ти е укажана... Светот е евангелско поле. Ова поле сакаш да го посееш со евангелската вистина, очекувајќи Бог да го залее посеаното семе за да може да донесе род. Тебе ти е доверено мало парче земја, но почвата пред твојата врата е оставена да порасне во трње и какол додека ти се занимаваш со плевењето на туѓите градини. Ова не

е мала работа, туку мошне значајна работа. Ти им го проповедаш евангелието на другите; спроведи го и во својот дом.[10]

Ако не можете да работите заеднички на воспитувањето на своето дете, сопругата нека остане со детето и нека не учествува во работата на својот сопруг; на Божјата црква не смее да ѝ се даде пример на немарна или лабава дисциплина.

Познавав многу проповедници кои постапуваа неразумно, водејќи го на своите патувања своеволното дете. Нивната работа на проповедалницата беше осуетена од недостојното однесување на нивните деца.[11]

**Позанимавајте се со туѓите деца. –** Твоето залагање не смее да биде насочено само на твоето семејство, исклучувајќи ги од тоа другите. Ако си гостин кај твоите браќа, кои ти укажуваат гостопримство, тие со право очекуваат нешто за возврат од тебе. Изедначи ги своите интереси со интересите на родителите и децата и направи сè за да ги поучиш и да ги благословиш. Посвети се на Божјето дело и биди благослов за оние кои те примиле во
357 својот дом, разговарајќи со родителите, не заборавај ги децата. Немој да мислиш дека твоите деца во Божјите очи се подрагоцени од туѓите.[12]

**Повик до еден своеволен проповеднички син. –** Твојот татко е проповедник на Евангелието, а сатаната со сета сила се обидува да ги навлече децата на проповедникот да ги посрамотат своите родители. Ако успее, тој ќе настојува да ги покори на својата волја и да ги исполни со зли склоности. Зар ќе му дозволиш на сатаната преку тебе да ги уништи надежта и утехата на твоите родители? Зар тие мораат со тага да гледаат како се предаваш на сатанската управа? Дали ќе ги препуштиш на обесхрабрувачките мисли дека одгледале деца кои ги одбиваат нивните поуки, кои ги следат своите склоности без оглед на последиците?...

Ти имаш добри намери, а тоа буди надеж и очекување во мислите на твоите родители; но досега не си имал сила да се спротивставиш на искушението и сатаната се радува на твојата подготвеност да правиш сè што бара од тебе. Често даваш изјави кои влеваат надеж кај твоите родители, но исто така често грешиш зашто не сакаш да се спротивставиш на непријателот. Ти не мо-

жеш да сфатиш колкава болка им задаваш на татка си и мајка си кога преоѓаш на страната на сатаната. Многупати велиш: „Јас не можам да го направам тоа“, „Јас не сум во состојба да го правам она“, но знаеш дека добро е за тебе да ги правиш токму тие работи за кои тврдиш дека не можеш да ги правиш. Ти можеш да се бориш со непријателот, но не со своја сила, туку во силата која Бог секогаш сака да ти ја даде. Ако веруваш во Неговите зборови, ти никогаш нема да кажеш: „Не можам...“.

Во Господово име те повикувам да се вратиш пред да биде доцна. Затоа што си син на родители кои се Божји соработници, од тебе се очекува да бидеш добро момче; често со својата тврдоглавост ги посрамуваш своите родители и го попречуваш делото кое тие се трудат да го извршуваат. Зар на твојата мајка не ѝ е доволно обесхрабрување и без твојата тврдоглавост? Дали ќе 358
продолжиш да живееш така што срцето на твојот татко целосно ќе го скршиш од жал? Зар ти причинува задоволство тоа што цело небо со негодување гледа на тебе? Или ти е мило што се наоѓаш во редовите на непријателот, тој да ти заповеда и да управува со тебе?

О кога уште денес, додека сѐ уште има време, би се вратил кај Господа! Секое твое дело те прави или подобар или полош. Ако твоите постапки се на страна на сатаната, тие зад себе оставаат влијание кое ќе го доврши своето кобно дело. Во Божјиот град можат да влезат само чистите и свети луѓе. „Ако денес го слушнете Неговиот глас, не бидете со дрвени срца“, туку врати се кај Господа, за патот по кој сега одиш да не те одведе во пропаст.[13]

**Љубезен и учтив кон децата. –** Проповедникот треба да постапува љубезно и учтиво со децата. Тој не смее да заборави дека тие се мали мажи и жени, млади членови на Господовото семејство. Тие можат да бидат многу блиски и мили на Учителот и, ако се добро поучени и воспитани, ќе му служат уште во својата младост. Христос е натажен од секој остар, груб и безобѕирен збор кој им се упатува на децата. Нивните права не се почитуваат секогаш, а со нив често се постапува како да немаат своја личност, која треба правилно да се развие за да не бидат изобличени Божјите намери во нивниот живот и да не доживеат неуспех.[14]

Црквата треба да покаже посебна грижа за јагнињата од стадото, давајќи им го на децата она што најмногу може само за да ја
359 придобие нивната љубов и да ги соедини со вистината. Проповедниците и верниците на црквата треба да ги потпомогнат напорите на родителите да ги поведат децата по сигурни патишта. Господ ги бара младите, затоа што сака да ги направи Свои помошници кои ќе извршуваат добра служба под Негова заштита.[15]

**Делотворна проповед за побожноста. –** Проповедникот треба да му даде упатства на народот како да ги водат децата; неговите деца мораат да бидат пример на искрена послушност.[16]

Во проповедничкото семејство мора да постои единство кое ќе проповеда делотворна проповед за практичната побожност. Ако проповедникот и неговата сопруга верно ги извршуваат должностите во домот, надгледувајќи, поправајќи, опоменувајќи, советувајќи, водејќи, тие така ќе станат способни и за работа во црквата, силно орудие за доврfalшување на Божјето дело надвор од домот. На тој начин, членовите на семејството станууваат членови на небесното семејство и сила насочена кон доброто, сила која
360 има далекусежно влијание.[17]

---

1. Gospel Workers, p. 204
2. Letter 1, 1877
3. Gospel Workers, p. 204
4. Id., p. 206
5. Patriarchs and Prophets, p. 579
6. Testimonies for the Church, Vol. 5, p. 161
7. Letter 1, 1877
8. Testimonies for the Church, Vol. 1, p. 139
9. Id., pp. 449, 451
10. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 381
11. Letter 1, 1877
12. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 382
13. Letter 15a, 1896
14. Testimonies for the Church, Vol. 4, pp. 397, 398
15. Review and Herald, Oct. 24, 1892
16. Letter 1, 1877
17. Gospel Workers, pp. 204, 205

# Остарени родители

**„Почитувај го својот татко и својата мајка“. –** Обврската што ја имаат децата да ги почитуваат своите родители трае доживотно. Ако родителите се изнемоштени и остарени, децата треба да покажат љубов и внимание во согласност со потребите на таткото и мајката. Благородно и решително, децата треба да ги обликуваат своите постапки така што, доколку тоа бара и самооткажување, ќе го отстранат секој страв и неизвесност од умот на своите родители...

Децата треба да бидат воспитани да ги сакаат таткото и мајката и да се грижат нежно за нив. Деца, грижете се сами за нив затоа што ниту една друга рака не може да направи мали дела на љубезност со таква наклоност каква што ја имате вие. Искористете ги драгоцените можности за да го сеете семето на љубезноста.[1]

Нашите обврски кон родителите никогаш не престануваат. Нашата љубов спрема нив, како и нивната спрема нас, не се мери ниту со годините ниту со далечината, а нашата одговорност никогаш не можеме да ја отфрлиме.[2]

Децата нека запомнат добро дека, во најдобар случај, остарените родители имаат малку радост и утеха. Ништо не може толку да го растажи нивното срце како очевидната негрижа на нивните деца. Да се разжалости остарениот и беспомошен татко или мајка е најголем грев што можат да го направат децата.[3]

**Израмнете го патот. –** Кога децата ќе пораснат, некои од нив мислат дека ја извршиле својата должност ако на родителите им обезбедиле стан. Нудејќи им само храна и покрив над главата, тие не им укажуваат љубов и сочувство. Кога ќе остарат родителите, кога копнеат за љубов и сочувство, децата бесчувствително ги ли- 361

шуваат од внимание. Не постои време во кое децата на својот татко или мајка можат да им ги скратат почитувањето и љубовта. Сè додека се живи родителите, децата треба со радост да ги почитуваат и да ги ценат. Во животот на остарените родители тие треба да внесат што повеќе ведрина и сонце. Тие се должни да им ги отстрануваат пречките од животниот пат се додека се живи. Во овој свет нема подобра пофалба од онаа која ја заслужува детето кое ги почитувало своите родители, ниту подобар извештај во небесните книги од оној кој истакнува дека ги сакало и ги почитувало таткото и мајката.[4]

**Неблагодарност кон родителите. –** Зар е можно децата да станале толку нечувствителни кон потребите на таткото и на мајката, дека не се подготвени, колку што е во нивна моќ, доброволно да ги отстранат сите нивни грижи и неволји, стражарејќи над нив со непоколеблива грижа и посветеност? Можно ли е да не им причинува задоволство последните денови на своите родителите да им ги направат најубави? Како можат синот или ќерката да ги препуштат таткото или мајката во туѓи раце, други луѓе да се грижат за нив! Дури и ако мајката е неверна и непријатна, тоа не го ослободува детето од обврската што Бог му ја наменил – да се грижи за своите родители.[5]

**Некои родители се одговорни за непочитувањето. –** Кога родителите ќе му дозволат на детето да не им укажува почитување во раното детство, давајќи му слобода да одговара незадоволно, па дури и грубо, во подоцнежните години ќе пожнеат страшна жетва. Кога родителите не бараат благовремена и совршена послушност од своите деца, тие пропуштаат да постават добар темел на нивниот карактер. На тој начин тие ги подготвуваат своите деца да не им го пружаат должното почитување кога ќе остарат, па нивното срце запоставено и растажено се приближува кон смртта, доколку Христовата милост не го промени срцето и не го
362 преради карактерот на нивните деца.[6]

**Не одмаздувајте се на неправедните родители. –** Некогаш некоја ќерка рекла за својата мајка: „Јас отсекогаш ја мразев мајка ми, а мојата мајка ме мразеше мене“. Овие зборови се запишани

во небесните книги, кои ќе се отворат и ќе се објават на судниот ден кога секому ќе му се даде според неговите дела.

Ако децата мислат дека родителите во детството постапувале строго со нив, дали тоа ќе им помогне да пораснат во милоста и познавањето на Исуса Христа, дали ќе им помогне да заблескаат со Неговото обличје ако го негуваат духот на одмазда кон своите родители, особено кога ќе станат стари и снеможени? Зар нема токму беспомошноста на родителите да има потреба од љубовта на децата? Дали потребите на остарените татко и мајка ќе им разбудат благородно чувство во срцето, а Христовата љубов ќе ги мотивира да постапуваат спрема родителите со љубезно внимание и почит? Не дозволувајте срцето да ви стане тврдо како челик кон таткото и мајката. Како може ќерката, која го почитува Христовото име, да негува омраза спрема својата мајка, особено тогаш кога е болна и стара? Нежноста и љубовта кон родителите треба да заземат значајно место во срцето на децата.[7]

**Трпеливо со слабостите. –** Особено е страшна помислата дека детето во омразата се врти против својата остарена и изнемоштена мајка, која покажува слабости што ја следат староста. Колку трпеливо, колку нежно децата треба да постапуваат со таквата мајка! Изговарајте нежни зборови кои не раздразнуваат. Вистинскиот христијанин никогаш нема да биде нељубезен, во никакви околности нема да ги запоставува таткото или мајката, туку ќе ја почитува заповедта: „Почитувај го твојот татко и твојата
мајка“. Бог рекол: „Пред бели коси станувај, почитувај го лицето 363
на старец...“ (3. Мојсеева 19,32).

Деца, вашите родители, кои се слаби и неспособни да се грижат за себе, нека ги проживеат своите последни денови исполнети со задоволство, мир и љубов. Поради Христа, дозволете им да се симнат во гроб примајќи од вас само зборови проникнати со љубезност, љубов, милост и проштавање. Вие сакате Бог да ве сака, да има сожалување кон вас, да ви прости и да ви помогне во секоја болест, па нема ли тогаш да постапувате со другите онака како што би сакале да постапуваат со вас?[8]

**Грижа за остарените. –** Проблемот околу згрижувањето на нашите постари браќа и сестри кои немаат свои домови постоја-

но се наметнува. Што може да се направи за нив? Повторно ми беше укажано на светлината што Бог претходно ми ја даде: не е најдобро решение да се основаат институции за грижа околу старите лица, каде тие би биле заедно. Исто така, не треба да ги праќате за други да се грижат за нив. Членовите на секое семејство треба да ги негуваат своите роднини. Кога тоа не е возможно, обврската преминува на црквата и таа треба да го прифати тоа како должност и предимство. Сите кои го имаат Христовиот дух, ќе покажат посебна грижа, почит и нежност спрема слабите и остарените.[9]

**Предноста која донесува радост и задоволство. –** Помислата дека послужиле за добро на своите родители, на децата ќе им пружи задоволство во текот на целиот живот и ќе им донесе особена радост кога и самите ќе имаат потреба од љубов и сочувство. Оние чиишто срца се исполнети со љубов, ќе ја сметаат за неискажана предност можноста да ја отстранат секоја пречка од патот на своите родители. Тие ќе се радуваат што придонеле последните денови на нивните мили родители да бидат исполнети со уте-
364 ха и мир. Да се направи поинаку, синовите и ќерките да ги лишат од љубезната служба беспомошните стари родители, душата би се исполнила со грижа на совест, деновите со каење, освен ако ср-
365 цата не ни станале тврди и студени како камен.[10]

---

366 1. Manuscript 18, 1891
2. Review and Herald, Nov. 15, 1892
3. Review and Herald, Nov. 15, 1892
4. Review and Herald, Nov. 15, 1892
5. Review and Herald, Nov. 15, 1892
6. Manuscript 18, 1891
7. Manuscript 18, 1891
8. Manuscript 18, 1891
9. Testimonies for the Church, Vol. 6, p. 272
10. Review and Herald, Nov. 15, 1892

*Тринаесетти дел*

# УПОТРЕБА НА ПАРИТЕ

# Божји повереници

367 **Бог е сопственик на сè. –** Да се признае Бог како сопственик на сè, тоа е темелот врз кој се заснова чесноста во работата и вистинскиот успех. Создателот на сè околу нас е вистинскиот сопственик. Ние сме Негови повереници. Сè што имаме ни го доверил Тој за да го употребиме во согласност со Неговите упатства.

Тоа е обврска што ја има секое човечко суштество. Таа се однесува на севкупното подрачје на човековото дејствување. Признавале или не, ние сме повереници коишто Бог ги благословил со таленти и средства и ги поставил во светот да ја извршуваат работата што Тој ја одредил.[1]

Парите не се наши; куќата и имотот, сликите и мебелот, облеката и богатството не ни припаѓаат нам. Ние сме патници, ние сме дојденци. Нам ни е доверено да ги користиме само оние работи што ни се потребни за здравје и живот... Земните благослови ни се доверени за да покажеме дали може да ни се доверат вечните богатства. Ако го положиме овој Божји испит, ќе примиме наследство кое ќе биде само наше – слава, чест и бесмртност.[2]

**Мораме да поднесеме сметка. –** Кога нашиот народ би го вложил во Божјето дело оној дел на парите кој му е доверен, а кој го троши за остварување на своите себични желби во идолопоклонство, тој би собрал богатство на небото и би го извршил делото коешто Бог го очекува од него. Меѓутоа, како и богатиот од параболата, тој живее раскошно. Парите што му ги доверил Бог да ги употреби за Негова слава, тој ги троши во расипништво. Тој
368 не застанува да размисли за своите одговорности кон Бога. Тој не размислува дека судниот ден е блиску, кога ќе мора да поднесе сметка за својата повереничка служба. [3]

Секогаш да имаме на ум дека на денот на судот ќе се сретнеме со извештајот за тоа како сме ги потрошиле Божјите пари.

Многу е потрошено на задоволување на нашите желби, кои не ни донеле ништо добро, туку само штета. Ако сме свесни дека Бог е дарител на сите добра, дека парите му припаѓаат Нему, тогаш мудро ќе ги трошиме, во согласност со Неговата света волја. Светот со своите обичаи и мода нема да ни биде мерило. Ние не сакаме да ги прифатиме Неговите постапки; нема да дозволиме со нас да управуваат нашите склоности.[4]

Парите можеме да ги направиме средство за духовен напредок ако ги сметаме за свет залог, кој не треба да се троши за поттикнување на горделивоста, суетата, лакомоста и страста.[5]

Покажано ми е дека ангелот записничар верно го запишува секој дар кој Му е посветен на Бога и е ставен во Неговата ризница, како и крајните резултати кои се постигнати со помош на тие средства. Божјето око ја набљудува секоја лепта[*] посветена за Неговото дело, како и доброволноста на оној кој ја дава. Запишана е и желбата за давање.[6]

**Систематско давање на семејството. –** „Нека секој од вас остава кај себе и собира колку може“ (1. Коринќаните 16,2). Секој член на семејството, од најстариот до најмалиот, може да земе учество во ова дело на добрина... Планот за системско добротворно[**] давање ќе биде заштита за секое семејство од искушението да ги потроши парите за она што е непотребно, а за побога- *369*
тите ќе претставува благослов кој ќе ги зачува од расипништво.

Секој член на семејството кој го исполнува овој план, секоја седмица го потсетува семејството на Божјите барања. Бидејќи се одрекле од вишокот за да имаат средства кои ќе ги стават во ризницата, нивното срце прима важни поуки за самооткажувањето во слава на Бога. Еднаш неделно секој се соочува со она што го направил минатата седмица – приходот кој би можел да го има ако штедел и средствата што ги трошел на уживање. Неговата совест се буди пред Бога, па го фали или го осудува. Така учи дека мора да јаде, пие и да се облекува на Божја слава ако сака да ги зачува мирот во умот и Неговата наклоност.[7]

---

* грчка монета

** Овде се мисли на потребата од создавање планови што ги прифатила првата Црквата кога седмично издвојувала десетоци и дарови. – Издавачите

**Божјите барања на прво место. –** Божјите барања треба да се стават на прво место. Ние не ја исполнуваме Неговата волја ако Му го посветуваме она што преостанало од нашиот приход, бидејќи сме ги задоволиле сите свои нереални потреби. Пред да потрошиме нешто од својата заработувачка, треба да издвоиме и Нему да Му го предадеме делот што Му припаѓа. Во Стариот завет жртвата на благодарност постојано горела на олтарот, покажувајќи ја постојаната човекова обврска кон Бога. Ако сме напредувале во својата земна работа, тоа е затоа што Бог нè благословил. Дел од овој приход треба да го намениме за сиромашните, а поголем дел да го употребиме за Божјето дело. Кога на Бога ќе му го вратиме она што е Негово, остатокот ќе биде посветен и благословен за нашите потреби. Но кога човек му скусува на Бога, задржувајќи го она што Нему Му припаѓа, Неговото проклетство
370 ќе го погоди целиот приход.[8]

**Да не ги заборавиме сиромасите. –** Ако го претставуваме Христовиот карактер, од нашата душа мора да исчезне секое делче од себичноста. За да ја извршиме работата што ни ја доверил Господ, ќе биде потребно да ја дадеме секоја паричка од нашите средства која можеме да ја заштедиме. Ќе дознаеме за сиромаштијата и неволјите во семејствата и ќе мораме да им помогнеме на оние кои страдаат и патат. Малку ги познаваме човечките страдања кои постојат насекаде околу нас. Но, кога ќе ни се пружи можност, ние треба да бидеме подготвени да им пружиме непосредна помош на оние кои се во голема неволја.[9]

Трошењето на парите за раскош ги лишува бедните од средствата неопходни за задоволување на потребите од храна и облека. Тоа што се троши за задоволување на суетните желби, за модерна облека, луксузен мебел и украси, би можело да ги ублажи неволјите на многу несреќни семејства што страдаат. Божјите управители треба да им служат на бедните.[10]

**Божјиот лек против себичноста и алчноста. –** Давањето, кое е плод на самооткажувањето, е прекрасна помош за оној кој ја дава. Така ќе стекнеме воспитание кое нè оспособува подобро да го разбереме делото на Оној кој поминал правејќи добро, ублажувајќи ги страдањата и укажувајќи им помош на сиромашните.[11]

Постојаната дарежливост, втемелена на самооткажувањето, е Божји лек за смртоносните гревови на себичноста и алчноста. За да може Неговото дело да напредува и за да се задоволат потребите на оние кои страдаат и патат, Бог направил план за систематско давање. Тој одредил дека давањето треба да стане навика за да може да се уништи влијанието на опасниот и лукав грев на лакомост. Постојаното давање целосно ја уништува лакомоста. Бог одредил систематско давање за да им се одземе богатството на алчните исто толку брзо како што го стекнале, за да биде пос- 371
ветено на Господ кому и Му припаѓа...

Постојаното применување на Божјиот план за систематско давање ја слабее алчноста, а ја зајакнува дарежливоста. Кога се умножува богатството, тогаш срцата на луѓето, дури и на оние кои тврдат дека се побожни, се врзуваат за него; и колку повеќе имаат, толку помалку даваат во Господовата ризница. На тој начин богатството ги прави луѓето себични, додека трупањето на богатството ја потхранува алчноста. Така овие зла се зајакнуваат. Бог ја познава опасноста и затоа нѐ заштитил со средства за да нѐ спаси од пропаст. Тој бара да бидеме постојано дарежливи за моќта на добрите дела да ја скрши силата на себичноста.[12] 372

---

1. Education, p. 137
2. Letter 8, 1889
3. Letter 21, 1898
4. Letter 8, 1889
5. Letter 8, 1889
6. Testimonies for the Church, Vol. 2, pp. 518, 519
7. Id., Vol. 3, p. 412
8. Id., Vol. 4, p. 477
9. Manuscript 25, 1894
10. Review and Herald, Dec. 8, 1896
11. The Youth’s Instructor, Sept. 10, 1907
12. Testimonies for the Church, Vol. 3, p. 548

# Начела на семејните финансии

**Парите како благослов или проклетство. –** Парите не мораат да бидат проклетство; тие се голема вредност ако се употребат правилно: тие може да бидат од полза за спасување на ближните и благослов за оние кои се посиромашни од нас. Со непромислена и неразумна употреба... парите можат да станат стапица за оној што ги користи. Оној кој се служи со парите за да ги задоволи расипаноста и желбите, ги претвора во проклетство а не во благослов. Парите се постојан испит за човековите склоности. Оној кој стекнува повеќе отколку што му е потребно за неговите реални потреби, треба да бара мудрост и милост да го запознае и да го зачува своето срце за да нема нереални желби и да стане неверен управител кој расипнички би го потрошил она што Господ му го дал.

Кога пред сѐ го сакаме Бога, земните богатства ќе добијат соодветно место во нашиот живот. Ако понизно и сериозно се стремиме кон знаењето и способноста правилно да ги употребиме Господовите богатства, ќе примиме мудрост од горе. Кога срцето е склоно да се води според своите желби и побуди, кога мислиме дека парите можат да ни дадат среќа без Божјата наклоност, тогаш парите станувaат тирани кои господарат со човекот – ним им се укажува доверба и почит како на Бога. На неговиот олтар се жртвува честа, вистината, правдата и чесноста. Заповедите на Божјата реч остануваат на страна, а световните обичаи и навики, кои ги воспоставил царот Мамон, станувaат контролирачка сила.[1]

**Сигурноста при поседување сопствен дом. –** Кога до сега би се почитувале Божјите закони, колку би била поинаква сегашната состојба во светот, духовно, морално и материјално. Себич- 373
носта и вообразеноста не би се покажувале како денес, затоа што секој би мислел на среќата и доброто на другите... Наместо сиромашните да бидат потиснувани под железниот јарем на богатите угнетувачи, наместо другите да мислат и да планираат за нивните материјални и духовни потреби, тие би имале можност за независни одлуки и постапки.

Свесноста да бидат сопственици на свој дом би ги вдахнало со силна желба за подобар живот. Набргу самите би стекнале способност да планираат и да создаваат; нивните деца би стекнале навики на марливост и штедливост, а воедно ќе ги развијат во голем степен своите умствени способности. Тие би се чувствувале како луѓе а не робови, и би биле во состојба во голема мера да го вратат изгубеното самопочитување и моралната независност.[2]

Поучете го нашиот народ да ги остави градовите и да оди таму каде што може да обезбеди мало парче земја и да изгради дом за себе и за своите деца*.[3]

**Внимателно при продажбата на своите домови. –** Има сиромашни мажи и жени кои ми пишуваат прашувајќи ме за совет дали да ги продадат своите куќи и да ги дадат своите пари за делото. Тие велат дека повиците за приложување средства ги потикнале нивните души и дека би сакале да направат нешто за Учителот кој направил сè за нив. На таквите би им рекла: „Можеби ваша должност не е токму сега да ги продадете вашите мали домови; но одете сами пред Бога; Господ сигурно ќе ги слушне вашите сериозни молитви за мудрост за да ја разберете вашата должност.“[4]

Бог сега не ги бара куќите во кои треба да живее Неговиот народ; но, ако оние кои живеат во изобилие не го слушнат Неговиот глас, не се одвојат од светот и не се жртвуваат за Бога, Тој ќе 374
помине покрај нив и ќе ги повика оние кои се подготвени да направат сè за Исуса, дури и да ги продадат своите домови за да ги задоволат потребите на делото.[5]

---

* Овие совети се засновани на искуството од животните околности што владееле во тие години во САД. – Издавачите

**Пофалба за независноста –** Ваквиот вид на независност е за секоја пофалба: да се издржуваш самиот себеси и да не јадеш туѓ леб. Желбата да се издржуваме сами е благородна и возвишена. Навиките за марливост и штедливост се неопходни.[6]

**Според приходите. –** Има многумина кои не се навикнати да ги планираат своите трошоци во границата на своите приходи. Тие не научиле да се приспособуваат според можностите; постојано позајмуваат, запаѓаат во долгови и тогаш се обесхрабруваат.[7]

**Забележувајте ги своите трошоци. –** Навиките за угодување на желбите или недостатокот од тактичност и вештини од страна на жената и мајката може да биде причина за постојан недостиг од пари. Истовремено, мајката можеби си мисли дека го прави најдоброто што може бидејќи никогаш не научила да ги ограничува своите желби или желбите на своите деца и никогаш не стекнала вештина и искуство за водење на домаќинството. Така се случува некои семејства да трошат двојно повеќе од она што е доволно за друго семејство со ист број членови.

Сите треба да научат како се води книговодство. Некои го сметаат тоа за небитно, но не се во право. Сите трошоци треба точно да се запишат.[8]

**Злото кое произлегува од расипничките навики. –** На Господа Му беше мило да ми укаже на злото кое произлегува од расип-
375 ничките навики за да можам да ги советувам родителите да ги научат своите деца на строго штедење. Учете ги дека парите коишто ги потрошиле за она што не им е потребно не се правилно употребени.[9]

Ако имате расипнички навики, отстранете ги веднаш од својот живот. Ако не го направите тоа, ќе пропаднете за вечност. Навиките за штедење, марливост и умереност се подобри отколку богатиот мираз.

Ние сме гости и дојденци на Земјата. Да не ги трошиме своите средства на задоволување на желбите кои Бог сака да ги потиснеме. Својата вера да ја претставиме достојно со тоа што ќе ги ограничиме своите желби.[10]

**Родител, укорен поради расипништво. –** Ти не знаеш парите да ги трошиш штедливо, не си научил да ги потчинуваш своите

желби на можностите и да ги поставиш во границите на своите приходи... Имаш голема желба да бараш пари кои сакаш да ги користиш за задоволување на своите желби, а твоето учење и пример се покажале како проклетство за твоите деца. Колку малку се грижат за начелата! Тие сѐ повеќе и повеќе забораваат на Бога, сѐ помалку се плашат од Неговото негодување и стануваат понетрпеливи и невоздржани. Колку полесно се стекнуваат парите, толку е помало чувството на благодарност.[11]

**До семејството кое живее според своите можности. –** Вие сте должни да внимавате вашите трошоци да не ги надминуваат вашите приходи. Ограничете ги своите желби.

За жалење е што твојата сопруга е толку слична на тебе во трошењето на средствата и затоа не може да ти биде од помош, не може да внимава на малите трошоци за да ги избегне големите трошоци. При управувањето на вашиот дом постојано се создаваат непотребни трошоци. Твојата сопруга сака децата да бидат облечени скапо, а тоа е надвор од вашите можности и затоа кај 376
нив се негуваат вкусови и навики кои ќе ги направат горделиви и суетни. Ако ги научите поуките за штедењето и ја согледате опасноста од ваквата употреба на пари за себе, за своите деца и за Божјето дело, вие ќе стекнете искуство кое е суштествено за усовршување на вашиот христијански карактер. Ако не стекнете такво искуство, вашите деца ќе носат печат на погрешно воспитување до крајот на животот...

Не ви советувам да ги натрупувате средствата – тоа за вас би било тешко да го направите – но и на двајцата ви советувам повнимателно да ги трошите своите пари и со секојдневен пример да ги научите децата на поуките за штедење, самооткажување и умереност. Поучувајте ги со совети и примери.[12]

**Повик на самооткажување. –** Брате и сестро, покажано ми е дека уште многу треба да научите. Вие не живеете во границите на своите можности. Не сте научиле да штедите. Кога ќе заработите повеќе, не знаете како да ги искористите тие пари разумно. Им попуштате на вкусот и на апетитот наместо на разумот. Понекогаш ги давате парите за храна, која вашите браќа не можат ниту да си дозволат да ја купат. Парите лесно истекуваат од ва-

шиот цеб... Самооткажувањето е лекцијата која и двајцата треба да ја научите.[13]

Родителите треба да научат да живеат во границите на своите приходи. Преку совет и пример тие треба да ги научат децата да ја негуваат особината на самооткажување. За да имаат време за умствен развој и духовна култура, нивните желби треба да бидат помали и скромни.[14]

**Попуштањето не е израз на љубов. –** Не воспитувајте ги своите деца да мислат дека вашата љубов кон нив треба да се изразува првенствено за задоволување на нивната горделивост, пре-
377 терување и желба за покажување. Сега не е време да пронаоѓаме начини како да ги потрошиме парите. Употребете ги своите творечки способности за да изнајдете разумни начини за штедење.[15]

**Штедење во согласност со дарежливоста. –** Природна склоност на младите од овој век е да не се грижат и да ги презираат начелата на штедење, кои ги поистоветуваат со тесноградоста. Начелото на штедење е во согласност со најшироките и најблагородни гледишта и чувства; нема вистинска дарежливост доколку не е покажана на дело. На никој нека не му биде под чест да ги проучува начините на штедење и можностите како да го зачува спечаленото.[16]

**Друга крајност – неразумно штедење. –** Не го почитуваме Бога кога сме небрежни кон телото или го злоупотребуваме и на тој начин правиме да стане неспособно за Неговата служба. Да се грижиме за телото, снабдувајќи го со храна која е вкусна и закрепнува, тоа е една од првите должности на главата на семејството. Многу е подобро да трошиме помалку за облека и мебел отколку да штедиме на храна.

Некои домаќини ограничено го хранат своето семејство за да можат што подобро да ги нагостат посетителите. Тоа не е мудро. Пречекувањето на гостите треба да биде многу поскромно. Да им посветиме најголемо внимание на потребите на семејството.

Неразумното штедење и извештачените обичаи често го спречуваат укажувањето гостопримство онаму каде што е потребно и каде што би било на благослов. Редовните оброци на нашата маса треба да бидат такви што неочекуваниот гостин секогаш ќе

биде добредојден, а домаќинката нема да биде оптоварена да готви посебни јадења.[17]

Нашето штедење никогаш не смее да нè наведе да имаме сиромашни оброци. Учениците треба да имаат здрава храна во из- 378
обилие. Но оние кои се одговорни за приготвувањето на храната треба да ја соберат храната што останала на трпезата за да не пропадне ништо.[18]

Штедењето не е скржавост, туку разумно трошење на средствата бидејќи треба да се изврши поголемо дело.[19]

**Снабдете ја сопругата со средства кои ќе ѝ ја олеснат работата. –** Семејството на братот Е. живее во согласност со начелата на најстрого штедење... Братот Е. свесно решил да не ја прави соодветната дрвенарија во кујната за своето големо семејство, затоа што не се смета за слободен да ги потроши парите за лични потреби, кога на Божјето дело му се потребни парите за да напредува. Настојував да му објаснам дека домот треба да го направи пријатен за здравјето и доброто на неговите деца и да обезбеди средства со кои ќе ѝ ја олесни работата на својата сопруга.[20]

**Парите за лична потреба на сопругата. –** Вие морате да си помагате еден на друг. Не сметајте го за доблест стискањето на новчаникот и скратувањето пари на својата сопруга.[21]

Секоја седмица давај ѝ на својата сопруга одредена сума пари и дозволи ѝ со нив да направи што сака. Ти сè уште не си ѝ дал можност да го развие својот такт и вкус, затоа што не ја сфаќаш положбата што треба да ја заземе жената во домот. Твојата сопруга има многу проникли и добро урамнотежен ум.[22]

Давај ѝ на сопругата дел од парите што ги добиваш. Таа нека има свои лични средства и нека ги употреби како што сака. Нејзе требало да ѝ дозволиш да ги користи парите што ги заработила, онака како што смета дека е најдобро. Кога би можела да ги користи онака како што мисли без приговори, нејзиниот дух би се ослободил од голем товар.[23] 379

**Мислете на удобноста и здравјето. –** Братот П. не ги искористил мудро своите материјални средства. Зрелото размислување не влијаело толку на него колку гласовите и желбите на неговите

деца. Тој не ги цени правилно средствата со кои располага и ги троши скржаво за најнеопходните нешта, токму оние кои се неопходни за удобноста и здравјето. Во овој поглед целото семејство мора да се поправи. Во домот се потребни многу работи за удобен живот. Таму каде што нема ред и организација при извршувањето на домашните должности, се претрпува штета и се работи без успех.[24]

Не можеме да го направиме срцето почисто или посвето ако го облекуваме телото во вреќишта или ако го лишиме домот од сето она што ќе го направи удобен и пријатен.[25]

Бог не бара од својот народ да се лиши од она што е навистина потребно за неговото здравје или удобност, но исто така не ги одобрува суетноста, претерувањето и расфрлањето.[26]

**Разумно постапување со парите. –** Вие треба да научите кога да штедите а кога да трошите. Не можеме да бидеме Христови следбеници ако не сме се откажале од самите себе и не сме го зеле крстот. Да исплатиме што сме должни; да ги покриеме своите потреби; за она што ќе ни остане да кажеме дека е наше. Соберете ги малите трошоци, сè што сте потрошиле за задоволување на себичните желби. Размислете за она што сте го потрошиле да го задоволите својот вкус и погрешно изграден апетит. Парите што сте ги потрошиле за непотребните слатки, би можеле да ги употребите за зголемување на удобноста во својот дом. Не бидете скржави; бидете чесни кон себе и кон своите браќа. Скржавоста е злоупотреба на Божјите дарови. Расипништвото е исто така зло-
380 употреба. Малите трошоци, кои сметате дека не се вредни да се споменат, на крајот стануваат голема сума.[27]

**Посветеното срце добива помош. –** Не е потребно во детали да опишуваме како се штеди. Оние кои го посветиле своето срце на Бога, кои за свој водач ја земаат Божјата реч, ќе знаат како да се однесуваат кон сите животни должности. Тие ќе учат од Исуса, кој е понизен и кроток во срцето; негувајќи ја Христовата кро-
381 тост, тие ќе ја затворат вратата на многубројните искушенија.[28]

1. Letter 8, 1889
2. Historical Scetches of S. D. A. Foreign Missions, pp. 165, 166
3. General Conference Bulletin, April 6, 1903
4. Testimonies for the Church, Vol. 5, p. 734
5. Review and Herald, Sept. 16, 1884
6. Testimonies for the Church, Vol. 2, p. 308
7. Review and Herald, Dec. 19, 1893
8. Gospel Workers, p. 460
9. Christian Temperance and Bible Hygiene, p. 63
10. Review and Herald, Dec. 24, 1903
11. Letter 8, 1889
12. Letter 23, 1888
13. Testimonies for the Church, Vol. 2, pp. 431, 432
14. Review and Herald, June 24, 1890
15. Testimonies for the Church, Vol. 6, p. 451
16. Id., Vol. 5, p. 400
17. Ministry of Healing, p. 322
18. Testimonies for the Church, Vol. 6, p. 209
19. Letter 151, 1899
20. Letter 9, 1888
21. Letter 65, 1904
22. Letter 47, 1904
23. Letter 157, 1903
24. Testimonies for the Church, Vol. 2, p. 699
25. Review and Herald, May 16, 1882
26. Review and Herald, Dec. 19, 1893
27. Letter 11, 1888
28. Christian Temperance and Bible Hygiene, p. 63

*Шеесет и втора глава*

# Спроведете го штедењето

**„Соберете ги остатоците.“ –** Во една пригода Христос им дал на учениците поука за штедењето, поука која го заслужува нашето внимание. Направил чудо кога нахранил илјадници гладни кои го слушале Неговото поучување; но кога сите биле нахранети и заситени, Тој не дозволил да се фрлат остатоците. Тој, кој можел да го нахрани мноштвото со својата божествена сила, им заповедал на своите ученици да ги соберат остатоците, ништо да не пропадне. Оваа поука е исто толку корисна за нас како и за луѓето од она време. Божјиот Син се грижел за потребите на земниот живот. Тој не ги заборавил скршените парчиња по гозбата, иако таква гозба можел да направи кога и да сакал.[1]

Поуките на Исуса Христа мора да ги примениме во сите облици од практичниот живот. Штедењето мора да го спроведеме во сè. Мораме да ги собереме парчињата, за ништо да не пропадне. Постои религија која не го допира срцето и која затоа станува форма изразена со зборови. Таа не е внесена во практичниот живот. Верските должности и најголемата човечка мудрост во деловниот живот мораат да се здружат.[2]

**Следете го Христа во самооткажувањето. –** За да се запознае со разочарувањата, нападите и искушенијата кои ги погаѓаат човечките суштества, Христос се спуштил до најдлабокото страдање и понижување. Тој го изминал патот по кој сакал да појдат Неговите следбеници. Тој им рекол: „Ако некој сака да врви по Мене, нека се одрече од себе, нека го земе својот крст и нека Ме следи“ (Матеј 16,24). Меѓутоа, христијаните не се секогаш расположени да го прифатат самооткажувањето на кое повикува Спа-
382 сителот. Тие не се подготвени да се откажат од своите желби за да можат да му дадат повеќе на својот Господ. Човекот вели: „Мо-

ето семејство има големи барања и мене ми треба многу за да го издржувам.“ Ова покажува дека тој и неговите домашни треба да добијат поука за штедењето, на кое ги учи Христовиот живот...

Секој е изложен на искушение да ги задоволи себичните и претерани барања, но секогаш треба да имаме на ум дека Господ на животот и славата дошол на оваа Земја да го поучи човештвото со поуки на самооткажување.[3]

Оние кои не живеат за себеси, нема да ги потрошат сите пари за да ги задоволат своите нереални желби и потреби, туку ќе имаат на ум дека се Христови следбеници и дека и на другите им е потребна храна и облека.[4]

**Штедете за потребите на Божјето дело. –** На младите треба да им се каже дека тие имаат предност да го помогнат Божјето дело така што ќе примаат поуки за штедење и самооткажување. Многумина мислат дека мораат да ги задоволат своите барања и за да го постигнат тоа, се навикнуваат да живеат така што ќе го потрошат сето она што го заработиле. Бог сака да бидеме подобри во овој поглед. Грешиме против себе кога сме задоволни што имаме доволно за јадење, пиење и облека. Бог има нешто повозвишено за нас. Ако сме расположени да се откажеме од себичните желби и ако сите свои сили на срцето и умот ги посветиме за Божјето дело, небесните орудија ќе соработуваат со нас – да станеме благослов за човештвото.

Младите кои се вредни и штедливи, иако можеби сиромашни, можат многу да заштедат за Божјето дело.[5]

**Кога сме во искушение да потрошиме. –** Кога сте во искуше-
ние да ги потрошите парите на ситници, имајте на ум дека Хрис- 383
тос покажал самооткажување и пожртвуваност за да го спаси паднатиот човек. Да ги учиме нашите деца да покажат самооткажување и самосовладување. Многу проповедници имаат финансиски проблеми бидејќи не се откажуваат од својот вкус, апетит и склоности. Мнозина мажи материјално пропаѓаат и нечесно ги трошат средствата затоа што се обидуваат да ги задоволат претераните желби на своите жена и деца. Татковците и мајките треба внимателно, со совет и пример, да ги учат своите деца да штедат![5]

Би сакала во секој ум да врежам свест дека трошењето на Господовите пари на неумерени желби е страшен грев. Трошењето на сумите што изгледаат мали, може да поттикнат низа ситуации кои ќе стигнат до самата вечност. Кога ќе дојде судот и книгите ќе се отворат, вам ќе ви се открие загубата – доброто кое сте можеле да го направите со натрупаните помали или поголеми суми. Но вие сте ги пропуштиле тие драгоцени мигови и сте ги употребиле исклучиво за себични цели.[7]

**Внимавајте и на секоја ситна паричка. –** Не трошете ги дури ни ситните пари за купување непотребни работи. Можеби мислите дека овие толку мали суми не претставуваат голема вредност, но овие ситници ќе се покажат како голема целина. Кога би можеле, ние би ве замолиле да не се трошат средствата за непотребни работи, за облека и себични желби. На сите страни постои сиромаштија во различни форми. Бог ни ја доверил должноста на кој било начин да ги ублажиме страдањата на човештвото.

Господ сака Неговиот народ да биде внимателен и грижлив. Тој
384 сака да се негува сестрано штедење и ништо да не се расфрла.[8]

Парите кои секојдневно ги трошите на непотребни работи: „Тоа е само денар“, изгледаат малку; но обидете се овие ситници да ги помножите со деновите во една година, па како минуваат годините, бројките ќе изгледаат неверојатни.[9]

**Не имитирајте ги модерните соседи. –** Не е најдобро да се правиме богати или она што не сме – ние сме понизни следбеници на кроткиот и понизен Спасител. Да не се вознемируваме ако нашите соседи градат и ги опремуваат своите куќи на начин кој ние не можеме да го следиме. Како треба да гледа Исус на нашите себични постапки во попуштањето на апетитот, угодувањето на гостите или задоволувањето на личните склоности?! За нас може да биде вистинска стапица ако се стремиме кон расфрлање, или ако тоа им го дозволиме на децата за кои сме одговорни.[10]

**Лично искуство од детството на Е. Г. Вајт. –** Уште во дванаесеттата година знаев што значи да се штеди. Со мојата сестра изучив занает; иако дневно заработувавме само дваесет и пет центи,

од таа сума успеавме да заштедиме малку како дар за мисијата. Така штедевме малку по малку, додека не собравме триесет долари. И кога веста за скорешното Господово доаѓање стигна до нас проследена со повик до луѓето и нивните средства, ние му ги дадовме на татко ни триесетте долари со молба да ги вложи во трактати и брошури, за да може веста да допре до оние кои живеат во духовна темнина...

Со парите кои ги заработивме, јас и сестра ми си купивме облека. Ги дадовме нашите пари на мајка ни, велејќи ѝ: „Купи ни таква облека за да преостане нешто од парите и за проповедање на Евангелието." Таа ни ја исполни желбата и на тој начин нè воспита да мислиме за Божјето дело.[11] *385*

**Почитувајте ги начелата на штедењето. –** Оние чии раце се подготвени да дадат средства за поддржување на Божјето дело и да ги ублажат неволјите на страдалниците и гладните, нема да се покажат како невнимателни, безгрижни и скржави. Тие секогаш ќе настојуваат нивните трошоци да бидат во согласност со нивните приходи. Тие го почитуваат начелото за штедење; затоа што чувствуваат должност дека треба да заштедат за да имаат што да дадат.[12] *386*

---

1. Testimonies for the Church, Vol. 4, pp. 572, 573
2. Manuscript 31, 1897
3. Letter 4a, 1902
4. Review and Herald, Aug. 21, 1894
5. The Youth's Instructor, Sept. 10, 1907
6. Letter 11, 1888
7. Review and Herald, Aug. 11, 1891
8. Letter 21, 1898
9. Christian Temperance and Bible Hygiene, p. 63
10. Letter 8, 1889
11. The Youth's Instructor, Sept. 10, 1907
12. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 573

# Учете ги децата како да заработуваат и како да ги трошат парите

**Едноставни навики во секојдневниот живот. –** Родителите се должни да ги подигнат, да ги воспитуваат и учат своите деца да ги стекнат навиките на самоконтрола и самооткажување. Имено, тие се должни постојано да им зборуваат на децата за нивната обврска да ја слушаат Божјата реч и да живеат за да му служат на Исуса. Тие се должни да ги воспитаат своите деца дека е неопходно да живеат скромно во секојдневниот живот и да избегнуваат скапа облека, скапа храна, скапи куќи и скап мебел.[1]

Уште додека се мали, децата треба да научат да читаат, да пишуваат, да ги знаат бројките и да умеат да ги водат своите лични сметки. Во ова знаење нека напредуваат чекор по чекор. Но, пред сѐ, треба да бидат поучени дека стравот од Бога е почетокот на мудроста.[2]

**Младите и семејните приходи. –** Младите луѓе се изложени на многу опасности поради погрешното сфаќање на прашањето за употребата на парите. Тие не треба да носат со себе многу пари и да имаат чувство дека треба да им бидат дадени веднаш, како да постои некој неисцрпен извор од кој можат да земаат постојано за да ја задоволат секоја своја замислена потреба. Парите треба да ги сметаме како дар кој ни е доверен од Бога за извршување на Неговото дело, за градење на Неговото царство и младите мораат да научат да ги контролираат своите желби.[3]

Не дозволувајте да пројавувате многу желби, особено ако е ограничен домашниот приход. Усогласете ги своите желби со

можностите на родителите. Господ ќе ги признае и ќе ги пофали вашите несебични напори... Бидете верни и кога имате малку. То- 387
гаш нема да бидете во опасност да ги запоставите големите одговорности. Божјата реч објавува: „Кој е верен во малку, верен е и во многу."[4]

**Откријте им ја вредноста на парите. –** Младите не ги ценат парите до кои доаѓаат без никаков напор од своја страна. Некои мораат да заработуваат пари со голем труд и откажување, но колкумина од младите го знаат потеклото на парите што ги трошат? Колкумина од нив знаат колку чини нивната облека и храна и колку е потребно за да се купи и одржува еден дом?

Постојат многу начини децата да заработат пари и да учествуваат во донесување на дар на благодарност на Исуса, кој за нив го дал својот живот... Тие мораат да бидат поучени дека парите што ги заработиле не се нивни и дека не можат да ги потрошат онака како што сака нивниот неискусен ум, туку да ги употребат разумно и да одвојат за потребите на евангелието. Тие не смеат да бидат задоволни со тоа што ќе земат пари од таткото или од мајката и ќе го стават во кошницата за дар, затоа што тие пари не се нивни. Тие треба да си речат себеси: „Дали да дадам од она што не сум го заработил?"[5]

Има случаи кога неразумно им нудиме помош и им правиме лоша услуга на нашите деца. Оние кои работат за да се школуваат сами, повеќе ги ценат парите од децата кои чекаат сѐ на готово бидејќи парите ги печалат со труд и ја знаат нивната вредност. Ние не смееме да ги носиме своите деца на грб, и тие да станат товар на семејството. [6]

Родителите погрешно ја разбираат својата должност кога без проблем му даваат пари на еден млад човек, кој има физички сили да се школува за проповедник или лекар, пред да стекне искуство во некоја полезна, напорна работа.[7] 388

**Поттикнете ги децата самите да заработуваат. –** Децата, кои живеат надвор од градот, можат да имаат мало парче земја кое ќе им послужи како градина. Детето треба да биде поучено да ја искористи таа земја за да заработи средства кои ќе ги даде за Божјето дело. Ова можат да го прават и момчињата и девојчињата; ако

правилно се поучени, тоа ќе им помогне да ја сфатат вредноста на парите и да научат штедливо да ги употребуваат. Покрај издвојувањето пари за евангелското дело, овие деца можат да помогнат при купувањето на своите облеки и затоа треба да ги охрабрите да го прават тоа.[8]

**Не дозволувајте неразумно трошење.** – О колку пари се потрошени за некорисни предмети во куќата, за тантели и раскошни фустани, за слатки и сѐ друго што не ни е неопходно! Родители, учете ги своите деца дека не е исправно да се трошат Божјите пари за лични уживања... Поттикнете ги да го зачуваат секој денар, секогаш кога тоа е можно, за да го употребат во евангелското дело. Практикувајќи самоконтрола, тие ќе стекнат богато искуство. Таквите поуки ќе ги заштитат од стекнување навики на неумереност.[9]

Децата можат да научат да ја покажат својата љубов кон Христа кога се откажуваат од непотребните ситници, за кои трошат многу пари. Ова треба да се направи во секое семејство. За тоа се потребни тактика и методи, но тоа ќе биде најдоброто воспитување што можат да го добијат децата. Кога сите мали деца би ги принеле своите дарови на Господа, нивните дарови би биле слични на поточиња кои, соединети, станувааат голема река.[10]

Поставете мала кутија на полица или на некое безбедно но видно место, во која децата ќе можат да ги ставаат своите дарови за
389 Господа... Така тие можат да се воспитуваат за Бога.[11]

**Учете ги децата да ги даваат своите десетоци и приноси.** – Не само што Господ го смета десетокот за свој туку и ни кажува како да го одделиме за Него. Тој вели: „Почитувај го Господа со својот имот и со првините на сиот свој приход.“ Тука не се вели дека треба нашите средства да ги потрошиме за себе, а остатокот да го даваме на Господа, иако десетокот е веќе одвоен. Да го одвоиме прво она што е Божје. Упатството што Светиот Дух ни го дал преку апостол Павле за нашите дарови, претставува начело кое се однесува и на десетокот: „во секој прв ден од седмицата секој од вас да оддели и остави кај себе колку што може“ (1. Коринќаните 16,2). Ова ги опфаќа и родителите и децата.[12]

**Грешка на богатите татковци. –** Условите во кои може да се најде едно дете често посилно влијаат врз него отколку родителскиот пример. Има богати луѓе кои од своите деца очекуваат да бидат како нив кога биле млади, а кога не успеваат во тоа, ја обвинуваат расипаноста на денешнината. Меѓутоа, тие немаат право да го очекуваат тоа од своите деца ако не им создале слични можности на оние во кои самите живееле. Животните услови го направиле таткото она што е денес. Во својата младост бил притиснат со сиромаштија и морал да работи вредно и упорно. Неговиот карактер е обликуван во суровото училиште на сиромаштијата. Тој бил принуден да биде скромен во своите барања, вреден во својата работа и воздржан во својот вкус и желби. Тој морал да ги впрегне сите свои способности за да заработи за храна и облека. Морал да штеди.

Денес татковците се трудат да им овозможат изобилен живот на своите деца и тие не започнуваат оттаму од каде што започнале нивните родители. Тоа е честа грешка на побогатите татковци. Ако имаат можност децата да учат во истото училиште во кое учеле нивните родители, тие би станале полезни како нив.
Татковците ги промениле животните услови на своите деца. Сиро- 390
маштијата била учител на таткото; а синот сега е опкружен од изобилие и живее во благосостојба. Сите негови потреби се задоволени. Карактерот на татко му е оформен како резултат на строга дисциплина во штедењето; тој умеел да го цени секое, дури и најмалото добро. Навиките и карактерот на неговиот син нема да се оформат од условите кои постоеле во минатото, туку од условите кои постојат сега – удобност и попуштање... Кога синот е свикнат да живее во луксуз, како ќе се откаже од него?[13]

**Најдобро наследство за децата. –** Најдоброто наследство што можат родителите да им го дадат на своите деца е познавањето на корисната работа и примерот од животот обележан со несебична добродетел. Со таков живот тие ја покажуваат вистинската вредност на парите, ценејќи ги само по доброто кое го постигнуваат за задоволување на нивните потреби и потребите на другите, како и за напредок на Божјето дело.[14] 391

1. Letter 4a, 1902
2. Review and Herald, Aug. 21, 1894
3. The Youth's Instructor, Sept. 10, 1907
4. Letter 11, 1888
5. Review and Herald, Aug. 11, 1891
6. Letter 21, 1898
7. Christian Temperance and Bible Hygiene, p. 63
8. Letter 8, 1889
9. The Youth's Instructor, Sept. 10, 1907
10. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 573
11. Review and Heald, Nov. 13, 1894
12. Counsels to Teachers, Parents, and Students, pp. 168, 169
13. Testimonies for the Church, Vol. 6, pp. 214, 215
14. Manuscript 2, 1903
15. Letter 11, 1888
16. Letter 50, 1895
17. Letter 103, 1900
18. Letter 356, 1907
19. The Youth's Instructor, Nov. 1, 1904
20. Review and Herald, Dec. 25, 1900
21. Manuscript 128, 1901
22. Review and Herald, Nov. 10, 1896
23. Manuscript 58, 1899
24. Testimonies for the Church, Vol. 3, p. 399

# Чесност во работата

**Библијата како учебник за работните начела. –** Нема ниту една законска професија за која Библијата не ја нуди неопходната, животно важна подготовка. Нејзините начела на трудољубивост, чесност, штедливост, воздржаност и владеење со себеси и непорочност се тајната за вистинскиот успех. Овие начела, кои се прикажани во Соломоновите изреки, претставуваат ризница и извор на практичната Мудрост. Каде може трговец, занаетчија, директор на кое било деловно подрачје да најде подобри совети за себе или за своите работници од оние кои се содржани во мислите на овој мудар човек:

„Си видел ли вешт и искусен човек во својата работа? Тој ќе служи на цареви, нема да остане меѓу простите.“ (22,29)

„Од секој труд има добивка, а празните зборови водат кон сиромаштија.“ (14,23)

„Душата на мрзливиот посакува, но напразно.“ (13,4)

„Зашто пијаницата, и оној што се прејадува, ќе осиромашат, а сонливоста ќе ги облече во партали.“ (23,21)

Многумина би можеле да го избегнат паричниот неуспех и пропаста кога би ги послушале опомените кои толку често се повторувани и нагласувани во Писмото:

„Кој брза да се збогати, нема да остане без казна.“ (28,20)

„Богатството, спечалено со беззаконие, се намалува, а кој собира со труд, го зголемува.“ (13,11)

„Богатство добиено со лажлив јазик е суета, која брзо одминува кај оние што ја бараат смртта.“ (21,6)

„Должникот станува роб на заемодавецот“ (22,7)

„Кој се застапува за друг, зло си донесува, а кој го мрази давањето гаранција, тој е во безопасност“ (11,15).[1] 392

Осмата заповед осудува... крадење и ограбување. Таа бара совршена чесност и во најмалите ситници во животот. Таа забранува подметнување во трговијата и бара плаќање на реалните долгови и заслужената плата.[2]

**Нечесноста го расипува умот и карактерот. –** Секој кој се служи со лаги и измами, го губи своето сопствено достоинство. Тој можеби не е свесен дека Бог го гледа и дека е запознаен со секоја трговска зделка и дека светите ангели ги мерат неговите побуди и ги слушаат неговите зборови и дека неговата награда ќе му биде дадена според неговите дела. Дури и кога би успеал да ги скрие своите зли дела од човечките и од божествените очи, фактот дека тој го знае тоа, му го расипува умот и карактерот. Само една постапка не го одредува карактерот, но таа ја урива оградата и следното искушение многу полесно ќе дојде, сè додека не се создаде навика да се изопачат фактите и да се постапува нечесно во работата. Постепено, довербата во таквиот човек исчезнува.[3]

Како што постапуваме со нашите блиски служејќи се со ситни, нечесни постапки или многу посмели измами, исто така ќе постапуваме и кон Бога. Луѓето кои упорно одат по патот на нечесноста, ќе ги спроведуваат своите начела сè додека не ја измамат својата душа и не го изгубат небото и вечниот живот. Тие ќе ги жртвуваат честа и верата само да стекнат некоја мала надмоќ што има ја нуди светот.[4]

**Избегнувајте ги долговите. –** Многу семејства се сиромашни само затоа што трошат повеќе од тоа со што располагаат.[5]

Морате да внимавате да не управувате со своите работи така што ќе се вовлечете во долгови... Кога некој ќе западне во долг, тој западнал во мрежата што сатаната им ја поставува на душите...

Земањето и трошењето на парите за некаква цел, пред да се
393 спечалат, претставува стапица.[6]

**Да се живее според приходите. –** Не смееш да дозволиш да се заплеткаш во финансиски долгови, зашто самиот факт дека должиш, ќе ја ослаби твојата вера и ќе те обессили. Дури и самата помисла на тоа, те доведува до лудило. Мораш да ги намалиш своите трошоци и да се стремиш да го поправиш овој недостаток во својот карактер. Ти можеш и треба да преземеш сериозни

напори за да ја контролираш својата склоност да трошиш повеќе пари отколку што заработуваш.[7]

**Срам за Божјето дело. –** Светот има право да очекува строга чесност од оние кои се нарекуваат библиски христијани. Поради небрежноста на еден верник во однос на плаќањето на своите долгови, може да се создаде впечаток дека сите наши верници се недостојни за доверба.[8]

Оние кои се стремат кон побожност, треба да служат на чест на науката која ја исповедаат и не треба да дозволуваат да се нарушува вистината поради нивното непримерно однесување. „Не бидете никому ништо должни“, вели апостолот.[9]

**Совет до еден должник. –** Биди решен никогаш да не направиш друг долг. Подобро е да се откажеш илјадници пати од своите желби отколку да паднеш во долг. Ти постојано си живеел во долгови. Тоа бил твојот начин на живот. Бегај од тоа како од чума.[9]

Направи свечен завет со Бога дека со Негов благослов ќе ги исплатиш сите долгови и избегнувај да должиш кому било, дури и да живееш само од каша и леб. Толку е лесно во поставувањето на масата од својот џеб да извадиш уште некој денар повеќе за некој додаток. Води грижа за ситните пари, па и крупните ќе се погрижат за себе. Тука денар, таму денар, потрошени за ова или за она, наскоро ќе прераснат во големи суми. Додека се соочуваш со долгови, лиши се себеси од сè... Не колебај се, не очајувај, не се враќај назад. Откажи се од сè, контролирај си го апетитот, откажи се од склоноста да си угодуваш, зачувај го секој денар и плаќај си ги долговите. Настојувај да го направиш тоа што 394
побрзо. Кога ќе успееш да се ослободиш од долговите, не должејќи никому ништо, тогаш си извојувал голема победа.[10]

**Имајте обсири кон несреќните должници. –** Ако видите дека некој е во долгови и навистина не е во можност да ги исполни своите обврски, не принудувајте го да го прави она што не е во состојба. На таквите треба да им се даде прилика да се ослободат од своите долгови и да ги спречите да дојдат во ситуација да не се во состојба сами да се ослободат од долгот. Иако таквата постапка се чини праведна, тоа не е Божјата милост и љубов.[11]

**Опасност од крајности. –** Некои не се доволно внимателни и се вовлекуваат во долгови кои можат да ги избегнат. Други покажуваат претпазливост која се граничи со неверство. Користејќи ги околностите, одвреме-навреме можеме да вложиме пари за да го зајакнеме и подигнеме Божјето дело, а сепак да се држиме строго до исправните начела.[12] 395

---

1. Education, pp. 135, 136
2. Patriarchs and Prophets, p. 309
3. Testimonies for the Church, Vol. 5, p. 396
4. Review and Herald, Sept. 18, 1888
5. Counsels on Stewardship, p. 269
6. Letter 63, 1897
7. Letter 48, 1888
8. Testimonies For The Church 5, 179.
9. Id., ., 5:181, 182.
10. Counsels on Stewardship, p. 257
11. Manuscript 46, 1900
12. Manuscript 20, 1891

*Шеесет и петта глава*

# Подготовка за иднината

**Штедењето наспроти расипништвото. –** Братот и сестрата Б. не ја научиле лекцијата за штедење. Тие трошат сè што имаат, дури и да е навистина многу. Уживаат додека можат, но кога наидуваат проблеми, тогаш се наполно неподготвени... Ако беа штедливи и добри домаќини, ограничувајќи си ги желбите, братот и сестрата Б. можеа да имаат свој сопствен дом и при тоа да заштедат средства во случај на неволја. Меѓутоа, тие не штеделе, како што правеле другите од кои одвреме-навреме зависеле. Ако не ги научат овие поуки, нивниот карактер нема да биде совршен на Божјиот ден.[1]

**Овој совет може да ви помогне. –** Ти имаше работа која одвреме-навреме ти носеше голема заработувачка. Кога ги заработи средствата, ти ги потроши на измислени потреби и излишни нешта, не ги зачува за времето кога нема да можеш да заработуваш така лесно. Кога ти и твојата сопруга би ја сфатиле должноста што Бог ви ја доверил, да се откажете од своите желби и да мислите повеќе за иднината, наместо да живеете само за сегашноста, денес би имале доволно средства за живот и вашето семејство би можело да живее удобно. Ти треба да ја научиш оваа важна лекција... Настојувај така да управуваш со парите за тие да траат подолго.[1]

**Планско штедење. –** Кога би штедел како што треба, денес можеше да имаш голем капитал кој би го употребил во случај на непредвидени ситуации и да помогнеш на Божјето дело. Секоја седмица треба да одвоиш дел од својата заработувачка и во никој 396
случај да не ја трошиш, освен за голема потреба или да ги вратиш даровите на Дародавецот...

Средствата кои си ги заработил не се мудро и економично потрошени за да остане нешто за во случај на болест, а твоето семејство е лишено од средствата кои ги носиш за издржување. Твоето семејство мора да има нешто на што ќе се потпре во случај да искрснат непредвидени околности.[3]

**Совет за едно семејство. –** Секоја недела треба да оставиш на некое сигурно место пет до десет долари, кои нема да ги трошиш освен во случај на болест. Ако штедиш, ќе имаш нешто и од каматата. Со мудро работење, ќе задржиш нешто кога ќе ги платиш своите долгови.[4]

Познавам семејство кое заработува дваесет долари неделно и ги троши до последна паричка, додека друго семејство со ист број членови заработува само дванаесет долари седмично, но успева да одвои на страна еден-два долара неделно; тие успеаја во тоа, одрекувајќи се од купувањето работи кои не се толку неопходни, но без кои сепак може да се живее.[5]

**Осигурајте го имотот со тестамент. –** Оние кои се верни управители со Господовите средства, треба да знаат точно како стојат нивните работи и како мудри луѓе да бидат подготвени за непредвидени случаи. Доколку времето на милост за нив ненадејно заврши, тие нема да оставаат низа тешкотии на оние кои ќе го наследат нивниот имот.

Многумина воопшто не мислат да се погрижат за своето наследство додека сè уште ги служи добро здравје. Но нашите браќа мораат да преземат соодветни мерки. Тие треба да ја познаваат својата материјална состојба и да не дозволат нивните работи да
397 се заплеткаат. Тие се должни прашањето за својот имот да го уредат така што ќе можат во секое време да го остават.

Тестаментот треба да се направи така што ќе биде законски исправен. Откако ќе се потпише, таквиот тестамент може со години да ја зачува својата валидност и нема да има никаква опасност да ја загуби валидноста ако се наложи да се направат некакви дополненија во врска со него. Браќа, смртта нема да дојде еден ден порано само затоа што сте го направиле својот тестамент. Делејќи го со тестамент својот имот на роднините, не заборавајте го Божјето дело. Вие сте Негово орудие, управители на

Неговиот имот и затоа Неговите барања треба да добијат прво место. Се разбира, вашата сопруга и децата не треба да останат без ништо; ако се во сиромаштија, треба да се погрижите за нив. Во својот тестамент не внесувајте долга листа на имиња на свои роднини кои не се во сиромаштво, само затоа што тоа е вообичаено. [6]

**Имајте го на ум Божјето дело. –** Никој нека не мисли дека ќе ја стекне Христовата мудрост ако за време на својот живот натрупува богатство, а потоа, пред да умре, да направи тестамент дел од тоа богатство да се искористи за некоја добротворна цел.[7]

Некои во текот на својот живот себично ги задржуваат своите средства верувајќи дека ќе го поправат своето занемарување ако во тестаментот се сетат за Божјето дело. Но ниту половина од тоа што е одвоено не се користи за она што е наменето. Браќа и сестри, вложувајте сами во небесната ризница и не препуштајте ја својата управителска служба на друг.[8]

**Неразумно пренесување на одговорностите. –** Родителите треба да се плашат да им ги доверат на своите деца материјалните богатства што им ги дал Бог, доколку немаат сигурен доказ дека нивните деца покажуваат поголем интерес, љубов и посветеност кон Божјето дело од самите нив. Треба да бидат сигурни де- 398
ка децата ќе бидат посериозни и поревносни во унапредување на Божјето дело и подарежливи за различните начини на кои ќе се употребат тие средства. Меѓутоа, многумина им ги предаваат своите средства на децата и на тој начин ги оптоваруваат префрлувајќи ја својата одговорност на нив, бидејќи сатаната ги поттикнува на тоа. Кога постапуваат така, тие ги пренесуваат овие средства во непријателските редови. Сатаната работи на тоа да ги постигне своите цели – да ги задржи средствата неопходни за Божјето дело за да не може да биде изобилно поддржувано.[9]

**Проклетството на натрупаното богатство. –** Оние кои стекнуваат богатство само за да го натрупаат, проклетството на богатството го пренесуваат на своите деца. За татковците и мајките кои прават така тоа е грев, страшен, погубен грев за душата и тој грев се пренесува на нивното потомство. Децата често ги тро-

шат тие средства на безумен раскош и разуздан живот, така што стануваат просјаци. Тие не ја знаат вредноста на наследството кое го потрошиле. Доколку татковците и мајките им дале добар пример не натрупувајќи, туку споделувајќи го своето богатство, тие за нив би собирале богатство на небото, а за возврат уште на овој свет би примиле мир и среќа, а во идниот живот вечно
399 богатство.[10]

---

400
1. Testimonies for the Church, Vol. 3, pp. 30, 31
2. Id., Vol. 2, pp. 432, 433
3. Letter 5, 1877
4. Uncopied Letter 49, 1884
5. Letter 156, 1901
6. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 482
7. Review and Herald, Feb. 27, 1894
8. Review and Herald, Oct. 12, 1886
9. Testimonies for the Church, Vol. 2, p. 655
10. Letter 20, 1897

*Четиринаесетти дел*

# ДА СЕ ЧУВААТ ВЛЕЗОВИТЕ НА ДУШАТА

# Врата која мораме да ја чуваме

401 **Зошто Бог ни дал очи, уши и способност да зборуваме? –** Бог на луѓето им дал очи за да можат да ги набљудуваат величествените дела на Неговиот закон. Им дал уши за да можат да ја слушаат Неговата вест, која ја изговара живиот проповедник. На луѓето им дал дар да зборуваат за да можат да го претставават Христа како Спасител кој го проштава гревот. Човекот со срце верува во правдата, а со устата го признава спасението.[1]

**Како сатаната продира во душата? –** Сите треба да стражарат над своите сетила, бидејќи, во спротивно, сатаната ќе завладее со нив; тие претставуваат влез до душата.[2]

Треба верно да стражарите над очите, ушите и над сите свои сетила ако сакате да го контролирате својот ум и да спречите злобните и расипани мисли да ја извалкаат вашата душа. Единствено силата на милоста може да го постигне ова животно дело.[3]

Сатаната и неговите ангели работат на тоа да ги затапат вашите чувства за да не ги слушнете опомените, советите, укорите и поуките, или ако ги слушнете, да немаат влијание на вашето срце и да не го препородат вашиот живот.[4]

Браќа мои, Бог ве повикува како негови следбеници да живеете во светлина. Треба сериозно да ве опоменам. Гревот е меѓу нас и ние не гледаме секогаш на него како на нешто страшно. Сетилата на многумина се отапени поради попуштање на страстите и поради дружење со гревот. Треба што повеќе да се приближиме кон Небото.[5]

**Сатаната сака да ги помати сетилата. –** Сатаната ги наведува
402 луѓето да го презираат Бога, ги привлекува и им го обзема умот

така што во нивните мисли нема место за Бога. Тие добиле вос-
питание кое има за цел да им го помати умот и да ја затемни вис-
тинската светлина. Сатаната не сака луѓето да го познаваат Бо-
га; и тој е многу задоволен ако успее со помош на игри и театар-
ски претстави да им ги помати сетилата на младите, така луѓето
ќе пропаднат во темнина додека светлината свети насекаде око-
лу нив.[6]

**Сатаната не може да го помати умот без наша согласност. –**
Да им ја кажеме вистината на луѓето дека Бог така нè создал што
нема да бидеме искушувани повеќе отколку што можеме да из-
држиме и дека за секое искушение Тој предвидел пат за избаву-
вање. Ако живееме целосно за Бога, нема да му дозволиме на умот
да се занимава со себични фантазии.

Ако постои некаков начин на кој сатаната може да му пријде
на умот, тој ќе посее плевел и ќе направи да расте сè додека не до-
несе богата жетва. Во никој случај сатаната не може да господа-
ри со мислите, зборовите и постапките ако ние не му ја отвори-
ме вратата доброволно и го поканиме да влезе. Тогаш ќе влезе, ќе
го грабне доброто семе посеано во срцето и ќе направи вистина-
та да биде неделотворна.[7]

**Затворете го секој влез на искушувачот. –** Сите кои се наре-
куваат христијани треба да бдеат, да се молат и да ги чуваат вле-
зовите кои водат до нивната душа, зашто сатаната има намера да
расипе и уништи сè ако му се пружи и најмала можност.[8]

За нас е опасно да се задржуваме да размислуваме за тоа как-
ви предимства ќе стекнеме ако ги прифатиме предлозите на
сатаната. Гревот донесува срам и пропаст за секоја душа која му
попушта; но има нешто во неговата природа што заслепува и ла-
же и така нè примамува со лажно прикажување. Ако се осмелиме
да застанеме на сатанска почва, не ни е ветена Неговата заштит- **403**
ничка сила. Што се однесува до нас, треба да го затвориме секој
приод преку кој искушувачот може да дојде до нас.[9]

Кој може во моментот на искушение да ги предвиди ужасни-
те последици што доаѓаат по погрешен и избрзан чекор? Наша
единствена сигурност е да бидеме закрилени со Божјата милост
во секој миг и да не го оттргнуваме духовниот поглед од висти-

ната бидејќи тогаш злото ќе го нарекуваме добро, а доброто зло. Без двоумење треба да ја затвориме вратата и да ги браниме приодите на душата од злото.[10]

Секој христијанин треба постојано да стражари и да внимава на секој приод преку кој сатаната може вешто и неосетно да ѝ пријде на душата. Ние треба да се молиме за божествена помош и во исто време решително да се противставуваме на секоја склоност кон гревот. Можеме да победиме со вера, храброст и со истрајни напори. Но треба да запомниме, за да извојуваме победа, Христос треба да биде во нас и ние во Христа.[11]

**Не читајте го, не гледајте го и не слушајте го злото. –** Апостол Петар настојува да ги поучи верниците колку е важно да си го зачуваат умот да не се занимава со недозволени теми. Тој ги советува да не ја трошат енергијата на безначајни нешта. Оние кои не сакаат да станат плен на сатанските стапици, треба добро да ги чуваат приодите на душата; тие мораат да избегнуваат да читаат, да гледаат и да слушаат сѐ што би можело да предизвика нечисти мисли. Не смееме да му дозволиме на умот непромислено да се занимава со секој предмет што може да ни го понуди непријателот на душата. Треба будно да стражариме над срцето, зашто злото кое доаѓа однадвор ќе поттикне зло во нас и душата ќе талка во темнина.[12]

Мораме да направиме сѐ што може да се направи за да се поставиме себеси и децата таму каде што нема да го гледаме беззаконието кошто се шири во светот. Треба грижливо да го чуваме
404 погледот на очите и слухот на ушите за да не можат тие ужасни нешта да завладеат во нашиот ум. Кога дневните весници ќе ни дојдат во домот, посакувам да ги скријам за да не се види она што е бесмислено и возбудливо. Се чини дека самиот ѓавол стои во основата на нивното издавање. Тие го разоткриваат и го изложуваат на светот сето она што е грешно.[13]

Оние кои копнеат за мудроста која доаѓа од Бога, треба добро да внимаваат на патиштата кон својата душа и така ќе се стекнат со мудрост. Тие треба да ги затворат своите очи, да не го видат и да не го запознаат злото. Тие треба да ги затворат своите уши, за да не го слушнат она што е зло и да стекнат знаење кое би ја из-

валкало чистотата на нивните мисли и постапки. Тие треба да го чуваат својот јазик, да не изговара зли зборови и измамата да не се најде на нивните усни.[14]

**Слабеење на отпорот. –** Не обидувајте се да пристапите што поблизу до работ на бездната, а притоа да останате неповредени. Избегнете ја првата средба со злото. Не можете да си играте со спасението на својата душа. Вашето знаење е вашиот карактер. Ценете го како најскапоцено богатство. Трпеливо негувајте ја моралната чистота, самопочитувањето и отпорот кон злото. Во секој момент бидете внимателни. Еден чин на блискост или на невнимание може да ја загрози душата, отворајќи ја вратата на искушението и слабеејќи ја моќта на отпорот.[15]

**Сатаната сака да ја затемни идната слава. –** Сатаната дејствува постојано за да ја затемни славата на идниот свет и да го привлече целото внимание на човекот кон нештата на земниот живот. Тој се стреми да ги приспособи нештата така што сите наши мисли, грижи и труд толку ќе ги преокупира со земните работи **405**
за да не ја видиме и да не ја сфатиме вредноста на вечната реалност. Светот и неговите грижи го зазеле највапжното место во нашиот живот, додека Исус и она што е небесно остануваат на последно место во нашите мисли и чувства. Ние треба совесно да ги извршуваме сите должности во секојдневниот живот, но уште поважно е да ја негуваме светата наклоност кон нашиот Господ Исус Христос.[16]

**Небесните ангели ќе ни помогнат. –** Да имаме секогаш на ум дека невидливите сили, и добрите и лошите, се трудат да загосподарат со умот. Тие дејствуваат со невидлива, но со голема и делотворна сила. Добрите ангели се службени духови кои го пренесуваат небесното влијание врз срцето и умот, додека големиот непријател на душата, ѓаволот, и неговите ангели постојано настојуваат да ја предизвикаат нашата пропаст...

Иако треба секогаш да бидеме свесни дека сме изложени на нападите на непријателот, треба да бидеме сигурни дека тие не можат да нѐ повредат без наша согласност.[17] **406**

1. Letter 21, 1899
2. Testimonies for the Church, Vol. 3, p. 507
3. Id., ., Vol. 2, p. 561
4. Id., ., 5:493.
5. Id., ., 3:476
6. Review and Herald, March 13, 1900
7. Review and herald, July 11, 1893
8. Testimonies For The Church 3, 476
9. Thoughts From the Mount of Blessing, p. 171
10. Testimonies for the Church, Vol. 3, p. 324
11. Id., ., Vol. 5, p. 47
12. Acts of the Apostles, pp. 518, 519
13. Notebook Leaflets, Education, No. 1
14. Solemn Appeal, p. 76
15. Medical Ministry, p. 143
16. Review and Herald, Jan. 7, 1890
17. Review and Herald, July 19, 1887

# Привлечни глетки и звуци

**Дејството на глетките и звуците. –** Имаме причина да бидеме длабоко загрижени за нашите деца, кои на секој чекор се соочуваат со искушенија. За нив е невозможно да ја избегнат средбата со лошото друштво... Тие гледаат сцени, слушаат звуци и се изложуваат на влијанија кои го расипуваат моралот и ако сериозно не им се спротивстават, неосетно но сигурно ќе им го расипат срцето и ќе им го упропастат карактерот.[1]

**Секој мора да подигне ѕид против искушенијата. –** Во христијанските домови мора да се подигне ѕид против искушенијата. Сатаната се служи со сите средства да ги направи злосторствата и понижувачките пороци што попривлечни. Ние не можеме да одиме по улиците на нашите градови, а да не се соочиме со привлечните објавувања на злосторство кое е прикажано во некој роман или се изведува во некој театар. Така умот се навикнува на гревот. Во дневните весници на луѓето им се открива она што е подмолно и извртено, а во возбудливите приказни се искажува сето она што може да ги поттикне страстите.[2]

Некои родители се толку рамнодушни, толку невнимателни што им е сеедно во кое училиште одат нивните деца. Тие велат: „Ние сме во светот и не можеме да го напуштиме.“ Но, родители, ние можеме да изнајдеме начини и во голема мера да излеземе од светот, ако избереме да го сториме тоа. Ние можеме да избегнеме да видиме многу зла кои толку брзо се множат во овие последни денови. Ние можеме да избегнеме да слушаме за злото и злосторствата што се случуваат околу нас.[3] 407

**Сеењето беззаконија донесува жетва на злосторства. –** Многу познати дневни весници се полни со возбудливи приказни кои ги учат младите на зло и ги водат на патот на пропаста. Речиси и децата станале возрасни во познавање на злосторствата. Приказните што ги читаат ги поттикнува на зло. Во фантазијата тие постапуваат во согласност со она што им е покажано, додека не им се јави желба да проверат дали можат да направат зло, а да ја избегнат казната.

Сцените прикажани во измислените откритија за иднината, во живиот ум на децата и младите изгледаат како реалност. Претскажувањето на насилствата и опишувањето на постапките кои ги уриваат оградите на законот и на самосовладувањето влијаат на нивниот дух. Така се наведени да направат злосторства, кои често се поужасни од оние што ги прикажале овие писатели. Со такво влијание се расипува општеството. Со голем замав се сее семето на беззаконието и никој не треба да се чуди што тоа ќе донесе жетва од злосторства.[4]

**Мамката на популарната музика. –** Вознемирена сум кога насекаде гледам лекоумни млади мажи и жени кои тврдат дека веруваат во вистината. Во нивните мисли се чини дека го нема Бог. Нивниот ум е исполнет со бесмислици. Нивниот разговор е празен и бесцелен. Увото им е чувствително за музиката, а сатаната знае кои органи може да ги возбуди за да го поттикне и замае умот, и да направи Христос да не биде пожелен. Недостасува духовниот стремеж на душата кон божественото познавање, за растење во милоста.

Покажано ми е дека младите мораат да заземат возвишен став
и Божјата реч да ја направат свој советник и водач. На младите
408 почиваат свечени одговорности, кои тие недоволно ги сфаќаат.
Воведувањето на музиката во нивните домови, наместо да поттикне на светост и духовност, станало средство кое ги одвраќа нивните умови од вистината. Лекомислените песни и популарната музика како да им одговараат на нивниот вкус. Музичките инструменти го одземаат времето кое би требало да биде посветено на молитвата. Кога не е злоупотребена, музиката е голем благослов; но кога е злоупотребена, таа е страшно проклетство. Таа

возбудува, но не ја дава онаа сила и храброст која христијанинот може да ја најде само пред престолот на милоста, пред кој понизно може да ги искаже своите потреби и со викот и солзи да ја побара небесната сила за да може да се спротивстави на силните искушенија на злото. Сатаната го води младиот заробеник. Ох, што уште би можела да кажам за да им помогнам да ја скршат неговата моќ на заведување! Тој е способен маѓепсник, кој ги мами во пропаст.[5]

**Нечисти мисли – нечисти дела. –** Овој век е време кое се одликува со расипаност. Со гледање и читање се буди желбата на очите и на страстите. Фантазијата го расипува срцето. Умот наоѓа задоволство да доловува глетки кои ги будат ниските и неморални страсти. Тие одвратни глетки, кои ги доловува расипаната фантазија, го изопачуваат моралот и ги подготвуваат измамените и заведени суштества да се препуштат на страстите. Потоа следат гревовите и злосторствата кои суштествата, создадени според Божјиот лик, ги изедначуваат со животните водејќи ги на крај во пропаст.[6]

**Не го ставам злото пред своите очи. –** Родителите мора постојано да внимаваат нивните деца да не бидат изгубени за Бога. Давидовиот завет запишан во 101. псалм треба да биде завет за сите оние на кои почива одговорноста да се зачува влијанието во 409
домот. Псалмистот кажал: „Нема да ставам пред очите мои ништо пакосно; ги мразам делата на отпадниците – тие нема да се прилепат за мене. Развратно срце нема да се прилепи до мене; за лукавиот не сакам да знам. Оној што тајно го клевети ближниот свој, ќе го погубам; оној што е со горделиви очи и ненаситно срце, не го поднесувам. Очите ми се управени кон верните по земјата, за да седат со мене; кој оди по патот непорочен, тој ќе ми служи. Нема да остане во мојот дом оној, кој прави сплетки; кој говори лага, не може да остане пред очите мои" (Псалм 101,3-7).[7]

Решително кажи: „Нема да поминам ниту еден скапоцен момент во читање на она што нема да ми користи, а што само ќе ме онеспособи да им служам на другите. Моето време и моите мисли ќе ги посветам на оспособување за служба на Бога. Ќе ги затворам очите за она што е лесноумно и грешно. Моите уши му

припаѓаат на Господа и нема да ги слушам лукавите непријателски дошепнувања. Мојот глас во ништо нема да се покорува на волјата која не е под влијание на Божјиот Дух. Моето тело е храм на Светиот Дух и сите сили на своето битие ќе ги посветам на
410 чесни работи.“[8]

---

1. Pacific Health Journal, June, 1890
2. Bible Echo, Oct. 15, 1894
3. Notebook Leaflets, Education, No.1
4. Ministry of Healing, pp. 444, 445
5. Testimonies for the Church, Vol. 1, pp. 496, 497
6. Testimonies for the Church, Vol. 2, p. 410
7. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 119
8. Testimonies for the Church, Vol. 7, p. 64

# Четивото и неговото влијание

**Хранете ја детската душа со вистинска храна. –** Во текот на својот развој, детскиот чувствителен ум се стреми кон знаење. Самите родители треба да му дадат вистинска храна на умот на своите деца. Како телото така и умот добива сила од храната што ја прима. Тој се развива и расте со чистите и возвишени мисли, но целосно се ограничува и осиромашува со земните мисли.

Родители, вие сте тие кои треба да решите дали умовите на вашите деца ќе бидат исполнети со благородни или со порочни мисли. Вие не можете да го зачувате неангажиран активниот ум на детето, ниту со негодување да го искорените злото. Погрешните мисли можете да ги потиснете само со всадување вистински начела. Ако родителите не го посеат семето на вистината во срцата на своите деца, непријателот ќе посее какол. Доброто и разумно упатство е единствена заштита од лошите сознанија кои го расипуваат доброто однесување. Вистината ќе ја заштити душата од постојаните искушенија, на кои треба да им се спротивставиме.[1]

**Родителите треба да ја надгледуваат навиката на читањето. –** Многу млади сакаат да читаат. Тие се подготвени да читаат сѐ што ќе им дојде при рака. Ги повикувам родителите на таквите деца да ја надгледуваат нивната желба за читање. Не дозволувајте на вашите маси да има весници и списанија во кои се наоѓаат љубовни приказни. Нивното место пополнете го со книги кои ќе им помогнат на младите во градбата на својот карактер да го упо-

требат најдобриот материјал – љубовта кон Бога, стравот Божји и познавањето на Христа. Поттикнете ги децата да го збогатат својот ум со корисно знаење, да ги исполнат душите со она што
411 е добро и да завладеат со моќта на знаењето, не оставајќи место за изопачените мисли. Ограничете ја желбата за читање на она што не нуди добра храна за умот.[2]

Родителите мораат да настојуваат од својот дом да го отстранат секое влијание кое не води кон добро. Во овој поглед, некои родители треба многу да научат. На оние кои слободно читаат романи и лесни приказни во весниците би им рекла: „Вие сеете семе чија жетва не би сакале да ја жнеете. Од таквото читање не се добива духовна сила. Всушност, тоа ја уништува љубовта кон чистата вистина на Речта. Со посредство на лесните приказни од весниците и романите, сатаната го исполнува умот со нереални и безначајни мисли, така што не може внимателно да ја проучува Божјата реч. На овој начин тој на илјадници и илјадници им одзема од времето, силата и самодисциплината кои се неопходни за решавање на сериозните животни проблеми.[3]

Децата треба да го читаат само она што ќе им донесе задоволство и разонода, а не обесхрабрен ум и заморено тело. Ако се навикнат на љубовни романси и приказни од весниците, полезните книги и списанија ќе им одмилеат. Повеќето деца и млади сакаат да читаат; ако ние не се погрижиме што ќе читаат тие, тоа ќе го направат сами. Тие можат да најдат штетно четиво насекаде околу себе и набрзо ќе го прифатат; но ако им дадеме чисто и добро четиво, тие со текот на времето ќе го засакаат.[4]

**Изградете правилен вкус. –** Книжевниот вкус мора да се изгради со најголема грижа. Родителите треба многу рано да им го откријат Писмото на своите деца за да може младиот ум да се оспособи правилно да размислува.

Не штедете ги напорите да развиете правилни навики за учење. Ако умот талка, вратете го. Ако интелектуалниот и моралниот вкус се расипани со дразливи, возбудливи и нереални
412 приказни па поради тоа тешко е да се поттикне умот правилно да размислува, тогаш треба да се преземе сериозна борба за да се совлада таквата склоност. Љубовта кон нереалните, измислени при-

казни мора брзо да се искорени. Спроведете строги правила за да се задржи умот на добар пат.[5]

**Не негувајте површен вкус. –** Што да читаат нашите деца? Ова е сериозно прашање кое заслужува сериозен одговор. Ме вознемирува кога во домовите на почитувачите на саботата гледам списанија и весници со приказни во продолженија, кои не оставаат добар впечаток во умот на децата и младите. Ги набљудував оние кои така развиле склоност кон измислени приказни. Тие имале можност да ја слушнат вистината, да се запознаат со причините за нашата вера, но пораснале лишени од вистинската и практична побожност.[6]

Читателите на измислените приказни му попуштаат на злото кое го уништува духовниот живот и ја затемнува убавината на светите страници. [7]

**Поплава од штетни книги. –** Светот е преплавен со книги кои би требало да се запалат, а не да се распространуваат. Книгите исполнети со возбудлива содржина се печатат и се издаваат само поради стекнување пари, младите не би требало никогаш да ги читаат. Таквите книги имаат сатанска привлечност...

Навиката за читање приказни е едно од средствата кои сатаната ги користи за да ги упропасти душите. Таа создава лажно, нездраво возбудување, ја разгорува фантазијата, оневозможува дејствување на умот и го онеспособува за секаква духовна служба. Таа ја одбива душата од молитвата и љубовта кон духовните
вредности.[8] 413

Делата исполнети со нереалност, лесномисленост и возбудливост, во голема мера се проклетство за читателот. Писателот можеби тврди дека дава морална поука, дека своето дело го прониржал со големи чувства, но тие често служат само за да ја прикријат бесмисленоста и безвредноста.[9]

**Неморални писатели. –** Друг извор на опасности од кои мораме постојано да се чуваме се делата на неморалните писатели. Таквите дела ги вдахнал самиот непријател на вистината и никој не може да ги чита, а душата да не ја изложи на опасност. Вистина е дека некои од оние што ги читале таквите дела можат

на крајот да закрепнат; но сите, кои се под нивното лошо влијание, стапнуваат на сатанската почва, а тој тоа добро го користи. Бидејќи попуштиле на неговите искушенија, тие се лишени од мудрото расудување и од силата потребна да им се спротивставаат. Неверството и неморалот со заведувачка сила се врежуваат во умот.[10]

**Митови и бајки. –** Во воспитувањето на децата и младите сказните, митовите и измислените приказни денес имаат голема улога. Книгите со вакви содржини се користат во училиштата и можат да се најдат во многу домови. Како родителите христијани можат да им дозволат на децата да користат книги исполнети со лаги? Кога децата прашуваат за значењето на приказната, која е спротивна на учењето на нивните родители, тие одговараат дека тие приказни не се вистинити. Меѓутоа, тоа не ги отстранува лошите последици од нивната употреба. Мислите кои се наоѓаат во овие книги ги заведуваат децата. Тие им даваат погрешен поглед на животот и им всадуваат желби за она што е нереално...

Во рацете на децата или младите никогаш не треба да ставите книги кои содржат искривена вистина. Да не дозволиме нашите деца, додека го стекнуваат своето образование, да примаат идеи
414 кои подоцна ќе се покажат како семе на гревот.[11]

**Уништување на умствените способности. –** Има малку стабилни умови поради што родителите се несфатливо невнимателни кон својата должност да ги зајакнат слабите а да ги отстранат лошите црти на карактерот. Тие заборавaат дека на нив почива најсвечената обврска да внимаваат на склоностите на секое дете, дека нивна должност е да ги учат своите деца на добри навики и правилно размислување.[12]

Негувајте ги моралните и умствени способности. Не дозволувајте овие благородни способности да ослабат и да се расипат од многу читање приказни. Познавам силни умови кои ја изгубиле рамнотежата и станале делумно примамени или парализирани од неумереното читање.[13]

**Детето и возбудливото четиво. –** Читателите на лекомислените и возбудливи приказни стануваат неспособни за секојдневните животни должности. Тие живеат во нереален свет. Имав

можност да набљудувам деца на кои им било дозволено често да читаат такви приказни. И во домот и надвор од него тие беа немирни, занесени, неспособни да разговараат за што било освен за најобичните работи. Верската мисла и разговор беа целосно непознати за нивниот разум. Изградувајќи ги барањата за возбудливи приказни, тие го расипале својот вкус, па умот не е задоволен сè додека не се нахрани со таа нездрава храна. За оние кои уживаат во такво четиво, не можам да најдам подобро име од умствени пијаници. Неумереното читање влијае на мозокот, како што неумереното јадење и пиење влијаат на телото.[14]

Пред да ја прифатат сегашната вистина, некои изградиле навика да читаат романи. Кога се приклучиле на црквата, тие настојувале да се ослободат од овие навики. На такви личности да им се понуди четиво слично на она кое го отфрлиле е исто како да му се понуди алкохолен пијалак на пијаница. Попуштајќи му на искушението на кое постојано се изложени, тие наскоро ќе го **415**
изгубат своето одушевување за разумно четиво. Таквите не ги интересира проучувањето на Библијата. Нивните морални моќи слабеат. Гревот изгледа сè помалку одвратен. Во нив полека јакне неверството и одбивноста кон практичните животни должности. Како се изопачува умот, така станува сè поподготвен да прифати секакво возбудливо четиво. На тој начин, на сатаната му е отворен патот целосно да ја потчини душата.[15]

**Површно читање. –** Изложени на застрашувачката преплавеност од печатени изданија, кои постојано излегуваат од печатниците, старите и младите стекнуваат навика да читаат брзо и површно. Умот ја губи способноста да мисли поврзано и продлабочено. Освен тоа, голем дел од списанијата и книгите, кои како жабите во Египет ја преплавуваат земјата, не се само банални, бесполезни и често штетни, туку се и порочни и понижувачки. Нивното влијание има за цел не е само да го отрујат и упропастат умот, туку и да ја расипат и уништат душата.[16]

**Нашите списанија и весници. –** Има луѓе кои тврдат дека се верници, а не ги земаат „Гласник“ (Review), „Знаци на времето“ (Signs), „Инструктор“ (Instructor) или „Живот и здравје“ (Good Health). Наместо нив, тие купуваат едно или повеќе световни спи-

санија. Нивните деца со голем интерес ги читаат измислените раскази и љубовни приказни што се печатат во тие списанија, а кои нивниот татко може да си дозволи да ги купи, иако тврди дека не може да ги купи нашите списанија и книги, во кои се наоѓа сегашната вистина...

Родителите треба да бдеат над своите деца и да ги поучуваат дека е неопходно да негуваат чисти мисли. Тие треба да ги учат да ги избегнуваат стриповите со сентиментални содржини кои се појавуваат во весниците. На вашите маси и во вашите библи-
416 отеки треба да има изданија со морална и верска содржина, така вашите деца ќе го изградат вкусот за возвишеното четиво.[17]

**Целта на читањето. –** Бидејќи ја гледам опасноста која им се заканува на младите поради читањето несоодветна литература, не можам а да не упатам повторно предупредувања во поглед на ова големо зло.

Малку се сфаќа штетата што ја доживуваат верниците во допир со четиво од сомнителен карактер. Она со што доаѓаат во допир го привлекува нивното внимание и го поттикнува нивниот интерес. Се врежуваат цели реченици во помнењето. Се јавуваат мисли. Речиси несвесно читателот потпаѓа под влијание на писателот, а умот и карактерот го примаат отпечатокот на злото. Оние на кои волјата и самоконтролата им се слаби, тешко можат да ги отстранат мислите што им ги нуди таквата литература.[18]

О, кога би можеле младите да разберат колкаво е влијанието што го имаат овие книги врз умот! Можете ли по такво четиво да ја отворите Божјата реч и со интерес да ги читате зборовите на животот? Зар не сметате дека Божјата книга е незаменлива? Магијата од тие љубовни приказни го окупира умот, го уништува неговото здравје и го онеспособува да го насочите на важните библиски вистини кои одлучуваат за вашата вечност. Вие грешите и во однос на своите родители кога ѝ го посветувате времето на толку бедна цел, времето кое им припаѓа ним, а грешите и спрема Бога кога го трошите времето кое би требало да му биде посветено Нему.[19]

Деца, имам вест за вас. Сега си го градите карактерот и си ја решавате иднината, оти од неговото формирање ќе зависи дали

ќе бидете во Божјиот рај или надвор од него... Исус, Спасителот на светот, е тажен кога гледа семејства во кои децата немаат љу- 417
бов кон Бога, не ја почитуваат Неговата реч затоа што се окупирани со читање книги со измислени приказни. Времето поминато на тој начин ве лишува од желбата да станете корисни во извршувањето на домашните должности; тоа ве онеспособува да станете глава на семејството. Тоа сè повеќе и повеќе ќе ве заплеткува во сатанската стапица... Некои книги содржат прекрасни начела, но вие ги читате само поради опишаната случка. Кога од книгите кои ги читате би го извлекле само она што би ви помогнало да изградите позитивен карактер, вашето читање би било полезно. Кога ги земате книгите и читате страница по страница, се прашувате ли: Која е целта од моето читање? Дали се стремам да го стекнам потребното знаење? Не можете да изградите правилен карактер ако во темелот ставате дрво, сено и слама.[20]

**Сејте го семето на библиската вистина. –** Постои голема сличност меѓу необработеното поле и неизградениот ум. Во умот на децата и младите непријателот сее плевел и ако родителите не внимаваат, тој ќе никне и ќе вроди лош род. Неопходна е постојана грижа за обработување на полето на умот и за сеењето на скапоценото семе на библиската вистина. Децата треба да бидат поучувани да ги отфрлат безвредните возбудливи приказни, а да го прифатат корисното четиво кое ќе го насочи умот кон библиските настани, историја и докази. Четивото кое ќе ги осветли светите Списи и ќе ја поттикне желбата за проучување не е опасно, туку е корисно.[21]

Невозможно е младите да имаат здрав ум и правилни верски начела ако не уживаат во истражувањето на Божјата реч. Оваа книга содржи најинтересна историја, го покажува патот на спасение во Христа и служи како водич на најправилниот пат кон 418
повозвишен и подобар живот.[22] 419

---

1. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 121 420
2. Id., p. 133
3. Id., pp. 120, 121

4. Review and Herald, Dec 11, 1879
5. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 136
6. Id., p. 132
7. The Youth's Instructor, Oct. 9, 1902
8. Counsels to Teachers, Parents, and Students, pp. 133, 134
9. Ministry of Healing, p. 445
10. Counsels to Teachers, Parents, and Students, pp. 135, 136
11. Id., pp. 384, 385
12. Review and Herald, Nov. 12, 1908
13. Testimonies for the Church, Vol. 2, p. 410
14. Counsels to Teachers, Parents, and Students, pp. 134, 135
15. Testimonies for the Church, Vol. 7, p 203
16. Education, p. 170
17. Review and Herald, Dec. 11, 1879
18. Testimonies for the Church, Vol. 7, p. 203
19. Id., Vol. 2, p. 236
20. Letter 32, 1896
21. Counsels to Teachers, Parents, and Students, pp. 136, 137
22. Testimonies for the Church, Vol. 2, pp. 410, 411

*Петнаесетти дел*

# ВРЕДНОСТИ КОИ ГО КРАСАТ СЕМЕЈНИОТ ЖИВОТ

# Учтивост и љубезност

421 **Учтивоста ги совладува животните неволји. –** Начелото кое се наоѓа во советот: „Со братска љубов бидете еден кон друг љубезни“ (Римјаните 12,10) е темел на семејната среќа. Во секој дом треба да владее христијанската учтивост. Тоа не нѐ чини многу, но има сила да го омекне човечкиот карактер. Без неа човекот би бил груб и суров. Со градењето на вистинската учтивост – желбата да им го правиме на другите она што би сакале тие да ни го прават нам – би се отстраниле половина од неволјите во животот.[1]

**Учтивоста започнува во домот. –** Ако сакаме нашите деца да бидат љубезни, учтиви и да покажуваат љубов, ние мораме да им дадеме пример за тоа.[2]

Родителите треба да бидат нежни и љубезни еден спрема друг, па дури и во ситниците. Сестраната љубезност треба да стане закон во домот. Не треба да се допушти груб јазик, не треба да се изговори ниту еден лош збор.[3]

Сите треба да бидат внимателни и добродушни, да зборуваат со спокоен и мил глас, да имаат пријатни меѓусебни односи, тоа се елементите на силата. Децата ги привлекува љубезното, ведрото и убаво однесување. Бидете љубезни и сочувствителни кон нив и тие исто така ќе се однесуваат кон вас и едни кон други.[4]

Вашиот целокупен однос повеќе ќе влијае на карактерот на вашите деца отколку да им зборувате за тоа.[5]

**Заемната љубезност го претвора домот во рај. –** Кога на своите деца им зборуваат љубезно и со пофалба додека се обидуваат да прават добро, родителите можат да ги охрабрат нивните напори и да ги направат многу среќни. На тој начин ќе ја исполнат
422 домашната атмосфера со радост, која ќе ја отстрани секоја темна сенка и ќе внесе сончева светлина во домот. Вистинската меѓу-

себна љубезност и пријатно однесување ќе го претвори домот во рај и ќе ги привлече светите ангели да влезат во семејниот круг; ангелите го напуштаат домот во кој се изговараат нељубезни зборови, во кој има расправии и кавги. Нељубезноста, негодувањето и гневот ја затвораат вратата за Исус.[6]

Учтивоста во секојдневниот живот и љубовта која треба да владее меѓу членовите на исто семејство не зависат од надворешните околности.[7]

Пријатните гласови, благото однесување и искрената љубов кои се изразуваат во сите постапки, заедно со трудољубивоста, уредноста и штедењето, ја прават и колибата најсреќен дом. Создателот со наклоност гледа на таквиот дом.[8]

Многумина би требало помалку да живеат за надворешниот свет, а повеќе за членовите на својот семеен круг. Би требало помалку да се покажува извештачена учтивост и љубезност кон странците и посетителите, а поголема учтивост која произлегува од вистинската љубов и сочувство кон саканите кои го опкружуваат нашето огниште.[9]

**Вистинска учтивост. –** Се чувствува голема потреба од негување на вистинска учтивост во домот. Тоа е силно сведоштво во прилог на вистината. Вулгарниот јазик и нечовечното однесување, без оглед кај кого се јавува, се белег на расипано срце. Вистината, која потекнува од небото, никогаш не го понижува оној што ќе ја прифати, никогаш не го прави бесчувствителен или груб. Со своето влијание, вистината го омекнува и чисти карактерот. Кога младите ја прифаќаат вистината со срцето, таа ги прави учтиви и внимателни. Вистинската срдечна христијанска учтивост се прима само преку дејствувањето на Светиот Дух. Таа не се состои од лицемерие или вештачко однесување, со правење длабоко поклонување и лажни насмевки. Ваквата учтивост можете да ја сретнете кај луѓето во светот, но ним им недостасува вистин- 423
ската христијанска учтивост. Вистинската учтивост и љубезното однесување се стекнуваат само со познавање на Христовото евангелие. Љубезноста и почитта се израз на добрина, која се укажува на сите луѓе, и на учените и на простите, и на богатите и на сиромашните, и на возрасните и на младите.[10]

Суштина на вистинската учтивост е обѕирноста кон другите. Најважното и најсолидно образование е она кое поттикнува на сочувство и љубезност спрема сите. Ако таа, која обично ја нарекуваме култура на однесување, не го учи младиот човек да им биде послушен на родителите, да ги цени нивните доблести, да има трпение за нивните мани и да им помага во нивните потреби; ако тоа не го прави внимателен и нежен, великодушен и услужлив спрема младите, старите и несреќните, како и да биде учтив спрема сите, таквата култура не е ништо друго, туку погрешно воспитување и лошо поведение.[11]

Христијанската учтивост е златна алка која ги поврзува членовите на семејството со врските на љубовта, која станува сè поблиска и посилна со секој изминат ден.[12]

**Златно правило – закон на семејството. –** Највозвишените правила, кои ги одредуваат општествените и семејните односи, можат да се најдат во Библијата. Таа не само што го содржи најдоброто и најчистото мерило за моралност туку и највозвишениот закон за учтивоста. Проповедта на нашиот Спасител на Гората содржи драгоцени упатства и за старите и за младите. Оваа проповед треба често да се чита во семејниот круг, а нејзините скапоцени поуки да се применуваат во секојдневниот живот. Златното правило: „Сè што сакате да ви прават луѓето, правете им и вие така“ (Матеј 7,12) како и упатството од апостолот: „Натпреварувајте се во почитувањето еден кон друг“ (Римјаните 12,10) треба да се прогласат за закон на семејството. Оние кои го негуваат Христовиот Дух во домот ќе покажат учтивост, дух на добрина и во малите должности. Тие постојано ќе се трудат да ги направат среќни сите околу себе, заборавајќи на себе во своето
424 љубезно однесување спрема другите. Тоа е плодот кој расте на врвот на христијанското дрво.[13]

Златното правило е начело за вистинската учтивост, а најдобро е прикажано во Исусовиот живот и карактер. Со каква ли само благост и убавина зрачел секојдневниот живот на нашиот Спасител! Каква ли само пријатност се ширела од самата Негова присутност! Истиот дух ќе се покаже и во Неговите деца. Оние во кои престојува Исус, ќе бидат опкружени со божествена атмос-

фера. Нивните бели облеки на чистота ќе бидат опкружени со мирисот од Господовата градина. Нивните лица ќе отсјајуваат со Неговата светлина, осветлувајќи ја патеката на несигурните и уморни нозе.[14]

**Најдобра дискусија за убавото однесување. –** Најдобрата некогаш забележана дискусија за убавото однесување, е содржана во прекрасниот налог на Спасителот и во зборовите кои Светиот Дух ги кажал преку апостол Павле – тие зборови мора да бидат трајно врежани во помнењето на секое човечко битие, и на младите и на старите:

„Како што јас ве сакам вас, така и вие меѓусебно да се сакате“ (Јован 13,34).

„Љубовта долго трпи, љубовта е милостива;
Љубовта не завидува;
Љубовта не се фали,
Не се воображува,
Не се однесува непристојно,
Не го бара своето,
Не се раздразнува,
Не држи сметка за зло,
Не ѝ се радува на неправдата,
А ѝ се радува на вистината,
Сѐ премолчува, сѐ верува,
На сѐ се надева, сѐ трпи.
Љубовта никогаш не престанува.“[15] 425

Библијата ни дава многу примери на несебичен дух, смирена добрина и пријатен темперамент. Тоа се основните карактеристики на вистинската учтивост. Тие се отсјај на Христовиот карактер. Секоја вистинска, длабока нежност, секоја форма на љубезност, дури и помеѓу оние кои не го признаваат Неговото име, произлегува од Бога. Тој сака тие карактерни особини да се одразуваат кај Неговите деца. Негова намера е луѓето во нас да ја гледаат Неговата убавина.[16]

Христијанството го прави човекот вистински благороден. Христос бил учтив дури и спрема Своите гонители. И Неговите

вистински следбеници треба да се одликуваат со истиот дух. Да го погледнеме апостол Павле кога бил изведен пред владетелите. Неговиот говор пред Агрипа е пример на вистинска љубезност, како и на убедливо зборување. Евангелието не ја поддржува формалната учтивост, која е вообичаена во светот, туку онаа која потекнува од вистинска љубезност на срцето.[17]

Ние не се залагаме за она што светот го нарекува учтивост, туку за учтивоста која секој ќе ја понесе во домот на благословените.[18]

**Учтивоста мора да биде поттикната од љубовта. –** И највнимателното негување на надворешна пристојност и добри односи не можат да ја запрат сета суровост, грубо осудување и непристоен говор. Вистинско благородно однесување не може да се појави сè додека „ЈАС“ стои во центарот и се смета за најважно. Љубовта треба да живее во срцето. Побудите на вистинскиот христијанин се наоѓаат во коренот на длабоката љубов кон неговиот Учител. Од длабочината на неговата љубов кон Христа извира несебичниот интерес кон неговите браќа.[19]

Од сите човечки доблести што се бараат, сакаат и негуваат, нема ништо толку вредно во очите на Бога како чистото срце – рас-
426 положение на духот проникнато со благодарност и мир.

Ако божествената хармонија на вистината и љубовта постои во срцето, таа ќе се покажува во зборовите и делата... Духот на вистинската добрина треба да живее во срцето. На оној кој ја поседува, љубовта му дава благост, пристојност и убаво однесување. Љубовта го просветлува лицето и го смекнува гласот; таа го облагородува и го извишува целиот човек. Таа го доведува во хармонија со Бога, зашто љубовта е небесна доблест.[20]

Вистинската човечност не се учи со едноставно применување на правилата на убавото однесување. Секогаш треба да имаме пристојно однесување. Насекаде каде што начелата не се загрозени, обѕирот кон другите ќе нè наведе да ги почитуваме прифатените обичаи; но вистинската учтивост не нè принудува да ги жртвуваме начелата заради обичаите. Таа не ги признава општествените разлики. Таа нè учи да се почитуваме себеси, да го по-

читуваме човечкото достоинство, како и секој член на големото човечко братство.[21]

**Љубовта се изразува со поглед, збор и дело. –** Пред сè родителите треба да ги опкружат своите деца со атмосфера на радост, учтивост и љубов. Домот во кој владее љубов и во кој таа се изразува со погледи, зборови и дела е место на кое ангелите со радост престојуваат. Родители, дозволете сончевите зраци на љубовта, радоста и среќното задоволство да го осветлат вашето срце; дозволете таквото влијание да завладее со вашиот дом. Развивајте и покажете дух на љубезност и проштавање и барајте и вашите деца да појдат по вашите стапки. Негувајте ги сите овие вредности кои ќе внесат светлина во вашиот дом. Така создадената атмосфера за децата ќе биде она што се воздухот и сонцето за растителниот свет бидејќи ќе дадат здравје и крепост на умот и телото.[22]

Кроткото однесување, ведриот разговор и љубезните постапки ќе ги врзат срцата на децата за нивните родители со свилени нишки на љубовта и ќе го направи домот попривлечен отколку најретките украси што можат да се купат со злато.[23] 427

**Усогласени темпераменти. –** Божји план е луѓето со најразлични темпераменти да живеат заедно. Во таков случај, секој член на семејството треба свето да ги почитува и да ги прифаќа чувствата и правата на другите. На овој начин ќе се негува заемната внимателност и воздржаност, ќе исчезнат предрасудите, а грубоста на карактерот ќе се намали. Така ќе се сочува хармонијата, а усогласувањето на различните темпераменти ќе биде од полза за сите.[24]

**Ништо не може да го надополни отсуството на учтивост. –** Оние кои тврдат дека се Христови следбеници, а во исто време се груби, нељубезни и неучтиви во зборовите и однесувањето, не научиле ништо од Исуса. Човекот кој се фали, кој е дрзок и кој ги осудува другите не е христијанин, зашто да се биде христијанин значи да се биде сличен на Христа. Во однесувањето на некои луѓе кои тврдат дека се христијани, недостасува љубезност и учтивост и тоа е причина што другите лошо ја толкуваат нивната вера. Тие навистина можат да бидат искрени, а нивната праведност неспор-

на, но искреноста и исправноста не можат да го заменат отсуството на љубезност и учтивост. Христијанинот треба да биде толку вистинољубив, милостив и сочувствителен, колку што треба да биде и учтив, праведен и чесен.[25]

Секоја небрежност околу учтивото и внимателно постапување на братот кон брат во црква, отсуството на љубезни, охрабрувачки зборови во семејството од страна на родителите кон децата и на децата кон родителите, вкоренува навики кои го прават карактерот нехристијански. Но, ако се внимава на овие ситници, тие подоцна стануваат големи и достигнуваат обемни размери. Тие го шират пријатниот мирис за живот, кој се издигнува кон Бога
428 како свет темјан.[26]

**Многумина се желни за внимание. –** Многумина копнеат за внимание и пријателско сочувство... Ние треба да заборавиме на себе и секогаш да бараме можност, дури и најмала, за да покажеме благодарност за доброто што сме го примиле од другите; ние мора да изнаоѓаме можности да ги храбриме другите и со своите нежни постапки и мали дела на љубов да им ги олесниме и симнеме нивните товари. Ваквата промислена учтивост и љубезност, кои започнуваат во нашето семејство, преминуваат на семејниот круг и животот на мнозина ќе го направи далеку посреќен. Запоставувањето на овие мали дела предизвикува горчина и страдање во животот.[27]

**Значењето на општествените односи. –** Христијанството доаѓа во врска со светот и луѓето преку општествените односи. Секој човек и секоја жена, кои ја вкусиле Христовата љубов и во срцето ја примиле божествената светлина, од Бога се повикани да ги осветлат темните патеки на оние кои не се запознаени со подобриот пат.[28]

Ние можеме да изразиме илјадници мали внимании кон другите со пријатни зборови и сочувствителни погледи, а тие ќе ни возвратат. Невнимателните христијани, кои ги запоставуваат другите, покажуваат дека не се во заедница со Христа. Невозможно е да се биде во заедница со Христа, а во исто време да покажуваме нељубезност кон другите и да ги запоставуваме нивните права.[29]

**Сите треба да станеме Исусови сведоци. –** Општествените односи, осветени со Христовата благодат, треба да се искористат за придобивање души за Спасителот. Светот нека види дека не сме себично преокупирани со сопствените интереси, туку дека сакаме да ги споделиме нашите благослови и привилегии со другите. Нека видат луѓето дека нашата религија не нѐ прави бесчувствителни и вообразени. Сите оние кои велат дека го нашле Христа, нека им служат на другите онака како што Тој им служел. Светот никогаш не треба да има погрешен впечаток дека христи- 429
јаните се тажни и несреќни луѓе.[30]

Ако сме учтиви и благи во домот, ние ќе ја понесеме аромата на пријатното расположение и кога сме надвор од него. Ако покажеме воздржување, кротост, решителност и трпение во домот,
ќе бидеме во состојба да станеме светлина и за светот.[31] 430

---


1. Signs of the Times, Sept 9, 1886
2. Signs of the Times, May 25, 1882
3. Good Health, January, 1880
4. Education, p. 215
5. Review and Herald, June 13, 1882
6. Signs of the Times, April 17, 1884
7. Signs of the Times, Aug. 23, 1877
8. Signs of the Times, Oct. 2, 1884
9. Signs of the Times, Oct. 2, 1884
10. Manuscript 74, 1900
11. Education, p. 216
12. Signs of the Times, Nov. 29, 1877
13. Signs of the Times, July 1, 1886
14. Misli s Gore blagoslova, стр. 168
15. Education, p. 217
16. Education, p. 216
17. Ministry of Healing, pp. 489, 490
18. Signs of the Times, Aug. 13, 1912
19. Ministry of Healing, p. 490
20. Testimonies for the Church, Vol. 4, pp. 559, 560
21. Education, p. 215
22. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 115
23. Signs of the Times, Oct. 2, 1884
24. Signs of the Times, April 4, 1911
25. The Youth's Instructor, March 31, 1908

26. Manuscript 107, 1898
27. Testimonies for the Church, Vol. 3, pp. 239, 540
28. Id., Vol. 4, p. 555
29. Id., Vol 3, p. 539
30. Desire of Ages, p. 152
31. Signs of the Times, Nov. 14, 1892

# Ведро расположение

**Вистинскиот христијанин е ведар. –** Не дозволувајте неволјите и грижите од секојдневието постојано да го вознемират вашиот ум и да ви го брчкаат челото. Ако го правите тоа, секогаш ќе постои нешто што ќе ве вознемирува и ќе ве обеспокојува. Животот во голем степен е таков каков што ние ќе го направиме, а тоа што го бараме, тоа и ќе го најдеме. Ако го восприемаме претежно тажното и непријатното, ако сме го насочиле умот да ги преувеличува малите тешкотии, многу од тие непријатности ќе ги преокупираат нашите мисли и разговори. Но, ако ја восприемаме светлата страна на нештата, ќе најдеме доволно поводи за да бидеме ведри и среќни. Ако се насмевнуваме, другите ќе ни вратат со насмевка; ако изговараме радосни и љубезни зборови, и другите така ќе ни се обраќаат и нам.

Ако христијаните се нерасположени и потиштени, како да веруваат дека немаат пријател, тие погрешно ја претставуваат верата. Во некои случаи се поддржува идејата дека радоста не е во согласност со достоинството на христијанскиот карактер, но тоа е голема грешка. Целото небо е исполнето со радост; и ако ние си ја исполниме душата со небесна радост и, колку што е можно, ја изразиме преку нашите зборови и однесување, ние ќе му угодиме на нашиот небесен Татко повеќе отколку кога сме нерасположени и тажни.

Секој христијанин е должен да негува ведро расположение, наместо да има лик на човек кој постојано е потонат во грижи и јадови. Многумина самите се прават себеси несреќни, кои на тој начин си го жртвуваат здравјето и среќата поради болни вообразби. Кога околу нив има непријатни случувања, изразот на лицето им е толку намуртен што нивното незадоволство го изразува посилно отколку со зборови. Овие чувства на потиштеност му **431**

нанесуваат голема штета на здравјето бидејќи го забавуваат процесот на варење на храната и ја попречуваат исхраната. Јадовите и неспокојството не можат да го исцелат ни најмалото зло, но затоа можат да нанесат голема штета. Од друга страна, радоста и надежта, освен што го осветлуваат патот на другите, „тие ќе бидат живот за душата твоја и украс на вратот твој“ (Мудри изреки 3,22).[1]

**Сестра Вајт била радосна и во тешки моменти. –** Дали некогаш сте ме виделе да сум нерасположена, со опаднат дух и да се жалам? Мојата вера ми го забранува тоа. Погрешното сфаќање на вистинскиот христијански карактер и христијанската служба води до неправилни заклучоци. Недостатокот на права вера доведува до мрачно расположение, обесхрабреност и тага. Ревносниот христијанин сака да се угледа на Исуса, зашто, да бидеш христијанин значи да се бидеш сличен на Христа. Навистина е многу важно да имаме правилно сфаќање за Христовиот живот и за неговите навики за да можат Неговите начела да се остварат во нас кои сакаме да станеме слични на Исуса.

Половичната служба, љубовта кон светот, љубовта кон себеси, љубовта кон лекомислените забави создава плашливи, малодушни христијани. Тие го следат Христа од голема далечина. Но кога човек доброволно и од срце му служи на Исуса, во него се создава блескава вера. Оние кои го следат Христа одблизу никогаш не можат да бидат намуртени. Во Христа секогаш има светлина, радост и мир. Ние имаме поголема потреба од Христа а по-
432 малку световност, повеќе Христос а помалку себичност.[2]

**Да живееме како деца на светлината. –** Не е по Божја волја да бидеме нерасположени или нетрпеливи, ниту лекомислени и површни. Добро обмислениот план на сатаната е човекот да оди од една во друга крајност. Како чеда на светлината, Бог сака да негуваме радосен, среќен дух, за да можеме да Го прославиме Оној кој нè повикал „од темнината во својата чудесна светлина“ (1. Петрово 2,9).[3]

**Придобијте ја љубовта на децата. –** Насмевнувајте се, родители, насмевнувајте се, учители. Ако вашето срце е тажно, не дозволувајте лицето тоа да ви го открие. Нека сончева светлина го

осветли вашето лице од срцето полно со љубов и благодарност. Ослободете се од вашето железно достоинство, приспособете се на детските потреби и направете да ве засакаат. Ако сакате во нивното срце да ја втиснете верската вистина, морате да ја придобиете нивната љубов.[4]

**Погрижете се да имате ведро расположение и пријатен глас.** – Родители, бидете радосни, но не со привидна, бегла лекомислена радост, туку со радост што произлегува од послушното срце на небесниот Татко. Ако работите не врват како што треба и тоа ве раздразни, вие не смеете да постапувате според своите чувства. Додека ги воспитувате, вашите деца нека бидат привлечени од љубовта, која треба да биде како длабоките води кои никогаш не пресушуваат. Тие се јагненца во Божјето стадо. Донесете ги кај Христа. Ако родителите сакаат нивните деца да бидат радосни и учтиви, никогаш не треба да им зборуваат гневно. Вежбајте се себеси да имате ведро однесување и да внесете нежност и смиреност во својот глас кога разговарате со нив. Божјите ангели постојано се близу до вашите деца, а грубиот, гневен и висок тон не е пријатен за нивните уши.[5]

Мајката треба да негува ведрина, задоволство и среќа. Секој напор во таа насока ќе биде богато награден како со духовна така и со физичка благосостојба на нејзините деца. Ведриот дух ќе 433
придонесе за среќата на целото семејство и ќе се одрази добро и на нејзиното здравје.[6]

**Отстранете ги сенките и олеснете ги должностите. –** Гледајте на работите од светлата, радосната страна. Трудете се да ги отстраните сенките кои ќе ви ја помрачат душата ако ги негувате. Развивајте сочувство кон другите. Ведрината, љубезноста и љубовта нека го исполнат вашиот дом. Тоа ќе ја зголеми љубовта кон верските работи и одговорности, па секоја должност, било голема или мала, ќе се извршува со радосно срце.[7]

**Вистинската радост – христијанска вредност. –** Ние можеме да имаме вистинско христијанско достоинство и во исто време да бидеме радосни и љубезни во односите со другите. Радоста во која нема лесномисленост претставува една од христијанските вредности.[8] 434

1. Signs of the Times, Feb. 12, 1885
2. Manuscript 1, 1867
3. Australian Union conference Record, Nov. 1, 1904
4. Fundamentals of Christian Education, p. 68
5. Manuscript 126, 1897
6. Ministry of Healing, p. 374
7. Signs of the Times, Sept. 1, 1898
8. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 62

# Дар на зборување

**Гласот е дарба. –** Гласот ни е подарен дар и треба да го употребуваме за да им помагаме, да ги охрабруваме и да ги насочуваме нашите ближни. Ако родителите го сакаат Бога и внимаваат на Господовиот пат, ако извршуваат правда и суд, нивниот говор нема да одразува неразумна чувствителност, туку ќе се одликува со промисленост, чистота и благородност. Без разлика дали се во домот или надвор од него, тие треба внимателно да ги бираат зборовите. Тие никогаш нема да си дозволат да говорат некултурни работи.[1]

**Секој збор има влијание. –** Секој збор, изговорен од таткото или мајката, има свое влијание врз децата за добро или за зло. Ако родителите зборуваат раздразливо и често избувнуваат, ако покажуваат дух кој го покажуваат децата на овој свет, Бог ќе ги смета за деца на овој свет, а не за Негови синови и ќерки.[2]

Зборот изговорен во вистинско време може да биде добро семе во младиот ум и да ги понесе малите нозе на патот на правдата. Но,еден погрешен збор може да ги понесе нивните нозе на патот на пропаста.[3]

Ангелите ги слушаат зборовите што се изговараат во домот. Затоа никогаш не навредувајте; влијанието на вашите зборови нека биде такво што ќе се издига како сладок мирис кон небото.[4]

Родителите треба да ја чуваат атмосферата во домот чиста и исполнета со љубезни зборови проникнати со нежно сочувство и љубов; но едновремено треба да бидат цврсти и да не отстапуваат од принципите. Ако сте непоколебливи со вашите деца, понекогаш тие можеби ќе помислат дека не ги сакате доволно. Тоа може да се случи. Барајте да ве слушаат, но никогаш не бидете груби. Тогаш ќе ве разберат. Правдата и милоста треба да одат

рака под рака. Не треба да има никакво двоумење или пренагле-
435 ни постапки.[5]

**Говорот треба да биде надворешен израз за внатрешната убавина. –** Основна потреба на говорот е да биде непорочен, љубезен и вистинит – надворешен израз на внатрешната убавина... Најдоброто училиште за изучување на таков јазик е домот.[6]

Љубезните зборови се како роса и нежен дожд за душата. Библијата вели за Христа дека Неговите усни биле помазани со милоста за да може да „изговори пријатен збор на уморниот." И Господ ни советува: „Зборот ваш секогаш да биде благодатен..., за да знаете како треба на секого да му одговарате..." (Колошаните 4,6)[7]

**Негувањето на гласот треба да започне во домот. –** Негата и култивирањето на гласот и зборот треба да започне уште во семејниот круг. Родителите треба да ги учат своите деца да зборуваат јасно, за оние што ги слушаат да можат да го разберат секој изговорен збор. Треба да ги учат да ја читаат Библијата на начин кој ќе биде јасен и разбирлив, за да можат со својот говор да го прослават Бога. Не дозволувајте им на оние кои клечат околу семејниот олтар да го покријат лицето со рацете или да ја наведнат главата кон масата кога се молат на Бога. Нека ја подигнат главата и со света стравопочит и слобода да пристапат пред престолот на милоста.[8]

Бидете чисти во говорот. Не валкајте го со груби, непристојни или непријатни зборови. Изградувајте нежен и убедлив, а не тврд и диктаторски тон на гласот. Давајте им поуки на децата за културата на говор. Вежбајте ги нивните навики за правилно користење на говорот сѐ додека не научат никаков прост или остар збор да им излезе спонтано од устата, дури и тогаш кога ќе наидат на какво било искушение.

Вежбањето на гласот е тесно поврзано со здравјето на учениците. Младите треба да учат како да дишат правилно и како да читаат на таков начин што во грлото и белите дробови нема да дојде до неприродно напрегнување, туку работата ќе ја преземат стомачните мускули. При грленото говорење гласовите се создаваат од горниот дел на гласните органи, така што го изложува на
436 опасност здравјето на сите органи и ја намалува нивната полез-

ност. Стомачните мускули треба да го преземат најголемиот дел од работата, додека грлото треба да се употребува како канал. Многумина умреле, а можеле да живеат, ако биле поучени како правилно да си го употребуваат гласот. Правилната употреба на стомачните мускули при читање и говорење може да се покаже како лек за подобрување на изговорот и отстранување на болестите на градниот кош и средство за продолжување на животот.[10]

**Влијанието на грубите зборови и избувливиот карактер. –** Во домот во кој се изговараат груби зборови, каде што се зборува со гнев и избувливо, детето многу плаче. Причина за тоа е што неговото нежно битие е изложено на влијанието на незадоволство и неслога. И врз неговата кревка психа со текот на времето се запечатуваат белези на конфликти и раздори. Затоа, мајки, вашето однесување нека биде како сончева светлина за децата. Смејте се секогаш кога можете, и тогаш умот и срцето на детето ќе ја одразуваат светлината на вашето однесување како што огледалото го одразува ликот на човекот. Мајки, трудете се Христос да живее и да дејствува во вас за да може божествениот лик да се вреже во приемчивиот ум на вашите деца.[11]

**На Небото не се слушаат остри звуци. –** Не дозволувајте да искрснуваат остри кавги и несогласувања во вашиот дом. Зборувајте љубезно. Никогаш не подигајте го својот глас грубо. Останете смирени. Не настојувајте да барате грешки и отфрлете ја секоја невистина. Говорете им на децата дека сакате да им помогнете да се подготват за светото небо, каде што владее мирот и каде што не се слушаат остри забелешки проникнати со нервоза. Бидете трпеливи со нив кога гледате дека имаат проблем, кој вам може да ви изгледа мал, но за нив е голем.[12]

Кога татковците и мајките се обратени, настапува целосна промена и во нивните принципи за управување на домот. Нивните мисли ќе бидат обратени, нивниот јазик ќе биде обратен...

Тогаш нема да се дозволи никакво гневно говорење во домот. Зборовите ќе утешуваат и ќе бидат благослов за слушателот... Не дозволувајте да се појави никаква грубост во вашиот глас.[13] 437

Треба да го совладаме својот избувлив карактер и да ги контролираме своите зборови зашто само така ќе извојуваме голе-

ми победи. Додека не постигнеме контрола над своите зборови и над темпераментот, ние сме робови на сатаната. Ние му се покоруваме нему. Тој нѐ смета за заробеници. Секое нетрпение, сите нељубезни, нетрпеливи и гневни зборови се жртви принесени на неговото сатанско величество. И тоа е скапоцена жртва, поскапа од која било друга жртва што можеме да ја направиме за Бога, затоа што таа го разорува мирот и среќата на целиот дом, го разорува здравјето и може да биде причина за загубата на вечниот живот и среќа.[14]

**Зборовите – светлина или сенка. –** Од големо значење е децата и младите да научат да си ги контролираат зборовите или постапките; зашто нивниот начин на постапување создава или светлина или сенка не само во нивниот сопствен дом туку и во односот со сите со кои доаѓаат во допир.[15]

Неразумната употреба на дарбата на говорот често може да предизвика огорченост во семејството. Божјата реч никому не му дава право да зборува грубо, затоа што така се предизвикуваат чувства на огорченост, несогласување и раздор во домот. Често членовите на семејството ја губат почитта кон оној кој зборува така, а ако успее да владее со своите чувства, тој би можел да ја придобие довербата и љубовта на сите.[16]

**Нежните зборови кон децата; зборови на почит кон родителите. –** Нека се изговараат само љубезни зборови од родителите кон децата и зборови полни со почит од децата кон родителите. Во семејниот живот треба да се обрне големо внимание на тие нешта; зашто, ако во процесот на градење на карактерот на децата се оформат правилни навики, после ќе биде многу полесно да ги примаат поуките од Бога и да ги исполнуваат Неговите барања.[17]

**Избегнувајте недолични зборови во кој било облик. –** Тат-
438 ковци и мајки, сопрузи и сопруги, браќа и сестри, не дозволувајте никаква вулгарност во постапките, зборовите и мислите. Непристојните изрази, недоличните шеги, отсуството на љубезност и вистинска учтивост во домашниот живот ќе стане ваша втора природа и ќе ве онеспособи за дружење со оние кои се посветуваат на вистината. Домот е пресвето место кое не треба да биде

осквернавено од прости зборови, телесност, заемни обвинувања и клеветење. Премолчете го лошиот збор, отфрлете ги несветите мисли затоа што верниот Сведок го мери секој збор, ја оценува секоја постапка и објавува: „Ги знам твоите дела“.[18]

Во домот нема место за недостојни, бесмислени и празни разговори. Кога срцето е чисто, од него ќе извираат изобилните извори на Мудроста.[19]

Не водете бесмислени разговори во вашиот дом. Секое дете ќе извлече полза од „образецот на здравите зборови“. Не заборавајте дека празните и безумни зборови разменети меѓу таткото и мајката, во многу случаи децата ги примаат и ги повторуваат. Исто така, искрените, вистинити и сериозни зборови ги запомнуваат, но тие даваат добар резултат бидејќи ги насочуваат кон добри постапки.[20]

**Злото од гневните, избувливи зборови. –** Кога им се обраќате на вашите деца со гневни зборови, вие го поддржувате делото кое е непријател на секоја праведност. На секое дете дајте му најдобар пример уште од мало бебе. Воспитанието треба да започне уште од детството, без грубост и избувливост, туку со љубов и трпение. Тоа треба да продолжи во животот на децата додека не станат зрели мажи и жени.[21]

Секое семејство во сериозна молитва нека бара помош од Господа за да го изврши Божјето дело. Нека ги совладаат навиките на непромислено зборување и желбата да ги обвинуваат другите. Членовите на семејството нека научат да бидат љубезни, спокојни и трпеливи во домот; нека изградат навики за обѕирно и внимателно однесување еден кон друг.[22] *439*

Големи штетни последици во домашниот круг оставаат нетрпеливите зборови, бидејќи избувливиот говор го тера другиот да возврати со ист дух и на ист начин. Потоа следуваат зборови на одмазда и самооправдување, по кои се натрупуваат јадови длабоко во душата на децата. Тие горчливи зборови ќе станат погубна жетва за вашата душа.[23]

Тешките зборови продираат до срцето преку ушите, поттикнувајќи ги најлошите чувства на душата и искушувајќи ги мажите и жените да ги прекршуваат Божјите заповеди... Зборовите се семе кое се сее и ’рти.[24]

**Острите зборови се слични на клетви. –** Во многу семејства е присутна навиката да се зборува неодговорно и лекомислено; навиката да се изговараат груби и навредливи зборови кои раздразнуваат станува сè посилна и посилна колку повеќе се повторува. Изговарањето невкусни зборови се според сатанската, а не според Божјата волја... Никогаш не изговарајте понижувачки зборови, кои се плод на огорченост и возбуда, зашто тие во Божјите очи и во очите на светите ангели се слични на клетви.[25]

**Татко кој ја изгубил довербата кај своите деца. –** Брате мој, твојот висок тон и твоите заповеднички зборови ги повредуваат твоите деца. Колку повеќе растат, толку во нив расте склоноста да те осудат. Осудувањето на другите го расипува твојот карактер и се пренесува на твојата сопруга и децата. Тие не можат да имаат доверба и не ги признаваат своите грешки затоа што знаат дека ти остро ќе ги укориш. Твоите зборови често се слични на ледениот град што пустоши и ги уништува нежните растенија. Невозможно е да се процени штетата што ја нанесуваш. Твоите деца се служат со измама за да ги избегнат тешките зборови што им ги говориш. Тие ја заобиколуваат вистината за да се спасат од укорот
440 и казната. Суровиот, студен и заповеднички тон не предизвикува ништо добро за нив и ти на крајот ја губиш нивната доверба.[26]

**Ветете! –** Би било добро кога секој човек свечено би ветил дека во својот дом ќе изговара само љубезни зборови, дека законот на љубовта ќе управува со неговиот начин на говорење. Родители, никогаш не зборувајте грубо, непромислено, раздразливо. Ако вашите деца направиле некоја грешка, поправете ги, но зборовите нека ви бидат проникнати со љубов и нежност. Секогаш кога се карате, ја губите драгоцената можност да дадете поука за трпение и воздржување. Единствено љубовта нека ги раководи вашите постапки при поправањето на грешките.[27]

**Разговори на масата. –** Многу семејства своите дневни оброци ги зачинуваат со разговори и кавги! Тие ги критикуваат карактерите на своите пријатели и тоа им служи како вкусен десерт. По некое вкусно залче „клевета“ кружи околу масата и го коментираат не само од возрасните туку и децата. Со тоа не се слави Бог, туку му се нанесува срам.[28]

За духот на критика и барање грешки не треба да има место во домот. Мирот и спокојството во домот се премногу свети за да го расипуваме на овој начин. Сепак, многу често се случува членовите на семејството да седат околу масата и разговорот да премине во критики, во изнаоѓање грешки и расправии. Кога Христос би дошол денес, нема ли да најде многу семејства, кои за себе велат дека се христијански, а кои негуваат дух на критика и нељубезност? Членовите на таквите семејства не се подготвени да се приклучат на небесното семејство.[29]

Разговорите околу трпезата во домот нека бидат такви што ќе оставаат позитивно влијание врз психата на децата и благопријатни мириси во сеќавањата.[30]

**Озборувањето и прераскажувањето. –** Нѐ обзема ужас додека мислиме на човекојадците кои се гостат со сѐ уште топлото
месо на својата жртва, но дали резултатите од таквите постапки
се пострашни од агонијата и пропаста предизвикани од погреш- 441
ното прикажување на нечии побуди, од оцрнувањето на нечиј углед и клеветењето на нечиј карактер? Децата и младите нека научат што кажува Бог за тоа: „Смртта и животот се под власта на јазикот“ (Мудри изреки 18,21).[31]

Духот на озборување и клеветење е едно од специјалните средства на сатаната за сеење раздори и расправии, да раздели пријатели и да ја ослаби довербата на многумина во вистинитоста на нашата вера.[32]

**Сеењето семе на недоверба е помош на лукавиот. –** Човекот е склон да изговара остри зборови. Оние кои ѝ попуштаат на оваа склоност, му отвораат врата на сатаната да влезе во нивното срце и да го поттикне постојано да зборува за слабостите и грешките на другите. Таквите луѓе размислуваат за тие грешки, се занимаваат со нив, ги забележуваат недостатоците на одделни лица и говорат работи кои раѓаат недоверба кон оној, кој всушност работи најдобро што може за да ја изврши својата должност како Божји соработник. Често семето на недоверба се сее од оној кој мисли дека треба да биде привилегиран, но не е.[33]

Бог ги повикува верниците да престанат да бараат грешки, да престанат со необмислените и нељубезни зборови. Родители, збо-

ровите што ги изговарате пред своите деца нека бидат мили и пријатни за да можат ангелите да ги привлечат кон Христа. Потребна е целосна реформа во домот – црквата. Започнете со тоа веднаш! Престанете со секое негодување, победете го нерасположението и запрете со кавгите. Луѓето кои се лутат и викаат на своите ближни, ја затвораат вратата на небесните ангели, а ја отвораат вратата на злите ангели.[34]

**Родители, совладувајте се. –** Родители, кога сте гневни, не правете го тој голем грев да ја отруете атмосферата на целото семејство со својата опасна раздразливост. Во такви моменти зголемете ја двојно својата контрола врз себе и решете во своето срце да не згрешите со својот јазик, туку да изговарате само пријат-
442 ни и љубезни зборови. Речете си себеси: „Нема да ја помрачам среќата на своите деца со ниту еден остар збор". Со таква самоконтрола, ќе бидете посилни. Вашиот нервен систем нема да биде толку чувствителен. Ќе бидете зајакнати со начелата на правдата. Свесноста дека верно ја исполнувате својата должност, ќе ве зајакне. Божјите ангели ќе се радуваат на вашите напори и ќе ви помогнат.[35]

Татковци и мајки, зборувајте љубезно со своите деца. Сетете се колку сте и вие чувствителни и колку тешко го поднесувате секој прекор. Разберете дека и вашите деца се како вас. Не им товарете на децата бреме кое и самите не можете да го носите. Ако не можете да поднесете укор и засраменост, ни вашите деца не можат да ги поднесат, кои се многу послаби од вас и не можат да издржат толку многу. Вашите зборови нека бидат како сончеви зраци во семејството, секогаш љубезни и весели. Плодовите од самоконтролата, промисленоста и трпението од ваша страна ќе бидат стократно наградени.[36]

**Време за молчење или песна. –** Неволјите ќе дојдат, тоа е вистина дури и на оние кои се целосно посветени на Бога. Трпението и на најтрпеливите ќе биде сериозно искушано. Сопругот или сопругата можат да изговорат саркастични зборови, кои ќе предизвикаат непромислен одговор, но оној кој е предизвикан нека го зачува мирот. Во молчењето се наоѓа сигурноста. Често молчењето е најсигурниот укор кој може да биде упатен кон човекот кој згрешил со своите усни.[37]

Кога децата и младите ја губат самоконтролата и говорат дрски зборови, молчењето е најдобриот пат кој треба да го следиме, без да се впуштиме во укори, кавги и осуда. Покајанието ќе дојде многу скоро. Молчењето, кое е злато, често ќе направи повеќе отколку сите зборови што можат да бидат изговорени.[38] 443

Кога другите се нетрпеливи, раздразливи и приговараат затоа што не го покориле своето „јас“, почнете да пеете некоја од сионските песни. Додека Христос работел крај дрводелската маса, другите би го опкружувале обидувајќи се да го предизвикаат да покаже нетрпение. Но Тој тогаш започнувал да пее некои од прекрасните псалми и пред да сфатат што прават, тие Му се придружувале во пеењето, потпаѓајќи под влијанието на силата на Светиот Дух кој бил во Него...[39]

**Борбата за самосовладување во говорот. –** Бог бара родителите да шират светлина во непосредниот круг на своето мало стадо со самосовладување и пример на еден добро урамнотежен карактер. Не треба да се водат никакви лекомислени и неблагородни разговори. Бог ја гледа секоја тајна во животот. Некои водат постојана борба за да ја задржат власта над себеси. Секој ден во тишина и во молитва се стремат да го совладаат својот груб говор и темперамент. Оваа борба можеби никогаш нема да биде ценета од човечките суштества. Таквите луѓе можеби нема да слушнат никаква пофалба зашто се воздржале да не ги изговорат избрзаните зборови што им биле на усните. Светот никогаш нема да дознае за овие победи, а и кога би дознал, тој би ги презрел победниците. Меѓутоа, во небесните книги тие се запишани како победници. Има Еден кој е сведок на секоја тајна борба и на секоја тивка победа. И Тој вели: „Долготрпеливиот е подобар од храбриот, и кој владее со себеси, подобар е и од освојувач на градови“ (Мудри изреки 16,32).[40]

Ако си одлучил да не избувнуваш, да не се лутиш или да не навредуваш, Господ ќе ти го посочи патот кон тоа. Тој ќе ти помогне да го употребиш дарот на говорот на таков христијански начин што домот ќе се исполни со драгоцените вредности на трпението, утехата и љубовта.[41] 444

445 1. Manuscript 36, 1899
2. Manuscript 100, 1902
3. Review and Herald, June 24, 1890
4. Letter 10, 1912
5. Review and Herald, March 30, 1897
6. Education, p. 211
7. The Youth's Instructor, March 31, 1908
8. Manuscript 4, 1901
9. Manuscript 60, 1903
10. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 297
11. Review and Herald, Sept. 8, 1904
12. Manuscript 14, 1905
13. Letter 75, 1898
14. Testimonies for the Church, Vol. 1, p. 310
15. The Youth's Instructor, Nov. 5, 1896
16. Manuscript 60, 1903
17. Review and Herald, Nov. 17, 1896
18. Signs of the Times, Nov. 14, 1892
19. Review and Herald, May 17, 1898
20. Review and Herald, April 14, 1885
21. Manuscript 53, 1912
22. Manuscript 13, 1907
23. Review and Herald, Feb. 27, 1913
24. Letter 105, 1893
25. The Youth's Instructor, Sept. 20, 1894
26. Letter 8a, 1896
27. Letter 29, 1902
28. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 195
29. Signs of the Times, Feb. 17, 1904
30. Manuscript 49, 1898
31. Education, p. 211
32. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 195
33. Letter 169, 1904
34. Letter 133, 1904
35. Testimonies for the Church, Vol. 1, pp. 386, 387
36. Id., p. 401
37. Manuscript 70, 1903
38. Manuscript 59, 1900
39. Manuscript 102, 1901
40. Signs of the Times, Aug. 23, 1899
41. Manuscript 67, 1901

# Гостопримство

**Ангелите можат да бидат поканети нагости уште денес. –** Библијата придава големо значење на гостопримството. Не само што го нагласува како должност, туку во Писмото се претставени многу прекрасни примери кои упатуваат на оваа доблест и ги откриваат благословите што таа ги носи. Најистакнат меѓу нив е Аврамовото доживување...

Овие дела на услужливост и љубезност Бог ги смета за доволно важни за да ги забележи во својата Реч, а по повеќе од илјада години тие се споменуваат од вдахновениот апостол: „Гостољубивоста не запоставувајте ја, бидејќи преку неа некои, и не знаејќи, им укажаа гостопримство на ангели“ (Евреите 13,2).

Привилегијата со која Аврам и Лот биле почестени, и нам ни стои на располагање. Со укажување на гостопримство на Божјите чеда, ние исто така можеме да ги примиме Неговите ангели во своите домови. Дури и во наше време ангели во човечки облик влегуваат во домовите на луѓето, каде што се добро пречекани и угостени. И христијаните, коишто живеат во светлината на Божјето лице, секогаш се придружувани од невидливите ангели. Тие свети суштества оставаат по себе благослов во нашите домови.[1]

**Пренебрегнати пригоди и предности. –** „Сакајте го гостопримството“ – тоа е една од особините дадени од Светиот Дух како обележје на оние што носат одговорности во црквата. И на целата црква ѝ е даден налог: „Бидете гостољубиви еден спрема друг без негодување. Служете си еден на друг, секој со дарбата што ја примил, како добри управители на разнообразната Божја благодат“ (1. Петрово 4,9.10).

Овие опомени, за жал, се запоставени. Дури и меѓу луѓето кои
446 тврдат дека се христијани, ретко се покажува вистинското гостопримство. Кај нашите верници, можноста да укажат гостопримство, не се смета за она што е – привилегија и благослов. Општо земено, нема доволно желба за дружење, отсуствува готовноста да се направи место за уште двајца или тројца во семејниот круг без шепурење и растревоженост.[2]

**Неоправдани изговори. –** Сум слушнала мнозина како се правдаат зошто не ги канат во своите домови Божјите свети: „Ништо не сум подготвила, ништо не сум зготвила; тие треба да одат на друго место.“ А на другото место се измислуваат други изговори за да се најде причина да не ги примаат оние на кои им е потребно гостопримството. Чувствата на посетителите се длабоко ожалостени и си одат со непријатни впечатоци за гостопримството на луѓето кои се нарекуваат браќа и сестри. Ако ти немаш леб, мила сестро, присети се на примерот во Библијата. Оди кај својот сосед и кажи му: „Пријателе, дај ми на заем три леба; зашто ми дојде еден пријател од пат и немам што да му принесам“ (Лука 11,5).

Немаме ниту еден пример во кој недостигот од леб е употребен како извинување за да се откаже гостопримството на оној кој има потреба од него. Кога Илија дошол кај вдовицата во Сарепта, таа го поделила последниот залак со Божјиот пророк. Тогаш тој направил чудо, а со тоа што го отворила својот дом за Неговиот слуга и со него го споделила своето залче леб, се прехранила и го зачувала и својот живот и животот на својот син. Така ќе се случи и со многумина, ако го направат тоа со радост и за слава на Бога.

Некои се правдаат на своето слабо здравје – би сакале да укажат гостопримство само кога би имале сила. Така тие се затвораат во себе и мислат само на своите чувства и говорат само за своите страдања, искушенија и неволји, што тоа станало нивна сегашна вистина. Тие не мислат на никого освен на себеси, без
447 оглед колку на другите им е потребно сочувство и помош. Вие, кои страдате поради слабо здравје, за вас постои лек: „Ако видиш гол – облечи го, и од крвните сродници не криј се. Тогаш твојата светлина ќе светне како зора, и твоето здравје наскоро

ќе процути“ (Исаија 58,7.8). Да се прави добро е соодветен лек за болеста. Оние кои работат на ова дело, се повикани да се обратат на Бога и Тој ќе им одговори. Нивната душа ќе биде сита во време на суша и тие ќе бидат како навадена градина и како извор кој не пресушува.

**Изгубени благослови поради себичност. –** Бог не е задоволен кога гледа дека толку често покажуваме себичен интерес кон „себеси и својот дом“. Секое семејство кое негува таков дух, треба да биде насочено кон чистите начела, кои Христос ги покажал во својот живот. Луѓето кои се затвораат во себеси и кои не сакаат да им укажат гостопримство на другите, губат многу благослови.[4]

Ангелите чекаат да видат дали ќе ги искористиме можностите кои ни се нудат за да правиме добро; чекаат да видат дали ќе бидеме благослов на другите, за да можат да нѐ благословат и нас. Сам Господ нѐ направил да се разликуваме – некој е сиромашен, некој богат, а некој страдалник – сите тие имаат можност да го развијат својот карактер. Меѓу вас ќе има и сиромашни, рекол Господ, за да се испитаме, да утврдиме и да покажеме што се наоѓа во нашето срце.[5]

Кога духот на гостопримството умира, срцето се парализира од себичноста.[6]

**Кому треба да му се укаже гостопримство. –** Нашето гостопримство не смее да се раководи според световните обичаи, туку од Христовиот дух и учењето на Неговата реч. Старите Израелци во сите празници ги вклучувале и сиромашните, странците и левитите, кои му помагале на свештеникот во светилиште- 448
то, и дејствувале како религиозни учители и мисионери. Тие се сметале за гости на сиот народ, кои уживале во неговото гостопримство во сите ситуации на општествени и верски празнувања и за нив требало да се грижат во случај на болест или потреба. Таквите луѓе треба да ги каниме и ние во нашите домови. Колку таквото добредојде може да ги израдува или охрабри негувателите – мисионер или учител, со грижи оптоварената и презафатена мајка, или немоќните и остарени луѓе, кои често се без дом и кои се борат со сиромаштија и бројни непријатности.

Христос рекол: „Кога даваш ручек или вечера, не кани ги пријателите свои, ниту браќата свои, ни роднините свои, ниту богатите соседи, за да не те поканат и тие некогаш и да ти биде возвратено. Но, кога даваш гозба, повикај ги сиромасите, куците, слепите. И ќе бидеш блажен, зашто тие немаат со што да ти возвратат, и затоа ќе ти биде возвратено при воскресението на праведните“ (Лука 14,12-14).

Тоа се гости кои нема да бидат голем товар за тебе ако ги повикаш. За нив не е потребно долго да се подготвуваш за богато да ги пречекаш. Нема потреба да се покажуваш пред нив. Топлината од срдечниот прием, место крај твоето огниште, едно место на твојата трпеза, предност да учествуваат во заедничката семејна молитва, за многумина ќе биде како сончев зрак од небото.

Нашето сочувство треба да ги помине границите на нашата себичност и изолираноста меѓу семејните ѕидови. Драгоцени можности им се пружаат на оние кои сакаат својот дом да го направат благослов за другите. Влијанието на дружењето има чудесна сила. Ако сакаме, можеме да го искористиме тоа влијание
449 за да им помогнеме на луѓето околу нас.[7]

**Засолниште за искушуваната младина. –** Нашите домови треба да бидат засолниште за младите кои се изложени на искушенија. Многу млади стојат на крстопат. Секое влијание, секој впечаток го одредува изборот кој ќе ја обликува нивната сегашност и нивната вечна иднина. Злото ги привлекува. На таквите места ги примамува со својот блескав и заводнички шарм. Таму секој дојденец е срдечно пречекан и лесно им се препушта на искушенијата. Насекаде околу нас има млади луѓе кои немаат дом, и други чиишто домови не ги привлекуваат, поткрепуваат и помагаат. Тие млади лесно му подлегнуваат на злото и стануваат негови жртви. Тие минуваат крај нас, често се сосем близу до нас, но одат во пропаст.

На овие млади треба да им се подаде рака на сочувство. Едноставно изговорени љубезни зборови и мало и едноставно укажно внимание ќе им ги расеат натрупаните облаци од искушенија кои се надвиле над душата. Искрениот израз на сочувство вдахнато од небото, има моќ да ја отвори вратата на срцето на оној

кој има потреба од слаткиот мирис на божествените зборови и од нежниот допир на духот на Христовата љубов. Кога повеќе би се заинтересирале за младите, ако ги каниме во нашите домови и ги опкружиме со благотворната адмосфера на ведрина и готовност за помош, многумина со радост би зачекориле по патот кон небото.[8]

**Да ја зачуваме семејната едноставност. –** Кога ќе дојдат гости, како што често се случува, подготовката за тоа не смее да ѝ го одземе целото време и внимание на мајката; телесната и духовната благосостојба на нејзините деца треба да биде на прво место. Не треба да се троши времето за приготвување колачи, торти и нездрава храна. Тоа е прекумерен трошок и многумина не можат да си го дозволат. Но примерот што се дава прави уште поголемо зло. Зачувајте ја семејната едноставност. Не обидувајте се да оставите впечаток дека можете да живеете над своите можности. Не обидувајте се да се покажете онакви какви што не сте, 450
било во поставувањето на масата било со вашето однесување.

Додека со гостите се однесувате љубезно и правите да се чувствуваат како во свој дом, вие им давате пример на децата како и самите треба да се однесуваат кон другите. Не заборавајте дека сте учител на децата, кои Бог ви ги дал. Тие ве набљудуваат и ниту една ваша постапка не смее да ги насочи во погрешна насока. Спрема вашите гости бидете такви какви што сте секојдневно во вашиот дом – љубезни, внимателни и учтиви. На овој начин сите можат да бидат воспитувачи и пример во правење добри дела. Учете ги сопствените деца дека има посуштествени нешта од тоа што ќе се јаде или пие и како ќе бидат облечени.[9]

**Одржување на мирна и пријатна атмосфера. –** Ние би биле многу посреќни и покорисни ако со нашиот семеен живот и со душтвените односи управува кротоста и едноставноста на Христа. Наместо да се стремиме да се докажеме за да предизвикаме восхит или завист кај гостите, треба да настојуваме да ги усреќиме сите околу нас со својата ведрина, симпатија и љубов. Нашите гости нека видат дека се сообразуваме со Христовата волја. Макар и да е нашиот живот скромен, нека видат во нас дух на задоволство и благодарност. Вистинската атмосфера на христијан-

скиот дом е атмосфера на мир и спокојство. Таквиот пример нема да остане без свој одек.[10]

**Сметки кои се бележат на небото. –** Христос води сметка за сите трошоци направени за примање гости во Негово име. Тој нѐ снабдува со сѐ што ни е потребно за ова дело. Оние кои во Христово име им пружаат гостопримство на своите браќа и сестри, правејќи сѐ што можат за да се чувствуваат пријатно и удобно, а посетата да биде корисна и за нив и за нивните гости, се запишани на небото како достојни за исклучителни благослови...
451
Со својот живот Христос ни дал поука за гостопримството. Кога бил опкружен со гладното мноштво покрај езерото, Тој не ги испратил гладни во нивните домови: „Дајте им вие да јадат“ (Матеј 14,16). И со еден дел од својата создателска сила, Тој ги снабдил со доволно храна за да се задоволат нивните потреби. Но, колку била едноставна таа храна! Таму немало никаков раскош ниту луксуз. Тој, кој ги имал сите богатства на небото под своја рака, можел да му понуди богат оброк на народот. Сепак, Тој им го дал само она што ќе ги задоволи нивните потреби, она што било секојдневна храна на луѓето крај езерото.

Кога луѓето денес би живееле скромно и во согласност со природните закони, би имало изобилие со кое би се задоволиле сите потреби на човештвото. Во таков случај би имало помалку измислени потреби, а повеќе можности за работа според Божјиот пример...

Сиромаштијата не треба да биде причина да се затвораме во себе и да не укажуваме гостопримство на оние кои западнале во неволја и имаат потреба од помош. Треба да го делиме она што го имаме. Има луѓе кои постојано се борат за да опстанат и се соочуваат со големи тешкотии за да ги задоволат своите потреби; но тие го сакаат Исуса во лицето на Неговите чеда и се подготвени да покажат гостопримство и на верници и на неверници, трудејќи се нивната посета да ја направат пријатна. На семејната маса и на семејниот олтар гостите се добредојдени. Времето посветено на молитва остава впечаток врз оние кои го уживаат нашето гостопримство, и дури и само една посета може на душата да ѝ донесе спасение од смртта. За таквото дело Господ ветува награда, изјавувајќи: „Јас ќе ти платам“.[11]

**Да ја користиме секоја пригода. –** Разбудете се, браќа и сестри. Не плашете се да правите добри дела. „Кога правиме добро, тоа нека не ни биде здодевно, зашто во свое време ќе пожнееме, ако не се измориме“ (Галатите 6,9). Не чекајте некој да ви ја покаже вашата должност. Отворете ги очите и погледнете ги оние што се околу вас; запознајте се со немоќните, болните и несреќните. 452
Не кријте се од нив и не пренебрегнувајте ги нивните потреби. Кој дава докази, кои ги спомнува Јаков, за поседување чиста вера, неизвалкана од себичност или расипаност? Кој копнее да направи сè што е во негова моќ да помогне во исполнувањето на големиот план на спасение?[12] 453

1. Testimonies For The Church 6, 341, 342. 454
2. Id., ., 6:342, 343.
3. Id., ., 2:28, 29.
4. Id., ., 6:344.
5. Id., ., 2:28.
6. Manuscript 41, 1903
7. Ministry of Healing, pp. 352-354
8. Id., p. 354
9. Christian Temperance and Bible Hygiene, p. 143
10. Review and Herald, Nov. 29, 1887
11. Testimonies for the Church, Vol. 6, pp. 344, 345, 347
12. Id., Vol. 2, p. 29

*Шеснаесетти дел*

# ДОМОТ И ОПШТЕСТВЕНИТЕ ОДНОСИ

# Нашите општествени потреби

455 **Бог се погрижил за нашите општествени потреби. –** Во Божјиот план за воспитувањето на избраниот народ јасно е откриено дека совршен живот може да има само оној кој се сосредоточува на Бога. Кога Бог во срцето на човекот всадил некоја потреба, Тој се погрижил таа да биде задоволена, и секоја способност што ја дава, Тој настојува да ја развие.

Бидејќи не е само автор на убавината, туку и нејзин љубител, Бог ги открил и можностите да се задоволи љубовта на човекот и Неговите чеда кон убавината. Тој ги предвидел и средствата за задоволување на нивните социјални потреби, за добрите, пријатни и полезни пријателски врски кои толку многу придонесуваат за развивање на љубовта и сочувството и кои го исполнуваат животот со радост.[1]

**Влијанието на пријателството. –** Секој човек наоѓа пријатели и создава повремени или потрајни пријателски врски. Пропорционално на силата на пријателството е и влијанието кое пријателите го имаат еден на друг, за добро или за зло. Сите имаат пријатели кои влијаат на нив на некаков начин, а во исто време и самите се под нивното влијание.[2]

Божјата реч особено го нагласува влијанието на пријателството како кај мажите така и кај жените. А колку е поголема неговата сила за развојот на карактерот на децата и младите! Друштвото што го имаат, начелата кои ги прифатиле и навиките кои ги изградиле, ќе бидат од решавачко влијание за нивната полезност тука и во идниот свет...

Неизбежно е младите да имаат пријатели и да го чувствуваат нивното влијание. Постојат таинствени врски кои ги поврзуваат душите, така што срцето на едниот да одговара на срцето на другиот. Едниот ги прифаќа идеите, чувствата и духот на другиот. Тоа пријателство може да биде или благослов или проклетство. Младите можат да си помагаат и да се поткрепуваат еден со 456
друг, станувајќи подобри во однесувањето, во расположението, во знаењето; или, пак, да дозволат да станат небрежни и неверни, и така да извршат влијание кое обесхрабрува.[3]

Точна е поговорката која вели: „Покажи ми со кого се дружиш, а јас ќе ти кажам каков е твојот карактер". Младите не можат да разберат колку силно влијание има изборот на пријателите врз нивниот карактер и углед. Човекот бара друштво од оние чии навики, вкусови и обичаи се слични на неговите. Оној кој повеќе го цени друштвото на необразованите и порочните отколку на добрите и праведните, покажува дека неговиот карактер е полн со недостатоци. Неговите навики во почетокот можат да бидат различни од вкусовите и навиките на пријателите со кои се поврзува; но, кога ќе се зближи со нив, неговите мисли и чувства почнуваат да се менуваат, тој ги жртвува вистинските начела и незабележително, но и неизбежно станува сличен на своите пријатели. Како што потокот ја напојува почвата по којашто минува, така начелата и навиките на младите неизбежно ќе бидат под влијание на луѓето со кои се дружат.[4]

**Склоностите на телесното срце уназадуваат. –** Ако младите можеа да бидат убедени да се дружат со луѓе кои се чисти, сериозни и добро воспитани, резултатот ќе беше спасоносен. Ако изборот на пријателите беше направен меѓу оние кои се бојат од Бога, влијанието ќе ги водеше кон вистината, кон должноста и кон световноста. Искрениот христијански живот е сила за добро. Но, младите кои се дружат со личности со сомнителен морал и имаат лоши начела и навики, наскоро и сами ќе тргнат по истиот пат. Склоностите на телесното срце водат кон зло. Оној кој се дружи со оној што се сомнева, и самиот наскоро ќе почне да се сомнева; оној што го избира друштвото на подлите, со сигурност ќе стане подлец. Да се биде во друштво на безбожните, значи да 457

се зачекори на патот на грешниците и да се седи во друштво на потсмевачите.[5]

Во животот на младите во светот, љубовта кон задоволствата и уживањата станува страст. Облекувањето, посетите, попуштањето на апетитот и страстите, задржувањето во кругот на разузданоста, им се чини како единствена цел на постоењето. Таквите луѓе се несреќни кога остануваат сами. Нивната најголема желба е да бидат фалени во друштвото, да им ласкаат и да предизвикуваат внимание, а кога оваа желба не може да се постигне, животот им изгледа неподнослив.[6]

Луѓето, кои го сакаат друштвото, често ја задоволуваат таа своја склоност, додека не им стане вистинска страст... Тие не можат да ја читаат Библијата и да мислат за она што е небесно. Несреќни се кога нема нешто што би можело да ги возбуди. Тие во себе немаат сили да бидат среќни, туку зависат од среќата на другите млади кои се лекомислени и површни како што се и самите тие. Силите, кои можат да бидат вложени во благородни цели, тие ги расфрлаат на глупави и празни нешта, трошејќи си ги умствените способности.[7]

**Благослови од христијанското дружење. –** Вистина е дека премалку се негува христијанското дружење кај Божјиот народ... Оние кои се затвораат во себе, кои не сакаат да бидат благослов на другите како пријатели, губат многу благослови затоа што усовршувањето и префинетоста на умот се стекнуваат со заемни контакти. Со социјалните контакти се создаваат познанства и се склопуваат пријателства, што доведува до единство на срцата и создавање на атмосфера на љубов која е пријатна во очите на Небото.

Луѓето, особено оние кои ја вкусиле Христовата љубов, треба да ги развиваат своите општествени дарби и способности зашто на тој начин ќе ги придобијат душите за Спасителот. Христос не
458 треба да биде скриен во срцето како скриено богатство, свето и мило, во кое единствено тие ќе се радуваат, ниту пак Христовата љубов треба да се пројавува само кон оние кои ни се пријатни и кои ни се допаѓаат. Учениците треба да научат да го пројавуваат Христовиот дух на љубезена заинтересираност и желба за дру-

жење со луѓето кои имаат потреба од голема помош, дури и да не се од нашите одбрани пријатели. Во секое време и на секое место Исус покажувал интерес за човечкото семејство и околу себе ја ширел светлината на радосната побожност.[8] 459

1. Education, p. 36
2. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 587
3. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 220
4. Id., p. 221
5. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 587
6. Id., Vol. 5, p. 112
7. Id., Vol. 4, p. 624
8. Testimonies For The Church 6, 172, 173.

# Доброто и лошото друштво

**Фактори што имаат влијание врз нас и нашите деца. –** Секое дружење, колку и да е мало, има некакво влијание врз нас. Степенот до кој му подлегнуваме на тоа влијание се определува од степенот на блискост, постојаноста на односите и од нашата љубов и почитување кон оној со кого се дружиме.[1]

Ако се дружиме со пријатели чие влијание ќе нѐ наведе да ги заборавиме возвишените Господови барања, го покануваме искушението и ја слабееме својата морална моќ да му се спротивставиме. Тогаш го восприемаме и потхрануваме духот на идеите на нашите пријатели, а светото и вечното добива помала вредност од нивните идеи. Така, за кусо време сме под токму такво влијание како што непријателот сака да бидеме.

Кога ќе потпаднат под тоа влијание, младите потешко му се спротивставуваат отколку повозрасните. Секое нешто остава трајни последици врз нивниот ум – лицата кои ги посматраат, гласовите што ги слушаат, местата кои ги посетуваат, друштвото во кое се движат, книгите што ги читаат. Невозможно е доволно да се истакне важноста на другарите, за овој и за идниот свет, кои ги избираме за себе, а особено за своите деца[2]

**Опасности од дружење со лошо друштво. –** Светот не треба да биде наше мерило. Ние не треба да се дружиме со лошите и да го споделуваме нивниот дух, затоа што тие ќе го одвлечат нашето срце од Бога и ќе нѐ насочат кон лажни богови. Постојаната душа, цврста во верата, може да направи многу добра. Човек со такви квалитети може да претставува благослов од највисок вид за оние со кои се дружи, затоа што Господовиот закон му е во ср-

цето. Не можеме непромислено да создаваме пријателства со луѓе 460
кои го нарушуваат Божјиот закон, а да ја зачувуваме нашата вера чиста и неизвалкана бидејќи ќе го попримиме нивниот дух. Ако не се одвоиме од нив, на крајот ќе се поврземе со нив и ќе ја споделиме нивната пропаст.[3]

Дружејќи се со идолопоклониците и учествувајќи во нивните богати свечености, Евреите биле заведени да го погазат Божјиот закон и да го предизвикаат Неговиот суд над народот. И денес сатаната на ист начин успева да ги заведе Христовите следбеници на грев, поттикнувајќи ги да се дружат со безбожните и да земат учество во нивните задоволства. „Затоа излезете од кај нив и одвојте се, зборува Господ, и не допирајте се до нечисто" (1. Коринќаните 6,17). Бог и денес бара од својот народ исто толку големо разграничување од светот во обичаите, навиките и начелата како што го барал тоа од древниот Израел.[4]

**Своеволниот Самсонов избор. –** Бог со посебна грижа бдеел над Самсон за да може да се подготви за делото коешто бил повикан да го изврши. Условите околу него уште од самиот почеток на животот биле поволни за развој на физичката сила, умствени способности и моралната чистота. Но, под влијание на лошото друштво, тој престанал да се потпира на Бога, кој е единствената човекова заштита, и бил одвлечен од брановите на злото. Луѓето, кои при исполнување на должноста ќе паднат во искушение, можат да бидат сигурни дека Бог ќе ги зачува, но ако доброволно се изложат на силата на искушението, тие порано или подоцна ќе паднат.[5]

**Подмолниот квасец на злото. –** Драги ученици, дење и ноќе ќе ве придружуваат молитвите на вашите родители. Слушајте ги нивните упорни предупредувања и опомени и не избирајте го друштвото на безобѕирни другари. Нема ни да почувствувате како квасецот на злото подмолно ќе го изопачи вашиот ум, ќе 461
ги заслабне вашите добри навики и, наведувајќи ве да ги повторувате лошите постапки, ќе направи вашиот карактер да се расипе. Можеби не гледате никаква реална опасност и мислите дека сте способни да го извршувате она што е добро така како што сте го правеле тоа пред да му попуштите на искушението, но тоа е голема заблуда. Родителите и учителите кои го сакаат Бога и го

имаат Неговиот страв може да предупредуваат и молат, да советуваат, но сето тоа ќе биде напразно ако вие не му се покорите на Бога и не ги усовршите даровите коишто Тој ви ги дал за Негова слава.[6]

**Вардете се од луѓе кои се рамнодушни кон религијата. –** Ако вашите деца се дружат со луѓе чии разговори се насочени кон неважни земни нешта, нивниот ум ќе се спушти до истото ниво. Кога гледаат дека начелата на религијата се омаловажуваат а нашата вера се потценува, кога ги слушаат подмолните забелешки на сметка на вистината, сето тоа ќе се зацврсти во умот и ќе го обликува нивниот карактер.[7]

Ништо не може толку успешно да ги попречи сериозните впечатоци или да ги отстрани добрите желби и намери, како дружењето со суетните и безобѕирни луѓе кои имаат изопачени умови. Колкава привлечна моќ и да имаат таквите луѓе со својата остроумност, зајадливост и шеги, фактот дека пристапуваат кон верата лекомислено и рамнодушно е доволна причина да не се дружиме со нив. Колку повеќе се застапуваат за нешто друго, толку повеќе треба да се чуваме од влијанието на таквите познаници, зашто нивниот безбожен живот изобилува со опасни привлечни нешта.[8]

Ваквите световни пријателства привлекуваат и ги заслепуваат чувствата така што духовноста, стравот од Бога, верноста и преданоста немаат сила да ја зачуваат непоколебливоста на човекот. Исусовиот понизен и скромен живот изгледа сосем непривлечен. За многумина кои тврдат дека се Божји синови и ќерки, Исус, Величеството на Небото, е како „стебленце од сува земја; нема во Него ни убавина, ниту величие“ (Исаија 53,2).[9]



**Не сосредоточувајте ги чувствата кон нерелигиозните роднини. –** Не можеме истовремено да му служиме на Бога и на светот. Не треба да ја насочуваме приврзаноста кон нерелигиозните роднини, кои немаат желба да ја запознаат вистината. Можеме да се стремиме на секаков начин, додека се дружиме, да ги осветлиме со својата светлина; но нашите зборови, нашето однесување, нашите обичаи и постапки не треба во никој случај да ги прилагодуваме на нивните идеи и обичаи. Ние сме должни во се-

кој разговор да им ја претставиме вистината. Ако не можеме да го направиме тоа, колку помалку сме во контакт со нив толку подобро ќе биде за нашата духовност.[10]

**Избегнувајте ги луѓето кои не се добар образец за однесувањето и моралот. –** Не е добро христијаните да се дружат со луѓе чиј морал е на ниско рамниште... Блиското секојдневно дружење, кое го исполнува времето, а воопшто не придонесува за развојот на интелектот и моралот, е опасно. Ако моралната атмосфера, која ја опкружува некоја личност не е чиста и осветена, туку е заразена од расипаност, луѓето кои ја вдишуваат таа атмосфера ќе откријат дека таа незабележливо им го труе и упропастува умот и срцето. Опасно е да бидеме блиски со оние чиј ум по природа се занимава со она што ниско. Оние кои се по природа совесни и ја сакаат чистотата, постепено и незабележливо ќе се спуштат на исто ниво, ќе започнат да им се допаѓаат бесмислиците и ќе ја примат моралната распуштеност со која се во постојан контакт.[11]

Доброто име е поскапоцено од златото. Младите се склони да се дружат со луѓе кои се на пониско ниво од нив во однос на духовното и моралното однесување. Каква вистинска среќа и задоволство може да очекува еден млад човек ако доброволно се дружи со оние кои имаат ниско рамниште на мислење, чувства и однесување, со деградиран вкус и расипани навики? Сите кои избираат такви пријатели, ќе го следат нивниот пример. Живееме 463
во опасно време и нашите срца не можат да бидат спокојни.[12]

**Многумина се потчинуваат на искушението поради страв од исмејување. –** Децата треба да имаат другари кои не го исмејуваат она што е чисто и возвишено и да го застапуваат она што е правилно. Стравот од исмејување наведува многумина млади да попуштат во искушението и да појдат по патот на грешникот. Мајките можат да направат многу преку пример и совет, како и да им посочат на своите деца како да се издигнат над потсмевот и исмејувањето.[13]

Зошто нашата младина не разбира дека оние кои се подготвени да ги водат другите на забранети патеки лесно ги совладува искушението и дека се орудија на сатаната? Тој ги поттикнува да ги затврднат лошите навики кај младите луѓе и да ги исмејуваат

оние кои се совесни и кои сакаат да ја зачуваат чистотата на својот карактер.[14]

**Пример за другите. –** Млади пријатели, не поминувајте ниту еден час во друштво со луѓе кои можат да ве онеспособат за чистото и свето Божје дело. Не правете ништо пред другите, кое не би го направиле пред својот родител и кое би ве засрамило пред Христа и светите ангели.

Некои можеби ќе мислат дека овие предупредувања се излишни за почитувачите на саботата, но луѓето, на кои се однесуваат предупредувањата, знаат што сакам да кажам. Ви велам, млади луѓе, бидете внимателни зашто не можете да направите ништо што не е откриено пред очите на Бога и Неговите ангели. Не можете да извршите лошо дело, а тоа да не влијае на другите. Вашиот начин на дејствување покажува каков материјал вложувате во градењето на сопствениот карактер. Тоа остава силно влијание и врз другите. Никогаш не заборавајте го фактот дека му припаѓате на Бога, дека Тој скапо ве откупил и дека пред Него морате да
464 положите сметка за сите дарови кои ви ги доверил.[15]

**Потребната помош е ветена кога е неопходно. –** Не треба да дозволиме нашите деца да одат таму каде што се заканува опасност да се дружат со расипани и развратни луѓе. Понекогаш Бог во своето провидение може да ги доведе младите во друштво на оние кои се расипани и неумерени. Ако сакаат да соработуваат со Него, Тој ќе им даде решителност и сила да му се спротивстават на искушението, како што им дал на Даниел и на неговите другари во Вавилон. Тие мора да бидат постојано поврзани со Бога. Треба да се одржат чисти, одбивајќи да направат нешто со што би го посрамотиле Бога; треба да живеат со очи вперени во Неговата слава. Тие мора да ги бараат душите, работејќи сериозно за оние кои го изгубиле Божјиот лик и настојувајќи да ги поправат, издигнат и облагородат.[16]

**Изберете разумни и сериозни пријатели. –** Младите, кои живеат во согласност со Христа, ќе изберат пријатели кои ќе им помогнат да го прават она што е правилно. Тие ќе избегнуваат друштво кое не потпомага за развивање на правилни начела и благородни цели. Насекаде има млади луѓе чиј ум се занимава со

она што нема никаква вредност. Кога ќе дојдат во допир со таквото друштво, оние кои застанале безрезервно на Христова страна, ќе го поддржат цврсто она што разумот и совеста им велат дека е правилно.[17]

Сите, кои сакаат да стекнат добар карактер, треба да изберат сериозни, внимателни пријатели кои се стремат кон побожност. Оние кои ја пресметале цената и сакаат да ѕидаат за вечноста, треба да вложат добар материјал во својата градба. Ако употребуваат гнили греди, ако се помириле со недостатоците на својот карактер, тогаш зданието е осудено на уривање. Сите нека внимаваат како градат. Бурата на искушенијата ќе го разниша зданието, и тоа нема да опстои на испитот ако не е здраво и добро **465**
изградено.[18]

Дружејќи се со луѓе кои ги негуваат Божјите начела, дури и небрежните ќе бидат научени да ја сакаат правдата. А кога се твори правдата, во срцето се создава одбивност кон сето она што е лошо и лекомислено и што се разликува од начелата на Божјата реч.[19] **466**

---

1. Testimonies for the Church, Vol. 5. pp. 222, 223
2. Id., p. 543
3. Manuscript 6, 1892
4. Patriarchs and Prophets, p. 458
5. Id., p. 568
6. The Youth's Instructor, Jan. 18, 1894
7. Testimonies for the Church, Vol. 5, p. 545
8. Id., Vol. 3, p. 126
9. Manuscript 6, 1892
10. Testimonies for the Church, Vol. 5, p. 543
11. Id., Vol. 3, p. 125
12. Testimonies For The Church 4, 558
13. Review and Herald, March 31, 1891
14. The Youth's Instructor, Jan. 18, 1894
15. Testimonies for the Church, Vol. 5, pp. 398, 399
16. Manuscript 18, 1892
17. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 226
18. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 588
19. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 222

# Водството на родителите во социјалните односи

**Моќта на лошите влијанија. –** Лошите влијанија кои ги опкружуваат нашите деца се речиси непобедливи; тие го расипуваат нивниот ум и ги водат во пропаст. Умот на младите природно е насочен кон лекомислени нешта, а во рана возраст, пред да се оформи нивниот карактер и расудувањето да им стане зрело, тие често се склони да избираат пријатели кои ќе имаат штетно влијание врз нив.[1]

О, да можеше мојот глас да допре до сите родители на земјата, би ги предупредила да не дозволуваат нивните деца сами да си го бираат друштвото и пријателите. Родителите малку размислуваат за штетните влијанија на светот кои младите се подготвени да ги примат отколку божествените вистини. Поради тоа тие треба да имаат пријатели кои ќе им помогнат да растат во милоста и вистината, откриена во Божјата реч, да се вреже во нивното срце.[2]

Младите нека се развиваат и оформуваат во најблагопријатна средина бидејќи другарите со коишто се дружат, начелата кои ги прифаќаат и навиките што ги градат, со непогрешлива сигурност се услов за нивната корисност овде, како и за нивните идни вечни интереси.[3]

**Опасност од неограничена слобода. –** Родители, вашите синови и ќерки не се доволно заштитени. Никогаш не треба да им дозволите да излегуваат и да се враќаат дома кога и да посакаат, без ваше знаење и согласност. Неограничената слобода, која им се дава на децата во овој век, предизвикала пропаст на илјадни-

ци млади луѓе. На многумина им се дозволува да останат слободно на улица преку ноќ, а родителите се рамнодушни за средината во којашто се движат нивните деца. Често се бираат пријатели и друштва чие влијание само ги изопачува. 467

Под закрилата на ноќта, момчињата се собираат во групи и учат да играат карти, комар, пушат и пијат вино, пиво и други нешта. Синовите на побожни родители, кога си дозволуваат да влезат во гостилница на вечера со остриги или некои слични уживања, ризикуваат да стапнат на патот на искушението. Самата атмосфера на овие места изобилува со богохулство и расипаност. Никој не може да остане долго на такви места, а да не се расипе. Под влијание на вакви пријателства надежните младинци стануваат пијаници и престапници. Ние треба да бдееме и да не го дозволиме злото од самиот почеток. Родители, кога знаете дека средината која ги опкружува вашите деца е за прекор, не дозволувајте им да излегуваат навечер, да учествуваат во недозволени активности или да се состануваат со други момчиња за да се забавуваат. Ако строго се држите до ова правило, младите ќе се навикнат да слушаат и набрзо желбата да го прекршуваат правилото ќе исчезне.[4]

**Родителите треба да ги избираат другарите на своите деца. –** Родителите треба да имаат на ум дека дружењето со личности кои имаат лош морал и груб карактер, ќе има лошо влијание врз младите. Ако пропуштат да изберат поволна средина за своите деца, ако им дозволат да се дружат со млади кои имаат сомнителен морал, тие им дозволуваат да учат во училиште во кое се учат и се применуваат лекциите за порочност. Родителите можеби мислат дека нивните деца се доволно силни да се спротивстават на искушенијата, но како можат да бидат сигурни во тоа? Многу полесно е да се препуштат на лошите влијанија отколку да им се спротивстават. Пред да станат свесни за тоа, нивните деца ќе го при- 468
фатат духот на своите другари и ќе се расипат.[5]

Опасностите на кои се изложени младите се поголеми кога ќе се здружат со повеќе врсници со различен карактер и животни навики. Во такви околности многу родители се посклони да се опуштат наместо двојно да ги зголемат своите напори за да ги вардат и контролираат своите деца.[6]

Молејќи се во врска со ова, таткото и мајката треба заедно да ја прифатат огромната одговорност своите деца да ги водат на добар пат. Ако се небрежни за што било друго, во однос на ова тие се должни да не им дозволат на своите деца слободно да одат на патот на гревот. Многу родители им дозволуваат на децата да одат каде што сакаат и да прават што сакаат, да се забавуваат и да се собираат во лошо друштво. Таквите родители на судниот ден ќе дознаат дека нивните деца го загубиле небото затоа што немале родителска контрола.[7]

**Каде се минуваат вечерите? –** Секој син и секоја ќерка треба да каже ако отсуствува навечер од дома. Родителите треба да знаат во какво друштво се нивните деца и во каква куќа ги минуваат вечерите. Некои деца ги лажат своите родители за да ги скријат своите лоши постапки.[8]

**Плевелот владее во необработеното поле. –** Татковците и мајките многу често им дозволуваат на своите деца сами да си изберат забави, другари и активности. Последиците се такви какви што може да се очекуваат. Оставете го полето необработено и таму ќе изникнат плевел и јалово семе. Никогаш нема да видите убави цветови или, пак, негувани грмушки кои би се подигале над неугледниот, отровен плевел. Безвредното трње ќе расте бујно без надзор и грижа, додека растенијата, кои се корисни и уба-
469 ви, бараат внимателно одгледување – така е и со нашите млади. За да се создадат правилни навики и да се изградат здрави начела, неопходна е неуморна работа. За да се исправат погрешните навики, треба да се вложи многу поголем труд и истрајност.[9]

**Довербата на детето во мислењето на родителите. –** Родители, чувајте ги начелата и навиките на своите деца како своите очи. Не дозволувајте им да се дружат со пријатели коишто не ги познавате. Не дозволувајте им да создадат никакво пријателство пред да се осигурате дека тоа нема да им наштети. Навикнувајте ги своите деца да имаат доверба во вашето мислење и искуство. Поучете ги дека вие можете многу подобро да процените нечиј карактер отколку тие во своето неискуство, и дека треба да ги почитуваат вашите одлуки.[10]

**Одбивајте непоколебливо, но љубезно. –** Родителите не треба да им попуштаат на склоностите на своите деца да имаат грешни желби, туку треба да го следат јасниот пат на должноста како што Бог им посочува. Тие треба да ги надгледуваат љубезно и нивните зли желби да ги одбијат непоколебливо и решително, но со љубов, сериозно и со молитва, постојано насочувајќи ги нивните чекори од светот кон небото. На децата не треба да им се дозволи да врват по патот којшто сами си го избираат или по патеки кои имаат безброј раскрсници, кои ги оттргнуваат од правиот пат. Никој не е во толкава опасност како оние кои не ја согледуваат опасноста и ги отфрлуваат предупредувањата и советите.[11]

Чувајте ги своите деца од секое можно лошо влијание. Во детството тие се посклони да примаат влијанија и совети поврзани со моралот, достоинството, чистотата и убавината на карактерот, како и со себичноста, нечистотата и непослушноста. Ако им се дозволи да потпаднат под влијанието на духот на негодување, незадоволство, гордост, суетност и нечистота, тогаш порочноста може да надвладее и да ги следи низ целиот живот.[12] 470

Младите често не сакаат да се покоруваат на авторитет бидејќи во домот биле погрешно воспитани. Јас сум мајка и знам што зборувам кога велам дека младите и децата се посреќни и посигурни при разумни забрани отколку кога не ги следат своите желби.[13]

**Не дозволувајте децата да одат сами на гости. –** Некои родители грешат кога им даваат преголема слобода на своите деца. Понекогаш тие имаат толку голема доверба во нив што не ја забележуваат својата грешка. Неправилно е да им дозволуваме на децата да посетат некое далечно место без придружба од своите родители или старатели. Тоа има лошо влијание врз децата. Самодовербата им се зголемува, почнуваат да мислат дека имаат некои привилегии и ако тие не им се задоволат, сметаат дека се обесправени. Тие ги спомнуваат како пример другите деца кои одат каде и да посакаат и имаат многу привилегии, додека ним тие права им се строго ограничени.

Така мајката, стравувајќи дека нејзините деца ќе ја сметаат за неправедна, им ги удоволува сите нивните желби. Тоа, секако, им

нанесува голема штета. Младите луѓе, над кои не бдеат родителските очи кои се способни да ги видат и поправат нивните грешки, често примаат влијанија кои подоцна многу тешко ќе се отстранат.[14]

**Како да се одговори на неразумен совет: –** Не дозволувајте им на децата да се оддалечуваат од домот. И ако луѓето ви кажат: „Вашите деца нема да знаат како да се однесуваат во светот", одговорете им дека тоа не ве загрижува толку и објаснете им дека најважно за вас е да ги однесете кај Учителот да ги благослови, како мајките кои ги воделе своите деца кај Исуса. Кажете им на ваши-
471 те советници: „Децата се Господово наследство и јас сакам да останам верна на укажаната доверба... Моите деца треба да бидат воспитани на таков начин да не бидат заведени од лошите влијанија во светот, но и да можат мирно и решително да кажат 'не' кога ќе дојдат во искушение да згрешат... Кажете им на вашите пријатели и соседи дека не сакате да го видите своето семејство надвор од портите на светиот град, туку во него.[15]

**Нашата младина соочена со големи искушенија. –** Децата треба да бидат воспитани самите да донесуваат одлука како ќе се соочуваат со тешкотиите, претстојните искушенија и опасности. Треба да бидат поучувани да имаат самоконтрола и достоинствено да ги победуваат тие тешкотии. Тие треба да знаат дека ако самите не се изложуваат на опасности и не се поставуваат непотребно на патот на искушенијата, ако ги избегнуваат лошите влијанија и порочните друштва, а случајно се најдат во лоша околина, тогаш со својот силен карактер ќе се застапуваат за она што е право, ќе ги зачуваат начелата и со Божја сила ќе излезат од борбата неосквернети. Младите луѓе, кои се правилно воспитани, ако го направат Бог своја поткрепа, ќе имаат морална сила со која ќе
472 успеат да се спротивстават и на најголемите искушенија.[16]

1. Testimonies for the Church, Vol. 1, pp. 400, 401
2. Id., Vol. 5, pp. 544, 545
3. Id., p. 545
4. Fundamentals of Christian Education, p. 63
5. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 120
6. Id., p. 332
7. Review and Herald, Sept. 8, 1904
8. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 332, 333
9. Review and Herald, Sept. 13, 1881
10. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 120
11. Testimonies for the Church, Vol. 5, pp. 545, 546
12. Signs of the Times, April 16, 1896
13. Fundamentals of Christian Education, pp. 62, 63
14. Testimonies for the Church, Vol. 1, pp. 401, 402
15. Signs of the Times, April 23, 1894
16. Health Reformer, Dec., 1872

*Седумдесет и шеста глава*

# Празници и годишнини

**Потреба од упатства за време на празниците. –** Видов дека нашите празници не треба да бидат според образецот на светот. Но сепак, празниците не треба да минат без одбележување затоа што со тоа ќе предизвикаме незадоволство кај нашите деца. Во тие денови, кога има опасност тие да бидат изложени на лоши влијанија и кога ги мамат задоволствата и возбудувањата на светот, родителите треба да размислат што ќе им дадат на своите деца наместо овие штетни уживања. Покажете им на вашите деца дека навистина мислите за нивната среќа и нивното добро.[1]

За време на празниците луѓето од светот и од црквата биле воспитувани да веруваат дека тие неработни денови придонесуваат за нивното здравје и среќа. Но, резултатите покажуваат дека тие често предизвикуваат зло.[2]

Сериозно се трудевме да ги направиме празниците што поинтересни за децата и младите така што го променивме редот на нештата. Нашата цел беше да ги одвратиме од забавата на неверниците.[3]

**Ќе запише ли ангелот: „Еден изгубен ден“? –** Кога ќе се заврши денот посветен на уживање, каде е задоволството на оној кој копнеел по него? Како Христови соработници, кому му помогнале да постигне повозвишен и почист живот? Што би виделе кога би погледнале во извештајот што го запишал ангелот? Еден изгубен ден! Еден изгубен ден за нивните сопствени души. Еден изгубен ден за Христовата служба, зашто не било направено ништо добро. Можеби ќе има други добри денови, но тој ден поминат во лекомислен разговор меѓу девојките и момчињата, нико-
473 гаш нема да се врати.

Никогаш повеќе нема се повторат истите прилики. Би било подобро тој празник да го минеле во најтешка работа. Тие не го

искористиле правилно својот празник и тој преминал во вечноста, за да се соочат со него на судот како еден погрешно поминат ден.[4]

**Роденденот – време да го прославиме Бога. –** Во старозаветно време, според Божји налог, кога ќе се родело дете Евреите му принесувале жртва на Бога. Денес гледаме како родителите посебно се трудат да им подготват дарови на своите деца за нивните родендени. Тие во овој случај го чествуваат детето небаре треба да се оддава чест на луѓе. Во ова сатаната има свое влијание. Тој го пренасочил умот на луѓето и даровите кон човечките суштества; затоа мислите на децата се окупирани со нив самите, како тие да треба да бидат центар на посебно внимание...

На роденденот децата треба да се поучат дека тие имаат причина да Му благодарат на Бога за Неговата милост, за тоа што им го зачувал животот уште една година. Така можат да им бидат предадени драгоцени лекции; за животот, здравјето, храната и облеката, а особено за надежта во вечниот живот, ние сме му должни на Дарителот на сите милости; должни сме да му заблагодариме на Бога за Неговите дарови и да ги донесеме нашите дарови на благодарност пред нашиот најголем Добротвор. Тие дарови за роденден Небото ги признава.[5]

**Време за прегледување на извештајот за изминатата година. –** Учете ги децата да прават преглед за изминатата година од својот живот за да видат дали можат со радост да го разгледаат нејзиниот извештај како што е запишан во небесните книги. Насочувајте ги кон сериозно размислување – дали нивното однесување, нивните зборови и дела се угодни на Бога; дали го сообразиле својот живот со Исусовиот, да биде убав и праведен во
очите на Бога? Учете ги да го познаваат Бога, Неговите патишта 474
и Неговите правила.[6]

**Ставете го Божјето дело на прво место. –** Јас кажав на моето семејство и на пријателите дека не сакам никој да ми подготви подарок за роденден или за Божиќ, доколку не можам да го предадам во Божјата ризница за да биде искористен за основање на мисии.[7]

**Како да го празнуваме Денот на благодарноста? –** Се приближува Денот на благодарноста. Дали тој ќе биде, како што беше во

многу случаи, упатување благодарност до нас самите? Или тоа ќе биде укажување благодарност на Бога? Нашите денови на благодарност можат да бидат од голема полза како за другите така и за нашата сопствена душа, ако ја искористиме оваа пригода за да се сетиме на сиромашните коишто живеат меѓу нас...

Има стотици начини како да им се помогне на сиромашните за да се почувствуваат дека тие нам ни прават услуга кога ги примаат нашите подароци и изрази на наконетост. Треба да запомниме дека е поблажено да даваме отколку да земаме. Вниманието на нашите браќа често е насочено пред сè кон оние кои тие сакаат да ги почитуваат и кон чија почит се стремат. Меѓутоа, тоа се луѓе кои воопшто немаат потреба од помош. Обичајот и модата велат: „Дај му на оној кој ќе ти даде". Но тоа не е библиско правило за давање. Божјата реч се противи на тој начин за задоволување на сопственото „јас" и објавува: „Кој дава на сиромав, нема да осиромаши" (Мудри изреки 28,27).

Доаѓа денот кога нашите начела ќе бидат испитани. Да почнеме да размислуваме што можеме да направиме за сиромашните. Со наша помош тие можат да ги добијат Божјите благослови. Размислувајте на кои сирачиња, вдовици или бедни семејства можете
475 да им помогнете, но без да се крева врева, туку да бидете проводник преку кој Божјите дарови ќе потечат како благослов кон Неговите сиромашни чеда...

Со ова, секако, не е опфатена сета наша должност. Дајте еден дар за својот најдобар Пријател; признајте го за извор на изобилство; покажете ја својата благодарност за Неговите благослови; принесете дар на благодарност за Бога... Браќа и сестри, имајте едноставен ручек за Денот на благодарноста, а парите кои би ги потрошиле за задоволување на апетитот, дајте го на Бога како дар на благодарност.[8]

Никој нека не го празнува Денот на благодарност за да го задоволи својот апетит и да се прославува себеси. Имаме причина да влеземе во дворовите на нашиот Бог со дарови на благодарност што го вардел нашиот живот уште една година... Ако веќе треба да приредите гозба, нека биде за оние кои имаат потреба од тоа.[9]

**Ден за искажување благодарност.** – Јас мислам дека има многу нешта за кои треба да бидеме благодарни. Да бидеме радосни

и среќни во Бога затоа што Тој ни дал толку многу благослови... Ние сакаме тој ден на благодарност да биде навистина сѐ што се подразбира под овој збор. Не дозволувајте денот да се извалка и мислите да преминат во недостојни; нека биде она што го означува Неговото име – оддавање благодарност. Нашите гласови нека се издигнат во пофалба и прослава.[10]

**Зошто да немаме празници посветени на Бога? –** Зар не би било подобро за нас да имаме празници на Бога, кога можеме да се потсетуваме на Неговото однесување кон нас? Зар не би било добро да размислуваме за Неговите досегашни благослови, да се сетиме на впечатливите предупредувања кои ја допреле нашата душа за да не го заборавиме Бога?

Светот има многу празници и луѓето во тие денови се забаву- 476
ваат со играње, коњски трки, со комар, пушење и пиење...

Зар не треба Божјиот народ почесто да се состанува на свети собири на кои може да му заблагодари на Бога за Неговите богати благослови?[11]

**Празниците даваат можност за проповедање на евангелието. –** Црквата има потреба од луѓе кои се способни да организираат и да им даваат практична настава на млади мажи и жени, кои се подготвени да ги олеснат неволјите на човештвото и да работат на спасение на душите. Нема сите да можат во оваа работа да го вложат целото свое време, бидејќи мораат да работат за да заработат средства за своите секојдневни потреби. Таквите луѓе имаат свои празници кои можат да ги посветат на христијанската работа и на тој начин да прават добро, ако веќе не можат да дадат многу од своите средства.[12]

Кога ќе дојде некој празник, направете го што попријатен и посреќен за своите деца, но исто така направете го пријатен денот и за сиромашните и оние што страдаат. Не дозволувајте денот да помине, а да не оддадете благодарност и да принесете дарови на благодарност на Исуса.[13] 477

1. Testimonies for the Church, Vol. 1, pp. 514, 515
2. Fundamentals of Christian Education, p. 317
3. Review and Herald, Jan. 29, 1884
4. Letter 12, 1892

5. Review and Herald, Dec. 9, 1890
6. Review and Herald, Dec. 23, 1884
7. Review and Herald, Dec. 27, 1906
8. Review and Herald, Nov. 18, 1884
9. Review and Herald, Dec. 23, 1884
10. Review and Herald, Dec. 23, 1884
11. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 343
12. Letter 12, 1892
13. Review and Herald, Nov. 13, 1894

# Божиќ

*(Овој текст настанал меѓу 1879 и 1896 година, во време кога во протестантскиот свет на големо се празнувал Божиќ и другите верски и национални празници. Во такви ситуации меѓусебно се разменувале празнични подароци. Писателот советува тој обичај да се претвори во постојано сеќавање на Христа, а даровите да се донесат во црква, за слава на Бога и за напредок на Неговото дело.*

*Во нашата повеќенационална татковина, во која празнувањето на Божиќ и на другите верски празници се одредува според различни датуми, овие празници не ги одбележуваме на спомнатиот начин.)*

**Божиќ како празник. –** „Божиќ наближува“, е гласот кој се слуша во нашиот свет од исток до запад и од север до југ. За младите, за оние кои се на зрела возраст, а исто и за старите луѓе, тоа е време на општа радост и среќа. Но што е Божиќ и зошто сите луѓе му придаваат толкаво внимание на овој празник?

Се смета дека дваесет и петти декември е денот на раѓањето на Исуса Христа и почитувањето на тој ден станало вообичаено и популарно. Но, не е сосем сигурно дека го славиме вистинскиот ден на раѓањето на нашиот Спасител. Историјата не ни дава сигурен доказ за тоа. Ни Библијата не ни го дава точното време. Ако Господ сметал дека тоа сознание е суштествено за нашето спасение, тој би говорел преку своите пророци и апостоли за да знаеме сè што е потребно. Но молчењето на Писмото докажува дека тоа е скриено од нас за наше добро.

Во својата мудрост Господ го скрил местото на кое го погребал Мојсеј. Бог го погребал, го воскреснал и го пренел на небото. Таа тајна е неопходна за да се зачува народот од идолопоклон-

ство. Човекот, поради кого Евреите се побуниле додека бил во активна служба, кого го предизвикувале повеќе отколку што може човекот да поднесе, го почитувале речиси како Бог по неговата смрт. Од истата причина Бог го прикрил точниот ден на Христовото раѓање за тој ден да не добие слава, која му припаѓа на Христа како Спасител на светот – на оној кој сака да го примиме, да му се довериме, да се потпреме на Него како Таков, кој може да
478 ги спаси сите кои доаѓаат кај Него. Човекот треба да го обожава само Исуса, како Син на бесконечниот Бог.[1]

**Тој ден не треба да биде потценет. –** Бидејќи дваесет и петти декември се прославува како ден на Христовото раѓање и децата се воспитуваат да го ценат како ден на голема радост и веселба, ќе биде тешко да го минете овој празник, а да не му обрнете никакво внимание. Тој ден може да послужи за многу добра цел.

Со младите треба да се постапува многу внимателно. Тие не треба да бидат оставени да го минат Божиќ самите барајќи забави, задоволства и суетност, кои би биле на штета на нивната духовност. Родители, насочете ги мислите и даровите на своите деца кон Бога, кон Неговото дело и спасувањето на душите.

Наместо желбата за забава да ја потиснуваат и со наредба да ја совладуваат, родителите треба да ја контролираат и со неуморен напор да ја насочуваат. Нивната желба да даваат дарови може да биде насочена кон чистиот и свет пат за доброто на нашите ближни, зголемувајќи ги средствата за големото славно дело за кое Христос дошол на нашиот свет. Самооткажувањето и пожртвуваноста го одбележувале Христовиот начин на живот и дејствување. Истото треба да го правиме и ние, кои тврдиме дека го сакаме Исуса, зашто во Него е сосредоточена нашата надеж за вечен живот.[2]

**Размената на подароците како знак на благодарност. –** Брзо наближува времето на празникот кога се разменуваат подароци како знак на внимание и приврзаност. И стари и млади напрегнато размислуваат што можат да им подарат на своите пријатели. Задоволство е да добиеме подарок, колку и да е мал, од оние кои ги сакаме. Тоа е сведоштво дека не сме заборавени и се чини
479 како да нè поврзува уште повеќе со нив...

Убаво е да си разменуваме едни на други подароци како знак на љубов и внимание, доколку притоа не го заборавaме Бога, нашиот најдобар пријател. Треба да одбереме подароци што ќе му бидат од полза на тој што ги прима. Јас би препорачала такви книги кои ќе помогнат околу разбирањето на Божјата реч или нешто што ќе ја засили нашата љубов кон Бога и Неговите начела. Изберете нешто што ќе може да се чита во текот на долгите зимски вечери.[3]

**Се препорачуваат книги за деца. –** Некои луѓе немаат книги ниту списанија кои ја содржат сегашната вистина. Тоа е опширно поле, во кое вреди да се вложат нашите средства. Многу малечки деца можат да бидат снабдени со соодветна литература за нивна возраст... Постојат драгоцени изданија што можат да се читаат во секое семејство. Се трошат многу средства за бонбони и некорисни играчки, а можат да бидат потрошени за да се купат овие ценети религиозни книги...

Оние кои сакаат да им дадат подароци на своите деца и внуци, нека се снабдат со такви книги за деца... Настојувајте таквите книги да најдат место во библиотеката на секое семејство во земјата. Бог дава светлина од небото и ниту едно семејство не треба да биде без неа. Подароците што ќе ги подготвите, нека бидат како зраци на светлина што ќе го осветлуваат патот кон Небото.[4] 480

**Исус не треба да биде заборавен. –** Браќа и сестри, додека мислите што да си подарите, јас би ве потсетила на нашиот Небесен Пријател, за да не ги заборавите Неговите барања. Зар нема да биде мошне задоволен ако покажеме дека не сме го заборавиле? Исус, Кнезот на животот, дал сè за да ни донесе спасение... Тој претрпел смрт за да ни даде вечен живот.

Преку Христа ги добиваме сите благослови... Зар не треба нашиот небесен Дарител да биде почестен со знаци на нашата благодарност и љубов? Дојдете, браќа и сестри! Дојдете со своите деца, дури и со своите бебиња в раце и донесете ги вашите дарови на Бога според можностите што ги имате. Вашето срце нека одѕвонува со песни за Него! Вашите усни нека му упатуваат слава![5]

**Божиќ – време за почитување на Бога. –** Светот ги минува празниците лекомислено, во претерување, во прејадување и расфрлање... Огромни суми пари ќе бидат залудно потрошени за овој празник и за Нова година на излишни нешта и за задоволување на суетни желби. Наша предност е да отстапиме од обичаите и практиката на ова изродно време. И наместо да ги трошиме средствата за задоволување на апетитот или за непотребни украси или облека, празниците што наближуваат можеме да ги направиме повод за да го прославиме Бога.[6]

Христос треба да биде најважната цел. За жал, при празнувањето на Христовото раѓање не се прославува Исус, туку му се укажува чест на смртниот човек чиј грешен и расипан карактер
481 бил причина Христос да дојде на нашиот грешен свет.

Исус, Величеството на небото, славниот Цар на небото, го оставил своето царско достоинство, својот славен престол, својата власт и дошол на нашиот свет за да му донесе на паднатиот човек, морално ослабнат и расипан од гревот, божествена помош...

Родителите треба да им го објаснат ова на своите деца и да ги поучуват правило по правило, ден за ден, дека нивна должност е да го почитуваат Бога, а не да си укажуваат почит еден на друг и да се прославуваат еден со друг со подароци.[7]

**Насочувајте ги мислите на децата во нова насока. –** Има многу нешта кои се со многу подобар вкус и помалку чинат од цената на непотребните подароци кои често им ги даваме на нашите деца и роднини за да им покажеме наклоност и да внесеме среќа во домот.

На своите деца можете да им дадете корисна лекција додека им ја објаснувате причината поради која сте ја смениле вредноста на нивните подароци. Кажете им дека сте убедени дека досега повеќе сте се грижеле за нивните задоволства отколку за Божјата слава. Кажете им дека повеќе сте мислеле за вашето сопствено задоволство и за задоволување на нивните желби, дека сте се грижеле да бидете усогласени со обичаите и традициите на светот, давајќи им подароци на луѓе кои немаат потреба од нив, наместо да давате првенство на Божјето дело. Како и мудреците од минатото, можете да му ги дадете на Бога вашите најдобри пода-

роци и да Му покажете со своите дарови дека го цените Неговиот дар за грешниот свет. Помогнете им на своите деца да ги насочат мислите кон нова, несебична патека, поттикнувајќи ги да му донесат дарови на Бога заради дарот на Неговиот Единороден син.[8] 482

**Дали да имаме божиќно дрво? –** Ќе биде ли пријатно пред Бога ако секоја црква за Христовото раѓање има божиќно дрво, на кое ќе бидат закачени дарови, големи и мали, за овие молитвени домови?* Добивав писма со слични прашања: Може ли да имаме божиќно дрво? Нема ли тогаш да бидеме слични на светот? Ние одговараме: Вие можете да направите да биде како во светот ако мислите да го сторите тоа, но подобро е да го направите, колку што е можно, поразлично од светот. Нема никаков особен грев во тоа да се постави зимзелено дрво во нашите цркви, но гревот се крие во побудата и во употребата на даровите поставени на дрвото.

Дрвото може да биде високо и неговите гранки да бидат толку широки колку што одговара на потребата. Но, неговите гранки нека бидат украсени со златни и сребрени плодови на вашето добродетелство и дајте му го тоа на Бога како ваш божиќен дар. Вашите подароци нека бидат посветени со молитва.

Празнувањето на Божиќ и на Нова година може и треба да се одржи за да им се помогне на оние кои се беспомошни. Го прославуваме Бога кога даваме и им помагаме на луѓето кои издржуваат големи семејства.[10]

**Не е грев да имаме дрво накитено со дарови. –** Родителите не треба да сметаат дека поставувањето на зимзелено дрво во црквата, на задоволство на учениците во саботната школа, е грев затоа што може да донесе голем благослов. Насочувајте ги нивните мисли кон добротворни цели. Во никој случај забавата не треба да биде цел на тие собири. Додека за некои луѓе таквите пригоди ќе се претворат во време на безгрижна лекомислена веселба и нивните умови нема да го примат божественото влијание, за

---

* Во оваа статија се мисли на градењето молитвени домови кое во тоа време било во тек. Бидејќи овие начела можат да се применат и денес, преведувачите го внесоа и овој текст.

483 други тоа време ќе биде од најголем благослов. Осведочена сум дека многу собири кои деморализираат, можат да бидат заменети со добро осмислени содржини.[11]

**Исполнете го тој ден со невини радости. –** Мои браќа и сестри христијани, нема ли да станете и да ја исполните својата должност во Божји страв, да го подготвите овој празник на начин кој нема да биде штур и неинтересен, туку исполнет со беспрекорна радост која ќе носи небесен печат? Знам дека посиромашните слоеви во општеството ќе одговорат на овие предлози. Богатите исто така би требало да покажат интерес и да ги дадат своите подароци и дарови во согласност со средствата кои Бог им ги доверил. Во небесните книги нека се запише дека никогаш не бил виден таков Божиќ благодарение на даровите кои ќе бидат дадени за напредок на Божјето дело и за изградба на Неговото
484 то царство.[12]

---

1. Review and Herald, Dec. 9, 1884
2. Review and Herald, Dec. 9, 1884
3. Review and Herald, Dec. 26, 1882
4. Review and Herald, Dec. 11, 1879
5. Review and Herald, Dec. 26, 1882
6. Review and Herald, Dec. 11, 1879
7. Review and Herald, Dec. 9, 1884
8. Review and Herald, Nov. 13, 1894
9. Review and Herald, Dec. 11, 1879
10. Manuscript 13, 1896
11. Review and Herald, Dec. 9, 1884
12. Review and Herald, Dec. 9, 1884

# Семејството како евангелско јадро

**Родителите треба правилно да ги насочуваат своите деца. –** Како родители и христијани имаме должност да ги воспитаме своите деца во правилна насока. Тие треба мудро, внимателно и нежно да бидат водени на патиштата на христијанската служба. Ние сме склучиле свет завет со Бога дека ќе ги подготвиме нашите деца за Неговата служба. Нашата прва должност е да ги опкружиме со такви влијанија кои ќе ги поттикнат да изберат живот на служба и да им ја дадат неопходната обука.[1]

**Денешните деца можат да бидат како Даниел и Естира. –** Божјата намера за децата кои растат крај нас е многу поширока, подлабока и повисока отколку што нашиот ограничен ум може да разбере. Оние кои во минатото се покажале верни пред Бога, иако можеби од најскромни околности, биле повикани да сведочат за Него на највисоките места во светот. И многу од денешните млади, кои растат како Даниел во својот јудејски дом, ги проучуваат Божјите дела и Божјата реч и ги учат лекциите на верна служба, ќе стојат во законодавни собранија, во судски сали или во царски палати, како сведоци за Царот над царевите. Многумина ќе бидат повикани да извршат извонредна служба. Целиот свет се отвора за евангелието... Од сите краишта на светот до нас допира крикот на ранетите срца од гревот кои копнеат да ја запознаат Божјата љубов... На нас, кои сме го примиле ова знаење, и кое треба да им го пренесеме и на нашите деца, лежи одговорноста да одговориме на тој повик. Денес до секој дом и секое училиште, до секој родител, учител и дете, кои се осветлени со светлината на евангелието, им е упатено во овој судбоносен час прашањето поставено на царицата Естира во оној критичен момент

485 од историјата на Израил: „И кој знае, дали токму за вакво време не си достигнала царско достоинство?“ (Естира 4,14).[2]

**Успешни начини да сведочиме за Христа. –** Не можат сите да одат како мисионери во непознати земји, но затоа сите можат да бидат мисионери во семејството меѓу своите домашни и пред соседите. Има многу начини, со чија помош верниците на црквата можат да им ја пренесат веста на оние кои се околу нив. Еден од најуспешните начини е несебичниот и пожртвуван христијански живот, посветен на помагање на другите. Оние, кои водат тешка животна борба, можат да бидат охрабрени и закрепени со мало внимание за кое не треба да се плати ништо. Љубезните зборови, едноставно изговорени, топлите чувства, искрено искажани, ќе ги распрснат облаците на искушенијата и сомнежите што се надвиваат над душата. Искреното христијанско сочувство искажано едноставно има сила да ги отвори вратите на срцата, кои имаат потреба од едноставниот и нежен допир на Христовиот дух.[3]

Има широко поле за служба и за мажите и за жените. Насекаде има потреба од помош на вешти готвачки, шивачки, медицински сестри. Членовите на сиромашните семејства нека бидат поучувани како да готват, да шијат, како да негуваат болни и да се грижат правилно за домот. Дури и децата треба да се поучат да извршуваат мали дела на љубов и милосрдие спрема оние кои имаат помалку среќа од нив.[4]

**Децата и младите треба да се стават во служба за другите. –** Во обидите да се оправдаат себеси, некои велат: „Моите домашни обврски и моите деца ми го исполнуваат целото време и сите мои средства“. Родители, вашите деца треба да ви бидат помошници кои ќе ја зголемат вашата сила и способност да работите за Господа. Децата се помлади членови на Божјето семејство. Тие
486 треба да бидат воспитани да се посветат на Бога, кому му припаѓаат со создавањето и откупувањето. Тие треба да бидат поучени дека сите сили на телото, умот и душата му припаѓаат Нему. Треба да се вежбаат во различни облици на несебична служба. Не дозволувајте вашите деца да бидат пречка. Децата треба да ги споделат со вас како духовните така и физичките товари. Со помагање на другите, тие ја зголемуваат својата лична среќа и корисност.[5]

Ако во секоја црква младите мажи и жени се посветат свечено на Бога, ако пројавуваат самооткажување во семејниот круг, помагајќи им на своите преморени и од грижи исцрпени мајки, каква промена би настапила! Мајката тогаш би можела да одвои време да ги посети своите соседи. Кога би им се укажала можност, децата треба да помогнат извршувајќи мали дела на милосрдие и љубов за благослов на другите. На тој начин може да се влезе во илјадници домови на сиромашните и оние кои имаат потреба а не веруваат во вистината во која ние веруваме. Во многу домови би можело да се однесат книги за здравјето и умереноста. Ширењето на таквите книги е важно дело зашто тие содржат драгоцено знаење за лекување на болести – знаење кое би можело да биде голем благослов за оние кои не се во состојба да платат за лекарска посета.[6]

**Бог сака децата да бидат мали мисионери. –** Бог сака уште од рана возраст секое дете да биде Негово, да биде примено во Неговото семејство. Без оглед на својата младост, младите можат да бидат членови на духовното семејство и така да го стекнат најдрагоценото духовно искуство.[7]

Уште од мали нозе децата треба да бидат корисни за Божјето
дело... Бог ќе им ја даде својата благодат и својот Свет Дух за да
можат да ги победат нетрпението, лутината и секој грев. Исус ги
сака децата. Тој има благослови за нив и сака да ги види послуш-
ни на своите родители. Тој сака тие да бидат Негови мали миси-
онери, кои ќе се откажат од своите склоности и желби за себич- 487
ни задоволства за да му служат Нему. И таа служба е прифатена
од Бога како службата на поголемите деца.[8]

Со правила и пример родителите треба да ги поучат своите деца да работат за необратените. Децата треба да бидат воспитани да сочувствуваат со возрасните и немоќните и да се обидуваат да ги ублажат патилата на сиромашните и на беспомошните. Тие треба да бидат поучувани да бидат ревносни во мисионерската работа. Уште од најраните години треба да им укажуваме дека е неопходно да пројавуваат самоодрекување и да бидат пожртвувани за доброто на другите и за напредокот на Божјето дело за да можат да бидат Божји соработници.[9]

Родителите нека ги поучат своите малечки за таквата вистина каква што е во Исуса. Децата во својата едноставност ќе им го повторат на своите другарчиња она што го научиле.[10]

**Црквата има работа за младите. –** Старешините на црквата нека направат планови за обучување на младите мажи и жени за да ги развијат и во полна мера да ги искористат доверените таленти. Постарите членови на црквата нека ја вршат ревносно својата воспитна работа со децата и младите. Проповедниците нека го искористат своето искуство за создавање планови со кои младите членови на црквата ќе ги направат соработници во евангелската работа. Но, не сметајте дека ќе го потикнете нивниот интерес само со долга проповед на мисионските часови. Размислете како да поттикнете жив интерес. Секој нека има свој удел во оваа работа. Научете ги младите да го прават она што сте им го довериле, и од седмица во седмица нека поднесат извештај за својата евангелска работа, споделувајќи што искусиле и со Христовата милост што постигнале. Ако бидат поднесени такви извештаи од посветени работници, евангелските состаноци не би
488 биле здодевни и заморни. Тие ќе поттикнат вистински интерес и тогаш никој не би отсуствувал.[11]

**Служете им на соседите.** – Има доволно можности за работа. Работете во вашето соседство бидејќи вие сте одговорни за него. Не чекајте други да ви кажат да ги направите првите чекори. Напредувајте без одлагање, имајќи ја предвид вашата лична одговорност пред Оној кој го дал својот живот за вас. Пројдете како Христос лично да ве повикува да се разбудите од сон и впрегнете ги сите сили дадени од Бога, правејќи најмногу што можете во Неговата света служба. Не чекајте да видите кој друг е поттикнат од вдахновената Реч на живиот Бог. Ако сте целосно посветени, Бог ќе ве употреби како свој посредник кој ќе им ја пренесе светлината на другите, а тие на уште многу души кои живеат во темнина.[12]

**Христијанските семејства во места обземени од темнината. –** Бог ги повикува христијанските семејства да навлезат таму каде што владеат темнината и заблудите и да работат мудро и истрајно за Учителот. Да се одговори на овој повик, тоа бара самоткажување. Додека многумина чекаат пред нив да бидат отстра-

нети сите тешкотии, во светот умираат души без надеж и без Бога. Многу често, многумина си го ризикуваат животот заминувајќи во опасни краишта и поднесуваат маки и скудност поради световни привилегии и можност да стекнат научни знаења. Каде се оние кои би го сториле истото за да им зборуваат на другите за Спасителот? Каде се мажите и жените кои би се преселиле во области каде што им е потребно евангелието, за да можат оние 489
кои сѐ уште живеат во темнина да слушнат за Спасителот.[13]

Кога многу христијански семејства би се преселиле во темните краишта на Земјата, во местата каде што луѓето се обвиени во духовна темнина, и кога би дозволиле светлината на Христовиот живот да заблеска преку нив, ќе биде извршено големо дело. Таквите луѓе нека ја започнат својата работа мирно и ненаметливо, не барајќи пари од обласата, додека интересот не стане толку голем што нема да можат да ја вршат работата без помош од проповедници.[14]

**Децата ќе работат таму каде што другите не можат. –** Кога небесните суштества ќе видат дека на луѓето не им е дозволено да ја изнесуваат вистината, Божјиот Дух ќе дојде врз децата и тие ќе ја објават вистината, која постарите работници нема да можат да ја објават, затоа што патот ќе им биде затворен.[15]

Во завршните случувања од историјата на оваа земја, многу од овие деца и млади ќе ги зачудат луѓето со своето сведочење за вистината, која ќе биде откриена едноставно, но со дух и со сила. Тие биле поучувани во Божјиот страв и нивните срца омекнале благодарение на грижливото изучување на Светото писмо проследено со молитва. Во блиска иднина многу деца ќе бидат исполнети со Божјиот Дух и ќе му ја објавуваат вистината на светот, во време кога повозрасните верници на црквата не ќе можат да го извршуваат тоа дело.[16]

Бог одредил нашите црковни училишта да ги подготват децата за ова големо дело. Овие деца треба да се поучат на исклучителните вистини за нашето време и за практичната евангелска работа. Тие треба да се приклучат на армијата работници кои се подготвени да им помогнат на болните и страдалниците. Децата можат да учествуваат во здравствено-евангелската работа и со своите „зборови и објаснувања“ да го помогнат нејзиниот напре-

490 док... Преку нив ќе биде објавена Божјата вест и Неговото спасоносно здрвје ќе стигне до сите народи. Тогаш црквата нека ги преземе своите задолженија спрема јагнињата во стадото. Децата нека бидат воспитани и обучени да Му служат на Бога.[17]

**Учење преку работа. –** Љубовта и верноста кон Христа се изворот на секоја вистинска служба. Кога срцето е допрено од Неговата љубов, пројавува желба да работи за Исус. Оваа желба треба да се охрабрува и правилно да се насочува. Во домот, во соседството или на училиште, присуството на бедните, измачените, неуките или несреќните – не треба да се смета за излишен товар, туку работата за нив да се прима како драгоцена можност за служење.

Во ова дело, како и во секое друго, вештината се стекнува во процесот на самата работа. Способноста се постигнува со исполнување на најобичните обврски во животот и со служење на луѓето кои имаат потреба од помош и страдалниците. Без тоа и најдобронамерните напори често се некорисни, па дури и штетни. Чо-
491 век се учи да плива во вода, а не на суво.[18]

---


492
1. Ministry of Healing, p. 396
2. Education, p. 233, 234
3. Testimonies for the Church, Vol. 9, p. 30
4. Id., pp. 36, 37
5. Id., Vol. 7, p. 63
6. Manuscript 119, 1901
7. Letter 104, 1897
8. Review and Herald, Nov. 17, 1896
9. Testimonies for the Church, Vol. 6, p. 429
10. Manuscript 19, 1900
11. Testimonies for the Church, Vol. 6, pp. 435, 436
12. Manuscript 128, 1901
13. Testimonies for the Church, Vol. 9, p. 33
14. Id., Vol. 6, p. 442
15. Id., p. 203
16. Counsels to Teachers, Parents, and Students, pp. 166, 167
17. Testimonies for the Church, Vol. 6, p. 203
18. Education, p. 239

*Седумнаесетти дел*

# ОПУШТАЊЕ И ОДМОР

# Суштината на одморот

493 **Погрешни сфаќања за одморот. –** Има луѓе кои си умислиле дека религијата е тиранин кој владее над нив со железен жезол. Таквите луѓе постојано се жалат над својата изопаченост и воздивнуваат поради измисленото зло. Во нивното срце нема љубов, нивните лица секогаш се намуртени. Тие се згрозени од најневината насмевка на младите или на кој било друг. Сметаат дека секој одмор или разонода претставува грев и мислат дека умот секогаш мора да се занимава со сериозни и длабоки мисли. Тоа е една крајност. Други, пак, сметаат дека умот секогаш треба да биде во потрага по нови забави и разоноди за да се зачува здравјето. Тие луѓе се навикнати да зависат од возбудата и се неспокојни без неа. Тоа не се вистински христијани. Тие одат во друга крајност. Вистинските принципи на христијанството на сите им отвораат неисцрпни извори на среќа, чија висина и длабочина, ширина и должина не може да се измери.[1]

**Освежување на духот и јакнење на телото. –** Привилегија и должност на христијаните е да бараат начини за освежување на духот и зајакнување на телото со невини разоноди за да можат да ги употребат своите телесни и умствени сили за слава на Бога. Нашата разонода не треба да има одлика на неразумно и бесмислено уживање. Ние треба да ја оствариме така што ќе биде од корист и за издигнување на оние со кои се дружиме, за да нè оспособи поуспешно да ги извршуваме должностите кои нè че-
494 каат како христијани.[2]

Покажано ми е дека христијаните, кои ја почитуваат саботата, како народ премногу работат, без да си дозволат промена или период за одмор. Одморот им е потребен на оние кои работат физички, но уште попотребен им е на оние чијашто работа е пре-

тежно умствена. Не е неопходно за нашето спасение, ниту е за Божја слава да бидеме постојано и самопрегорно умствено ангажирани, па дури и со религиозни теми.[3]

Опкружувањето на домот и училиштето е во тесна врска со рекреацијата. При изборот на дом или на место за училиште овие нешта треба да се земат предвид. Луѓето, на кои менталната и физичката благосостојба им се поважни од парите или барањата и обичаите на општеството, треба да ја бараат за своите деца ползата од учењето кое ни го дава природата и од разонодите во неа.[4]

**Одморот е неопходен за да се работи подобро. –** Времето кое се користи за физички вежби не е загубено... Рамномерната активност на сите органи и способности на телото е услов за најдобро дејствување на секој од нив. Ако мозокот постојано се напрегнува, додека другите органи на живата машина не се активни, доаѓа до губиток на физичката и умствената сила. Телесниот систем го губи својот здрав изглед, а умот – својата свежина и сила. Како последица се јавува болна раздразливост.[5]

Строго водете сметка за точно определените часови за одмор и работа. Треба да имаме време за одмор, време за разонода, време за размислување... Принципите на умереност имаат поголемо значење отколку што мислат повеќето.[6]

**На учениците им е потребно опуштање. –** Оние кои се зафатени со учење треба да имаат време и за одмор. Умот не треба постојано и подолго време да биде окупиран со една иста дејност, *495*
зашто осетливиот умствен апарат се троши. Телото и умот треба да се подложуваат на вежба.[7]

Вниманието посветено на рекреација и на физичка култура понекогаш ќе го прекинат редовниот тек на училишната работа, но таквиот прекин нема да се покаже како вистинска пречка за неа. Со освежувањето на умот и телото, со јакнењето на несебичниот дух и поврзување на ученикот и наставникот со врски на заеднички интереси и пријателско дружење се важни нешта и така издвоеното време нема да биде загубено, туку ќе биде стократно наградено. Тоа е една благословена оддишка на таа немирна енергија, која често е извор на опасности за младите. Окупираноста на умот со она што е добро е многу повредна како заштита против злото отколку многубројните законски и дисциплински забрани.[8]

**Службениците мора да имаат време за одмор. –** Јас видов дека малку луѓе ја разбираат постојаната, заморна работа на службениците, кои ги носат своите одговорности на работа во канцелариите. Тие работат во затворени простории ден по ден и седмица по седмица, додека постојаното умствено напрегање со сигурност го поткопува нивниот организам и ја намалува нивната животна сила. Овие браќа се во опасност да доживеат ненадеен слом. Тие не се бесмртни и, ако нема промена, тие ќе се истрошат и ќе бидат загубени за делото.

Ние имаме скапоцени дарби на браќата А, Б и В. Не смееме да дозволиме тие да си го уништат здравјето со непрекинат труд во затворени простории...

Тие ретко кога доживеале некоја промена. Единствена промена била кога имале треска или заболувале од некоја болест. Тие треба почесто да го менуваат опкружувањето, да посветат цел еден ден на одмор и разонода со своите семејства, кои речиси целосно се лишени од нивното присуство. Можеби нема мож-
496 ност сите да ја напуштат својата работа во исто време, но тие треба да ги подредат нештата така што еден или двајца од нив да можат да отсуствуваат, оставајќи им на другите да ги пополнат нивните места, а кога ќе се вратат, на другите да им дадат иста можност.

Јас видов дека овие браќа А, Б и В треба да се грижат за здравјето и силата што им ја дал Бог, и тоа да го сметаат за верска должност. Господ не бара од нив токму денес да станат маченици за Неговото дело. За оваа жртва тие нема да примат никаква награда, затоа што Бог сака тие да живеат.[9]

**Барање начини за полезни одмори**. **–** Има разоноди кои се многу полезни како за умот така и за телото. Просветлениот и проникнлив ум ќе најде доволно можности да се забавува и опушти на начин кој нема да биде само едноставен туку и корисен. Одморот на чист воздух и размислувањето за Божјите дела во природа се многу корисни.[10]

Верувам дека додека се обидуваме да се освежиме и да ги закрпнеме духот и телото, Бог од нас бара во секое време да ги искористиме своите сили на најдобар начин. Ние сме должни пред Него да го правиме тоа во секое време. Можеме да се состанува-

ме, како што правиме денес, но сето тоа да го вршиме на слава на Бога.* Можеме и така треба да ги минуваме пријатните периоди за одмор за да бидеме подготвени за уште поуспешно извршување на должностите кои нè чекаат. На тој начин нашето влијание ќе биде од поголема полза за оние со кои се дружиме. Тоа особено треба да важи за ваквите пригоди, кои на сите треба да ни донесат радост. Во нашите домови ќе се вратиме закрепнати умствено и освежени физички, подготвени повторно да се посветиме на работата, со подобра надеж и поголема храброст.[11] 497

**Божји повик до младите. –** Божјиот повик за секое момче и девојче гласи: „Сине мој, дај ми го своето срце: Јас ќе го сочувам во чистота. Јас ќе ги задоволам неговите тежнеења за вистинска среќа". Бог сака да направи младите навистина да бидат среќни. Затоа Тој ги повикува да му го дадат своето срце, за сите нивни од Бога дадени способности да бидат зачувани во добра, здрава состојба. Тие го содржат Божјиот дар на животот. Тој прави срцето да бие, Тој дава сила за развој на секоја способност. Чистата разонода нема да расипе ниту еден од Божјите дарови.[12] 498

---

1. Testimonies for the Church, Vol. 1, p. 565
2. Health Reformer, July, 1871
3. Testimonies for the Church, Vol. 1, p. 514
4. Education, p. 189
5. Fundamentals of Christian Education, p. 418
6. Manuscript 60, 1894
7. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 333
8. Education, p. 191
9. Testimonies for the Church, Vol. 1, pp. 515, 516
10. Id., Vol. 4, p. 653
11. Id., Vol. 2, p. 586
12. The Youth's Instructor, Jan. 5. 1887

---

* Дел од говорот одржан пред околу 200 лица, кои учествувале во разонода крај едно езеро во близина на Батл Крик во мај 1870 година.

*Осумдесетта глава*

# Што да си играме?

**Да ги замениме грешните со наивни разоноди. –** Од младите не може да се очекува да бидат тивки и сериозни како возрасните, ниту детето може да биде воздржано како некој смирен господин. Бидејќи сме се откажале од грешните задоволства, како што и треба да биде, родителите, учителите и воспитувачите нека се погрижат за невините задоволства кои нема да оставаат трага врз моралот. Не врзувајте ги младите со строги правила и ограничувања поради кои ќе се чувствуваат угнетени и ќе тргнат по пат кој води кон лудост и пропаст. Со цврста, љубезна и внимателна рака држете ги уздите на раководење, водејќи и надгледувајќи го нивниот ум и целите во исто време толку благо, толку мудро, толку љубезно што тие ќе знаат дека им посакувате сè најдобро.[1]

Постојат забави како што се танцување, играње карти, шах, табла и слично, кои не можеме да ги одобриме затоа што небото ги осудува. Ваквите забави ја отвораат вратата на големи зла. Според својата природа тие не се корисни туку возбудуваат и кај некои млади луѓе предизвикуваат страст за игри, кои водат кон коцкање и расфрлање. Христијаните мора да ги осудат сите вакви игри и да ги заменат со нешто што е целосно наивно.[2]

Како што ги воспитуваме своите деца да се воздржат од световните задоволства, кои имаат тенденција да расипуваат и заведуваат, во исто време сме должни да им овозможиме наивна разонода, да ги поведеме по пријатни патишта каде што нема никаква опасност. Ниту едно Божје дете не треба да доживее тажно или жално искуство. Божјите заповеди и Божјите ветувања го потврдуваат тоа. Патиштата на мудроста се „пријатни патишта,
499 и сите патеки нејзини се спокојни“ (Мудри изреки 3,17).[3]

Избегнувајќи го она што е лажно и вештачко: коњските трки, играње карти, лотарија, боречки спортови, употреба на алкохол

и цигари, во исто време ние треба да бараме сигурни извори на задоволства коишто се чисти, благородни и возвишени.[4]

**Ползата од гимнастиката. –** Гимнастичките вежби се полезни и заземаат важно место во училиштата, но без грижлив надзор често водат во крајности. Младите во училиштата, обидувајќи се да ја покажат својата сила, често се здобиваат со повреди што ќе ги трпат цел живот.

Вежбањето во гимнастичките сали, колку и да е добро организирано, не може да ја надомести рекреацијата на свеж воздух и затоа нашите училишта треба да бараат и да изнајдат подобри можности за рекреација.[5]

**Игри со топка. –** Јас не ги осудувам едноставните игри со топка, иако дури и во тоа може да се претера.

Секогаш се вознемирувам пред речиси сигурните последици од такви забави. Тие водат кон трошење средства со чија помош може да се донесе светлината на вистината на душите кои пропаѓаат без Христа. Забавите и трошењето пари за лично задоволство, чекор по чекор водат кон самовозвишување, а прифаќањето на овие игри за разонода создава љубов и страст кои не се погодни за усовршување на христијанскиот карактер.

Начинот на изведувањето на игрите во некои наши училишта немаат небесен печат. Таквиот начин не го јакне умот. Не го чисти и не го облагородува карактерот. Од таквите игри произлегуваат навики, обичаи и световни постапки, а учесниците стануваат толку окупирани и занесени што небото ги прогласува за такви кои повеќе ги сакаат задоволствата отколку Бога. Со учество во таквите игри, наместо да го зајакнат умот и учениците да станат подобри ученици, поспособни како христијани да ја извршу- **500**
ваат христијанската должност, тие го полнат нивниот мозок со мисли кои го одвраќаат умот од она што го учат...

Дали во тие игри ја имаме на ум Божјата слава? Знам дека не е така. Божјиот пат и неговата цел се губат од видот. Интересот на разумните суштества во времето на проверка ја заменува Божјата откриена волја со човечко размислување и измислици, кои сатаната ги вдахнува со својот дух... Господ, небесниот Бог, не ги одобрува распалувањето на силните страсти и стремежот кон првенството во игрите кои ги обземаат сите толку силно.[6]

**Проблемот од атлетските спортови. –** На учениците им е неопходно енергично вежбање. Има малку зла од кои треба повеќе да се плашиме отколку од тромавоста и бесцелноста. Но, тенденцијата на повеќето атлетски спортови ги загрижува оние на кои на срце им лежи доброто на младите. Учителите се загрижени кога го гледаат влијанието на тие спортови и врз напредокот на ученикот во училиштата и на неговиот успех во подоцнежниот живот. Игрите на кои ученикот им посветува толку голем дел од своето време, го одвраќаат неговото внимание од учењето. Тие не му помагаат да се подготви за практична, сериозна работа во животот. Нивното влијание не води кон развивање на карактерот, префинетост, великодушност или вистинска мажественост.

Некои од најомилените забави, како што се американскиот фудбал* и боксот, станале школи на бруталност. Тие игри ги развиваат истите особини како што ги развивале игрите во Стариот Рим. Желбата за истакнување, пројавувањето на груба сила, безобѕирното непочитување на животот имаат такво влијание на младите кое деморализира и ужаснува.

Другите атлетски игри, макар и да не се толку брутални, заслужуваат речиси исти забелешки поради тоа што водат во крај-
501 ности. Тие ја поттикнуваат љубовта кон уживање и возбудување, развивајќи одвратност кон полезната работа и одбегнување на практични должности и одговорности. Тие го уриваат стремежот кон трезвена процена на животот и неговите спокојни задоволства. Така се отвора вратата на лесномисленоста и разузданоста, со сите нивни страшни последици.[7]

**Кога животот би бил помалку сложен. –** Во раните векови, кога луѓето биле под Божје раководство, животот бил едноставен. Тие живееле во тесна врска со природата. Нивните деца учествувале во работата на своите родители и ги изучувале убавините и тајните на ризниците во пазувите на природата. Во тишината на полето и горите, луѓето размислувале за драгоцените вистини и ги предавале како нешто свето од поколение на поколение. Таквото воспитување создавало луѓе со силни карактери.

Во наше време животот стана извештачен, а луѓето дегенерирани. Иако можеби не можеме целосно да се вратиме на еднос-

---

* Американскиот фудбал – мошне сурова игра со валчеста топка, настаната од рагби, која се игра во Северна Америка.

тавните навики од тие стари времиња, сепак можеме да извлечеме поуки кои ќе го направат времето за рекреација она што значи неговото име – време за вистинско изградување на телото, умот и душата.[8]

**Семејни излети. –** Неколку семејства, кои живеат во град или на село, нека ја остават за извесно време работата која физички и умствено ги окупира и нека одат во предели крај брегот на некое прекрасно езеро или шума, каде што природата е убава. Нека понесат едноставна, здрава храна, најдобро овошје и жита и нека си постават маса под сенката на некое дрво или под синиот покрив на небото. Шетањето, движењето и убавината на природата ќе им го отворат апетитот и тие ќе се радуваат на обедот, на кој и царевите би им завидувале. *502*

Во такви случаи и родителите и децата треба да бидат ослободени од грижи, работа и товар. Родителите треба да станат како деца со своите деца, трудејќи се да направат сè што можат за децата да се чувствуваат радосни. Целиот ден нека биде посветен на рекреација. За оние кои работат во затворени простории или седејќи, движењето на чист воздух ќе биде корисно за здравјето. Секој кој може, треба да го смета овој совет за должност. Со тоа ништо нема да се загуби, туку може многу да се добие. По тоа, тие можат да се вратат на своите обврски со нова сила и со нова енергија ревносно да ја исполнуваат својата работа, а ќе бидат и поотпорни на многу заболувања.[9]

**Наоѓање среќа во убавините на природата. –** Не мислете дека Бог сака да се откажеме од сето она што придонесува за нашата среќа. Тој бара да се откажеме само од она што не е добро за нас и за нашата среќа.

Тој Бог, кој ги насадил благородните дрвја и обилно ги облекол со лисја, кој ни ги дал живите и убави бои на цвеќињата и чија рака и љубено срце може да се види во целата природа, не сака да нè направи несреќни. Тој нас не нè создал да немаме вкус и смисла да уживаме во тоа. Неговата намера и цел е да уживаме во нив, да бидеме среќни во природата која Тој ја создал.[10]

**Полезни социјални собири. –** Собирите за социјални односи се од најголема корист кога во срцата на оние кои се состануваат гори Божјата љубов, кога се сретнуваат за да разменат мисли за

Божјата реч или да го разгледаат начинот за унапредување на Неговото дело и да им прават добро на своите ближни. Кога на овие
503 состаноци Светиот Дух е посакуван гостин и не се ожалостува со ништо што се кажува или се прави, тогаш Бог се слави, а оние кои се состанале се духовно окрепени.[11]

Своите состаноци треба да ги водиме и на нив да се однесуваме така што кога ќе се вратиме дома, совеста ќе ни биде мирна и пред Бога и пред луѓето, затоа што не сме повределе никого од оние со кои сме се дружеле, ниту на нив сме влијаеле погубно.[12]

**Исус ги сакал среќните сцени. –** Исус го укорувал попуштањето на самиот себеси во сите негови облици, но по природа бил друштвен. Тој го прифаќал гостопримството на сите општествени слоеви, посетувајќи ги домовите и на богатите и на сиромасите, и на образованите и на необразованите, трудејќи се да ги издигне нивните мисли од секојдневното кон она што е духовно и вечно. Тој не го одобрувал распуштениот живот и врз неговото однесување не паѓала никаква сенка на световна лекоумност; сепак, Тој наоѓал задоволство во сцените на простодушната радост и со своето присуство ги одобрувал општествените собири. Еврејската свадба била впечатлив настан и нејзината радост не предизвикувала незадоволство кај Синот човечки... Христовото сфаќање за радоста на свадбените свечености укажува на радоста на оној ден кога Тој ќе ја доведе својата Невеста во домот на Отецот и кога откупените со Откупителот ќе седнат на вечерата на свадбата на Јагнето.[13]

**Неговиот пример во говорот и однесувањето. –** Кога во текот на својата работа бил поканет на ручек или на гозба кај некој фарисеј или цариник, Исус ја прифаќал поканата... Во таков случај, Христос управувал со разговорот на масата и давал многу
504 драгоцени поуки. Оние што присуствувале, го слушале; па зар Тој не ги исцелувал нивните болки, зар не ги тешел нивните таги, ги земал нивните деца во прегратка и ги благословувал? Цариниците и грешниците биле привлечени од Исуса, и кога започнувал да зборува, нивното внимание било насочено кон Него.

Христос ги поучувал своите ученици како да се однесуваат во друштво на оние кои се неверници или со религиозни луѓе. Со личен пример им покажал дека, кога присуствуваат на јавен со-

бир, не мора да настојуваат да кажат нешто. Неговиот начин на говор целосно се разликувал од она што можело да се слушне на празниците во минатото. Секој Негов збор упатен кон слушателите, бил како мил мирис за живот во животот на Неговите слушатели, а тие напрегнато го слушале со желба да го чујат Неговиот совет.[14]

**Елена Вајт и друштвените состаноци. –** По моето долго патување на исток, стигнав дома за да ја поминам новогодишната вечер во Хилдсбург. Холот на училиштето беше подготвен за саботната школа. Венци од кипариси, есенски лисја, зимзелени гранки и цвеќе беа наместени со вкус, а над влезната врата висеше огромно ѕвоно од зимзелени гранки. Дрвото беше преполно со дарови наменети за сиромасите и за купување на ѕвона... Во таа пригода не беше направено ништо што би можело да оптовари нечија совест.

Некои ме прашаа: „Сестро Вајт, што мислиш за тоа? Дали тоа е во согласност со нашата вера?“ Јас им одговорив: „Тоа е во согласност со **мојата** вера!“[15]

**Доведете ги младите кај Исус. –** Бог сака секој дом и секоја месна црква да користи сила, која ќе ги привлече децата и ќе ги одвои од лажливите световни задоволства и од друштвото на 505
оние чие влијание би ги расипало. Научете како да ги придобиете младите за Христа.[16]

---

1. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 335 506
2. Testimonies for the Church, Vol. 1, p. 514
3. Review and Herald, Jan. 29, 1884
4. Special Testimony, „Living by Principle“, 1898, pp. 19, 20
5. Education, p. 188
6. Notebook Leaflet, Vol. 1, No. 30
7. Education, p. 188
8. Исто, стр. 189
9. Testimonies for the Church, Vol. 1, pp. 514, 515
10. Review and herald, May 25, 1886
11. The Youth's Instructor, Feb. 4, 1897
12. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 337
13. Desire of Ages, pp. 150, 151
14. Welfare Ministry, p. 287
15. Review and Herald, Jan. 29, 1884
16. Review and Herald, Jan. 29, 1884

*Осумдесет и прва глава*

# Одмор кој нуди трајно задоволство

**Вежби кои ги развиваат рацете, умот и карактерот. –** Најголемата полза не се добива од активности кои се исполнуваат како игри или само како физички вежби. Младите имаат потреба од престојување на чист воздух, како и од вежби на мускулите. Таа енергија нека биде искористена за извршување на полезни нешта, зашто тогаш резултатот е подобар а чувството на задоволство е поцелосно; таквата активност создава чувство на корисност и длабока свесност за добро извршена должност.[10]

Да поттикнеме кај децата и младите стремеж своите вежби да ги направат полезни како за нив така и за другите. Вежбите кои го развиваат умот и карактерот, кои ги обучуваат рацете да бидат корисни и ги подготвуваат младите да го носат својот дел од одговорностите во животот, даваат физичка сила и ја оживуваат секоја способност. Чесната работа, негувањето на навиките да живеме правејќи добро, ќе биде наградено.[2]

Рекреацијата која е корисна само за нив, нема на децата и на младите никогаш да им донесе толку благослови како рекреацијата која помага да бидат од полза на другите. По природа склони кон одушевување и подложни на влијание, младите брзо ги прифаќаат предлозите.[3]

**Исусовиот пример од младоста. –** Исусовиот живот бил исполнет со работа и Тој се движел извршувајќи различни работи во согласност со развојот на својата физичка сила. Извршувајќи
507 толку важно дело, Тој немал време за уживање во возбудливи, некорисни забави. Тој не земал учество во она што можело да го отруе моралот и да ја намали физичката сила, туку се обучувал за корисна работа и се подготвувал да ги издржи тешкотиите.[4]

Исусовиот живот на оваа земја е пример за сите луѓе. Тој бил послушен и подготвен да помогне во домот. Го научил дрводелскиот занает и работел со свои раце во малата работилница во Назарет...

Библијата сведочи за Исус: „А детето растеше и јакнеше во духот, и се полнеше со премудрост, и Божјата благодат беше на Него" (Лука 2,40). Работејќи во детството и младоста, Тој го развил духот и телото. Својата физичка сила не ја трошел неразумно, туку ја вложувал за да го зачува здравјето и за да може сè да направи најдобро. Исус се стремел да биде совршен и при ракувањето со алатот. Тој бил совршен како работник, како што бил совршен и во карактерот. Со зборови и пример, Христос ја величал важноста на секоја полезна работа.[5]

**Освежување со разновидна работа. –** Младите треба да имаат на ум дека се одговорни за сите предности кои ги уживаат, за корисната употреба на своето време и за правилната употреба на своите способности. Тие можат да поставаат прашање: Зар не можеме да имаме забава или разонода? Зар само ќе работиме, работиме и работиме без никакви промени?[6]

Неопходно е периодично да се прави промена на физичката дејност, која многу ги исцрпува физичките сили. По тоа, младите луѓе ќе можат со успех одново да се посветат на работата, трудејќи се да постигнат поголеми успеси. За обнова на физичката сила не е потребно целосно мирување. Дури и тогаш кога ќе се заморат со еден вид на работа, тие не треба да ги трошат своите скапоцени моменти. Тие можат да побараат некоја друга работа која не е толку напорна, но која ќе биде благослов за нивните 508
мајки и сестри. Со олеснување на нивните товари, земајќи ги врз своите плеќи најтешките товари, тие можат да најдат разонода која произлегува од начелата, кои ќе им пружат вистинска среќа, а своето време нема да го поминат во бесполезно или себично попуштање. Тие секогаш можат корисно да го употребат своето време и одново да се освежат со преоѓање на друга работа, а времето да го користат така што секој момент ќе му послужи некому за добро.[7]

Многумина сметаат дека, за да се зачува физичкото здравје, неопходно е да се оддаваат на себични забави. Вистина е дека за

најдобриот развој на телото е потребна промена, затоа што со промената умот и телото се освежуваат и окрепуваат, но таа не се постигнува со учествување во неразумни забави, на штета на извршувањето на секојдневните домашни должности кои младите треба да ги извршуваат.[8]

**Програма која Бог ја благословува. –** Ние треба да ги воспитуваме младите подеднакво да ги употребуваат умствените и физички сили. Здравите физички вежби на целокупниот организам ќе доведат до целосно хармонично воспитување.

Во воспитувањето на родителите и на младите, во овој поглед, имавме тешка работа, но издржавме во своите напори, додека не беше научена поуката дека, за целосно образование, времето на учење мора да се подели меѓу стекнување теоретско знаење и добивање знаење од практична работа.

Секој ден имаше одвоено време за полезна работа, кога учениците учеа како да ја обработуваат земјата, како да ја култивираат почвата и да градат домови, и на тој начин да го користат времето, кое инаку би го употребиле за игри и барање на забави.
509 И Господ ги благослови учениците кои на овој начин го посветија своето време за стенување поуки како да бидат полезни.[9]

Бог предвидел полезни занимања за зачувување на здравјето. Тие занимања ќе ги оспособат учениците да си помогнат и на себеси и на другите.[10]

Наместо да си обезбедиме време за одмор кое служи само за забава, треба да се подготвиме за извршување на она што ќе доведе до добар воспитен резултат.[11]

**Евангелската работа – идеална работа. –** Во нашиот свет има многу работи кои се потребни и корисни и кои разонодата и забавата ја прават речиси непотребна. Мозокот, коските и мускулите ќе станат поцврсти и посилни кога се користат со определена цел – за сериозно, длабоко размислување и изготвување планови кои ќе ги оспособат да ги развијат силите на умот и силата на физичките органи, кои практично ќе ги применат своите од Бога дадени способности со кои можат да го прослават Бога.[12]

Наша должност е секогаш да правиме добро, користејќи ги мускулите и разумот со кои Бог ги обдарил младите за да бидат

полезни за другите, олеснувајќи ја нивната работа, тешејќи ги тажните, подигајќи ги обесхрабрените, упатувајќи им зборови на утеха на оние кои се без надеж, одвраќајќи ги мислите на учениците од шегите и исмејувањата, со што често го срамотат своето достоинство. Господ сака умот да се издигне во барање на повозвишени и поблагородни патишта на полезност.[13]

Истата моќ на умот и мускулите може да изнајде начини за повозвишена работа, за извршување на евангелската работа, која младите ќе ги направи Божји соработници и ќе ги подготви да бидат корисни во овој живот извршувајќи полезна работа која е всушност најважна гранка во воспитувањето... *510*

Не е ли тоа дело по кое треба да се стреми секој млад човек работејќи за Христа? Христовата помош ви стои на располагање. Идеите на ученикот ќе се продлабочат. Тие ќе бидат далекусежни и нивната корисност дури и во вашиот ученички живот постојано ќе расте. Рацете, кои Бог ви ги дал, треба да се употребат за да прават добро кое ќе носи небесен печат, за на крајот да можете да слушнете: „Добро, сакан и верен слуго!“[14]

**Совет за инвалиди. –** Добив упатство да кажам дека кога болните се поттикнати да ги напуштат своите соби и одредено време да поминат на чист воздух, негувајќи цвеќиња или извршувајќи некоја друга лесна, пријатна работа, тие нема да бидат окупирани со себе, туку со она што дава повеќе здравје. Работата на чист воздух треба да се препорача како полезна животворна потреба.[15]

Можеме само да се радуваме додека ја слушаме музиката на среќните птици и да ги одмораме очите на бујните ниви и градини. Да ги насочиме своите мисли кон сите величествени дела кои Бог великодушно ни ги дал. Размислувајќи за овие богати дарови, за Неговата љубов и грижа, ќе ги заборавиме слабостите, ќе станеме радосни, а од нашите срца ќе потече песна за Господа.[16]

Во текот на годините, повеќе пати ми беше покажувано дека болните треба да се поучат дека е погрешно да прекинат со секаква физичка работа за да си го повратат здравјето. На тој начин волјата се успива, крвта побавно тече низ организмот и станува сè позагадена. Кога болниот ќе се најде во опасност да го смета својот случај потежок отколку што е, неактивноста сигур-

но ќе доведе до најтешки последици. Добро испланираната рабо-
511 та го убедува болниот дека не е целосно неполезен во овој свет, туку дека и од него има полза. Тоа ќе му пружи задоволство, ќе му даде храброст, ќе му влее сила, која суетната умствена забава никогаш нема да му ја даде.[17]

**Вистинско задоволство. –** Бог секому му овозможил задоволство во кое можат подеднакво да уживаат и богатиот и сиромашниот – задоволство кое се наоѓа во негувањето на чистите мисли и несебичните постапки, задоволство кое произлегува од добрите дела и од упатените сочувствителни зборови со кои сме ги охрабриле другите. Оние кои прават така, со Христовата светлина ги осветлуваат душите чиј живот е затемнет со многу дру-
512 ги неволји.[18]

---

1. Fundamentals of Christian Education, p. 418
2. Id., pp. 418, 419
3. Education, p. 190
4. The Youth's Instructor, July 27, 1893
5. Fundamentals of Christian Education, pp. 417, 418
6. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 337
7. Testimonies for the Church, Vol. 3, p. 223
8. The Youth's Instructor, July 27, 1893
9. Letter 84, 1909
10. Review and Herald, Oct. 25, 1898
11. Pamphlet. Recreation, p. 47
12. Notebook Leaflet, Education, No. 6, p. 1
13. Id., p. 2
14. Id., pp. 1, 2
15. Medical Ministry, p. 234
16. Health Reformer, July, 1871
17. Testimonies for the Church, Vol. 1, p. 555
18. Id., Vol. 9, p. 57

# За каков одмор се определува христијанинот?

**Христијанинот и световната забава. –** Постои разлика меѓу рекреација и забава. Рекреацијата, кога е навистина она што нејзиното име значи, ре-креација*, зајакнува и изградува. Одвојувајќи нè од нашите секојдневни грижи и работи, таа му пружа освежување на умот и на телото и така нè оспособува со нови сили да се вратиме на сериозната работа во животот.[1]

Од друга страна, забавата се бара поради уживање и во неа често се претерува. Таа ја троши силата за полезна работа и така станува пречка за вистинскиот успех во животот.

Постои голема разлика меѓу дружењето со Христовите следбеници заради христијанска рекреација и световните собири на кои се бараат телесни уживања и забави. Наместо молитви и спомнување на Христа и на она што е свето, од устата на световните луѓе ќе се слушне бесмислено смеење и празни зборови. Тие сакаат добро да се забавуваат. Нивните забави започнуваат со бесмисленост, а завршуваат со суета.[2]

Умереноста мора да се покаже во забавите како и во сè друго. Внимателно и темелно треба да се разгледа карактерот на овие забави. Секој од младите треба да се запраша: Како овие забави ќе влијаат врз физичкото, умственото и моралното здравје? Дали мојот разум ќе биде толку заслепен што ќе го заборави Бога? Дали ќе престанам да ја гледам Неговата слава?[3] *513*

**Како да ги препознаеме вистинските задоволства. –** Никогаш да не го заборавиме фактот дека Исус е извор на радоста.

* Рекреација – повторно создавање или обновување

Тој не се радува на бедата на човечките суштества, туку сака да ги види среќни.

Христијаните имаат многу извори на радост и тие со непогрешлива точност можат да кажат кои задоволства се исправни. Тие се радуваат на такви разоноди кои не го оптоваруваат умот и не ја расипуваат душата, кои не разочаруваат и не оставаат трага од влијанија кои го разоруваат самопочитувањето и го затвораат патот кон полезноста. Ако со себе можат да го понесат Исуса и ако го сочуваат духот на молитвата, тие секако ќе бидат наполно сигурни.[4]

Секоја разонода, во која со вера можете да побарате Божји благослов, не е опасна. Но секоја забава која ќе ве онеспособи за молитва насамо, за семејното богослужение или за учествување на молитвените богослужби не е сигурна, туку опасна.[5]

**Забави кои онеспособуваат за секојдневните должности. –** Ние им припаѓаме на оние луѓе кои веруваат дека имаат привилегија секој ден да го прославуваат Бога на Земјата, дека не треба да живееме во тој свет само за свое лично задоволство и само да си угодуваме на себеси. Ние сме тука за да бидеме од полза за човештвото и на благослов на општеството. Ако дозволиме нашите мисли да се занимаваат со она кон што многумина се стремат барајќи само суета и бесмисленост, како можеме да бидеме полезни за својот народ и своето поколение? Како можеме да бидеме на благослов на општеството кое нè опкружува? Ние не треба наивно да учествуваме во ниту една разонода која би нè онеспособила поверно да ги извршуваме обичните должности.[6]

Благосостојбата на душата не треба да се изложи на опасност со задоволување на ниту една себична желба и затоа треба да се избегнува секоја разонода која толку го преокупира умот што секојдневните животни должности изгледаат здодевни и непри-
514 влечни. Впуштајќи се во такво уживање, умот се насочува во погрешен правец, а сатаната така ги искривува мислите што злото изгледа како добро. Тогаш воздржаноста и послушноста кон родителите, каква што Христос покажал кон своите родители, изгледа неподнослива.[7]

**Недолични собири. –** Има многу нешта кои сами по себе се добри, но кои, изопачени од сатаната, стануваат стапица за невнимателните.[8]

Забавните седенки се пречка за вистинско растење и за умот и за карактерот. Така се формираат друштва од лекомислена младина, се трошат пари, се создаваат навики на расипништво, се бараат сомнителни задоволства што го фрла целиот живот во безднатa на злото. Родителите и учителите можат многу да направат таквите забави да се заменат со здрава и животодавна разонода.[9]

Во местото кое се нарекува... имаше посебен вид друштвени состаноци, забавни седенки, кои беа срам за нашата установа и црква. Тие поттикнуваат суетност, која произлегува од носење скапа облека, желба за покажување, самозадоволство, разузданост и бесмислени шеги. Тука сатаната е почесен гостин и тој владее со оние кои ги организираат ваквите собири.

Ми беше прикажан еден таков собир. Беа собрани луѓе кои исповедаат дека ѝ веруваат на вистината. Некој беше седнал покрај музичкиот инструмент и се слушаа песни, кои ги тераа присутните ангели да заплачат. Имаше веселба и силно смеење, имаше претеран ентузијазам, возбуда и некаков вид занес, но радоста беше таква каква што само сатаната можеше да ја создаде. Тоа беше одушевување, од кое сите кои го сакаат Бога би требало да се засрамат. Тоа ги наведува учесниците кон несвети мисли и постапки. Имам причина да верувам дека некои, кои присуствуваа 515
таму, искрено се покајаа за ова срамно дело.

Ми беа прикажани многу такви собири. Видов веселба, расфрлање со облека, лично украсување. Секој имаше желба другите да го сметаат за брилијантен, па се оддаваа на разузданост, гласни веселби, глупави шеги, на евтини и бесмислени ласкања и громогласно смеење. Во такви моменти очите блескаат, усните горат, но совеста спие. Повлечени од јадење, пиење и веселби, луѓето прават сѐ за да го заборават Бога. Сцените на наслада се нивниот рај. А небото сѐ гледа, забележува и слуша.[10]

Собирањата поради забава ја затемнуваат верата и ги мешаат чувствата правејќи ги несигурни. Господ не прима ниту едно поделено срце. Тој сака целосен човек.[11]

**Малку од популарните разоноди се безбедни. –** Многу забави кои се омилени за денешниот свет, дури и меѓу оние кои тврдат дека се христијани, се многу слични на задоволствата на многубошците. Има малку такви забави кои сатаната не би можел да ги искористи за да ги упропасти душите. Со посредство на драма, тој со векови ги возбудува страстите и ги издигнува пороците. Сатаната ја користи операта со нејзиниот волшебен раскош и збунувачка музика, маскенбал, играње и коцкарски маси за да ги разруши оградите на начелата и да отвори пат за задоволување на телесните попуштања. На секој собир поради забава, каде горделивоста се издигнува или му се попушта на апетитот, каде што човекот се наведува да го заборави Бога и да ги изгуби од вид вечните интереси, сатаната ја врзува душата со своите синџири.[12]

Вистинскиот христијанин нема да посака да влезе на ниту едно место на забава, ниту да се впушти во ниедна разонода за која не може да побара Божји благослов. Него нема да го најдеме во театар, во салите за билјард или куглање. Тој нема да учествува во разуздани валцери, или во кое било друго занесно задоволство
516 кое го истерува Христа од умот.

На оние кои бараат такви разоноди, им велиме: „Ние не можеме да учествуваме во нив во името на Исус од Назарет“. Бог не го благословува часот поминат во театар или на танцување. Нема христијанин кој би сакал да умре на такво место. Никој не би сакал Христос таму да го затекне кога ќе дојде.[13]

**Жариште на неморалот. –** Најопасното место за уживање е театарот. Наместо да биде училиште на моралот и вредностите, како што тоа често се тврди, тоа е жариште на неморалот. Со вакви разоноди се раѓаат и се потврдуваат пороците и грешните склоности. Непристојните песни, разузданите движења, изразите и однесувањата ја расипуваат фантазијата и го намалуваат моралот. Секоја млада душа која по навика присуствува на такви сцени ги расипува своите начела. Во нашата земја нема влијанија кои посилно би можеле да ја отрујат фантазијата, да ги уништат верските впечатоци и да ја затапат желбата за смирени задоволства и трезвена реалност на животот од театарските забави.

Љубовта кон овие сцени се зајакнува со секое попуштање, како што со употреба се зајакнува желбата за алкохолни пијалаци. Единствен сигурен пат е да го избегнуваме театарот, циркусот и секое сомнително место за забава.[14]

**Училиште на изопаченоста. –** Во многу христијански семејства танцувањето и играњето карти се омилена разонода. Се вели дека тоа се наивни семејни забави во кои може мирно да се ужива под родителски надзор. Меѓутоа, така се создава љубов кон овие возбудливи задоволства и она што се сметало за наивно во домот, нема надвор од него да се смета за опасно. Може ли нешто 517
добро да произлезе од тие забави? Тие не го зајакнуваат телото, ниту го одмораат умот. Тие во душата не всадуваат ниту едно чесно или свето чувство. Напротив, тие ја уништуваат секоја желба за сериозно размислување и верска служба. Навистина, постои голема разлика меѓу забава со одбрано друштво и случајни, понижувачки собири во салите за игра. Но, сепак, тоа се сè чекори на патот кон разузданоста.[15]

**Давидовата игра не е пример. –** Љубителите на уживањето, во стремежот да ја оправдаат помодарската желба за играње, ја наведуваат Давидовата игра во света радост пред Бога, но таквиот доказ нема темели. Во наше време играњето е поврзано со безумие и полноќни оргии. Здравјето и моралот се жртвуваат на задоволството. За посетителите на салите за играње, Бог не е предмет на размислување и почитување; на нивните собири за молитва или песни за пофалба нема место. Тоа треба да биде одлучувачки испит. Христијаните не треба да бараат забави кои ја слабеат љубовта кон она што е свето и ја намалуваат нашата радост во службата за Бога. Музиката и играта со радосно славење на Бога при преселувањето на ковчегот на заветот, во ништо не потсетуваат на разузданоста на модерните игри. Овој случај е пример на свето сеќавање на Бога и возвишување на Неговото свето име. Во друг случај е средство со кое сатаната ги наведува луѓето да го заборават Бога и да го срамотат.[16]

**Играње карти. –** Играњето карти треба да се забрани играњето карти. Самата мисла и склоноста се опасни. Кнезот на силата на темнината престојува во салите за играње карти и на секое

518 друго место на кое се играат карти. Злите ангели се редовни гости на таквите места. Во тие игри нема ништо добро и корисно за телото и душата. Нема ништо што го зајакнува умот, ништо што би дало полезни мисли за иднината. Тука се водат ништожни и понижувачки разговори... Вештината во ракувањето со карти наскоро ќе создаде желба ова знаење и способност да се употребат за некоја лична корист. Најпрво се игра за мали суми, потоа за поголеми, додека не се создаде жед за коцкање која води во сигурна пропаст. Колку многу луѓе довело ова погубно уживање до секакви гревови, и како резултат на тоа до сиромаштија, затвор, убиство, па дури и до бесилка! Но, сепак, многу родители не ја гледаат ужасната бездна на пропаста, која ја чека нашата младина.[17]

**Страв да не бидеме необични. –** Таканаречените христијани кои се површни во карактерот и во верското искуство, често служат во рацете не искушувачите како мамка за другите. Овие христијани секогаш се готови да се соберат за разонода или спорт и нивното влијание ги привлекува другите. Тие ги убедуваат младите мажи и жени, кои се обидуваат да бидат библиски христијани, да се приклучат на вакви седенки и така ги вовлекуваат во својот круг. Тие претходно не размислувале со молитва за божествените начела за да знаат што рекол Христос за плодовите што ги донесува христијанското дрво. Тие не се во состојба да сфатат дека таквите забави всушност се сатанска гозба подготвена да ги спречи душите да ја примат поканата за вечера на свадбата на Јагнето и да ги прифатат белите облеки на карактерот кои ја претставуваат Христовата правда. Таквите стануваат збунети и не знаат што треба да прават како христијани. Тие не сакаат да бидат необични и по природа се склони да го следат примерот на другите. Така потпаѓаат под влијание на оние кои никогаш, во срцето или во умот, не го почувствувале божествениот допир.[18]
519

**Чувај се од првиот чекор. –** Вие можеби не ја согледувате вистинската опасност кога го правите првиот лекомислен чекор, направен во барање задоволства и сметате дека можете да се смените кога и да посакате, дека сте способни да го правите она што

е добро толку лесно како пред да му попуштите на злото. Тоа е заблуда. Со изборот на лошо друштво, многумина чекор по чекор се оттргнале од патот на непорочноста кон длабочините на непослушноста и развратот, а на почетокот мислеле дека ќе биде невозможно да потонат.[19]

**Објавете ги христијанските начела. –** Ако навистина му припаѓате на Христа, ќе имате можност да сведочите за Него. Ќе ве повика да ги посетите местата за забава и тогаш ќе ви се пружи можност да посведочите за својот Господ. Ако сте му верни на Христа, нема да се обидувате да пронаоѓате оправдувања што не можете да дојдете, туку јасно и скромно ќе објавите дека сте Божје дете и дека вашите начела не ви дозволуваат да бидете на тоа место ниту еден единствен пат, на кое не можете да го повикате својот Господ.[20]

Бог преку својот народ сака да ги открие начелата на своето царство. За да можете да ги откриете овие начела во животот и карактерот, Тој сака да ги одвои од световните обичаи, навики и постапки...

Пред нас се откриваат славни сцени; во ова време животот на Божјиот народ треба да го објави живото сведоштво за да може светот да види дека и во ова време кога злото владее насекаде, постои народ кој се откажал од својата волја и бара да ја исполнува Божјата волја, народ – во чие срце и живот е испишан Божјиот закон.

Бог очекува да го претставаат оние кои го носат Христовото
име. Нивните мисли мораат да бидат чисти, нивните зборови 520
благородни и охрабрувачки. Христовата религија мора да биде вткаена во сè што прават и велат... Бог сака Неговиот народ со својот живот да потврди дека христијанството има предимство над световноста, да покаже дека постапува според возвишените, свети начела.[21] 521

1. Education, pp. 185, 186
2. Review and Herald, May 25, 1886
3. Counsels to Teachers, Parents, and Students, pp. 333, 334

4. Review and Herald, Aug. 19, 1884
5. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 337
6. Id., p. 336
7. The Youth's Instructor, July 27, 1893
8. Letter 144, 1906
9. Education, p. 189
10. Counsels to Teachers, Parents, and Students, pp. 339, 340
11. Id., p. 345
12. Patriarchs and Prophets, pp. 459, 460
13. Review and Herald, Feb. 28, 1882
14. Counsels to Teachers, Parents, and Students, 334, 335
15. Review and Herald, Feb. 28, 1882
16. Patriarchs and Prophets, p. 707
17. Testimonies for the Church, Vol. 4, p. 652
18. Counsels to Teachers, Parents, and Students, pp.340, 341
19. Id., p. 224
20. The Youth's Instructor, May 4, 1893
21. Counsels to Teachers, Parents, and Students, pp. 321-324

*Осумдесет и трета глава*

# Примамливоста на уживањата

**Телесното срце се стреми кон уживање. –** Телесниот ум се стреми кон уживање и кон телесно задоволство. Сатанскиот план е да ги создаде во изобилие. Тој настојува човечките умови да ги исполни со желба за световни уживања за да немаат време да се запрашаат: „Во каква состојба е мојата душа?“ Љубовта кон уживањето е заразна. Кога ќе се препушти, човекот брза од едно задоволство кон друго, постојано барајќи некаква нова разонода.[1]

Световните задоволства се привлечни и заради нивната моментална наслада многумина го жртвуваат пријателството со небото, ги жртвуваат мирот, љубовта и радоста што тоа ги дава. Но, ние наскоро осознаваме дека тие избрани начини на наслада се бесмислени и не нè задоволуваат.[2]

**Милиони се затекнуваат на места за разонода. –** Во наше време можеме да забележиме големата страст за уживање. Секаде преовладуваат разузданоста и безобѕирното расфрлање. Луѓето се жедни за задоволства. Умот се занимава со површни и суетни мисли и ја губи способноста да размислува сериозно и да проучува задлабочено. Се шири непросветеност и евтин сентиментализам. Бог сака секоја душа да биде возвишена, фина и благородна. Меѓутоа, често се запоставува секое вредно остварување поради помодарско расфрлање и површно задоволство.[3]

Возбудливата забава во наше време ги држи умовите на мажите и на жените, а особено на младите, во трескавична возбуда, така што тоа ја погодува нивната животоспособност повеќе отколку сето нивно учење и физичка работа. Освен тоа, ваквата разонода го попречува развојот на умот и го расипува моралот.[4] **522**

Младите се повлечени од општата струја на помодарството. Оние кои ги сакаат разонодите заради самите задоволства, ја отвораат вратата на искушенијата. Тие се оддаваат на веселби и на бесмислени забави. Влегуваат во различни облици на разузданост, додека не ја изгубат и желбата и способноста да бидат корисни во животот. Нивните религиозни интереси згаснуваат и духовниот живот им замира. Тие ги губат сите благородни одлики на душата, сѐ што го поврзува човекот со духовниот свет постепено се изопачува.[5]

**Верници меѓу почитувачите на уживањето. –** Многумина уживаат земајќи удел во световните, деморализирачки забави кои Бог ги забранува. На тој начин тие ја раскинуваат својата врска со Бога и се вбројуваат во редовите на оние кои ги сакаат световните уживања. Гревовите што ги уништиле претпотопните жители и градови во рамнината постојат и денес – не само во многубожечките земји, не само меѓу лажните христијани туку и меѓу некои кои тврдат дека го очекуваат доаѓањето на Синот човечки. Кога Бог би ги претставил овие гревови пред нас онака како што Тој ги гледа, ние би се исполниле со срам и ужас.[6]

Желбата за возбуда и пријатни разоноди е искушение и стапица за Божјиот народ, особено за младите. Сатаната постојано бара причини со кои ќе го одврати умот од свечените подготовки за настаните кои се непосредно пред нас. Со посредство на световните луѓе, тој одржува возбудлива атмосфера за да може невнимателните да ги наведе да учествуваат во световни веселби и уживања. Присутни се на различни забави, учења и бескрајно разновидни уживања кои ја засилуваат љубовта кон светот, а со
523 тоа ослабнува верата.[7]

**Сатаната е вешт заводник. –** Младите главно се однесуваат како драгоцените мигови на проверка, додека сѐ уште добиваме милост, да се еден голем празник и дека можат да уживаат во постојана возбуда. Живеат како да се создадени во овој свет само за забави и за задоволување на сопствените желби. Сатаната вложува посебни напори да ги натера да бараат среќа во световните уживања. Тој ги става во заблуда и ги поттикнува да се оправдуваат и да тврдат дека тие забави се безопасни, невини, па дури и неопходни за здравјето.[8]

Тој (сатаната) го претставува патот на светоста многу тежок, а патиштата на светските задоволства ги посипува со цвеќе. Со лажни и привлечни бои го бојосува светот со неговите задоволства пред очите на младите. Меѓутоа, земните задоволства наскоро ќе завршат и тоа што е посеано, ќе биде пожнеано.[9]

Сатаната е вешт и искусен измамник во вистинска смисла на зборот. Тој поставува многу фини мрежи, кои на прв поглед изгледаат невино, и затоа мајсторски и неосетно ги лови младите и невнимателните.[10]

**Љубовта кон забавите го спречува напредокот. –** Родителите прават грешка кога своите деца ги воведуваат во општеството уште од рана возраст поради тоа што се плашат дека децата нема да им знаат ништо ако не присуствуваат на седенки и не се дружат со оние кои ги сакаат забавите. Тие им дозволуваат на децата уште на училишна возраст да присуствуваат на седенки и да одржуваат врски со општеството. Тоа е голема грешка. На тој начин децата го запознаваат злото многу побрзо отколку своите школски предмети. Нивниот ум се исполнува со она што е бесполезно, додека страста кон забавата се развива во толкава мера што повеќе не се способни да ги совладаат и наједноставните образовни предмети. Нивното внимание е поделено меѓу учењето и љубовта кон задоволствата и колку се зголемува љубовта кон забавите, толку нивниот умствен развој станува побавен.[11] *524*

Како и стариот Израел, љубителите на забавата јадат, пијат и стануваат да играат. Сето тоа е проследено со веселби, пирови, смеење и забава. Во сето ова младите го следат примерот на авторите на книгите од коишто учат. Најголемото зло во сето тоа е впечатокот кој трајно останува во карактерот.[12]

**Рамнодушноста кон последната Божја вест. –** Како што се приближувал крајот на времето на проба, жителите на претпотопниот свет се препуштиле на возбудливи забави и празнувања. Оние кои располагале со влијание и сила, настојувале да го окупираат умот на луѓето со веселба и уживање за да може свечената вест која им била упатена да остане без дејство. Зар не гледаме дека тоа се повторува и во наше време? Додека Божјите слуги ја објавуваат веста дека е близу крајот на гревот, светот е окупиран

со забави и со барање задоволства. Постојаното возбудување предизвикува рамнодушност кон Бога и им оневозможува на луѓето да дојдат под влијание на вистината, која единствено може да ги спаси од пропаста која доаѓа.[13]

**Почитувачите на саботата ќе бидат искушани и испитани. –** Младите почитувачи на саботата кои потклекнале под влијание на световноста, ќе бидат проверени и искушани. Опасностите на последните денови се веќе пред нас, а пред младите стои проверка која многу од нив не ја очекувале. Тие ќе доживеат длабоки неволји и силата на нивната вера ќе биде искушана. Тие тврдат дека го очекуваат доаѓањето на Синот човечки, но некои од нив биле недостоен пример за неверниците. Тврдат дека не сакаат да го
525 оставаат светот, но се соединиле со него учествувајќи во излети, пикници* и други средби на забава, уверувајќи се себеси дека учествуваат во безопасни разоноди. Но токму ова ги одвојува од Бога и ги прави деца на овој свет...

Бог не ги признава за свои следбеници љубителите на забавите. Вистински Исусови следбеници се само оние кои се откажуваат од себеси и живеат трезвен, понизен и свет живот. А таквите луѓе нема да учествуваат во лекомислени и празни разговори со оние кои го сакаат светот.[14]

**Судбоносно размислување. –** Не треба да веруваме дека забавите се неопходни и дека лесно можеме да го запоставиме Светиот Дух во моментите на себељубивите задоволства. Бог не дава да се навредува. Секој млад човек, секоја млада жена нека размисли: „Дали денес сум подготвена да му дојде крајот на мојот живот? Дали моето срце е подготвено и оспособено за делото кое
526 ми го доверил Господ?“[15]

---

* Овде не станува збор за семејни излети туку за забави од карневалски тип, кои биле вообичаени во тоа време.

---

1. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 337
2. Review and Herald, Jan. 29, 1884
3. Review and Herald, Dec. 6, 1881
4. Health Reformer, Dec., 1872
5. Testimonies for the Church, Vol. 9, p. 90
6. Id., Vol. 5, p. 218
7. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 325
8. Testimonies for the Church, Vol. 1, p. 501
9. The Youth's Instructor, Jan. 1, 1907
10. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 325
11. The Youth's Instructor, July 27, 1893
12. Testimonies for the Church, Vol. 8, p. 66
13. Patriarchs and Prophets, p. 103
14. Counsels to Teachers, Parents, and Students, pp. 327, 328
15. The Youth's Instructor, Aug. 14, 1906

*Осумдесет и четврта глава*

# Поучете ги младите за вистинската разонода

**Нецелосни мерки. –** Некои родители христијани попуштаат пред склоностите на своите деца кои го сакаат светот. Така тие ја отвораат вратата на разонодите кои некогаш начелно се забранувале.[1]

Некои христијански родители премногу ја одобруваат склоноста кон забавата. Тие ги прифатиле световните мерила, се прилагодиле на општото мислење дека за децата е добро во детството и младоста да не им даваат должности, да им овозможат да поминат во себични разоноди и да им бидат задоволени сите нивни желби. На тој начин кај децата и кај младите се создава наклоност кон возбудливи забави, па така тие навикнуваат да уживаат во возбудливи задоволства и ја губат желбата за трезвените, полезни животни должности. Тие живеат таков живот кој не е достоен за човечките суштества. Тие не мислат за Бога и за вечните вредности, туку прелетуваат како пеперутки. Тие не постапуваат како разумни суштества, чиј живот се мери со животот на Бога и кои се одговорни пред Него за секој момент од својот живот.[2]

**Мајките треба да ја осмислат и да ја пронајдат разонодата. –** Наместо да ги оддалечи своите деца од себе за да не ја вознемируваат со нивната врева и нивните многубројни барања, мајката со љубов и грижа треба да сфати дека најдобро што може да направи е немирниот и активен ум на децата да го смири и да
527 ги заинтересира за некоја разонода или лесна работа. Тоа е нејзина должност. Подоцна таа ќе биде богато наградена за вложе-

ните напори и за времето кое го посветувала за да осмисли разонода за своите деца.

Малите деца сакаат друштво. Тие не можат да се заиграат сами, па мајката треба да знае дека во повеќето случаи местото на нејзините деца, кога се дома, е во просторијата во којашто се наоѓа таа. Само тогаш ќе може да ги надгледува и да ја смири правилно секоја расправија што ќе се појави, како и да ги исправи лошите навики или појавата на себичност или лутина, а нивните мисли да ги насочи во добар правец. Децата обично мислат дека мајката го сака она што и тие го сакаат, па совршено природно е да се советуваат со неа за сите мали прашања кои ги тревожат и обеспокојуваат. Мајката не треба да го рани срцето на своето чувствително дете со својата рамнодушност или со одбивање да се занимава со такви ситници. Таа никогаш не треба да избегнува да им даде совет или да не им помогне на своите деца, дури и за најбезначајните работи. Тоа што е безначајно за мајката, важно е за децата. Секое упатство или предупредување, искажано во вистински момент и на вистински начин, ќе има голема вредност.[3]

**Не откажувајте ги едноставните разоноди. –** Поради недостаток од време и разбирање, многу мајки ги лишуваат своите деца од некоја едноставна разонода, а во исто време нивните неуморни прсти и уморни очи вредно изработуваат украси, кои во нивните млади срца само ќе поттикнат себичност и претерување. Кога ќе пораснат децата, овие поуки донесуваат плод – горделивост и морална ништожност. Мајката се жали на маните на своите деца и не сфаќа дека жетвата која ја жнее потекнува од семето коешто самата го посеала.

Некои мајки не постапуваат исто со своите деца. Понекогаш им дозволуваат на своите деца да го прават она што не е добро, друг пат одбиваат да ја задоволат наивната едноставна желба која 528
би го направила детското срце многу среќно. Во ова не се угледуваат на Христа. Тој ги сакал децата, ги разбирал нивните чувства и покажувал сочувство кон нивните задоволства и нивните тешкотии.[4]

**Како сестра Вајт ги воспитувала своите деца? –** Кога децата ве молат да се придружат на некое друштво или да учествуваат

во некоја разонода, кажете им: „Деца, не можам да ве пуштам. Седнете тука, а јас ќе ви ја откријам причината. Јас го извршувам ова дело за Бога и за вечноста. Бог ве дал на мене и ми доверил јас да се грижам за вас. Јас, деца мои, стојам на Божјето место пред вас и затоа треба да бдеам над вас, бидејќи треба да поднесам сметка пред Бога во Господовиот ден. Дали сакате името на вашата мајка да биде запишано во небесните книги како мајка која не успеала да ја исполни својата должност кон децата? Како мајка која му дозволила на непријателот да дојде и да го заземе местото за кое таа била должна да го заземе? Деца, должна сум да ви кажам кој е правиот пат, и тогаш, ако вие изберете да се спротивставите на својата мајка и да тргнете по патот на злото, мајка ви ќе биде чиста, но вие ќе страдате поради своите лични гревови“.

Вака постапував со своите деца, и уште пред да завршам, тие заплакуваа и велеа: „Моли се за нас!“ Никогаш не одбивав да се молам за нив. Клечев покрај нив и се молевме заедно. Тогаш се застапував пред Бога за своите деца. Потоа одев и му се молев на Бога цела ноќ, додека сонцето не се подигнеше на небото, за да се скрши моќта на непријателот, а јас да извојувам победа. Макар што тоа ме чинеше цела ноќ вложен напор, се чувствував богато наградена кога моите деца ме прегрнуваа и ми велеа: „О мајко, толку сме среќни што не ни дозволи да одиме таму кај што
529 сакавме. Сега гледаме дека тоа било грешно“.

Родители, тоа е начинот на кој треба да постапувате. Правете го тоа по внатрешно убедување. Поставете си цел сериозно да ја извршите таа работа, ако сакате да бидете заедно со своите деца во Божјето царство.[5]

**Проблеми на опасните младешки години. –** Во сегашната состојба на општеството не им е лесно на родителите да ги контролираат своите деца и да ги поучат според библиските начела на правдата. Децата многу често се нетрпеливи и не примаат совети, сакаат да имаат свои начини на дејствување и да одат и да се враќаат кога сакаат. Особено на возраст од десет до осумнаесет години тие се склони да мислат дека не постои никаква опасност ако присуствуваат на световни средби со младите пријатели. Но

искусните христијански родители ја гледаат опасноста. Тие ја познаваат вистинската природа на своите деца и знаат какво е влијанието на средбите врз нивниот ум. Бидејќи сакаат нивните деца да се спасат, тие треба да ги одвојат од овие возбудливи забави.[6]

**Пред обратувањето. –** Кога децата сами ќе решат да ги напуштат световните задоволства и да станат Христови ученици, колку голема товар паѓа од срцата на грижливите, верни родители! Но, ниту тогаш работата на родителите не треба да престане. Овие млади луѓе само што започнале да водат сериозна борба против гревот и злите склоности на телесното срце и тогаш им е потребен посебен совет и грижа од нивните родители.[7]

**Како да се сочуваат децата од световноста. –** Колку многу родители се жалат што не можат да ги задржат своите деца во домот, затоа што тие немаат љубов за домот! Тие уште од рана возраст имаат желба за друштво со други луѓе, па колку повеќе рас- *530*
тат, толку повеќе се стремат да избегаат од она што им изгледа како ропство и неразумна забрана. Тие веќе не се грижат за мајчините молитви, ниту за татковите совети. Внимателното проучување покажало дека гревот е пред вратата на родителите. Тие не го направиле домот она што би требало да биде – привлечен, пријатен, озарен од светлината на љубезните зборови, пријатните односи и вистинската љубов.

Тајната на спасението на вашите деца лежи во тоа да го направите својот дом пријатен и привлечен. Понизноста и попустливоста на родителите нема да ги врзе децата за Бога или за домот; само постојаното духовно влијание кое правилно го воспитува умот, ќе спаси многу деца од пропаст.[8]

Должност на родителите е да бдеат над излегувањата и доаѓањата на своите деца. Тие треба да ги охрабрат, да покажат интерес за нивните проблеми и готовност да им помогнат. Сето тоа ќе ги привлече кон домот и ќе им помогне да сфатат дека родителите се заинтересирани за нив и за нивните проблеми. Родите- *531*
лите треба да го направат својот дом пријатен и радосен.[9]

532 1. Manuscript 119, 1899
2. The Youth's Instructor, July 20, 1893
3. Solemn Appeal, pp. 136, 137
4. Ministry of Healing, pp. 389, 390
5. Undated Manuscript 70
6. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 327
7. Id., p. 327
8. Review and Herald, Dec. 9, 1884
9. Testimonies for the Church, Vol. 1, pp. 400, 401

*Осумнаесетти дел*

# ЌЕ ЈА ПРИМИШ СВОЈАТА НАГРАДА

# Награда и на земјата и на небото

533 **Верните родители ги очекува богата награда. –** Ако родителите добро ги воспитаат децата, тие и самите ќе бидат среќни кога ќе го видат плодот на својот труд во христијанскиот карактер на своите деца. Тие ќе ја исполнат највозвишената служба за Бога ако на светот му предадат среќни и добро изградени семејства, кои не само што се плашат од Господа туку и го почитуваат и го прославуваат со своето влијание на другите семејства; и ќе ја примат наградата.[1]

Христијански родители, ваша должност е да управувате со чекорите на вашите деца и со нивниот духовен живот. Ако навистина го сакаат Бога, децата ќе ве благословуваат и почитуваат за грижата која сте им ја укажале и за вашата верност за ограничување на нивните желби и за потчинување на нивната волја.[2]

Награда ги чека оние кои рано го сеат семето на вистината во срцето и го негуваат.[3]

Родителите треба да работат, имајќи ја на ум идната жетва. Тие треба сериозно да се молат, додека со солзи сеат и покрај многуте обесхрабрувања. Можеби ја гледаат само доцната и слаба жетва, но тоа не треба да ги спречи да сеат. Нека сеат покрај секоја вода, користејќи ја секоја можност да станат подобри и покорисни за своите деца. Таквото сеење нема да биде напразно. Во времето на жетва многу родители ќе се враќаат со радост носејќи ги
534 своите снопови.[4]

Облагородете го умот на своите деца и морално подигнете ги. Зајакнете го нивниот млад ум со цврсти и чисти начела. И доде-

ка имате можност, поставете го темелот на благородна човечност. Вашиот труд ќе биде повеќекратно награден.[5]

**Спасените деца – награда за родителите. –** Во Божјата реч наоѓаме прекрасен опис на среќен дом и на жена која управува со него. „Нејзините синови се креваат и ја благословуваат; мажот нејзин исто така ја фали.“ Може ли господарката на домот да посака поголема пофалба од оваа?[6]

Ако (вистинската сопруга и мајка) бара од Бога сила и утеха и во Негова мудрост и страв настојува да ги изврши своите секојдневни должности, таа ќе го врзе сопругот за своето срце и ќе види како нејзините деца стануваат чесни мажи и жени, кои имаат морална сила да го следат примерот на својата мајка.[7]

Секое правилно воспитувано дете, чија внатрешност е украсена со кроток и мирен дух, подготвено за Небото и да свети во Господовите дворови, ќе биде голем поттик за вредната и оптоварена мајка.[8]

**Радоста на небото почнува во домот. –** Оддалеченоста меѓу небото и земјата денес не е поголема отколку во времето кога пастирите ја слушале ангелската песна. Небото и денес се грижи за човештвото со исто толку љубов како и тогаш кога обичните луѓе, зафатени со обични занимања сретнувале ангели среде бел ден и разговарале со небесните гласници по полињата и лозјата. За нас небото може да биде многу близу додека чекориме по патеките на своето секојдневие. Ангелите од небесните дворови ќе ги следат стапките на оние кои се покоруваат на Божјите заповеди.[9] 535

Животот на Земјата е почеток на животот на небото; воспитувањето добиено на Земјата започнува да нѐ подготвува да живееме според начелата на небото; нашиот живот овде нѐ подготвува за животниот повик таму. Она што сме сега тука, според карактерот и светата служба, е сигурен предвесник на она што ќе бидеме таму.[10]

Службата што ја извршуваме со искрено срце, носи голема награда. „Твојот Отец, кој гледа во тајност, ќе те награди јавно“ (Матеј 6,18). Карактерот се обликува со животот што го живееме благодарение на Христовата милост. Во душата почнува да се обновува првобитната убавина. Човекот ги прима обележјата на

Христовиот карактер и започнува да зрачи со она што е божествено. Лицата на мажите и на жените кои одат и работат со Бога отсјајуваат со небесен мир. Тие се опкружени со небесна атмосфера. За тие души почнало Божјето царство. Тие имаат Христова радост, радост што можат да бидат на благослов на човештвото. Тие ја имаат таа чест небесниот Учител да ги прими во својата служба; ним им е доверено да го извршуваат Неговото дело во Негово име.[11]

**Подготвени за Небото. –** Бог копнее да се исполни небесниот план – во секое семејство, во секоја црква и во секоја институција да владеат небесниот ред и хармонија. Кога оваа љубов ќе ги раздвижи срцата, во општеството ќе го видиме дејството на благородните начела во христијанското однесување, пројавување на христијанска срдечност и учтивост, како и христијанска љубов кон оние кои се откупени со Христовата крв. Духовната преобразба ќе се види во сите наши семејства, во секоја наша институција, во нашите цркви. Кога ќе настапи таа преобразба, домовите, институциите и црквите ќе станат орудие со кое Бог ќе се послужи со небесната светлина да го осветли светот и така, со божествен ред и воспитување, да ги оспособи мажите и жените за
536 небесното општество.[12]

**Награда во последниот голем ден. –** Во работата за своите деца фати се за моќната Божја рака. Во молитва довери ги своите деца на Господа. Работи за нив сериозно и неуморно. Бог ќе ги слушне твоите молитви и ќе ги привлече кон Себе. И тогаш, во оној последен голем ден, можеш да ги донесеш кај Бога велејќи: „Еве ме мене и децата што ми ги даде Господ“ (Исаија 8,18).[13]

Кога Самоил ќе го прими венецот на славата, тој ќе го подигне пред престолот во знак на почит и радосно ќе признае дека верните поуки на неговата мајка, со Христовата милост, го крунисале со бесмртна слава.[14]

Светот нема да го цени делото на мудрите родители, но кога судот ќе заседава и книгите ќе се отворат, нивното дело ќе се разоткрие пред луѓето и ангелите онака како што Бог го гледа. Тогаш ќе се види дека детето, водено на верниот пат, било светлина за светот. Градењето на карактерот на тоа дете чинело солзи,

грижи и непроспиени ноќи, но делото било извршено мудро и родителите ќе слушнат од Господа: „Добро е извршено“.[15]

**Достојни да влезат во дворот на небесниот Цар. –** Младите и децата нека научат за себе да си изберат царско руво, исткаено на небесниот разбој – „свила чиста и бела“ (Откровение 19,8), кое ќе го носат сите свети на Земјата. Ова руво, Христовиот неизвалкан карактер, бесплатно е понудено на секое човечко суштество. Но, сите кои го примаат, ќе го примат и ќе го носат уште тука.

Објаснете им на децата дека се облекуваат во прекрасното руво на Христовиот карактер кога се занимаваат со непорочни мисли, кои се вдахнати со љубов и кога прават полезни и љубезни дела. Таа облека ќе ги направи убави и омилени овде, а во вечноста ќе им даде право да влезат во палатата на Владетелот. Неговото ве- 537
тување гласи:

„Тие ќе одат со Мене во бела облека, бидејќи се достојни“ (Откровение 3,4).[16]

**Божествено добредојде за спасените. –** Видов голем број ангели кои од градот донесоа славни круни – по една за секој свет, на која беше запишано Неговото име. Кога Исус даде знак да се донесат круните, ангелите пристапија и со својата десна рака милиот Исус ги стави круните на главите на светиите. Потоа ангелите донесоа харфи, па и нив Исус им ги предаде на светите. Ангелите-водачи го дадоа почетниот тон, а тогаш сите гласови се подигнаа, слевајќи се во среќна фалбена песна. Секоја рака почна вешто да се движи по жиците на харфите, излевајќи прекрасна музика од богати и совршени тонови.

Тогаш видов како Исус ги поведе спасените свети до градските порти. Тој ја допре портата, ги разотвори нејзините блескави порти и народите кои ја одржале вистината ги покани да влезат. Совршената убавина на градот беше радост и уживање за очите. Градот го исполнуваше изобилна слава. Тогаш Исус погледна во своите свети откупени души. Нивните лица блескаа од слава. Кога ги погледна со своите очи полни со љубов, неговиот мелодичен глас ги изговори зборовите: „Го гледам трудот на својата душа и сум задоволен. Во оваа слава вечно ќе уживате. Дојде крај на вашите страдања. Смрт повеќе нема да има, ниту тага, ниту

плачење, повеќе нема да има болка". Видов како спасените се поклонија и своите сјајни круни ги ставија пред Исусовите нозе; а потоа, кога Неговата мила рака ги подигна, тие ги допреа своите златни харфи и го исполнија небото со чудесна музика и со песни за Јагнето...

538 Јазикот е премногу слаб за да го опише небото. И како глетката сè повеќе се развиваше пред мене, јас останав занемена. Понесена со ненадминливиот сјај и слава, го спуштив перото и извикав: „Ох, каква љубов! Колку чудесна љубов!" Највозвишениот јазик не е во состојба да ја опише славата на небото или неспо-
539 редливата длабочина на љубовта на Спасителот.[17]

---


1. Review and Herald, Nov. 17, 1896
2. Testimonies for the Church, Vol. 1, p. 403
3. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 144
4. Review and Herald, Aug. 30, 1881
5. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 131
6. Health Reformer, Dec., 1877
7. Signs of the Times, Nov. 29, 1877
8. Testimonies for the Church, Vol. 3, p. 566
9. Desire of Ages, p. 48
10. Education, p. 272
11. Desire of Ages, p. 312
12. Testimonies for the Church, Vol. 8, p. 140
13. Manuscript 114, 1903
14. Good Health, March, 1880
15. Signs of the Times, July 13, 1888
16. Education, p. 223
17. Early Writings, pp. 288, 289

# Животот во едемскиот дом

**Едем ќе биде обновен. –** Едемската градина останала на земјата уште долго по изгнанството на човекот од нејзините пријатни патеки. Паднатиот човечки род уште долго можел да го посматра родниот крај на својата безгрешност, чијшто влез сега го чувале ангели. Бог ја откривал својата слава пред вратата на рајот што ја чувале херувими. Тука Адам и неговите синови доаѓале да се молат на Бога. Тука тие ги обновувале своите завети дека ќе го почитуваат оној закон поради чијшто престап биле истерани од Едем. Кога светот бил преплавен со плима на беззаконие, и кога расипаноста на луѓето го запечатила нивното уништување со потоп, тогаш Едем го отстранила од земјата истата онаа рака која и го засадила. Но во конечното обновување, кога ќе бидат создадени „ново небо и нова земја" (Откровение 21,1), и тој повторно ќе биде воспоставен и уште почудесно украсен отколку што бил во почетокот.

Тогаш оние што ги држеле Божјите заповеди ќе уживаат под дрвото на животот и ќе имаат бесмртна сила; и низ бесконечните времиња на вечноста жителите на безгрешните светови, во таа градина на уживање и задоволство, ќе гледаат пример на совршеното дело на Божјето творештво, негибнато со проклетство на гревот - пример за она што можела да биде целата земја кога човекот би го прифатил величествениот план на својот Творец.[1]

Големиот план на откупувањето најпосле ќе се исполни и светот ќе се помири со Бога. Сѐ што било изубено поради гревот, ќе биде обновено. Освен човекот, и Земјата ќе биде откупена, за да стане вечно живеалиште на послушните. Шест илјади години сатаната се борел да ја задржи Земјата во своја власт. Конечно Бож- **540**

јата првобитна цел на создавање е исполнета. „Потоа, светите на Севишниот ќе го земат царството и ќе владеат со него во векови“ (Даниел 7,18).[2]

**Наследството на спасените. –** Божјата првобитна намера со создавањето на Земјата ќе се исполни кога таа ќе стане вечно престојувалиште на спасените. „Праведните ќе ја наследат Земјата и ќе живеат на неа довека“ (Псалм 37,9).Настапило времето кое светите луѓе желно го очекувале уште од оној ден кога првата брачна двојка со огнен меч била истерана од Едем – време за „наследство, за откупување на оние кои станаа Божја сопственост“ (Ефешаните 1,14). Земјата, која на почетокот му била дадена на човекот како негово царство, кое тој го предал во рацете на сатаната и кое силниот непријател толку цврсто го држел, му се враќа на човекот преку големиот план на откупувањето.[3]

Сè што изгубил првиот Адам, вториот ќе го обнови. Пророкот рекол: „И ти Стражарнице на стадата, Тврдино на Сионската Ќерка, пак ќе ти се врати тебе поранешната власт“ (Михеј 4,8).

Бог ја создал Земјата да биде престојувалиште на светите и среќни битија. Таа цел ќе биде исполнета кога Земјата, обновена со Божјата сила и ослободена од гревот и страдањето, ќе стане вечен дом на спасените.[4]

**Адам се враќа во Едемскиот дом. –** По истерувањето од Едем, животот на Адам на земјата бил исполнет со тага. Секој свенат лист, секоја принесена жртва, секое несовршенство во природата, која некогаш била толку убава, секоја дамка во човековиот карактер постојано го потсетувала на неговиот грев. Страшна била болката на каење кога видел како беззаконието се множи и кога на своите опомени како одговор добивал само префрлање дека тој го предизвикал гревот. Со трпелива понизност ја поднесу-
541 вал казната за својот престап речиси илјада години. Искрено се каел за својот грев и верувал во заслугите на ветениот Спасител и така умрел со надеж во воскресението. Божјиот Син го открил неговиот пад и сега Адам, преку делото на очистување, повторно ја добива својата прва власт.

Вон себе од радост, тој го набљудува дрвото кое некогаш му пружало радост – истото дрво од кое берел род во деновите на

својата невиност и среќа. Го видел лозјето кое го одгледувале неговите раце, истото цвеќе кое некогаш со љубов го негувал. Неговиот дух ја разбира сета реалност на сцената. Тој сфаќа дека ова е навистина обновениот Едем, само сега уште многу поубав отколку кога бил истеран од него. Спасителот го води кон дрвото на животот, одбира прекрасен плод и му нуди да јаде. Тој гледа околу себе и го гледа мноштвото од своето спасено семејство во Божјиот рај. Тогаш ја остава својата сјајна круна пред Исусовите нозе и фрлајќи се на Неговите гради, го прегрнува Откупителот. Тој зема во рацете златна харфа и на небесниот свод одекнува победоносната песна: „Достојно, достојно, достојно е Јагнето што е заклано и повторно живее!“ Адамовото семејство ја прифаќа мелодијата и, полагајќи ги своите круни пред нозете на Спасителот, сите се поклонуваат пред Него, оддавајќи Му слава.

Ова повторно соединување го набљудуваат ангелите кои плачеле кога Адам паднал и се радувале кога Исус по своето воскресение се вознел на небото, отворајќи излез од гробот на сите кои ќе веруваат во Него. Сега тие го гледаат довршено делото на спасение и ги соединуваат своите гласови во песна на благодарност.[5]

**Становите подготвени за земните патници. –** Од страв идното наследство да не изгледа премногу материјално, многумина симболично ги претставуваат токму оние вистини кои ни овозможуваат ова наследство да го сметаме за свој дом. Христос ги уверувал своите ученици дека Тој оди да им подготви станови во домот на својот Отец. Оние кои го прифаќаат учењето на Божјата реч нема да бидат во незнаење кога се во прашање небесните домови... Невозможно е со човечки јазик да се опише наградата наменета за праведните. Тоа ќе биде возможно само за оние кои ќе ги видат. Ниту еден ограничен ум не е во состојба да ја сфати славата на Божјиот рај. 542

Во Библијата наследството на спасените се нарекува татковина. Таму небесниот Пастир го води своето стадо на изворите на жива вода. Дрвото на живот го дава својот род секој месец, а лисјата од дрвото служат за здравје на народот. Таму има потоци кои вечно жуборат, бистри како кристал, на чии брегови лелеави дрва ја фрлаат својата сенка на патеките кои Господ ги подгот-

вил за откупените. Таму пространите рамнини продолжуваат во прекрасни ритчиња, а Божјите гори ги издигнуваат своите возвишени врвови. На оние тивки висорамнини, крај оние живи потоци, Божјиот народ кој толку долго бил патник и дојденец, ќе го најде својот дом.[6]

За земните патници и дојденци подготвени се домови. За праведните се подготвени облеки, со круни на славата и палми на победата. Во светот кој ќе дојде, ќе ни биде објаснето сè што нè збунувало во Божјето провидение. Ќе ни биде разјаснето она што ни било тешко да го разбереме. Пред нас ќе се откријат тајните на милоста. Таму каде што нашиот ограничен ум видел само збрка и неисполнети ветувања, ќе видиме само најсовршена и прекрасна хармонија. Тогаш ќе разбереме дека бесконечната љубов ги одредила искуствата кои ни се чинеле претешки. Кога ќе ја сфатиме нежната грижа од Оној кој прави сè да ни оди на добро, ќе се радуваме со силна и неискажана радост...

Ние сме на пат кон дома. Оној кој толку многу нè возљубил што умрел за нас, ни изградил град. Новиот Ерусалим е нашето место за одмор. Во Божјиот град нема да има тага. Никогаш по-
543 веќе нема да се слушнат воздишки и тага, ниту јадосување поради изневерените надежи и невозвратената љубов. Наскоро алиштата на тагата ќе ги замениме со свадбена облека. Наскоро ќе бидеме сведоци на крунисувањето на нашиот небесен Цар. Оние, чии животи биле сокриени во Христа, кои на оваа Земја воделе добра борба на верата, ќе зрачат со славата на Откупителот во Божјето царство.[7]

**Предноста на спасените. –** Небото е прекрасно место. Копнеам да бидам таму, да го видам мојот мил Исус, кој го дал својот живот за мене, за да бидам преобразена во Неговиот славен лик. О, колку би сакала да можам да ја опишам славата на светот кој ќе дојде! Јас сум жедна за водата од живите извори, кои се радост за градот на нашиот Бог.

Господ ми даде да ги видам останатите светови. Добив крилја и еден ангел ме поведе од градот до едно големо и славно место. Тревата на тоа место беше свежо зелена, а птиците црцореа слатка песна. Жителите на тоа место беа со различна висина, беа бла-

городни, величествени и многу мили. Тие го одразуваа Христовиот лик, а нивните лица зрачеа со света радост изразувајќи ја слободата и среќата на тоа место. Запрашав еден од нив зошто се поубави од жителите на Земјата. Одговорот гласеше: „Ние живеевме во целосна послушност на Божјите заповеди и не паднавме во непослушност како жителите на Земјата...“ Го замолив ангелот кој ме придружуваше да ми дозволи да останам на тоа место. Не можев да ја поднесам помислата да се вратам пак во тој мрачен свет. Ангелот ми рече: „Мораш да се вратиш. И ако останеш верна, ти, со 144.000 свети, ќе ја имаш привилегијата да ги посетуваш сите тие светови и да ги гледаш сите дела на Божјата рака“.[8] 544

**Обединетите небесни и земни семејства повторно заедно. –** Таму откупените „ќе сознаат целосно како и самите што се целосно познати“. Чувствата на љубов и сочувство, што ги всадил Бог во душата, таму ќе најдат своја најубава примена. Чистата врска со светите суштества, хармоничниот друштвен живот со возвишените ангели и со верните од сите времиња, кои своите облеки ги испрале и ги избелиле во крвта на Јагнето, светата врска, која меѓусебно го соединува „сиот род на небесата и на земјата“ (Ефешаните 3,15) - сето тоа придонесува за среќата на откупените.[9]

Спасените нема да познаваат никаков друг закон, освен небесниот закон. Облечени во облеката на прославувањето и благодарноста, сите ќе бидат едно среќно обединето семејство. Над таа сцена утринските ѕвезди ќе запеат и Божјите синови ќе воскликнуваат од радост, додека Бог и Христос ќе се обединат во објавувањето: „Грев повеќе нема да има, ниту смрт повеќе нема да има!“[10]

Од онаа сцена на небесна радост (при Христовото вознесение) до нас на Земјата ни се враќа ехото на Христовите зборови: „Се враќам кај својот Отец и вашиот Отец, кај својот Бог и кај вашиот Бог“ (Јован 20,17). Небесното и земното семејство се едно. Нашиот Господ се вознел за нас и Тој за нас ќе живее. „Затоа Тој и може за вечно да ги спаси оние што преку Него доаѓаат кон Бога, бидејќи е секогаш жив за да се моли за нив“ (Евреите 7,25).[11]

**Иако доцни, ветувањето е сигурно. –** Долго го чекавме враќањето на нашиот Спасител, но Неговото ветување е сигурно.

Наскоро ќе бидеме во својот ветен дом. Таму Исус ќе нè поведе покрај жива вода која тече од Божјиот престол и ќе ни ги објасни сите нејасни и мрачни моменти низ кои Тој нè водел на оваа
545 Земја за да го усоврши нашиот карактер. Таму со непоматен поглед ќе ги набљудуваме убавините на обновениот Едем. Ќе ги ставиме пред нозете на Откупителот круните што Тој ги ставил на нашите глави и свирејќи на златни харфи ќе го исполниме небото со слава кон Оној кој седи на престолот.[12]

Сето она што е убаво во нашите земни домови нека нè потсетува на кристалната река и зелените полиња, на лелеавите дрвја и живите извори, на светиот град и пејачите облечени во бели облеки, на нашиот небесен дом – тој свет на убавина, кој ниту еден уметник не може да го наслика, ниту еден смртен јазик не може да го опише. „Она што око не видело, уво не чуло, ниту на човек на ум му дошло, тоа Бог го приготвил за оние кои го љубат“ (1.
546 Коринканите 2,9).[13]

---

1. Patriarchs and Prophets, p. 62
2. Id., p. 342
3. Signs of the Times, Dec. 29, 1909
4. Review and Herald, Oct. 22, 1908
5. The Great Controversy, стр. 523, 524
6. Review and Herald, Oct. 22, 1908
7. Testimonies for the Church, Vol. 9, pp. 286, 287
8. Early Writings, pp. 39, 40
9. The Great Controversy, стр. 547
10. Prophets and Kings, pp. 732, 733
11. The Desire of Ages, p. 835
12. Testimonies for the Church, Vol. 8, p. 254
13. Review and Herald, July 11, 1882

# Опис на новата земја

**Прикажување на идната слава. –** Со Исус на чело, сите слеговме од градот на оваа Земја, застанавме на една голема и висока планина, која не можеше да го носи Исуса и затоа се раздвои и така се образува голема рамнина. Тогаш погледнавме нагоре и видовме голем град со дванаесет темели и дванаесет капии, по три на секоја страна, а на секоја капија по еден ангел. Сите воскликнавме: „Градот, големиот град иде, слегува од Бога, од небото!“ И градот се спушти на местото на кое стоевме. Тогаш почнавме да го набљудуваме она што се наоѓаше надвор од градот. Видов прекрасни куќи кои како да беа направени од сребро, потпрени на четири столба украсени со прекрасни бисери. Тоа беа живеалиштата на светите. Во секој дом се наоѓаше по една златна полица. Видов многу од светите како влегуваат во куќите, ги симнуваат своите сјајни круни и ги ставаат на полицата, потоа излегуваа во полето околу куќите и започнуваа да работат. Но не како што ние ја обработуваме земјата – не, не. Околу нивните глави светеше славна светлина и тие постојано воскликнуваа и го славеа Бога.

Потоа погледнав едно друго поле полно со најразновидни цвеќиња. Берејќи ги тие цветови, извикав: „Тие никогаш нема да овенат!“ Потоа видов ливада со висока трева, која имаше прекрасен изглед; тревата беше зелена и изгледаше како од сребро и злато додека гордо се нишаше во слава на Царот – Исус. Потоа влеговме во едно поле полно со животни, каде што сите заедно – лавот, јагнето, леопардот и волкот живееја во совршена заедница. Минавме крај нив, а тие мирољубиво нѐ набљудуваа. *547*

Потоа влеговме во една шума, која не беше темна како шумите на оваа Земја тука. Не, не! Шумата беше светла и блескаше во сета своја слава. Крошните на дрвјата се нишаа натаму-наваму, а

ние сите извикавме: „Ќе престојуваме безбедно во пустина и ќе спиеме во шума“.[1]

**Учење кое продолжува. –** Дали мислите дека таму ништо нема да учиме? Не можеме ниту да го насетиме она што ќе ни се открие. Со Христа ќе шетаме покрај живи води. Тој ќе ни ја открива убавината и славата на природата. Тој ќе ни открие што претставува Тој за нас и ние за Него. Тогаш ќе ни биде разоткриена вистината, која денес поради нашата ограниченост не можеме да ја сфатиме.[2]

Христијанското семејство треба да биде воспитна установа која ќе ги подготви децата да преминат во повисоката школа, која се наоѓа во небесните живеалишта.[3]

Помеѓу училиштето воспоставено во почетокот во Едем и училиштето во вечноста се протега историјата на овој свет – историја на човечките престапи и страдања, на Божествената жртва и победата над гревот и смртта.

Кога ќе биде вратен во Божја близина, човекот повторно ќе се поучува од Него, како што беше на почетокот: „Затоа Мојот народ ќе го познае името Мое; затоа ќе разбере во оној ден дека Јас сум истиот, кој вели: ,еве Ме!‘“ (Исаија 52,6)

Какво ли подрачје на истражување ќе се отвори тогаш пред
нас кога ќе биде отстранета завесата која сега го затемнува наши-
548 от видик, кога нашите очи ќе го здогледаат светот на убавината
кој сега само го нaѕираме микроскопски; кога ќе ја гледаме славата на небесата која сега оддалеку ја набљудуваме со телескоп; кога ќе биде отстрането злокобното влијание на гревот, кога целата Земја ќе се појави „во убавината на Господа, нашиот Бог!“[4]

**Напредок во небесното знаење. –** На откупените ќе им стојат на располагање сите богатства за истражување. Ослободени од смртноста, тие ќе се вивнат со неуморен лет во далечните светови – светови кои, гледајќи ги човечките јадови, биле обземени од болка, а пееле од радост при радосната вест за некоја спасена душа. Со неискажлива милина земните деца ќе се запознаат со радостите и со знаењето на оние суштества кои никогаш не паднале. Тие ќе земат учество во богатството на науката и знаењето што го стекнале овие суштества во текот на вековите проучувајќи

ги Божјите дела. Слободно ќе ја посматраат славата на создавањето – сонцата, ѕвездите и нивните системи, како сите по одреден ред кружат околу Божјиот престол. На сите дела, од најмалечкото до најголемото, е напишано името на Творецот и кај сите се гледа богатството на неговата сила.

Како годините на вечноста поминуваат, ќе донесуваат сè побогати и почудесни откритија за Бога и Христа. Со зголемувањето на знаењето ќе расте и нивната љубов, нивната стравопочит и среќа. Колку повеќе луѓето ќе знаат за Бога, сè посилно ќе му се восхитуваат на неговиот карактер[5]

**Општествен живот. –** Таму ќе знаеме сè, како што се знаеме себеси. Таму љубовта и сочувството, кои Бог ги всадил во душата, ќе го најдат својот најдобар и најубав израз. Непорочната заедница со светите суштества, хармоничните односи со блажените ангели и со верните од сите векови, светата врска која го поврзува „целиот род и на небото и на Земјата“ – тоа се едни од најслав- *549*
ните искуства што ќе ги стекнуваме во вечноста.[6]

**Работата во Новата земја. –** На Новата земја спасените ќе ги имаат оние занимања и задоволства кои на почетокот на Адам и Ева им носеле среќа. Повторно ќе се живее Едемскиот живот, живот во градина и во поле. „И тие ќе градат куќи и ќе живеат во нив; и ќе садат лозја и ќе го јадат нивниот род. Нема тие да градат, а други да се населуваат, нема да садат, а други да јадат, затоа што деновите на Мојот народ ќе бидат како деновите на дрвото, и на Моите избраници ќе им ги дадам нивните дела“ (Исаија 65,21.22).[7]

Секоја дарба ќе се развива, секоја способност ќе се зголемува. Таму ќе се преземаат највеличествени потфати, ќе се исполнуваат најблагородни стремежи, ќе се постигнуваат највисоките желби и сè уште ќе постојат нови цели да се постигнат, нови чуда кои ќе бидат предмет на восхитување, нови вистини да се сфатат, нови предмети да ги поттикнат силите на разумот, на душата и телото да се развиваат.[8]

**На прагот на исполнувањето. –** Ние живееме во најсвечените моменти од историјата на оваа земја. Повеќе нема време да се греши. Секогаш било опасно да се живее со престапот, а особе-

но во денешно време. Ние сме на самата граница на вечниот свет и затоа стоиме пред неа во посвечен однос кон времето и вечноста отколку кога било претходно. Сега секој нека го преиспитува своето срце и нека се моли светлите зраци на Сонцето на правдата да ја остранат сета духовна темнина и да ја исчистат од нечистотијата.[9]

За нас, кои стоиме на самиот праг на исполнувањето на нашите надежи, од колку големо значење е тој момент, колку е жив интересот за она што ни е откриено дека ќе дојде – настаните
550 кои Божјите деца ги очекувале, за кои копнееле и се молеле од моментот кога нашите прародители го напуштиле Едем!

Пријатели патници, ние сè уште се наоѓаме сред сенките и темнините на земните работи, но наскоро ќе се појави нашиот Спасител да ни донесе спасение и одмор. Да гледаме со вера на блажената иднина онака како што е прикажана со раката на нашиот Бог.[10]

**Повик на лична подготовка. –** Ве повикувам да се подготвите за доаѓањето на Христа на небесните облаци. Секој ден од своето срце отстранувајте ја љубовта кон светот. Преку лично искуство учете што значи да се биде во заедница со Христа. Подгответе се за судот, за кога Христос ќе дојде да може да го слават сите кои веруваат, а вие да се најдете меѓу оние кои ќе Го дочекаат во мир. Во тој ден спасените ќе светат во славата на Отецот и Синот. Ангелите, со златни харфи во рацете, ќе го дочекаат со добредојде Царот со Неговите трофеи на победата – оние кои се измиле и избелиле во крвта на Јагнето. Триумфална песна ќе го исполни небото и ќе се разнесе низ целата вселена. Христос победи. Тој влегува во небесните дворови, придружуван од своите спасени, сведоци дека Неговото дело на страдање и жртва не било напразно.[11]

---

1. Early Writings, pp. 17, 18
2. Counsels to Teachers, Parents, and Students, p. 162
3. Review and Herald, March 30, 1897
4. Education, pp. 267–269
5. The Great Controversy, стр. 550

6. Education, p. 271
7. Prophets and Kings, pp. 730, 731
8. Education, p. 272
9. Testimonies to Ministries, p. 147
10. Prophets and Kings, pp. 731, 732
11. Testimonies for the Church, Vol. 9, pp. 285, 286

# Содржина

Вовед ........ 5

Прв дел

**ПРЕКРАСЕН ДОМ**

*Прва ӣлава*

АТМОСФЕРАТА ВО ДОМОТ ........ 9

*Вѿора ӣлава*

ОСНОВИ НА СОЗДАВАЊЕТО НА ДОМОТ ........ 14

*Трећа ӣлава*

ЕДЕМСКИОТ ДОМ КАКО ПРИМЕР ........ 18

Втор дел

**СВЕТЛИНА ЗА БЛИЖНИТЕ**

*Чеѿврѿа ӣлава*

ДАЛЕКУСЕЖНОТО ВЛИЈАНИЕ НА ДОМОТ ........ 24

*Пеѿѿа ӣлава*

СИЛНО ХРИСТИЈАНСКО СВЕДОШТВО ........ 28

Трет дел

**ИЗБОР НА ЖИВОТЕН СОПАТНИК**

*Шесѿа ӣлава*

ЗНАЧАЈНА ОДЛУКА ........ 34

*Седма ӣлава*

ВИСТИНСКА ЉУБОВ ИЛИ ЗАСЛЕПЕНОСТ ........ 40

*Осма ӣлава*

ЧЕСТИ ПОСТАПКИ ВО ДОДВОРУВАЊЕТО ........ 45

*Девеѿѿа ӣлава*

ЗАБРАНЕТА ВЕНЧАВКА ........ 50

*Десеѿѿа ӣлава*

КОГА СОВЕТОТ Е ПОТРЕБЕН ........ 58

Четврти дел

## ШТО ГО УСЛОВУВА УСПЕХОТ ИЛИ НЕУСПЕХОТ

*Единаесетта глава*
ИЗБРЗАНИ, НЕЗРЕЛИ БРАКОВИ ................................ 64
*Дванаесетта глава*
ПРИЛАГОДЛИВОСТ ................................................ 67
*Тринаесетта глава*
ВОСПИТУВАЊЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО ......................... 70
*Четиринаесетта глава*
НЕОПХОДНО Е ВИСТИНСКО ОБРАТУВАЊЕ .......... 76

Петти дел

## ПО ВЕНЧАВКАТА

*Петнаесетта глава*
СВЕЧЕНИ ВЕТУВАЊА .............................................. 80
*Шеснаесетта глава*
СРЕЌНА, УСПЕШНА ЗАЕДНИЦА ............................... 85
*Седумнаесетта глава*
ЗАЕДНИЧКИ ОБВРСКИ ............................................ 93
*Осумнаесетта глава*
БРАЧНИ ДОЛЖНОСТИ И ПРЕДНОСТИ .................. 99

Шести дел

## НОВ ДОМ

*Деветнаесетта глава*
КАДЕ ДА ПРОНАЈДЕМЕ МЕСТО
ЗА СВОЈОТ ДОМ? .................................................. 109
*Дваесетта глава*
СЕМЕЈСТВОТО И ГРАДОТ ..................................... 112
*Дваесет и прва глава*
ПРЕДНОСТИТЕ НА ЖИВОТОТ НАДВОР
ОД ГРАДОТ ........................................................... 117
*Дваесет и втора глава*
ИЗГРАДБА И ОПРЕМУВАЊЕ НА ДОМОТ .............. 123

Седми дел
**ГОСПОДОВО НАСЛЕДСТВО**

*Дваесет и трета глава*
ДЕЦАТА КАКО БЛАГОСЛОВ ........................................ 132
*Дваесет и четврта глава*
ГОЛЕМИНА НА СЕМЕЈСТВОТО ........................................ 135
*Дваесет и петта глава*
ГРИЖА ЗА СИРАЧИЊАТА ........................................ 139
*Дваесет и шеста глава*
НАСЛЕДСТВО ОД РОДИТЕЛИТЕ ЗА ДЕЦАТА ....... 143

Осми дел
**СРЕЌНО СЕМЕЈСТВО**

*Дваесет и седма глава*
СВЕТ КРУГ ........................................ 148
*Дваесет и осма глава*
ПРВОТО УЧИЛИШТЕ ЗА ДЕЦАТА ........................................ 152
*Дваесет и деветта глава*
РАБОТА КОЈА НЕ МОЖЕ ДА СЕ ПРЕНЕСЕ
НА ДРУГ ........................................ 158
*Триесетта глава*
СЕМЕЈНА ПОВРЗАНОСТ ........................................ 161
*Триесет и прва глава*
СИГУРНОСТ ВО ЉУБОВТА ........................................ 165
*Триесет и втора глава*
НЕГУВАЈТЕ ЈА ГРАДИНАТА НА СРЦЕТО ................ 169
*Триесет и трета глава*
ВЕТУВАЊЕ ЗА БОЖЕСТВЕНО ВОДСТВО ................ 172

Деветти дел
**ТАТКОТО – ГЛАВА НА СЕМЕЈСТВОТО**

*Триесет и четврта глава*
ПОЛОЖБАТА И ОДГОВОРНОСТИТЕ
НА ТАТКОТО ........................................ 178

*Триесет и петта глава*
ЗАЕДНО НОСЕТЕ ГИ ТОВАРИТЕ .............................. 183
*Триесет и шеста глава*
ПРИЈАТЕЛ НА СВОИТЕ ДЕЦА .............................. 186
*Триесет и седма глава*
НЕПОЖЕЛНИ ЦРТИ КАЈ СОПРУГОТ .............................. 190

Десетти дел
**МАЈКАТА– КРАЛИЦА НА ДОМОТ**

*Триесет и осма глава*
ПОЛОЖБАТА НА МАЈКАТА И НЕЈЗИНИТЕ ОДГОВОРНОСТИ .............................. 196
*Триесет и деветта глава*
ВЛИЈАНИЕТО НА МАЈКАТА .............................. 204
*Четириесетта глава*
ПОГРЕШНИ СФАЌАЊА ЗА РАБОТАТА НА МАЈКАТА .............................. 208
*Четириесет и прва глава*
НЕСОВРШЕНИ ПРИМЕРИ .............................. 212
*Четириесет и втора глава*
ЗДРАВЈЕТО НА МАЈКАТА И НЕЈЗИНИОТ ЛИЧЕН ИЗГЛЕД .............................. 215
*Четириесет и трета глава*
ВЛИЈАНИЕТО ПРЕД РАЃАЊЕТО .............................. 219
*Четириесет и четврта глава*
НЕГАТА НА МАЛИТЕ ДЕЦА .............................. 224
*Четириесет и петта глава*
ВОСПИТУВАЊЕТО НА ДЕЦАТА Е ПРВАТА МАЈЧИНА ГРИЖА .............................. 227
*Четириесет и шеста глава*
МАЌЕА .............................. 232
*Четириесет и седма глава*
ХРИСТОС ГИ ОХРАБРУВА МАЈКИТЕ .............................. 235

Единаесетти дел

## ДЕЦАТА – МЛАДИ СОРАБОТНИЦИ

*Четириесет и осма глава*
КАКО НЕБОТО ГИ ЦЕНИ ДЕЦАТА .......................... 240
*Четириесет и деветта глава*
ПОМОШНИЦИ НА МАЈКАТА.............................. 243
*Педесетта глава*
ПОЧИТ КОН РОДИТЕЛИТЕ................................ 252
*Педесет и прва глава*
СОВЕТИ ЗА ДЕЦАТА............................................ 256

Дванаесетти дел

## НАЧЕЛА НА СЕМЕЈНИОТ ЖИВОТ

*Педесет и втора глава*
УПРАВУВАЊЕ СО ДОМОТ ...................................... 262
*Педесет и трета глава*
ОБЕДИНЕТИ НАПОРИ.............................................. 268
*Педесет и четврта глава*
ВЕРА ВО СЕМЕЈСТВОТО ........................................ 280
*Педесет и петта глава*
МОРАЛНИ НАЧЕЛА.................................................. 288
*Педесет и шеста глава*
РАЗВОД.......................................................................... 292
*Педесет и седма глава*
ОДНОС КОН НЕВЕРНИОТ БРАЧЕН ДРУГАР .......... 299
*Педесет и осма глава*
ПРОПОВЕДНИЧКО СЕМЕЈСТВО ............................ 303
*Педесет и деветта глава*
ОСТАРЕНИ РОДИТЕЛИ.............................................. 309

Тринаесетти дел

## УПОТРЕБА НА ПАРИТЕ

*Шеесетта глава*
БОЖЈИ ПОВЕРЕНИЦИ................................................ 314
*Шеесет и прва глава*
НАЧЕЛА НА СЕМЕЈНИТЕ ФИНАНСИИ.................. 318

*Шеесет и втора глава*
СПРОВЕДЕТЕ ГО ШТЕДЕЊЕТО .................................. 326
*Шеесет и трета глава*
УЧЕТЕ ГИ ДЕЦАТА КАКО ДА ЗАРАБОТУВААТ И КАКО ДА ГИ ТРОШАТ ПАРИТЕ .................................. 330
*Шеесет и четврта глава*
ЧЕСНОСТ ВО РАБОТАТА .................................. 335
*Шеесет и петта глава*
ПОДГОТОВКА ЗА ИДНИНАТА .................................. 339

Четиринаесети дел
**ДА СЕ ЧУВААТ ВЛЕЗОВИТЕ НА ДУШАТА**

*Шеесет и шеста глава*
ВРАТА КОЈА МОРАМЕ ДА ЈА ЧУВАМЕ .................................. 344
*Шеесет и седма глава*
ПРИВЛЕЧНИ ГЛЕТКИ И ЗВУЦИ .................................. 349
*Шеесет и осма глава*
ЧЕТИВОТО И НЕГОВОТО ВЛИЈАНИЕ .................................. 353

Петнаесети дел
**ВРЕДНОСТИ КОИ ГО КРАСАТ СЕМЕЈНИОТ ЖИВОТ**

*Шеесет и деветта глава*
УЧТИВОСТ И ЉУБЕЗНОСТ .................................. 362
*Седумдесетта глава*
ВЕДРО РАСПОЛОЖЕНИЕ .................................. 371
*Седумдесет и прва глава*
ДАР НА ЗБОРУВАЊЕ .................................. 375
*Седумдесет и втора глава*
ГОСТОПРИМСТВО .................................. 385

Шеснаесетти дел
**ДОМОТ И ОДНОСИТЕ ВО НЕГО**

*Седумдесет и трета глава*
НАШИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ ПОТРЕБИ .................................. 394
*Седумдесет и четврта глава*
ДОБРО И ЛОШО ДРУШТВО .................................. 398

*Седумдесет и петта глава*
ВОДСТВОТО НА РОДИТЕЛИТЕ ВО СОЦИЈАЛНИТЕ ОДНОСИ ........ 404

*Седумдесет и шеста глава*
ПРАЗНИЦИ И ГОДИШНИНИ ........ 410

*Седумдесет и седма глава*
БОЖИЌ ........ 415

*Седумдесет и осма глава*
СЕМЕЈСТВОТО КАКО ЕВАНГЕЛСКО ЈАДРО ........ 421

Седумнаесетти дел
**ОПУШТАЊЕ И ОДМОР**

*Седумдесет и деветта глава*
СУШТИНАТА НА ОДМОРОТ ........ 428

*Осумдесетта глава*
ШТО ДА СИ ИГРАМЕ? ........ 432

*Осумдесет и прва глава*
ОДМОР КОЈ НУДИ ТРАЈНО ЗАДОВОЛСТВО ........ 438

*Осумдесет и втора глава*
ЗА КАКОВ ОДМОР СЕ ОПРЕДЕЛУВА ХРИСТИЈАНИНОТ? ........ 443

*Осумдесет и трета глава*
ПРИМАМЛИВОСТА НА УЖИВАЊАТА ........ 451

*Осумдесет и четврта глава*
ПОУЧЕТЕ ГИ МЛАДИТЕ ЗА ВИСТИНСКАТА РАЗОНОДА ........ 456

Осумнаесетти дел
**ЌЕ ЈА ПРИМИШ СВОЈАТА НАГРАДА**

*Осумдесет и петта глава*
НАГРАДА И НА ЗЕМЈАТА И НА НЕБОТО ........ 461

*Осумдесет и шеста глава*
ЖИВОТ ВО ЕДЕМСКИОТ ДОМ ........ 468

*Осумдесет и седма глава*
ОПИС НА НОВАТА ЗЕМЈА ........ 474

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

37.018.1:27
27-45

ВАЈТ, Елена
Темели на среќниот дом / Елена Вајт ; [превела Весна Станковска]. - Скопје : Знаци на времето, 2019. - 485 стр. ; 21 см

Превод на делото: The adventist home / by Ellen G. White. - Преведено според: Темељи сретног дома. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-9989-659-95-9

а) Домашно воспитување - Христијанство
б) Брак и семејство - Христијанство

COBISS.MK-ID 110371338